УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

М-р Олга Мурџева - Шкариќ

# ОРГАНИЗИРАНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЛОВИТЕ УЛОГИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО СР МАКЕДОНИЈА

- Докторска дисертација -

Ментор: Проф. д-р Вера Смиљаниќ

Скопје, 1983 година

# С О Д Р Ж И Н А

страница

УВОД ---------------------------------------------- 1

I дел

ПОЛОВИТЕ УЛОГИ И НИВНОТО ПОТЕКЛО

Глава 1.ПОЛОВИТЕ УЛОГИ КАКО ОРГАНИЗИРАНИ СИСТЕМИ ПОВЕДЕНИЈА-10

Глава 2.ПОЛОВИ РАЗЛИКИ ВО ПСИХОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ И ПОВЕДЕНИЈА И НИВНО ПОТЕКЛО ------------------ 23

1.Полови разлики во психолошките карактеристики и поведенија ---------------------------- 23

2.Фактори кои влијаат врз јавувањето на половите разлики во психолошките карактеристики и поведенија- 25

2.1.Биолошки фактори ----------------------- 25

2.1.1.Диференцијација на половите во текот на еволуцијата на видовите (појава на полов диморфизам) ------------------------- 26

2.1.2.Аргументи што се наведуваат во прилог на биолошките фактори ------------------ 27

1.Докази од областа на генетиката ------ 27

2.Докази од ендокринологијата ------- 36

-влијание на хормоните врз поведенијата на единката ----------------------- 38

-мајчинството како биолошка предодреденост --------------------------- 39

-причини за појава на агресивни поведенија ---------------------------- 44

-влијание на андрогените хормони врз психосексуалното диференцирање ---- 56

3.Разлики меѓу машките и женските новороденчиња --------------------- 62

4.Слични поведенија меѓу машките (женските) единки кај различни животински видови-65

-машката доминација во поедини животински заедници ------------------ 66

5.Специфични активности на единките од определен пол во различни општества и култури ------------------------ 69

2.2.Различните активности на машките и женските единки како фактор во јавувањето на половите улоги ---------------------------------- 70

- марксистички сфаќања за поделбата на трудот и нејзиното влијание врз формирање на личноста и односите меѓу луѓето ----------------------------- 70

- постојат ли хиерархиеризирани односи во првобитните човечки заедници ---- 73
- поделбата на трудот и појавата на доминантната општествена положба на мажите ---- 75
- мајчинството и татковството како вид полови улоги ---- 87

2.3. Влијание на социјалните фактори врз половите разлики во психолошките карактеристики ---- 105

Глава 3. ПСИХОЛОШКИ ТЕОРИИ ЗА ПОТЕКЛОТО И РАЗВИТОКОТ НА ПОЛОВИТЕ УЛОГИ ВО ТЕКОТ НА ОНТОГЕНЕЗАТА ---- 110

1. Психоаналитичко објаснување на половите улоги и машката доминација ---- 112
- гиноцентрично објаснување на половите улоги и машката доминација ---- 115
2. Теории на социјалното учење ---- 120
2.1. Учење преку поткрепување и различна социјализација ---- 122
2.2. Имитација и идентификација ---- 124
2.3. Улогата на моделирањето во развитокот на полово типизираните поведенија ---- 137
3. Когнитивно-развојна теорија за половите улоги ---- 146
3.1. Дополнување и поправки на колберговата когнитивистичка теорија за половите улоги ---- 160
3.2. Развиток на способноста за земање на улогата на другиот и на социјалната децентрација ---- 172

Глава 4. ТЕОРИСКА ОСНОВА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЕДНАКВОСТ НА ПОЛОВИТЕ ---- 190

1. Односот меѓу женското и класното прашање ---- 191
2. Историско потекло на половите улоги и нивниот развој во процесот на хуманата онтогенеза ---- 197
3. Ослободување од "женскоста" или нејзино остварување ---- 208

# II дел

## ПОЛОВИТЕ УЛОГИ ВО МАКЕДОНИЈА


Увод ———— 218

Глава 1.ПОЛОВИТЕ УЛОГИ ВО МИНАТОТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД 220

1.Односите меѓу половите изразени во македонските народни песни и обичаи ———— 220

2.Мајчинството и татковството во македонските народни песни и обичаи ———— 229

Глава 2.ПОЛОВИТЕ УЛОГИ ВО СР МАКЕДОНИЈА ———— 239

1.Досегашни испитувања на односите меѓу половите во СР Македонија ———— 239

2.Половите улоги кај децата од предучилишна возраст во СР Македонија ———— 246

2.1.Детските сфаќања за семејството и за родителството ———— 248

2.2.Полов идентитет и негова стабилност и константност кај предучилишните деца и нивните сфаќања и преференции на половите улоги —— 265

2.2.1.Критериуми за разграничување на половиот идентитет ———— 269

2.2.2.Стабилност и константност на половиот идентитет кај предучилишните деца —— 277

2.2.3.Детските сфаќања за половите улоги —— 292

2.2.4.Преференции на активности, предмети и лица кај момчињата и девојчињата од 5-7 години ———— 297

2.3.Како (не)организирано се влијае врз вообликувањето на традиционалните полови улоги околу нас ———— 314

2.3.1.Влијание на продавачките на играчки врз вообликувањето на традиционалните полови улоги кај децата ———— 316

2.3.2.Машките и женските ликови во сликовниците на македонски јазик ———— 320

## III дел

## ОРГАНИЗИРАНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЛОВИТЕ УЛОГИ

Увод ——— 327

1.Културно-историско потекло на половите улоги ——— 328
2.Кон суштината на родителството ——— 334
3.Намалување на агресивноста ——— 341
4.Поинакви полови улоги преку процесите на моделирање,поткрепување и самосоцијализација ——— 347
5.Полова децентрација преку игрите на улоги ——— 362

ЗАКЛУЧОЦИ ——— 371

ЛИТЕРАТУРА ——— 375

ПРИЛОЗИ ——— 387

# У В О Д

Во последнава деценија предмет на научни истражувања се повеќе се односите меѓу половите. Се забележуваат приоди од аспектите на повеќе научни дисциплини, преку најразлични научни методи, а со исти основни цели: да се дојде до научната вистина за природата на двата пола од човечкиот вид и односите меѓу нив, како и да се изнајдат поефикасни начини за остварување на рамноправни и хумани односи меѓу половите.

Нерамноправната положба на жената во односите со мажот, констатирана во бројни истражувања во различни минати и современи култури, во голема мера е предизвикана од нерамноправниот развиток во светот. При тоа се забележува дека радикални промени во подобрувањето на положбата на жената можат да се постигнат само ако организирано се дејствува на меѓународен план и тоа преку воведување нов меѓународен економски систем. Се забележува дека положбата на жената е во тесна зависност од постоечките економски, социјални и културни услови во секое општество и во светот како целина. А токму тие треба да се променат коренито за да биде, меѓу другото, можно и остварувањето рамноправност во односите меѓу половите.

Друго сознание што избива од досегашните истражувања е дека општествено-економскиот развиток сам по себе не носи повисок степен на рамноправност во односите меѓу половите. Дури понекаде таквиот развиток доведе и до поголем јаз во односите меѓу мажот и жената. Има примери во некои неразвиени општества жените да заземаат повисока општествена положба од мажите или еднаква со нив. Последново укажува на потребата општествената положба на жената да се определува, пред сè, во односот на положбата на мажот во конкретната општествена заедница во која живеат, а не според достигнатиот степен на развиток во глобалното општество.

Иако материјалната независност е неопходна претпоставка за постигнување општествена рамноправност меѓу половите, таа сама по себе не значи исцела еманципација на жената, ниту остварување рамноправни односи меѓу половите. Се случува жената да биде значаен директен производител на материјални богатства, а нејзината општествена положба да остане потчинета на мажот. Доста е раширена и појавата основната мотивација за вработување на жената

да е обезбедувањето дополнителен доход за семејството.Последново најчесто,во својата суштина,значи дека жената интимно во себе, како своја примарна улога,ја носи онаа на домаќинка и мајка,па според тоа и нејзините сфаќања во својот корен одат во прилог на традиционалните односи меѓу половите.

Може да се забележи дека во нашата самоуправна стварност процесите на ослободување на жената заостануваат зад вистинските материјални можности.Имено,постојните општествено-економски услови овозможуваат да се направат покоренити и покрупни чекори во правецот на менување на општествената положба на жената.

Воведувањето различни технолошки средства во домаќинството не ја подобрува автоматски положбата на жената како ни појавата на готови и полуготови прехранбени производи. Истражувањата во повеќе земји покажуваат дека намаленото работно време со употребата на современи апарати во домаќинството се неутрализира бидејќи постојат зголемувања на потребите на истото и во количество и во квалитет.Создадениот технолошки потенцијал не е правилно искористен за овозможување развиток на порамноправни односи бидејќи паралелно со него не беа направени и структурални општествени промени на планот на поинаква поставеност на семејството спрема општеството.Имено,недоволно се работеше врз поопштествување на семејните функции.Создавањето услови за општествено организирани начини за задоволување на голем број потреби на членовите од семејството (исхрана,перење,воспитување на децата и слично) започна кај нас по ослободувањето,но не се развиваше со темпото како што беше потребно и во рамките на вистинските економски можности.

Во поглед на постојната поделба на трудот меѓу мажот и жената,истражувањата покажуваат незнатно влијание на биолошките фактори.Постоењето на извесни професии што се сметаат погодни за жените(образованието,здравството,трговијата,некои занаетчиски и услужни дејности) [1] делумно се должи на традицио-

1)Според податоците од 1976 година,прегледот на некои занимања во кои се претежно жени изгледа вака:преработувачи на текстил 86,5%; производители на текстил 66,2%;стручњаци по медицински науки 70,3%;работнички за одржување на хигиената 6[illegible],9%;преработувачки на хартија 53,9%;угостителство 48,8%;наставен персонал 46,[illegible]%; административни работници 45,8%;работници во сметководство и благајнички работи 45,1% (Некои идејни-политички прашања од општествено-економската положба,учеството и активноста на жените на СРМ,1981,табела бр. 3).

налните сфаќања,но многу повеќе тие се одраз на вистинската положба во која се наоѓа вработената жена денес.Имено,двојните работни обврски на вработената жена - дома и на работното место - придонесуваат женската младина да ги бира оние училишта и професии што најлесно ќе се усогласат со обврските на мајка и домаќинка.

Податоците од бројните истражувања во светот во поглед на вкупната должина на работното време и распределбата на работните обврски,како и во поглед на употребата на слободното време,укажуваат на постоење нерамноправна поделба на обврските во семејството и домаќинството на штета на жената.Ова негативно се одразува врз нејзиниот личен,професионален и општествен развиток.Но тоа не значи дека обврските околу семејството и домаќинството треба да ги извршуваат само мажот и жената по пат на меѓусебно договарање и споделување.Потребни се промени во поширокиte општествени односи.Денешната поделба на трудот е составен дел од структурираната и функционалната организираност на општеството и длабоко е вкоренета во ставовите што ги имаат луѓето кон неа.Според тоа,потребни се структурални промени во организираноста на трудот во самото општество.

Извесни истражувања во други земји (Велика Британија и Н.Р.Унгарија) [1] покажуваат дека во колку образовниот и професионалниот статус на мажот е повисок,традиционалната поделба на трудот во рамките на семејството е помалку застапена.Исто така, во колку жените се повеќе образовани и економски независни од мажот,во толку поделбата на активностите во рамките на семејството и домаќинството меѓу мажот и жената има тенденција да биде порамноправна.

Погорните истражувања не водат кон разгледување на уделот на образованието во остварувањето рамноправни односи меѓу половите.Вистина е дека образованата жена има поголеми познавања и повисоко ниво на свест за потреба од промена на положбата на жената.Но ако таа не биде непосредно вклучена во самоуправноздружениот труд со сите права што му припаѓаат на работниот

1)Податоците што се наведуваат во текстот во врска со извесни состојби на односите меѓу мажот и жената и нивната положба во другите земји се земени од "Преглед одабраних докумената Организације уједињених нација у декади ОУН за жене 1976-1985:Равноправност,развој и мир",1980.

човек,и ако бидува наградена само за вложениот труд во семејството и домаќинството (како што предлагаат некои во светот и кај нас) тогаш таа не ќе може исцело да се оствари себе си и своите потреби бидејќи ќе остане без реална општествена моќ на дејствување врз планирањето на општествено-економскиот развиток и промена на општествените односи во целина.Вакво сфаќање битно не се разликува од она на Аристотел за положбата на жената во општеството (ојкос)

Дали фактот што во некои земји има повеќе високо образовани жени од мажи (СР.Бугарија,Д.Р.Германија,С.Р.Полска, СССР) влијае врз развивање порамноправни односи меѓу половите? Дали тоа што и во СР Македонија процентот на жените со високо и више образование сѐ повеќе се приближува до оној на мажите битно придонесува за побрзо остварување рамноправни односи меѓу нив во сите домени?

Одговорот на погорните прашања ќе биде олеснет ако го поврземе со учеството и застапеноста на жените во раководните органи .Колку и во кои области жените најмногу учествуваат во процесот на планирањето?

Во еден документ изработен од Организацијата на обединетите нации се констатира дека "кадровскиот механизам воглавном е завладеан од мажите и е машки ориентиран,според потребите што тие ги утврдуваат".Во истиот тој документ се нагласува дека жените успеале да навлезат во планирањето во областите од хуманитарните и социјалните дејности (всушност таму каде тие се и повеќе вработени),а дека помалку ги има во планирањето на економските сфери во развитокот како и во производно-техничките области.

За бројчената застапеност на жените во самоуправните органи кај нас,за живото учество во процесот на самоуправувањето во институциите на делегатскиот систем,раководствата во општествено-политичките организации,многу лесно можат да се добијат податоци преку различни статистички средени материјали. За тоа уште подиректно говорат извештаите од работата на овие органи со помош на телевизиските камери.Многу потешко е да се разберат причините за незнатното учество на жените во општествено-политичкиот живот.

Извесни проблеми што се од пресудно значење за промена на положбата на жената можеби не се ставени во целите за развиток само заради тоа што не се согледани или не се добро

образложени како примарно значајни за општиот општествено-економски развиток.Денес станува очигледно дека сè дури во планирањето учествуваат повеќе мажите,тие во него ќе ги зацртуваат воглавном остварувањата на оние потреби што мажите ги чувствуваат и ги согледуваат.Оттука произлегува потребата,од една страна бројот на жените што се во раководните општествено-политички органи да биде сразмерен на бројот на мажите,а од друга страна и еманципација на мажите подеднакво како и за жените.

Ќе се задржиме овде и на толку често истакнуваните "еднакви" уставни и законски права за мажите и за жените кај нас.Дали според нашиот правен систем мажите и жените се со исти права во сите домени?

За ова кај нас постоеја живи и полемички дискусии и дејствувања во правецот на менување на некои законски решенија.До неодамна кај законодавните органи,претежно составени од делегати-мажи,широко беше распространета појавата,што едновремено се сметаше и напредна,жените да "уживаат" посебна уставна и законска заштита.Ова е видливо особено во сфаќањата за нејзината незаменлива мајчинска улога во раното детство при што уставотворецот и законодавецот стануваа сè "подарежливи" давајќи им на жените што подолго платено отсуство заради нега на малото дете. Се заборава дека на ваков начин жената подолго се исклучува од виталните општествено-економски процеси станувајќи привезок на приватната сфера.Иако намерата на уставната и законодавната регулатива дејствува навидум како хумана,таа всушност продуцира негативни ефекти врз воспитувањето и развитокот на рамноправни односи меѓу половите задржувајќи ја жената и натаму во подредена положба во однос на мажот.Оттука сметаме дека е неопходна промена на некои уставни и законски решенија во правецот на изедначување на законските права и обврски на мажите и жените.Многу е пооправдано да постојат закони за заштита на работниот човек и граѓанин,независно од неговиот пол и закони со кои ќе се регулираат правањата за позабрзано поопштествување на различните семејни функции.

И покрај тоа што постоењето на еднакви законски права и обврски за припадниците од двата пола се неопходни,како и подеднакво образование и економска независност при услови на општ општествено-економски развиток,сепак тие сами по себе не се

доволни за исцело остварување на рамноправни односи меѓу нив;ето. Неопходно е да се дејствува едновремено врз создавање поинаква свест кај поединците како во изградбата на сопствениот идентитет така и во меѓучовечките односи. Првиот значаен чекор кон остварување рамноправни односи е создавањето свест и потреба од рамноправни односи и развивање на содржините што во себе треба да ги содржи поимот рамноправност.

Постои убедувањето дека заостанатата идејна свест се должи на определени општествено-економски односи и дека таа може да се измени преку менување на тие односи. При тоа се заборава дека постојната идејна свест создава нова нееднаквост. Како инаку да се објасни сеуште нагласениот расцеп меѓу приватниот и јавниот живот, отсуството на жените од процесот на управувањето и планирањето, бавноста во поопштествувањето на семејните функции, репродукцијата на традиционалните полови улоги во средствата за јавна комуникација и оние за воспитание на младите генерации. Не треба да се заборави дека човекот по својата природа е општествено битие и заради тоа општествено-економските услови на живеење битно влијаат врз неговото формирање, но и дека едновремено тој е активен и моќен фактор што може плански да дејствува врз тие услови.

Од досега изложеното очигледно е дека односите меѓу половите се сложен процес, зависен од повеќе фактори и во постојано менување. Ова укажува дека при организираното влијание врз половите улоги треба да се пријде од повеќе страни, од аспектот на сознанијата во повеќе научни области и преку здружување на голем број научни, стручни и лица од практиката.

Погоре изнесените сознанија, од друга страна, во никој случај не ја намалуваат потребата од продлабочени истражувања во секој од овие и други домени и тоа во различните средини во светот. Напротив, тие тоа го нагласуваат.

Досегашните истражувања во областа на односите меѓу половите најчесто само ги опишуваат или ги констатираат постојните состојби, а недостасуваат согледувања на причините и укажувања на начините за надминување на тие состојби. Затоа во последно време сè повеќе се нагласува потребата од истражувања кои ќе придонесат во согледувањето на можностите за планско и систематско влијание врз промената на односите меѓу половите. Токму од овие

причини потребни се и истражувања што ќе ги расветлат условите и механизмите кои придонесуваат да се формираат посебни полови улоги и психолошки особености кај припадниците од двата пола. Во тој правец пред нас се отвори како мошне значаен проблемот за изнаоѓање можности за организирано влијание врз формирањето и менувањето на односите меѓу половите почнувајќи од најраното детство.

Овде засега ќе се задржиме на прашањето што ние подразбираме под "организирано влијание" и зошто го одбравме токму најраното детство како возраст во која треба да почне да се влијае организирано врз промената на половите улоги.

Под организирано влијание врз развитокот во определена област подразбираме свесно и планско чекорење кон однапред зацртана цел, при што начинот и средствата се значаен момент. Во нашиот случај во поглед на организираното влијание врз половите улоги во организациите на здружен труд за предучилишно воспитание и образование на децата во СР Македонија сметаме дека треба да се даде одговор на прашањата кон какви полови улоги да се стремиме и кој и на каков начин да повлијае општествено организираното предучилишно воспитание и образование да излезе од досегашната состојба на репродукција на традиционалнии полови улоги.

Зошто ги избравме предучилишните институции како места во кои треба да се започне со влијанието врз половите улоги плански?

Пред се заради фактот што предучилишните институции кај нас претставуваат општествено организирано воспитание и образование и се основата за натамошниот и единствениот воспитно-образовен систем. Тие, меѓу другото, и постојат за да свесно и плански се влијае врз севкупниот детски развиток.

Понатаму, сметаме дека врз половите улоги треба да се влијае уште во нивниот зародиш т.е. уште во самиот почеток да се формираат никулци кои ќе бидат поблизу до можностите за остварување рамноправни односи меѓу половите. А ова е можно преку обмислено влијание уште во детските јасли.

Бидејќи во првите години од животот децата се сретнуваат во семејството со многу понагласена традиционална поделба на половите улоги отколку подоцна, а тогаш и се сретнуваат со првите модели со кои се идентификуваат, значајно е што е можно порано децата да се соочат со поинаква поделба на трудот околу

подигнувањето на младите генерации.Со други зборови,бидејќи е посложено (што не значи и дека не треба или дека само заради тоа) да се започне со организирано влијание врз промената на традиционалниот вкоренет вид мајчинство и татковство во рамките на семејството,неопходно е тоа плански да се прави во предучилишните институции кои се дел од процесот на поопштествување на родителските улоги.

Уште повеќе.Бидејќи предучилишните институции се колектив од деца и возрасни (воспитувачи - родители - стручни лица и други),очигледно е дека тие се место каде едновремено може да се влијае врз формирањето на половите улоги кај децата како и на создавањето свест кај различните возрасни лица што се грижат за децата за поинакви содржини и начини на кои ќе се придонесе за развивање вистински рамноправни односи меѓу половите како во нив самите и нивните меѓусебни односи,така и на планот на систематското влијание врз половите улоги кај децата.

Иако предметот на истражувањето го ограничивме на можностите за организирано влијание врз половите улоги во предучилишниот период,сепак тоа не ја намали сложеноста на проблемот. Издвоивме три посебни целини како предмет на научна обработка: 1)расветлување на теориските рамки на досегашните сознанија за половите улоги;2)откривање на половите улоги во минатото на македонскиот народ како и на оние на предучилишните деца во СР Македонија денес и 3)укажување на можни приоди за организирано влијание врз формирањето порамноправни односи меѓу половите.Според тоа, истражувањето има за цел решавање како на определени теориски прашања така и изнаоѓање начини за практично решавање на проблемот на рамноправноста во односите меѓу половите.

Самиот наслов,можеби,повеќе насочува кон конкретно преземање дејствија за менување на определени состојби во половите улоги кај предучилишните деца.Но овде укажуваме дека за да се пријде кон планско остварување на однапред зацртани цели,како во нашиот случај рамноправни односи меѓу половите,потребно е најпрвин да се согледа самата природа на односите меѓу половите,нивните корени како и сегашните односи.Свеста,како за состојбите и причините што довеле до нив така и за целта и начините преку кои ќе се дојде до рамноправноста,е првиот чекор без кој не е можно какво било организирано дејствување.Значи,основните прашања на

кои ќе се потрудиме да дадиме одговор се:какви полови улоги и на кој начин до нив гледано од аспектот на минатото,сегашноста и иднината.

# I ДЕЛ

# ПОЛОВИТЕ УЛОГИ И НИВНОТО ПОТЕКЛО

Глава 1.ПОЛОВИТЕ УЛОГИ КАКО ОРГАНИЗИРАНИ СИСТЕМИ НА ПОВЕДЕНИЈА

Во секојдневниот говор често се употребува изразот "улога".Во македонскиот јазик тој има неколку вообичаени значења што се забележуваат и во други јазици:

-најчесто под "улога" се подразбира личност претставена од некој глумец во некое театарско или филмско дело. На ова значење се надоврзува и значењето според кое улогата е сфатена како маска,а последново во секојдневната комуникација се изразува преку зборовите:"Тој не е тоа,само игра улога".На ваков начин се кажува дека определено лице сака себе да се прикаже во поинакво светло,"се преправа" дека е поинаков;

-во друга прилика,кога некој се чувствува недоволно разбран,вели:"Земи ја ти мојата улога,па ќе сфатиш!" или "Стави се ти на моето место!" или "Влези под мојата кожа!";

-ако некој не си го знае местото во односите со другите во една група,или сака да има поинаква општествена положба од она што ја зафаќа,му се вели:"Си ги помешал улогите!".Во ваков случај лицето не си ја знае својата улога во општеството(на пример,тој е лекар а игра улога на учител).

Како еден вид посебни,специфични социјални улоги се сфатени "машките" и "женските" улоги.Последниве два термина се употребуваат во секојдневната комуникација.Самиот пак термин "полови улоги" 1),со кој едновремено се опфатени и машките и женските улоги,не се употребува во секојдневната комуникација.Причините за ова можат да бидат во вкоренетото мислење од давнина дека машките и женските улоги се строго издвоени заради своите специфичности и ~~од тие причини~~ не можат да бидат опфатени во една поопшта заедничка категорија со заеднички термин.Во последниве години,во рамките на акцијата и написите околу прашањето за хуманизација на односите меѓу половите и под влијание на зачестените истражувања во други земји и кај нас сè повеќе почнува да се

1)Терминот "полови улоги" го употребуваме во множина заради тоа што во себе ги подразбира и машките и женските улоги,но и заради тоа што и самите машки и женски улоги ги има повеќе.

употребува терминот "полова улога" 2).

Во барањето на содржинските определби на терминот "полови улоги"тргнуваме од сфаќањата што постојат за терминот "улога" како поопшт поим во кој треба да се содржат и основните значења за половите улоги.Во целина на општествените науки може да се согледа согласност според која проучувањето на улогите може да се смести меѓу психологијата и социологијата како научни дисциплини.Од тие причини посебно се проучувани во социјалната психологија.

Меѓу бројните автори кои го употребуваат изразот "улога" не постои согласност во определувањето што тие под него подразбираат.При определувањето на поимот "полови улоги", онака како што ние го подразбираме во нашето изложување,а што овозможува и операционализација во истражувачката постапка,како битни ги издвоивме следниве нивои на анализа на половите улоги: 1)половите улоги на ниво на групата,сфатени како вид социјални улоги; 2)полови улоги на интерсубјективно ниво,сфатени како интеракција меѓу машки и женски единки и 3)полови улоги на ниво на личност,сфатени како составен дел на личноста.

1)На ниво на групата улогата може да се определи како модел на однесување што се очекува да го практикуваат лицата кои заземаат одредена положба.Рот (1972) улогата и ја дефинира како очекувано поведение врзано за определен статус (стр. 101),односно како очекувано и карактеристично поведение на лицата кои заземаат определена положба (стр.151).При тоа за самата положба истиот автор вели дека претставува "место во определен социјален систем што се состои во извршување определени активности или во извршување на определени функции и во исполнување на определени задачи,а со кои се врзуваат определени облици на поведение"(стр.150).

1)Зголеменот интерес за истражување на половите улоги се чувствува во целата наша земја меѓу психолозите и социолозите.Дека "половите улоги" претставуваат и во нашата психолошка јавност нов талас на интересирање сведочат,на пример,деветнаесетте соопштенија во посебната секција наречена "Улогата на полот" што мошне живо работеше на VII конгрес на психолозите на Југославија во јуни 1981,организирана,постојано поттикнувана и раководена од В.Смиљаниќ.

Хавелка (1980) истакнува дека поимот"положба" е логичко средство кое овозможува на сликовит и метафоричен начин да се прикаже системот на социјални односи како просторна структура.Положбата,според истиот автор,претставува повеќе или помалку јасно ограничен "простор" во поглед на одлучувањето,извршните дејности,попратните активности и емоционалните експресии(стр.145). Самата пак улога тој ја дефинира како вршење на определени задачи во рамките на поделбата на групните дејности и истакнува дека улогите меѓу себе се поврзани во целина и ја одразуваат оперативната структура на групата(стр.147).

Значи,од лицата што се наоѓаат на одредена општествена положба и во одредена ситуација се очекуваат и одредени видови поведенија.Со други зборови,активностите,поведенијата на членовите во општеството како целина или во поедини групи се познати однапред и се очекува да ги изведува лицето што зазема определена општествена положба.На таков начин е можно,од една страна,усогласување на активностите меѓу членовите во тоа општество,а од друга страна,на поединецот му се овозможува полесно да се прилагоди во различни ситуации бидејќи знае какво поведение се очекува од него.

Ако се тргне од погоре реченото,половите улоги можат да се дефинираат како поведенија во улоги кои претпоставуваат интеракција меѓу единки од различен пол и претставуваат очекувани и карактеристични поведенија за лицата од даден пол.

Можеби тука е неопходно да се направи разграничување меѓу социолошките и психолошките дефиниции на социјализацијата како поим,а исто така и меѓу терминот "положба" и терминот "статус" кои во литературата не се употребени секогаш еднозначно од различни автори.

Во секое општество или група постојат определени функции и очекувани поведенија од поединците кои заземаат одредена положба.За терминот "положба" може да се рече дека е повеќе социолошки поим,структуралистички,бидејќи укажува на општествената организација и на местото на поединецот во неа.Како таков тој повеќе се приближува до функционалистичкото сфаќање на улогите и воопшто на социјализацијата како таква.Имено,феномените на социјализацијата можат да се сфатат како прогресивно усвојување на социјалните улоги,но во таков случај нашата опре-

делба е функционалистичка бидејќи се однесува само на усвојувањето на оние поведенија што се важни за одржувањето на организацијата на даденото општество.Положбата како термин можеби повеќе одговара во изложувањата во кои самата социјализација,пред сè, е определена социолошки и антрополошки,односно како што вели Рот(1972) "социологот ја третира социјализацијата како усвојување на поведенијата што се во согласност со положбата во групата, како стекнување на улоги,т.е. навики и ставови кои овозможуваат човекот да изведува задачи што општеството ги очекува од него. Го интересира развитокот,пред сè,на модалната личност карактеристична за определено општество"(стр.73).

Терминот "статус",за разлика од "положба",може да се сфати повеќе како социјално-психолошки поим бидејќи означува вреднувана положба.Уште повеќе од ова:статусот на поединецот во групата е определен едновремено како од положбата што ја зазема во општеството или групата,така и од неговите лични карактеристики.Според тоа,поимот "статус" повеќе би можел да се употребува во рамките на психолошките дефиниции на социјализацијата сфатена "како процес по пат на кој човечката единка од биолошко битие се трансформира во личност,т.е. биосоцијална единка со определени, за неа карактеристични особини и научени поведенија" (Рот,1972, стр.72).

Значи,во социолошко-антрополошките дефиниции социјализацијата е определена како процес преку кој единката учи да се однесува како останатите членови од општеството за да биде прифатена од нив и за да може општеството да функционира како такво.Во психолошките дефиниции како такви нагласката е ставена на формирањето на специфична личност.

Како посебен вид социјализација може да се издвои и воспитно-образовниот процес што систематски,плански и организирано се одвива во рамките на семејството,предучилишните, училишните и други организации (Хавелка,1972).Во овој случај постои извесен прокламиран модален тип на личност кон кој се стремиме во воспитнообразовниот процес,а кој е определен во зависност од идеолошко-политичката концепција што доминира во тоа општество. Остварувањето на прокламираниот моделен тип на личност,зацртан како таков во воспитнообразовните цели,е во тесна зависност од реалниот процес на формирање на личноста и од објективните општествени моменти (Хавелка,1972).

Улогите воопшто можат да се изразуваат и да се наблудуваат низ конкретните активности на лицата т.е. преку нивните поведенија во улоги.Поведенијата во улога субјектот ги засновува на модел што може да постои во самата социјална реалност, а истиот субјектот може да го измисли како комбинација од повеќе поведенија.

Значи,поведението во улога претставува целина од различни изолирани акции кои собрани заедно добиваат заедничко значење.Така на пример,улогата"мајка" подразбира во себе повеќе различни активности што ги прави една жена во односот кон детето.Според тоа,улогата"мајка" не може да се наблудува директно (ниту која било улога може истото) бидејќи улогата ја сочинува збир од апстрахирани поведенија,збир што се добива кога ќе се соберат интеракциите од повеќе изолирани поведенија.

За да може некој да ја забележи и да ја препознае улогата што некое друго лице ја игра,таа треба да им е позната и да постои како очекувано поведение од страна на другите единки во општеството т.е.да постои како модел надвор од конкретната единка.Значи,постојат теориски улоги или модели што се заеднички за припадниците од дадената група и за да бидат остварени во интеракцијата меѓу лицата што ѝ припаѓаат на таа група тие од нив треба да бидат научени.

Теориските или очекуваните улоги можат да се проучуваат преку барањето определен број лица да ги наведат ставовите и акциите за кои мислат дека ја сочинуваат определена улога. На вакоа начин може да се дојде до теорискиот модел,до нормите и идеалите што постојат во одредено општество.Но исто така можат да се посматраат поведенијата во улога на определен број членови од групата.На ваков начин може да се дојде до просечното поведение што е карактеристично за одредена улога во дадена група.Просечното поведение дава вистинска слика на практиката.

Всушност теориските модели не можат да се одвојат од конкретните поведенија во акција.Определен модел постои ако се изразува во конкретна интеракција,а исто така самиот тој модел е создаден од единките што ја сочинуваат групата.Исто така,кога едно лице е во изведба на определено поведение во улога тоа едновремено е во интеракција со определен партнер,но и со целата група.

Погоре кажаното ќе биде појасно ако се има на ум дека проучувањето на една издвоена улога има смисла само ако се прави во рамките на изнаоѓањето на нејзините врски со другите улоги.Ова всушност значи дека улогите што постојат во определено општество меѓусебно се испреплетени во мрежа од улоги.Ако се промени само една нитка,се менува и целата мрежа.Во нашите проучувања,на пример,очигледно е дека ако се менува улогата на жената,се менува и она на мажот и на децата.Така,вработувањето на мајката ја менува нејзината мајчинска улога,но едновремено и онаа на таткото,па и на целото општество,во поинаква организација на грижата околу децата.

Променливост на улогите постои и ако се посматраат од историски аспект.Така,на пример,мајчинството не се изразува како ист вид улога посматрано низ вековите.Може да се рече дека е мошне интересно да се проследи историската променливост на машките и женските улоги,иако ова може да се направи само преку остатоците од материјалните и духовните култури од минатите генерации.

Ако се посматра историскиот развиток на една улога,тогаш се наметнува прашањето што го условило нејзиниот карактер,што придонело за нејзино менување.И уште повеќе:дали е можно, и како,плански да се влијае врз менувањето на улогите,создавањето нови модели на однесување меѓу единките од една група.

2)На ниво на интеракција може да се рече дека улогата секогаш претставува интерсубјективно поведение,интеракција меѓу две или повеќе единки,или интрасубјективен феномен (интеракција на внатрешен,ментален план,меѓу повеќе улоги во самиот субјект).

Како било да е дефинирано поведението во улога тоа во себе ги подразбира процесите на симболичка интеракција.

Од специфичниот белег на човекот кој е animal symbolicum (Ивиќ,1978) произлегува и една друга негова карактеристика што го разликува од другите животински видови:тој е единствено живо суштество што игра улога.Имено,и покрај тоа што постои поделба на активностите меѓу единките кај поедини животински видови,се забележува дека таа е крута бидејќи единката е во голема мера наследно програмирана на ист начин да ја изведува

низ целиот живот само таа улога и при тоа кај неа нема развиено свест за неа.Однесувањето во улога на интерсубјективно ниво т.е. на ниво на интеракција во вид на комуникација меѓу единките и на интерсубјективно ниво т.е. на ниво на комуникација со самиот себе,се сретнува само меѓу луѓето.Само кај луѓето постојат симболи употребени со јасна свест за нивното значење,а за да може едно лице да земе или да игра улога тоа треба да има развиени симболички способности,да има определено ниво на когнитивен развиток.Последново во никој случај не ги исклучува сознанијата според кои мислата има свои корени во извесни поведенија што не се мисловни,како што покажува,на пример,Пијаже кога ја објаснува сензомоторната интелигенција.Кога сме кај симболичките способности да истакнеме дека појавата на говорот,како еден вид симболичка способност,влијае и врз поведенијата во улога и тоа не само регулирајќи го однесувањето со другите,туку и со самиот себе.

Во доменот на интеракцијата интересно е да се согледа како се развива способноста на земање улога,играње улога и социјалната децентрација.

Социјалните улоги како модели на однесување имаат своја структура,но тие не би биле остварени ако не се изведени од конкретни единки во нивните меѓуодноси.Затоа се поставува прашањето како една единка станува способна да ја изврши определена улога што е очекувана од страна на општеството на кое му припаѓа.Интересно е да се согледа и кога историски и во текот на онтогенезата се јавуваат првите поведенија во улоги и што го условува истото.

3)И покрај тоа што улогата може да се сфати како теориска или очекувана улога,како модел што однадвор ги раководи социјалните интеракции,таа нема да биде улога ако нема "извршители" преку чија изведба би била реално поведение во улога.Каква ќе биде конкретната улога не зависи само од теориската улога (моделот),туку и од личните катактеристики на лицето што е во определено поведение во улога.Другото лице со кое актерот е во интеракција го препознава моделот што е позади определеното поведение во улога и тоа зазема реципрочна улога која е во согласност со препознатиот модел,но и со личните особености што ги манифестира лицето со кое е во интеракција.

Човековите поведенија тешко се опишуваат и се објаснуваат,а уште потешко е да се истражуваат и да се планира нивното организирано формирање преку апстрактно издвоени квалитети на личноста.Истото би било многу полесно преку очекуваните (теориските) поведенија во улога сфатени како организирани и интегрирани модели на однесување.

Но кога станува збор за поведенијата во улога кај децата,секогаш треба да се има на ум дека тие можат да се определат само во однос на една ситуација.Поведението во улога особено кај децата е во функција на интеракцијата,на односот меѓу единките,од кои секоја има своја улога во дадената ситуација.Според тоа,имајќи ја во обзир оваа врска на поведенијата во улога со една моментална ситуација,илузорно е да се очекува дека ќе бидат откриени некои постојани црти на личноста кај децата проучувајќи ги однесувањата во дадените ситуации.Од друга страна, кога определена очекувана (теориска) улога се изразува низ конкретната акција во реалната интеракција, таа губи од својата јасност и определеност и кај возрасните лица бидејќи во нејзината реализација посредува и личноста на актерот.Имено,ако ги споредиме конкретните,реализираните улоги со очекуваните улоги,веднаш станува јасно дека она што се изразува во секојдневната,конкретната социјална интеракција (реализираните улоги) е многу попроменливо во зависност од личноста на актерот отколку очекуваните улоги.

Овде треба да се одбележи и обратниот процес на влијание.. Имено,не само што личноста на актерот определува како ќе изгледа една очекувана улога во конкретната интеракција,туку постои и обратно влијание:играјќи определена улога во текот на подолг или покус период се менува и личноста на лицето што ја практикува.Со други зборови,не само што очекуваната улога се менува во текот на изведбата од страна на актерот кој има свои лични особености,туку и личните особености на актерот можат да се изменат преку нови реални поведенија во улога што произлегуваат од нови очекувани улоги.Ваквите размислувања укажуваат на можноста плански да се влијае врз формирањето на личноста преку поведенијата во улога кои се засновани на однапред обмислени теориски улоги.

Од погоре реченото произлегува и дека,иако претпоставуваме дека за да се јави реално поведение во улога треба однадвор да постои модел-улога,единката може да создаде,да биде креатор на нови улоги.Така,реалното поведение во улога на едно лице може да биде модел за другите лица со кои е во интеракција,а таа може да биде поинаква од очекуваната улога.

Се поставува прашање колку може да се разграничи теориската улога (улогата што постои како очекуван модел на однесување) од улогата како реално поведение што се манифестира во интеракцијата меѓу единките како и на интерсубјективно ниво.Веднаш може да се рече дека не можат да се прават строги граници меѓу нив бидејќи самиот модел може да биде конкретно лице или некои негови поведенија.Всушност усвојувањето на одредени улоги и се остварува преку "земањето на улогата на другиот" ( G.H. Mead,1934) или поинаку речено може да се зборува за"социогенеза" на повисоките психички функции (Виготски,1934).

Друг момент што е значаен при дефинирањето на улогите е нивната развојност и различност во зависност од возраста на субјектот.Додека кај возрасните е тешко да се направи разграничување меѓу улогата и личноста бидејќи кај нив постојат повнатрешнети улоги т.е. диспозиции за улоги како неиздвојна состојка на личноста,кај децата од предучилишна возраст поведението во улога сеуште не ги вклучува диспозициите - потребите,интересите,знаењата,способностите,вредностите,затоа што сеуште нема формирано личност,сеуште нема развиени и стекнати релативно трајни диспозиции.Имено,улогите кај децата постојат како реални изведби,станува збор за практицирање на улоги што како такви постојат надвор од детето во социјалната реалност.Дури потоа,преку повнатрешнување,се формираат диспозициите за улоги.Значи,додека разграничувањето меѓу улогата и личноста кај возрасните може да се направи само преку апстрахирање т.е. концептуално,кај децата има мешање меѓу улогата и личноста т.е. сеуште нема развиени внатрешни диспозиции (интересирања,потреби,знаења...),сеуште не е стекната ментална подготвеност што во дадена ситуација би довела до определени психолошки доживувања или поведенија.

Друго е прашањето за трајноста на тие диспозиции и колку се тие засновани на биолошка основа.Денес општо е прифатено дека социјализацијата на личноста трае низ целиот живот, па според тоа може да се рече дека постои релативно помала или поголема променливост на стекнатите диспозиции во зависност од индивидуалното искуство.Што се однесува до разграничувањето колку определени диспозиции се засновани на срединскиот или биолошкиот момент,веднаш може да се рече дека е тоа тешко да се направи,па во овој случај наместо персоналистичкото или ситуационистичкото сфаќање многу е поисправно да се прифати интеракционистичкиот пристап во објаснувањето на определени поведенија.

Тргнувајќи од погоре реченото,сметавме дека најблизу до една наша можна определба на значењето на терминот "полови улоги" се следниве дефиниции на улогата воопшто:

-улогата претставува организирана целина на поведенија кои се во зависност од положбата што може да се идентификува и кои се активирани тогаш кога таа положба е заземена ( Serbin и Allen ,1968).

-улогата претставува организиран модел на поведенија кои се релативни во зависност од положбата на единката во една интеракциона целина ( Rocheblave-Spenlé,1969).

Основно,и едновремено заедничко,за овие две дефиниции на улогата е следново:

-нагласката и во двете е ставена на "организирана целина на поведенија" односно на "организиран модел на поведенија", а тоа значи дека тие се учат и претпоставуваат една целосна когнитивна организација;

-секоја улога претпоставува интеракција,друга улога,т.е. нема изолирана улога.Тоа значи дека секоја улога е во соднос со други улоги или улога.Според тоа,она што треба да се стекне е способноста да се прават разлики меѓу различните општествени положби или ситуации - треба да се знае што се очекува од една улога,но и од нејзе комплементарните.

Од погорните две дефиниции на улогите втората е потесна бидејќи,истакнувајќи го зборот "модел" ("организиран модел на поведенија"),таа може да се однесува само на очекуваните

поведенија во улоги сфатени како педагошки модели,како примери за учење.Но таа во себе не ги опфаќа и реалните поведенија во улога.

Засновувајќи се на сето досега речено во поглед на определувањето на значењето на изразот "полови улоги" ја извлекуваме следнава дефиниција за нив: половите улоги се релативно издиференцирани и организирани системи на поведенија зависни од интеракционата целина на машки и женски субјекти.

Сметаме дека една ваква поопшта дефиниција на половите улоги ги содржи во себе трите нивои на анализа на половите улоги и тоа сфатени како очекувани поведенија што постојат во групата,на ниво на интеракција и како составен дел од личноста.

Оваа наша дефиниција на половите улоги ги содржи, исто така,двете основни претпоставки што ги имаат погоре наведените дефиниции на улогата воопшто како таква.Имено,и ние претпоставуваме дека:

-половите улоги имаат сознајна компонента,постои когнитивна репрезентација на половите улоги,или поинаку речено,половите улоги се изградуваат како когниција.Когнитивната репрезентација на половите улоги се изградува во процесот на социјалното учење како целосна когнитивна структура.Ова е можно бидејќи половите улоги единката уште во детството има можност да ги спознае сретнувајќи ги во облик на интеракција меѓу машките и женските субјекти.Најпрвин когнитивната структура почнува да добива постепено свои содржини (знаења,навики,поведенија,интереси),а подоцна се изградува и специфичен когнитивен стил и диспозиции како составен дел од личноста;

-половите улоги се јавуваат во процесот на интеракција,во нашиот случај меѓу машки и женски субјекти.Последново значи дека која било улога што е карактеристична за субјектот од едниот пол подразбира комплементарна улога на субјектот од другиот пол т.е. определена улога за машките субјекти ("машка улога") подразбира комплементарна улога за женските субјекти ("женска улога").

Овде е неопходно да се нагласи дека сè дури се зборува за посебни полови улоги,карактеристични едни за машките а други за женските единки од човечкиот вид,нивна основна карактеристика е комплементарноста.Со други зборови,сè додека

постои сфаќањето дека е неопходно да постојат полови улоги и тоа посебни,типични од една страна "машки" и од друга страна "женски" улоги,тие во себе ја подразбираат и нивната комплементарност.

Во натамошното изложување ќе тргнеме од погоре наведената дефиниција на половите улоги.Таа ќе ни овозможи да ги разбереме минатите и сегашните односи меѓу половите што се засновани на комплементарни полови улоги (ова е изнесено во делот што ги разработува половите улоги во минатото на македонскиот народ и односите меѓу половите во СР Македонија денес).

Наша основна претпоставка во ова изложување е дека рамноправните односи меѓу половите кон кои се стремиме во иднина нема да бидат засновани на посебни и комплементарни машки и женски улоги.[1] Сметаме дека положбата на една единка во

---

1) Советските автори Хрипкова и Колесов во нивните најнови книги (1981,1982) за психосексуалното воспитание на советските млади генерации застапуваат спротивно гледиште.Тие сметаат дека воспитанието треба да биде засновано на специфичните полови особености меѓу кои ги издвојуваат оние што се добиени врз основа на емпириски истражувања кои,според наше мислење,само ја констатираат определена состојба денес,а не ги разгледуваат и причините што довеле до неа.

Овде да напоменеме дека прегледот на советската литература во поглед на психосексуалниот развиток и воспитување, како и онаа што се однесува на психолошките полови разлики,не нè збогати со понови сознанија на овој план.Така,на пример,написот на Кон(1981) што се однесува на психологијата на половите разлики е заснован на сознанија добиени од литературата во која не се цитирани ни советски автори,ни советски истражувања,и нема обид за теориски пристап.

Ваквата состојба многу повеќе нè изненадува бидејќи имавме можност во летото 1981 година во една антикварница на книги во Одеса да ја прелистаме книгата "Исторія нараственнаго положенія женщинъ " од Легуве Ернест (1862).Во воведот на преводот од оваа книга од пред повеќе од сто години стои констатацијата дека положбата на француските и советските жени од богатите слоеви е иста.Во книгата од 387 страна натаму станува збор за основните принципи што треба да бидат запазени во воспитанието,а меѓу нив избиваат "еднаквост во разликите" и "жените да имаат приватни и јавни професии".Она со што исцело може да се согласиме со Легуве е неговата констатација на самиот крај од книгата: "Судбината на семејството и на жената се неразделни".

Неочекувано е и сознанието дека советските автори (со исклучок на написот на Белкин,1982) сеуште не ги искористиле можностите на културно-историската теорија во објаснувањето на половите улоги.Неочекуваноста е зголемена и со фактот што самиот проблем на учење улоги воопшто никој засега не го изнел подобро од Елкоњин(1981).

дадена интеракциона целина не треба примарно да биде заснована на половите карактеристики туку на други особености на лицето. Од ова произлегува дека организираното дејствување врз половите улоги не може да се засновува врз нашата погорна опрелба на половите улоги. Неопходно е дефиницијата да биде поопшта и да се однесува само на улогата како таква, па во овој случај може да не задоволи погоре наведената определба што ја даваат Serbin и Allen (1968).

Она што е битно да се истакне при определувањето на половите улоги е фактот дека тие во текот на историскиот развиток на човечкиот вид и во текот на индивидуалниот развиток на единката, значењето на поимите за машките и женските улоги ги менува и ги развива своите содржини. Човекот, на определен степен од историскиот развиток како вид и во определен степен од индивидуалниот развиток, организацијата на човечкото општество ја доживува и ја набљудува како драма во која секој има своја улога. Уште во антиката стоиците гледаа на светот како на театар во кој секој човек игра улога што му е припишана од бога. Но во текот на развитокот човекот постепено ја развива свеста за меѓусебните односи со другите во процесот на размената на трудот и доаѓа до сознание дека секој во општеството има своја положба и улога. Тој постепено почнува да игра свесна улога во драмски организираното човечко општество. Тргнувајќи од ова пред нас се поставува едно практично прашање: како децата од најраната можна возраст да станат свесни за "драмски" организираното човечко општество? Како да им овозможиме да дојдат до сознание за бројноста на можните улоги што единката може да ги има, за слободата во нивниот избор и нивната релативност во зависност од улогите на другите со кои се во интеракција? (Некои од можните решенија на последново прашање ќе бидат разгледани во третиот дел).

Една основна претпоставка од која тргнавме при определувањето на значењето на терминот "полови улоги" беше дека тие се резултат на учењето. Но пред да дадеме конечен заклучок во поглед на прашањето на факторите што ги условуваат половите разлики во психолошките карактеристики и однесувања, неопходно е, најнапред, да направиме преглед на резултатите од бројните истражувања за нив.

# Глава 2.ПОЛОВИ РАЗЛИКИ ВО ПСИХОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ И ПОВЕДЕНИЈА И НИВНО ПОТЕКЛО

Во секојдневието широко е распространето мислењето дека "женското си е женско".Се смета дека постојат постојани психолошки карактеристики кои ја одликуваат жената и дека тие се непроменливи.Ваквите верувања можеа долго да се одржат, меѓу другото и заради тоа што наидоа на потпора во извесни научни испитувања,како што се оние во рамките на позитивистичката диференцијална психологија.Имено,по емпириски пат се утврдени полови разлики во психолошките особини и од нив потоа произлегоа тврдењата во повеќе научни студии за постоење на посебни и неминовни карактеристики на мажите и жените.

## 1.Полови разлики во психолошките карактеристики и поведенија

Сумирајќи ги резултатите од бројните истражувања во САД во врска со разликите меѓу половите во психолошките особености,Maccoby и Jacklin(1974) [1] издвојуваат три категории на вакви разлики и тоа:незасновани верувања за половите разлики,сосема добро утврдени полови разлики и отворени (амбивалентни) наоди.

Во незаснованите верувања за половите разлики овие автори ги наведуваат следниве:девојчињата се повеќе "социјални" од момчињата;девојчињата се повеќе "сугестибилни" од мом-

1) Кога велиме"бројни истражувања" да наведиме дека во концентрираната библиографија во книгата " The Psychology of Sex Differences", Stanford,1974,Maccoby i Jacklin наведуваат над 1400 библиографски единици објавени во САД од јануари 1966 до пролетта 1973.За дотогашните истражувања од оваа област во САД може да се види во Maccoby,E. /Ed./:The development of Sex Differences,Stanford University Press,California,1966.

Ваквото големо интересирање на истражувачите за оваа проблематика сеуште е актуелно што може да се потврди со зачестеноста на студиите од оваа област,а причините,меѓу другото, се должат и на сѐ пораширеното движење за еманципација на жената во светот.

чињата;девојчињата имаат понизок степен на самопочитување од момчињата;девојчињата се подобри во учењето напамет и во простите задачи со повторување,а момчињата во задачите кои ги опфаќаат високите степени на когнитивните процеси и инхибицијата на претходно научените одговори;момчињата се повеќе"аналитични";девојчињата повеќе заболуваат под влијание на наследните фактори,а момчињата на срединските;на девојчињата им недостасува мотивација за постигнување; девојчињата се повеќе слушни,а момчињата визуелни типови.

Како сосема добро утврдени полови разлики во психолошките особености истите автори ги наведуваат:девојчињата имаат повисоки вербални способности од момчињата [1]; момчињата се подобри во визуелно-спацијалните способности; момчињата се подобри во математичките способности; машките се поагресивни почнувајќи од 2 до 2;6 години.

Како амбивалентни полови разлики се наведени оние што се добиени во испитувањата на тактилната осетливост, стравот,срамот и анксиозноста,нивото на активност,натпреварувањето, доминацијата,послушноста и "мајчинското" поведение.

Со цел да и се приближиме на природата на половите разлики во психолошките карактеристики во натамошниот текст ќе се задржиме на факторите кои влијаат врз нивното јавување,а посебно ќе бидат разгледани причините за појавата на полови разлики во спацијалните способности,агресивноста,доминацијата и "мајчинското" поведение.

---

1)Повеќе скорашни проучувања не покажуваат полови разлики во вербалните способности во раното детство.Меѓу нив и едно проучување на вербалните способности изразени преку Бејлиевата скала кај децата од раѓањето до третата година во македонското говорно подрачје не покажува постоење на полови разлики (Керамичиева, 1979).

## 2. Фактори кои влијаат врз јавувањето на половите разлики во психолошките карактеристики и поведенија

Постојните бројни разлики меѓу припадниците на машкиот и женскиот пол, како во нивните анатомско-физиолошки карактеристики така и во поедини психолошки особености и активности, го отвараат прашањето за појавата на машкиот и женскиот пол во текот на еволуцијата на животинските видови како и за факторите што го условуваат нивното јавување. Научниците од различни области - да ги наведеме, пред сè, биолозите, социолозите, политиколозите, антрополозите, психолозите - се обидуваат да ги најдат одговорите на овие мошне сложени прашања.

При определбите на факторите што ги условуваат психолошките разлики меѓу половите треба да се истакнат токму оние што влијаат воопшто на јавувањето на психолошките разлики меѓу луѓето. Денес е општо прифатено сознанието дека едно психолошко својство не се наследува како готова структура, туку се изградува во заемната интеракција меѓу генетичкиот материјал, културните фактори и активноста на самата единка. Половите улоги кои се предмет на нашето истражување се само дел од општиот проблем на развиток и формирање на личноста, па оттука следи дека факторите што влијаат врз формирањето и развитокот на личноста едновремено се и оние што влијаат врз формирањето и развитокот на половите улоги. Тргнувајќи од ова, во натамошното изложување ќе се задржиме на секој од трите основни фактори кои влијаат врз психичкиот развиток - биолошките, средината и активноста на самата едника и тоа разгледувајќи ги од аспектот на половите улоги.

### 2.1. Биолошки фактори

Да се биде женско (машко) за мнозина во минатото, и сеуште и денес, значи предодредена и непроменлива биолошка природа на жената (мажот) која ја насочува нивната судбина еднаш за секогаш. Глобалната и нејасната констатација дека "женското си е женско" не е карактеристика само на минатите времиња. Фаталната поврзаност на иднината на девојчињата и момчињата со нивната анатомско-физиолошка конституција не е само пречка во оства-

рувањето на посестрано развиени личности туку е и голема сопирачка за општиот општествено-економски развиток.Токму од овие причини треба да се резгледа суштината на човековата природа и местото и значењето на биолошкиот момент во неа.

Во натамошното изложување најнапред ќе се осврнеме на појавата на половиот диморфизам,а потоа ќе ги разгледаме аргументите што се наведуваат во прилог на биолошките фактори како причина за појава на некои полови разлики.

### 2.1.1. Диференцијација на половите во текот на еволуцијата на видовите (појава на полов диморфизам)

Зошто во текот на развитокот на видовите во даден момент дојде до појава на полов диморфизам т.е. на постоење на единки од ист вид со два различни пола? Зошто самата биолошка репродукција стана неминовно условена од врската меѓу два родитела од спротивен пол?

Половиот диморфизам може да се сфати како селективна предодреденост на даден вид.Единката што произлегува од животински вид при кој размножувањето се врши со помош на два родитела од спротивен пол има поголеми можности да го зголеми прилагодувањето на видот на промените што се случуваат во средината и тоа од две основни причини: 1)доаѓа до зголемување на интериндивидуалната разновидност благодарејќи на генетичката рекомбинација и 2) доаѓа до збогатување на разновидноста на интериндивидуалните особености заради комбинација на цртите што се пренесуваат од секој од родителите (Bischof,1978,стр.35).

Значи,во текот на еволуцијата кај голем број животински видови дојде до раздвојување на нивните единки во два телесни облика (анатомски диморфизам).Едните од нив произведуваат јајца,а другите сперматозоиди,како две прецизно определени форми гамети.При тоа,организмот што произведува јајца едновремено е и оној во чија внатрешност се врши зачетокот на новата единка преку соединувањето со подвижните сперматозоиди.Во него се одвива и развитокот на плодот во определен временски период.Ваквата полова диференцијација му подели на женскиот организам задача да

се грижат подолго за ембрионот,да вложува во неговиот развиток време и енергија кои припадниците од машкиот пол можат да ги инвестираат во други активности.Меѓу другото,токму оваа карактеристика е значајна кога се објаснува историското потекло на потчинетата положба на жената во однос на мажот ( на ова прашање ќе му се вратиме во натамошното изложување во делот каде станува збор за мајчинството и татковството и за потеклото на машката доминација).

## 2.1.2.Аргументи што се наведуваат во прилог на биолошките фактори

Можат да се издвојат неколку типа аргументи што се наведуваат во прилог на биолошките фактори како причина за појавата на некои полови разлики во психолошките карактеристики. Тука,пред сè,спаѓаат: 1)докази од областа на генетиката (како пример за генетички условени разлики некои ги наведуваат спацијалните способности и токму од тие причини тие ќе бидат разгледани во рамките на генетичките полови разлики); 2) докази од областа на ендокринологијата (ќе стане збор за влијанието на хормоните врз поведенијата на единката - како што се агресивноста и мајчинството,а потоа ќе бидат изнесени и некои испитувања на поведенијата на лицата со некои ендокринолошки пореметувања); 3) разлики меѓу машките и женските новороденчиња; 4)слични поведенија меѓу машките (женските)единки кај различни животински видови; 5) специфични активности за единките од даден пол во различни општества и култури.

<u>1.Докази од областа на генетиката.</u>Кај генетички нормалниот човек секоја клетка содржи 46 хромозоми и тоа по 23 од секој родител.Од нив 22 чифта хромозоми носат гени што ги определуваат најразличните телесни карактеристики,а дваесеттретиот чифт на хромозоми го определува полот на ембрионот.

Што се однесува до хромозомите кои го определуваат полот на детето,мајката секогаш му дава на наследникот само X хромозом.Од таткото зачетокот може да го добие или X или У хромозомот.Ако оплодното јајце содржи 2X хромозоми,тогаш заче-

токот е генетичко женско (XX); ако пак содржи 1X и 1У хромозоми, тогаш зачетокот е генетичко машко (XУ).[1]

Од погоре реченото произлегува дека генетичкото машко и генетичкото женско кај цицачите се разликуваат само во присуството на хромозомот У кај машките единки. Тој по својата големина е многу мал и носи уште значајно помал број гени земено сразмерно со неговите мали размери.

Освен што е денес докажано дека генетичкиот пол на детето е определен од хромозомот У што го носат сперматозоидите, во генетиката е потврдено и дека кај цицачите основниот или базичниот пол, од кој подоцна се развива машкиот пол, е женскиот. Ohno (1978) ова го аргументира со фактот што цицачот мажјак XУ ги има сите гени што постојат кај женките XX, но тој уште ги наследува и гените од хромозомот У. Затоа со право може да се рече дека основната ембрионална програма кај цицачите е ориентирана кон производство на женски единки.

Досега изнесените основни сознанија дека таткото влијае врз определбата на полот на детето и дека базичниот пол е женскиот, а над него се надградува машкиот, заслужува извесни додатни разгледувања.

До неодамна беше широко прифатено верувањето дека полот на детето единствено го определува мајката затоа што таа го носи детето и го раѓа. Во минатото, но исто така и во многу современи општества, жената беше измачувана на различни начини ако не можеше да роди машко дете. Испитувањата во различни култури покажуваат дека постоела и постои преференција на машките деца во повеќето од нив (анализата на народните песни и обичаи и некои денешни истражувања го покажуваат истото и кај македонскиот народ како во минатото така и денес, а за ова ќе стане збор понатаму).

---

1) Во основните книги по биологија најчесто се сретнува податокот дека полот на детето е определен во моментот на зачетокот во зависност од присуството на XX или XУ хромозоми. Обично не се наведуваат другите постојни и неопходни предуслови, кои во текот на пренаталниот развиток и по него, можат да го променат правецот на половиот развиток што е определен од првиот, генетичкиот детерминизам.

Дали денес науката е во состојба да ги задоволи желбите на родителите да имаат деца од определен пол?Дали е возможно да се направи претходна селекција на децата со пол по желба?

Денес се познати две поголеми групи научни методи за преселекција на полот на детето.Едната група ја сочинуваат методите за кои е карактеристично издвојувањето на сперматозоидите X и У во епрувета (тие можат да бидат засновани на различниот електричен набој на сперматозоидите со X и У хромозоми,или пак, на разликата во нивната специфична маса).Ако се применуваат ваквите начини на избор на полот на детето според желбите на родителите,тогаш оплодувањето би требало да се врши по вештачки пат, со помош на сперматозоиди што претходно се издвоени во епрувета.

Другата група методи за преселекција на полот на детето се состои во отстранувањето на плодот што го има несаканиот пол по направената амниоцентоза,а таа е можна од дванаесетта седмица натаму во текот на бременоста.

Имајќи ги наум наведените методи со кои денес се располага за избор на полот на детето според желбите на родителите,може да се заклучи дека тие сеуште не можат пошироко да се применуваат.Ако би се остварила можноста родителите да имаат деца според желбите,при денешно ниво на развиеност на свеста кај повеќето луѓе кај кои постои преференција за машки деца,тоа би значело зголемување на бројот на машките субјекти,па според тоа би дошло и до нагло намалување на наталитетот.По се изгледа дека денес можеме да се надеваме дека преселекцијата на полот на детето ќе биде можна за широка употреба тогаш кога тоа нема да им биде значајно на оние што сакаат да имаат дете и во оние општества каде родителите свесно ќе одлучат да имаат дете чиј пол не е примарно значаен,туку самиот факт да се одгледа една сестрана личност.

Фактот дека базичниот пол е женскиот,и дека над него се изградува машкиот,се користи понекогаш за да се нагласи женската примарност и супериорност.Но ова е само привидно спротивно од она што го истакнува митот за Адам и Ева според кој Ева произлегува од Адамовото ребро.Од друга страна,истиот факт некои

го користат за да ја потцртаат машката супериорност истакнувајќи дека на основниот,женскиот пол,уште нешто треба да му се придодаде за да израсне машка единка,па според тоа машкиот род содржи нешто повеќе од женскиот.Очигледна е и во двата случаја тенденцијата за поголемо вреднување на едниот од половите,па според тоа вакквите вредносни одмерувања се далеку од стремежот за остварување рамноправни односи меѓу половите.

Во натамошното изложување ќе стане збор за спацијалните способности што извесни автори ги наведуваат како пример за генетички условени психолошки разлики меѓу половите.

Повеќето испитувања покажуваат дека момчињата имаат повисоки резултати при испитувањата на спацијалните способности отколку девојчињата и тоа почнувајќи од десетата година натаму,со тоа што половите разлики се повеќе нагласени во адолесценцијата (Массову и Jaclin ,1974). Боск иK.lakowsky[1] почестото јавување на подобри резултати во спацијалните способности кај момчињата го докажуваат со почестото присуство кај нив на еден рецесивен ген на хромозомот X.Според нивното објаснување жената има два хромозома X и секој од нив произлегува од едниот родител.Кај мажите хромозомот X е од мајката,а хромозомот У од таткото.Бидејќи влијанието на гените е преку чифт гени од кои секој е од чифтот хромозоми,и бидејќи хромозомот У носи мали гени,очигледно е дека гените од хромозомот X ги определуваат во чифтот ХУ генетичките информации.Од друга страна,бидејќи еден рецесивен ген може да се изрази само ако не е истиснат од доминантен ген,машкиот субјект кој носи рецесивен ген на хромозомот X со нагласена просторна способност ќе ја изрази таа способност, додека женскиот субјект за да ја изрази истата способност треба да има два рецесивни гена - еден врз секој од двата хромозома X. На ваков начин постои можност и женските единки да бидат подеднакво добро надарени како и машките во спацијалните способности, со таа разлика што пропорцијата на такви женски субјекти во соодност со машките ќе биде секогаш помала.

---

1) Податоците се земени од Witelson, 1978)

Врз основа на истражувањата на спацијалните способности преку задачи од типот на ментална ротација на фигурите, Bock и Kolakowsky ја поткрепуваат нивната теорија за наследување на спацијалните способности преку еден рецесивен ген врзан за полот. Овие автори наоѓаат корелации во спацијалните способности меѓу членовите во едно исто семејство што се многу близу до она што би се очекувало врз основа на генетичкиот модел. Имено, најдено е дека корелацијата мајка-син е поголема отколку корелацијата мајка-ќерка (тука да си припомнеме дека хромозомот X на синот доаѓа само од мајката, а хромозомите XX кај ќерката се по еден од секој родител). Корелацијата татко-ќерка е иста со корелацијата мајка-син (тука по еден хромозом X доаѓа и во двата случаја од мајката). Корелацијата пак меѓу таткото и синот е блиска до 0 бидејќи во овој случај ниту еден хромозом X не е заеднички меѓу двајцата.

Математичките пресметки според овој модел на наследување на спацијалните способности укажуваат дека може да се очекува околу 25% од жените да го надминат средниот скор во целата популација, а истото се очекува кај 50% од мажите во истата. Таквите математички предвидувања и се потврдиле во едно испитување на 800 адолесценти.

Но биолошкиот механизам на влијание врз спацијалните способности е посложен отколку што може да се претпостави само врз основа на наследната генетика. Се покажува дека не е доволно само постоењето на генот за спацијални способности. Така, во случаите на жените со тарнеровиот синдром (XO) се покажало дека просторните способности се пониски од оние кај нормалните (XX). Или кај генетичките машки (XY), кај кои заради тестикуларна феминизација доаѓа до појава на женски фенотип, исто така се забележуваат пониски спацијални способности, што укажува дека хормоналните фактори можат да имаат значајна улога во определувањето на висината на спацијалните способности.

Witelson (1978) се обидува да покаже дека мозокот не функционира на ист начин кај единките од двата пола. Таа ги испитувала манипулативните перцепции на формите кај децата

од двата пола.Резултатите покажале дека кога децата манипулирале со затворени очи,момчињата со левата рака полесно ги препознавале предметите отколку девојчињата.Кај девојчињата не се забележани разлики меѓу двете раце ни на една возраст (стр.294).

Овој,и слични податоци,Witelson ги наведува како аргументи во прилог на различната спацијализација на мождените хемисфери и,уште повеќе,како доказ дека постојат разлики во церебралната организација меѓу единките од двата пола.Имено,се смета дека кај поголем број лица,левата хемисфера е доминантна во обработката на аналитичките,лингвистичките и степенастите задачи.Со десната хемисфера се смета дека се обработуваат глобалните,невербалните и спацијалните задачи.Некои понови испитувања на овој план што ги наведува Witelson покажуваат дека степенот на специјализацијата на хемисферите не е ист кај единките од двата пола - латерализацијата на функциите се покажала како помала кај женските субјекти.Од испитувањата наWitelson произлегува дека нормалните момчиња,почнувајќи од шестата година натаму, ја имаат специјализирано десната хемисфера за просторните проблеми.Кај девојчињата,барем до тринаесетата година,се чини дека постои билатерално претставување на просторот.Заклучокот што го изведува Witelson е следниов:"...исти невролошки структури можат да имаат различни функции кај девојчињата и момчињата,барем што се однесува до когнитивниот аспект,или,со други зборови, истиот проблем може да биде обработен од различни невролошки структури кај машките и женските единки"(стр.294).Поинаку кажано преку зборовите на погорниот автор произлегува дека "... мозокот на момчињата и на девојчињата,на мажите и на жените е организиран различно и функционира различно во извесни погледи...Сепак, хипотезата дека машките и женските мозоци не се слични не значи дека едниот тип на церебрална организација е неминовно подобар од другиот"(стр.295).

Овде со право може да се постави прашањето дали спацијалните способности се една општа способност или се заедничко име за повеќе различни способности? На пример,дали тактилното препознавање на формите преку манипулирање се должи на иста способност како што е замисленото,менталното,претставеното сврту-

вање на објектите во просторот.Или,на пример,дали е тоа исто со способноста да се перципираат три димензии од формите кои се претставени дводимензионално?

Очигледно е дека во последниве два примера станува збор за апстрактна визуализација,а таа како сложена психичка функција нема една локализација,туку различни зони од мождината кора кои се делумно променливи,го овозможуваат нејзиното одвивање.Од друга страна,тактилното препознавање може да има своја зона во перцептивните центри.

Објаснувањето на повисоките резултати кај машките субјекти при испитувањето на спацијалните способности со помош на генетичките фактори и претпоставката дека мозокот кај единките од двата пола е организиран различно и дека различно функционира,не водат кон прашањето за генетичката ограниченост на културното влијание.За ова значајно теориско и практично прашање ќе стане збор во делот каде се изнесува теориската основа за општествена еднаквост на половите.Овде засега да изнесеме некои податоци кои не одат во прилог на наследната условеност на спацијалните способности.Ќе почнеме од оние на Berry и на Witkin и соработниците,што ги изнесува самата Witelson (1978). Berry во едно проучување на Ескимите не наоѓа повисоки спацијални способности ниту кај момчињата ниту кај возрасните мажи во споредба со припадничките на женскиот пол.Според овие податоци би можело да се заклучи дека при раѓањето или нема полови разлики или тие се толку мали и незначајни што срединското влијание може сосема да ги избрише.Од своја страна Witkin и соработниците покажале дека спацијалните способности се под значајно влијание на степенот на автономноста што им е дадена на децата.Денес во повеќето култури поголема слобода во движењето им е дадена на момчињата,па може да се претпостави дека нивните повисоки спацијални способности се должат токму на овој момент.

Исто така постојат и поскорашни проучувања направени на поголеми примероци кои не го потврдуваат сфаќањето дека спацијалните способности се генетички предодредени (Connor и др.,1978).Овие автори,откако најнапред наведуваат истражувања

од други автори и нивни во кои се покажало дека искуството и тренингот придонесуваат во подобрувањето на спацијалните способности, се обидуваат по пат на експеримент да го проверат придонесот на генетичките и срединските фактори во развитокот на истите. Тие тргнуваат од претпоставката дека ако индивидуалните и половите разлики се постојани и се релативно неосетливи на експерименталните манипулации, тогаш тие се под нагласено влијание на наследните фактори; ако пак тие разлики се променливи и зависат од одредени услови, тогаш се или под влијание на срединските фактори или под генетичко-срединската интеракција. Резултатите покажуваат дека обучувањето во визуелно-спацијалната сфера кај децата на просечна возраст од 6;6 години дава позитивни резултати. Се покажало дека од обучувањето повеќе добивале оние што претходно имале помало искуство во таа област. За нашето истражување е битно да се истакне дека девојчињата имале поголем пораст во резултатите од момчињата по обучувањето. Имено, иако во првото тестирање на спацијалните способмости момчињата постигнувале подобри резултати, во второто тестирање направено по обучувањето, не била забележана ваква тенденција.

Погорните испитувања покажуваат дека индивидуалните и половите разлики во спацијалните способности можат да се менуваат под влијание на искуството и обучувањето, па според тоа одат во прилог на влијанието на срединските фактори или генетичко срединската интеракција.

Но во овие испитувања се покажува, исто така, колку е тешко да се разграничи кој од факторите колку влијаел врз развитокот на спацијалните способности. Сигурно е дека врз нив влијаат очекувањата што постојат во определена средина како едно дете треба да се однесува во зависност од полот на кој му припаѓа и играчките што му се нудат во зависност од тоа (на пример, во понатаму наведеното наше истражување за играчките што им се нудат на децата се покажува дека за момчињата повеќе се "резервираат конструктивните играчки отколку за девојчињата). Но исто така и личното искуство придонесува да се развијат подобри спацијални способности токму кај момчињата кои имале можност слободно да се движат и во поодалечен простор. При сето тоа не може да се исклучи ни факторот наследство бидејќи е можно родителите да им

даваат поголема слобода во движењето во просторот токму на децата кои полесно се снаоѓаат во него заради повисоките спацијални способности.

Заради што беше потребно да се направи оваа дискусија околу генетичката предодреденост на спацијалните способности и половиот диморфизам на церебралната организација во оваа наше пребарување околу можностите за организирано влијание врз половите улоги во предучилишниот период?

Меѓу другото и поради тоа што на психолошки план би можело да се јави специфична полова когнитивна стратегија при решавањето на иста задача:можно е жените на проблемот да му пријдат повеќе од говорен аспект,и истиот тој проблем мажите да се обидат да го решат користејќи ги повеќе спацијалните способности.Ова може да има свои последици врз организацијата на воспитно-образовниот процес.На пример,во нашата педагошка пракса се водеше доста дискусија околу воведувањето на така наречената "глобална" метода во обучувањето на читањето.Нејзината оправданост може да се покаже,меѓу другото и со тоа што во неа препознавањето на визуелните конфигурации на зборовите може да ги активира подеднакво левата и десната хемисфера,додека аналитичката метода,при која нагласката е ставена на анализата на гласовите, зависи пред се од левата хемисфера.Бидејќи,според Witelson ,кај девојчињата латерализацијата на функциите е помала и бидејќи тие покажуваат билатерално претставување на спацијалните способности, кај нив и двата метода за обучување на читање имаат шанса да дадат подеднаков ефект,што не е исто кај момчињата.За да се избегне можноста поедини методи на обучување да бидат поефикасни само за некои субјекти што му припаѓаат повеќе на едниот пол, потребно е да се води сметка за различни начини на приоѓање при стекнувањето на определени когнитивни содржини и стекнувањето на определени вештини при што полот како фактор ќе стане независна варијабла.

2. <u>Докази од областа на ендокринологијата</u>. Заради тоа што ембрионот за време на развитокот во внатрешноста на мајчиниот организам е под влијание на женските (мајчините) хормони естроген и прогестерон, основен пол кај цицачите е женскиот. Ако на основната женска ембрионална програма не дејствува никаков друг фактор ембрионот автоматски ќе се развие во женска единка. За да се развие машка единка врз основната женска ембрионална шема треба да влијае еден или повеќе гени од хромозомот У. Од своја страна улогата на хромозомот У е многу ограничена и се сведува на свртување на спонтаната тенденција на неиздиференцираната ембрионална гонада да организира овариум (јајник или женска полна жлезда) кон правецот на организирање тестис (семеник или машка полна жлезда). Денес е докажано дека еден ген, што го носи хромозомот У и што го предодредува тестисот, својата основна задача може да ја изврши ако најнапред го специфицира еден протеин од плазматичната мембрана што се нарекува антиген НУ (Ohno, 1978). Тој протеин од плазматичната мембрана дејствува како сигнал и ја тера неиздифиренцираната гонада на ембрионот да организира тестис наместо овариум. Тестисот подоцна синтетизира машки хормон-тестостерон. Токму тестостеронот е тој што го предизвикува развитокот во правецот на машка единка.

За да може да се сфати ограниченоста на влијанието на хромозомот У битно е да се истакне дека тој не дејствува врз приемчивоста на клетките на тестеронот и тоа ниту кај машките ниту кај женските единки. Реагирањето на сите телесни клетки на тестостеронот е условено од генот што се наоѓа на местото Tfm на хромозомот X. Од последниов ген зависи дали ќе се синтетизира нуклеарниот цитозоличен протеин што е едновремено присутен и во машките и во женските клетки и што е приемчив на андрогенот. Кога нуклеарниот цитозоличен протеин ќе се поврзе со тестостеронот, тој навлегува во јадрото на клетката и ги активира сите гени што му се неопходни на телото за да се развие во правецот на машка единка (Ohno, 1978, стр. 66).

Докажано е дека развитокот на тестисот е многу поран од развитокот на овариумот. Според тоа, основната женска програмираност треба да биде доста рано попречена преку влијанието на хормоните од тестисот и тоа токму тогаш кога осетливоста на нивното дејствување е најголема (кај човечкиот фетус тестисот игра значајна улога во формирањето на машките генитални патишта меѓу 8-10 недела од зачетокот - Jost, 1978, стр. 87).

Од досега изнесеното произлегува дека може да се случи фетусите со XX хромозоми да ги развијат сите машки особености ако се изложени постојано на дејството на тестостеронот и тоа во времето од критичниот период кога се формираат машките генитални органи. Имено, и покрај тоа што кај таквите фетуси постојат оваријуми, присуството на тестостеронот предизвикува да се развијат машките сексуални органи со соодветни машки гонади,

Ако се прати развитокот на полот, тогаш се забележуваат три пресудни моменти во него. Најнапред може да се забележи хромозомниот пол на детето. При самото соединување на сперматозоидот со јајцето, преку игрвта на хромозомите, се јавува првиот полов детерминизам т.н. генетички детерминизам на полот на детето. Тој може да се констатира преку испитувањето на хромозомите.

Влијанието на хормоните врз формирањето на половите органи е после хромозомната генетичка предодреденост. Гонадниот пол на плодот може да се препознае преку испитувањата со помош на хистолошки засеци. Имено, кај човечкиот фетус во периодот околу шестата недела од оплодувањето можат дасе забележат преку ваквu испитувања зародишите на идните тестиси и оваријуми. Полот на другите делови од гениталниот апарат може да се препознае подоцна бидејќи подоцна и се развива. Кога детето ќе се роди неговиот пол во книгата на родените се заведува според надворешниот изглед на половите органи.

Социоедукативниот детерминизам како трет, но не и помалку значаен момент од првите два за психосексуалниот развиток, пресудно влијае врз формирањето на половиот идентитет и усвојувањето на половите улоги почнувајќи од најраното детство.

Во развитокот на половите и нивната диференцијација постојат т.н. критични периоди во развитокот. Испитувањата покажуваат дека кај различните животински видови тие критични периоди се на различна возраст и дека се разликуваат по траењето. Основно е дека процесите на сексуализација на организмот се одвиваат во определен критичен период во развитокот што доста често е многу кус. Само дејството на тестостеронот во даден период, а не пред или по него, може да предизвика развиток на определена соматска генитална структура или да изврши влијание врз функционирањето на централниот нервен систем.

Кај човекот, бидејќи од етичка гледна страна не се дозволени експерименти со кастрирање или со внесување на хормони во текст на пренаталниот развиток и подоцна, не се знае точно траењето

на критичните периоди на дејствувањето на хормоните, па според тоа и кога точно се врши половата диференцијација на гениталните органи. Извесни истражувања (*Forest, 1973*)[1] укажуваат дека, и кај двата пола во првите месеци од животот се забележува нагласена плазматична концентрација на хормоните што ги лачат гонадите, а потоа таа спаѓа. Особено е брзо опаѓањето кај девојчињата во перидот околу раѓањето, кај момчињата од раѓањето до 3 месец има прогресивно зголемување на плазматичната концентрација на тестостеронот која ја достигнува половината од количината што се забележува кај возрасниот маж, а меѓу 3 и 7 месец таа се намалува и подоцна се сведува на нивоата што се измерени во детството.

Значи, определбата на гонадите како неактивни во детството во поновите истражувања се противставува бидејќи, и кај двата пола, е констатирано постоење на едно незанемарливо ниво на сексуални хормони во плазмата. Овие податоци укажуваат на можноста извесни поведенија во детството, кои се повеќето карактеристични за едниот отколку за другиот пол, да бидат резултат на специфичното влијание на хормоните врз централниот нервен систем.

Бидејќи се смета дека хормоните влијаат врз поведенијата на единките како во текот на ивното детство така и во подоцнежниот живот, во понатамошното изложување ќе стане збор за влијанието на некои хормони врз однесувањата на единките од двата пола.

Влијание на хормоните врз поведенијата на единката. Заради тоа што гонадите се ендокрини жлезди хормоните што тие ги лачат, преку крвта, се пренесуваат низ целиот организам, па според тоа, тие го зафаќаат и централниот нервен систем и влијаат врз неговото функционирање. Централните нервни структури во почетокот се неутрални, но во определен критичен период од развитокот доаѓа до сексуализација на хипоталамусот кој управува со гонадотропната функција на хипофизата. Ако на хипоталамусот, во определн критичен период од развитокот, дејствуваат машки хормони, тогаш тие ќе го насочат централниот нервен систем во правецот на машкото функционирање т.е. ќе постои релативно стабилен начин на функционирање, при што ќе постои и релативно постојано ниво на тестостерон што кружи. Ако на хипоталамусот не дејствуваат машки хормони, тогаш тој ќе функционира во женски правец, циклично и низ две фази, лачејќи алтернативно естроген и прогестерон.

---

1) Податоците се земени од *Royer*, 1978, стр. 100.

Овие податоци укажуваат на заемната поврзаност меѓу нервниот и хормоналниот систем.

Врската што постои меѓу хормоните и поведенијата кај единките од различен пол подиректно може да биде согледана кај пониските животински видови. Ако кај нив во време на критичниот период од развитокот дејствуваат андрогени хормони генетичкото женско ќе покаже поведенија што се карактеристични за генетичкото машко (*Phoenix* и др.,1974). Обратно, генетичкото машко што е лишено од дејството на андрогените хормони за време на критичниот период од развитокот, ќе покаже карактеристични поведенија за генетичкото женско

Додека поведенијата кај животните се во многу подиректна зависност од хормоналното функционирање, кај човекот истите во значајна мерка зависат од неговото искуство и од учењето. Токму затоа, сознанијата добиени од експериментите воз животните во врска со хормоналното влијание на нивните поведенија, не можат да бидат основа за објаснување на истите кај човекот.

Најчесто мајчинството и поголемата агресивност кај машките единки се наведуваат како типични поведенија за определен пол и за нив се смета дека се под битно влијание на хормоните што му се својствени на полот. Во понатамошното изложување ќе стане збор за овие два вида поведенија и нивната хормонална условеност, а потоа ќе стане збор и за некои хормонални пореметувања и нивното влијание врз психосексуалниот развој на единката.

<u>Мајчинството како биолошка предодреденост</u>. Во текот на филогенетскиот развиток кај организмите од повисок ред, незрелоста на детето при раѓањето и потребата од подолг период на созревање по раѓањето, довела до се поголемо родителско вложување на време и енергија во одгледувањето на детето до неговото осамостојување. Се јавува потреба ембрионот и новороденчето да имаат поголема нега околу затоплувањето, исхраната, заштитата од непријателот, поучувањата од страна на родителите. Во развитокот на човечкиот вид ова довеле до намалување на бројот на децата кои единката може да ги има и да ги одгледува.[1] Така, во текот на еволуцијата, се доаѓа до потребата еднаот

---

1) Познато е дека една жена може да го пренесе својот генетички материјал на 10, најмногу до 15 деца, а еден од механизмите кои во текот на еволуцијата е прифатен со цел да се обезбеди подолг период меѓу породувањата е аменорејата која е резултат на доењето. Кај единките од машкиот пол постојат историски примери, како кај шефот на мормоните *Brigham Young*, чие потомство изнесувало околу 500 (петстотини) деца *Bishof*, 1978, стр. 44.).

од родителите повеќе да вложува во потомството. Кај човечкиот вид, бидејќи јајцето по оплодувањето останува да се развива кај единката од женскиот пол и бидејќи кај неа се развиваат млечните жлезди, родителот од женскиот пол, уште во самиот почеток, вложува повеќе време и енергија во одгледувањето на детето.

Неминовната појава на полов диморфизам во текот на биолошката еволуција на човечкиот вид, при што доаѓа до програмираност единките од женскиот пол да го носат јајцето и да му даваат храна, на мнозина им давало право и денес да зборуваат за постоење на мајчински инстинкт.[1)] Но, ако станува збор за мајчински инстинкт, тогаш тој би требало однапред да биде програмиран и предодреден физиолошки. Ова го наметнува прашањето за постоење на хормонална основа за јавување на мајчинско поведение кај женките кои имаат бебе т.е. постоењето на "хормони за мајчинство". Познато е дека естрогенот, прогестеронот и пролактинот се неопходни за оплодувањето, носењето на плодот и лактацијата. Но дали тие играат улога и во мајчинското однесување спрема бебето?

Да видиме најнапред каква е улогата на хормоните врз мајчинското поведение кај некои животински видови. Ако ѝ се внесе крвна плазма на невина женка стаорец од друга која неодамна родила, истата ќе покаже 2 до 3 пати побрзо мајчинско поведение од трета женка стаорец на која не ѝ е внесено таква крвна плазма. Но како и пресудно во воспоставувањето и одржувањето на мајчинското поведение се покажало и самото стимулирање што го врши стаорчето врз мајката во првите пет дена по раѓањето. Имено, ако една мајка ја разделеле од стаорчето веднаш по раѓањето во текот на два до три дена таа потоа не покажувала одгледувачко поведение спрема друго стаорче. Но, ако ваква куса разделба од стаорчето се направела по воспоставувањето на мајчинското однесување, едно ново стаорче таа го примала мајчински *(Rosenblatt, 1969)*.[2)]

---

1) Под инстинкт се подразбира ненаучено, структурирано, целисходно однесување на единките од еден вид. Присуство или отсуство на инстинкти кај човекот бил предмет на широки дискусии во почетокот на XX век. Овие дискусии прераснале во дискусии за релативното и меѓусебно поврзаното влијание на факторите наследство и средина. Заради продолженото детство и заради големото значење на учењето во социјална средина поимот инстинкт не се покажа корисен за проучувањето и разбирањето на човечките поведенија.

2) Податоците се земени од Maccoby, 1978, стр. 215-216.

Врз основа на испитувањата на цицачите Maccoby (1978 заклучува дека "прагот од кој се развива еден родителски одговор е понизок кај женките отколку кај мажјаците и тоа подеднакво во отсуство на хормони кои се поврзани со лактацијата и породувањето". (стр. 253)[1] Но од истите посматрања овој автор извлекува и еден друг заклучок, имено "... мажјаците кои се останати во присуство на малите, еднаш откако нивните први агресивни реакции ќе поминат, почнуваат сосема добро да се грижат за нив и се покажуваат способни да ги извршуваат сите функции освен доењето. За двата пола, навиката и присуството на малите и искуствата околу нивните неги имаат пресудно значење врз брзината на родителскиот одговор и квалитетот на тој одговор" (стр. 254).

Испитувањата на односот на жените и мажите спрема новороденчињата и децата, иако не се бројни, покажале дека не постои мајчински инстинкт чии корени можат да се бараат во хормоните кои се лачат за време на бременоста.[2] Ќе ги наведеме овде резултатите само од некои испитувања во врска со половите разлики во реагирањата кон доенчињата и малите деца.

Во едно испитување на реакциите на 32 до 63 месечни девојчиња и момчиња кон едно 13 месечно дете, се покажува дека на оваа рана возраст девојчињата минувале повеќе време од момчињата со малото дете (*Berman* и др., 1977). Но други грижливо водени испитувања не го потврдуваат поголемиот интерес и поголемата осетливост на женските субјекти кон малите деца. Така на пример, испитувањата на *Frodi i Lamb* (1978) покажуваат дека испитуваните субјекти од 8 до 14 години реагирале на насмевките и на плачењето на доенчињата слично како и младите родители во други слични на ова испитување: плачот предизвикувал возбудување, отпор и одвратност, а насмевката

---

1) Посматрањата покажале дека при крајот на бременоста и по породувањето кај женките постои поголема осетливост спрема малите отколку кај другите кои не се во слични хормонални услови. Но ако малите биле ставени во присуство на невини женки и мажјаци било најдено дека женките побрзо ќе почнеле да се грижат за малите, а мажјаците ги напаѓале уште при првиот допир.

2) Напротив, *Bendek, T.* (1970) нагласува дека мајчинството е биолошки детерминирано и при тоа ги нагласува хормоналните фактори како причина за појавата на различните поведенија кои имаат мајчински белег.

доведувала до пријатни емоционални состојби. Според тоа, не е неопходно да се има родителско искуство за да се јават овие реакции. Не се најдени ни полови разлики во психофизиолошките реакции на сигналите што ги праќало доенчето кај субјектите од 8-30 години. Уште повеќе, не се покажало како значајно ни искуството што го имале поедини субјекти со мали деца. Произлегува дека погорните начини на реагирање на знаците што ги праќа бебето се специфични за единките од човечкиот вид и настанале во текот на неговата еволуција. Со оглед на тоа дека не се покажале возрасни и полови разлики во психофизиолошките мерења на реакциите на различни знаци што им ги праќало бебето на испитуваните субјекти, авторите со право заклучуваат дека не може да се зборува за постоење на биолошка предодреденост за поголема осетливост на женските субјекти на потребите што ги манифестираат малите деца. Ова од друга страна, значи дека и мажите се подеднакво осетливи на детските потреби и би ги задоволувале подеднакво добро како жените ако се трудат тоа да го прават и ако и од нив се очекува подеднакво како и од жените да се грижат за децата.

Други посматрања што се однесувале на поведенијата на мајките и татковците веднаш по раѓањето на нивното дете во породилното, покажале дека татковците покажуваат слични поведенија како и мајките во односот спрема децата - ги гледале, им се осмехнувале, ги лулеле и држеле, ги вршеле истите неги околу нив подеднакво вешто како и мајките (*Parke* и др., 1972). Уште повеќе, истите посматрања покажале дека татковците повеќе ги држеле и лулеле нивните бебиња од мајките. *Parke i Sawin* (1977) велат дека ваквото однесување на татковците може да се должело на самиот факт што тие биле присутни на актот на раѓањето на нивното дете, на нивното солидно образование и припадноста на средната класа. За да ги проверат своите наоди истите автори извршиле посматрања на друг примерок татковци кои произлегувале од пониската класа и не присуствувале на актот на раѓањето на нивното дете. И во последниве проучувања се забележани слични наоди како во првите па авторите извлекуваат поопшт заклучок според кој татковците се заинтересирани и ангажирани околу нивните новороденчиња. Погорните автори наоѓаат во други нивни испитувања дека татковците биле исто толку компетентни колку и мајките во одгледувањето на децата. Меѓудругото, се покажало дека татковците биле подеднакво осетливи колку и мајките на знаците што ги давале нивните бебиња во контекстот на прехранувањето и бебињата цицале исто количество млеко од двата родитела.

*Feldman i Nash* (1979) ги испитувале реагирањата кон непознато бебе во чекалната интересот за бебиња на слика и им давале прашања за сфаќањата на сопствените полови улоги на возрасни субјекти и тоа: родители со деца адолесценти, оние чии деца пораснале и се одвоиле од нив и скорашни баби и дедовци. Погорните автори тргнале од три теоретски претпоставки и тоа: 1) теориите (слична на фројдовата) според кои уште во раното детство се формираат стабилни и трајни црти на личноста. Така, негувателскиот и нежен однос кон децата се смета за женско својство кое се изградува во раната возраст и останува како такво во текот на целиот живот; 2) според социобиолошката теорија женските хормони се причина за јавување на свој однос. Хормоните, од своја страна имаат определен период на дејствување во животот на жената (почнувајќи од пубертетот, потоа особено за време на бременоста и после породувањето, па се до менопаузата). Бидејќи кај мажите не постојат овие хормони нивната помала осетливост на детските потреби може да се должи токму на овој факт; и 3) според функционално заснованата теорија за половите улоги, секој период од животот има свои специфични барања од машките и женските субјекти.

Ниту последниве испитувања, ниту претходно наведените, не покажуваат постоење на постојани полови разлики и тоа во прилог на поголема женска осетливост во односот кон децаата. Тие, исто така, не покажуваат намалување на интересот за бебиња кај постарите лица, па според тоа не одат во прилог на првите две теоретски поставки т.е. не постојат трајни црти на личноста ниту пак хормоните се тие со кои може да се објасне поголемата женска осетливост на детските барања. Тоа што се покажало дека бабите и дедовците имале поголем интерес за бебиња од родителите во другите испитувани возрасни групи, како и тоа што бабите биле поосетливи на барањата на бебето отколку дедовците, зборува во прилог на функционално заснованата теорија на половите улоги. Имено, во колку родителите имаат помали деца, во толку улогите на мајката и таткото се разликуваат повеќе и се повеќе специјализирани. Кога децата се осамостојуваат, потребата од различен мајчински и татковски приод кон нив се намалува. Но кога ќе дојдат внучињата, повторно се јавува интересот за бебиња кај двата пола, со тоа што бабите се повеќе активни во односот со нив, а ова е во согласност со веќе кај нив добро развиените вештини за негување на бебиња како и со срединските очекувања. Значи, промените во односот кон доенчињата не се должат на биолошките фактори, туку се резултат на промените во начинот на живеење и меѓусебното однесување на членовите од семејството.

Во едно друго посматрање[1] на односот на возрасни лица спрема непознато бебе на возраст од 8-10 месеци во чекална, се покажува наспротив на сите дотогашни очекувања, дека хормоните кои се лачат кај бремената жена не се доволен фактор таа да биде повеќе предиспонирана за воспоставување на контакт со детето во чекалната ниту пак да покаже поголем интерес спрема него од другите лица; бремените жени кои немале деца покажале најнизок степен на интерес спрема бебињата во чекалната, понизок од оној на мажите кои се уште немале деца. Најчувствителни се покажале жените кои веќе имале дете за кого најмногу самите се грижеле, а од сите субјекти кои се уште не биле родители, најчувствителни лица спрема бебето во чекалната биле оние лица кои претходно имале повеќе можност да се грижат за бебиња, независно од нивниот пол. Според ова, искуството што едно лице го има стекнато во односот со едно мало дете го условува родителското однесување. Следува дека фактот, што во повеќе култури жените се грижат околу децата, не се должи на нивната подобра биолошка диспозиција да можат на бебето да му пружат подобра нега, туку пред се очигледен е културниот фактор, т.е. очекувањата негата околу децата да ја вршат мајките или други жени.

Значи, поведенијата што го карактеризираат мајчинството не се должат на влијанието на хормоните што се лачат за време на бременоста и по раѓањето. Бидејќи јасното поставување на мајчинството и татковството како посебни видови полови улоги во себе го носи клучот за отварање на вратата кон рамноправни односи меѓу половите, за нив подоцна ќе стане збор уште во неколку наврати.

<u>Причини за појава на агресивни поведенија.</u> Повеќето истражувања постојано укажуваат дека кај машките човечки единки постои повисок степен на физичка агресивност. Дека е можно тоа да се засновува на присуството на тестостеронот кај нив покажуваат, на пример, испитувањата во кои давањето на тестостерон во феталниот период или веднаш по раѓањето на мали женски мајмунчиња го зголемува нивното ниво на агресивни поведенија во споредба со оние мали женски резус мајмунчиња кај кои тоа не е сторено. Меѓутоа, и кај резус мајмуните влијанието на тестостеронот врз зголемувањето на агресивните поведенија се покажало како значајно само ако е во периодот кога единката е во развиток и тоа

1) Посматрањата се вршени од страна на *Feldman i Nach*, а податоците се земени од Maccby, 1978, стр. 254-255.

заради зголемените можности за појава на поголема мускулна сила како предуслов за јавување на физичката агресивност.

Ваквите податоци не наведуваат на размислата дека постојаниот повисок степен на физичка агресивност што е констатиран кај машките човечки единки, може да се заснова на присуството на тестостерон кај нив. Постојат и истражувања што покажуваат дека има поврзаност меѓу нивото на тестостеронот и агресивните поведенија кај машките субјекти (*Larsen, 1978*). Но, има и испитувања на возрасни субјекти кај кои уфрлувањето на тестостерон не доведува до повисок степен на агресивно поведение. Се покажува дека реакциите на еден возрасен субјект во кого е внесен тестостерон во многу зависат од склопот на неговата личност. Дури ни под влијанието на големи количества внесени андрогени хормони, возрасните и веќе формираните лица не го менувале своето поведение во правецот на поголема агресивност (*Alžon*, 1978, стр. 141-146). Ваквите податоци не водат кон претпоставката дека тестостеронот има индиректно дејство врз појавата на физичката агресивност и тоа заради неговото влијание врз развитокот на мускулатурата. Андрогените хормони кај една бремена жена, на пример, дејствуваат врз морфологијата на фетусот, понекогаш дури до тој степен што може да биде изменет неговиот хромозомен пол. Може да се рече дека основното дејство на тестостеронот врз плодот е во диференцирањето на половите и нивната морфологија.

Дека уфрлувањето на тестостеронот во организмот на возрасните не води секогаш кон поголема раздразливост и агресивност може да се покаже и, на пример, преку уфрлувањето на тестерон со помош на интрамускуларни инекции во жените кај кои, после менопаузата, доаѓа до декалцификација што предизвикува болки. Кај овие жени тестостеронот доведува до смирување на раздразливоста што беше предизвикана од самите болки. Всушност, кога ќе дојде до пореметување на жлездите со внатрешно лачење, повеќето од хормоните што не се сексуални и што се заеднички и за машките и за женските субјекти, доведуваат до вознемиреност и раздразливост. На овој начин и може да се објасни зошто извесен број жени се со поагресивни поведенија од оние на мажите.

Проучувањата на половите разлики во агресивноста кај децата покажуваат дека момчињата се повеќе физички агресивни од девојчињата. Но кога се разгледуваат другите форми на агресивност (вербалната или индиректната) наодите не се така еднозначни. Веќе самото спомнување дека има различни облици агресивни поведенија го отвора пред

нас прашањето за попрецизно определување на самиот поим агресија пред да преминеме на причините за појава на полови разлики во нејзиното изразување.

Терминот "агресија" има повеќе значења и ова доведува до збрки и потешкотии кога треба да се одреди нејзиното потекло.

Морган, Е. (1978) дава вакра одредба: "Агресијата е оној физиолошки феномен кој кај цицачите ги предизвикува следниве симптоми: излачување на адреналинот во крвотокот, побрзо лупање на срцето, зголемување на притисокот, промени во системот на крвотокот од кои произлегува површината на телото да е помалку, а мускулатурата и мозокот да се повеќе снабдени со крв; потоа побрзо се создаваат крвни зрнца, побрзо се згрушува крвта, доаѓа до ввестрс, побрзо и подлабоко дишење, запира лигавењето, излачувањето на желудникот сок и перисталтиката, расте процентот на шеќер во крвта, доаѓа до потење и ерекција на влакната од телото". (стр. 184). Сите погоре наведени симптоми се забележуваат и кај човекот.

Maccoby i *Jacklin*(1974) под агресија подразбираат недоволно меѓусебно поврзана група активности и мотиви за кои е основно постоењето намера и желба кај една единка да ја повреди другата. При тоа, овие автори нагласуваат дека начинот на изразување на непријателските чувства многу варира и може да биде во облик на замислени нанесувања на повреди преку дневни соништа, вербална агресивност, маскирана или отворена агресивност, физичка агресивност (стр. 299).

Фром (1975) разграничува два основни вида агресија и тоа биолошки адаптивна агресија и биолошки неадаптивна агресија.

Биолошки адаптивната агресија или, како што Фром поинаку ја нарекува бенигна агресија, е онаа што му служи на животот. Таа е филогенетски програмирана и им е заедничка на животните и луѓето. Не се јавува спонтано туку како реакција и одбрана во извесна животна опасност, тогаш кога е загрозен опстанокот на единката. Така, испитувањата од неврофизиологијата укажуваат дека е оправдано да се зборува за постоење на дефанзивна агресивност кај човекот која се јавува кога му се загрозени неговите животни интереси (Фром, 1975, стр. 99-10 книга 1).

За биолошки неадаптивната агресија или малигната агресија, Фром го употребува и изразот "деструктивност" или "свирепост". Под неа подразбира наклоност кон уништување и стремеж кон апсолутна власт. Претставува исклучително човечка карактеристика, човечки по-

тенцијал што е вкоренет во самите услови на човековата егзистенција и е во зависност од неговите симболички способности.

*Feshbach* (1970), во оделот во кој укажува на проблемите на дефинирањето на агресијата, вели дека е неопходно да се направат разграничувања помеѓу поведенијата што се сметаат за агресивни, а тука пред се меѓу намерната (мотивираната) и ненамерната агресивност Ако активностите на едно хиперактивно и немирно дете, меѓу другото, доведат и до ненамерна повреда на некое дете или кршење на некој објект, станува збор за ненамерен, случаен ефект на активноста на детето. Според тоа, не може секоја активност што ќе доведе до некакви повреди да се определи како агресија. Таквиот вид активност би можело да се нарече ненамерна агресија.

Од друга страна, "намерната" или "мотивираната" агресија не значи дека детето свесно го управува своето агресивно поведение, туку дека агресивната состојба на даденото поведение е основен дел од функцијата на тоа поведение (*Feshbach*, 1970, стр. 161). Самите мотивирани агресивни акти можат, како што вели *Feshbach* да бидат поделени на инструментална агресија и непријателска агресија. За инструменталната агресија е карактеристично дека е насочена кон постигнување неагресивни цели (на пример, го бутка едно дете за да му ја земе играчката). Непријателската агресија или агресивната пулзија има за цел да му нанесе штета на некое лице или објект (на пример, го бутка едно дете за да го повреди или ја фрла една играчка за да ја скрши). *Hartrup*(1977) нагласува дека инструменталната агресија се јавува кога има некаква пречка да се дојде до целта и се сретнува повеќето во предучилишната возраст од непријателската агресија која е насочена кон некое лице кога е загрозено самопочитувањето.

Проблемот на дефинирањето на агресијата и согледувањето на различни видови агреисвни поведенија во поглед на нивната мотивираност не водат кон извесни теоретски проблеми во врска со потеклото на агресивноста. Имено, како основно се поставува прашањето дали агресивните поведенија се под влијание на наследството или се претежно резултат на срединското влијание во вообликувањето на поведенијата на единката.

Ако агресивноста е вроден тип на поведение тоа би можело да значи дека или кај детето има вроден нагон да им нанесува штета на другите или дека агресијата е доминантен вид одговор во извесни видови ситуации. Најчесто изнесувани и критикувани инстинктивистички сфаќања за агреисвноста се Фројдовото и Лоренцовото сфаќање.

Според хидрауличниот модел на агресивноста што го застапува Лоренц (186), агресивноста претставува инстинкт чиј извор лежи во внатрешната раздразливост на организмот која бара растеретување и која се јавува без обзир на тоа дали постои или не надворешен стимул. Лоренц смета дека, како што водата и пареата вршат притисок врз затворениот сад да излезат, така и насобраната внатрешна раздразливост спонтано, без постоење надворешен стимул, се стреми да излезе во вид на агреисвно поведение, а единката не е во состојба да го контролира.

И покрај тоа што и Фројд агреисвноста ја сфаќа како инстинкт (тој наведува дека постојат два вида инстинкти кај човекот - инстинкт на смртта и нему спротивниот ерос), сепак неговото сфаќање суштински се разликува од Лоренцовото во тоа што Фројд верува дека човекот запознавајки го своето несвесно и потсвесно, ќе успее преку својот разум да го разреши проблемот на постоењето на инстинктот на смртта.

Да го наведеме овде и становиштето за агресивноста на нашиот психоаналитичар Владета Јеротиќ (1976). Тој, откако се прашува дали агресивноста е самостоен нагон или пак се стекнува во раното детство под влијание на воспитанието (стр. 19), ја прифаќа Јунговата претпоставка за постоењето на една единствена праенергија што Јунг ја нарекува либидо и од која се развиваат и сексуалниот и агресивниот нагон (стр. 21).

Ние овде само би напомнале дека ваквиот начин на поставување на проблемот на агресивноста само нè оддалечува од некои современи сознанија за човековата природа и факторите што влијаат врз нејзиното остварување. Имено, денес е општо прифатено дека кај човекот не може да се зборува за инстинктивни и вродени поведенија бидејки уште од најраното детство врз развитокот дејствуваат освен наследството и средината и активноста на самата единка како активни чинители во развитокот на личноста.

За разлика од инстинктивистичките теории за агресивноста, теоријата на учење по модели, што може уште да се нарече и реактивна теорија на агресивноста, застапува мислење дека таа е резултат на изложувањето на организмот на фрустративни искуства. Имено, определени фрустративни искуства предизвикуваат како одговор агресивни поведенија, но обликот во кој ќе се јават тие поведенија и интензитетот на агресивниот момент во нив во многу зависи од учењето.

За нас се чини прифатливо мислењето според кое агресивноста е доминантен одговор во хиерархијата на одговори што се предизвикани во такви стимул ситуации како што е фрустрацијата. Во такви случаи поткрепувањето може да придонесе да се зголеми или да се намали количината на агресивните поведенија во хиерархијата на другите поведенија (*Feshbash, 1970, str. 173*).

При потрагата по одговорот на прашањето што е тоа агресивност ни се чини дека Фромовата поделба на два основни и различни видови агресивност најмногу не приближува до можноста да ги разбереме агресивните поведенија кај човекот. Имено, се чини дека е несомнено дека еден вид агресија е дефанзивната агресија која претставува начин на реагирање и се јавува како реакција и одбрана во извесна животна опасност (или во фрустративни ситуации кои го попречуваат нормалното одвивање на основните активности на единката). Сосема друг вид агресивност претставува деструктивноста и свирепоста за кои Фром со право вели дека се специфични само за човечкиот вид и претставуваат страсти, а последниве се само еден од начините да се најде смислата на животот и се составен дел на карактерот.[1] (Фром, 1975, стр. 85-86, книга 1).

Во "Критичка анализа на концепцијата на човечката агресивност", советскиот автор Румјанцева (1982) истакнува дека Фром, зборувајќи за два вида агресивност, всушност не одговара на прашањето што е тоа агресивност: вроден инстинкт или социјален феномен, односно според Фром агресивноста како да е и едното и другото.

Што на Румјанцева и пречи во двојната фромова определба на агресивноста? Изгледа пред се тоа што и Фројд и неофројдистите (и Фром како припадник на последниве) причините за агресивните поведенија ги бараат во самиот човек и неговата "неизменета" природа, независно од тоа дали се смета дека тој во почетокот е "лош" или "добар". Во потрагата за заедничкото на сите луѓе во коибило културно-историски услови на живеење, Румјанцова вели дека се занемарува историскиот пристап во расветлувањето на променливоста на човековата природа и општествено-историската условеност на човечките потреби.

---

1) Под карактер Фром подразбира "... релативно постојанен систем на сите неинстинктивни стремежи со помош на кои човекот се однесува спрема човечкиот и природниот свет. Карактерот може да се сфати како човечка надокнада за недоволните животински инстинкти - тој е човековата друга природа" (Фром, 1975, стр. 50, книга 2).

Се согласуваме со Румјанцова дека агресивноста е само вид поведение кое се јавува како реакција на недовршените дразби, и како што уште Павлов рекол дека агресивните поведенија се јавуваат како одраз на надворешни влијанија врз организмот. Не може да се зборува за спонтани агресивни импулси, како што тоа го прави Лоренц. Агресивните активности не настануваат спонтано од некоја внатрешна енергија, од внатрешни стимули. Тие не се инстинкти.

Но дали може да се исклучи уделот на наследниот момент во јавувањето на агресивните поведенија?

За да одговориме на погорното прашање ќе се задржиме на двојството во определувањето на агресивноста што го дава Рот (1972). Последниов автор нагласува дека треба да се прави разлика меѓу агресивните импулси и агресивните поведенија или агресивните мотиви (стр. 236-237). Додека за агресивните импулси тој смета дека се вродени и претставуваат природна реакција кај луѓето кога се нападнати од другите или се спречени да ги остварат своите потреби, за агресивниот мотив Рот вели дека претставува поведение чија намера е да му се нанесе штета или да се повреди некој друг. При тоа зборувајќи за условите и изворите на агресивноста, Рот истакнува дека постои вроден механизам за јавување на агресивниот импулс (или чувство), и тој е предизвикан од определени видови фрустрации. Но зачестеноста на јавувањето и интензитетот на агресивниот импулс Рот вели дека зависи од личното искуство и од социјалното учење. "Можно е, вели тој, преку социјализација да се инхибираат агресивните импулси, како што е можно преку учење многу дразби и ситуации кои поране не претставувале поттик за јавување на агресивно чувство да станат поттик за такви поведенија" (стр. 243). Што се однесува до агреисвната активност, Рот истакнува дека таа "уште во поголема мера, дури првенствено и претежно е зависна од социјалното учење" (стр. 243).

Во погорното објаснување на Рот на агресивноста се истакнува и значењето на наследниот момент и личното искуство и социјалниот момент. При сето тоа овде е добро да се истакне уште и културно-историската променливост на човековата природа онака како што ја објаснуваат советските автори.

Да ги разгледаме сега, уште еднаш, причините за половите разлики во агресивноста. Дали меѓу половите постојат квантитативни или квалитативни разлики во поглед на агресивноста, или и едните и другите? Односно, дали се машките повеќе агреисвни од женските или се само различно агресивни?

Испитувањата во САД веќе неколку децении во назад покажуваат дека момчињата во предучилишниот период се повеќе агресивни од девојчињата. Има испитувања и од Велика Британија што го покажуваат истото (*Smith i Green, 1975.*). Но овие испитувања најчесто само констатираат определена состојба, а не ги разгледуваат и причините што довеле до неа.

Сведоци сме во секојдневните односи дека во повеќе култури агресивноста општо е прифатена како машка карактеристика, а посебно физичката агресивност. Од момчињата се очекува да бидат агресивни и возрасните нивната агресивност ја гледаат како "природна". Оние машки што се помалку агресивни дури добиваат и прекори како што е "женски Петко", "Страшло", а обратното важи за девојчињата кои ако покажат агресивни поведенија ги нарекуваат"Машкобанки"

Дека средината значајно влијае врз вообликувањето на агреисвните поведенија укажуваат и испитувањата на М.Мид според кои постојат разлики меѓу единките од двата пола во поглед на агресивноста во различни култури.

Ако не е оправдано да се зборува за агресивни инстикти, дали е тогаш оправдано да се зборува за различна диспонираност за учење агресивни поведенија кај машките и женските единки?

Проучувањата на приматите пакажуваат дека машките единки се повеќе диспонирани за јавување на агресивни поведенија: кај нив се забележуваат повеќе груби игри меѓу машките младунчиња отколку меѓу женските.

Може да се претпостави дека раното изложување на централниот нервен систем на дејството на машките хормони кај машките единки влијае врз појавата на поголема физичка сила и моторичка импулзивност кај нив т.е. се јавуваат поинакви конституционални диспозиции што ја тераат единката на груби игри. Од друга страна, кај женските новороденчиња е забележана поголема кожна осетливост и поголема осетливост за бол отколку кај машките новороденчиња, а ова може да има свој одраз врз помалкубројните изразувања на физичка агресивност кај девојчињата т.е. тие повеќе да ги упразнуваат пасивните телесни контакти, а не да се впуштаат во борење и други груби активности што водат кон појава на физичка агресивност (*Feshbach, 1970, str. 189*).

Како докази дека поголемата машка агресивност има биолошки компненти *Maccoby i Jacklin* (1974) ги наведуваат следниве: "1) манифестирање на полови разлики на сличен начин кај човекот и кај субхуманите примати; 2) таа е меѓукултурално универзална; и

3.) нивоата на агресивноста се зависни од половите хормони. Исто така, неочекувано најдовме дека нема јасна очигледност дека возрасните повеќе ја поткрепуваат агресивноста кај момчињата од онаа кај девојчињата; всушност, вистина може да биде спротивното"(стр.360) Погорните автори преку ваквите докази истакнуваат дека не сакаат да ја намалат улогата на учењето туку само укажуваат дека момчињата се повеќе биолошки подготвени да ја научат агресивноста (стр.361).

Погорните податоци можат да ни помогнат во објаснувањето на еднозначниите резултати од повеќе студии според кои момчињата покажуваат повеќе физички агресивни поведенија од девојчињата. Уште повеќе, детето што е јако и победува во интеракцијата во која е вклучена физичка сила и физичка агресивност во односите со другите, преку своето сопствено искуство веќе добива повеќе позитивни поткрепувања за повторно користење на физичката агресивност во нова ситуација на интеракција со послаби субјекти. Забележливо е дека и самите возрасни поинаку го социјализираат едно послабо од едно посилно дете. Имено, послабите деца секогаш се повеќе заштитувани.

Интересни се и податоците според кои редоследот на раѓањето влијае врз степенот на физичката агресивност кај децата. Најголем број студии во тој поглед покажуваат дека првородените деца се помалку агресивни и повеќе ги контролираат импулсите од децата што се родени по нив. Ова особено е забележливо кај момчињата и е можно да се должи на поголемиот притисок врз момчињата од страна на возрасните во поглед на изразувањето на нивната агресивност спрема помалите браќа и сестри.(*Feshbach, 1970, str. 195)*.

Ако изразувањето на физичката агресивност кај децата зависи од редоследот на раѓањето, тогаш очигледно е колку срединското влијание, воспитанието, игра битна улога врз јакнувањето на половите разлики во физички агресивните поведенија. Намалувањето на физички агресивните поведенија кај постарите момчиња може да се дојде по аналогија на податоците според кои и машките мајмуни станувале пом агресивни во односот со мајмунчињата после извесен период поминат во интеракција со нив (*Maccoby, 1978*).

Една помалу нагласена поделба на активностите околу подигнувањето на децата се очекува да доведе до намалување на разликите меѓу половите, меѓу другото и во поглед на агресивноста. *Whiting i EdWards*,*(1974)* вака го резимираат својот извештај на меѓукултуралната анализа на половите разлики кај децата од 3-11 години: "Во општествата во кои момчињата се грижат за децата,

куваат и изведуваат други работи во домаќинството, има помалку разлики меѓу момчињата и девојчињата, што воглавном произлегува од намалувањето на "машкото" поведение кај момчињата...". Слично нешто е констатирано во испитувањата на *Ember* во Кенија каде е забележано дека момчињата на кои им биле дадени извесни "женски" задачи покажале профил на однесување многу "поженствен" од оние момчиња во Кенија кои не биле задолжени и не ги вршеле истите активности (податоците се земени од *Larsen, 1978, str. 354)*[1)]

*O'Leary, Kent i Tonick (1973)* наоѓаат дека учителите значајно повеќе одговараат на агресивните поведенија кај момчињата отколку кај девојчињата. Иако е тоа во вид на забрана или ограничување, авторите сугерираат дека вниманието што им го свртуваат учителите, па макар и на ваков начин, може да биде причина за одржување на агресивните поведенија кај момчињата.

*Smith i Green (1975)* мислат дека кога воспитувачките не би интервенирале агресивните поведенија би биле уште почести т.е. тие сметаат дека разликите меѓу половите не се предизвикани од поткрепувањата од страна на возрасните во предучилишните институции, туку дека причините треба да се бараат во нешто друго што е исто така од социјален карактер, или во биолошките фактори.

*Brodzinsky, Messer i Tew (1979)* испитувајќи ја агресивноста со проективни техники од типот на ТАТ и преку скала на процена на агресивноста со која ја мереле отворената агресивност спрема врсниците кај децата со средна возраст од 10;9 години, ги добиле следниве резултати: момчињата биле оценети од врсниците и од учителите како значајно поагресивни од девојчињата во поглед на отворената агресија (директната, физичката агресивност како што е удирањето, клоцањето, фрлањето на предмети) и во вербалната агресивност (прекори, претење, псуење), но не и во индиректната агресивност (да му се земе или да му се расипе предметот на другиот, клеветење). Што се однесува до половите разлики во имагинативната агресија, момчињата раскажувале приказни со повеќе физичка агресивност од девојчињата. Напротив, девојчињата давале повеќе при-

---

1) Вакви и слични податоци укажуваат на едно можно решение за постигнување рамноправни односи меѓу половите, а тоа е подеднаква грижа околу подигнувањето на децата од страна на двата родитела. Во подоцнежното изложување не станe збор како за теоретските така и за практичните решенија на проблемот на подеднакво ангажирање на возрасните единки од двата пола во подигнувањето на младите генерации.

каэни се индиректна агресивност од момчињата, но не се најдени поголеми разлики во продукцијата на имагинативно-вербалната агресивност.

Овие резултати сугерираат дека девојчињата не се помалку агресивни од момчињата. Разликата е во тоа што момчињата се отворено, физички агресивни, а девојчињата се индиректно агресивни. Блиску до овие податоци се и оние според кои момчињата и девојчињата покажуваат сличности во нивните знаења за агресивните одговори, но тие често се разликуваат во подготвеноста да ги изведат тие поведенија (*Mishel, 1970, str. 42*).

*Feshbach (1970)* наведува студии според кои девојчињата покажуваат повисок степен на просоцијални форми агресивност (на пример, кога во група на врсници се вметнува ново дете, девојчињата биле со понепријателско однесување кон него и повеќе го отфрлале, помалку контактирале со него и повеќе го критикувале отколку момчињата). Истиот автор наведува и такви проучувања во кои кај девојчињата се забележува повисок степен на анксиозност заради агресивноста и чувство на вина ако покажале агресивно поведение.

Значи, се забележуваат разлики во начините, облиците на изразување на агресивноста меѓу половите. Но досегашните студии не одговараат на прашањето дали индиректните и вербалните форми агресивност се замена за отворената, физичката агресивност, или пак се поинаква, нова форма одговарање во една фрустративна ситуација и се должат на поинакво лично искуство и поинакви поткрепувања и инхибирања од страна на средината.

Според теоријата на социјалното учење произлегува дека девојчињата се социјализираат во правецот на поголемо чувство на вина и анксиозност кога изразуваат агресивност. Заради тоа можно е тие агресијата повеќе да ја инхибираат од момчињата или да ја каналираат во други правци кои се социјално повеќе прифатливи. Изгледа дека девојчињата повеќе ја контролираат агресивноста и не дозволуваат таа да се јави и да се изрази во отворени форми.

Дали е можно да се развила поголема биолошка подготвеност кај момчињата за реагирање со отворена, физичка агресивност во текот на еволуцијата на човечкиот вид, или пак тие неа ја носат како наследство од некогашните предци?

Дека е возможно последното укажуваат податоците од испитувањата на агресивните поведенија кај резус мајмуните кај кои машките мајмунчиња покажуваат повеќе агресивност од женските.

*Maccoby i Jacklin (1974)* сумирајќи ги резултатите од не многубројните проучувања наоѓаат согласност во нив од која произлегува дека девојчињата и жените се поретко предмети како и производители на агресивни акти и тоа како кај луѓето така и кај мајмуните. Понатаму истите автори забележуваат дека машките се најмногу агресивни едни спрема други, а ретко спрема женските, па тргнувајќи од ова тие заклучуваат: "Може да се размислува за биолошката корист од ова. За надживување на бисексуалните видови позначајно е постоење на повисока пропорција на женски од машки кои преживуваат до зрелост; затоа помал степен на агресивност спрема нив од страна на посилниот маж има предност од еволуционата точка на посматрање." (стр. 239)

Но од стојалиштето на биолошката корист последните автори не можат да ги објаснат и процесите, патиштата кои водат до почестите јавувања на агресивните поведенија кај машките единки.

Дури и во облик на претпоставка дека постојат поголеми наследни диспозиции за учење на агресивните поведенија кај машките единки, очигледно е дека се смета на големиот удел на факторот наследство како таков. Ако е така, тогаш би ттребало да се очекува дека во колку едно општество е попримитивно и понеразвиено во толку во него повеќе да се јавуват агресивните обичаи на поведение во односите меѓу луѓето. Но, за жал, не се најдени никакви археолошки докази за тоа како се однесувале првобитните луѓе меѓу себе и ние за тоа можеме само да претпоставуваме. Така, под влијание на бројните сурови војни што се воделе и сеуште се водат, се родило верувањето дека првобитните луѓе морале да бидат со уште понагласени агресивни поведенија во меѓусебните односи. Притоа се заборава дека во првобитните општества земјата и природните богатства воопшто им припаѓале на сите.За одбележување е дека доисториските населби немале заштитни ѕидини. За војните воопшто може да се рече дека немаат биолошки причини туку општествени.

Дали е агресивноста неизбежна состојка на правата човекова природа? Дали за човекот може да се рече дека е *Homo aggressoris?*

Поскорашни истражувања кај луѓето и други животински видови покажуваат дека кај нив примарна е потребата од другите единки од видот на кој му припаѓаат и за човековиот опстанок и постанок неминовно е емоционалното врзување за други луѓе. И уште повеќе. За да можат да опстанат луѓето во првобитните заедници неминовна била соработката меѓу нив. Војните, од своја страна, се јавуваат во

подоцнежниот степен од општествениот развиток. Но дури и кога станува збор за војувањето, како масовен облик на агресивно однесување меѓу луѓето, тоа пред се бара соработка меѓу единките.

Според повеќето од погоре изнесените податоци може да се заклучи дека дефанзивната агресивност, или како што Фром поинаку ја нарекува биолошки адаптивна агресивност, се заснова на вроден механизам на јавување на неврофизиолошки процес во организмот кога е тој нападнат и се фрустрирани можностите за задоволување на нужните потреби за опстанок. Во таков случај сметаме дека не би требало да има индивидуални разлики, па ни полови. Се очекува секоја единка да покаже дефанзивни агресивни реакции во случај на самоодбрана на своето постоење. Сепак, и во овој случај се покажува влијанието на личното искуство и социјалното учење.

Веќе тука може да се истакне дека според првата самониклата полова поделба на трудот во првобитните заедници машките единки беа повеќе изложени на ситуации во кои се јавува одбранбената агресивност. Наша претпоставка е дека истата таа поделба на трудот придонесе кај нив да се јават подоцна како понагласени отколку кај женските единки стремежите кон апсолутна власт, потребата за доминација и деструктивната агресивност. Можно е, според тоа, да се претпостави дека поголемата машка агресивност има историски корени, но не и биолошки. Ние претпоставуваме дека поделбата на трудот, а подоцна различните социјализации на машките и женските единки, доведуваат до поголема агресивност кај машките единки (за ова ќе стане збор уште во делот каде се зборува за потеклото на машката доминација).

Влијание на андрогените хормони врз психосексуалното диференцирање.

Значението на хормоните за половиот развиток на единката може да се согледа од испитувањата на влијанието на андрогените хормони врз женскиот фетус, а исто така и од оние на последиците од лишувањето од неговото влијание врз машкиот фетус. Најчесто станува збор за испитувања вршени на псевдохермафродити.[1)]

1) Псевдохермафродитите се карактеризираат со тоа што кај нив надворешните полни органи и сексуалните полови белези се на еден пол, а полните жлезди на друг пол. На пример, може да има машки полни жлезди а женски полни органи и повеќе или помалку помешани полови особини во поглед на скелетот, дојките, гласот. Тие се јавуваат многу почесто од правите хермафродити што се навистина реткост. Кај правите хермафродити има присуство на две морфологии и два репродуктивни системи, а ова е можно билејќи кај нив има клетки од машки (XY) и женски (XX) тип. Тоа е така наречениот *Klinderfelter*-ов синдром (47 XXY). Значи, правиот хермафродит се карактеризира со едновремено постоење, во еден ист организам, или на одвоени машки и женски полови жлезди (оваријуми и тестиси) или постои една заедничка жлезда (овотестис).

Отсуството или несетливоста на андрогените хормони за време на критичниот период од развитокот води кон феминизација на генетичкото машко. Неговите надворешни гениталии се сосем женски, иако постои рудиментираност на утерусот, а самата вагина е плитка. Заради надворешниот изглед на гениталиите, ваквите бебиња по раѓањето се означени како женски од страна на средината. Во пубертетот кај нив се развиваат гради, а распоредот на масното и мускулното ткиво е како кај женските единки. Најчесто единствено отсуство на менструацијата е знак дека надворешниот пол на единката е спротивен од генетичкиот *(Baulieu i Haour, 1978)*.

Како што отсуството на андрогените хормони за време на критичниот период од развитокот на гениталните органи може да доведе до феминизација на генетичкото машко, подеднакво присуството на андрогените хормони во тој ист период кај генетичкото женско може да дојде од две причини: или постои наследено пореметување во метаболизмот[1] или додека мајката го носи плодот има андрогени хормони во својот организам. Во вакви случаи генетичкото женско се раѓа или со зголемен клиторис или со пенис, а самите внатрешни репродуктивни органи се сосема женски *(Money i Ehrhard, 1972)*.

Како се одразува ваквото хормонално влијание во пренаталниот период врз подоцнежните поведенија на единката?

Има испитувања што укажуваат дека феталната маскулинизација преку дејството на андрогените хормони има извесно влијание врз поведенијата на единката во понатамошниот нејзин развиток *(Ehrhard i Baker, 1974; Money i Dalery, 1977)*. Посматрањата на девојчињата со адреногенителен синдром од страна на овие автори покажуваат дека тие се повеќе "машкуданки" од другите девојчиња, подразбирајќи го под ова нивниот поголем интерес заponапорни физички активности, за натпреварување, за борење со машките. Но тие,

---

1) Вродената надбубрежна хиперплазија го маскулинизира генетички женскиот ембрион заради тоа што постои пореметување во ензимите. Последново доведува до зголемена продукција на андроген во надбубрежните жлезди за време на феталниот период заради тоа што фетусот носи два рецесивни гена кои не можат да го преобразат стероидниот хормон од андроген тип во кортизон. Кај овие генетички женски деца јајниците, утерусот и вагината се атрофирани, додека клиторисот е нараснат во форма на пенис. Овие девојчиња се лечат со внесување на кортизон што ја блокира надбубрежната продукција на андроген и овозможува подоцнежен развој на женски правец, што е во согласност со хромозомниот пол на детето. Отстапувањата во телесниот изглед подоцна се поправаат по хируршки пат *(Baulieu i Haour, 1978)*, стр. 141-142).

и покрај ваквите поведенија, не покажале поголема физичка агресивност. Била забележана и нивната желба да играат повеќе со "машки" играчки и помалиот интерес за играње на игри во кои можело да дојде до израз "мајчинското" однесување. Во подоцнежните интервјуи со нив се покажало дека, и покрај ваквите поведенија во детството, тие во планирањето на својот иден живот имале намера да остварат и мажаЧка и мајчинство, но овие интереси ги ставале после остварувањето на извесен професионален успех, после остварувањето на извесен напредок во професионалната кариера. Интервјуираните девојки со адреногенитален синдром во детството биле јасно идентификувани преку женските улоги што ги изведувале како карактеристични за општеството во кое живееле и нивните поведенија не ги сметале за ненормални ниту тие самите ниту нивните родители и врсници. Изјавите на родителите на овие девојки укажуваат дека тие, од своја страна, вршеле многу мал притисок врз нивните ќерки за "поженствено" однесување бидејќи ним нивното поведение не им изгледало ниту ненормално ниту маскулинизирано.

Како може да се објасни повисокиот степен на "маскулинизирани" поведенија кај испитаните девојчиња со адреногенитален синдром при раѓањето?

Самите погоре наведени автори сметаат дека степенот на поголемата маскулинизација на поведенијата кај овие девојчиња се должи на влијанието на андрогените хормони.

Ние би биле многу повнимателни во заклучувањата што произлегуваат од погорните испитувања. Најнапред, резервираноста во прифаќањето на објаснувањето на самите автори на овие истражувања произлегува од самиот начин на кој се добиени податоците. Имено, тие се добиени преку интервју со родителите и самите девојчиња, а не преку посматрањата на нивните вистински однесувања. Токму заради тоа и не се знае колку всушност вистинските поведенија на овие девојчиња биле поразлични од оние на другите девојчиња што се развивале нормално. Понатаму, во заклучувањата треба да се биде внимателен и заради тоа што ако овие девојчиња се однесуваат "машкулански", а и самите себе се сметаат за машкуданки, тоа не мора да се должи на некогашното влијание на хормоните. Таквите нивни поведенија би можеле подеднакво, ако не и повеќе, да се последица на социјалното влијание. Имено, самото знаење од страна на родителите дека нивните деца беа полово неопределени - ни машки ни женски - може да придонесе тие да не ги сузбиваат појавените "машки" поведе-

нија кај ваквите нивни девојчиња, а кај другите тоа да го прават, и при тоа да не бидат свесни за своето однесување. Кон последниве размислувања водат и некои испитувања што покажуваат несовпаѓање меѓу посматраните поведенија на родителите во односот кон нивните деца и самите нивни изјави за тоа како тие мислат дека се однесуваат кон нив (*Fagot, 1974 i 1948*).

Погоре наша претпазливост во заклучувањата што можат да произлезат од испитувањата на девојчињата со адреногенитален синдром, не ја исклучува можноста на влијанието на хормоните врз развитокот на разлики во темпераментот меѓу машките и женските единки воопшто, како и меѓу единките внатре во истиот пол (*Ehrhard i Baker*, 1974, стр. 49-50).

За да може подобро да се разбере хормоналното влијание врз појавата на различни поведенија кај единките од двата пола, треба да се изнесе податокот дека кај секој пол постојат мали количини хормони од спротивниот пол. Уште повеќе, машките и женските сексуални хормони во хемискиот состав се многу сродни и во текот на нивната синтеза во организмот можат да поминат по ензиматичен пат од прогрестерон према тестостерон, а потоа во естроген.

*Money* (1978, стр. 223-228) обидувајќи се да внесе поголемо светло во објаснувањето на функционалниот диморфизам во диференцирањето на човечкиот централен нервен систем под влијание на хормоните, а едновремено и разбирање на поведенијата кај единките од двата пола што не се исклучуваат туку, напротив, најчесто се карактеристични за единките од двата пола, го воведува терминот "степен или праг на осетливост". Имено, *Money* ја поставува хипотезата според која пренаталното програмирање на различните поведенија кај половите не е апсолутно, но сепак е можна извесна поголема осетливост, пермисивност, можност дразба со помал интензитет да предизвика реакција кај едни единки што кај другите нема да се јави бидејќи прагот на осетливоста е повисок. Под ваквиот праг на осетливост може да се подразбира дека на едниот пол му е потребно, на пример, појак стимул отколку на другиот за да се јави кај него определено поведение. Како пример можат да се наведат девојчињата со адреногенитален синдром кај кои многу полесно и многу повеќе се сретнуваат поведенија карактеристични за машкиот пол. Кај овие девојчиња,

како и кај оние со Тарнеровиот синдром[1], како да постои повисок праг на осетливост спрема потребата од засновување љубовна врска со момче бидејќи се забележува дека кај нив ова се јавува подоцна. Но во подоцнежното нивно однесување кон нивните деца не се забележуваат недостатоци во мајчинското поведение (*Money*, 1978, стр. 277).

Всушност, проучувањата на девојчињата со адреногенитален синдром многу повеќе одат во прилог на сфаќањето дека кај луѓето психосексуалната диференцијација е во зависност од назначениот пол на детето и воспитувањето што се одмерува во зависност од сфаќањата што постојат во дадена култура. Кај девојчињата со адреногенитален синдром половиот идентитет и половите улоги биле во зависност од назначениот пол на детето и воспитните постапки кои се одмеруваат во зависност од тоа (*Money i Erhard, 1972, Money i Dalery, 1977*). Последниве автори наведуваат дека маскулинизацијата на надворешните генитални органи може да биде до тој степен што на местото на клиторисот може да се развие вистински пенис, а тоа во извесни случаи довело до препознавање и назначување на генетичкото женско како машко. Во вакевите случаи децата својот полов идентитет и половите улоги ги формирале во машки правец, бидејќи така биле одгледувани. Кај овие деца во пубертетот дошло до усложнување на состојбата бидејќи кај нив почнале да се јавуваат секундарните женски карактеристики под влијание на женските гонади.

Кај другите бебиња со адреногенитален синдром направена е точна дијагноза за нивната генетичка женска припадност. Со помош на хормонален и хируршки третман направен им е женски соматски изглед. За нив авторите велат дека, и покрај тоа што се назначени и одгледувани како женски и во целина нивниот полов идентитет и полови улоги се дефинирани како женски, покажувале повеќе машкудански однесувања отколку нормалните девојчиња.

Испитувањата на *Money* и неговите соработници на хермафродитите и псеудохермафродитите се сосема определени во основниот заклучок дека,

1) Кај Тарнеровиот синдром карактеристична е монозомијата на X хромозомот т.е. постојат 45 ХО, а нема 1Х хромозом. Тој се јавува кај единките од женскиот пол. Кај чистиот Тарнеров синдром во сите соматски клетки се среќаваат 45 ХО и бидејќи тој претставува тешко пореметување малкумина преживуваат. Мозаичниот Тарнеров синдром содржи 45 ХО:46 XX. Фенотипски особини на лицата со Тарнеров синдром се следните: округло лице, кус и широк врат, ниско поставени уши, куса и мала долна вилица, куси коски, страбизам, астигматизам, аменореја. Наведените карактеристики се јавуваат во поблага форма кај единките со мозаичен Тарнеров синдром. Зачестеноста на нивното јавување е 1:3000 до 1:5000.

независно од генетичко-хормоналната и морфолошката сличност, овие деца во понатамошниот развиток покажувале машки или женски поведенија во зависност од тоа со кој пол биле означени и одгледани.

Постојат и други пореметувања кои покажуваат дека границите меѓу двата пола не се непремостливи и дека разликите меѓу нив не се апсолутни нити на соматски нити на психолошки план. Пореметувањата што се среќаваат во половиот идентитет се уште поочигледни доказ за големото значење што го има воспитниот фактор во неговото формирање. Да ги помeнеме овде трансексуалистите кои, и покрај тоа што имаат телесни карактеристики и плодност во согласност со гениталните органи и едновремено самите хормонални функции на гонадите им се во согласност со гениталната морфологија, добро се чувствуваат само ако ги имаат половите улоги карактеристични за полот на кој тие мислат дека му припаѓаат. Искуствата со ваквите лица покажале дека е многу полесно да им се измени надворешниот изглед преку хируршки зафат отколку да им се промени половиот идентитет преку психотерапија.

Ваквите и слични појави покажуваат дека дури и ако постојат конституционално наследно засновани диспозиции за определено однесување тие можат да бидат изменети, па дури можат често и да бидат свртени во обратен правец, преку социјалното влијание.

Од досега изнесеното произлегува дека не е оправдано постоењето на различните полови улоги да го засновуваме во најголема мерка на влијанието на генетските и хормоналните фактори. Но дали тие можат да бидат и занемарени? Зазо (1978) вели дека е убеден дека "сите наши поведенија, сите наши реакции, зависат повеќе или помалку, директно или индиректно, од генетичките фактори. И кој, според тоа, би можел да ги стави под сомнение, што се однесува до момчињата и девојчињата, биолошките разлики што дејствуваат во јавувањето на психолошките разлики. Но, а ова е значајно, овие биолошки разлики (што се однесуваат на пример на начините на осетливост, емоционалнист реактивитет) можат да бидат вреднувани од општеството и едновремено да бидат култивирани, зголемувани. Така можат да се родат стереотипиите за мажот и за жената, кои впрочем се разликуваат од едно до друго општество". Својата дискусија Зазо ја заклучува со следнава изјава: "Не ќе е сериозно да се негира дејството на генетичките фактори: објективните разлики во морфологијата (предодредени генетички) повеќе или помалку силно се одразуваат преку стереотипиите. Накусо, еден стереотип може да биде сметан, доста често како намерно зголемување, како карикатура на вистината. Во секој

случај, хипотезата вреди да биде разгледана" (стр. 278-279).

Се согласуваме со Заза дека стереотипите можат да бидат "карикатура на вистината", но прашањето е на која вистина - дали на биолошката или на социјалната? Овде веднаш може да се рече дека не станува збор за постоење на наследна предодреденост за појава на стереотипни полови улоги, туку за нивна културно-историска условеност. Постојните односи меѓу половите, половите улоги во конкретно општество, се вистината која се одразува во психата на поединецот. И при тоа сметаме дека формите и начините на кои трудот е организиран во општеството се вистинската основа врз која се заснова изградбата на личноста чиј составен дел, меѓу другото, е и половиот идентитет.

<u>3. Разлики меѓу машките и женските новороденчиња.</u> Се поставува прашањето кога почнуваат да се јавуваат разликите во однесувањата меѓу единките од двата пола. Ако е тоа во периодот на новороденче, тогаш таквите однесувања се во најголема мера под влијание на генетичките и) или хормоналните фактори. Истражувањата на активностите кај новороденчињата би требало да овозможат, меѓу другото, да се разграничи кои однесувања се вродени, а кои стекнати во поголема мера.

Едно прво ограничување што се поставува при ваквите истражувања е ограниченист репертоар на однесувања што се сретнуваат кај новороденчињата. Она што може да се следи е нивото на општата активност што се забележува кај новороденчето. Во врска со неа може да се запрашаме дали е, на пример, пожелно за понатамошниот развиток да постои во почетокот повисок степен на општа активност. Некои истражувања за ова не сретнавме, но сепак може да се претпостави дека не е пожелно постоењето на хиперактивност. Но, да наведеме овде некои податоци што произлегуваат од испитувањата на новороденчињата, а кои би помогнале во расчистувањето на проблемот околу влијанието на биолошките фактори во јавувањето на половите разлики во психолошките карактеристики.

Moss со неговата студија од 1967 е цитиран од повеќето автори што го разгледуваат проблемот на разликите меѓу машките и женските новороденчиња. Тој нашол дека на 3 неделна возраст девојчињата повеќе спијат, помалку плачат и покажуваат помала раздразливост од машките деца. Се покажало дека мајките на оваа возраст повеќе ги држат момчињата и повеќе одговараат на нивните барања. Ваквите нивни

поведенија можеби се должат на фактот што момчињата биле повеќе будни и самите бараle повеќе внимание.

Ако се овие наоди точни, односно ако се оветнуваат и во други испитувања, тогаш разликите во постапувањето со машките и женските деца не мора да се должат на стереотипните модели што ги наметнува средината, туку на самите разлики што децата ги носат уште од раѓањето и се наследени. Вакриот заклучок би бил преуранет ако се заснова само на погорните Moss-ови испитувања бидејќи извесни поведенија можат да бидат стекнати по пат на условување уште во пренаталниот период, а истото е можно многу повеќе во текот на 3 недели по раѓањето.

Moss (1974), после десетгодишни проучувања, пишува дека наодите од неговите проучувања се многу несигурни бидејќи многу од половите разлики што ги забележал се со гранична статистичка значајност и постоело големо покривање на машката и женската дистрибуција. И други испитувања во последнава деценија укажуваат дека не постои постојаност во однесувањето на новороденчињата и доенчињата и дека разликите кои беа најдени во поранешните испитувања, погрижливо водени скорашни истражувања не ги потврдуваат. Исто така, се покажува дека посматрачот суди за поведението на детето знаејќи го неговиот пол т.е. според стереотипните модели во општеството на кое посматрачот му припаѓа (*Condry i Condry, 1977*).

Постојат малу студии на спонтаните активности кај новороденчињата што водат сметка за сите активности во подолг период и кои се користат со посматрање од страна на повеќе посматрачи што не го знаат полот на детето. Една таква е онаа на *Phillips* и др. (1978). Оваа студија покажува дека машките новороденчиња биле повеќе будни од женските и покажувале повеќе фацијални гримаси и понизок степен моторни активности. Значи, машките новороденчиња не плачеле повеќе од женските, како што се покажало во првата студија на Moss. Момчињата не плачеле повеќе ни во другата студија на Moss (1974), како ни во проучувањата на други што воделе сметка посматраните машки новороденчиња да не се обрежени. Имено, прегледот на досегашните истражувања на новороденчињата направен од *Korner (1974) i Phillips (1978)* покажуваат дека не била земена во обсир обрежаноста на испитаните машки новороденчиња, што е честа пракса ден по раѓањето во породилиштата во САД каде се вршени најголем дел од посматрањата. Сосема е можно обрежувањето, а не полот, да е причина за најдените полови разлики кај новороденчињата во САД, но не и во Европа каде

праксата на обрежување не е општо прифатена, но каде не се најдени ни полови разлики.

За да може да се согледа врската меѓу спонтаните активности кај новороденчињата со другите психички активности и полови разлики подоцна, неопходни се лонгитудинални испитувања. Бидејќи последниве се ретки, тешко е да се дојде до единствен заклучок во поглед на поврзаноста меѓу раните и подоцнежните психички активности. Исто така многу би биле корисни сознанијата за стабилноста на проjавените активности кај новороденчињата. Постојаноста на определени поведенија може да се испитува во поглед на покуси или подолги временски интервали. *Korner* (1974) наведува испитувањата што покажуваат дека е полесно да се предвидат определени биолошки функции кај девојчињата ( на пример гладот, елиминацијата и слично) заради тоа што се јавуваат со поголема редовност отколку кај момчињата. Редовноста би ја олеснила комуникацијата со нив, предвидувањето и задоволувањето на нивните потреби, па според тоа женските би биле полесни за одгледување. Од друга страна, раните непредвидливости на поведенијата кај момчињата можат да се поврзат со почестите пореметувања на поведенијата кај нив подоцна.

*Birns* (1977) ги наведува податоците од една проспективна студија на 15.000 деца од раѓањето до 4 година од кои се гледа дека момчињата се поосетливи на пореметувањата од девојчињата и во пренаталниот период, и при самото раѓање како и во раниот развиток и тоа подеднакво во поглед на физичкиот и психичкиот развиток. *Birns* од прегледот на испитувањата на новороденчињата заклучува дека се најдени многу малку и непостојани разлики меѓу половите во однос на нивните поведенија. Истиот автор, од друга страна наведува дека се најдени многу показатели на полови разлики кај децата од училишна возраст. Ваквите наоди тој ги зема како прилог кон хипотезата дека многу полови разлики во поведенијата што се поврзани со личноста и сознанието не се видливи при раѓањето и во раното детство, но се издиференцираат во текот на предучилишната возраст. Според тоа, овој автор заклучува дека различните социјализации на момчињата и девојчињата се доволни да ги објаснат подоцнежните полови разлики.

Испитувања на Stамрак (1963) и на *Lèzine* (1978) покажуваат дека моторниот тип на детето многу попресудно влијае врз негоO вото однесување и врз воспитните постапки на родителите отколку половата припадност. Биолошката предодреденост на децата како хипертонични или како хипотонични се одразува врз нивните активности. Забележано е дека хипертоничните спат помалку, покажуваат поголема живи

интересирања, не ги поднесуваат пречките во движењето, побрзо се осамостојуваат од хипотоничните. Често хипертоничниот и хипотоничниот тип се меша со половите разлики бидејќи се покажува дека има нешто повеќе хипертонични момчиња отколку девојчиња.

Од погорните испитувања произлегува дека раните разлики во поведенијата не може да се припишат на припадноста на определен пол туку на доминацијата на определен моторен тип. Од друга страна, од овие наоди произлегува и дека не може средината да го вообликува детето според своите желби бидејќи самото носи свои особености, своја единственост и активно учествува во одмерувањето на постапките на возрасните. А тоа значи дека да се постапува со децата според стереотипните полови модели однапред значи стеснување на рамките на потенцииите што тие ги носат.

На крајот, уште еднаш, да ги разгледаме резултатите од испитувањата на разликите меѓу машките и женските новороденчиња, при што не е важно дали тие разлики се должат на генетичните или хормоналните фактори. Се покажа дека не постојат постојани полови разлики меѓу новороденчињата. Тоа значи дека не се момчињата и девојчињата тие што преку своите разлики ги стимулираат различно возрасните во одмерувањето на постапките кон нив. Уште повеќе, анализата на *Maccoby i Jacklin* (1974) покажува дека родителите постапуваат со момчињата и девојчињата многу слично. Ова би значело дека не може да се зборува за некои постојани и цврсти биолошки никулци или "фиксни јадра" на кои би се заснорувале разликите во поведенијата меѓу машките и женските единки, ниту пак возрасните имаат различна појдовна основа кога станува збор за одмерување на постапките според половата припадност. Најверојатно е дека секоја единка си носи свои особености и е единствена како припадник на човечкиот вид.

<u>4. Слични поведенија меѓу машките (женските) единки кај различни животински видови</u>. Тоа што меѓу машките (женските) единки кај припадниците од различни животински видови, а посебно меѓу резус мајмуните и луѓето постојат слични поведенија се наведува често како доказ за значајната улога што ја имаат биолошките фактори во појавата на полови разлики во психолошките особености.

Веќе во ендокринолошките докази ги истакнавме сличностите што се забележуваат во поглед на изразувањето на агресивноста и мајчинството кај резус мајмуните и луѓето. Овде ќе стане збор за

прашањето на постоење на доминација на машките единки во однос на женските во поедини животински заедници.

Машката доминација во поедини животински заедници. Познавањето на поведенијата на животните може, до извесен степен, да помогне да се сфатат определени односи и поведенија во човечките општества, како што се меѓу другите и власта, доминацијата, привилегиите.

Со векови се веруваше дека кај животните постојат поведенија што се вродени и наметнати од природата. За човекот, од друга страна, се сметаше дека го карактеризираат, пред се, стекнати поведенија и внесени преку културното влијание. Денес податоците од повеќе истражувања го оповргнуваат ваквото ригидно сфаќање.

Од Платон па наваму човекот се смета за суштество над сите други кое е во состојба својата природа само да ја определи. И покрај тоа што подоцна дарвиновата теорија на еволуцијата (Дарвин, 1978 и 1977) недвосмислено покажува дека човечкиот вид произлегува од другите животински видови, ова сознание многу малку придонесува човекот да биде сфатен во рамките на своето животинско потекло. Многу често се мисли дека човекот, и покрај тоа што произлегува од животните, на психолошки план нема ништо заедничко со нив. Се смета за некорисна и самата помисла дека е можно постоењето на извесни сличности меѓу човечкото општество и животинските заедници.

Денес меѓутоа, нема сомнение, дека поведенијата на животните (вклучувајќи го тука и човекот како посебен животински вид) се под влијание на испреплетеното заемно дејствување на вроденото и стекнатото. Поединечниот удел на секој од овие два фактора е различен кај различните животински видови. Дека и поведенијата на животните, а не само на луѓето, се под влијание и на срединските фактори, покажува, меѓу другото, и можноста голем дел од нив да се припитомат и да се прилагодуваат на нови услови. Особено кај мајмуните како неминовност за нивниот развиток е и искуството што го стекнуваат во комуникацијата со другите мајмуни или луѓето.

Посебен интерес овде за нас претставува прашањето на организацијата на животинските заедници. Дали и во нив машките единки имаат доминантна улога како што е меѓу луѓето?

Животните живеат групирано во заедници за да можат да се одбранат од нападите на другите и за да си обезбедат храна. Дека сексуалноста, репродукцијата, не е силата што ги тера единките во заедница, како доказ може да се наведе фактот што само кај приматите постојат несезонски сексуални врски. формирањето на животинските

заедници е заради нивниот опстанок и во нив неминовно мора да постои соработка меѓу членовите, но и хиерархија во односите.

Кај повеќето животински видови се забележува хиерархиска организираност на заедницата, при што најјакиот мажјак има предност пред другите во земањето на храна и во задоволувањето на сексуалните потреби. Исто така забележливо е дека во животинскиот свет машката хиерархија се наметнува над женската во најголем број животински видови. Имено, каква и да е хиерархијата на младите женки, таа се менува и рангот на женката зависи од тој на мажјакот кој ќе ја одбере за партнер.

Ваквите податоци пред нас го наметнуваат прашањето зошто се женките објекти, зошто мажјаците се борат за женките, а не е обратно? Што е тоа што доведе до доминација на мажјаците над женките?

Одговорот на погорните прашања ќе го пребараме во податоците што се добиени од проучувањата на мајмунските заедници. Судејќи според нив, одговорот не ќе биде лесен, а уште потешко ќе биде врз основа на нивната разновидност да заклучиме за односите меѓу машките и женските единки во човечките заедници. Имено, додека кај извесни примати (како што се бабуните и макако мајмуните) постои добро развиен и строг хиерархиски систем, кај други мајмуни (шимпанзите) истото е многу малку изразено.

Анализата на хиерархијата во групата бабуни покажува дека таа се заснова на силата, додека кај човекот забележливо е дека интелигенцијата се повеќе го зазема местото на силата. Исто така, додека кај човекот постојат и други бројни поттикнувачи на хиерархиско натпреварување освен сексуалноста, како на пример, продуктивниот труд, материјалните богатства и слично, кај мајмуните примарно значење има сексуалноста. Така на пример, за да дојдат до женките, мажјаците се изложуваат на меѓусебни споредувања, на ризици, на натпреварување. Женките им служат само како објект за сексуално задоволување на мажјаците што избиле на врвот од хиерархијата после натпреварот. Задачите на самите женки од моментот на нивното созревање се сведуваат само на спарување, бременост и одгледување на малите - а ваквите задачи не бараат од нив ниту иницијатива ниту поголеми умешности од оние што ги стекнале до таа возраст. И токму на овој начин физички послабата женка уште повеќе си ја зголемува шансата да стане објект.

Наблудувањата на заедниците на шимпанзата даваат поинак ви запазување од оние на бабуните. Рејнолдс вели: "Иако имаше некои докази за разликите по статусот меѓу поединците, интеракциите на доминацијата го правеа најмалиот дел од однесувањата кои ги забележавме кај шимпанзите. Немаше докази за линеарна хиерархија на доминација, ниту кај мажјаците ниту кај женките: не забележавме постоење на исклучителни права врз слободните женки ниту постојани водачи на групите" (цитирано според Фром, стр. 123, книга 1). Други проучувања на групите на шимпанзите покажуваат дека кај нив се формираат привремени групи, а дека постојанен е само односот меѓу мајката и младунчето.

Обично се смета дека коренот на машката доминација кај различните животински видови, особено кај приматите и кај човекот, е заеднички и лежи во поголемата физичка сила кај машките единки и во потенцијалните можности за јавување на повисок степен на физичка агресивност кај нив, а во сето тоа свој придонес имаат машките хормони. Но ова не се доволни причини кои можат да ја објаснат појавата на машката доминација, дури ни кај животните. Така, на пример, кај шимпанзите е забележано дека водач на групата може да биде најспособниот, а тоа не мора да биде и физички најјакиот мажјак. Се случува тоа да биде стар шимпанзо заради поголемото искуство и мудрост, иако физички е слаб. Значи, освен физичка сила, водачот на група шимпанза треба да покаже и мудрост, вештност и храброст. Според тоа, водач е она животно што има определени способности кои овозможуваат групата да се одбрани во критичните моменти.

Она што заслужува внимание е и податокот дека водачот на групата животни, на пример, оној на бабуните, и покрај тоа што има определени привилегии, во случај на опасност тој секогаш се наоѓа на најкритичното место, прв влегува во директна борба со непријателот и најчесто прв и загинува. За разлика од овие запазувања, забележување е дека во голем број досегашни човечки општества во кои е воспоставена институционализирана рана доминација, водач најчесто не е оној што има најголеми способности туку оној што ја има армијата и милицијата како инструмент за зачувување на власта.

Како што веќе истакнавме кога зборувавме за мајчинството и агресивноста, и овде и сега во поглед на доминацијата, постојат сличности меѓу машките (женските) единки кај резус мајмуните и луѓето. Но ако внимателно се следат истите тие истражувања тие едновремено се и доказ за значењето на срединското влијание и искуство

то што го стекнува единката преку сопствената активност. Ваквите испитувања укажуваат дека е тешко кај животните, а уште потешко кај човекот да се издвои што во определено поведение на единката е резултат на одреденото, а што е стекнато под влијание на другите единки и личното искуство.

5. Специфични активности на единките од определен пол во различни општества и култури. Постојат заеднички исти активности за единките од одреден пол кои можат да се забележат во различни општества. На пример, одгледувањето на децата се смета за специфична активност на мајките и воглавном жените се тие што најмногу непосредно се грижат за децата во различни култури. Тоа е факт што не е тешко да се согледа, но причините што довеле до него најчесто се бараат во рамките на биолошките. Во подоцнежното изложување ќе покажеме дека, иако мајчинството како пра однос меѓу мајката што го носи, раѓа и дои детето и самото дете беше биолошки предодредено, тоа во текот на историскиот развиток на човечкиот вид се трансформира во мајчинска љубов што претставува сложено чувство.

Бидејќи мајчинството и татковството ги сфаќаме како еден од првите облици на поделба на трудот во една човечка заедница, за нив ќе стане збор во следниот оддел што се однесува на активноста на самата единка како фактор во јавувањето на половите улоги. Во истиот оддел ќе бидат разгледани и други облици на поделба на трудот, како што се ловот, војувањето и политиката, а за кои се право се смета дека се облици активност карактеристични за припадниците од машкиот пол во најголем број досегашни општества. Ќе покажеме дека не се биолошките фактори сами по себе доволни да го објаснат настанувањето на половите улоги и појавата на машката доминација. Последниве се само резултат на поделбата на трудот која најнапред и во првиот свој облик е т.н. природна поделба на трудот и е заснована на природните способности.

## 2.2. Различни активности на машките и женските единки како фактор во јавувањето на половите улоги

Значењето на активното учество на самиот човек во процесот на сопственото формирање ќе го покажеме, од една страна преку неговиот историски развиток, а од друга страна и преку хуманата онтогенеза.

Најнапред ќе стане збор за влијанието на поделбата на трудот врз јавувањето на половите улоги во текот на историскиот развиток на човечкиот вид. Со други зборови, ќе се обидеме да ги објасниме историските корени на половите улоги и едновремено ќе стане збор за појавата на машката доминација.

Влијанието на активноста на самата единка во рамките на определена социјална средина врз јавувањето, формирањето и менувањето на половите улоги во текот на индивидуалниот развиток ќе биде разгледано во рамките на делот од ова изложување што се однесува на самосоцијализацијата односно во изложувањето на когнитивистичката теорија за развитокот на половите улоги.

Јавувањето на половите улоги во текот на развитокот на човечкиот вид сметаме дека е во тесна зависност со појавата на трудот и неговата прва поделба. Токму заради тоа најнапред ќе стане збор за овие прашања. Ќе се засноваме на сфаќањата на класиците на марксизмот за трудот и поделбата на трудот и од нив ќе ги извлечеме првите полови улоги и појавата на машката доминација.

### Марксистичко сфаќање за поделбата на трудот и нејзино влијание врз формирање на личноста и односите меѓу луѓето

Маркс и Енгелс трудот го сметаат за генеричка суштина на човекот и како основно својство што го издигнува над природната средина. Според марксистичкото сфаќање, човековата историја започнува тогаш кога човекот со помош на орудијата за работа, преку производниот процес, ќе почне самиот да ги произведува материјалните услови на неговото живеење.

И во раните трудови и во "Капиталот" Маркс нагласува дека човекот преку трудот ја менува природата за да ги задоволи потребите, но едновремени во тој процес се менува и себеси. "Во прв ред, вели Маркс, трудот е процес меѓу човекот и природата, процес во кој човекот со својата сопствена активност ја овозможува, уредува и надгледува својата размена со природата.

Спрема природната материја тој истапува како природна сила. Тој ги става во движење природните сили на своето тело, рацете и нозете, главата и дланката за да би ја прилагодил природната материја во облик употреблив за неговиот живот. Со тоа што со ова движење дејствува врз природата вон себе и ја менува, тој воедно ја менува и својата сопствена природа. Тој ги развива потенциите што во неа дремат и ја потчинува на својата власт играта на нејзините сили". (Капитал, стр. 163).

Битна карактеристика на трудот е што тој претставува свесна и целесообразна дејност: пред да го опредмети својот труд човекот прави план, има определена свесна намера да направи определено нешто. При тоа се служи со орудијата што сам си ги направил од природната материја за да истите ги користи спрема своите потреби.

Да ги изнесеме сега и причините за појавата на првата поделба на трудот.

Во почетокот на човечката историја, во рамките на ордата поединците биле зафатени со активности за обезбедување елементарни потреби за опстанок. До први разграничувања на работните активности меѓу луѓето доаѓа заради биолошко-физиолошките разлики меѓу единките од двата пола, како и заради оние што се должат на возрасните разлики. Маркс и Енгелс во "Германската идеологија" оваа природна поделба на трудот ја нарекуваат самониканата поделба на трудот и таа се заснова на природните способности, на пример, различните физички можности и потреби.

Различната распределба на трудот по квалитет и обем меѓу мажот, жената и децата доведува до првиот облик на сопственост - жената и децата стануваат предмет на сопственост на мажот. Маркс и Енгелс ова го нарекуваат примитивно и скриено ропство во семејството и тоа претставува прв облик на приватната сопственост, бидејќи сопственост и не значи ништо друго до располагање со туѓата работна сила. "Впрочем, како што велат тие, поделбата на трудот и приватната сопственост се идентични изрази: во едниот случај се зборува во однос на дејноста истото она што во другиот - во однос на производот на дејноста" (Германската идеологија, стр. 411).

Овде нема да стане збор за појавата на класите како резултат на сè поусовршените средства за производство и на поделбата на трудот. За нашето изложување е битно да се истакне дека, уште пред да се јават класите, доаѓа до поделба на трудот меѓу половите

и дека токму во неа лежат корените на половите улоги како такви, односно поделбата на трудот според полот всушност претставува и основа за појава на различни полови улоги. Ваквата поделба на трудот е изворот кој ги создава предусловите за раѓање нерамноправни односи меѓу половите. Сметаме дека токму оваа природна поделба на трудот според полот (и возраста) води кон јавувањето на нов однос меѓу мажот и жената (и децата). Имено, жената ( и децата) станува прва употребена работна сила од страна на мажот, според антрополошките податоци таа била и прва стока за размена меѓу заедниците. Значи, таа била првиот роб, роб уште во самиот зачеток на робовласништвото како прво класно општество.

Едно општо прифатено гледиште е дека досегашниот развиток на поделбата на трудот е една страна на класната поделба на општеството и дека класната припадност е таа што го определува животниот простор на индивидуата, или како што вели Маркс, припадноста на определена класа однапред ги определува животните услови за развој на личноста. Таа го определува и трудот кој ќе го обавува единката. Но при сето ова се заборава дека, и во рамките на една класа, има една покорава поделба на трудот што упорно се одржува и која се јавила уште пред да се јават класите: поделбата на трудот меѓу половите. И токму таа е она што битно влијае врз различните можности за развиток на машките и женските единки.

Првите никулци на поделбата на трудот според пол и возраст уште во матрифокалните заедници можат да ни ги покажат токму во себе корените на машката доминација. Имено, постоечките биолошки разлики меѓу половите укажуваат дека машките единки се повеќе прилагодени за активности кои бараат вложување на поголема физичка сила и енергија. Едновремено жените од своја страна, се хендикепирани во определени периоди и тоа најмногу тогаш кога го носат, раѓаат и дојат детето. Овие разлики меѓу единките од двата пола се неизбежни и доволни за да го објаснат јавувањето на првите поделби на трудот меѓу половите: на мажите во заедницата им припаѓаат оние активности што бараат употреба на поголема физичка сила, подвижност и преместување како и постојана подготвеност за ангажирање со нив. Во текот на подоцнежниот општествено-економски развиток доаѓа до се посложента поделба на трудот; при сето тоа мажот секогаш си ги присвојувал за себе подоходните и повисоко вреднуваните занимања, а мајчинството се повеќе свесно почнува да го користи како можност жената да ја исклучи од таквите активности.

Во натамошното изложување ќе се обидеме да објасниме како природната поделба на трудот според полот довела до нерамноправни односи меѓу половите. Значи, ќе стане збор за процесот на јавување на доминантната општествена положба на мажите.

## Постојат ли хиерархизирани односи во првобитните човечки заедници?

Анализата на ловечко-собирачките општества покажува дека доминацијата во нив наполно се разликува од онаа во заедниците на човеколиките мајмуни. Она што не се забележува во тие општества тоа е рангирањето според физичката сила ниту пак според други својства, како што се богатството и слично. *Service* вака ги опишува односите во примитивните општества: "Некој маж, на пример, може да биде појак, побрз, похрабар и поинтелигентен од другите членови на заедницата. Дали тој ќе има повисок статус од другите? Не мора. Почитувањето ќе му биде укажано само ако тие квалитети ги стави во служба на општеството, во ловот, на пример - па придонесува повеќе дивеч што може да го подели и ако тоа го направи правилно и скромно. Значи, малку да поедноставиме; поголемата сила во општеството на човеколиките мајмуни доведува до поголема доминација, како резултат на што оној што доминира добива повеќе храна, или повеќе женки или било кои други предмети; во примитивните општества поголемата сила мора да се употреби во корист на заедницата, а лицето, за да стекне почитување, мора буквално да се жртвува и да работи повеќе за помалку храна. Што се однесува до жените, таквиот човек има само една жена, како и сите други машки.

Се чини дека најпримитивните човечки општества едновремено се и оние во кои владее најголема еднаквост. Тоа мора да се поврзе со фактот дека, заради многу едноставната технологија, општеството на таквиот вид зависи повеќе и попостојано од соработката отколку од што било друго. Човеколиките мајмуни не соработуваат и не делат секогаш, додека луѓето тоа го прават. тоа е битна разлика" (цитатот е земен од Фром, 1975, стр. 144-145).

За разлика од постоењето на формални водачи во подоцнежниот општествено-економски развиток, во ловечко-собирачкиот период не постои еден постојанен водач за сите ситуации и активности. Водството го преземаат различни лица во зависност од планираната активност и способностите што таа ги бара од него. Значи, според ова, ниту постоењето на хиерархиски односи ниту постоењето

на еден вдач не се карактеристика на сите човечки општества, како што обично погрешно се мисли. Односите меѓу првите луѓе биле засновани, пред се, на соработка, а не на доминација и потчинување. Доминацијата и потчинувањето во односите меѓу луѓето се резултат на натамошниот општествено-економски развиток, макар и колку тоа да изгледа нелогично на прв поглед. Се додека на определен степен од општествено-економскиот развиток не се овозможило јавувањето на приватната сопственост, не постоеле ни стремежот другите да се искористат и експлоатацијата на туѓата работна сила во лична полза. А последното било овозможено дури при крајот на неолитот.

Неолитот (младото камено време или времето на глачење на каменот) трае до појавата на првите метални орудија - од 10 до 3 илјадата години пред новата ера. Карактеристично за него е појавата на сточарството и полјоделството, грнчарството и постојаните живеалишта. Постојаните населби придонесуваат да се јави свеста за родниниските врски кои се по мајчинска линија. Во овој период, значи карактеристично е постоењето на матрилинеарни заедници што се засновани на крвно сродство. Сродството е по женска линија бидејќи бракот е групен. Матријархатот, како што обично погрешно се мисли, не е период во кој доминираат жените и ја имаат власта над другите. Карактеристика на општествено-економските односи во овој период се рамноправни односи меѓу членовите на заедницата, заедничка сопственост, проста кооперација, рамноправна распределба и природна поделба на трудот по возраст и пол.

Дури кога доаѓа до порast на производните сили, кога се јавува сточарството и развиеното полјоделство кои овозможуваат појава на вишок на производи и семејна приватна сопственост, тогаш кога се создадени условите за појава на моногамното семејство и потребата од експлоатација на туѓа работна сила, водечката улога во општествено-економските односи ја преземаат мажите. А ова веќе значи крај на бескласното општество, крај на матријархатот и почеток на класното општество кое трае до денес и е патријархално.

Зошто се мажите тие кои воспоставуваат односи на доминација над жените при крајот на младото камено време? Каде лежат причините, корените на појавата на машката доминација во ова време?

## Поделбата на трудот и појавата на доминантната општествена положба на мажите

Поголемата физичка сила кај мажите не е доволна причина за појава на машката доминација. Исто така, ни мајчинството, како посебен однос спрема децата кој бара вложување на време и енергија во нив од страна на жената и за време на носењето и по тоа, не може само по себе да ја објасни појавата на машката доминација.

Веќе рековме дека предуслови за темелни промени во општествената положба на жената се јавуваат едновремено со појавата на крупните општествено-економски промени во првото класно општество. Фром причините за појавата на машката доминација ги објаснува на следниов начин: "Плодноста на земјата повеќе не беше извор на севкупниот живот и творештво, туку тоа беше интелектот кој доведе до нови изуми, техники, апстрактно мислење и државата со нејзините закони. Утробата престана да биде творечка сила, тоа стана умот и со тоа мажите ја презедоа доминантната улога во општеството" (Фром, 1975, стр. 165, книга 1).

Интересно е што овде Фром нагласува дека преку користењето на интелектот мажите ја воспоставуваат доминацијата над жените. Што му дава за право на Фром да мисли дека машките се тие што почнале први да се служат со мислењето како средство за воспоставување на доминација над жените? Фром ваквите свои заклучоци ги изведува, пред се, врз основа на анализата на митовите. Имено, тој смета дека психолошките причини за појавата на машката доминација се во завидувањето на мажот на жената заради тоа што таа може да раѓа деца, па со помош на мислата мажот се обидува да ја надола дее својата немоќ да раѓа. Во прилог на ваквото свое сфаќање Фром ги наведува митовите за создавањето на човекот од страна на мажот.

Дали погорните Фромови размислувања значат и дека интелектуалните способности кај мажите се повисоки од оние кај жените во времето кога постепено почнува да се воспоставува машката доминација? Или е можеби токму обратното, а што нас ни се чини поверојатно: кога веќе еднаш ќе загосподари, мажот создава намерно услови за поинакво воспитување на машките и женските деца, при што машките деца стануваат привелегирани и им се создаваат поповолни услови за да ги развијат своите интелектуални способности; женските деца, пак, од најраната возраст биле воспитувани на покорност и во рамките на ограничени видови активности што се врзани со

домашните работи и мајчинството.

Она што нас ни се чини поблизу до вистината е дека повискиот степен на мисловниот развиток може да доведе и до определени сознанија во самите единки што тие ги користат на различен начин. Но при тоа е значајно да се истакне дека самиот мисловен развиток е плод на активното учество на самата единка во вообликувањето на предметите и односите меѓу луѓето и предметите. Според тоа, токму трудот и го условува мисловниот развиток. Оттука и нашата претпоставка дека поделбата на трудот е таа која го насочува развитокот на односите меѓу луѓето, па според тоа и односите меѓу половите.

Во натамошното изложување ќе изнесеме некои претпоставки за тоа како започнал и можел да тече развитокот на нерамноправни односи меѓу половите. Можните развојни процеси на машката доминација за кои ќе стане збор сметаме дека се одвивале едновремено и дека не само што тие меѓусебно не се исклучуваат, туку напротив, се надополнуваат и претставуваат едно дијалектично единство.

Но пред да преминеме на развојниот тек на машката доминација, сметаме дека е потребно претходно да го изнесеме стојалиштето на Симон де Бовоар (1949-1978) која прва трага по корените на машката доминација. Може да се рече дека феминизмот на де Бовоар е резултат на нејзиниот егзистенционализам. Во "Вториот пол" може да се согледа, иако тоа де Бовоар не го вели експлицитно, дека поделбата на трудот т.е. мајчинството и домашните работи што ги врши жената ја довеле во потчинета положба. Барајќи ја смислата на постоењето, де Бовоар го истакнува човечкиот вид како посебен што има постојан стремеж да се надминува себе си барајќи ја слободата. Но тоа остварување на себе си во почетокот е можно за сметка на другиот. Значи доминацијата се јавува во рамките на стремежот да се најде смислата на постоењето до која човекот можел да дојде само преку потчинувањето на пославиот од страна на посилниот т.е. својот развој човештвото му го должи на фактот што поединци можеа да се очовечат сведувајќи ги другите на животинско постоење. Де Бовоар истакнува дека секогаш кога има две категории луѓе, едната се стреми да ја држи другата во подредена положба. Така, бидејќи категоријата мажи има определени предности, успеа да се развие побрзо за сметка на жените. Предностите на мажите се во нивната поголема физичка сила уште во праисторискиот период и во тоа што тие не беа попречувани во развојот на обавувањето на посложените активности со мајчинството што на жените им зема голем дел од времето и енергијата. Жената преку

раѓањето и доењето биле сведена, во најголема мера, на извршување на природните функции кои се рутински и не ѝ овозможуваат да се надмине. Наспротив на жената, мажот морал да врши активности како што се чување на групата, барање на храна и слично, кои му овозможуваат да ја надмине својата животинска состојба. Имено, тоа што жената била сведена на извршување рутински задачи околу домаќинството и одгледувањето на децата, а мажите биле во постојанен судир со проблемите на постоењето чие решавање бара знаење, мислење и спретност, доведува до доминантна положба на мажите.

Очигледно е дека извршувањето на различни активности од страна на жените и машите доведува до нивна различна положба. Па да видиме како можел да тече процесот на воспоставувањето на машката доминација.

Има автори што наведуваат дека минимум од заедницата што му претходи на семејството не се таткото и мајката, туку мајкаа та и децата и дека матрифокалните заедници се тие што ја сочинуваат основната структура на општеството на супхуманите примати (Морган, Е., 1978. стр. 139-165). Се наведува дека кај резус мајмуните можат да се забележат старите женки опкружени со недозреани потомци, а дека меѓу нив можат да се забележат и млади возрасни мажјаци. Ваквите податоци укажуваат дека поединците во матрифокалните заедници ги задоволуваат не само потребите за храна и телесен контакт, туку дека во нив се создаваат и потрајни и реципрочни врски меѓу членовите, а пред сѐ меѓу мајката и децата. Така, на пример, кај шимпанзите врската мајка-дете е доживотна и трае и по 8, па и повеќе од 8 години, а ова е долг период од животот на кој било примат.

Сѐ додека организацијата на заедницата на приматите останала насочена кон мајката, мажјаците играле важна улога како водачи и бранители на групата и на нејзиното земјиште. За младите мажјаци тие биле значајни како примери, но не постоеле трајно врзување на мажјакот за една жена и потомците што произлегуваат од нивната врска. Нивниот сексуален живот бил промискуозен и задоволителен како таков.

Според повеќе податоци очигледно е дека мајчинството се јавува пред татковството. Носењето и раѓањето на детето мајката биолошки ја подготвуваат да го оствари првиот контакт со детето. Потребата и задоволството што жената го чувствува додека го дои детето е природен начин за да почне да се формира врската мајка-дете, а од неа подоцна израснува мајчината љубов.

Сепак, во текот на историскиот развиток дојде до појавата на моногамното семејство и татковството како непосреден однос кон децата. Зошто татковството се јавува подоцна во историскиот развиток и кога? Што е тоа што придонесува и таткото да почнува да се врзува за детето и жената?

За да ја објасниме појавата на татковството, најнапред ќе ги изнесеме заедничките особености на животинските видови кај кои таткото игра повеќе од удел во зачетокот на единката, а тие се: 1) неспособност на младите да се грижат сами за себе; 2) едниот родител не е во состојба самиот да ги задоволи потребите на младите и 3) младите се одгледуваат во едно постојано место на живеење - гнездо, дувло, пештера - таму каде и таткото мора да се враќа. За нас последниов момент се чини мошне значаен бидејќи токму врзувањето за определено место, како и заедничкото привремено живеење со женката и децата, може битно да придонесе да дојде до јавувањето на потребата од нив.

Кои од погоре наведените особености можат да се применат како фактори и во објаснувањето на појавата на моногамното семејство и татковството како такво кај првобитниот човек? Морган Елајн (1978) ги наведува и ги образложува сите три погоре изнесени специфичности: 1) и младите на првобитниот човек се раѓаат беспомошни и потребата од другите е релативно понагласена за еден подолг период; 2) *Homo sapiens* се појавил во плеистоцент во кој имало големи климатски промени, и кога, за да опстанат децата, се јавила како неопходност и татковската грижа за нив; 3) во младиот палеолит и мажот и жената често се нашле во положба да имаат повеќе храна отколку што им било потребно. Последново ја создало потребата кај нив да изнајдат места за нејзино складирање. Забележливо е дека кај супхуманите примати, кај кои постои матрифокално семејство, мајката ја дели храната со нејзините деца дури и до нивната осумгодишна возраст. На таков начин младите можат да стекнат навика дека кога се гладни, и немаат ништо за јадење, можат да се нахранат кај мајка си. Но ваква навика можел да стекне и таа да биде уште понагласена, секој возрасен хоминид кога почнал да живее на едно постојано место заедно со некоја жена и нејзините деца. Кај него можела, на таков начин, да се роди идејата дека жените се создадени за тоа, па кога ќе му умрела мајката или ослабнувала матрифокалната заедница, тој почнувал да бара друга жена и друго постојано живеалиште.

Така постепено во ловачко-собирачкиот период кај мажот

почнува да се јавува потребата да има за себе и за една жена со нејзините деца постојано живеалиште. На овој начин почнуваат никулците за формирање прво нуклеарно семејство. Тогаш мажот постепено почнал да ја ограничува жената на неговата територија и да ја смета за своја сопственост. Значи, на крајот од палеолитот, кога човекот барал постојани другари, почнува и живеањето во некој вид семејни единици, што се подоцна главен белег на цивилизацијата.

Погоре изнесеното ќе биде појасно ако се има во обзир дека во ловачко-собирачкиот период се воспоставува и првата поделба на трудот меѓу членовите од семејството: додека возрасните мажи оделе во лов и ја браннеле заедницата од заедничкиот непријател, жената се грижела за децата и заедно со нив собирала различни прехранбени материи.

Сметаме дека е потребно да објасниме зошто, според првата поделба на трудот, на мажите им падна да се занимаваат со лов, а жените со собирање на храна околу живеалиштето.

Доста често, како причини за оваа прва поделба на трудот се наведуваат разликите во физичката сила меѓу мажот и жената. Се изнесува дека мажите беа повисоки, појаки, помускулести, трчаа побрзо. Но при сето тоа се заборава дека во суровите услови на живеење во она време, ни жените не можеле да бидат физички слаби бидејќи и самите вршеле тешки активности. Овде не може, а да не ја изнесеме и една претпоставка според која е можно мажите накнадно, откако почнале да се занимаваат со лов и други потешки занимања да се здобиле со поголема физичка сила и тоа токму преку изведувањето на тие активности.

Врз основа на посматрањата во различни примитивни општества, *Friedl* (1975) изнесува дека бројот на децата и начинот на нивното одгледување секогаш се прилагодени на работните активности што жената требало да ги врши во заедницата. Имено, со оглед на фактот дека бројот на децата определува колку жената-мајка ќе може да придонесе со својот труд во заедницата, нивниот број требало да се прилагоди на задачите што таа требало да ги врши, а не обратното - доделување на работни обврски на мајките според бројот и возраста на децата што ги имаат. Она за што не можело да има двоумење во тие први поделби на трудот е фактот дека жената не била способна за ловец заради тоа што во текот на биолошкат еволуција нејзе и припадна да го носи детето и да му ја дава првата храна. Токму во периодот кога девојките стануваале способни за лов, тие стануваале мајки, па заради тоа не биле во можност да бидат

1) Податоците се земени од *Tavris i Offir, 1977, str. 260-265.*

постојано подготвени за движење, трчење,борење со животните и тоа на неопределено време, бидејќи ловот е активност полна со неизвесности. Значи монополот на ловот го добиле мажите, но со тоа и контролата на месото. Постоечкото правило во ловечко-собирачките заедници според кое месото се распределува меѓу сите членови од заедницата, додека билките и другите прехранбени материи што ги собирале жените, децата и старите биле за употреба само во непосредното домаинство, можело да придонесе за јавување во свеста на луѓето од овој период на следнава асоцијација: ловот е основна активност; мажот е ловец; значи, мажот е значаен бидејќи ја изведува битната активност за опстанокот на заедницата. "Ваквиот систем на распредделба значи дека мажот се здобива со широка општествена мрежа на заемни размени и обврски, додека влијанието на жената се ограничи на семејството. И така се роди половата разлика во моќта" - велат *Tavris* и *Ofir* (1977, стр. 265).

Кога економскиот развиток преraснува од ловечко-собирачки активности на полјоделството како основно занимање во определена заедница, тогаш мажот уште повеќе ја зацврснува потребата за постојана територија и доминација врз другите членови од семејството. Ова е време кога се јавува *Homo Sapiens* кој почнува да прави алатки и постепено да натрупува материјален имот како сопственост. Создавањето навика и потреба да живее со една жена и нејзините деца на определена територија, постепено прераснува во сопственички потреби во односите кон нив. Имено, постепено тој себе си почнува да се доживува како господар не само на земјиштето и алатките, туку и на жената и децата.

Бидејќи полјоделството е макотрпна работа, доста често ја извршувале само жената и децата, а мажот си земал за право да биде ниввен господар. За полјоделецот станува мошне значајно децата да бидат само негови и тој да ја има власта над нив и нивното почитување се до смртта. Од друга страна и жената му станува скапоцен објект во негова сопственост бидејќи таа не само што ги изведува мачните полјоделски активности, туку и му репродуцира друга работна сила. Така постепено се воспоставува и почнува да владее машкото право, а жената и децата стануваат прави робови во рамките на одно сите во овој пра вид семејство. Доминантната општествена положба на мажите станува нормална појава, а жената почнува да се вреднува пониско и тоа не само од страна на мажите туку и таа самата себе си

се доживува на тој начин.[1]

На сето погоре кажано ќе ја придодадиме и една наша претпоставка за тоа што довело до јавувањето на машката доминација и нејзиниот натамошен развиток.

Ние сметаме дека се додека тешко се обезбедувале неопходните предуслови за опстанок, соработката меѓу членовите од заедницата морала да биде нагласена бидејќи таа го овозможувала опстанокот на поединците и заедницата како таква. Но, кога веќе се создале услови за јавување вишок од неопходни средства за живеење како резултат на се поусовршените средства за производство и на поделбата на трудот, тогаш истата таа поделба на трудот овозможува да се јави машката доминација. А за тоа како течел тој процес, еве го нашето образложување.

Во природната поделба на трудот на жените им припадна да се грижат за децата и за живеалиштето. Тие најнапред беа собирачки на оној вид храна што се наоѓаше во непосредна близина на живеалиштето, а подоцна беа и првите полјоделки. За тоа време мажите одеа во лов и ја штитеа заедницата од различни непријатели. Подоцна мажите почнеа и да војуваат со другите племиња заради освојување на нови обработливи земјишта, пасишта и други материи, а потоа и за работна сила (робови). Значи, жената требаше да создаде нов живот, да води, или да создаде услови земјиштето да даде плод, а натаму да се грижи тој плод да созрее. Посебно е значајно да се истакне дека меѓу неа и децата се создава долносочна врска од која подоцна израснува љубовта, израснува еден траен топол емоционален однос, потреба да им се помогне на другите. Кај мажите, од друга страна, во борбата со животните и другите непријатели, неопходно е непријателот да се победи, да се издигне над него, да го уништи или да го потчини, и да го употреби во свои цели. На таков начин, постепено кај мажот се јавува потребата за доминација и таа едновремено се проширува и врз членовите од неговата непосредна, секојдневна заедница. Токму во рамките на семејството мажот всушност и има постојана можност жената и децата да ги користи за остварување на свои цели. Подоцна тој гради машки сојузи заради војување, води

---

1) Овде да истакнеме дека кај трајно поврзаните парови на цицачи се сретнува уште една битна карактеристика во нивните меѓусебни односи - отсуство на доминација на мажјакот - во првите човечки нуклеарни семејства се јавува токму обратното - мажот во нив почнува да ја зајакнува својата доминација (Морган Е.1978, стр. 163).

политика, жената станува дел од неговиот приватен живот во рамките на семејството, исклучена од можноста да дејствува во јавното планирање на општествено-економските односи во заедницата. И така, поделувајќи ја општествената пракса на јавната сфера (во која се вклучени само мажите) и приватна сфера (на односи меѓу членовите во семејството), жената станува предмет во рацете на мажот независно од класната припадност.

Во натамошното изложување, сметаме дека е неопходно да се каже нешто и за војувањето и политиката како машки професии, бидејќи токму тие, меѓу другото, и го овозможуваат коравото одржување на машката доминација.

Проучувањата во различни култури покажуваат дека постои испреплетеност во изведувањето на различните активности меѓу машките и женските субјекти: понекои од нив во определени општества се сметаат за карактеристични за машките субјекти, а истите тие во други за женските субјекти (Мид, 1966) "Само војната е функција на машките сојузи", вели Морган (1978, стр. 190). Борбата со некаков непријател секогаш им била својствена на машките единки повеќе отколку на женските. Мажите создавале, и сеуште создаваат, машки сојузи за да биде поуспешна борбата со непријателот, иако најчесто непријателот е само можен, претпоставен, измислен. Но, најнапред да видиме дали луѓето од секогаш војувале.

За да може да се води војна неопходно е високо развиено поимно мислење, способност да се планира, да се претпоставува и да се организира освојувањето и одбраната. Според тоа, меѓу другото, неопходен предуслов за јавување на војните е постоење на апстрактно, хипотетично-дедуктивно мислење, а тоа не постои како готова форма на мислење, туку се развива во текот на историскиот развиток на човечкиот вид, а исто така се развива во текот на онтогенезата на секоја единка. Произлегува дека војувањето како активност не е дадено наследно, не е плод на вродени биолошки потреби, туку се јавува во определен момент од развитокот. Како потврда на претходното можат да се наведат заклучоците на Wright Quincy што се изведени врз основа на темелната анализа на војните меѓу примитивните народи и според кои произлегува дека примитивните ловци и поледелци се најмалку борбени, а најборбени се најразвиените поледелци и сточари (цитирано според Фром, 1975 год., стр. 151, книга 1).

Дека за агресивноста како нагон кај човекот не може да стане збор, веќе е речено. Според тоа, неприфатливо е мислењето дека војната е резултат на избивањето на насобраната агресивност во човекот. Анализата на причините за различните војни што се водени досега покажуваат дека тие најчесто се водат заради заземање нови територии богати со пасишта, полиња, рудни и други богатства, заради здобивање со работна сила, но и заради одбрана. Заради тоа Фром војните ги класифицира во т.н. "инструментални агресии" (Фром, 1975, стр. 39, книга 2.). На определен степен од општествено-политичкиот развиток кога доаѓа до појавата на класите, војната почнува да ѝ служи на определена политичка елита како инструмент за остварување на определени цели. Почести и поголеми воени потфати особено се забележуваат со појавата на градови-држави и наглесеното хиерархиско уредување во нив. Токму тогаш се јавува и специјалната професија војници и тоа како резултат на се поголемата поделба на трудот во тој период.

Зошто војниците се од машкиот пол, зошто при поделбата на трудот ним им припадна ова занимање?

Војувањето бара физичка издржливост, подвижност, постојана подготвеност за дејствување, а за такви активности мажите се повеќе биолошки подготвени. Она што особено не се согласува со професијата војник е мајчинството. Стариот грчки мит за Амазонките, воинствен народ од Мала Азија што бил составен само од жени, сметаме дека го потврдува ова. Имено, уште во детството, на овие жени - воини им ги сечеле десните дојки за да можат полесно да ракуваат со лакот и стрелата. Митот укажува дека жените не само што не се помалку вешти во војувањето од мажите, туку и дека мажите можат да ги вршат сите оние активности што се сметале за "женски". Така, додека жените постојано се увежбувале во вештините борење, јавање, фрлање копја и слично, нивните мажи ги чувале децата, ги вршеле домашните работи и ги обработувале нивите. Но, сепак, сметаме дека основната порака на митот лежи во неопходноста жената да измени дел од својот анатомски изглед со цел да и се прилагоди на една активност за која биолошки не е предодредена. Значи, всушност, митот укажува на неопходноста од делимично кастрирање на женскоста како биолошка даденост и на делимично откажување од мајчинството за да може женскиот организам да му се прилагоди на она што му е потребно воинот.

Овде ќе истакнеме и дека војниците се припадници на машкиот пол не заради тоа што се повеќе агресивни од жените, туку тие стануваат, ако може така да се рече, "инструментално агресивни" т.е. како учесници во остварувањето на однапред определени цели што бараат агресивно поведение, тие и мораат агреивно да се однесуваат, инаку не би биле војници. Подоцна се јавува и свесното подготвување на машките деца преку воспитанието за идни успешни војници. Преку играта машките деца ги учат вештините на убивање и задоволство од нив; токму низ игрите ги подготвуваме за улогите што ќе ги имаат како возрасни. И така тоа низ векови се провлекува до денес кога војните сеуште висат над нас. На момчињата, почнува да се верува, им доликуваат пушките и другите видови оружје во вид на играчки (дека е тоа така во повеќе градови во СР Македонија денес, покажува и едно наше истражување). Момчињата треба да не се плашат од ништо, да бидат јунаци, издржливи, силни. И така постепено почнавме да веруваме дека агресивното поведение е типично за машките, за нив е тоа дел од нивната природа и уште повеќе го поткрепуваме неговото јавување.

Војните се резултат на определена политика, па да речеме нешто и за неа како најстара машка професија.

Политиката[1] може да се сфати како "свесна општествена активност на насочување на општественото движење со помош на државата"или како "собирање на повеќе луѓе заради заедничкото остварување на некоја цел", но исто така и како "израз на доминацијата на владеачката класа, едновремено инструмент и правец за менување на власта".[2] Вака сфатената политика очигледно е дека се јавува во класното, патријархалното општество. Додека жените ги чуваа домовите и децата и на таков начин беа исклучени од јавните функции, мажите почнале да градат цврсти меѓусебни сојузи заради остварување на некои заеднички цели. За да биде поуспешно заедничкото дејствување мажите меѓу себе се организираат во строга хиерархија, поделувајќи ги улогите и определувајќи му го местото на секого во неа.

1) Зборот "политика" произлегува од старогрчкиот збор полис-град, држава, и политикос - државен, јавен, општествен.

2) Енциклопедија самоуправљања (1979),Савремена администрација и издавачи центар "Комунист", Београд стр. 173.

И денес сеуште политиката е машка професија, а политичките уредувања секаде во светот во основа се хиерархизирани. Преодниот период како епоха на социјалната револуција претставува период на темелна трансформација на политиката како класна категорија во непосредна општественост (општествено самоуправување). Во таков општествен контекст политиката престанува да биде професија бидејќи јавните работи стануваат предмет на решавање од сите и секого. Согласно на тоа исчезнува и поделбата на општеството на јавна и приватна сфера, при што се што е јавно е едновремено и приватно и обратно. Иттокму во последново ја гледаме правата можност за остварување рамноправни односи меѓу половите.

На крајот ќе се задржиме уште и на проблемот на поврзаноста меѓу учеството на жената во материјалното производство и нејзината општествена положба. Дали придонесот во материјалните средства што ги дава жената е битен фактор што го определува нејзиниот статус во една општествена заедница?

*Peggy Sanday*[1] проучувала 12 општества во кои статусот на жената е различен ако истиот тој статус се определи како степен на можност жената да донесува одлуки што влијаат врз целата заедница, а не само на потесната семејна заедница. Проучувањата на погорниот автор покажуваат дека процентот на придонесот во храна за заедницата не го определува статусот на жената. Имено, се случува жената да дава низок придонес и да има низок статус, но во определени племенски заедници жената придонесувала и до 75% во обезбедувањето на храната (на пример во племето Тикопиа), а сепак имала низок статус. Истиот автор забележува дека статусот на жената бил највисок во племенските заедници во кои мажот и жената давале подеднакви придонеси.

Вреди е за одбележување податокот дека Либурнките - жените од Илирското племе Либурни - имале повластена положба, биле независни од мажите и можеле слободно да воспоставуваат односи со мажите. Битно е при сето тоа да се истакне дека забележената гинекократија кај Либурните не се јавува како резултат на заостанатоста на нивниот развиток, туку напротив нивната култура во рамките на другите култури од железниот период на почвата на Илирите зазема истакнато место. Жените не само што имале значаен удел во стопани-

---

1) Податоците се земени од *Tavris i Offir (1977, str. 263-265).*

сувањето, туку и кај либурнските гусари, кои често и долго биле во експедиции, тие биле и глава на семејството(Шуиќ, 1966).

Кон погорните податоци ќе ги придодадиме и некои од истражувањата на Маргарет Мид (1979) во врска со поделбата на трудот во 7 проучувани култури. Во текот на историскиот развиток кај овие народи Мид го забележува фактот дека посложените активности биле определувани и повторно прераспределувани, некогаш како карактеристични за машките, а друг пат за женските единки, или пак како карактеристични за двата пола. Понекогаш личните способности служеле како мерка за распределба на активностите, а друг пат се водело сметка за половата припадност. Мид низ примери илустрира дека тогаш кога во определена сложена активост учествувале двата пола, а подоцна истата била ограничена само на едниот пол, таа губела од своите финеси и продлабоченост. Мид вели: "Во колку повеќе едно лице е ангажирано во една креативна активност, било да станува збор за политика или за наука, индустрија или уметност, религија или истражување, во колку повеќе го следи својот расцвет, во толку ќе биде повеќе погодено ако самата таа активност го изразува само едниот дел од нашето човештво. Ако ништо не ни дозволува да веруваме дека мажите го држат монополот на интеракцијата, секое професионално ограничување што ги спречува надарените жени да ги користат своите дарби, ќе биде загуба и за жените и за светот што има толку голема потреба од таленти... Значи, после се, не е возможно светот да го поднесува овој губиток полесно отколку што би ја поднесувал жртвата од половите диференцијации."[1]

Овде ќе се задржиме уште на она што го сметаме за најбитно кога станува збор за можностите организирано да се дејствува во правецот на остварувањето на порамноправни односи меѓу луѓето.

Во текот на историскиот развиток човекот своите способности ги изградува преку поделбата на трудот. Преку поделбата на трудот тој има можности да ги развие своите потенции, па така, стануваjќи вешти поединци за едни активности, а други за други, се овозможува и создавањето на матеирјалните и духовните богатства денес. Човештвото и цивилизацијата се плод на трудот и неговата поделба. Преку нив човекот ја докажува својата моќ како вид.

Но поделбата на трудот, од друга страна, поединечната човечка единка ја парцијализира и ја функционализира, и тоа во толку повеќе во колку таа поделба е поразгранета и ја сведува единката

---

1) Мид, 1979, стр. 338-339).

на обавување на најелементарните операции. Оттука, со право истакнуваат класиците на марксизмот, секоја поделба на трудот ја осакатува личноста ограничувајќи ја во рамките на определени дејности, определено поединечно занимање преку кое може да развијат само некои способности и интереси. Значи, поделбата на трудот е голема сопирачка, таа го оневозможува развитокот на сестрани личности.

Од претходното изложување можеше да се заклучи дека рамноправната распределба на трудот меѓу мажот и жената значајно придонесува за здобивање со подеднаков општествен статус на припадниците од двата пола. Но ни ова не е доволно за да се обезбеди хармонија во односите меѓу двата пола. Денес го истакнуваме како битен фактор начинот на кој трудот е организиран. Сметаме дека е неопходно постоење на заемна зависност и соработка меѓу машките и женските единки во процесот на трудот. Само во такви услови може да се очекува половиот антагонизам да биде понизок од оној шт се забележува таму каде поделбата на трудот е според полот. При тоа е неопходно да се надмине постојната поделба на трудот која ја спротиставува јавната и приватната сфера на човековата активност. Вистинска рамноправност во односите меѓу половите ќе биде воспоставена само тогаш кога двата пола подеднакво ќе учествуваат во вршењето на сите дејности што постојат во определено општество.

Погорните размислувања го наметнуваат прашањето на оправданоста мајчинството и татковството како две посебни полови улоги да бидат сведени на заедничка грижа на возрасните единки, без поделба на активностите околу одгледувањето на децата според полот, а во процесот кон сестрани личности и рамноправни односи меѓу половите. За да може да се одговори на ова прашање потребно е најнапред да се разгледа самата суштина на мајчинството и татковството.

## Мајчинството и татковството како вид полови улоги

Предмет на научни и секојдневни дискусии денес е прашањето на местото, значението и улогата што ја имаат таткото и мајката во односите спрема детето.

Улогата која им се припишува на таткото и мајката варира гледано историски, а исто така и меѓу различни култури. Ако го следиме историскиот развиток на мајчинското и татковското однесување спрема детето ќе видиме дека интересот спрема детето, согледувањето на детските потреби и начинот на нивното задоволување различно се манифестираат и остваруваат.

Во свој дел од нашето изложување ќе ги разгледаме мајчинството и татковството заради тоа што, јасната определба, што под нив подразбираме има како теоретско така и практично значење. Нашето внимани, меѓу другото, ќе го свртиме спрема следниве прашања Дали е точно распространетото уверување дека "мајката си е мајка"? Или, она што е суштинско за мајчинскиот однос спрема детето, може да го пружи и таткото или и некое друго лице? Колку "мајки" може да има едно дете? Дали има посебности кои треба да бидат издвоени како карактеристични особености и поведенија, посебни полови улоги на мајката и -таткото во односот спрема детето?

За мајчинството како биолошка предодреденост веќе стана збор. Исто така веќе е речено дека минимум од заедница што му претходи на семејството се матрифокалните заедници составени од мајки и деца. Но мајчинството како посебен однос кон децата во текот на историскиот развиток ги збогатува своите содржини за што ќе стане збор во натамошниот текст.

Мајчина љубов и обврска. Тоа што мајката го носи детето, го раѓа и го дои не е доказ за постоење на мајчински инстинкт. Уште J.J. *Rousseau* го истакнал фактот дека "мајката ги доеше најнапред своите деца заради своите сопствени потреби; потоа, откако навиката ѝ ги направи мили, таа нив ги храни заради нивните"[1]. Произлегува дека мајката, гледано историски, најнапред го дои бебето за да ги задоволи своите сопствени потреби, т.е. за да се олесни од болките што ѝ ги причинува млекото што надоаѓа.Значи нејзината потреба, а не мајчинската љубов, во почетокот ја тераат да му ја даде дојката на бебето. Потребата и задоволството што жената ги чувствува додека бебето цица од неа е природен начин кој овозможува да се формира врската меѓу мајката и детето. Ова повторување на чинот на доење создава кај мајката навика и потреба за редовен контакт со детето и од нив подоцна произлегува мајчинската нежност. Според тоа, нема сомнение дека мајчинското чувство своите корени ги има во биолошките фактори, но во текот на еволуцијата се надградуваат ненаследени елементи кои се под влијание на културниот развиток и личното искуство на самата единка. И авторите, кои во својата основа мајчинството го објаснуваат како биолошка предодреденост, истакнуваат дека "... големото богатство на поттикнувачи на мајчинското чувство, пот-

---

1)*Rousseau, J.J. Discours sur l'origine de l'inégalitlé parmi les hommes, éd. Pleiade str. 147* (податоците се земени од E.*Badinter*, 1980, стр. 158.

тикнувачи кои произлегуваат од различни извори, ја оддалечуваат оваа емоција од директната физиолошка предодреденост". Deutsch, 1973 стр. 13).

Кај човечкиот род сведоци сме на јавување и постоење на мајчинсва љубов која е само уште едно сложено чувство меѓу другите, а како такво претставува психолошки процес[1]. Дека мајчинската љубов е само "Уште една љубов"[2], едно сложено чувство и дека не е длабоко втиснато во женската природа, Бадинтер (1980) се обидува да покаже преку историскиот преглед на развитокот на мајчинската љубов во Франција од XVII до XX век. Во различни временски периоди мајчинската љубов се смета од нагласена како најсилно и вродено чувство до другата крајност - нејзино отсуство до степен на чедоморство. Се до втората половина на XVIII век во Франција е карактеристично постоењето на нагласена мајчинска индиферентност, незаинтересираност за детето што се огледа како во широко распространетата практика во фанцуските градови на давање доенчиња на други доилки и чуварки далеку од семејството, така и во видливото отсуство на тага по смртта на детето и кај мајката и кај таткото. И избирливоста на мајчинската љубов т.е. поголемата или помалата љубов што ја чувствувала мајката (таткото) спрема детето во зависност од неговиот пол и местото што го имало во семејството, Бадинтер (1980) го наведува како уште едно сведоштво во прилог на сфаќањето на мајчинската љубов како едно променливо психичко доживување[3].

Биолошката репродукција на населението не е "природна" во стрикна смисла на зборот, туку е историски развоен процес. Историјата на човечкиот вид, историјата на репродукцијата и историјата на општеството се единствен историски процес. Тава на пример, ако

---

1) Преобразбата на мајчинскиот инстинкт во мајчинска љубов не се случува само во човечкиот вид. Испитувањата покажуваат дека и кај животните постои учење и социјализација на основните инстинктивни видови на поведение. Меѓу другите и *Harlow*, во своите испитувања на резус мајмуните кои растеле во изолација во подолг временски период наоѓа дека не постои потреба за спарување кај тие мајмуни кога веќе станале зрели за ова, а кога дошле на свет мајмунчиња по вештачко оплодување не покажале никакво мајчинско поведение, напротив, ги тепале и ги бркале од нив нивните мали мајмунчиња.

2) "Уште една љубов" е всушност насловот на неодамнешната книга од Бадинтер (1980).

3) И нашата анализа на македонските песни и обичаи сведочи за постоење преференција во одделни места на машки, а во други на женски деца, во зависност од материјалната корист што ја имале родителите од нив.

некогаш жената ја исполнувала својата физиолошка судбина преку мајчинството бидејќи нејзиниот организам е ориентиран спрема обновувањето на родот, денес сосема е јасно дека човечкото општество не е оставено на природните законитости (S.de Beauvoir, *str. 134*). Се поширoката примена на контрацептивните средства сведочат дека мажот и жената се повеќе донесуваат свесна одлука кога и колку деца ќе имаат, а ова не е во согласност со физиолошкото или биолошкото објаснување на мајчинството. Против постоењето на мајчински инстинкт т.е. против постоењето на вроден нагон за репродукција прилог е и самиот факт дека постојат разлики во бројот на децата кои мајката сака да ги има, а и самиот факт дека во разни периоди од животот варира желбата за имање деца (Напор-Станулович, 1975).

Мајчинството ги менува содржините кои се подразбираат под него во текот на општествено-економскиот развиток. Жената е едновремено и продуктивна и репродуктивна работна сила, таа има и економска и демографска улога, ~~односно таа не само што е работна сила, таа има и е економска и демографска улога~~, односно таа не само што е работна сила туку таа и раѓа. Односите во репродукцијата се определени од производните односи, а самите пак сексуални односи се подредени на логиката на класните односи (Ѓорѓевиќ, 1975, стр. 74). Еден очигледен пример за ова имаме, на пример, во втората половина на XVIII век во Франција кога избива на виделина сознанието дека најголемото богатство за државата е да се произведат што повеќе човечки суштества. Тогаш преку различни публикации и проповеди се повикуваат родителите, и тоа пред се мајките, преку доењето и личната грижа за сопствените деца, да ја намалат смртноста кај доенчињата и децата. Токму во ова време J.J. *Rousseau* го дава моделот на идеалната мајка во "Емил", одредувајќи ги во него специфичните белези на женската природа: пасивност, потчинетост, верност и спремност на жртвување.

Во понатамошниот развиток мајчинските обврски не биле само раѓањето, прехраната и негата на малото дете, туку тие се прошириле и врз неговото воспитание и образование. При крајот на XIX и во почетокот на XX век мајчинството во себе се повеќе опфаќало нови содржини, нови задачи и обврски. Се повеќе се развил митот дека женската среќа лежи во жртвувањето за децата и семејството, а мајчинството се повеќе значи преданост и жртвување на жената на членовите на семејството. Во ова време и се раѓа митот за постоењето на мајчинскиот инстинкт и спонтаноста на мајчинската љубов (Бандинтер, 1980, стр. 137.)

Голем е бројот на написите кои во изминатите два века го нагласуваат огромното значење на мајката и нејзината одговорност во одгледувањето и воспитувањето на децата. Постепено станува широко распространето уверувањето дека мајката пресудно влијае во формирањето на децата. Од жените се очекува да бидат, пред се, мајки и детската судбина тесно се врзува со неа и со нејзиното постојано присуство во семејството. На мајките им се дава голема обврска и одговорност - одгледување на децата, но заедно со нив иде и многу често нагласеното чувство на вина заради неуспехот и воопшто заради проблемите од различен карактер кои секое дете ги има. Посебно за ова придонес имаат психоаналитичарите. Фројд го истакнува значењето на раното детство во формирањето на подоцнежната негова личност, посебно неговото влијание врз нејзините потсвесни и несвесни психични манифестации. Бидејќи психоаналитичарите мајката ја сметаат за прв значаен објект за кого детето се врзува и нејзиното место и улога за детето ги сметаат од примарно и исклучително значење во најраниот развиток, произлегува дека тие неа ја сметаат за главен фактор кој ја одредува подоцнежната ментална врамнотеженост или пореметеност.

Една или повеќе мајки. Веќе повеќе од две децении се вршат обилни истражувања врз планот на првите врски меѓу детето и првите лица со кои доаѓа во контакти. Денес располагаме со обилна етолошка и психолошка литертура за механизмот на социјално-емоционалното врзување кој е опишан под називот *attachment*[1). Системот на поведенија со помош на кој се воспоставуваат социјално-емоционалните односи меѓу децата и возрасните што ги негуваат, укажува дека за опстанокот и продолжувањето на човечкиот вод природата понудила многу поинтересни модели од неопходноста на постоењето на мајчински инстинкт. Кај човекот, и кај голем број други животински видови, постои примарна потреба, вродена тенденција, кај младите единки да воспостави специфични афективни врски со едно или повеќе единки од врстата. При тоа треба да нагласиме дека она што е ново во овие

1) J.*Bowlby*, *H.Harlou*, *M.Ainsworth*, *R.Schaffer*, *P.Wolft*, *R.*Zazzo само неколку имиња кои меѓу првите истражувачи многу допринесоа за расветлувањето на проблемот на воспоставувањето на првите социјално-емоционални врски меѓу децата и возрасните.

наоди не е сознанието дека социо-емоционалните врски играат големо значење за психичкиот развиток, туку фактот дека детето не минува во својот развиток од чисто биолошка состојба во социјално битие преку учењето. Овие испитувања покажуваат дека детето е социјално битие во својата биолошка економија и таа социјалност ја изразува уште во своите први реакции. Денес се смета дека кај детето постои така наречена примарна социјалност која се смета за "наследно условена способност кај детето да покажува посебна чувствителност и селективно да реагира на оние аспекти кои ќе му обезбедат оптимални услови за опстанок и развиток - на другите луѓе (Ивиќ, 1978, стр. 161-162).

Овде треба да истакнеме дека она што е вродено кај детето тоа е потребата за другиот, потребата за социјално-емоцијално врзување. Исто така, вродени се и извесни реакции и поведенија, одредени механизми кои му овозможуваат на младото да и одговори на оваа потреба и да формира објект на социјално-емоционално врзување. Тава, на пример, осмевот се смета како вроден механизам кој му овозможува да воспостави контакт, врска со другите на растојание. Исто така, испитувањата покажуваат дека постои рана чувствителност за социјални дразби т.е. уште новороденчето покажува преференција за визуелни и слушни стимулуси кои се од човечко потекло, а ова укажува на постоење на програмираност на самиот визуелен и слушен апарат за посебна чувствителност на дразби кои потекнуваат од други единки од видот.

Испитувањата покажуваат дека самиот објект, за кого ќе се врзи малото, не е однапред програмиран и тој се создава во постојаната заемна врска меѓу детето и лицето (лицата) кои се грижат за него во текот на првите 6 до 8 месеци од животот (*Zazzo*, 1979, стр. 212 и 230). Лицето за кое детето најнапред се врзува не мора да биде мајката, иако најчесто тоа е таа. Испитувањата покажуваат дека тоа може да биде било кое лице-независно од неговиот пол и возраст - кое одговара на основните детски потреби.

За нашето изложување значаен е и податокот дека кај децата кои нормално се развиваат, не е општо и неопходно правилото дека треба да постои едно единствено лице за кое детето емоционално се врзува. Испитувањата на P. *Emerson* и *R. Scheffer* нашле дека 29% од децата кога се веќе во состојба да формираат специфична емоционална врска (меѓу 6 и 8 месец) формираат неколку едновремено, и дека 10% формират 5 и повеќе врски. Веќе на 18 месеци 87% од децата

формираат мултипни социјално-емоционални врски. Значајно е да се одбележи дека врзувањето за повеќе лица не значи поголеми чувства за секој од нив. "Љубовта, дури и кај бебињата, нема граници" (*Scheffer*, 1977, стр. 108).

Има испитувања што покажуваат дека социјално-емоционалната врска на децата од двата пола не е иста со мајката и таткото. Така, на пример, *Lewis i Wienraub* (1974) изнесуваат податоци според кои однесувањата што ги покажуваат момчињата при социјално-емоционалното врзување се исти спрема родителите од двата пола: барањето на близина преку допир во текот на првата година се менува во втората година од животот во нов вид на социјално-емоционална врска - сега врска на растојание што се остварува преку погледот и говорот - и тоа на ист начин со двата родитела. Изгледа дека ова се должи на фактот што испитуваните момчиња во САД во секојдневните воспитни постапки се обесхрабрувани кога ги употребуваат непосредните форми на *attachement* и тоа преку допир и физичка блискост. Социјалната средина од нив бара осамостојување, а постои и страв дека тие би можеле да придонесат појавувањето на сексуалните и хомосексуалните потреби.

Истите автори кај девојчињата забележуваат поинаков развиток на социјално-емоционалните поведенија. Изразувањето на социјално-емоционалните врски од непосредното манифестирање преку допир и физичка близина кон изразување на растојание со помош на говорот и погледот кај нив е најпрвин во односот кон таткото. Едновремено не се забележуваат промени во односот кон мајката, а ова може да се должи на фактот што во испитуваната средина е дозволено изразувањето на непосредната социјално емоционална блискост меѓу жените. Заради социјалните забрани само емоционалните врски кон машките лица, а тоа е најпрвин таткото постои стремеж да се изразуваат на "пристојно" растојание.

Од овие податоци се гледа дека различните начини на социјално-емоционално врзување на децата со родителите од различните полови е одраз на самите процеси на социјализација и културните вредности во кои децата проникнуваат.

За кого едно дете ќе се врзи не условува вкупната поврзаност, туку квалитетот на поведението на лицето (лицата) со кои детето е во интеракција - нивната чувствителност за детските потреби и способност на нив адекватно да одговорат, емоционалното внесување во заемните врски и други квалитети. Количината на времето

проведено заедно не е толку битен момент во воспоставувањето на системите на емоционално врзување. Ова укажува дека детето не е изолирано суштество и самото е креатор на својот развиток. На вродената потреба на детето за емоционално врзување треба друго лице (лица) да биде во состојба да одговори. Според тоа детето и лицата кои се грижат непосредно за него делуваат едни на други, тие заемно се врзуваат емоционално. Ако на детската потреба за емоционално врзување друго лице не одговори со иста таква потреба, врската меѓу нив не може да се воспостави, не можеме да зборуваме за постоење на социјално-емоционално врзување.

Истражувањата врз планот на формирањето на првите социјално-емоционални врски, фактот дека љубовта е примарна потреба во воспоставувањето на односите меѓу луѓето, а потоа и со другите објекти, се совпаѓа со Маркосовото сфаќање изнесено во "Светско семејство" според кое "љубовта е просто искуство кое му овозможува начовекот да верува во постоењето на објективниот свет надвор од него".

За разбирање на мајчинството да истакнеме дека овие наоди укажуваат оти детето рано е во состојба да го поттикне возрасното лице кое е во негова близина на контакт давајќи му знаци преку кои ја изразува својата состојба, а едновремено укажува дека доста рано во својот развиток ги разбира извесните значења на реакциите на возрасните.

Овие наоди укажуваат и на поинакво теоретско поставување на мајчинството од до скоро широко распространетото уверување на психоаналитичарите. Не е точно дека за ментално здравје на детето е неопходно неговата рана нега и воспитување да бидат монополизирани во една исклучителна мајчинска фигура. Исклучувањето на можноста детето да може емоционално да се врзи за повеќе од едно лице, за коешто се сметало дека треба да биде секогаш присутната мајка, жената ја затвораше во семејните граници. Пење Новите податоци мајката (жената) ја ослободуваат од тешното бреме што ја надвиснуваше со векови и за кое најмногу придонесле сфаќањата, како на Русо така и на психоаналитичарите подоцна, преку истакнувањето на примарната, единствената и незаменливата улога на мајката во процесот на одгледувањето на младите деца. Се отвараат подеднакви можности и таткото да си го најде своето вистинско место во односот со децата давајќи му за право и тој подеднакво да делува уште од најраната

возраст врз детскиот развиток.

Можноста и определеноста мајчинството да биде поделено меѓу извесен број на лица на практичен план овозможува барање и изнаоѓање на нови решенија врз планот на организираната општествена нега и на воспитување на децата од најраната возраст.[1] Во поглед на согледувањето и поадекватно разбирање на детските потреби за развој на сестрана личност ваквите податоци овозможуваат детето да го ослободиме од тесната посесивна родителска зависност. Детето е општествено битие со самото раѓање, тоа е член на општествената заедница и неговата нега и воспитание треба да бидат организирани од општеството. При сето ова не треба да се заборави дека иако истражувањата на планот на социјално-емоционалните врзувања јасно покажаа дека мајката не е единствениот можен објект за емоционално врзување, сепак од нив избива и фактот дека детето не може да се развива нормално психофизички ако не се задоволи неговата апсолутно неопходна потреба да формира извесен број на социјално-емоционални врски со одредена трајност.

<u>Татковство.</u> Во досегашното изложување мајчинството го определуваме според тоа каков беше односот на мајката спрема детето. Тоа ќе стане уште поопределено ако ја определиме улогата на таткото спрема истото.

Носењето и раѓањето на детето мајката биолошки ја припремаат да го оствари првиот контакт со него. Потребата и задоволството што жената ги чувствува додека го дои детето е природен начин да се формира врската меѓу мајката и детето и врз неа подоцна се гради мајчината љубов.

Постои биологистичко објаснување според кое првите луѓе формирале семејство заради задоволувањето на биолошките потреби: Мажот се врзува за жената заради задоволувањето на сексуалните потреби (*Lynn*, 1974, стр. 23). Ова сфаќање е тешко прифатливо. Ако и може да се рече дека во својот почеток мајчинскиот однос никнува

1) Денес имаме доста проучувања за штетните влијанија врз детскиот развиток на институциите во кои не се согледани и задоволени некои основни потреби на детето, како што се, на пример, топлиот и релативно трајниот однос со едно или неколку лица кои се грижат за него (тука да го спомeнеме *Spitz* (1965) како еден од првите, кој многу придонесе на овој план). Она што во иднина треба повеќе да се направи тоа се проучувања на позитивните ефекти кои ги има добро организираната општествена институција врз детскиот развиток.

врз основата на биолошки фактори, за татковството е поисправно да се каже дека е подоцнежен општествен производ. Екерман (1966) откако истакнува дека мајчиниот биолошки придонес за создавањето на детето е очигледен, а оној на таткото е невидлив, вели: "Токму преку овој прикриен карактер на улогата на мажот во оплодувањето се објаснува долгото историско задоцнување во откривањето на татковството" (стр. 201).

Сметаме дека за разбирањето на вообликувањето на родителските улоги вниманието треба да се сврти кон општествено-економските услови на живеење. Нивното влијание е понепосредно видливо во промените на татковството кое е помалку зависно од биолошките фактори. Веќе во делот во кој станува збор за појавата на доминантна општествена положба на мажите стана збор и за факторите што придонеле да се јави моногамното семејство и татковството. Енгелс од својата страна го нагласува економскиот фактор како причина за појавата на моногамското семејство. Сè до појавата на првото класно општество децата им припаѓале на мајките кои непосредно се грижеле за нив, а за татковците и не знаеле. Но со концентрацијата на поголеми богатства, кои мажот ги задржува за себе како сопственост, и заради потребата тие богатства да им останат во наследство на неговите деца се јавува моногамија за жените предизвикана од економска причина и патријархално наследно право (Енгелс, 1976).

Ако го проследиме историски развитокот на татковството, тогаш можеме да претпоставиме дека во првобитната општествена заедница таткото не можел да биде покрај детето и непосредно да се грижи за него, но тоа не значи дека тој на свој начин не давал придонес за опстанокот на заедницата во која растело детето. На одреден степен од општествено-економскиот развиток била нужна поделбата на трудот и тоа најнапред заснована врз половите разлики и природните диспозиции. Бидејќи кај мајката јајцето по оплодувањето останува да се развива и бидејќи кај неа се развиваат млечните жлезди од кои детето прима храна, а исто така бидејќи надоаѓањето на млекото кај мајката создава потреба да биде испразнета и едновремено кај новороденчето постои природна потреба од лицето кое е прво со него во непосреден контакт - сето ова условува во текот на историскиот развиток жената најнапред да се грижи за децата и според тоа, сосема природно, најнапред тие нејзе ѝ припаѓаат. "Таткото" многу ретко можел да оствари непосреден однос со децата бидејќи тој најчесто бил отсутен од престојувалиштето или за да набави храна или за да го брани од непријателот. Всушност, во првобитните заедници кадешто

се претпоставува дека владееле неограничени полови односи во рамките на едно племе, при што секоја жена му припаѓала на секој маж и обратно, секој маж на секоја жена (Енгелс, 1976, стр. 30), нормално е децата и да не знаат за таткото, а реткиот контакт меѓу децата и мажите не овозможувал кај последниве да се создаде потреба за непосреден однос со детето и да се развие татковството како однос на мажот спрема детето.

Сметаме дека првото класно општество овозможува да се јави и свест за татковство и тоа, пред сè, заради тоа што сопственоста на средствата за производство (а тука спаѓаат и робовите) му оставиле време и енергија на сопственикот кој, меѓу другото, му овозможуваат да има повеќе контакти со другите, а меѓу нив и со децата кои исто така ги смета за своја сопственост како што ја смета и жената. Во човековата природа се јавува нова потреба - мажот неговите деца да ги издвои како дел од неговата сопственост и гради свест за нивната припадност како дел од неговото богатство. Приватната сопственост придонесува таткото како нејзин титулар да води сметка за нејзината наследност и така се повеќе му се приближува на семејството и на своите деца и едновремено на тој начин ја исклучува можноста некој друг да се јави како наследник на неговата сопственост. Свеста за приватната сопственост придонесува да се изгради и одреден однос спрема сопствените деца, за кои се повеќе настојува да ги направи "достојни" наследници. Она што доминира во тие први татковски односи се потребата за власт и моќ кај таткото, неговиот авторитет.

Во капиталистичкото општество, како општество на доминација на капиталот, мажот било да се јавува како сопственик на средствата запроизводство или како наемен работник, се јавува како лице кое преку разни облици на активности надвор од семејството му набавува средства за материјална егзистенција на семејството. Од жената се очекува да го одржува домаќинството и да ги врши обврските околу подигнувањето на децата. Според традиционалното сфаќање мајката е таа која го одредува татковството, т.е. од неа зависело какво ќе биде тоа. Постапките на таткото спрема детето ги одредува мајката преку нејзините искажувања за поведението на детето додека тој работел и бил отсутен од семејството. Додека од мајката се барало постојано присуство дома, татковото присуство можело да биде епизодично-колку детето да знаело дека тој постои. Исто така се сметало дека татковците не можат да имаат мајчински однесувања, би-

дејќи нивните различни улоги се сметале како биолошки предодредени. Се сметало дека е нормално и децата да ги сакаат повеќе своите мајки бидејќи "мајката си е мајка", т.е. таа по својата природа умее подобро да ги задоволи детските потреби. Ова допринесе да се јави конфликт меѓу улогите на мајка и работничка. Не е мал бројот на жените што покажуваат чувство на вина, особено кога им се децата мали, што не се грижат исцело самите за нивните потреби.

Ваквото сфаќање не само што жената ја затвораше дома, туку и таткото го отуѓуваше од децата. Неговото значење за развитокот на детето неоправдано беше сведено на најмала мера. Во колку повеќе обврските на мајката околу децата растеле, во толку повеќе авторитетот и значењето на таткото во рамките на семејството се намалуваше. На тој начин постепено се јавува вид матријархат во семејството, а патријархат во општеството.

Во последнава деценија зголемен е интересот за проучување на улогата на таткото во развитокот на децата. Според податоците од поголем број на истражувања[1)] може да се констатира дека учеството на таткото во одгледувањето на децата од самите деца не е видено како "не машко". Децата очекуваат нивните татковци да влијаат и емоционално да учествуваат заедно со мајките во нивниот развиток (*Lamb*, *1976*, *str. 25*).

Податоците од истражувањата укажуваат дека половата припадност кај детето е означена пред 18-от месец, и дека во тоа значајна улога има таткото и тоа пред се квалитетот на неговите врски со синот или ќерката. Тие наведуваат на заклучок дека критичниот период на татковото влијание врз типизирањето на половите улоги е во првите години од животот.

Има автори кои укажуваат дека отсуството на таткото пред втората година од животот многу понегативно се одразува врз развитокот на личноста на детето отколку ако е тоа подоцна. Во едно проучување на *Stolz* и неговите соработници[2)] (1954) се покажало дека кај децата кои биле родени додека таткото бил отсутен и кај кои првите контакти татко-дете биле воспоставени по првата година, децата и татковците имале нагласени тешкотии во формирањето на меѓусебните врски. Во оваа студија се покажало дека татковците во толку повеќе се интересирале за децата, во колку порано и почесто биле изложувани на бебињата. Според тоа, потребно е породилиштата да

---

1) Прегледот на литературата по проблемот на татковството покажува дека посебно во САД се направени повеќе студии на овој план.

2) Податоците се земени од *Lynn* (1974, стр. 238).

ги отворат своите врати за татковците и да овозможат односот меѓу детето и таткото да почне тогаш кога почнува и односот мајка-дете. И уште повеќе, свесната заедничка одлука на двата родители кога и колку деца ќе имаат ќе придонесе тој нивен однос да произлезе уште оттогаш. Денес се повеќе сме сведоци како "модерните" татковци учествуваат во бременоста на жената, ја споделуваат радоста на раѓањето и секојдневните обврски околу бебето и детето. Сведоци сме и дека се поголем бројот на татковците кои се грижат околу децата и спретно и одговорно ги вршат своите активности врзани со одгледувањето и воспитувањето на децата кои некогаш се сметаа само дел од улогата на жената. Всушност, единствено нешто што таткото не може да го направи за своето бебе е да го надои. Но вештачкото млеко овозможува татковците да се јават со исто толкави можности како и мајките во задоволувањето на детските потреби уште од првите денови од животот. Денес сме сведоци како културните и научните придобивки одат во спротивен правец од бимоделната природа-мајчините и татковските улоги се повеќе се приближуваат. Жените излегоа од семејните должности и во колку повеќе се образовани, во толку повеќе наоѓаат задоволство надвор од домашните работи, а постојаната грижа околу членовите од семејството како нивна единствена и основна должност е тежок оков кон кој и не се враќаат. Жената не е ниту мазохист ниту пасивна-секојдневието ги негира овие поставки на психоаналитичарите. Во колку повеќе е образована, култивирана, во толку повеќе мајчинството како нејзина единствена обврска е отфрлено како такво - овие мајки сметаат дека и татковците и општеството треба да го сторат своето во одгледувањето на малите деца кои не се само нивни.

Во последниве години се создава нов модел на татко кој се повеќе учествува во воспитувањето на децата, но не преку авторитарен однос, туку како внимателен, загрижен, нежен татко, полн со разбирање. Се поголем е бројот на образовани и културни мажи кои се спремни да прифаќаат низа задачи во домот и семејството кои некогаш се смета за "женски".

Испитувањата во различни култури и општества (*Steinmann*, 1976) укажуваат дека жените секаде во светот се стремат кон економска и професионална независност. И одговорите на студентите кај нас (Мурџева-Шкариќ, 1978) сведочат дека улогите на двата пола се стремат да се приближат: студентките по дипломирањето мислат да се посветат едновремено и на семејството и на професијата, а студентите сметаат

дека нема полови разлики меѓу активностите во домаќинството и семејството: нема машки и женски задачи.[1)]

Факт е дека се поголема грижата на татковците околу нивните деца се должи на настојувањето на жените за еманципација, но едновремено тоа е резултат и на откривањето на едно големо задоволство кое произлегува од татковството како непосреден однос спрема детето на кое му помогнува да израсне за разлика од отуѓениот авторитативен однос што му го наметнува традиционалните машки улоги. Мажите постепено стануваат свесни за татковството, грижејќи, се играјќи си, трудејќи се да одговорат на некои основни детски потреби. Заедничките мигови ткаат нераскинлива нитка меѓу детето и таткото. Според тоа, она што во основа придонесува да се воспостави односот татко-дете како и квалитетот и брзината на неговите одговори на детските потреби во својата суштина зависи од истото она што придонесува во развивањето на врската мајка-дете: непосредниот заеднички контакт во кој се воспоставува интеракција меѓу нив и искуството околу нивните неги. Преку секојдневното откривање на потребите на детето кое расте и изнаоѓањето на најадекватни начини тие да се задоволат, таткото (мајката) гради свест за суштината на татковството (мајчинството). Но на овој начин тие почнуваат и поинаку да гледаат на нив, да им придаваат поинакво значење и тоа од зголеменото вреднување на извршувањето на обврските околу подигнувањето на децата, па се до нивно свесно и организирано извршување со помош на специјализирани институции. Процесот на појавата на здружена сопственост, од своја страна, придонесува да се напушти свеста за исклучително во сопственоста и почнуваат да се развиваат идеи за "солидарна" сопственост која подоцна ќе се трансформира во појавувањето на односи на општествена сопственост. Овој процес едновремено придонесува и мајчинството (татковството) да се трансформираат од приватен (сопственички ондос) кон своето дете кон родителство од општествен тип т.е. кон родителски однос на постарата генерација насекаде спрема децата кој ќе им овозможи оптимален сестран развиток (Томшиќ.1977 и 1978). Можеби родителските должности во иднина ќе им бидат доверени на најспособните, најцелесните, најзрелите лица и ќе претстапу-

---

1) И покрај тоа што е заедничко настојувањето на мажот и жената меѓусебно взаемно да ги споделат грижите околу домот и семејството, сепак денес сме двеоци на некои нови поделби на семејните и домаќинските активности меѓу мајките и татковците во кои мајките сеуште имаат подредена улога. Така, на пример, додека мајките извршуваат некои активности околу одржувањето на домаќинството - чистат, готват јадења, перат, ги мијат или хранат децата, татковците ги шетаат, си играат со нив, им читаат, разговараат со нив...

ваат голема чест и задоволство за оној кому тие не му биле доделени од страна на општествената заедница. Во секој случај, родителите денес се повеќе стануваат свесни дека детето, пред сè, си припаѓа на самото себе и на една општествена група, не е приватна родителска сопственост.

Сведоци сме денес дека сè повеќе родители ја губат својата власт и моќ над детето, не се она што беа некогаш. Многу често родителите денес не умеат да ги решат најсекојдневните проблеми во врска со негата и воспитанието на децата и бараат помош од некое стручно лице, книга и слично, дури и за една најбанална настинка. Сведоци сме на сè поголемо поопштествување на низа задачи, кои некогаш се сметаа должности во семејни рамки. Различни општествени институции денес кај нас се замена за семејството: јасли, градинки, училишта, болници, општествени ресторани,, различни сервиси за домаќинството. Постепено доаѓа до поопштествување на различни дејности во семејството, што сè уште не значи дека кај нас во блиска иднина ќе биде остварена целосна општествена грижа за децата. Родителскиот однос спрема детето и тоа, пред сè, топлиот, индивидуализиран и траен однос кон нив, е тешко заменлив. Сметаме дека денес во наши услови во планот на родителството многу ќе се направи ако се зголеми бројот на родителите кои односот меѓу себе т.е. односот меѓу мажот и жената, ќе го сметаат за личен однос, но затоа пак свесно донесената нивна одлука кога и колку деца ќе имаат не ќе биде приватна работа на семејството бидејќи станува збор за нов член на општеството. Свесната одлука во себе подразбира и одговорност детето да се изгради во самостојна личност, а родителите во нашето самоуправно социјалистичко општество имаат можности организирано да учествуваат во подигнувањето на своите деца и преку ОЗТ како производители каде свесно и одговорно одлучуваат за материјалните средства кои ќе ги издвојат за децата, и како граѓани преку месната заедница.

Мнозина си го поставуваат прашањето како ќе влијае врз развитокот на детската личност приближувањето (изедначувањето) на мајчинските и татковските улоги[1]. Психоаналитичарите, на пример, сметаат дека за нормалниот развиток на детето неопходно е да дојде

---

1) Едно испитување во Франција *Istria i Breton*, 1978) дава интересни сфаќања на француски современици за односите меѓу родителите и децата. Со оглед на големите општествени промени кај нас, интересно е и кај нас да се проучуваат сфаќањата кои постојат за овие прашања.

до идентификација на детето со родителот од истиот пол. Нерализирањето меѓу машките и женските улоги тие сметаат дека би довело до конфузија и пореметување во развитокот на личноста на детето - тоа нема да биде свесно за својот пол, не ќе знае како да се однесува, кои улоги да ги прифати.

Ние сметаме дека за развитокот на детската личност е многу подобро тоа да биде опкружено со личности кои и самите ќе извршуваат разновидни задачи и улоги, со повеќе и различни развиени потреби и интереси. На таков начин ќе се создадат можности детето да добие нови видици, ќе се создадат поинакви сфаќања и вредности кои ќе доведат до порамноправни односи меѓу луѓето и можности секој своите способности да ги развива оптимално.

<u>Заклучок:</u> При одредбата на мајчинството и татковството се судираме со фактот на развојноста и променливоста на содржините кои се кријат во нивното значење.

Во текот на биолошката еволуција дојде до појава на полов диморфизам при што на единките од женскиот пол им припадна да му овозможат развиток на оплоденото јајце и да му ја даваат прва та храна. Според тоа мајчинството како прв однос меѓу мајката-жената која го носи, раѓа и дои детето - и детето беше биолошки предодредено. Во текот на општествено-економскиот развиток доаѓа до трансформација на мајчинскиот инстинкт во мајчинска љубов која претставува сложено чувство, а мајчинството почнува се повеќе да значи не само да се роди и нахрани детето.

Секој од нас има претстава, свое доживување за мајчинството и татковството што во голема мера е условено од нашето различно лично искуство. Но во одредени општествено-економски услови на живеење постојат и заеднички белези на сфаќањата кај повеќе лица за нив. Така, на пример, денес при одредби на мајчинството, кои веднаш се наметнуваат, се сфаќањата на мајчинството како својство на мајката, ... состојба на мајката, однос на мајката спрема нејзиното дете (Marcos, 1980). Потесното значење на мајчинството може да биде сфатено како активност при која една жена (мајка) раѓа дете, но тогаш се заборава фактот дека детето се раѓа во незрела форма и има потреба од подолг период на созревање при што му е неопходна непосредната помош на едно или повеќе возрасни лица во подолг временски период.

Несомнено е дека мајчинството во себе ги опфаќа и неминовните промени што постојат во жената која очекува и има дете и што се условени како од физиолошки така и од психолошки фактори, а се под влијание како на општествено-економските услови во кои жената живее, така и на самата активност на детето. На жената која раѓа, под влијание на културната средина во која живее, и се наметнуваат нови улоги, во неа се создаваат нови потреби во врска со детето. Можеби повеќе ќе му се приближиме на мајчинството ако го сфатиме како процес на воспоставување и остварување на однос на мајката спрема детето што започнува уште пред тоа да се роди. Во самиот тој процес се менуваат интерперсоналните односи на жената, начинот на живеење, нејзиниот општествен статус, перципирањето на себе самата. Мајчинството можеме да го сфатиме како длабоки промени во животот на една жена која очекува, родила и одгледува едно или повеќе деца.

При сите вакви и слични одредби, мајчинството тесно се врзува со женскоста т.е. неминовно се врзва за припадничките од женскиот пол, и тоа пред се за оние жени кои родиле дете, и неоправдано ги исклучува големиот број на оние лица кои "мајчински" одлгедале дете кое некоја друга жена го родила и од различни причини истото не можела да го стори.

Никој не го оспорува фактот дека постојат биолошки разлики меѓу половите. Но дека жената е биолошки предодредена повеќе да се грижи за децата и дека по својат природа тоа и умее најдобро, не можеме и не смееме да заклучиме врз основа на минатото искуство. Денес многу подобро ќе го поставиме проблемот на мајчинството и татковството и поблизу ќе бидеме до нивната одредба и значење во современите услови на живеење ако ја истакнемме големата улога што ја има свесно организираното човечко општество во развитокот на единката и ако имаме предвид дека човекот, по својата природа, е општествено битие од раѓањето, а тоа од своја страна ја одредува променливоста на неговата природа. Човековата природа не е нешто што е всадено во човекот, таа се менува бидејќи човекот своите природни потреби ги задоволува на начин како што условуваат општествено-економските услови на живеење, а тие едновремено создаваат и нови потреби кај него.

Во еден разговор *Simon de Beauvoir*[1)] истакнува дека "жените ќе продолжат да бидат потчинети се додека.... митот за семејството и оној за мајчинството не бидат уништет-и" (стр. 336). Денес сме сведоци дека овие митови ги менуваат своите содржини. Мајчинството и татковството сѐ повеќе значат свесно родителство кое под себе подразбира директно и непосредно учество на повеќе возрасни лица во создавањето на ново човечко битие, при што под создавање се подразбира не само неговото раѓање, туку и формирање на самостојна, креативна, сестрана личност и при тоа, нема сомнение, дека тоа во себе носи наследни потенцијали од двата родитела и едновремено и самото активно учество во своето формирање. Сѐ повеќе мајчинството и татковството значат непосреден, емоционално топол, индивидуален (изразит) и релативно траен однос на одреден број на лица од постарата генерација (мајката, таткото, другите роднини, воспитувачи, учители, лекари...) спрема детето, во кој на различни начини и со различни средства се обидуваат да му помогнат да израсне, а при тоа не е важна нивната крвна врска ниту полот.

Кај нас, во социјалистичка самоуправна Југославија родителите грижата за своите деца сѐ повеќе ја вршат во заедница со другите луѓе, општествено. Сѐ повеќе кај нас ја нагласуваме потребата за поопштествување на грижата околу децата и таа сѐ повеќе станува дел од нашата стварност што се должи, пред сѐ, на фактот дека кај нас работниците луѓе сами одлучуваат за распределбата на доходот. Битно е да се нагласи дека во сите облици на самоуправното решавање на општествената грижа за децата (во сите институции за деца, месни заедници, самоуправни интересни заедници) се вклучени и родителите како значајни субјекти во таа грижа. Ова очигледно ја потврдува Марксовата и Енгелсовата поставка дека биолошката репродукција е неразделив дел од општествената репродукција.[2)]

Поодделните теоретски разгледувања на мајчинството и татковството како вид полови улоги ќе ни помогнат во подоцнежното разгледување на влијанието на родителите врз формирањето на половите.

---

2) "... грижата на детето не е само проблем на мајката, ниту само на родителите, ниту е тоа само помош од општеството на индивидуалното семејство. Во нашето самоуправно општество како решавачки фактор во врска со грижата за децата се јавуваат девојката родители, сите работни луѓе и граѓаните. Затоа, во нашата општествена акција за создавање услови за остварување на уставното право на човекот слободно да решава за раѓањето на децата секогаш поаѓаме од тоа дека планирањето на семејството кај нас не е само одговорно, сакано и свесно родителство, туку е и општествена активност". (Петриќ, 1982, стр. 43.).

1) Friedan, B. (1977).

улоги, во толкувањето на податоците за детските сфаќања за родителството и семејството, како и во изнаоѓањето решенија за организирано влијание врз развитокот на половите улоги во правец на рамноправни односи меѓу половите.

## 2.3. Влијание на социјалните фактори врз половите разлики во психолошките карактеристики

Доказите што беа наведени во прилог на биолошките фактори, анализата покажа дека можат да бидат едновремено наведени и како докази за срединското влијание врз јавувањето и вообликувањето на половите сличности и разлики во психолошките карактеристики. Поточно речено, тие се должат на заемното и едновременото влијание на биолошките и срединските фактори. Според тоа, веќе во значајна мерка стана збор и за она што треба да биде предмет на дискусија под горниот наслов. Во натамошното изложување ќе стане уште збор за некои податоци добиени од истражувањата на антропологот Маргарет Мид и некои други истражувачи заради тоа што преку нив на очигледен начин може да се согледа значењето на културната средина во јавувањето на разликите меѓу половите во психолошките поведенија.

Се до појавата на резултатите од социолошко-антрополошките студии, а меѓу нив особено оние на Маргарет Мид ("Полот и темпераментот во три примитивни општества", 1935 и "Машкото и женското", 1948), објаснувањата на констатираните разлики меѓу половите добиени преку емпириските истражувања дотогаш беа биологистички. Во истражувањата што следат по нив вниманието се повеќе се свртува не толку во истражувањето на специфичностите на едниот и на другиот пол, колку на нивната условеност од срединското, културното влијание како и на социјализацијата како значаен процес при нивното формирање. Така, на пример, извесни издвоени, типични психички карактеристики на едниот или на другиот пол, почнуваат правилно да се согледуваат како плод на долговековното патријархално воспитание што е различно за девојчињата и за момчињата.

Антрополозите, истражувајќи во различни култури, се обидуваат да добијат одговори на бројни прашања, меѓу кои и следниве: како во нив машките и женските деца ги учат социјалните улоги? Кои типови поведенија одредени општества ги сметаат за машки, а кои за женски, а кои пак не можат јасно да се определат ниту во едната ниту

нити во другата група? Колку во нив мажите и жените се сметаат за слични односно за различни?

Маргарет Мид, засновувајки се на истражувања во седум култури, заклучува дека и кај нив како и во западните култури, основните сознанија за половата припадност и својства се стекнуваат: децата учат дали му припаѓаат на едниот или на другиот пол. Ние учиме дали нашето тело им припаѓа на машките или на женските тела. Во секој од седумте проучувани народи М.Мид наоѓа дека детето учи преку своето тело и начинот на кој другите се однесуваат кон него, дали е машко или женско и што значи да се биде момче или девојче. Авторот наведува постоење на големи разлики меѓу половите улоги во различните култури и преку тоа јасно го покажува влијанието на културната средина врз нивното вообликување. Да наведеме овде некои од нив.

- улогите на жените и оние на мажите кај припадниците на племето Манус од Адмиралските острови многу малку се разликуваат - тие заеднички учествуваат и во религиозните обреди и во водењето на работите;

- кај Арапешите од Нова Гвинеја во поглед на развитокот на машките и женските единки постојат исти очекувања. Ова е сиромашен и миролубив народ, осетлив и услужлив на потребите на другите, постои заемно помагање и не се агресивни. Карактеристично е дека децата се многу сакани и се одгледуваат со подеднаков интерес, нежност и грижа од страна на двата родитела;

- кај Мундугуморите (канибалистичко племе од Нова Гвинеја) агресивноста е нагласена кај единките од двата пола како и желбата за доминација и незаинтересираност за потребите на другиот. Додека мажите живеат во постојани кавги и меѓусебно непријателство, жените од своја страна се авторитарни и сурови во односот кон децата - тие не сакаат да бидат бремени и не ги сакаат своите деца;

- додека во претходните племиња не се очекуваат разлики во психолошките карактеристики меѓу половите, кај Чамбулите се забележува постоење на поинакви, обратни очекувања од оние на кои сме навикнале во патријархалните општества. Кај нив жените се активни, доминантни, работливи - тие се занимаваат со риболов и трговија. Жените овде не се заинтересирани за својот надворешен изглед и ја преземаат сексуалната иницијатива. Мажите, од своја страна, се занимаваат со уметност - прават скулптури, сликаат, танцуваат. Тие се пречувствителни и се накитени со различни украси. Многу водат сметка

за својот надворешен изглед со цел да бидат избрани за сексуални партнери.[1)]

Наодите на М.Мид за постоењето на култури каде има исти очекувања за машките и женските единки и такви каде има целосна инверзија на половите улоги, ги негираат биологистичките објаснувања на половите разлики во психолошките карактеристики и се директен доказ за големото значење на воспитанието во нивното формирање.

Интересен и значаен е наодот на М.Мид дека не се сретнува култура во која не се прокламираат разлики меѓу мажот и жената и во која богатиот репертоар од различни психолошки карактеристики не е подвоен на едни својства повеќе типични за едниот, а други за другиот пол. Сеуште не постои општество што би се стремело кон единствени, заеднички, општочовечки својства за припадниците од двата пола. Напротив, забележливо е постоењето на дихотомна поделба на својствата во зависност од полот во секое општество. Дали таквата поделба е неминовност што произлегува од човековата природа и дали нејзиното нарушување би значело одење спрема индивидуална или социјална патологиіа, оневозможување на оптимално користење на вродените потенции? Каков е односот меѓу стварните, постоечките, и можните полови улоги?

Денес има доволно податоци што укажуваат дека културата во која расте едно дете пресудно влијае врз начинот на живеење, мислење, чувствување, дејствување на самото дете, но и дека таа го ограничува да сфати подоцна како возрасен дека може да се живее, дејствува, мисли, чувствува и на поинаков начин. Наполно се согласуваме со М.Мид кога вели: "Тргнувајќи од идејата дека може да се изгради подобар свет заснован на различните прилози на двата пола, се доаѓа до двојна слобода: слобода да се искористат неискористените таленти, и слобода оставена секому, независно од неговиот пол, да ги култивира своите лични способности" (стр. 342). А како да се дојде до овие слободи, тоа е прашањето чиј одговор би требало да се најде.

1)*Sewardsi 1944)* бележи дека во една усмена комуникација М.Мид подвлекла дека улогите на мажите и жените кај Чамбулите што таа ги опишала се развиле после *pax britanika*. Имено, мирот придонел мажите да ја изгубат традиционалната улога на војници и тие почнале да се занимаваат со сосема други активности. Значи, опишаните улоги кај Чамбулите се изменети, не се оние што постоеле како "природни". Но токму ова е уште поголем доказ за променливоста на машките и женските улоги како и за нивната зависност од општествено-економските услови (цитирано според *Rocheblave -Spenlé*, 1970, стр. 12.)

Да изнесеме овде и податоци од едно друго истражување во кое станува збор за испитување на половите разлики во повеќе култури. *Whiting i Edwards* (1974) ги разгледуваат половите разлики по поведенијата кај децата од 3-11 години посматрани во природни услови во седум различни делови во светот. Шестте примероци на деца се оние од проучувањата во шест култури во текот на 1954-65 година од кои има произлезено неколку книги и написи[1], а седмиот примерок го сочинуваат деца од Кенија посматрани 1968-70 година.

Резултатите покажуваат дека навредите, грубите игри и егоистичната доминација се "машки" типови на поведение кај децата од 3-6 години; барањето и давањето на физички контакти, барањето помош и просоцијалната доминација се "женски" поведедија. Овде е интересно да се одбележи наодот дека телесниот контакт постои и во грубите игри и во допирањето, а ова сугерира дека постојат алтернативни начини за воспоставување на кожни контакти. Исто така можат да се издвојат и два типа на доминација: команда (машки начин) и преку изнесување на правила за својствено поведение (женски начин).

Се забележува дека во сите испитувани општества на девојчињата им се наметнувале од страна на средината активности околу одржувањето на домакинството и чувањето на децата многу повеќе отколку на момчињата. Во сите испитувани општества значи, женските биле поодговорни за чувањето на децата и за одржувањето на домаќинството, а ова е во согласност со поделбата на трудот меѓу ~~поло~~ половите во нив. Авторите на ова истражување заклучуваат дека природата на задачите што им се припишува на девојчињата е најдобар претскажувач за 4 или 5 типа примарни "женски" поведенија кои избиле во испитувањето и тоа оние на почеста интеракција со децата и возрасните и грижа за околу нив. Ваквите активности за кои се подготвуваат девојчињата од најраната возраст бараат од нив да бидат послушни, да ги поднесуваат барањата на другите за помош, да бидат постојано подготвени да ги пратат мотивационите состојби на другите (стр. 45-46).

Можните последици од наметнувањето на одредени активности околу одржувањето на доммаќинството и одгледувањето на децата за "мажественоста" и "женственоста" на профилот на момчињата и девојчињата можат да се согледаат во некои источно африкански општества

---

1) Да ги наведеме овде само книгите на *Minturn, L и Lambert, W. (1964), Mothers of Six Cultures: Antecedents of Child Rearing, New York, Wiley*, и книгата на *Whiting, B. (1963), (Ed); Six Cultures: Studies of child Rearing, New York, Wiley*.

во кои на момчињата им се наметнуваат домаќински активности и чување на помалите братчиња и сестричиња. Имено, во Кенија каде се вршени посматрања, малите момчиња повеќе давале помош и поддршка од малите девојчиња. Девојчињата, од своја страна, имале високи скорови во грубите игри, а момчињата се повлекувале подеднакво како и девојчињата од агресивните напади на врсниците. "Накусо, велат *Whiting i Edwards*, во општествата каде момчињата чуваат деца, куваат и вршат и други активности во домаќинството има помалку полови разлики меѓу момчињата и девојчињата, а ова намалување на разликите пред се се должи на намалувањето на "мажественото" поведение на момчињата, момчињата се помалку егоистично доминантни, покажуваат пониски скорови на агресивноста, подеднакво бараат помош и внимание и добиваат повисоки скорови на одговорноста што сугерира. Од друга страна, 3-6 годините девојчиња во овие општества имаат повисоки скорови во јуришењето и во машката агресивност, и подеднакво и помалите и постарите девојчиња имаат пониски скорови на социјабилноста" (стр. 47).

За одбележување е дека во погорното општество како и во други, како на пример во Нова Англеска каде на девојчињата им се наметнуваат помалу "женствени" активности, разликите меѓу момчињата и девојчињата не се нагласени како во други општества.

Овие истражувања покажуваат дека поделбата на трудот активностите кои ги изведува единката во рамките на групата, пресудно влијаат кои особини и поведенија ќе се јават и ќе се развијат кај неа. Во рамките на интеракцијата со другите се развиваат карактеристиките на личноста.

- . -

Во досегашното изложување го разгледавме влијанието на биолошките и срединските фактори како и активноста на самата единка врз јавувањето и обликувањето на половите улоги како во текот на историскиот развиток на човечкиот вид, така и делумно во текот на индивидуалниот развиток.

Уште при самата определба на половите улоги како организирани системи на поведение тргнавме од претпоставката дека тие се учат како целосна когнитивна структура. Во натамошното изложување ќе стане збор за основните психолошки процеси преку кои единката ги усвојува половите улоги во текот на индивидуалниот развиток. Значи, ќе се задржиме на процесите на социјално учење за кои сметаме дека се засновуваат на биолошки диспозиции, иако за последниве нема да стане збор во натамошното изложување.

# ГЛАВА 3. ПСИХОЛОШКИ ТЕОРИИ ЗА ПОТЕКЛОТО И РАЗВИТОКОТ НА ПОЛОВИТЕ УЛОГИ ВО ТЕКОТ НА ОНТОГЕНЕЗАТА

Постојат различни фактори што влијаат врз изборот на теоретската ориентација на истражувачот. Тука најпрвин да ги спомeнеме личните фактори. Сигурно е дека она што го води еден истражувач во изборот на проблемот што сака да го расветли и начинот на кој ќе го согледа е врзан со неговата лична историја. Самите негови општи сфаќања и сознанија, исто така, го определуваат правецот во кој тој ќе го бара решението на поставениот проблем.

Личното искуство, од своја страна, го условуваат, меѓу другото, општествено-економските услови на живеење. Самиот истражувач е историски производ. Тој живее во дадено општество и ѝ припаѓа на одредена општествена група. Според тоа, неминовно е тој да носи сознанија што се во рамките на научните сознанија на времето во кое живее. Изборот на методите на истражувањето, теоретските рамки во кои ќе се објаснуваат податоците, се ограничени од дотогашните сознанија.

Не само времето во кое живее истражувачот, туку и општествената група на која ѝ припаѓа, го определуваат начинот на кој тој ќе мисли. Кога станува збор за половите улоги и разликите меѓу мажите и жените, секако дека е значајна половата категорија на која ѝ припаѓа истражувачот. До неодамна мажите беа тие што повеќе пишуваа за женското прашање. Затоа и во нивните написи доминираат "машки" ставови во поглед на односите меѓу мажите и жените т.е. жената во однос на мажот е определена како"втор пол" (*S. de Beauvoir, 1949*). Како типичен претставник на машки ставови за односите меѓу половите е Фројд. Развитокот на детето тој го опишува засновувајќи се на момчето, а развитокот на девојчето го разгледува преку свртувањето на развитокот на момчето.

Вредноста на една психолошка теорија се покажува преку моќта на постапките што таа ги предлага за да се влијае врз променување на психичките состојби. Во нашиот случај, вредноста на изнесените теоретски поставки за усвојувањето и за менувањето на улогите врзани за полот ќе биде во толку поголема во колку тие успеат прецизно да ги определат причините за постоечките полови улоги и да укажат на правецот на нивниот понатамошен развиток. Исто така, неопходно е тие да помогнат во изнаоѓањето начини за организирано

дејствување за промена на постојната состојба кон зацртаната цел. Бидејќи човекот има можности свесно да дејствува, да предизвикува однапред планирани промени во своето и туѓото поведение, потребно е да ги знае не само одредените состојби туку и причините што довеле до нив, како и каде оди и на кој начин.

Истражувањата на социјалниот развиток денес се движат најчесто во рамките на психоаналитичките теории, теориите на социјалното учење и теориите на когнитивниот развиток. Исто така, често се сретнува и етолошкиот приод во објаснувањето на поедини прашања. Во понатамошното изложување ќе се обидеме да согледаме како секоја од погоре наведените теории може да придонесе во успешноста на организираното влијание врз половите улоги и нивно менување во рамноправни односи меѓу половите.

Во обработката на прашањето на мајчинството и татковството, и тоа при изнесувањето на податоците за раното социјално-емоционално врзување, веќе се послуживме со податоци добиени од етолошките испитувања. Тие во многу можат да помогнат во правилното сфаќање на родителството и детските потреби од другите лица.

Во понатамошното изложување ќе се задржиме на психоналаитичките објаснувања на половите улоги и машката доминација, потоа на теориите на социјалното учење и на теориите на самокатегоризација. При тоа да истакнеме дека денес последните два теоретски приоди не се земаат одвоено. Теориите на социјалното учење кои им придаваат големо значење на агенсите на социјализација и го проучуваат нивното влијание врз развитокот на единката сè повеќе го истакнуваат значението на сознајниот фактор и извесни значајни претставници на теоријата на социјалното учење всушност денес застапуваат вид когнитивен бихејвиоризам (Бандура, 1980). Самите когнитивисти, од своја страна, иако не го свртуваат посебно вниманието врз влијанието на социјалната средина, сепак го истакнуваат моментот дека самата единка ги организира податоците што ги прима од физичката и од социјалната средина, односно дека постои, ако може така да се рече, "мотивирана адаптација" на реалноста комбинирана со потребата за одржување на една позитивна и стабилна слика за самиот себе. Со други зборови, и покрај тоашто когнитивистите нагласката ја ставаат на активноста на структурирање кај самата единка, сепак, преку механизмот на врамнотежување меѓу асимилацијата и акомодацијата, субјектот својата конструкција ја прави засновувајќи се на податоци што му ги дава средината. Пијажеовите истражувања, особено во САД и во Франција

во последно време сè повеќе се прошируваат на планот на социјализацијата и тоа во написите што се однесуваат на проблемот на социјалната децентрација. (За ова ќе стане збор и во нашиот текст со огле, на можностите што ги нуди овој начин на гледање во поглед на органи зираното влијание врз половите улоги).

Во рамките на изложувањата на поедините психолошки теории за половите улоги нагласката ќе биде ставена на психичките процеси преку кои единката ги усвојува половите особености. Рот (1972) издвојува три основни вида учење на улогите воопшто: учење по пат на условување, учење преку имитација и идентификација и учење преку согледување. Массову и *Jacklin* (1974) ги издвојуваат истите три вида процеси на учење на половите улоги наведувајќи ги како директно поткрепување, идентификација со истополен модел и самосоцијализацијата (стр.364). Овде може да се забележи дека нагласката во поедини теоретски приоди е ставена на поедини од наведените процеси. Така, додека психоаналитичката теорија ја нагласува идентификацијата со истополниот родител како значајна во учењето на половите улоги, когнитивната теорија усвојувањето на половите улоги го гледа повеќе како претходник отколку како производ на идентификацијата. Теоријата на социјалното учење, исто така, ја нагласува имитацијата но укажува и на фактот дека децата се повеќе поткрепувани кога го имитираат истополниот модел отколку спротивниот и на таков начин стекнуваат воопштена тенденција да ги имитираат истополните модели. При сето тоа битно е да се направи разлика меѓу знаењето на поведенијата и нивната изведба. Децата знаат многу повеќе работи да прават, но од репертоарот на поведенијата што ги научиле ги издвојуваат само оние за кои нема да бидат казнети или ќе бидат наградени.

## 1. Психоаналитичко објаснување на половите улоги и машката доминација

Во овој дел ќе стане збор, пред сè, за фројдовите поставки и за гиноцентричното сфаќање за половите улоги и машката доминација.

Фројд наведува дека постојат пет стадиуми во психосексуалниот развиток и тоа орален, анален, фалусен, период на латенција и генитална хетеросексуалност во адолесценцијата.

Во поглед на разбирањето на развитокот на половите улоги во предучилишниот период особено е значаен фалусниот стадиум во кој, според Фројд, доаѓа до диференцирање меѓу девојчињата и момчињата и почнува да се формира половиот идентитет (од 3 до 5 година од животот). Според Фројд, половото типизирање е индиректен резултат на анатомските разлики меѓу двата пола, а се засновува на процесот на идентификација и е конечен исход на едипалниот конфликт.

Тргнувајќи од концепцијата за развитокот на машката сексуалност, Фројд го изведува и објаснувањето на развитокот на женската сексуалност. Според тоа, за да се разбере развитокот на женскиот полов идентитет, најпрвин треба да се рече нешто за машкиот.

Првиот објект на емоционалното врзување кај децата од двата пола е мајката. Но во едипалниот период кај момчето емоционалната врзаност за мајката прераснува во нов вид љубов кон неа - еротска љубов. Малото момче го чувствува својот татко како ривал во остварувањето на овој нов вид љубов спрема неа и почнува да се плаши дека татко му ќе го кастрира за да ја оневозможи неговата љубов со мајка му. Тој страв води кон потиснување на сексуалните пулзии што детето ги носи за мајката. Едновремено кај момчето е забележливо постоењето и на восхит кон таткото и на страв од него, па оттука и произлегува желбата да биде силен како него (овој одбранбен механизам Ана Фројд (1962) подоцна го наведува под името "идентификација со агресорот"). Имено, детето се надева дека ако повеќе личи на татко му, и мајка му ќе го сака повеќе него (детето). Затоа малото момче почнува да ги присвојува поведенијата и ставовите што ги покажува татко му, а кои најчесто се во тесна врска со очекувањата што постојат во зависност од половата припадност. Малото момче, освен што се идентификува со таткото, тоа исто така се идентификува и со идеализираните вредности на татковиот супер-его.

Стравот од кастрацијата кај момечето не произлегува само од ривализирањето со таткото, туку и заради тоа што момчето во едипалниот период веќе е во состојба да дојде до лично сознание дека некои деца (девојчињата) немаат пенис т.е. дека се кастрирани. Од тоа што девојчињата немаат нешто мошне значајно како што е пенисот, момчето извлекува заклучок дека тие вредат повеќе, а девојчињата помалку од нив.

Идентификацијата на девојчето со мајката е на поинаков начин. Кај девојчето, бидејќи е веќе кастрирано со самото тоа

што нема пенис уште со раѓањето, не се јавува стравот од кастрацијата со истата јачина како кај момчињата. Кај неа е карактеристично постоењето на завист на пенисот што го имаат машките и чувство на помала вредност заради тоа што таа го нема[1]. Девојчето во едипалниот период станува свесно и дека мајка ѝ, нејзиниот прв објект на емоционално врзување, е исто така помалу вредна од татко ѝ, и затоа девојчето својата љубов ја свртува кон него. Но бидејќи девојчето е сеуште мало и зависно од понатамошното постоење на емоционалната врска со мајка ѝ, тоа почнува да се плаши да не ја изгуби истата. Стравот дека може да ја изгуби мајчината љубов и едновременото постоење на сексуалната желба за таткото, го тераат девојчето да се идентификува со мајка си и сѐ повеќе да личи на неа. На таков начин девојчето почнува да ги присвојува како свои "женските" улоги т.е. оние што се карактеристични за нејзината мајка и другите жени. При сето тоа е битно да се истакне дека девојчето се идентификува со мајката не заради тоа што ѝ се восхитува, туку се идентификува со нејзината женска улога заради тоа што на таков начин сака да го придобие таткото како оној што поседува пенис. Желбата за поседување на пенис подоцна се заменува со позрела желба - да има дете - и на таков начин се создаваат можности да се разреши чувството на помала вредност преку раѓањето дете, а особено машко дете.

Од анатомската инфериорност на гениталните органи на жената подоцна произлегува низ психолошки особености, а според кои жената е далеку помалу вредна од мажот и, меѓу другото, Фројд наведува дека жените се попасивни од мажите (повеќе сакаат да се сакани отколку да сакаат), имаат послабо развиено супер-его бидејќи се идентификуваат со мајката (а според Фројд таткото е носител на моралните вредности), помалку се креативни (бидејќи помалку ја користат неискористената сексуална енергија преку механизмот на сублимацијата).

Очигледно е дека денес не можеме да ги прифатиме ваквите Фројдови стојалишта за инфериорната анатомска градба на женските гениталии, а уште помалку за постоење на помалку вредни психолошки карактеристики кај неа кои произлегуваат од таквата градба. Денес не можеме да се согласиме дека биолошките фактори судбински се врзани со формирањето на личноста на единките од двата пола условувајќи

-----------------

1) Некои подоцнешни критичари на овие Фројдови сфаќања како што се М.Мид, Хорнај, Фром, Бетелхајм, велат дека всушност мажот е тој што ѝ завидува на жената на способноста да раѓа.

ги да се формираат посебни психолошки карактеристики кај машките и женските единки заради нивната различна градба на гениталните органи.

Ако се тргне од Фројдовото фалоцентрично сфаќање според кое машката општествена доминација се објаснува преку проценувањето на органската супериорност, тогаш очигледно е дека ортодоксната (Фројдовата) психоаналитичка теорија не може да придонесе значајно во изнаоѓањето решенија за надминување на таквата состојба и за остварувањето на рамноправни односи меѓу половите. Но затоа една гранка од психоаналитичкото теоретско мислење, која му се спротивставува на фалоцентричното сфаќање, а тоа е гиноцентричното објаснување на половите улоги и машката доминација, ни се чини како еден од можните приоди кон разбирањето на овој проблем и за изнаоѓањето на можни решенија за него.

Гиноцентрично објаснување на половите улоги и машката доминација.

Гиноцентричното објаснување на половите улоги и машката доминација најпрвин се дадени во делата на M. *Klein* и *K. Horney*, а тие посебно јасно се изразени во делата на *E. Jones*. Гиноцентричните теоретичари се задржуваат на предедипалната врска на детето со мајката и тие посебно ја нагласуваат примарноста на првата врска со мајката на децата од двата пола. Овие теоретичари супериорноста на пенисот не ја сметаат како нешто што е дадено само по себе, туку, напротив, сметаат дека машката доминација е секундарна манифестација која се јавува како одбранбена реакција против зависноста од мајката. Мажите се плашат од жените и им завидуваат, па тука можат да бидат корените на машката потреба за доминација. Еве како тоа го објаснува М.Клајн (1969), врз основа на анализата на поголем број деца. Во текот на оралниот период детето ја посакува дојката на мајката и сака да ја инкорпорира. Тоа има тогаш и деструктивни потреби и тоа најнапред спрема мајката како прв објект во светот на детето. Но заради овие садистички пулзии и девојчињата и момчињата доживуваат голема анксиозност. Од ова сфаќање произлегува дека желбата за пенисот која Фројд им ја припишува на девојчињата е секундарна манифестација и одбрана од анксиозноста што се јавува заради агресивноста спрема мајката.

И кај момчето се јавува анксиозност од овие садистички пулзии и тоа почнува да се плаши од осветата на неговата мајка. Сепак, момчето може полесно да ја надмине оваа анксиозност и

тоа на тој начин што дел од неа насочува кон таткото кога овој му станува сексуален ривал, а исто така преку давањето сè поголема вредност на својот пенис.

Но освен стравот од жената, мажот покажува и завист спрема неа. Најнапред М.Мид (во "Мажот и жената"), а потоа Хорнај, Фром, Бетелхајм и други, истакнуваат дека мажот ја омаловажува жената заради тоа што ѝ завидува на способноста за раѓање. Имено, децата од двата пола согледуваат дека жената има супериорна положба над мажот заради тоа што таа може да раѓа. Но мажите се бранат од оваа женска-супериорност со фалоцентричната идеја според која она што жената го сака не е детето, туку пенисот. Произлегува дека фалоцентричната идеја е само одбрана од неможноста мажите да родат. Погорните автори на различни начини укажуваат на врската што постои меѓу машката завист на женската способност за раѓање и нивната продуктивност и креативност на културен и материјален план, како замена за оваа неспособност. Мажите, за да се ослободат од првата зависност од жената, изнаоѓаат различни начини за да ја надвладеат.

Освен стравот од жените како први лица од кои зависат и од кои се стремат да се ослободат, да се осамостојат, како и завидувањето на нивната способност за раѓање, постои и проблемот на создавањето на машкиот полов идентитет како причина за појава на мотивот за доминирање кај момчињата. Имено, првата ориjентација и на девојчињата и на момчињата е кон мајката, вели М.Клајн, а машката ориjентација се развива подоцна кај момчињата откако ќе се разграничат од женскоста на мајката и претходната идентификација со неа.

*Stockard* и *Johnson* (1979) го истакнуваат постоењето на така наречената "присилна машкост" кај момчињата за која зборуваат повеќе автори. Имено, во некои испитувања се покажало дека момчињата од пониските и средните класи во САД, чии татковци биле често отсутни од домот заради зафатеност со активности надвор од семејството, станувале компулзивно опседнати со мислата за машкост како реакција на женските модели со кои биле во постојана интеракција. Се покажало дека женските воспитувачки што го опкружуваат малото момче се стремат да го воспитаат во правецот на "добро момче". Но бидејќи момчето се стреми да стане машко без да има јасна претстава што е тоа "вистинско момче", доста често, бира негативни поведенија. Отфрлајќи ја идентификацијата со жените, момчето несвесно "доброто" го поистоветува со женскоста и да се биде лошо момче станува за него позитивна цел. Но не само момчето, туку доста често и родителите,(а

ова се покажува во секојдневни несистематски посматрања околу нас) се гордеат со лошото момче. Тие со воодушевување зборуваат за немирлуците, непослушноста, за синот што "си го тера своето", па на таков начин и самите ги стимулираат тие видови поведенија кај него. Од девојчињата, пак, секогаш се очекува да бидат "подобри" од момчињата, а тоа најчесто значи да бидат попослушни, попокорни на родителските барања.

Значи, како реакција против женската идентификација со мајката, кај момчињата се јавува протестна или присилна машкост, а таа влијае на појавата на машката доминација. *Stockard* и *Johnson* (1979) оваа поврзаност ја објаснуваат преку тоа што момчињата ја дефинираат машкоста, заради отсуството на машките модели, најчесто со негативни изрази во смислот "да не се биде како женските". Тогаш кога тие ќе станат свесни дека треба да бидат поинакви, а не како нивните мајки, почнуваат да гледаат негативно на женските улоги и да им придаваат поголема вредност на машките. Значи, момчињата не само што сакаат да покажат дека се поинакви од женските, туку и дека вредат повеќе од нив. Според тоа, поголемите награди за мажите и поголемата нивна моќ е нивен производ во текот на индивидуалниот развиток и е резултат на нивното раскинување со женскоста и нестабилноста на нивниот полов идентитет.

Во текот на развитокот на половиот идентитет кај женските, нема потреба од отфрлање на првата идентификација со мајката. И тогаш кога момчињата успеваат да добијат поголем престиж, девојчињата остануваат женствени во рамките на својот полов идентитет: "Жената нема потреба за доминација за да се зацврсне себе си во она што е", велат *Stockard* и *Johnson* (1979, стр. 209).

Да ги издвоиме, уште еднаш, централните моменти од гиноцентричната теорија кои ќе ни помогнат да ја сфатиме појавата на психолошките мотиви за машката доминација во текот на индивидуалниот развиток на момчињата. Според оваа теорија, децата од двата пола најнапред се идентификуваат со мајката како централна личност во нивниот ран развиток. Но тогаш кога момчето ќе стане свесно за својата полова припадност, неговата идентификација со мајката се прекинува. Затоа што отсуствуваат машки модели во животот на малото момче тогаш кога тоа се обидува да стане машко, ја отфрла женската идентификација потценувајќи ги и омаловажувајќи ги активностите што ги вршат жените и почнува да ја нагласува супериорноста на машките улоги. Но тогаш кога момчето почнува да се одвојува од првобитната

врска со мајката, тоа едновремено и се плаши заради ослободувањето од нејзината зависност бидејќи таа може да се сврти против него, а и ѝ завидува на способноста што може да создаде живот. Значи, зависноста од жената во раното детство и недоволно јасната идентификација со сопствениот пол, ги води момчињата да го бараат својот полов идентитет преку доминацијата на жените. Нивниот проблем со идентификацијата и стравот од зависноста од жените остануваат и во подоцнежниот живот и борбата со нив се изразува преку создавањето различни општествени институции во кои доминира мажот, а исто така и низ докажувањето преку творењето во различни домени како замена на неможноста да родат.

Ова издвојување на психичките мотиви кои ја објаснуваат машката доминација т.е. потребите кај машките да се видат себе си како различни и подобри од женските единки и отсуството на истите тие потреби кај женските, не можат да го објаснат историскиот процес преку кој машката доминација добива институционализирани форми. Имено, забележливо е дека во различните општествени институции мажот има водечка и доминантна улога, а жената останува со својата мајчинска улога. Во нашето претходно изложување за историското потекло на машката доминација и нејзините корени во поделбата на трудот веќе стана доволно збор за објаснување на ова прашање кое гиноцентричната теорија не може да го објасне.

Ако сакаме да ја определиме првичноста во јавувањето на факторите што влијаат врз појавата на машката доминација, тогаш секако дека најпрвин постои поделбата на трудот според полот, а потоа самата таа поделба овозможува да се јават различни психички мотиви кај машките и женските единки. Но во понатамошниот развиток, самите психички мотиви водат до продлабочување на разликите меѓу половите.

Можеби е точно дека мајката најчесто се задоволувала со тоа што овозможувала да се создаде нов живот и човек во чие одгледување го трошела сето свое време и енергија, а мажот барал начини истите да ги инвестира на друго место, создавајќи на културното поле и на материјален план. Но при сето ова останува отворено прашањето зошто трудот на мажот повеќе се вреднува. Зарем не е човекот најголемото богатство, па според тоа оној што учествува најмногу во неговото прокреирање како целосно човечко суштество и врши општествено најодговорна и најценета активност? Зошто и понатаму во

скоро сите општества (а без исклучок што се однесува до современите капиталистички и социјалистички општества) важи правилото дека професиите во кои навлегуваат жените се девалвираат (или можеби е поточно дека им се отвараат вратите токму на оние кои ја губат општествената значајност!)?

Наше мислење е дека самите психички мотиви за доминација кај машките единки се историски производ и се должат на поделбата на трудот според полот од која подоцна произлегуваат два големи домена активности: оние од приватниот, семејниот тип, резервирани за жените и оние од јавните сфери наменети за мажите.

Она што е битно овде тоа е дека жената и денес сеуште е првиот одгледувач на децата и тоа како во семејството така и во различни општествени институции за нега и воспитување на децата. А токму во таа нејзина улога и треба да се бараат корените на машката доминација според гиноцентричната теорија.

Произлегува дека клучот за објаснувањето на машката доминација и тоа било да ја гледаме од аспектот на нејзиното историско потекло или од аспектот на психичките мотиви кои се јавуваат во текот на индивидуалниот развиток на машките единки, лежи во денешниот тип на мајчинство. Според тоа и разрешувањето на проблемот на машката доминација треба да се бара во поинаков тип мајчинство. Остварувањето на рамноправни односи меѓу половите се чини можно само во општествата каде мажот и жената ќе учествуваат подеднакво и заеднички во сите активности, а меѓу нив и оние на подигнувањето на децата почнувајќи од свесната заедничка одлука меѓу мажот и жената да имаат дете. За да се оконча машката доминација не е доволно жените да се вклучат во сите домени на машките активности туку е неопходно и мажите, да навлезат во царството на женските и тоа како во семејството така и надвор од него. Според тоа и гиноцентричната теорија за потеклото на машката доминација и теоријата која се засновува на поделбата на трудот според половите, меѓу другото решението на машката доминација го гледаат во поинаквиот тип мајчинство и татковство. Може да се заклучи дека битен и неопходен чекор при организираното влијание врз половите улоги е <u>вклучувањето на татковците и другите мажи во одгледувањето на децата преку што ќе се овозможи надминувањето на постојната машка доминација</u> во правецот на воспоставување на рамноправни односи меѓу половите. На ваков начин би се решил не само проблемот на идентификација на момчињата и оневозможувањето кај нив да се создадат психички мотиви за доминација над жената, туку

едновремено самите активности на мажите околу подигнувањето на децата ќе повлијаат и кај возрасните мажи да се создадат поинакви потреби во односите со другите и други психички особености.

А што ќе се случи со половите улоги и половиот идентитет кога и мажите и жените ќе се грижат подеднакво и на ист начин за децата? Дали ќе нема полов идентитет, или тој само ќе опфаќа поинакви содржини? Овде е сигурно дека основните разлики меѓу половите - оние што се однесуваат на телесните особености - нема да исчезнат. Тоа значи дека и покрај тоа што таткото ќе ги негува децата на ист начин како мајката, тие за децата нема да бидат идентични. Од друга страна, таткото и покрај тоа што ќе врши "женски" активности околу подигнувањето на децата, тој ќе му ја олесни идентификацијата на момчето со едноставен и дофатлив модел за идентификација, а на ваков начин ќе се надмине потребата за присилна машкост и доминација над жените. За самите девојчиња машкоста нема да биде нешто непознато.

## 2. Теории на социјалното учење

Теоретичарите на социјалното учење нагласуваат дека детето ја учи својата полова улога преку различни агенси на социјализација.

Несистематски посматрања во природни услови на живеење покажуваат дека кај нас се забележуваат извесни полови типизирани поведенија што се негуваат преку наградувањето или се обесхрабруваат преку казнувањето на полово несвојственото поведение, и тоа како од страна на родителите така и од други лица. *Belotti* (1978), користејќи го горниот метод, укажува на интересни запазувања за нагласени разлики во воспитувањето на машките и женските деца во Италија. Ние не би се задржале на податоците од ова и слични испитувања заради нивната непрецизност, иако врз основа на несистематските посматрања можат да се разоткријат значајни податоци кои подоцна можат да се проверат со други научни методи. Она што засега овде треба да се каже тоа е дека постојат повеќе испитувања со помош на методите на систематски посматрања кои одат во прилог на теоријата на социјалното учење, а според која машките и женските деца, со самото назначување на полот уште при раѓањето, се изложени на различни поткрепувања за одредени полово типизирани поведенија во дадената средина.

Теоријата на социјалното учење во современата литература во САД се повеќе може да се сретне под насловот "*Sextyping*" кога станува збор за социјалното учење на половите улоги, а овој наслов кај нас би можел да гласи "Теорија за усвојувањето на половите улоги".

*Sex-typing* или усвојувањето на улогите врзани за полот се определува како процес преку кој единката стекнува, оценува и усвојува за себе полово типизирани модели на поведенија (*Mishel*, 1970, стр. 18). Половото типизирање е процес преку кој детето се доведува во состојба да верува, мисли и да дејствува на начини кои во неговата култура се сметаат за типично машки или женски.

Половото типизирање се смета само како дел од општиот проблем на социјализацијата и формирањето на личноста. Се покажува дека со самото тоа што едно дете при раѓањето се означува како машко или како женско, му се даваат и насоки за особините на личноста и поведенијата што тоа треба да ги усвои. А како полово типизирани поведенија се сметаат оние што му се својствени на полот што му е назначен на детето. Тоа се такви видови поведенија за кои се очекува повеќе да се јават кај едниот отколку кај другиот пол, а се казнувани ако се сретнат кај единките од спротивниот пол. Од тие причини полово типизираните поведенија се сретнуваат со различна зачестеност кај единките од двата пола и имаат различно значење за нив.

Освен директното поткрепување од страна на родителите и другите лица, како друг вид процес на учење на половите улоги теоријата ги истакнува имитацијата и идентификацијата со истополниот модел. Но во последно време кај извесни претставници на теоријата на социјалното учење (*Bandura*, 1980) очигледна е и нагласката на самосоцијализацијата како процес на социјализација. Сепак, во нашето изложување, заради поголема прегледност во досегашните наоди, ќе стане посебно збор за теоријата на социјалното учење и за онаа на когнитивистите. Инаку ние сметаме дека само преку интеграционен приод на сознанијата од различните теоретски стојалишта ќе може повеќе да ѝ се приближиме на социјализацијата како проблем, а со тоа и на половите улоги што се само дел од неа. Во понатамошното изложување во рамките на теоријата на социјалното учење ќе се задржиме на директното поткрепување и на имитацијата и идентификацијата како процеси на учење на половите улоги.

## 2.1. Учење преку поткрепување и различна социјализација

Дали постои различна социјализација на момчињата и девојчињата?

Massoby и *Jacklin* (1974), по прегледот на литературата што се однесува на овој проблем, извлекуваат недвосмислен заклучок:"... истражувањата на социјализацијата на двата пола открија изненадувачки малку разлики во родителското однесување согласно со полот на детето" (стр. 339) или "Прегледот на резултатите покажа значаен степен на униформност во социјализацијата на двата пола" (стр.348).

Ние не би се согласиле со ваков заклучок. Всушност, нема сомнение дека постојат притисоци за различна социјализација на момчињата и девојчињата. И тоа се покажува дека татковците повеќе прават разлика меѓу половите од мајките (*Jonson*, 1982),а исто така можно е дека другите, што не ги познаваат доволно индивидуалните особености на детето, повеќе да се однесуваат кон него според постоечките стереотипни гледишта за момчињата и девојчињата (за овие прашања ќе стане повеќе збор кога ќе ги анализираме можностите за организирано дејствување врз половите улоги преку различни агенси на социјализација). Но и покрај тоа што е извесно дека постојат различни притисоци за социјализација врз момчињата и девојчињата и од страна на родителите и од други лица, сепак тие не се доволни да ги објаснат половите разлики во психичките карактеристики.

Кога станува збор за учење преку поткрепување, може да се рече дека најелементарен начин на учење, што е вкоренет во личното искуство, е резултат на позитивните и негативните ефекти кои произлегуваат од самите активности. Во секојдневните активности детето може да забележи дека некои од активностите се ефикасни, а другите имаат негативни последици за него. Преку ова различно поткрепување или подобро речено, преку различните последици од различните активности, детето извесни активности ги усвојува, а други ги отфрла.

Се покажува дека едноставните активности можат да бидат изменети преку ефектот до кој доведуваат, без свест за врската што постои меѓу акцијата и резултатите од акцијата. Но кај човекот најчесто когнитивните способности со кои располага му овозможуваат да извлече извесни заклучоци од искуството.

Бандура (1980) истакнува дека последиците до кои доведува одредено поведение може да имаат различни функции: 1) можат да дадат информации со кои единката ќе се послужи во натамошното дејствување; 2) можат да служат како мотивационен фактор преку тоа што се јавуваат или наградувањето или казнувањето на одредено поведение. Искуството што го стекнува единката од минатите поведенија ѝ овозможуваат да создаде очекувања (предвидувања) и таа станува мотивирана да постигне однапред одредени поведенија. Човекот е во состојба да ги поврзи сегашните искуства и последиците до кои тие можат да доведат во иднина и на таков начин го планира своето однесување. Предвидувањето на наградата служи како мотивација одредено поведение да се изврши п повторно; 3) автоматски го поткрепуваат поведението односно последиците до кои води одредено поведение; сами по себе, автоматски, ја зголемуваат или ја намалуваат зачестеноста со која ќе се јавува одредено поведение. Ваквото сфаќање не го потврдуваат испитувањата. Имено, се покажало дека само кога единката е свесна за последиците од одредено поведение, истите можат да бидат подоцна диференцирани во поглед на зачестеноста на нивното јавување или изостанување.

Бандура (1980) заклучува дека голем број испитувања го потврдуваат сфаќањето според кое поткрепувањето служи повеќе да информира или да мотивира, отколку да го зголеми механички (автоматски) интензитетот на одговорот (стр.28). Ваквото сфаќање е во согласност со когнитивно-развојната теорија според која различното поткрепување е само еден од изворите што даваат податоци кои детето ги користи за да формира поим за полово својствените поведенија. Оттука, поправилно е да се зборува за регулирање на поведението во зависност од знаењето за последиците од активностите, наместо за поткрепување на поведението.

Според сето погоре речено може да се заклучи дека различната социјализација од страна на родителите и други лица, различните поткрепувања што доаѓаат од нив не можат да ги објаснат исцело корените на разликите во однесувањето меѓу момчињата и девојчињата. Во понатамошното изложување ќе се обидеме да видиме колку во истото учествуваат имитацијата и идентификацијата како процеси на учење на половите улоги.

## 2.2. Имитација и идентификација

При разграничувањето на процесите на имитација и идентификација се наидува на потешкотии. Понекогаш се истакнува дека идентификацијата е вид имитација, но со таа разлика што имитацијата најчесто се однесува на специфична акција, додека идентификацијата означува поглобален процес на моделирање. Според *Bandura* и *Walters* (1963) не треба да се прави разлика меѓу идентификацијата и имитацијата бидејќи: "Учењето преку опсервација општо е наречено "имитација" кога станува збор за експерименталната психологија и "идентификација" кога станува збор за теориите на личноста. Двата поими, сепак, ги покриваат истите феномени на однесување како и стремежот на едно лице да ги повтори акциите, ставовите, или афективните одговори што се покажани во реалниот живот или од симболизираниот модел" (стр.89).

Некои автори истакнуваат дека за разлика од идентификацијата, имитацијата може да се однесува на поедини изолирани поведенија, на поединечни акти, а идентификацијата се однесува на повеќе поврзани поведенија што имаат единствено значење (*Rocheblave-Spenlè*, 1969, стр.313-314). Истиот автор истакнува дека имитацијата се однесува секогаш на модел што бил перципиран, а не е замислена личност или не се однесува на несвесниот дел од личноста, како што е случај со идентификацијата. Според овој автор имитацијата всушност претставува инструмент во служба на желбата за идентификација, како и начин на учење улоги (стр.314). На пример, ако едно девојче сака да се идентификува со мајка си, тоа ќе ги имитира нејзините поведенија.

Може да се рече дека имитацијата е психолошки процес преку кој се усвојуваат специфични и изолирани облици на поведенија по пат на посматрање на модел, но без посебно обучување и наградување од страна на моделот и други лица. За идентификација може да се рече дека е психолошки процес преку кој се усвојуваат како дел од себе за релативно подолг период сложени поведенија што ги поседува одреден модел, без посебно обучување и наградување од страна на моделот или друго лице.

Значи, тогаш кога кај детето постои потреба да се идентификува со другите, имитацијата е средство преку кое се остварува потребата за идентификација. Според тоа, мотивот за имитација

е самата идентификација тогаш кога се усвојуваат пословени поведенија кои стануваат дел од личноста и како такви се со одредена трајност.

За да едно дете биде во состојба да игра одредена улога, тоа мора да е во состојба да го имитира моделот што ја игра таа улога. А кога се игра нечија улога, тоа значи многу повеќе од имитирање поединечни активности што се само дел од дадената улога. Кога се игра нечија улога, однапред се претпоставува дека единката знае и за други улоги што се дел од една интеракција меѓу повеќе единки. Сѐ додека детето не сфати дека мислите, чувствата, поведенијата на возрасните што ги имитира, се реакција на други луѓе, тоа не може да игра улога. За да може детето да игра улоги, тоа мора да ги има значењата што постојат во односите меѓу луѓето - а тоа од своја страна значи дека мора да се веќе развиени симболичките способности. Со други зборови, искуствата што детето ги стекнувало дотогаш треба да ги поврзе во рамките на симболичен систем.

Ако имитацијата служи како средство преку кое се остварува идентификацијата, тогаш гледано развојно имитацијата се јавува пред идентификацијата. Но пред да преминеме на посебно разгледување на имитацијата и идентификацијата како процеси, значајно е да направиме разлика меѓу два момента: едно е прашањето како тече процесот на учење да се имитира, а друго е како се учи по пат на имитација. За разбирањето на усвојувањето на половите улоги многу е позначајно да се разгледа второто. Но за да се сфати кога почнуваат децата да играат улоги и што го овозможува нивното јавување, неопходно е да се разбере самиот процес на учење да се имитира, самиот развиток на имитацијата. Односно, за да може да се разбере социјалниот развиток воопшто, а во нашиот случај развитокот на способноста за учење на половите улоги, треба да се даде одговор на прашањето како тече развитокот на способноста да се имитира.

<u>Развиток на имитацијата</u>. На имитацијата може да ѝ се пријде од различни теоретски стојалишта. Така, на пример, од гледна точка на бихејвиористите, имитацијата може да се одреди како пораст на сличноста меѓу реакциите на посматрачот и моделот откако е извршено посматрањето на моделот од страна на посматрачот. Значи, со имитација се означува било кој одговор што личи на одредено поведение кое е претходно посматрано (*Flanders*, 1968). Бихејвиористите го испитуваат

самото поведение во текот на имитацијата и факторите што влијаат врз него. Така, на пример, бихејвиористичките истражувања ги испитуваат карактеристиките како на моделите така и на субјектите кои го олеснуваат јавувањето на имитацијата. Бихејвиористите не ги разгледуваат процесите што не можат да се посматраат директно, а кои всушност го овозможуваат јавувањето на имитацијата.

*Wallon* (1970) имитацијата ја определува како акт преку кој еден модел е репродуциран при што неопходен услов е постоење на претстава за моделот. Значи Валон вниманието го свртува кон односот меѓу имитацијата и менталното претставување. Валон укажува дека уште во текот на првите месеци од животот се јавуваат извесни имитативни активности, но кога станува збор за имитација на отсутен модел, очигледно е дека е неопходно постоењето на менталното претставување. Според тоа, одложената имитација не може да се јави пред втората година од животот и тоа тогаш кога се јавуваат и другите симболични способности.

Во рамките на проучувањата на развитокот на сознајниот процес и формирањето на симболите кај детето, Пијаже (1978) го проучува и јавувањето и развитокот на имитацијата. Во пијажеовите истражувања имитацијата се издвојува како специфичен когнитивен процес чие јавување е условено од извесни претходници. Исто така, Пијаже ја истакнува тесната зависност меѓу развитокот на имитацијата и оној на интелигенцијата.

На кое ниво од развитокот може да се рече дека се јавува имитацијата? Дали постои остра граница меѓу правата претставна имитација и разновидните припремни форми на активности што водат до неа? Пијаже (1978) вели дека "... ако имитација го нарекуваме оној акт со помош на кој е репродуциран еден модел (што не имплицира со ништо претставување на овој модел, бидејќи тој може да биде само "забележан"), тогаш сме присилени да ги следиме чекор по чекор, воопшто според истите стадиуми како кај сензомоторните активности, сите поведенија што можат да доведат до овој резултат, а тоа значи уште од рефлексите" (стр.13).

Пијаже издвојува шест стадиуми во развитокот на имитацијата во текот на првите две години од животот. Во понатамошното изложување ќе го изнесеме основното за секој од нив.

Првиот стадиум е стадиум на <u>рефлексна припрема</u>. Во рамките на овој стадиум не може да се зборува за постоење на имитација, туку само за предизвикување на рефлексна реакција под

влијание на надворешна дразба. Сепак самото функционирање на рефлекситe вовлекува извесни процеси кои ќе го овозможат јавувањето на имитацијата во следните стадиуми. "Во колку рефлексот, вели Пијаже, води до повторувања што траат подолго од почетното надразнување (цицање во празно и така натаму) тоа значи дека тој се изведува преку функционална асимилација, и ова вежба, без сеуште да претставува стекнување во функција на надворешното искуство, ќе го овозможи стекнувањето преку првите условувања". Понатаму Пијаже додава дека "... рефлексната вежба ќе ја овозможи репродуктивната асимилација преку инкорпорација на надворешни елементи во самата рефлексна шема: тогаш ќе бидат можни првите имитации" (стр.14-15).

Вториот стадиум може да се нарече стадиум на спорадична имитација. Првите модели што детето ќе може да ги имитира се исти како оние активности што детето веќе ги има во својот репертоар и кои веќе самото ги извело (т.е. моделот е асимилиран во една веќе постоечка функционална шема). На пример, после првиот месец веќе се јавува вокалната имитација. Имено, ако се имитира гласот што детето го испушта веднаш после него, детето повторно го испушта истиот глас.

За третиот стадиум е карактеристична систематска имитација на гласовите и на движењата што му припаѓаат на детскиот репертоар и кои претходно се направени од детето на начин тоа да може да ги перципира самото. Овој стадиум се јавува од 4 и половина месец па натаму. Детето во овој период може да ги прави по пат на имитација движењата што ги извршуваат другите луѓе, но под услов самото тоа веќе да ги извело и да ги гледа движењата што ги прави другиот. Истото важи и за гласовите - може да ги имитира сите гласови што биле во неговиот претходен репертоар под услов да ги слушне кога другите ги емитуваат.

За првите три стадиума може да се рече дека претставуваат предимитација и се протегаат некаде до осмиот месец.

Во четвртиот стадиум постои имитација на движењата што се веќе изведени од детето, но на невидлив начин за него и се јавува почеток на имитација на нови звучни и визуелни модели. Ова е период кога сензомоторната интелигенција е веќе во IV ниво од развитокот и кога врската меѓу имитацијата и интелигенцијата станува сè повидлива. Основните карактеристики на имитацијата во овој период се: 1) постоење на имитација без визуелен *Feed-back* т.е. детето ги имитира и оние движења кои веќе му припаѓаа на неговиот

репертоар, но меѓу нив се наоѓаат и оние што не ги видело кога ги изведувало и 2) појава на први имитации на нови визуелни или звучни модели што се должи на поголемата можност шемите да се координираат меѓу себе.

Во петтиот стадиум има систематска имитација на нови модели вклучувајќи ги во нив и оние што се исти како и невидливите движења на сопственото тело. Сега веќе е очигледен паралелизмот што постои меѓу развитокот на имитацијата и на интелигенцијата која е веќе во петтото ниво на сензомоторниот стадиум за кој е карактеристично експериментирањето со цел да се откријат новите својства на објектите. Ова е веќе нивото на терцијалните кружни реакции кога детето открива нови начини преку активно експериментирање. Истите овие карактеристики што се забележуваат во поглед на интелектуалниот развиток се одразуваат и врз имитацијата на нови модели. Сега веќе имитацијата е повеќе од едноставна изведба на старите шеми и прераснува во акомодација преку систематски и водени обидувања.

Сепак, меѓу имитацијата и интелигенцијата постои и разлика во овој период. Имено, "имитацијата на таков начин станува вид систематска акомодација која се стреми да ги промени шемите во функција на објектот, наспротив на инхерентните акомодации на интелектуалниот акт што исто така ги употребува своите шеми на објектот, но инкорпорирајќи го истиот во систем на различни употреби" (стр.62-63

Во шестиот стадиум се јавува одложената имитација. Некаде од 18 месец па натаму можат да се забележат уште некои нови карактеристики на имитацијата кај децата од оваа возраст. Веќе имитацијата на нови модели, дури и на посложените, е подобрена. Исто така, кај детето се забележува способност да ги имитира подеднакво добро како предметите така и лицата. Пијаже забележува дека едно од неговите деца на сите возрасти подеднакво ги имитира како материјалните предмети така и лицата (стр.66). Но особено значајна карактеристика на имитацијата во овој период е нејзината диференцираност од моменталното присуство на моделот. Битно за диференцираната (одложената) имитација е тоа што се одвојува од моменталната акција и навлегува во нивото на претставување. Како пример Пијаже го наведува посматрањето на поведенијата на неговата ќерка која на 1;4 (3), откако го видела однесувањето на едно момче 1;6 година, го имитирала истото однесување што се одвивало пред неа пред повеќе од 12 часа од страна на сега отсутното момче (стр.64).

Она што Пијаже го истакнува во врска со имитацијата во овој стадиум е дека ако менталното претставување е слика на

објектот, тогаш тоа треба да биде сфатено како интериоризација на имитацијата, но и повеќе од тоа. Имено, претставата, сликата, на објектот е само фигуративниот аспект на претставувањето. А не треба да се заборави дека претставувањето има и оперативен аспект што не може да се сведе на интериоризација на имитацијата. Оперативниот аспект претпоставува и применување акциони шеми на претставените објекти од страна на субјектот.

Значи во шестиот стадиум, кога кај детето се веќе развиени првите симболички способности и доаѓа до диференцирање меѓу знакот и означеното, кај него се развиваат и ментални претстави за предметите и лицата како вид симболички способности. Тоа е време кога се развива говорот како симболичка способност, се јавуваат и имитативните игри, а последниве и те како имаат директна врска со почетоците на играње улоги воопшто, а меѓу нив и полови улоги.

Имитативните игри кои се јавуваат во текот на втората година, бурно се развиваат во предучилишниот период. Тие во себе ја вклучуваат и идентификацијата со моделот и затоа можат да бидат средство за самовежбање во разбирањето на другите. Со самото тоа тие се и моќно средство против егоцентризмот и придонесуваат да се согледаат разликите што постојат меѓу различните половни [illegible] единките.

Посматрањата покажуваат дека при крајот на првата година детето имитира заради желбата да го привлече вниманието на одредено лице и со цел да биде пофалено од него. Но потоа постепено имитацијата станува основен механизам преку кој се врши усвојувањето на социјалните поведенија во културата во која живее детето. Се забележува дека во текот на втората година детето најнапред ги имитира оние активности што најчесто ги посматра во непосредната социјална интеракција, за да веќе при крајот на втората година "игра улоги" на возрасните употребувајќи ги нивните инструменти. Детето на оваа возраст веќе покажува интерес за предметите не врз основа на нивните сетилни својства, туку врз основа на употребните. Значи, додека во почетокот детето ги имитира поведенијата на другите без да има структурирано значење за нив, веќе во втората половина на втората година се создаваат предуслови за јавување на одложена имитација како вид симболичка способност. Дури тогаш се создадени предуслови имитацијата да стекне функција на идентификација. И веќе околу 2;6 години имитацијата може да биде водена од свесни правила, а идентификацијата не се врши пасивно, туку детето веќе има некаква претстава за себе и какво сака да биде.

Разгледувајќи ги поголем број проучувања на развитокот на имитацијата Parton (1976) заклучува дека детето најнапред ги учи молекуларните видови поведенија што ги изведува моделот. Според Партон да се учи да се имитира значи да се стекне способност преку гледање и слушање на едно молекуларно поведение да се инервира специфичен моторен одговор што е сличен со посматраното поведение (стр. 15). Кој било имитативен одговор одразува перцептивно-моторен изоморфизам. Перципирањето на поведението е поврзано со моторните еференти кои произведуваат одговор за кого се смета дека е сличен на моделот.

Партон нагласува дека циркуларните реакции се тие кои го припремаат бебето за имитација. Имено, повторувањето на реакциите што се чести кај бебето (било да станува збор за повторување на вокалите или за повторување на моторните движења) не само што развојно им претходат на имитацијата, туку тие се предуслов детето да може да учи да имитира. Се смета дека моторните и вокалните реакции на самото дете ги стимулираат неговите рецептори, кои од своја страна повторно предизвикуваат моторни или вокални одговори.

Интересни се наодите на други истражувачи што ги наведува Партон, а според кои на многу порана возраст отколку што ги несува Пијаже, се јавуваат движења на устата без да бидат иницирани од другите или прават исто како што виделе дека прават возрасните веќе на 2 и половина месеци. Дури истиот автор наведува проучувања според кои децата од втората недела веќе биле во состојба да имитираат четири геста: отварање на устата, плазење на јазикот, испупчување на устата и последователни движења на прстите. Ваквите наоди упатуваат дека е можно постоењето на вродени способности за извесни прости имитативни одговори бидејќи ваквите рани имитации немале временска можност да бидат научени. Но од друга страна очигледно е дека детето научува да прави исти движења како оние што ги посматра кај возрасните, а тоа е можно само ако заедно со возрасните учествува во исти заеднички активности, ако заедно прават нешто во одредена заедничка ситуација. Често може да се забележи дека возрасните ги фаќаат децата за поедини делови од телото и им ги движат насочено, а овој момент во развојот на имитацијата е занемарен од страна на Пијаже. Така во интеракција со возрасните детето постепено учи да прави исто што и моделот. На тој начин преку гледањето на другиот и се создава слика за сопственото тело.

Дали за имитацијата може да се рече дека претставува еднострано копирање на одредено поведение или на одредено изолирано дејствие без други индикации за психичка мотивација на оној што имитира? Анализата на филмуваните ситуации на меѓусебна интеракција меѓу децата од 18-24 месеци од страна на истражувачите од S.R, E.S.A.S (1979) покажува дека кај децата постојат така наречени од страна на овие истражувачи "организаторски имитации". Имено, посматрањата на вака малите деца во група од четири кога заеднички работат на материјал ставен на една заедничка маса, укажуваат дека веќе децата на оваа возраст знаат "колективно" да работат. Еве како се резимирани овие посматрања од страна на истражувачите: "Видовме дека уште со самото сместување, акцијата на едното од децата е "имитирана" од другото, понекогаш од третото и дури од четвртото, и дека тргнувајќи од неа, секое ќе го следи (со материјалот што тој го избра) истиот тип на активности во постојани интеракции со другите; набљудувајќи се реципрочно или, поретко, остварувајќи комплементарни акции, сите членови на групата ги менуваат за цело време додека се одвива започнатата активност". Истите автори понатаму истакнуваат дека "процесот на имитација што лежи во основата на оваа сложена динамика е организаторски: не само што не станува збор за пасивна копија на активноста на иницијаторот бидејќи детето што имитира ја трансформира таа активност од почетокот, туку - а ова ни се чини уште позначајно - сите членови на групата ќе донесат, во еден релативно подолг период, промени во почетната активност од таков вид што секоја нова активност ќе биде врзана едновремено со претходната активност на детето и со оние на другите деца од "екипата" (стр.94-95).

Значи, веќе кај децата од 18 месеци па натаму не можеме да зборуваме за проста копија на поведението на другите, за имитација во буквална смисла на зборот. Обично децата од другото лице (моделот што се имитира) ја земаат идејата, му се приближуваат за да прават нешто заедно, внимателно го посматраат што прави сѐ додека не ја сфатат неговата идеја (намера) и потоа тие прават како него. Во овие мигови на заеднички активности избива нераздвојноста меѓу когнитивните и афективните процеси: "Да се прави како другиот", велат погорните истражувачи, значи подеднакво и да се стапи во афективен контакт со него и да се "разбере" што тој прави (стр.95). Оваа способност на децата да ја присвојат идејата на другиот едновремено е и сведоштво дека децата на оваа возраст се способни да ги

апстрахираат скриените значења што постојат меѓу акциите и објектите што директно можат да се посматраат (стр.95). Ваквата способност за апстракција едновремено е и афективен и когнитивен процес и неоправдано е да се разделува едниот од другиот бидејќи меѓу афективните и когнитивните размени меѓу децата постои исцела солидарност (стр.17)[1]. Во областа на социјалната интелигенција, т.е. во способноста да се согледуваат и одржуваат односите со другите единки, афективните и когнитивните процеси се неразделни, а токму тоа и го покажуваат, меѓу другото, филмованите материјали од страна на екипата на S.R.E.S.A.S кои се однесуваат на интеракцијата меѓу децата во јаслени услови. Она што за нас претставуваше вистинско задоволство додека ги посматравме овие филмови е соработката што може да постои меѓу децата од оваа возраст во заедничките активности и рамноправноста во односите меѓу нив: секое дете од групата имаше можност да започне одредена идеја, да ја продолжи и да ја развие идејата на другиот и во тој процес на заедничко работење не се забележува ниту лидери ниту полови разлики.

Земено во целина резултатите од испитувањата на екипата од S.R.E.S.A (1979) за нас значат дека можат да се организираат услови во јаслите за многу пооптимален социјален и интелектуален развој отколку кога тоа би било само кога детето би растело со родителите или другите возрасни.

Да им се вратиме, уште еднаш, на некои прашања поврзани со имитацијата. Дали детето ги имитира одредени активности уште пред да ги разбере?

Според Пијаже, развитокот на имитацијата и разбирањето се два паралелни процеса, течат едновремено. Посматрањата покажуваат (како на пример погоре наведените од S.R.E.S.A.S, 1979) дека децата од околу 18 месеци па натаму го имитираат она што барем делумно го разбрале, а самата имитација, од своја страна, му овозможува подобро разбирање на поведението што се имитира. Овие податоци, по наше мислење, значат дека ако разбирањето и имитацијата се само два процеса кои се развиваат паралелно во првата година од животот, во одреден момент од нивниот паралелен развиток и тоа тогаш кога се јавува одложената имитација како вид симболичка способност, тие почнуваат да претставуваат нераскинливо единство на заемно условување. Тоа значи дека нивниот однос може да се претстави со два круга што се сечат во одреден момент од развитокот т.е. на

---

1) Ваквите согледувања за единственоста на афективниот и когнитивниот процес даваат можност да се согледа дека имитацијата на поведенијата на другите лица не се однесува само на нешто што е надворешно видливо, што може да се перципира, туку е повеќе од ова и тоа особено кога се јавени симболичките способности.

сличен начин како што Виготски (1934) го претставува односот меѓу мислењето и говорот. Пресекот меѓу говорот и мислењето Виготски ги означува како ново психичко својство - говорно мислење - што не значи дека и понатаму не постојат говор без мислење и мислење без говор. Во нашиот случај пресекот меѓу мислењето и имитацијата, односно комбинацијата од овие две психички својства овозможува да се јави нова психичка категорија која би можела да ја наречеме "обмислена имитација". Токму ова е значајна кога станува збор за организираното влијание врз половите улоги.

Дали имитацијата може да се смета како пасивен или како творечки процес?

Додека бихејвиористите имитацијата повеќе ја определуваат како пасивен феномен, поновите истражувања укажуваат на активноста на самата единка што имитира и на креативноста на самиот процес на имитирање. Особено креативни поведенија можат да произлезат од учењето по пат на моделирање ако посматрачот е изложен на повеќе различни модели (Bandura,1980). Најчесто посматрачот како извор на своето поведение не го зема само поведението на еден модел, ниту пак ги усвојува сите особини само на еден модел, туку напротив, прави комбинација од различните аспекти што произлегуваат од различни модели и ги организира во нов модел што се разликува од претходните од кои само користел елементи за комбинирање. Исто така, различни посматрачи изложени на исти модели ќе создадат комбинации од различни карактеристики. Пример, браќата и сестрите прават различни избори од особините на родителите и своеродни нови комбинации. Како општо правило може да се земе дека, во колку повеќе едно лице е изложено на бројни и разновидни модели, во толку се поголеми можностите за создавање на новини во поведението, а исто така и можностите за јавувањето на креативност се поголеми. Но и тука постојат ограничувања. На пример, ако посматрачот е изложен на модели со сложени поведенија, а самиот тој е ограничен во можностите да ги изведе, може да дојде до обесхрабрување кај посматрачот и тој да не се обиде да изведе ништо ново.

Уште еднаш да нагласиме дека едно е да се разгледа развитокот на имитацијата како психички процес, а друго е прашањето како се учи по пат на имитација. Во шестиот стадиум од сензомоторниот период според Пијаже се јавува одложената имитација како вид симболичка способност. Тогаш постои и разграничување на субјектот од другите лица и од објектите, а исто така тој себе може да се

раздвои на субјект што се посматра себе си како објект. Тоа е време кога се јавува првиот идентитет детето има извесни елементарни претстави за себе и за другите. Тогаш се создаваат и првите можности за јавување на така наречената "обмислена имитација" т.е. детето веќе сака да биде како некое лице X, да прави како него. Обмисленета имитација подразбира да се имитира нешто, некое лице чии односи со другите делумно се согледани. Пример, се имитираат некои поведенија на мајката во односот кон децата.

Кого децата го имитираат, како кого сакаат да бидат и зошто тогаш кога се способни да учат по пат на имитација на поведенијата на одреден модел? Дали децата ги имитираат повеќе родителите и другите лица од истиот пол, и ако е така зошто, кои се причините што довеле до тоа? Овие и некои други прашања поврзани се обсервационо учење ќе бидат разгледани после изложувањето за идентификацијата. Кога ќе зборуваме за организирано влијание врз моделирањето како облик на учење по пат на имитација, ќе се покаже дека обмислената имитација е значаен психички процес кој ќе го овозможи менувањето на половите улоги, усвојувањето на нови поведенија и односи. А обмислената имитација во себе неопходно ги содржи самосогледувањето, а најчесто и поткрепувањето како психолошки процес (поткрепувањето во овој случај е сфатено како регулирање на поведението во зависност од знаењето за последиците од активностите).

Идентификација. Веќе на претходните страници се потрудивме да направиме извесно разграничување меѓу имитацијата и идентификацијата како психолошки процеси. Овде ќе стане збор за уште некои разграничувања со други сродни процеси.

Да се идентификуваш етимолошки значи да станеш идентичен, сличен, ист како.... Bronfenbrenner (1960) издвојува три широки класи (феномени) на кои се однесува терминот идентификација:

1) идентификацијата како мотив: вака сфатен поимот идентификација означува обопштена диспозиција да се прави како другиот или да се личи на него. При тоа, другиот (моделот) на кого субјектот се стреми да личи може да постои вистински или да е измислен, може да се прифатат дел од неговите поведенија или поведенијата на моделот посматрачот може да ги карикира (да ги нагласи претерано или да ги измени карактеристиките на моделот). Ова ќе стане поразбирливо ако се надополни со објаснувањата на идентификацијата сфатена како поведение.

2) Идентификацијата сфатена како поведение: еден субјект Х се однесува како субјектот У и тоа:

- Х се засновува на директното посматрање на поведенијата на У како модел;

- Х треба да ги прифати поведенијата на У како модел кој не го видел, а за кого слушнал од раскажувањата на другите (На пример, мајката му раскажува на синот за поведенијата на татното што тој никогаш не го видел и му вели да прави како него)..

- Х треба да се идентификува со идеален модел кој никогаш вистински не постоел ("Не прави како што прават другите, туку прави како што би требало" во нашиот случај тоа би значело, да не се прави според вообичаената практика, туку да се прави како што и доликува на правата човекова природа, на пример).

3) Идентификацијата сфатена како психолошки процес: Идентификацијата може да се сфати како психички механизам преку кој детето (лицето) се угледува на еден модел и се стреми да биде како него. При тоа не треба да се заборави дека идентификацијата не се однесува само на конкретен модел надвор од општествените односи, туку дадениот модел е секогаш претставник на одредено општество, на одредена социјална категорија, а тука спаѓа и половата припадност.

Идентификацијат во себе го содржи стремежот не само "да се биде како другиот" туку и "да се прави како другиот" и "да се чувствува како другиот". Според тоа, за да се разбере поимот идентификација потребно е тој да се разграничи од два други термини: емпатија и земање улоги. Сите три термина подразбираат дека единката се става на местото на другиот, во "неговата кожа". Но додека идентификацијата подразбира потрајна фузија меѓу двете лица, емпатијата е моментална и претпоставува дека лицето е во состојба да направи разграничување меѓу себе и другиот. Од друга страна, иако постои блискост меѓу емпатијата и земањето улога во поглед на последново, сепак емпатијата повеќе го зафаќа ефективниот аспект од истиот процес, а земањето улога повеќе се однесува на когнитивниот аспект од истиот процес.

"Да се прави како другиот" значи да се земаат неговите поведенија, да се земаат неговите улоги кои произлегуваат од повеќе такви поврзани поведенија. Секогаш кога сакаме да се идентификуваме со некого, се обидуваме да дејствуваме како него да прифатиме некои негови поведенија, да играме како неговите улоги. Кога еден субјект

дејствува во одредена улога (врши карактеристични активности за дадена улога) тоа значи дека тој во себе веќе ја има претставата за улогите на другите со кои е во интеракција и може моментално да се стави на нивно место (а ова не е само когнитивен процес туку е подеднакво и едновремено и афективен). Да се земе нечија улога или подобро речено да се усвои нечија улога, е сложен психички процес, а изведбата на усвоената улога е дел од процесот на манифестната интеракција меѓу единките. Ова значи, дека усвоената улога е дел од односот меѓу единките кој сега станува внатрешна психолошка структура, психолошки феномен. Односно, она што било однос меѓу две или повеќе единки на психолошки план се изразува како усвоена улога или подобро речено систем од улоги. Очигледно е овде колку веќе навлегуваме во културно-историската теорија на советските автори за објаснување на повисоките ментални функции според која типичните психички функции кај човекот по своето потекло и по својата структура се нужно социјални. Но на ова прашање ќе му се вратиме и ќе го разгледаме нешто подоцна.

Да се вратиме уште малку на самата идентификација. Фројд истакна два момента со кои би можеле наполно да се согласиме кога станува збор за идентификацијата. Едниот момент се состои во истакнувањето на мотивираноста на детето да стане како родителот од истиот пол. Иако не можеме да го прифатиме Фројдовото објаснување на оваа мотивираност, останува фактот дека детето на одредена возраст покажува потреба и развива полов идентитет. Поопштено ова може да се изрази како потреба на детето да стане како возрасните, а од нив повеќе ги бира особините на истополните субјекти. Друго што избива уште од фројдовите објаснувања на идентификацијата е неопходноста од постоењето на некое лице на кого детето се стреми да личи, со кого се идентификува (модел што служи како основа за идентификација) и тоа заради љубовта, наклоноста што ја добива од истото лице или од некое друго.

Овде би можело уште да се напомене постоењето на повеќе видови идентификации како што се анаклитична идентификација за која зборува уште Фројд, потоа одбранбена или идентификација со агресорот (А.Фројд, 1962), идентификација заснована на позитивни афективни врски (Mussen i Distler, 1969), заемна или двосмерна идентификација (Поповиќ, Б.1972). Иако е интересно да се согледа каков е уделот на секој од овие видови идентификации врз развитокот на половите улоги, ние овде само уште ќе речеме дека извесни истражувања

(оние на Münsen i Distler кои ги наведуваат повеќе автори во своите изложувања за половите улоги) укажуваат дека е позначаен уделот на идентификацијата заснована на позитивни афективни врски отколку на одбранбената кога станува збор за усвојување на половите улоги, а овие сознанија имаат свои можни импликации кога станува збор за организирано влијание врз половите улоги.

Овде ќе истакнеме на крајот дека не можеме да се согласиме со ортодоксните психоаналитичари според кои идентификацијата е повнатрешнување на родителската слика. За детето не е толку значајна сликата што ја има за своите родители колку што се важни односите што ги има со нив и со други лица во секојдневната интеракција. Идентификацијата може да се определи како повнатрешнување на еден систем од улоги т.е. станува збор за усвојување на повеќе улоги кои се меѓусебно поврзани во мрежа од улоги и претставуваат една когнитивна структура. Ова сознание, уште еднаш, не упатува на неизбежноста да се разгледа уделот на когнитивните процеси во стекнувањето на половите улоги, а особено тие ќе помогнат да се сфати променливоста на содржините што во себе ги опфаќа половиот идентитет во различни периоди од развитокот на единката.

## 2.3. Улогата на моделирањето во развитокот на полово - типизираните поведенија

Дека децата стекнуваат определени својства и поведенија по пат на имитација и идентификација како процеси нема сомнение. Улогата на имитацијата и идентификацијата во стекнувањето на полово типизираните поведенија, како што видовме во претходното изложување, ја истакнуваат повеќе автори. За натамошното изложување е битно да се истакне дека идентификацијата е слична со учењето по пат на моделирање преку кое набљудувачот ги учи својствата и активностите на другите луѓе. Laplanche (1967) идентификацијата и ја определува како психички процес преку кој субјектот асимилира некое својство под влијание на моделот. Ако се тргне од такво стојалиште може да се рече дека студиите што се однесуваат на идентификацијата се дел од испитувањата на обсервационото учење, а кое поинаку се нарекува и викаријско учење или моделирање. Mishel (1970) опсервационото учење или моделирањето го определува како "стекнување нови знаења и потенцијални поведенија од страна на индивидуата преку набљудување, без какво било надворешно

поткрепување на неговите акции" (стр. 29). Значи преку наблудување на другите кои служат како модели од непосредната околина или оние претставени преку симболите како што се зборовите и сликите, а без директно поткрепување на поведението на единката, може да се стекнуваат, меѓу другото, полово типизираните поведенија.

Со оглед на тоа дека и когнитивистичките теории и оние на социјалното учење укажуваат на значењето на моделите за стекнување на половиот идентитет, потребно е да се согледа како се одвива учењето преку моделирањето.

Ќе го изнесеме најпрвин процесот на учење по пат на моделирање, онака како што тоа го прави Бандура (1977, 1980). Бандура истакнува дека обсервационото учење на различни видови поведенија се состои од четири елементарни процеси: внимание, запомнување, моторна репродукција и мотивација. Во натамошното изложување накусо ќе се задржиме на сознанијата за секој од овие процеси и ќе ги изнесеме резултатите од некои испитувања на половите разлики поврзани со нив.

Децата се изложени на многу и различни модели, но само некои од нив влегуваат во фокусот на нивното внимание. Кои? Може накусо да се рече дека во тоа влијание имаат особините на посматрачот, оние на моделот како и на самата посматрана активност. За нас овде е интересно да се согледа дали децата го насочуваат повеќе вниманието кон истополни модели, и ако е така, зошто?

Lewis i Wein aub (1979) изнесуваат дека кај десетмесечните бебиња се констатира подолго гледање во сликата на друго доенче од истиот пол отколку во она на спротивниот. Кај 18 месечните деца забележале не само подолго гледање во сликите на други деца од истиот пол туку и во објекти за кои се смета дека се повеќе својствени за него.

Slaby i Frey (1975) наоѓаат дека кај предучилишните деца кај кои е воспоставена полова константност постои зголемено селективно внимание насочено кон истополни модели. Но при тоа забележуваат дека момчињата повеќе гледале во машките модели отколку што девојчињата гледале во женските.

Ruble, Balban i Cooper (1981) истакнуваат дека полово типизираните поведенија се јавуваат пред петтата година нагласувајќи дека во тоа значајно влијание имаат поткрепувањата на полово типизираните поведенија од страна на возрасните. Но, постигнува-

њето на половата константност околу 5-6 година е значајна пресвртница во развитокот на половите улоги. Тоа значи дека тогаш е можно да се премине од релативно пасивно влијание врз половите улоги преку поткрепувањето и информирањето, кон активно и свесно подготвување за соодветни полови улоги. Во ова испитување се покажува дека постои значајна поврзаност меѓу нивото на детскиот когнитивен развиток и влијанието на половоповрзаните информации кои ги дава телевизијата. Се покажало дека само едно гледање на реклама која ја покажува полово неутрална играчка во контекст кој придонесува таа да изгледа својствена само за едниот пол, драматично влијае врз последователното детско поведение со таа играчка. Но ова само кај децата кои биле свесни за нивната полова константност.

Овие резултати, заедно со оние на Slaby i Fray (1975) укажуваат на поврзаноста на константноста на половиот идентитет и вниманието насочено спрема истополни модели. Тие сугерираат дека половата константност може да претставува стадиум во развитокот во кој децата активно бараат информации за она што е својствено за нивниот пол и дејствуваат во согласност со тоа. Овие испитувања укажуваат на разликата на релативно пасивниот процес на учење на половите улоги во пораните возрасти и релативно активното учење поврзано со стадиумот на половата константност.

Brayan i Luria (1978) во испитувањата на деца од 5-6 и 9-10 годишна возраст не нашле јасна потврда за постоење селективно внимание за истополни модели. Нивните наоди одат во прилог на заклучокот на Maccoby i Jacklin (1974) според кој децата учат по пат на моделирање широк репертоар потенцијални поведенија и тоа подеднакво и машки и женски. Значи децата научуваат поголем број поведенија од оние што ги практикуваат.

Посматрањата на поведенијата на одреден модел можат да влијаат врз поведенијата на обсерваторот само ако тој ги запомни во некоја симболичка форма. Без симболичките способности луѓето не ќе можат да ги учат голем дел од поведенијата преку одложената имитација. Особено значење за учењето преку посматрање имаат сликовниот (иконичниот) систем на претставување и вербалниот симболички систем на претставување. Сликовното претставување игра значајна улога во раните возрасти кога вербалните способности се уште не се развиени, но и тогаш кога одредени поведенија не можат лесно да се изразат преку вербалните форми. Значи, за да можат да се запомнат одредени модели на активности, неопходно е тие да се претворат во сликовни претстави и вербални симболи. Само како

такви тие можат да служат како водачи на подоцнито однесувања. За да може да се јави учење по пат на моделирање најнапред е неопходно да може да се организира ментално моделираното поведение, треба да се создаде ментален код за реалното поведение на моделот, а потоа истото да се изведува од страна на посматрачот (за разлика од непосредната имитација, одложената имитација претпоставува постоење на ментални претстави).

За одредено поведение може да се каже дека е научено ако симболичката претстава што субјектот ја има за него ја преведе во акција, односно ако изведе моторна репродукција на претходно запомнатото поведение на некој модел.

Обсервационото учење овозможува одредени поведенија да се научат без претходна изведба. Субјектот може да стекне сознанија без самиот да има лично искуство за тоа како да изведе одредена активност и дали да ја изведе. Самото испитување за тоа дали се формирани претстави за одредено поведение може да се мери преку вербалните искази, не е неопходна моторна репродукција.

Да видиме сега што покажуваат некои испитувања во врска со запамтувањето на содржините кои се и кои не се обоени со стереотипии за половите улоги.

Nadelman (1974) наоѓа дека децата од 5-8 години покажале значајна истополна преференција и репродуцирање повеќе од ајтемите со истополни содржини како субјектот.

Jennings (1975) им раскажувал приказни на деца од 4-5 годишна возраст. Главните личности од приказните вршеле вообичаени или невообичаени активности за нивниот пол. Се покажало дека значајно повеќе од децата ги сакале приказните со вообичаено полово поведение, но дека повеќе успевале да репродуцираат од содржините на приказните со невообичаено полово поведение. Зошто? Можеби заради новината што произлегува од обратноста на она што дотогаш децата навикнале да го гледаат - вниманието е разбудено и задржано заради нагласената невообичаеност и различност од она што децата навикнале дотогаш да го гледаат. При тоа се забележува дека момчињата покажале поголеми потешкотии да ги прифатат женски извесни активности (на пример балетан) и покажале поголема ригидност во определувањето на машките улоги. Воопшто, девојчињата нашле дека машките улоги се многу поприфатливи за нив отколку што мислеле момчињата за женските улоги.

Koblinsky i dr. (1978) i Liben i Signorella (1980) не ги потврдуваат наодите на Jennings дека подобро се помнат "новите" информации, т.е. обратните улоги. Разликите во добиените резултати може се должат како на разликите во содржините на приказните, така и на развојните разлики во способностите за помнење и на знаењата на стереотипните полови улоги. Во истражувањата на Koblinsky и др. (1978) како и на Liben i Signorella (1980) теориските поставки од кои се тргнува се оние на конструнтивистичкото гледиште за помнењето што го дава Bartlett, а и добиените резултати се во согласност со него. Според конструктивистичкото гледиште репродукцијата на вербалниот и графичкиот материјал зависи не само од карактерот на материјалот, туку и од претходните знаења и ставови на субјектите. Имено, во испитувањата на Barlett се покажало дека возрасните субјекти имале потешкотии во репродуцирањето на содржини што биле далечни за нивната култура, а исто така репродукциите што ги правеле на приказните и сликите го менувале оригиналот во правецот на нивните ставови и знаења кои биле во согласност со културата во која живееле.

Koblinsky и др. (1978) наоѓаат дека испитаните десетгодишни деца запомнувале повеќе стереотипни од нестереотипни активности и црти на личноста: децата од двата пола запомнувале повеќе од машките половотипизирани особини и црти кај машките ликови и повеќе од женските половотипизирани особини и црти кај женските ликови. Овие резултати се во согласност со други проучувања на когнитивните способности според кои субјектите ги категоризираат податоците за групите и единките врз основа на ограничен број информации и потоа ги користат преку неполниот метод овие категории за стекнување на нови информации.

Друг значаен податок од истражувањето на погорните автори е дека субјектите повеќе ги помнеле однесувањата на личностите отколку нивните особини. Авторите сугерираат дека ваквите резултати може да се должат барем на три фактори: особините претставуваат поапстрактни содржини, а однесувањата поконкретни; придавките со кои се опишуваат својствата се употребуваат поретко во детскиот говор и затоа е отежнато нивното запомнување; и на крајот можно е кусите описи на особините во овој експеримент да придонеле за ваквите резултати.

Во ова испитување се покажува, исто така, дека најслабо било помнењето женски својства припишани на машките ликови. И во ова испитување, како и во она на Jennings (1975) i na Liben i Signarella (1980) се покажува дека за испитаните момчиња и девојчиња многу помалку можат да се усогласат машките со женските активности отколку обратно - женските со машките. Можно е ова да се должи на построгите забрани за усвојување спротивни полови карактеристики од страна на момчињата отколку од страна на девојчињата.

Во испитувањето на Liben i Signorella (1980) се покажува дека помнењето на содржините од приказните кај испитаните 6-9 годишни деца е во зависност од нивните ставови во врска со половите улоги. Децата повеќе ги помнат соодржините што се во согласност со нивните сфаќања за половите улоги од оние што не се. Исто така, се забележува кај децата од двата пола многу повеќе изменување на активностите што не се во согласност со полот на машкиот актер според традиционалните сфаќања за половите улоги. Значајно е и дека доаѓа до поинаква почетна интерпретација на стимулот што не е во согласност со дотогашните сфаќања. Така, на пример, машкиот секретар се случувало да биде интерпретиран како механичар кој прави или поправа машина за чукање.

Какви поуки можат да се извлечат од овие и слични наоди кога ќе се работи организирано за внесување на несексистички содржини во сликовниците, книгите, списанијата, телевизиските и филмските програми за децата?

При организираното влијание за променување на половите улоги преку изложувањето на нови модели со нови поведенија кон кои се стремиме ќе треба да се води сметка барем за два значајни момента кои произлегуваат од погоре изнесените испитувања: 1) децата многу потешко ке го помнат она што е ново, невообичаено, во несогласност со дотогашното нивно сфаќање кое сакаме да го менуваме од она што е во согласост со дотогаш формираните ставови кај нив и 2) ќе постои тенденција за реинтерпретација на новите модели, на нивните активности и особености, во согласност со традиционалните сфаќања.

Веќе истакнавме дека децата научуваат поголем број поведенија, но само некои од нив ги практикуваат. Се поставува прашањето врз основа на што децата бираат кои поведенија ке ги практикуваат од поголемиот број што ги научиле?

Веднаш може да се рече дека оние поведенија што воделе до позитивни ефекти имаат поголема шанса да бидат изведени од оние што водат до негативни последици. На таков начин се создава <u>мотивација</u> определени поведенија да бидат изведени.

Каква е улогата на поткрепувањето во учењето по пат на моделирање?

Различни теории на моделирањето се согледни меѓу себе дека поткрепувањето е значајно во обсервационото учење. Разликата меѓу нив е во начинот на кој сметаат дека поткрепувањето дејствува. Оние што се застапници на инструменталното условување влијанието на поткрепувањето го гледаат отпосле (најнапред дејствува стимулот-модел, потоа се јавува одговорот кој е имитација на стимулот-модел, и на крајот, ако одговорите што одговараат на стимулот-модел се поткрепувани позитивно, субјектот го усвојува поведението на стимулот-модел. Теоријата на социјалното учење (Бандура, 1980) истакнува дека поткрепувањето игра улога во обсервационото учење пред се како претходник, ако влијае претходно; обсервационото учење ќе биде многу поефикасно ако субјектот е информиран однапред за користа што ке ја има ако присвои одредено поведение, отколку ако чека да биде награден откако ке изврши одредено поведение заради тоа што го имитирал (стр. 41-42).

Ако сме свесни за поведенијата што субјектот треба да ги присвои, тогаш треба да се поткрепуваат поведенијата кон кои се стремиме (а не да се свртува вниманието кон неадекватното поведение). Пример, во едно истражување на Serbin, Tonik i Strenglanz (1977) соработката меѓу двата пола во текот на играњето кај децата од предучилишна возраст е зголемена значајно само преку употребата на позитивно внимание т.е. воспитувачот по коментирал накусо секое заедничко играње меѓу децата од двата пола со сличен коментар на следниов: "Многу ми се бендисува кулата што Милица и Лазар ја направија заедно". Ова не напоменува дека треба да се процени конкретното дејствување во дадена социјална средина и ефектите што тоа ги има врз однесувањето на единките. При тоа не е толку важна само намерата на оние што дејствуваат туку и вистинскиот ефект од планираното влијание. Така, се чини дека соработката меѓу децата од двата пола не ке беше постигната ако на децата кога не играа во мешани полови групи постојано им се напоменуваше дека тоа не е добро, дека треба заедно да играат девојчињата и момчињата. Ваквата наша претпоставка може да биде предмет на проверка, но и без

неа може да сме убедени дека значајно поголем ефект ќе има поткрепувањето на позитивното поведение, а не свртувањето на вниманието кон поведенијата што ги сметаме за негативни. Последново наше стојалиште е засновано на бројните истражувања на оние што се застапници на теоријата на социјалното учење, а меѓу нив и Бандура (1980).

Ќе се задржиме накусо на хиерархискиот развој на мотивационите фактори онака како што ги изнесува Бандура (1980, стр. 96-98). Бандура истакнува дека она што дејствува како поткрепувачко за субјектот се менува во текот на психичкиот развиток. Така, кај најмалите деца определено поведение се јавува тогаш кога последиците од него се непосредни и од физички карактер како што се храната, физичкиот контакт, болот. Значи, кај најмалите станува збор за примарни и елементарни мотивациони фактори кои во себе ги вклучуваат непосредните материјални последици.

Во текот на развитокот мотивациски карактер добиваат социјалните реакции што ги пратат и се поврзуваат со физичките поткрепувања. На детето се повеќе му станува значајно како другите гледаат на неговото однесување.

Развитокот на симболичките способности овозможува да се согледаат последиците од определено поведение т.е. се воспоставува когнитивна врска меѓу определено поведение и последиците од него.

Во натамошниот развиток единката почнува да води сметка за одредени прифатени правила на однесување во дадена средина и да го почитува она што важи како општествен договор.

Највисок степен во развитокот на мотивационите фактори е појавата на самопоткрепувањето или таканаречената лична мотивација или самомотивација и самородење врз основа на самопроценка и лично задоволство од самостојноста во одлучувањето за определено поведение. За да дојде до развој на личната мотивација неопходно е најпрвин да постојат фактори на надворешна мотивација.

Овде уште еднаш да му се вратиме на прашањето дали децата повеќе ги имитираат поведенијата на истополните модели или можеби подеднакво ги имитираат моделите од двата пола. Анализата на истражувањата што се однесуваат на улогата на моделирањето во половото типизирање и прегледот на истражувањата на селективната имитација ги доведоа Maccoby i Jacklin(1974) до заклучокот дека моделирањето игра мала улога во развивањето на полово типизираните поведенија. Особено, нагласуваат овие автори "раното полово типизирање не е функција на детското селективно посматрање и селективно

учење на поведенијата на истополни модели" (стр. 299). Овие автори заклучуваат дека децата, барем до 6 или 7 година не го бираат истополниот модел за имитирање, иако поведенијата на децата се очигледно полово типизирани наjмногу порано возраст од онаа на која почнува да ги бира истополните модели за имитирање (стр. 363). Исто така, овие автори истакнуваат дека полово типизираните поведенија на децата често не се совпаѓаат со оние на возрасните како модели. На пример, иако татковците и другите возрасни мажи не го избегнуваат дружењето со жените, децата играат во посебни полови групи. Или, се случува одредени момчиња повеќе да играат од нивните сестрички со автомобилчиња иако и едните и другите мајките се тие кои најчесто ги возат со своите автомобили. Сведоци сме и дека најомилените игри на девојчињата како што се скокање со јаже и со ластик тие не ги учат по пат на имитација на возрасните женски модели.

Barkley и др. (1977 исто така ја проверуваат хипотезата според која децата повеќе ќе го имитираат истополниот модел. Тие најнапред направиле преглед на дотогашните проучувања за овој проблем и од 81 истражување што тие ги разгледуваат, само 1/4 одат во прилог на истополната хипотеза, а 3/4 не ја поддржуваат истата. Во нивното испитување на деца на возраст од 4-11 години тие наоѓаат дека децата не го имитираат повеќе истополниот модел туку дека повеќе ги имитираат поведенијата за кои знаат дека им се својствени на нивниот пол, независно од полот на моделот што ги изведува.

Овие заклучоци не значат дека децата не имитираат модели, туку само дека не ги имитираат систематски повеќе истополните модели. Според тоа може да се рече дека полово-типизирана поведенија во раното детство не се должат на процесот на моделирањето. Може да се претпостави дека поткрепувањето од страна на другите во предучилишниот период има посебно влијание се додека некаде на крајот од него не се јави половата константност и се поголемиот удел на самосоцијализацијата. Всушност може да се прифати становиштето на когнитивистите според кое различните поткрепувања се само еден од изворите за информации што детето ги користи за да го создаде поимот за полово својствените поведенија и токму тие сознанија се оние што ќе го насочуваат неговото однесување.

Дали децата од двата пола учат полово својствени нешта заради тоа што имаат прилика да бидат повеќе изложени на истополни модели? На последново прашање одговорот е не, бидејќи во наши

услови и момчињата и девојчињата подеднакво се изложени на моделите од различните полови било дома или во предучилишните институции. Ако веќе во предучилишната возраст можат да се забележат посебни машки и посебни женски групи за играње, тоа не се должи на неможноста да најдат врсници од другиот пол - тие подеднакво им се достапни, на пример во предучилишните институции; проблемот е изгледа во тоа што самото дете ги бира истополните врсници.

Битно е овде да се нагласи дека децата секогаш се изложени на поширок репертоар од поведенија. Тие и научуваат повеќе поведенија и многу од нив можат да ги практикуваат, а сепак голем дел од нив остануваат само како потенцијална можност да се изведат. Луѓето ги учат не само својствените полови поведенија на својот пол туку и оние на другиот, како што ги знаат поведенијата што ги изведуваат само возрасните а не и децата. Можеме да се согласиме со Maccoby i Jacklin (1974) дека: "а) процесот на моделирање е пресуден во стекнувањето на широкиот репертоар на потенцијални поведенија, но тој репертоар не е полово типизиран во значаен степен; б) знаењето кое поведение е својствено е пресудно во изборот кои ајтеми ќе бидат користени во изведбата надвор од репертоарот на потенцијално можните акции" (стр. 301).

На крајот може да се рече дека учењето по модел не е посебен вид учење бидејќи, како што видовме, може да се сведе на други видови учење. Имено учењето по модел во себе неминовно ја вклучува имитацијата и идентификацијата, но и поткрепувањето и самосогледувањето. Бидејќи за имитацијата, идентификацијата и поткрепувањето како психички процеси преку кои се стекнува половосвојственото поведение веќе стана збор во претходното изложување, останува во натамошниот текст да се разгледа потемелно влијанието на когнитивните процеси во стекнувањето на половите улоги.

## 3. Когнитивно-развојна теорија за половите улоги

Единката постојано прима различни податоци од кои едни се однесуваат на физичкиот, други на социјалниот свет, а трети на самиот себе. Истите таа се стреми да ги организира во рамките на своите можности со цел да ги упрости ставајќи ги во различни категории. На таков начин се намалува бројноста на податоците и нивната различност се сведува на попостојани когнитивни категории.

~~На таков начин се намалува бројноста на податоците и нивната раз-личност се сведува на попостојани когнитивни категории.~~ Има повеќе истражувања кои укажуваат на овој стремеж кон когнитивна постојаност. Следејќи во тој правец когнитивно-развојната теорија го истакнува значењето на когнитивните процеси за самосоцијализацијата и самокатегоризацијата на себе самиот како единка од даден пол.

Според Когнитивно-развојната теорија за да дојде до усвојување на поведенијата и другите својства за кои се смета дека се карактеристични за одреден пол, детето најнапред треба да има јасен поим за својот полов идентитет, потоа треба да знае кои поведенија и својства се машки, а кои женски. Најпосле може да дојде до усвојување на поведенијата и својства кои се проценети како својствени за својот пол.

<u>Развиток на постојанен полов идентитет.</u> Меѓу различните видови социјални идентитети, најстабилен е половиот идентитет. Луѓето можат да не бидат свесни за класната или националната припадност, а исто така и возрасната категорија е променлива, но интимното чувство што го имаме за припадност на едниот или другиот пол е значајно сознание што се формира постепено, почнувајќи од означувањето на полот на детето при самото раѓање. Тргнувајќи од ова сознание Колберг (1966) го нагласува големото значење што го има проучувањето на развитокот на половиот идентитет во областа на развојната психологија.

Значи, иако половиот идентитет не е единствениот вид социјален идентитет, тој има големо значење во развитокот на единката бидејќи претставува највидлива основна општа категорија со која таа се означува самата себе. Половиот идентитет, откако ќе се стекне, се носи низ целиот живот и тој претставува единствена општа фиксна, постојана, категорија во која детето, а подоцна возрасниот може да се класифицира себе. Детето, на пример, знае дека и припаѓа на категоријата деца за разлика од категоријата возрасни, но тоа знае и дека тоа од едната ќе премине во другата. Токму заради постојаноста половиот идентитет е значаен организатор на детските социјални перцепции и активности. Значењето на половиот идентитет може да го согледа секој од нас ако помисли што ќе биде со него ако нагло мора да го промени сопствениот.

Основниот заклучок што го изнесува Колберг (1966) во неговата когнитивно-развојна анализа на детските сфаќања и ставови

во врска со половите улоги е дека половиот идентитет т.е. когнитивната самокатегоризација како "момче" или "девојче" е критичен и основен организатор на ставовите спрема половите улоги. Тој смета дека половиот идентитет е производ на когнитивниот развиток и дека произлегува од основниот едноставен суд што е направен во раното детство и е заснован на податоците од физичката реалност. Основната категоризација на себе самиот како припадник на даден пол ќе ги условува и основните вредности што единката ќе ги усвојува, а заради тенденцијата за когнитивна постојаност и врамнотежност и тие вредности ќе бидат постојани. Развитокот на константноста на половиот идентитет започнува кога детето го слуша и почнува да го разбира значењето на ознаката "момче" или "девојче". Ова учење на вербалното полово означување почнува рано во животот. Така, на пример, на прашањето "Дали си ти мало момче или мало девојче"?, Гезел и др. (1940)[1] наведуваат дека 2/3 до 3/4 од тригодишните деца знаат точно да го назначат својот пол, додека најголем број од 2;6 годишните деца не го знаат истото. Но тоа што децата од оваа возраст можат точно да се означат вербално како момче или девојче не значи и дека ја сфаќаат општата категорија "момчиња" или "девојчиња". Децата од оваа возраст сеуште не прават разлика меѓу називот на класата и личната именка на еден предмет што и припаѓа на таа класа. Так, на пример, "девојче" значи исто што и Милица, Тања, и некои други девојчиња што ги познава.

Меѓу 2 и 4 година детето учи и научува точно да го означи својот пол како "момче" или "девојче". Меѓу 3 и 5 година учи точно да ги означи другите деца во поглед на нивната полова припадност. Препознавањето на половата припадност на другите се засновува, според Колберг, на знаци како што се облеклото и фризурата (стр. 93-94)[2].

Дали децата ги користат анатомските, гениталните разлики како критериуми за разликување меѓу машките и женските единки?. Колберг наведува дека испитувањата покажале дека децата меѓу 4 и 5 година што биле поучени од страна на родителите за анатомс-

1) Податоците се земени од Колберг (1966 , стр. 93).

2) Можно е денешната мода да довела до променување на овие разлики меѓу машките и женските единки во некои други ознаки, а исто така можно е децата од различни сре-дини да истакнуваат различни надворешни белези. За ова ќе стане збор во истражувањето на македонски деца во тој поглед.

ки разлики меѓу момчињата и девојчињата, многу ретко ги користеле истите како критериуми за разликување меѓу момчињата и девојчињата (а токму ова се постојаните прави разлики).

Колберг наведува проучувања според кои децата имаат големи потешкотии да научат дека постојат општи генитални разлики меѓу половите, и дека децата немаат формирани јасни поимови за гениталните разлики до раната училишна возраст, па дури ни тогаш кога родителите укажуваат на нив нагласувајќи ги . Се покажало дека децата до 7 година имале значајни потешкотии да ги прифатат како постоечки очигледните природни анатомски разлики меѓу половите(стр. 103-107).

Непостоењето не јасни претстави за гениталните разлики околу 4-5 година (тогаш кога половите улоги се јасно стереотипизирани) укажува дека знаењата за гениталните полови разлики не се директна основа за другите согледувања на половите разлики. Со други зборови, знаењата за гениталните разлики не се развојно битни за формирањето на стереотипиите за половите улоги. Ова се податоци за кои Колберг со право вели дека одат против психо-аналитичкото сфаќање за централното место на гениталните органи во овој период од развитокот. Изгледа дека е поточно ако се каже дека гениталните органи ја стекнуваат централната положба откако детето ќе дојде до сознание дека токму гениталните органи се основата врз која се врши поделбата на два пола (околу 6-7 година) и откако, уште подоцна, ќе стекне прецизни поимови за сексуалните односи (Колберг, 1966, стр. 104).

Пијажеовскиот проблем на конзервација на својствата на физичките предмети Колберг го поставува во областа на формирањето на родовскиот и половиот идентитет. Испитувајќи деца од 4-8 години Колберг си поставил за цел да ја покаже поврзаноста што постои меѓу општиот когнитивен развиток и детското верување за половиот идентитет. Според податоците што ги добил тој и заклучил дека константноста на половиот идентитет не може да се постигне не порано од достигнувањето на степенот на конкретни операции и конзервација кога станува збор за општиот мисловен развиток. На истите субјекти Колберг им давал четири вида задачи: за испитување на половиот идентитет, постојаноста на идентитетот на видот мачка, конзервација на материја на парче пластелин и конзервација на должина на парче гума. Половиот идентитет Колберг го испитувал прашувајќи дали едно девојче, прикажано на слика, може да стане момче

ако би сакало, или ако игра машки игри или ако биле облечено во панталони или ако има пострижена коса. Повеќето од четиригодишните деца одговориле потврдно, оние на возраст од 5-6 години исто така покажувале несигурност во поглед постојноста на половиот идентитет, а дури децата на возраст од 6-7 години во најголем број биле сигурни дека едно девојче не може да биде момче ако си го промени облеклото или однесувањето.

Резултатите од ова Колебергово испитување покажуваат дека возраста на која се јавува постојниот полов идентитет и идентитетот на видот животно е иста[1] и е нешто порано од постојувањето на конзервација на физички предмети. Ваквите резултати јасно го покажуваат значењето на когнитивниот фактор во создавањето на поимот за половиот идентитет, како и значењето на последниов за општиот развој на единката.

Основниот заклучок што произлегува од овие Колебергови испитувања е сознанието дека процесот на формирањето постојанен полов идентитет не е посебен процес кој им е потчинет на инстинктивните желби и идентификации, туку е дел од општиот процес на појмовниот развиток.

Постојат значајни разидувања во сфаќањата за создавањето на психосексуалниот идентитет меѓу ортодоксното психоаналитично стојалиште, теоријата на социјалното учење и когнитивистичкото гледиште. Имено, овие различни теории на различен начин ја гледаат причинската поврзаност меѓу половиот идентитет и идентификацијата. Од една страна психоаналитичката теорија и теоријата на социјалното учење укажуваат дека идентификацијата со родителот од истиот пол е причина за прифаќањето на сопствениот полов идентитет. Од друга страна когнитивно-развојната теорија го обрнува причинскиот правец во објаснувањето на оваа поврзаност: половотипизираниот идентитет доведува до идентификација на момчето со таткото и оттука произлегува натамошното негово емоционално врзување за таткото.

Еве накусо како тече развитокот на половата идентификација кај момчето според секоја од овие три теории:

- Според психоаналитчката теорија момчето има желба да ја

1) Повеќе четиригодишни деца велеле дека едно насликано маче може да стане куче ако му ги пресечат мустаќите. Дури околу 6-7 г. на повеќето од децата биле сигурни во константноста на идентитетот на момчето и покрај перцептивните промени во неговиот надворешен изглед. Слични резултати добил и de Vrisкoj пред очите на детето вистинско маче го покривал со кучешка маска (Колберг, 1966 стр. 96-97).

има мајката, но стравот од таткото го тера да се идентификува со него и од ова произлегува неговиот полов идентитет.

- Теоријата на социјалното учење смета дека момчето е емоционално врзано за таткото кој ги контролира наградите и казните во врска со неговото поведение. Од ова произлегува идентификацијата на момчето со таткото, па оттука произлегува и половиот идентитет;

- Од своја страна теоријата на когнитивистите истакнува дека момчето најнапред го развива својот полов идентитет. Веќе формираниот полов идентитет го води да се идентификува со таткото на кого повеќе личи и ова доведува до емоционално врзување за него.

Еве каква би била логиката на размислувањата на малото момче според горните три теории:

- психоаналитичката теорија: "Јас сакам мајка ми; но нea ја сака и татко ми; тој е посилен и ќе ме казне ако разбере дека ја сакам само за мене; затоа јас најнапред морам да станам како татко ми и дури потоа ќе ја имам мајка ми за мене";

- теоријата на социјалното учење: "Јас сакам да бидам награден; награден сум кога дејствувам како момче; затоа сакам да бидам момче";

- когнитивистичката теорија: "Јас сум момче; затоа сакам да го правам она што го прават момчињата; кога го правам она што го прават момчињата добивам награди".

Значи, според Колберг, момчето мора најнапред да го стекне својот полов идентитет, па да ги разграничи улогите што ги имаат момчињата и девојчињата, мажите и жените во дадената социјална средина и најнапрај зазема ставови и има одредена преференција за некои предмети и активности. Значи, дури откако детето ќе го стекне својот полов идентитет, имитацијата и идентификацијата со истополниот модел, како и поткрепувањата од страна на средината заради тоа, можат да влијаат врз развитокот на половите улоги според Колберг. Во објаснувањата на когнитивистите очигледен е когнитивниот контекст, сознанието за својата полова припадност како пресуден момент во јавувањето и формирањето на половите улоги.

На прв поглед се чини дека теоријата на социјалното учење е центрирана на усвојувањето на половите улоги, а когнитивно-развојната теорија го проучува развитокот на половиот идентитет, т.е. дека тие нагласката ја ставаат на различни моменти од ист развоен процес: развиток на единката во рамките на нејзината полова припадн

ност. Но ако се погледа во содржините што ги сочинуваат половите улоги и половиот идентитет како такви, очигледна е нивната неразделност т.е. колку тие претставуваат две пријдувања кон суштински иста појава. Не може да се зборува за полови улоги таму каде нема полов идентитет, а од друга страна половиот идентитет неминовно ги опфаќа истите оние содржини што единката ги има усвоено за свои полови улоги. Барем денес тоа е најчесто така.

Други согледувања за развитокот на половиот идентиетет и за усвојувањето на половите улоги во рамките на когнитивната теорија ќе бидат изнесени после кусиот преглед на другите сознанија кои ги даваат Колберг (1966) и Колберг и Ullian (1974) во врска со развитокот на машките и женските улоги, степените во развитокот на психосексуалните поими и ставови и механизмите кои ја сочинуваат основата за развиток на машките и женските вредности.

<u>Развиток на стереотипиите за половите улоги.</u> Колберг (1966) вели дека децата од 5-6 години веќе имаат изградено стереотипии за машките и женските улоги: за татковците велат дека се помоќни, поагресивни, покомпетентни, бесстрашни, помалку емоционално топли од мајката (стр. 99-121). Ваквите стереотипии кај децата не се резултат на непосредното посматрање на разликите во поведенијата на родителите, и како доказ можат да се наведат, од една страна, податоците од испитувањето на деца што растат во домски услови од раѓањето, а кои наведуваат стереотипни улоги за таткото и мајката, а од друга страна, и раз-новидноста на родителските улоги. Значи ниту директното поткрепување ниту имитацијата во семејството не можат да го објаснат јавувањето на стереотипиите за половите улоги. Колеберг дава свое согледување за последново. Тој смета дека многу стереотипии изгледа дека произлегуваат од видливите полови разлики во градбата на телото и физичките способности. На пример, стереотипиите за поголемата агресивност кај машките Колберг ја објаснува преку детското верување дека мажите се физички посилни и понеповредливи од женските[1]. Но Колберг истакнува и друга причина за машката агресивност, а тоа е постоењето на социјални улоги кои бараат употреба на сила и кои ги обавуваат во испитаната средина машките единки (милицајци, војници, пожарникари).

1) На прашањето "Зошто девојчињата не се тепаат како момчињата"?, најчест одговор кај 6-7 годишните деца бил дека девојчињата се полесно повредливи од момчињата.

Колберг дава и свое објаснување за развитокот на стереотипиите за машката доминантна улога во општеството. Кај децата веќе између четвртата и петтата година постои свест за разликите меѓу машките и женските единки во поглед на височината и силата. Општата конкретност на детското мислење придонесува децата да ги определат социјалните положби и психолошките особености на лицата заснòвувајќи се на конкретни телесни својства. Децата мислат, на пример, дека социјалната моќ произлегува од физичката сила што од своја страна е резултат на физичкиот раст. Бидејќи мажите се видени како физички поголеми и посилни од жените, децата мислат дека тие имаат и повисоки психички способности и особености (побестрашливи се, поагресивни, поинтелигентни) Со други зборови, децата не прават разлика меѓу физичките карактеристики и психичките својства и токму од оваа конфузија произлегуваат првите стереотипии за половите улоги.

Но Колберг не се задоволува само со објаснувањето на детските стереотипии за машката доминација и нивната поголема општествена моќ врз основа на телесните белези. Иако најголем број четири до петгодишни деца се свесни дека улогите што се судруваат со опасности и употреба на сила (милицаец, војник, пожарникар и сл.) се машки, сепак тие не гледаат разлики во родителските улоги во поглед на нивната општествена моќ. Но кај децата од шестата година па натаму таткото постојано добива доминантна општествена положба, а ова може да се должи на нивната способност да ги согледаат разликите во половите улоги надвор од семејството. Скоро сите субјекти од 6-7 години испитани од Колберг на машките им припишале помоќни општествени улоги: претседател, генерал и сл.

Што се однесува до имитацијата на другите лица Колберг смета дека таа е примарна и "природна", но не и инстинктивна, социјална тенденција. Таа не се должи на стремежот да се дојде до лични користи од другите што се имитираат, туку се заснова на перципираната сличност меѓу субјектот и другите (стр. 129 и 134-135). Колберг истакнува и дека перципираната сличност го овозможува создавањето емпатија и позитивни социјално-емоционални врски како и повисоко вреднување на себе сличните, како што се, на пример сличните по пол. Дека согледувањето на сличноста со другите лица е примарниот фактор што одлучува кои лица детето ќе ги прифати и ќе ги имитира, Колберг покажува преку временски пораното јавување кај момчињата преференцијата на врсниците од истиот пол отколку на родителите од истиот пол. На момченцето многу му е полесно

да ја согледа сличноста што постои меѓу него и другите момчиња бидејќи таа се засновува на разликата меѓу "момчиња" и "девојчиња" кои и припаѓаат на истата класа "деца-врсници". Многу е поположено момчето да согледа дека и припаѓа на класата "мажи" бидејќи за да го стори тоа треба да се споредува со возрасните мажи по две различни својства: возраст и пол (стр. 135-136)[1]. Освен постоењето на оваа когнитивна причина за пораното јавување преференција за врсниците од истиот пол кај момчињата, Колберг го наведува и постоењето на афективна причина за истото: момчето е сеуште емоционално врзано за мајката кога половиот идентитет треба да го води да гради врски со таткото. Значи, според Колберг, кога ќе дојде до согледување на половата сличност со други лица таа води до емоционално врзување за нив и нивно позитивно вреднување. А дека наклоноста како и имитацијата на лицата од истиот пол се дел од општата детска преференција за она што му припаѓа на субјектите од истиот пол. Колберг ги наведува како доказ фактите што префренцијата на врсниците од истиот пол се јавува на истата возраст кога и преференцијата на објектите и активностите што се сметаат како својствени за лицата од сопствениот пол.

Да го издвоиме овде и Колберговото стојалиште според кое когнитивниот развиток вовлекува појмовна реорганизација на социјалните ставови и јавување на нови ставови и дека не станува збор за едноставно усвојување по пат на интериоризација на готови ставови од социјалната средина (стр. 150-151). Ваквото Колберово сфаќање всушност значи дека детските поими за половите улоги се нивен производ т.е. тие се резултат на активната интерпретација на општествените односи од страна на децата. Нагласката Колберг ја става на самосоцијализацијата, на самовреднувањето од страна на детето. Имено тој смета дека децата создаваат "спонтани" вреднувања на својот свет и на оној на другите и дека тие имаат природна тенденција до

---

1) Всушност, првата основна социјална диференцијација што ја прави детето е врз основа на физичкиот растл (мал-голем) и оваа диференцијација и претходи на диференцијацијата според полот - истакнува на друго место Колберг. Децата порано ги формираат поимите за големината во растот, а поимите за календарската возраст (млад-стар) потешко се формираат. Самите сфаќања за половите улоги, исто така, најчесто кај малите деца се засновани на физичкиот раст, па се случува, како што наведува Колберг, дете да и рече на мајка си дека таа ќе има, на пример, бицикл кога ќе порасне како татко му. Во овој пример очигледно е дека детето ги помешало физичкиот раст и полот и суди само врз основа на физичките својства што се дадени перцептивно.

оформат свет за себе, да го споредат својот свет со оној на другите. Ваквиот Колбергов пристап кон развитокот на стереотипиите за половите улоги се разликува од теоријата на социјалното учење и од психоанализата на кои им е заедничко што нагласката ја ставаат на интернализирањето на културните вредности преку конформистичко учење по пат на идентификација со истополен модел или преку поткрепување од страна на агенсите на социјализација.

Во едно подоцнежно истражување Колберг заедно со Ullian (1974) ги разработува и дополнува првите согледувања. Така, овие автори зборуваат за постоење на универзални стереотипии за половите улоги кај децата бидејќи тие нив ги градат врз основа на постоечките разлики во телесните карактеристики меѓу половите; со други зборови, универзалниите произлегуваат од фактот што во било која култура постојат телесни разлики меѓу двете основни категории: машки и женски, од една страна, а од друга страна и од самиот факт што когнитивниот развиток и социјалните тенденции се универзални, својствени на децата од било која култура. На овој начин може да се објасни постоењето на универзалното мислење кај децата од 6 години па натаму за супериорната општествена положба на мажите. Имено, видувањето, верувањето, дека мажите се посилни, помоќни поагресивни, попаметни од жените се должи на нивната физичка поголема сила и енергија, односно на тенденцијата психолошките карактеристики и вредности да се изведуваат од физичките особености.

Степени во развитокот на психосексуалните поими и ставови. Врз основа на анализа на одговорите на прашањата што се однесуваат на поимите што субјектите од 6-18 години ги имаат за тоа какви се и какви можат да бидат мажот и жената, т.е. врз основа на описот на постојната состојба на половите улоги ("така е") и врз основа на предвидувањата какви тие треба да бидат ("така треба да биде"), Колберг и Улиан (1974) издвојуваат три основни степени во развитокот на појмувањето на половите улоги. Тие, за нив нагласуваат дека се универзална карактеристика во развитокот.

Во најраниот степен (карактеристичен за испитуваните деца од 6 год.) разликите во половите улоги се засновани на физичките критериуми што можат да се видат (како што се растот, силата и материјалниот статус), Какви се и какви треба да бидат половите улоги во овој стадиум се согледува врз основа на ограничноста што постои од физичките својства на кои детето се засновува. Машкиот и женскиот идентитет е дефиниран со големината, силата, бојата на

гласот, карактеристиките на ножата, облеклото, должината на косата. Како што веќе рековме, психолошките разлики меѓу половите се помешани со физичките својства на мажот и жената, а исто така врз нив се заклучува за општествената нивна положба.

Шестгодишните момчиња мислат дека отстапувањата од вообичаените надворешни белези за полот (како што е коса, облеклото) можат да доведат до стварни, вистински промени во половиот идентитет, а исто така тоа го гледаат како отстапување од она што е својствено, па затоа е тоа глупо, смешно, ненормално. Исто така, бидејќи социјалните разлики меѓу мажот и жената се верува дека се поврзани со нивниот биолошки или физички идентитет, се согласува дека само мажот може да игра типични машки улоги и обратно.

Во поглед на прескрипцијата т.е. што би требало да бидат мажот и жената, што можат тие да станат, се заклучува врз основа на физичките својства и половиот идентитет. Шестогдишните момчиња веруваат дека сите видени разлики меѓу половите треба да бидат сочувани затоа што се неопходни за базичниот полов идентитет. На пример, промената во облеклото за нив е едновремено и насилна промена на биолошката и физичката природа.

Следната фаза во развитокот на поимите за половите улоги претставува повторно дефинирање на улогите како морални правила при што не се примарни физичките карактеристики, туку социјалните односи. На овој конвенционален степен од развитокот мажите и жените се согледуваат во посебни улоги, онака како што се дадени во поширокета општествена заедница, а она што тие треба да бидат е одредено преку конформирањето со постоечките полови улоги.

Кај испитаните десетгодишни момчиња кои се наоѓаат во конвенционалниот степен од развитокот на поимите за половите улоги, намерите и желбите што се поврзани со половата припадност произлегуваат од социјалните улоги што се очекуваат од нив во иднина. Така, на пример, на прашањето "Како дошло до тоа девојчињата да сакаат да останат дома и да ги вршат домаќинските работи?", едно десетгодишно момче рекло: "Можеби тие сакаат да прават исто што и нивните мајки, не знам. Бидејќи и тие ќе станат мајки". Психолошките полови разлики, исто така, произлегуваат од социјалната одредба за различните машки и женски улоги (на пример, мажите се поумни бидејќи работата од нив бара повеќе да мислат).

На овој степен постои и свесност дека извесни социјални полови улоги се избрани, но изборот е ограничен од знаењата за

социјалните очекувања. Заради тоа што постои свест за социјалните очекувања во врска со половите улоги, може да се рече дека половиот идентитет кај десетгодишните деца е одреден од тоа што тие треба да бидат (додека кај шестгодишните беше од тоа што тие се). И додека прескрипциите за тоа какви треба да бидат половите улоги кај шестгодишните произлегуваа од физичкото "така е", кај десетгодишните деца тоа е врз основа на социјаното "така е", т.е. на оној начин како што е тоа во секојдневната средина околу нив: "Жената го прави она што обично жените го прават и таа треба тоа да го прави".

Во последниот, постконвенционалниот степен, карактеристиките на половите улоги ги бара субјектот според концепцијата што ја има самиот тој за себе, односно секому му е дадено правото да биде каков што сака. Така, најголемите (18 годините) испитаници, иако ги препознаваат половите разлики, знаат дека истите не се вродени туку дека се внесени под социјално влијание. Половите улоги во иднина треба да се заснофуваат на рамноправни односи засновани на реципроцитет, а не на комплементарност. Карактеристична кај овие субјекти е и дилемата каков ќе биде исходот кога ќе се интегрираат апстрактните морални принципи на рамноправност и индивидуална слобода со личните вредности на единката и со изборите што се направени врз основа на личното искуство.

Овде уште ќе истакнеме дека Колберг и Улиан (1974) нагласуваат дека нивото во развитокот на психосексуалните поими ги условува основните ставови спрема љубовта, поделбата на трудот според половата припадност и родителството.

Погорните сознанија во врска со организираното дејствување врз полвите улоги, меѓу другото, значат дека не можеме кај шестгодишните деца од стадиумот на физички поим за половите улоги да влијаеме да се развие постконвенционалното сфаќање за односите меѓу половите и нивните слободи во изборот. Колберговото сфаќање укажува и на правецот на дејствување при организираното влијание за изградба на рамнакви полови улоги. Имено, ако когнитивниот развиток влијае пресудно врз организирањето на социјалниот свет од страна на детето, тоа значи дека половите улоги се јавуваат како резултат на сознанијата што детето ќе ги стекне врз основа на постоечките разлики во телесната градба и во вистинските полови улоги на поединците околу него. Според тоа треба да се влијае детето да стане свесно за својата телесна припадност, но едновремено треба да му се овозможи и да стане свесно дека предметите и

активностите им се заеднички на единките од двата пола и од нив тоа треба слободно да бира по зависност од своите способности и желби.

При организираното влијание треба да се реши проблемот на усвојувањето на апстрактните морални принципи "рамноправност" и "индивидуална слобода". Испитувањата на сознајниот развиток покажуваат дека најнапред рамноправноста може да се постигне ако децата ја видат како постоечка во конкретните односи меѓу единките, а дури во адолесценцијата кога општиот пораст на когнитивните способности тоа ќе го овозможи, рамноправноста може да биде сфатена како апстрактна вредност. Од друга страна, индивидуалната слобода во изборот на својствата и поведенијата ќе може да биде постигната само преку згодирање на приликите во кои детето ќе се сретне со разновидни улоги од кои исти ќе бидат подеднакво својствени и за поединци од машкиот или оние од женскиот пол.

Основни механизми преку кои се развиваат поимите за половите улоги. Колберг (1966) издвојува пет механизми кои претставуваат основа за развитокот на машките и женските вредности:

-Првиот е асимилацијата во пијажеовското значење на терминот т.е. како тенденција да се шематизираат интересите и да се одговори на новите интереси во согласност со постоечките. За нас овде се поставува едно основно прашање: што е тоа што води до јавување на првите шеми на интереси и поведенија, кога тие почнуваат да се разликуваат меѓу единките од двата пола и зошто? Тоа што подоцна на нив се надградуваат нови интереси и поведенија во согласност со механизмот на асимилација не е проблем да се објасни. Дали, на пример, може да се зборува за различни вродени физички јадра кај единките од двата пола над кои се изградуваат половите улоги подоцна? На последново прашање веќе делимично го дадовме одговорот како негативен во делот од нашето изложување што се однесуваше на факторите што ги условуваат половите улоги. На истите ќе му се вратиме кога ќе стане збор за правата човекова природа во конечните теориски разгледувања.

- Околу 3-4 година детето покажува тенденција нештата да ги проценува како "добри" и "лоши" и мисли дека она што тоа го прави или го поседува е подобро од она на другите. Кај детето на оваа возраст постои егоцентрична тенденција да го вреднува позитивно се она што е поврзано и што е слично со него. Во областа на половите улоги оваа тенденција во вреднувањето ги води децата

од двата пола да мислат дека нивниот пол е повеќе вреден од другиот. Децата од 5-7 година што ги испитувал Колберг велеле дека нивниот пол е подобар. Децата на возраст од 4-5 години што биле испитувани со тестот "Тоа" од Браун велеле дека детето на сликата повеќе ја сака одредена играчка бидејќи тоа имало иста таква. Исто така децата од оваа возраст бирале другари во играта од својот пол.

- Се покажува дека постои влијание на моделите што ја имаат моќта и тенденција за престиж. Колберг ги наведува експерименталните испитувања на Бандура, Рос и Рос од 1963 (стр. 116) според кои малите деца учат да ги имитираат или ги играат улогите на лицата кои се перципирани како моќни, иако не добивале никакви директни или индиректни награди за тоа.

Колберг дава и податоци од испитувањата на други автори и свои (стр. 117-120) според кои децата од двата пола меѓу 3-4 година покажуваат нагласена преференција за активности, предмети и врсници од истиот пол. Но додека овие преференции кај момчињата остануваат стабилни или растат со возраста, кај девојчињата некаде од 4-8 година се јавуваат преференции за машки предмети и активности, а изборот на врсничките во игрите се намалува.

Според овие податоци децата од двата пола меѓу 4 и 8 години повеќе ги ценат машките улоги. Значи, не се цени како подобро она што е исто со единката, туку очигледно веќе се јавила свест за поголемо вреднување на машките улоги. Овој факт укажува дека опаѓа начинот на егоцентричното мислење според кое подобро е она што е како самиот субјект.

- Тенденција детето да го гледа прифаќањето (конформизмот) на една полова улога како морално оправдано, како дел од конформирањето со општите морални правила. Сите несовпаѓања со пропишаните полови улоги се сметаат за морално неоправдани и децата често ги казнуваат другарите што не се однесуваат во согласност со пропишаните полови улоги.

- Тенденција да се имитира лицето што е оценето како компетентно и слично на себе. Стекнатиот основен полов идентитет и мотивиацијата за когнитивната постојаност го водат детето да се идентификува со лицата од истиот пол, а тоа најчесто прво е родителот од истиот пол.

### 3.1. Дополнувања и поправки на колберговата когнитивистичка теорија за половите улоги

Разликувањето на единките врз основа на полот е една од најначајните способности што се стекнува во детството и претставува когнитивна основа за половиот идентитет. Каква е свеста за половите улоги во раното детство е тешко да се сознав. Сепак, постојат податоци кои укажуваат дека психолошкиот пол е многу тешко да се менува во втората година од животот(Money i Ehrhard,1972) а ова сугерира дека најелементарната свест за половиот идентитет мора да произлегува во овој период.

Galenson i Roiphe(1974) во написот под наслов "Јавување на свеста за гениталноста во втората година од животот" изнесуваат податоци според кои се оповргнуваат сфаќањата на психоаналитичката развојна психологија дека постои временска и динамичка врска меѓу стравот од кастрацијата,едиповиот комплекс и фалусната фаза од психосексуалниот развиток. Погорните автори изнесуваат аргументи од други автори и од нивни посматрања, според кои постои генитална свесност во предедипалниот период. Така уште А.Фројд изнесуваат случаи на интензивна желба за пенис кај девојчиња на возраст меѓу 18 и 24 месеци во едно место каде постоела нагласена телесна интимност меѓу момчињата и девојчињата (стр. 224). Овие автори наведуваат примери од искуствата на други истражувачи според кои се најдени случаи на силен страв од кастрација кај 18 месечни момчиња. Врз основа на сопствените посматрања на гениталниот развиток во текот на првите две години од животот погорните автори наоѓаат дека кај момчињата гениталните игри почнуваат околу 6-7 месец од животот, а додека кај девојчињата околу 10-11 месец. Се покажало и дека кај момчињата раните генитални игри се постојани се до јавувањето на мастурбацијата околу 15-16 месец од животот, додека кај девојчињата постои интермитентен модел на генитални игри. Кај девојчињата се забележувало доста често потиснување на манипулативната мастурбација и нејзина замена со индиректни методи како што се стискање на бутините или нишање. Овие замени можат да се сфатат како будење на анксиозноста заради согледување на гениталните разлики. Симптоми што се поврзани со овие предедипални форми на кастрациона анксиозност се, меѓу другото, инхибацијата на сексуалноста како и други љубопитности и појава на приврзеност за некои неживи предмети.

Кај момчињата се забележува поинакво реагирање. Тие постојано ја користат гениталната зона за директно и свесно растеретување на гениталните пулзии и користат додатни индиректни растеретувања преку зголемени општи моторни активности и употребувајќи подвижни играчки.

Овие забележани различни начини на реагирање меѓу момчињата и девојчињата кога стануваат свесни за гениталните разлики може да служат да се организираат едновремено соодветни аспекти на функционирањето на егото и специфични одбранбени механизми. Сето ова може да има свои последици во јавувањето на разлики меѓу машите и жените во другите домени.

Има испитувања што покажуваат дека и децата помали од година дена различно реагираат на машките и женските лица. Така, 10 месечни бебиња покажувале преференција за фотографиите на истопол ни бебиња дури и тогаш кога возрасните не биле во состојба да го одредат полот на бебето на фотографијата (Lewis i Brooks, 1975- податоците се земени од Katz, 1979).

Според Колберг константен, стабилен полов идентитет се воспоставува во 6-7 година. Но посматрањата околу нас и повеќе истражувања покажуваат дека однесувањето според тоа како што му одли кува на полот на кој детето му припаѓа се јавува многу порано. Сигурно е дека воспоставувањето на постојанен полов идентитет ќе повлијае врз забрзувањето на процесот на стекнување на полово својствените поведенија, но во никој случај тој не е неминовен залотпочнувањето на половото типизирање на единката.

Thompson(1975) испитувал кај 24-36 месечни деца три аспетки на половото етикетирање: а)полова дискриминација т.е. способноста на препознавање дека постојат два пола од кои секој има постојани белези; б)самоозначување т.е. детското вклучување на себе самиот во една од половите категории и в) преферирано поведение т.е. половата припадност служи како водач на сопственото поведение во изборот на преференциите. Резултатите од ова испитување покажуваат дека веќе 24 месечните деца имале способност да ги идентифкуваат различните полови, иако во написот не е наведено врз основа на кои дискриминативни белези. Се наведува само дека 24 месечните деца точно ги идентификувале половите дури и кога насликаната женска фигура имала куса коса или панталони. Означувањето на полот најнапред точно го правеле со именки а потоа со заменки. Но 24 месечните сеуште половото означување на себе самите не

го правеле точно. Она што е битно овде да се одбележи за 24 месечните е постоењето на свест за извесни аспекти од половите стереотипии.

Веќе 30 месечните деца правеле лесна разлика меѓу половите, имале помалку потешкотии со именките и заменките при означувањето и себе правилно се одредувале во категоријата на својата полова припадност, а додека 36 месечните сето тоа го правеле сосема сигурно.

Од ова испитување произлегува дека веќе триголишните деца ги знаат половите белези и тоа влијае врз нивното однесување во половите улоги. Се покажува дека децата пред третата година се свесни за својот пол. Способноста да се употребат половите белези точно за себе и класифицирањето на себе самиот во соодветна полова категорија се јавува извесно време по учењето на дискриминативните полови белези.

Овде се поставува прашањето со кои белези се служи малото дете при половото класифицирање. Сигурно се тоа некои физички карактеристики, но кои? И како подоцна врз нивна основа да не се извлекуваат заклучоци за полови разлики во психолошките карактеристики?

Kuhn i dr.(1978) наоѓаат дека двегодишните деца имаат знаења за стереотипните полови улоги што се сретнуваат во испитуваната средина. Знаењето за стереотипиите на половите улоги беше тесно врзано со разбирањето на половиот идентитет како постојана, непроменлива карактеристика, а и едното и другото претставуваат когнитивно достигнување тесно зависно од менталната возраст.

Содржините врз основа на кои малите деца меѓу 2 и 3 година правеле разлики меѓу момчињата и девојчињата укажуваат на постоењето на афективни фактори кои посредуваат во врската меѓу менталната возраст и стереотипиите за половите улоги. Се покажало дека стереотипиите на момчињата и оние на девојчињата се само делимично исти. Така на пример, и двата пола мислат позитивно за својот и негативно за другиот пол. Значи, стереотипиите за половите улоги се зависни од основните когнитивно-афективни процеси на вреднување на својот и другиот пол. Откако детето својот пол го гледа како постојанен дел од себе, тоа почнува позитивно да го вреднува како такое, а се што не е јас т.е. од другиот пол, го обезвреднува.

Добиените податоци на Kuhn и др. (1978) одат во прилог на колберговото стојалиште според кое постигнувањето на основниот полов идентитет е поврзано со афективниот процес на вреднување на

својот пол и обезвреднување на спротивниот, а ова, од своја страна, може да посредува во формирањето на специфичните емоционални врзувања за другите и во идентификацијата.

Се поставува прашањето за причинско-последичната поврзаност меѓу афективниот и когнитивниот момент. Дали најправин постои половиот идентитет како когнитивна варијабла или пак афективниот момент му претходи на когнитивниот. Со други зборови дали е во право когнитивистичката теорија или е во право теоријата на социјалното учење. Има автори што наоѓаат поврзаност меѓу развитокот на половиот идентитет и константност и зголемено внимание за истополни модели (Slaby i Frey, 1975), но ни во ова истражување не се согледува причинско-последичната врска меѓу овие два момента.

Можат да се наведат повеќе испитувања што покажуваат дека афективните феномени, како што се поткрепувањето, социјално-емоционалното врзување и идентификацијата со оној што го негува детето и ги задоволува адекватно неговите потреби, не се јавуваат откако претходно добро ќе се развијат когнитивните способности, туку почнуваат од раѓањето со самиот различен третман на децата од двата пола. Според тоа, многу е поопрвдано да се каже дека когнитивниот и афективниот процес течат едновремено и заемно влијаат едниот врз другиот. Моделирањето и поткрепувањето како и социјално-емоционалното врзување не се јавуваат автоматски, туку секогаш има и извесна когнитивна структура што овозможува да се согледа нивната смисла и значење.

Во проучувањето на Kuhn и др. (1978) стереотипиите за половите улоги кај испитаните деца не се покажале универзални и неизбежни. Ова се заклучува од податокот што постоела тенденција кон случајни стереотипни избори кај децата кои се идентификувале со спротивниот пол (стр. 451). Уште повеќе, постоеле деца чија полова константност била потполна, а сепак покажувале идентификација со спротивниот пол и отсуство на стереотипии за половите улоги (стр. 449). Овие податоци укажуваат дека во раното детство когнитивните конструкти и афективните вреднувања играат меѓусебно зависни улоги едните на другите. Што се однесува до можностите за организирано дејствување врз половите улоги, ова значи дека детето може совршено точно да ја знае својата полова припадност, но да се идентификува и со машки и со женски модели и на таков начин да ги надмине постоечките стереотипии за половите улоги. Со други

зборови, за нас ова значи дека детето може да знае дека му припаѓа на машкиот пол или женскиот пол, но и дека има бројни начини, меѓу себе дури и многу различни, да се биде право момче или право девојче, а ова е веќе блиску до основната цел-пред се да се биде човек.

Испитувањата на социјалната когниција во најраното детство покажуваат дека иако таа постои, ограничена е заради ограниченоста на општото сознанвјно ниво. Се претпоставува дека раните социјални сознанија не се во иста форма и со исти содржини како кај постарите деца или возрасните. Можно е, на пример, децата да имаат извесни когнитивни елементи кои се однесуваат на половата припадност но за кои не се свесни, а сепак тие да влијаат на нивното поведение. Детето во интеракција со другите едновремено стекнува знаења за себе и за другите. Со други зборови знаењата за себе и за другите т.е. социјалната когниција како основни содржини ги има интерперсоналните односи, па меѓу нив и односите меѓу половите.

Во едно свое испитување Lewis i Brooks (1975 - податоците се земени од Lewis i Weinraub, 1979) покажуваат дека детското знаење за себе, ако се мери според препознавањето на себе самиот, почнува во првата година од животот и дека во втората година детето покажува јасно знаење за себе самото. Употребата на лични белези и лични заменки, како "Ова е мое", се јавува пред втората година. Значи детето во текот на втората година има знаења што се однесуваат не само на физичкиот свет, туку и на себе и другите лица. Овие знаења за себе и за другите се однесуваат, меѓу другото, и на половата припадност (така, веќе 10 месечните бебиња подолго гледале во сликата на друго доенче од истиот пол отколку во онаа на спротивниот). 90% од испитаните 18 месечни деца точно го означувале полот на возрасните, а 80% од нив истото го правеле успешно за момчињата и девојчињата. Се покажало, исто така, дека не само што децата под 18 месечна возраст повеќе сакаат да гледаат во сликите на другите деца од истиот пол, туку тоа го правеле и за објектите за кои се смета дека се повеќе својствени за него. Постојат и испитувања кои покажуваат дека децата под тригодишна возраст повеќе сакаат да играат со деца од истиот пол (Jacklin i Maccoby, 1978).

Значи, веќе децата под 18 месечна возраст имаат знаење за себе и за другите и меѓу нив се и оние што се однесуваат на полот, половите улоги, полово типизираните поведенија. Уште повеќе, според когнитивистичко-конструктивистичкото стојалиште, детето

како активен организам активно ја објаснува средината, конструира шеми кои влијаат врз неговото планско и намерно дејствување. Тоа ги согледува сличностите меѓу себе и другите и се стреми да биде како себе сличните. Активното структурирање на сопственото искуство е зависно од нивото на когнитивниот развиток во едновремено и претстава основа за натамошното сознавање. Така, иако најраните облици на знаења за половите разлики можат да бидат засновани на навидум небитни дистинктивни белези, како што е должината на косата или облеклото, тие можат да бидат доволни да му овозможат на детето да ги конструира првите шеми со чија помош веќе прави разлики меѓу мажите и жените. А потоа врз основа на привлечност на себе сличните тоа може да биде водено од овие први шеми во правецот на конформирањето со стереотипните полови улоги. Според тоа, елементарните знаења за половите разлики и за својата полова категорија, се доволни за да почне детето да ги усвојува поведенијата што се карактеристични за припадниците од неговиот пол, а за последново не е неопходно постоењето на стабилен полов идентитет т.е. знаењето дека секогаш ќе остане припадник на својот пол.

Constantinopole (1079) потсетува дека постојат два сосема различни модели ~~или~~ методи на процеси на информирање: нагорен модел т.е. информирањето е водено од податоците,и надолен метод т.е. поимите водат од горе на доле во процесот на препознавањето.

Веројатно е дека овие два модела на препознавање,исто така,дејствуваат и во областа на половите улоги, вели Constantinopole (1079) стр. 129-130). Раните постигнувања и водења на полово релевантните информации веројатно е дека се нагорни т.е. водени се од податоците и се поврзани со обопштувањето и дискриминацијата на стимулите,што е овозможено преку способностите за кодирање на различни нивоа од страна на мозочните процеси. Рудиментарните очекувања, од своја страна, би биле формирани преку нагорните методи, но наскоро стануваат достапни и за употреба во надолниот метод. Очекувањата или категориите ќе бидат исправени ако водат кон погрешни заклучувања и предвидувања и ќе бидат проширени онака како што се новите стимули кои се судруваат со присуството на секое очекување. Несовпаѓањата меѓу стимулсот и очекувањата служат како мотивација за исправување на очекувањата со цел тие да станат поуспешни предвидувачи. Така, различните зборови како белези, косата, облеклото, активностите и друго, ќе станат прави дистинктивни белези што ќе служат за активирање на различни очекувања, детето нив ќе ги користи при учењето да ги опише своите поведенија како и оние на

другите во зависност од припадноста на одредена полова категорија. Во текот на созревањето на детските способности и нивните социјални контакти, децата не само што ги користат овие дистинктивни белези при анализата на новите поведенија и новите личности како стимули, туку,исто така,стекнуваат и додатни дистинктивни белези кои се поврзани со посуптилни форми на поведенија и се способни да разликуваат ситуации во кои се јавуваат различни улоги.

Constantinopole (1979) се обидува половите улоги да ги објасни како правила затоа што во социјалниот контекст улогите се дефинирани како норми, нормите се стремат да станат правила ако се применуваат стрикно,како што е случајот кај децата заради нивната ограничена когнитивна флексибилност. Идејата за половите улоги како правила ја одразува детската потреба за [illegible] когнитивна структура,како и тенденцијата кон поригидни стереотипии за половите улоги кај предучилишните деца, а и може да помогне во објаснувањето на стереотипиите за половите улоги кај децата кои во социјалната средина не се изложени на стереотипни модели. Ова укажува и дека имитацијата на моделите, дури и на оние со кои децата се во директна секојдневна врска, не може да го објасни усвојувањето на поведенија својствени за даден пол.

Сигурно е дека постои учење по пат на имитација на модели, како и преку директно и индиренно подучување, некогаш многу субтилно, различно поткрепување на поведенијата од двата пола. Овие различни видови учење се всушност различни методи за препознавање на различните белези својствени за половите и поведенијата поврзани со нив. Начинот на кој детето ги користи знаците е примарно сознаен (когнитивен), но и афективните процеси можат да повлијаат врз нивното разбирање и врз нивната изведба.

Значението на вербалното означување во процесот на усвојувањето на половите улоги го назначуваат како значајно повеќе автори. Така, Constantinopole(1979) вели дека првиот чекор кон стекнувањето на основната категорија пол (што и претходи на категоријата полови улоги) изгледа дека се постигнува преку процесот на вербално означување на стимулите што се поврзани со полот преку термините како што се момче, девојче, мама, тате, маж, жена, брат, сестра. Овие термини ќе го сочинат почетното јадро околу кое ќе се изградат половите категории. Тие ќе бидат првите белези за разликување на полот, а подоцна на половиот идентитет и половите улоги.

Зборовите,како дистинктивни белези за половите,подоцна ќе бидат придружени со други знаци, како што се облеклото, косата, играчките и други активности што ги користат родителите и други во различната социјализација на момчињата и девојчињата.

Главниот механизам за стекнување на овите различни знаци меѓу половите врз чија основа тие ќе се издвојат во две категории изгледа дека во најраното детство може да се сведе на комбинација меѓу директното обсервационо учење и директното подучување преку вербалното означување кое има организаторска функција за различните искуства. Позитивното и негативното поткрепување служат да го свртат детското внимание кон значајните стимулси и да го поврзат поведението што е поврзано со полот со позитивни или со негативни емоции. Останува прашањето како овие поединечни знаци се кобинираат во категории кои потоа се користат како оцена во проценката на новите искуства. Изгледа дека процесите преку кои детето ги издвојува релаевантните информации и гради когнитивна шема за половите улоги, се слични со оние кај визуелното и говорното препознаавање кои се проучувани од когнитивните психолози, т.е. и овде може да се зборува за постоење на нагорен и надолен метод на препознавање, како што е веќе истакнато.

Податоците од истражувањата изнесени на претходните страници,според кои веќе во втората половина од втората година се јавува полов идентитет, се совпаѓа со периодот кога се јавува говорот како симболичка способност. Оттука некои автори стекнувањето на половите улоги го сфаќаат како вид процес на симболично учење (Pleck, 1975, Constantinopole, 1979).

Pleck (1975) системот на диференцирање на половите улоги во која било култура го истакнува како високо симболичен систем кој ги групира заедно различните класи на однесување во една поширока категорија,користејќи одредени правила за комбинирање. Во овој симболичен систем значењето на индивидуалните белези се менува во контекстот со другите белези меѓу кои се јавува. Тоа значи дека даден елемент, белег, своето значење ќе го добие во рамките на синтаксата за половите улоги. Така, на пример, ако се каже "Оваа жена работи", тоа во рамките на синтаксата на традиционалните полови улоги може да значи неженствена жена, но може да добие и обратно значење, ако на пример работи како воспитувачка и сл.

Слично на Чомски кој претпоставува постоење на LAD (language acquisition device)- вродено, но ослободено од содржини средство

за учење на говорот, кое во рамките на говорниот јазик развива синтаксички и семантички структури кои одговараат на дадениот јазик,Pleck претпоставува постоење на Sex role learning apparatus (средство за учење на половите улоги). Средството за учење на половите улоги во интеракција со сликите за половите улоги и врските што му се видливи на детето, создава синтаксички и семантички структури за половите улоги кои му овозможуваат на детето да создава и да ги разбере новите моменти на половите улоги.

Лингвистичкиот модел за стекнување на половите улоги има можно влијание врз промената и на индивидуално и на културно ниво. Така, на индивидуално ниво,половите улоги треба да се променат според нови модели и норми.

На културно ниво, нормите кои се однесуваат на половите улоги се менуваат во текот на општествениот развиток, слично како што е менуван и говорот. А ваквите промени не се во можност да ги објасни ниту Колберговата когнитивистичка теорија, според која половите улоги се плод на когнитивната елаборација на различните физички својства на мажот и жената, нити сфаќањето според кое половите улоги се стекнуваат по пат на идентификација со истополен модел.

Секој симбилички систем има своја конкретна реалност надвор од единката. Единката нив ги усвојува, употребува, менува на свој начин и придонесува во натамошната разработка и еволуција на дадениот симболички систем, но се разбира тоа оди со бавно темпо. Колку е тешко и бавно менувањето на еден симболичен систем, како што се половите улоги во нашиот случај, може да се илустрира преку настојувањата на бројни истражувачи денес на тој план. Практично дејствување кон промени на половите улоги како конкретна реалност е стежнато заради ограниченоста на поединечните теоретски објаснувања на сложениот систем од полови улоги. Но ни сите тие заедно нема да ја испијат сета мудрост за да го објаснат и за да овозможат конкретно практично дејствување за негово скоковито напредување. Да го земеме како пример ова наше проучување на симболичниот систем полови улоги. И заради нашата сопствена ограниченост и заради ограниченоста на досегашните сознанија на овој план, овој наш макотрпен труд за осветлување на половите улоги би биле среќни ако овозможи ситен чекор напред во менувањето на конкретната практика кон порамноправни односи меѓу половите.

Овде засега би рекле дека Pleck претерува кога истакнува дека способностите за проценка на податоците што ги пружа средината

во поглед на половата својственост се вродени,истакнувајќи ги постоењето на "апаратот за стекнување на половите улоги". За нас е многу поисправно развитокот на способноста за стекнување на половите улоги да го сфатиме како интеракција меѓу вродените способности за обопштување, разликување и сортување во одредени категории и постоечките правила за односите меѓу половите кои обилуваат во конкретната средина во која расте детето. При сето тоа, сигурно е дека процесите на социјалното учење овозможуваат да се разбере како се врши изборот на значајните информации кои претставуваат белег на одреден пол. Но когнитивните процеси се неопходни за да може да се објасни како различните информации се организираат во категории,како што се половите улоги,кои подоцна дејствуваат како независен мотивационен капацитет.

Што се однесува до фазите во развитокот на половите улоги,онака како што ги дополнуваат другите когнитивисти, да го изнесеме најнапред сфаќањето на погорниот автор (Pleck, 1975). Аналогно на колберговиот когнитивно-развоен модел за моралниот развиток, Pleck изнесува тростепен модел за развитокот на половите улоги. Тој ги издвојува следниве три степени во развитокот на половите улоги: Прв степен - аморфен и неорганизиран концепт за половите улоги, а тој во себе ја носи и конфузијата за полот; втор степен - половите улоги се сфатени како правила кои единките треба да ги усвојат такви какви се во средината во која единката расте и не постои толерантност на промените во половите улоги било кај себе или кај другите; трет стадиум - надминување на постоечките норми и граници за половите улоги и развој на психолошка андрогинија (двополност), која е во согласност со вродените диспозиции и личните наклоности.

Блек...ланов модел ги надминува традиционалните сфаќање, според кои во развитокот требаше да се сигне до втората фаза. Третата фаза на психолошка двополност дава можност единката да се стреми да се развие според индивидуалните способности и склоности.

Сигурно е дека детските сфаќања за половите улоги се променлива величина која зависи како од општиот ментален развиток така и од конкретните полови улоги што можат да се видат и постојат како такви во интеракцијата меѓу машките и женските единки во дадена средина. Во колку е детето помало и има возрасно ограничени ментални способности, во толку правилата што ги извлекува во врска со социјалната реалност претставуваат повеќе искривена слика за неа, упростена и ригидно стереотипизирана бидејќи се заснова на малку-

и видливи податоци како што се фризурата, облеклото и слично. Малите деца на се во состојба да ги сфатат разновидностите на половите улоги што постојат во социјалната стварност што го опкружува.

Значењето на менталните фактори за усвојувањето на половите улоги се покажува и во испитувањата на половите улоги кај ментално заостанатите деца. Лифкиќ (1975), врз основа на свои испитувања, заклучува дека"кај ментално заостанатите деца со поголем степен на ментална заостанатост опаѓа влијанието на факторите што влијаат врз усвојувањето на улогата на полот, опаѓа бројот на децата со адекватно усвоена улога на својот пол и се губат разликите меѓу децата со различни улоги на послот во некои својства кои ги карактеризираат" (стр. 162).

Gouze i Nadelman (1980) наоѓаат висока корелација меѓу мерките за половата константност и вербалните интелектуални способности, а ваквите наоди одат во прилог на когнитивната компонента во разбирањето на половиот идентитет.

Погорните автори наоѓаат и дека половата константност за себе самиот е повисока од половата константност за другите и ова е во согласност со пијажеовата теорија за егоцентризмот, а исто така и со наодите на Marcus i Overton (1978) според кои, децата од предучилишната возраст покажуваат повисока полова константност во врска со себе, отколку со другите.

Последниве два истражувача (Marcus i Overton, 1978) не ги потврдуваат Колберговите наоди од 1966 година според кои, кога ќе се стекне постојаноста на половиот идентитет, децата повеќе сакаат да бидат со истополни лица и бараат доследност во однесувањето според својот пол. Последните испитувања покажале дека децата од предучилишната возраст, кога кај нив сеуште не е постигната половата константност, повеќе сакаат да бидат со истополните врсници и да играат игри и со играчки за кои се смета дека му се својствени на нивниот пол. Децата кај кои постоела веќе стекната когнитивна полова константност во врска со половиот идентиете т.е. оние што сфатиле дека ќе останат момчиња и девојчиња независно од преференцијатаи на половите улоги, односно независно од активностите што ги прават, интересите што ги покажуваат, ќе бидат повеќе подготвени да ги прифатат промените во улогите и поведенијата и кај момчињата и кај девојчињата, отколку помалите деца. За децата некаде од 7-8 година, кај кои веќе постои константност на половиот идентитет, Marcus i Overton

предлагаат алтернативен силогизам на Колберговиот во врска со усвојувањето на половите улоги: "Јас сум момче (девојче) и секогаш тоа ќе бидам; затоа можам да прифатам да правам работи што ги прават било момчињата било девојчињата и пак да останам јас. Сепак, да се прават машки (женски) работи е поприфатено, и затоа можноста да се праваат машки (женски) работи и да се добива признание за нив се наградува" (стр. 443).

Погорните сознанија за организираното дејствување врз половите улоги значат дека децата, кај кои веќе постои константност на половиот идентитет, многу полесно ќе ги прифатат варирањата на половите улоги бидејќи знаат дека последниве не се предодредени биолошки. А ова, од своја страна, би значело дека 7-8 годишните деца т.е. оние од II одделенија на основното образование, се најподготвени да ги сфатат содржините во врска со рамноправни полови улоги. Значи ли ова дека во тој правец нема основа да се влијае и во предучилишниот период? Значи ли дека е неопходно најнапред да се развие свест за постојаност на телсните полови разлики, а дури потоа може да се развива сфаќањето дека половите улоги (поведенијата, интересите, вредностите) се независни од половата припадност, можат да им бидат својствени и на машките и на женските единки?

Константноста на половиот идентитет како стабилно (постојано) сврстување на едно лице во категоријата мажи (жени), и покрај надворешните промени во некои белези (како што се косата, облеклото) во правецот на спротивниот пол, не е лесно да се стекне. Ова затоа што надворешниот изглед на половите со возраста се менува. Така, може да се случи девојчето да се види себе си повеќе слично со момчето врсник од кое ја разликува само малиот пенис, отколку со мајка и која има гради и влакна на полниот орган. Заруваењето на половата константност е отежнато и заради тоа што возрасните не разговараат со децата за телесните полови особености и нивната промена со возраста.

Emmerich и др. (1977) укажуваат на постоење преодна фаза во развитокот на половата константност. Овие автори издвојуваат посебна фаза во развитокот на половиот идентитет, која се јавува по воспоставувањето на предоперационалните способности за полова класификација и е премин кон постигнувањето на операционалната способност за полова константност. Се покажало дека половата константност може да се јави кај децата од предучилишна возраст без да биде заснована наполно на операционалното мислење. За разлика од децата од предоперационалната фаза, кај кои нема тврдења за полова константност, децата

од транзитивната фаза во развитокот на половата константност тврдат дека полот нема да се промени и покрај надворешните промени. Но нивните аргументации се поинакви од децата кои се наоѓаат во операционалната фаза на полова константност. Додека децата од операционалната фаза непроменливоста на половиот идентитет ја аргументираат со битни карактеристики кои остануваат непроменети, како на пример, "Не може да стане машко кога е родено како девојче", децата од предната фаза како докази наведуваат белези кои се и самите променливи, како на пример: "Ако си ја пострижe косата, пак ќе биде девојче, заради кондурите". Децата од транзитната фаза ги карактеризира предоперационално мислење при решавањето на задачите од типот на половата константност што се огледа во начинот на решавањето на проблемот со помош на класификација, опис на стимулусите, но сепак кај нив е присутна идејата дека полот ќе остане ист.

Она што произлегува како битно од ова испитување (како и некои други што ги наведуваат неговите автори) е дека, и кај децата на возраст од 4-7 години, постои идејата дека полот ќе остане непроменлив и покрај промените во некои надворешни белези, иако нивната аргументација е со помош на опис на белезите, а не од операционален тип на аргументација. Како се одразува ова врз половите улоги?

На крајот од изложувањето во врска со половата константност да го поставиме и прашањето за неговата поврзаност со други видови конзервација на поими. Така, Колберг (1966) наоѓа дека половата константност и конзервација на другите поими се во умерена корелација. Некои други истражувачи истакнуваат дека овие два вида поими се оптоварени со различни фактори. Бидејќи одговорот на ова прашање е значаен во поглед на организираното влијание врз половите улоги, а е од пословена природа, сметаме дека изложувањето што следи за социјалната децентрација, меѓу другото, ќе овозможи да се извлечат заклучоци што би биле одговор и на погорното прашање.

### 3.2. Развиток на способноста за земање на улогата на другиот и на социјалната децентрација

За да можат подобро да се разберат развитокот на половите улоги и можностите за организирано влијание врз нив, во овој дел ќе ги разгледаме испитувањата во врска со земањето на улога и социјалната децентрација, а кои се посебно актуелни во последнава деценија.

Најчесто значењето на изразот "земање улога" (roletaking) што се сретнува во американската литература е исто она што го има поимот "децентрација" во психолошката литература од францускoто говорно подрачје.

Поимот "земање улога" (roletaking) потекнува од теоријата на симболичката интеракција што ја дава G.H. Mead (1934, 1963). Овој автор истакнува дека способноста за симболична интеракција е само човечка одлика и дека претставува битна разлика од другите животински видови. Човечката единка себе и другите може да ги согледа како индивидуи, како субјекти со посебни мисли, чувства, желби, намери и своето поведение го одмерува низ нив, а исто така може да согледа како другите гледаат на нејзиното однесување. Субјектот може ментално да се стави во "кожата" на другиот проникнувајќи ги неговите гестови кои стануваат ставови и да предвиди какви ставови ќе предизвика неговото поведение кај другиот. Според тоа, земањето на улогата на другиот е процес преку кој субјектот во текот на интеракцијата ментално ги усвојува ставовите на другиот. Во текот на развитокот потоа ќе може да ги усвои ставовите што другите ги имаат спрема него и ќе може да се види себе си онака како што другите го гледаат.

Flavell и др. (1968) земањето на улога го определуваат како способност едно лице да ги разликува својствата на улогата на другиот, но самиот истата не ја изведува или ја изведува само накусо и скриено. Лицето, исто така, може отворено да ги изнесува својствата на улогата на другиот, но не за да ја игра самиот, туку за да ја разбере. Некогаш самото разбирање на улогата на другиот е цел за себе, како на пример, кога љубопитно се обидуваме да погодиме што се случува во интимата на другиот што седи до нас во возот. Но најчесто постои некоја друга цел, како што е тоа понекогаш да се победи сопарникот, друг пат да се продлабочи соработката или како што е во психотерапијата, за да му се помогне на другиот. Општата основна цел при земањето на улогата на другиот е да се однесуваме соодветно спрема него во рамките на нашата сопствена улога разбирајќи ја неговата. Ова е очигледно видливо во вербалната комуникација која би била невозможна ако не би постоело земањето на улогата на другиот.

И поимите социјална децентрација и социјално знаење најчесто означуваат знаење за мислите, желбите, чувствата, намерите на другиот и разбирање на неговото поведение. Но тие можат да се

однесуваат и на сликата, мислењето што субјектот го има за самиот себе. Спрема тоа, социјалната децентрација значи способност да се видиме себе си во очите на другиот и да го видиме другиот во неговата интима.

Бројни се авторите што ги употребуваат поимите егоцентризам и децентрција во проучувањето на односите на единката во социјалната средина. Додека најпрвин истражувањата на когнитивниот развиток се однесуваа на знаењата за физичкиот свет, во последнава деценија се почести се испитувањата на развитокот на мислењето во врска со социјалната средина т.е. социјално-когнитивните поведенија. Различните називи за социјалното учење, како што се земање улога, играње улога, емпатија, социјална перцепција и сл., ја изразуваат сложеноста на оваа способност. Овие различни називи укажуваат дека когнитивната компонента е неопходна состојка на способноста на земање улога, но не е доволна за да го објасни социјалното поведение.

Голем број истражувачи што ја проучуваат социјалната когниција кај детето констатираат дека за неа важат истите особености што се сретнуваат и во когницијата на физичкиот свет. Со оглед на тоа дека последново е посебно проучувано од Пијаже, а други истражувачи подоцна инспирирани од неговите написи ги дополнуваат или ги критикуваат неговите основни сознанија, најпрвин ќе изнесеме само некои Пијажеови сфаќања и тоа оние што ќе помогнат во расветлувањето на социјалната децентрација.

Поимот "егоцентризам" е дефиниран повеќе пати од Пијаже и накусо може да се рече дека тој во себе подразбира два вида неиздиференцираност. Едниот вид е неиздиференцираност меѓу сопствената активност и промените на предметот, а другиот вид е неиздиференцираност на сопственото стојалиште од она на другиот. Значи, според Пијаже, егоцентризмот се однесува и на двата основни сознајни домени и тоа, од една страна, на физичкиот свет, а од друга страна на психолошката и социјалната стварност. Егоцентризмот Пијаже го смета за битна одлика на предоперационалниот период од мисловниот развиток. Децентрацијата, како спротивна карактеристика на мислења од егоцентризмот, се сретнува во фазата на конкретните операции од мисловниот развиток и означува дека единката е способна да води сметка за повеќе стојалишта, за повеќе својства или аспекти на дадена ситуација.

За егоцентризмот и децентрацијата Пијаже повеќе зборува кога ги изнесува своите согледувања во врска со интелектуалниот развиток. Но посебно се интересни и предизвикале други истражувања неговите заеднички согледувања со Инхелдер (Piaget i Inhelder, 1947 1977) во врска со конструирањето на проективниот простор.

Ако се обидеме да ги спротиме по сродност на содржините шаренолликите истражувања на планот на социјалната децентрација, тогаш овие истражувања на Пијаже и Инхелдер би можеле да се стават во оние што се однесуваат на перцептивната децентрација. Всушност сите истражувања што би можеле да се стават во категоријата на перцептивна децентрација се инспирирани најпрвин од ситуацијата "Три планини" (Piaget i Inhelder, 1947, 1977, стр. 243-285). Основниот заклучок од овие испитувања е дека децата од 7-8 години не прават разлика меѓу сопственото и стојалиштето на другиот. Децата до оваа возраст сметаат дека сите ги гледаат планините исто како што тоа ги гледа од своето стојалиште, независно од нивната точка на посматрање. Меѓу 7-8 и 11-12 година децата постепено успеваат да направат разлика меѓу своето и стојалиштето на другиот.

Borke(1975) ја прилагодила ситуацијата "Три планини" за деца од 3-4 години и наоѓа дека и децата од оваа возраст се во состојба да се стават на стојалиштето на другиот. Ова испитување покажува дека егоцентрични грешки се јавуваат таму каде децата се судруваат со тешки задачи што не можат да ги решат поинаку освен од сопственото стојалиште.

Постојат и други испитувања што укажуваат на постоење на рани неегоцентрични поведенија, а меѓу нив е интересно крајно упростената задача што ја дават Masangkau и др. (1974) за да го покажат постоењето способност да се земе стојалиштето на другиот и кај децата на возраст меѓу 2 и 3 години.

И други истражувачи, работејќи со изменети техники, го ставаат под прашање егоцентризмот кај децата. Така, уште Виготски (1934,1977) укажа дека егоцентричниот говор има поинакво потекло (социјално) и поинаква судбина (се преобразува во внатрешен говор) од оние што ги истакнува Пијаже. Flavell i dr.(1968) давајќи серија на ситуации со различна тежина, констатира дека најлесните задачи успеваат да ги решат и деца од 3-4 години, но и дека голем број 17 годишни адолесценти не биле во состојба да го реконструираат точно најтешкиот модел. Овие автори заклучуваат дека појавата на егоцентризмот зависи од сложеноста на поставената задача, а ова

подоцна го проверуваат и го потврдуваат други истражувачи[1].

Досега изнесените испитувања се однесуваат на ситуации во кои субјектот треба да се стави на стојалиштето на другиот за да ја согледа неговата перспектива на посматрање, па според тоа се однесуваат на перцептивната децентрација. Во нив другото лице не е зафатено со своите чувства, мисли, па затоа во понатамошното изложување ќе се задржиме на еден друг вид испитувања од областа на социјалната децентрација и тоа оние во кои се повеќе опфатени психолошките содржини на лицето чија улога субјектот ја зема.

Најнапрвин да наведеме некои испитувања од областа на децентрацијата на задачите на комуникација.

Flavell и др. (1968), тргнувајќи од испитувањата на Пијаже за егоцентричниот говор (1923, 1972), ја испитуваат способноста на децата да најдат вербално значење за одредена ситуација кое е прилагодено на слушателот и наоѓаат дека децата од предучилишната возраст имаат потешкотии да се ставаат на стојалиштето на другиот.

Beaudichon(1977) врз основа на детална критика на бројни испитувања покажува дека констатираната егоцентричност во комуникацијата кај децата се должи на оневозможувањето на вистинска вербална интеракција со слушателот заради сложеноста на пораката. Погорниот автор, врз основа на свои испитувања, наоѓа дека децата меѓу 5 и 7 години водат дијалог меѓу себе, комуницираат вербално и дека ефикасноста на комуникацијата зависи, од една страна, од сложеноста на пораката, а од друга страна од стварните можности за заемно прилагодување во комуникацијата. Бодишон заклучува дека способноста за децентрација ја олеснува комуникацијата, но од друга страна и дека социјалните фактори т.е. самата комуникација, се јавува како причински фактор на децентрација (стр. 540). Овие заклучоци укажуваат на улогата на другите во појавата на социјалната децентрација, а за ова ќе стане збор после изнесувањето на некои истражувања што се однесуваат на односот меѓу емпатијата и социјалната децентрација.

1) Исцрпен преглед на истражувањата што се однесуваат на егоцентризмот, децентрацијата и земањето на улога даваат Beaudichon i Bideaud (1979). Тие наведуваат повеќе испитувања на други автори и свои, од кои повеќето не ја потврдуваат тезата за постоење на вербален егоцентризам во комуникацијата и дека воопшто, егоцентризмот не може да се земе како битна одлика на одредена етапа од развитокот.

Емпатијата е еден од поимите што се поврзува со земањето улога и претставува еден нејзин аспект. Таа е спротивен феномен од егоцентризмот. Додека во првите написи емпатијата повеќе се определува како способност да се доживеат чувствата на другиот, подоцна под неа сè повеќе се подразбира способност да се разбере она што се случува од стојалиштето на друго лице и се смета како основа на сите видови социјални комуникации. Бидејќи емпатијата се среќнува рано во детството, а исто така и кај други животински видови (посебно кај мајмуните), се смета дека таа претставува вроден потенцијал кој ги овозможува врските со другите, но и самата може да се развие само ако постојат социјални услови за тоа.

Согледувајќи го значењето на емпатијата како примерен процес кој е основа на човечката интеракција и комуникација, и определувајќи ја како исто толку битна за интерперсоналниот развиток колку што е интелигенцијата за когнитивниот, сметаме дека треба да стане збор за некои сознанија во врска со неа.

Несистематски посматрања во природни услови укажуваат дека деца помали од две години ги разбираат чувствата на другите. Не се ретки ситуации во кои сме сведоци како децата од овая возраст, кога некое друго дете плаче, го милуваат или му ја носат својата најомилена играчка за да го утешат.[1)]

Испитувајќи во контролирани услови Borke (1971) покажува дека веќе 3 годишните деца биле во состојба да ги разберат определени емоции кај другиот, а ова оди во прилогот на неегоцентричноста на малите деца[2)].

1) Имавме можност не само да ги прочитаме, туку и да ги видиме филмуваните сцени од екипата на S.R.E.S.A.S (1979) во кои постојат вистински тешење на врсниците од страна на дупи и на 13 месечно девојче, а исто така и лично ја посматравме ситуацијата во која, во истата градинка каде што се снимени овие материјали, едно девојче на 18 месечна возраст ја тешеше врсничката милувајќи ја.

Да наведеме овде дека истражувачите од оваа екипа укажуваат на рано јавување на социјалната интелигенција - веќе во текот на втората година од животот, а исто така и дека во одржувањето на односите меѓу врсниците од 18-24 месеци очигледна е единственоста меѓу афективните и когнитивните процеси.

2) Интересни се и резултатите од споредбата на двата пола што го дава Borke: "Отсуството на полови разлики во емоционалната осетливост е противно на нашето културно очекување жените да имаат поголем социјален увид и емпатични способности од мажите. Едно можно објаснување е дека разликите што се јавуваат се, пред сè, резултат на социјализацијата... Изгледа дека родителите сè повеќе ја гледаат социјалната осетливост како пожелна карактеристика за двата пола, а агресивноста како непожелна" (стр. 269). Значи социјалната средина битно влијае врз јавувањето или непостоењето на полови разлики во социјалната осетливост.

Тргнувајќи од Пијажеовите сознанија за когнитивниот развиток, и засновувајќи се на нив, Borke (1978) укажува дека можат да се издвојат и соодветни стадиуми во развитокот на емпатијата. Така, како прв чекор во развитокот на апстрактното мислење Пијаже ја издвојува перманентноста на објектот. Но тој вели дека едновремено во интерперсоналната сфера се јавува способноста за проекција на афективноста кај другите луѓе замислени како слични центри на независни акции, а ова е најран стадиум во развитокот на социјалната свест.

На возраст меѓу година и две детето ги стекнува симболичките способности и има можност ментално да ги претставува другите. Оваа способност да се претстави другиот произлегува од нараснатата свест за разделеноста меѓу себе и другите. Токму во овој период G.H.Mead вели дека се јавува и способноста на земањето улога на другиот. Оваа способност на земањето улога на другиот е ограничена во предоперационалниот период од самата неразвиеност на когнитивните способности. Детската способност да се земе улогата на другиот е сврзана со непосредноста, едноставноста на ситуацијата која треба да да е во рамките на неговото искуство, па во такви услови децата од втората половина од втората година се во состојба да се стават во "кожата" на другиот.

Ако се воопштат овие сознанија може да се рече дека, како што способностите за ментално претставување во текот на втората половина од втората година се прв чекор кон апстрактното мислење, така и емпатичните реакции што се јавуваат на оваа возраст се никулци на емпатичните способности кај возрасните.

Кога во периодот меѓу 7-12 година се забележува напредок во интелектуалните способности се јавуват и значајни промени во способностите на земање улога и ематичната свесност, а ова и се очекува од Пијажеовите сознанија според кои когнитивниот и социјалниот развиток се само две различни страни од иста структура.

Она што е јасно покажано во досегашните истражувања е дека детските постигнувања на Пијажеовските типови задачи за испитување на когнитивниот развиток се зголемуваат со возраста. Истото зголемување се забележува и на постигнувањата на задачите за испитување на земање улога. Овде се поставува едно битно прашање кога станува збор за организираното влијание врз за организираното влијание врз детскиот развиток: каква е поврзаноста меѓу постигнувањата на овие два различни вида задачи.

Ако се тргне од Пијажеовото сфаќање за егоцентризмот, тогаш очигледно е дека, според него, способноста на децата да се ставет на точката на посматрање на другиот т.е. децентрацијата, е пресуден факторшто го определува нивото на нивниот когнитивен развиток. Но исто така, се забележува дека истата оваа способност да се променат точките на посматрање, односно да се земе улогата на другиот, има подеднакво големо значење и во развитокот на способноста за земање на улогата на другиот и комуникацијата.

Ако горните размислувања се точни, тогаш би требало да постои висока корелација меѓу постигнувањата на задачите од пијажеовскиот тип и оние за испитување на способноста земање на улога. Со други зборови, би можело да се претпостави дека едно општо когнитивно ниво би можело да биде основа за подеднаков успех во решавањето на проблемите поврзани како со физичките тела и со социјалните објекти. Ваквите претпоставки не се потврдени во некои истражувања на ова прашање и овде ќе наведиме само две од нив кои се мошне индикативни за организираното влијание врз способноста за социјална децентрација.

Turnure (1975) врз основа на анализата на резултатите добиени на деца од 7,9 и 12 години со помош на тестови за испитување на вербалните интелектуални способности, задачи од типот на земање улога и пијажеовски задачи за испитување на преминот од конкретни кон формални операции, ги изведува следниве заклучоци: 1) способноста за децентрација или промена на гледиштето расте со возраста како кај задачите што се однесуваат на физичките тела и кај оние на социјалните објекти; 2) не се најдени значајни корелации меѓу постигнувањата од двата типа задачи, а ова значи дека кај поединечните деца способноста да се децентрираат не е иста за различните типови задачи. Ова укажува дека развитокот на овие способности не е единствен и едноставен феномен; 3) не се најдени полови разлики во постигнувањата ниту на задачите од типот земање улога ниту на пијажеовските задачи; 4) најдена е висока корелација меѓу испитените вербални интелектуални способности и задачите од типот ставање во социјалната улога на другиот, но не и на првите со резултатите од пијажеовските задачи.[1]

1) И Flavell i dr. (1968) изнесуваат дека нашле значајни корелации меѓу интелектуалните способности и резултатите од задачите на земање улога.

Може да се претпостави дека децата повеќе ќе ги развијат оние способности што имаат можности да ги вежбаат во секојдневните активности. Според тоа, не е сеедно дали е искуството стекнато повеќе во интеракција со физичката или со социјалната средина. Во понатамошното изложување ќе изнесеме едно истражување кое ја истакнува улогата на социјалната интеракција како битен фактор во развитокот на социјалната децентрација.[1)]

Hollos (1975)[2)] направила едно истражување на влијанието на различни социјални средини врз оперативната интелигенција, испитувана со помош на пијажеовски задачи од операционален тип, и социјалната интелигенција, испитувана со задачи од типот земање улога. Субјекти биле деца од 7-9 години што живееле во три типа на населби во Унгарија: раштркани селски населби од типот на фарма, село со збиени населби и град. Авторот истакнува дека различните интеракции меѓу детето и врсниците и меѓу детето и возрасните во овие три типа населби[3)] се одразиле на постигнувањата на различните типови задачи. Децата што живееле во изолирани селски населби имале пониски постигнувања на задачите на земање улога, но затоа пак биле подобри во постигнувањата на пијажеовските оперативни задачи. Овие резултати покажуваат дека децата ќе ги развијат повеќе оние способности што имаат можност повеќе да ги вежбаат заради специфичните средински барања. Ова за нас значи дека добрите постигнувања на детето во едно когнитивно подрачје, не значи дека автоматски ќе биде исто толку добро и во друго, односно дека ако заостанува во едното ќе заостанува и во другото. Наполно сме согласни со заклучоците на Hollos

---

1) На претходните страници повеќе стана збор за истражувањата кои се однесуваат на развитокот на социјалната децентрација во различни ситуации, како што се, на пример, перцептивната децентрација, децентралцијата во комуникацијата, емпатијата.

2) Hollos наведува дека заедно со Cowan направиле слично истражување во Норвешка во слични типови на населби и добиле исти резултати како во ова истражување во Унгарија.

3) Во изолираните селски населби возрасните биле по цел ден зафатени со работа во поле и во фармата. Не играле со децата, а нивната заедничка интеракција била додека тие им помагале околу работата и во прекините на работата,што биле чести,им зборувале. Исто така кога целото семејство било собрано им давале куси општи вербални објаснувања и одговори. Бидејќи браќата и сестите се раѓале на подолги временски растојанија,игрите меѓу нив биле од паралелен тип,без многу соработка. Не биле бројни ни интеракциите со врсниците бидејќи по наставата,децата уште од мали,земале удел во активностите на возрасните.

дека бидејќи се покажани разлики меѓу определени видови средински влијанија врз когнитивниот развиток, тогаш е неопходно самата средина да биде дефинирана во разложени елементи и во нивните комбинации за да може подобро да се согледа контексот што е значаен за сестраниот детски развиток.

Погорните сознанија се во согласност со еколошниот пристап во современите истражувања во областа на психологијата кои имаат импликации врз планското влијание на детскиот развиток. Ова значи дека плански можат да се организираат оние услови за развој кои во природните ситуации се занемарени или не се доволно застапени за да овозможат развој во правецот кон сестрани личности.

Да се задржиме овде уште на некои сознанија за тоа што би требало да содржи планското влијание врз социјалната децентрација.

Flavell и др. (1968) истакнуваат дека социјалната интеракција овозможува да се намали егоцентризмот, а особено социјалната интеракција со врсниците. Кога детето стапува во контакти со другите деца, во конфликтите со нив, аргументациите што им ги даваат и слично, тоа постапено се преиспитува себе си за своите сфаќања и согледувања и за оние на другите, па на ваков начин се ослободува од когнитивниот егоцентризам(стр. 18).

Погорните автори предлагаат и извесни специфични праксни на социјализација кои можат позитивно да влијаат врз развитокот на земањето улога како што се следниве: а) барање детето да ја формулира повторно пораката што не е искажана на соодветен начин за да биде разбрана; б) на детето треба често да му се напоменува да води сметка за мислењето и чувствата на другите; в) разговорот со детето да биде воден така што да предизвикува прашања кај него, потребата тие да се аргументираат; г) децата да играат во возрасно мешани групи и на таков начин постарите ќе добијат можност, објаснувајќи им на помалите деца, да сфатат дека постојат различни стојалишта; д) да се играат определени игри од типот на рекурзивна и стратешка децентрација, како на пример: "Тој мисли дека јас мислам дека тој мисли..." (стр. 221).

---

Во збиените селски населби врсниците минувале многу време заедно било во игра или во заедничко чување на стоката. Исто така имале можност да ги видат возрасните во различни ситуации (во посета, продавници, на пазар), но сепак не учествувале во разговорите со нив.

Во градот децата минувале многу време во група на врсници и имале многу повеќе можност да сретнат возрасни во најразлични социјални услови отколку селските деца.

Iannoti (1978) деца на 6 и 9 годишна возраст ги вежба, меѓу другото, во земање улога на два начина: едниот начин се состои во земање на стојалиштето на една личност од прочитана приказна или скеч, и неа треба да ја разграничи на социјален, сознаен и емоционален план од другите улоги што ги играат други четири деца. Другиот начин на вежбање се состои во земање на улогите на петте личности играјќи ја секоја околу пет минути-т.е. овој начин се состои во земена на улогите од истата приказна од страна на едно дете сукцесивно, И двата начина на вежбање во земање на улоги ги подобрило значајно постигнувањата на задачи од типот земање улоги.

Ова истражување само констатира дека вежбањето во социјалната децентрација ја подобрува истата. Но не е речено кои процеси довеле до подобрување на резултатите: дали децата само се прилагодиле, станале посетливи за овој тип задачи, или постоечката способност за земање улога со помош на вежбањето се зголемува. Со други зборови, дали дошло до ампликација или до акцелерација во развитокот на способноста за социјална децентрација по пат на вежбање.

Во самиот почеток на написот Iannotti истакнува дека можат да се издвојат два вида вежбање на способноста на земање улоги во дотогашните истражувања. Во првиот вид вежбање децата се ставаат во ситуации кои треба да ги оспособат да ги употребат веќе постоечките способности за земање улога кај нив на ниво на изведба. Тоа значи да се овозможи детето да ги користи и на таков начин да ги вежба неодамна стекнатите операции. Со други зборови, штотуку пројавените способности за земање улоги малите деца ќе ги вежбаат преку изведба на задачи од типот на земање улоги.

За децата што сеуште не ги развиле способностите на земање улоги, но кои веќе прават разлика меѓу две стојалишта, вежбањето на способноста за социјална децентрација треба дабиде од поинаков карактер: можат да се создадат ситуации во кои има недоследности и тие ќе ги вклучат постојните когнитивни процеси и нив ќе ги прилагодат на таков начин да можат да доведат до асимилација т.е. до рамнотежа мегу конкретната стварност и самите когнитивни процеси.

Ельконин (1981) укажува на големото значење што го има играта на улоги во надминувањето на "сознајниот егоцентризам" (стр.283-188), Според Ельконин играта на улога со своите први елементи се јавува ва возраст околу 2,5 до 3 год. "Играта на улога доведува до промени во положбата на детето, од индивидуално и специфично детска, на нова положба на возрасен. Самото прифаќање на улогата од страна на детето и, со сва поврзаната, промена во значењето на предметите што се воведуваат во играта, овозможува постојана

промена во положбата" (стр. 284). Ељконин понатаму истакнува дека играта на улоги овозможува да се јават процеси кои се спротивни на сознајниот егоцентризам за кој зборува Пијаже и вели дека таа "не претставува само реална пракса на промена на положбата за време на прифаќањето на улогата, туку и пракса на однос спрема партнерот во играта од стојалиштето на онаа улога што ја остварува партнерот, не само реална пракса на активностите со предметите во склад со значењата што им се дадени, туку и пракса на координација на гледањето на значењето на овие предмети без непосредно манипулирање со нив. Тоа и е непрекинат процес на "децентрација" (стр.287-288). За разлика од Пијаже, Ељконин истакнува дека соработката со возрасните почнува мошне рано, тогаш кога и самата игра на улоги и уште повеќе, кооперацијата со возрасните е неопходен услов за да се јави играта на улоги.

На можноста да се влијае врз формирањето на децентрацијата Ељконин укажува изнесувајќи го експериментот на Недоспасова (1972). Недоспасова го надминува сознајниот егоцентризам кај деца од 5-7 годишна возраст на Бинеовата задача "Три браќа" т.е. ја надминува нивната неспособност точно да одговорат колку браќа има некој од неговите браќа ако тој самиот има три браќа, на тој начин што кај децата формира однос кон нивното семејство како кон туѓо , односно ставајќи го детето во нова положба. Во овој експеримент не само што децата успеале да се децентрираат на задачта "Три браќа" туку постоела децентрација и во одговорот на други задачи од сличен тип, како што е, на пример, "Три планини" и тоа 80 до 100% случаи.

Ќе се задржиме во понатамошниот текст уште на некои сознанија за можни начини на влијание врз социјалната децентрација. Ќе стане збор за симболичките игри како што ги нарекува Пијаже, или поинаку наречени игри на улоги (Ељконин) или социодрамски игри (Смилански), или како што други ги нарекуваат драмски игри или имитативни (Шато).

<u>Игри на улоги</u>. Бидејќи играта е основна активност во предучилишниот период која пружа можности за организирано влијание врз социјалниот развиток воопшто, а во нашиот случај врз половите улоги, овде ќе се задржиме на некои основни согледувања на посебниот вид игри кои најчесто ги сретнуваме под називот игри на улоги или симболични игри.

Уште G.H.Mead (1934,1963) ги истакнува симобичките игри и игрите со правила како активности преку кои детето игра повеќе улоги и тоа преку отворено, манифесетно однесување, а и преку менталниот процес на земање на улога. Најпрвин детето усвојува делимични и изолирани улоги што се однесуваат на поедини лица и ситуации. Подоцна тоа ние ги групира во целина што G.H.Mead ја нарекува „обопштен друг" и која ги опфаќа усвоените улоги и норми од пошироката социјална заедница (стр. 155).

Пијаже (1945,1978) во рамките на теоријата на интелигенцијата, и соодветно на сукцесивните стадиуми во нејзиниот развиток, (сензомоторен, предоперационален и операционален), издвојува три категории на игри и тоа: игра-вежба, симболични игри и игри со правиле.

Според Пијаже симболичните игри се јавуваат околу втората година, со развитокот на симболичните способности. Всушност според него, симболичните игри се само една од манифестациите на семиотичката функција во која уште спаѓаат и говорот, менталната слика и одложената имитација. Како најелементарен облик на симболичка игра Пијаже ја издвојува симболичката шема или повеќе позната како "како да" активност која е премин од игрите - вежби кон правите симболички игри. Кога детето само се преправа дека "божем" спие, тоа врши репродукција на сензомоторната шема што е во рамките на сопствените поведенија, но надвор од реалниот контекст таа веќе го изразува постоењето на најраниот облик на симболички игри. Постепено, по пат на обопштување на поведенијата што се изведени најпрвин на самиот себе, детето ги прецизира симболичките шеми врз објектите на таков начин што, на пример, ѝ дава на куклата да јаде. Почнувајќи од имитацијата на сопствените дејствија, детето постепено станува способно да ги имитира другите лица. На крајот станува способно да го замени еден предмет со друг.

Почнувајќи од 3-4 година симболичките комбинации стануваат поразновидни и посложени. Веќе детето е во состојба да претставува ситуации од секојдневниот живот. Основната функција на симболичките игри е "да ја асимилира реалноста со Јас ослободувајќи го последново од неопходноста за акомодација" (стр. 141).

Меѓу 4 и 7 година е нагласена потребата од прецизни имитации на стварноста, а симболизмот станува групен т.е. игрите се поделени меѓу различни играчи.

Меѓу 7 и 11-12 година на местото на симболичките игри се јавуваат игрите со правила. Всушност игрите со правила почнуваат да

се играат меѓу 4 и 7 години, но особено тие се застапени кај децата на возраст меѓу 7 и 11 години. Тие, исто така, се спетнуваат и кај возрасните во облик на спортски и друштвени игри.

Засновувајќие се на Пијажеовите испитувања на симболичките игри повеќе други истражувачи вршат свои посматрња на појавата на симболичките игри, нивните содржини, промените со текот на возраста. Така, на пример, Musatti (1979) врз основа на испитувањата во јасли во Рим на деца од 18-24 месеци, заклучува дека активностите "како да" (ѓоамити) се издвојуваат врз основа на имитациіата на значењето на дејствието на другиот, а не врз основа на едноставна имитација-копија на гестовите на едниот од другиот. "Изгледа, вели Musatti,, дека преку имитацијата на игровините дејствија на другиот, детето сака да соопшти дека добро ја одигра својата улога на посматОрач (интерпретирајќи го гестот на партнерот) и во исто време дека се препорачува себе си како активен партнер (обрнувајќи ги улогите" (стр. 206). Во активностите "како да" во текот на интеракцијата меѓу децата улогите што ги играат стануваат комплементарни.

Во понатамошното изложување ќе се задржиме на некои согледувања на советските автори, посебно оние на Елконин (1981) за изграта на улоги и тоа на оние што ќе ни овозможат да и се доближиме на суштината на улогите и можностите за организирано влијание врз нив.

Според Елконин (1981) играта на улоги е "специфичен облик на активности кај децата чиј предмет е возрасниот човек -неговата дејност во системот на заемните односи со другите луѓе" (стр. 7) Играта на улоги има историско потекло т.е. таа се јавува на одреден степен од општествениот развиток и тоа тогаш кога детството почнува да се издвојува како посебен период од индивидуалниот развиток. Како суштински и специфичен белег и основен облик на активност преку која детето се обидува да навлезе во светот на возрасните во периодот на детството се јавува играта на улоги.

Јасниот став на Елконин во врска со историското потекло на улогите укажува недвосмислено во кој правец треба да се бараат корените на играњето улоги во текот на хуманата онтогенеза. Имено, тргнувајќи од теоретските докази дека играта на улоги е социјална по своето потекло, произлегува и дека нејзините содржини се црпат директно од социјалната стварност. Елконин истакнува дека, и покрај разновидноста на сижеата што се забележуваат во играта на улоги, позади нив во принцип се крие иста содржина; дејства на човекот и односите во општството, односите меѓу луѓето што се остваруваат преку

манипулациите со нив (стр. 27). На повеќе наврати Елкоњин ја истакнува оваа основна идеја која на едно место вака ја изразува: "... предмет на активноста на детето во играта е возрасниот човек, она што тој го работи, она заради што тој тоа го работи; односите во кои стапува со другите луѓе. Тргнувајќи од ова можат хипотетички да се определат и основните мотиви на играта: да се дејствува како возрасните. Да не се биде возрасен, но да се дејствува како возрасен. Но за да се појават таквите мотиви, неопходно е одвојувањето на детето од возрасниот во таа мерка што возрасниот човек за него да стане образец, мерило; "мерило за сите нешта"... "(Стр. 151)[1].

Од друга стртана, за да можат да се јават игрите на улоги, неопходно е да се формираат предметните дејствија, а тоа може само преку раководење од страна на возрасните во текот на заедничките практични активности. Последново може да се согледа веќе во самата одредба на предметните дејствија како историски формирани општествени начини на нивна употреба што се фиксирани во дадениот предмет, но чии носители се возрасните луѓе (стр. 159).

Првите елементи на улоги, според Елкоњин, се јавуваат на самиот крај од раното детство и тоа меѓу 2:6 и 3 години, а дотогаш се вршат повеќе припреми кои не го овозможат нивното јавување кои ќе ги создадат основните предуслови за премин во игри на улоги, како што се:

"-во играта се вклучуваат предмети што ги заменуваат реалните предмети и добиваат називи во согласност со нивното значење во играта;

---

1)Chateau(1955,1979) застапува слична теза како Елкоњин:бидејќи детето не може да се вклучи во процесот на трудот на возрасните и во нивните сложени односи, тоа најпрвин ги имитира нивните активности, тие се негови модели и се стреми да стане како нив. Во цел еден дел со поднаслов "Играта како замена за работата"(стр. 45-53)јасно избива ставот на Шато дека играта е активност што е карактеристична за децата и е замена за неможната рбота што ја вршат возрасните. Бидејќи детето е издвоено од суштината на светот на возрасните - од трудот, кај него се јавува играта како активност: "Играта е обид да се издигне кон повисоките активности на возрасните, активност на замена, и баш затоа таа исчезнува - или станува едноставно разонода кога овие повисоки активности ќе бидат достигнати" (стр. 49). Нешто подоле во излагањето Шато вели:"... се дури детето не е во состојба да работи, играта го задржува својството на она што не може преку трудот" (стр. 51). Исто така Шато ја нагласува и мислата дека "... да се игра значи да сакаш да се покажеш голем" (стр. 52) т.е. преку играта детето се обидува да навлезе во светот на возрасните и да прави како нив, да стане како нив.

-се усложнува организацијата на дејствијата, кои по својат природа се низ дејствија кои ја одразуваат логичката поврзаност во реалниот живот;

- доаѓа до воопштување на дејствијата и до нивно издвојување од предметите;

- се споредуваат сопствените дејствија со дејствијата на возрасниот и, во согласност со тоа, детето себе се нарекува со името на возрасниот;

- доаѓа до ослободување од возрасните, при што возрасните претставуваат образец за дејствијата, едновремено се јавува тенденција да се дејствува самостојно, како возрасните". (стр. 170).

Советските автори укажуваат на неколку етапи во развојниот пат на играта на улоги и тоа: најпрвин детето под контрола на возрасните, во текот на заедничките атиености со нив, ги учи конкретните предметни операции, потоа се развиваат воопштени игровни дејствија и на крајот игирте на улоги. Еве како Елкоњин го прикажува шематски истото: "да се јаде со лажица; да се храни со лажица; да се храни куклата со лажица, да се храни со лажица куклата како мама..." (стр. 188).

Еден од предусловите детето да го прифати играњето улога на некое возрасно лице е издвојувањето на карактеристичните белези на дејностите што тоа лице ги врши. Се забележува дека во развитокот на содржините на улогите најпрвин доаѓа до издвојување на надворешните предметни дејствија што се карактеристични за возрасниот, а дури потоа до издвојување на неговите односи со другите луѓе. Оттука, Елкоњин издвојува две основни фази во развојот на содржините на игрите на улоги и тоа: меѓу 3 и 5 година се јавува првата фаза чии основни содржини ги сочинуваат предметните дејствија при што се води сметка за логиката на реалните дејствија; втората фаза е меѓу 5 и 7 години во која содржините на игрите на улоги се реалните социјални односи меѓу луѓето и општествената смисла на нивните дејности (стр. 214).[1/]

1) Ова укажува на променливоста на содржините на улогата со возраста, на што укажува, например, и Колеберг. Така, додека за децата до петата година смислата на играта на улоги е во предметните дејствија на лицето чија улога детето ја остварува (на пример според нив мајка е она што прави ручек), за децата меѓу 5 и 6 години смислата на играта на улоги е во односите на одредено лице со други лица ("Мајка е она што прави ручек за децата и за таткото"), а за децата меѓу 6 и 7 години смислата на играта на улоги е во типичните односи на лицето чија улога детето ја остварува ("Мајка е она што се грижи за детето").

Испитувањата на советските автори покажуваат и дека секоја улога подразбира определени правила на дејствување или на социјални поведенија. Тие правила се формулирани како дејствија што произлегуваат од улогите и особено се видливи и се дадени пред почетокот на играта кај постарите деца (6-7 години).

Од истражувањата на советските автори може да се изведе битен заклучок за организираното влијание врз играњето улоги, а тоа е дека преминот од една во друга фаза е под контрола на возрасните, а последново останува незабележано кога развитокот е оставен на стихијноста. Значи, за да може да се премине од предметните дејствија кон нивно обединување во улога, неопходно е возрасните да им ја откријат на децата врската меѓу улогата и предметните дејствија со кои таа може да биде остварена, да им ја откријат смислата на дејствијата што ги наметнува улогата. Може да се рече дека основни предуслови за појавувањето на играта на улоги е совладувањето на предметните дејствија и издвојувањето на возрасните како модели и носители на човечки облици на дејности и односи. А овие предуслови не можат да се остварат сами од себе, спонтано, туку уделот и контролата од страна на возрасните се неминовност.

Бидејќи игрите на полови улоги се само вид од бројните можни различни видови игри на улоги, сите сознанија што ги изнесуваат советските автори воопшто за играта на улоги, можат да послужат во издвојувањето на некои заклучоци во врска со играта на полови улоги, нивното значење за формирањето на половите улоги воопшто, како и за изнаоѓање на можни начини на организирано влијание врз нив. Така, на пример, може да се рече дека и игрите на половите улоги се учат во рамките на социјалните односи во кои децата растат и тоа најнапред е неопходно децата да ги совладаат во текот на заедничките практични активности со возрасните различните предметни дејствија. Потоа, за да дојде до појава на улоги во играта повеќе дејствија треба да се поврзат за едно лице. Кога, пак, различните дејствија ќе се поврзат како особеност за лицата од даден пол, тогаш може да се рече дека се јавуваат половите улоги во играта.[1]

1) Greif (1976) ги испитувала игрите на половите улоги во слободни ситуации меѓу 3;6 и 5;6 години. Додека кај децата од 3;6-4;6 год. се сретнувале само поединечни "како да" активности, кои не биле соединети во улога, кај оние од 4;6 до 5;6 год. се јавиле спојувања на повеќе такви активности во модел на полова улога. Едновремено постариве деца покажале знаење не само за улогата на едниот пол, туку и на онаа на спротивниот, комплементарната улога, а со ова тие покажале и дека се "социоцентрични", а не егоцентрични (стр. 389).

Но во заклучувањето од играта на улоги за играта на полови улоги треба да се биде претпазлив. Имено, очигледно е дека игрите на улоги се чекор напред во поврзувањето на одделни дејствија во една целина што има значење во односите меѓу луѓето, па како развојно повисок степен во согледувањето на социјалната реалност, треба да се создадат услови за нивно јавување во што побогат репертоар и колку што развојните можности дозволуваат порано. Но ова не би требало да значи и дека треба да се создаваат оптимални услови за што порано јавување на игрите на полови улоги. Ова затоа што, врзувањето на одредени улоги како карактеристични само за едниот пол, ќе ги стеснат, ограничат можностите за развој на општочовечките потенцијали што единката ги носи. Децата треба да учат улоги, но не и полови улоги. Ова во практиката би требало да значи дека при организираното влијание врз појавата на улоги одредени дејствија не треба да се врзуваат како карактеристични само за лицата од едниот пол. Тоа би можело да се оствари на таков начин што исти дејствија или групи од повеќе дејствија, децата би ги гледале во изведба и на машки и на женски возрасни лица. На таков начин би дошло до издвојување на одредена улога како својство на возрасните лица воопшто, таа би била возрасна, а не полова особеност.

## ГЛАВА 4. ТЕОРИСКА ОСНОВА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЕДНАКВОСТ НА ПОЛОВИТЕ

Планирањето на општествениот развиток и преобразба на нашата општествена стварност се темелат врз марксизмот како теорија на социјалистичката револуција. Оттука, при организираното вли јание за остварување рамноправни полови улоги кај нас треба да се согледаат теоретските рамки од кои тргнуваме и обратно, колку досегашната практика што се обидува да се темели на истата таа теорија, успеа во нејзиното остварување и каде сѐ треба да се вршат промени и поправки за да биде поуспешно дејствувањето.

Самата суштина на половите улоги и дејствувањето врз нивната преобразба во секојдневната практика ќе остане парцијално и без јасна општа крајна цел ако ним не им се пријде најмалку од два аспекта: од изворното марксистичко теориско наследство и од некои современи сфаќања кои значат натамошно продлабочување на марксистичката мисла или имаат допирни точки со неа.

Од Марксовите и Енгелсовите трудови може да се согледа дека прашањето за положбата и улогата на жената во општеството тие го сметале за мошне сложено и значајно прашање. Во нивните дела не можеме да наидеме на потполни нити конечни ставови и заклучоци за оваа проблематика, бидејќи, како плод на човековата мисла, и тие се одраз на историскиот момент во кој живееле авторите, научните податоци со кои располагале, па и на нивната општествена положба и полова припадност. Користејќи го историскиот материјализам како основен метод за проучување на општествената стварност и тенденции на општествениот развиток, тие самите непрекинато во текот на својот живот ги надополнувале и ги развивале своите гледишта врз основа на своите сознанија и на податоците од истражувањата на природните и општествените науки.

Карактеристика на марксистичкиот начин на гледање на светот е, меѓу другото, и неговата постојана готовност да се преиспитува, надополнува, развива во согласност со новите сознанија од другите научни области, од практичните искуства, а во нашиот случај од борбата за еманципација на жената и остварувањето рамноправни односи меѓу половите. Во натамошниот текст ќе стане збор за некои такви преиспитувања кои ни се чинат значајни за разработувањето на прашањата <u>какви</u> полови улоги сакаме и <u>како</u> до нив. Ќе бидат

разгледани извесни моменти во врска со односот меѓу женското и класното прашање, со историското потекло на половите улоги и нивниот развиток во процесот на хуманата онтогенеза како и со потребата за еманципација од полноста како негативна определба на човечката припадност на видот.

1. Односот меѓу женското и класното прашање

Маркс и Енгелс ослободувањето на жената го гледаат во општите рамки на ослободување на човештвото од класната експлоатација. Според нив, пролетаријатот како историски субјект води револуционерна борба за укинување на класите и експлоатацијата на трудот, но и повеќе од тоа - за надминување на секој вид нерамноправност и потчинување на еден човек од страна на друг.

Социјалистичката револуција, според нив, не е само освојување на политичката власт од страна на пролетаријатот, туку таа е и процес на неговото ослободување од сопствената власт и секаков вид монопол, создавајќи можности за развивање на правата човекова природа.

Постојат извесни преиспитувања на стојалиштата за поврзаноста на еманципацијата на жената и борбата на пролетаријатот за класното ослободување. Уште Бебел (1964), споредувајќи ја сличноста што постои меѓу положбата на жената и онаа на работникот во текот на историскиот развиток вели дека жената има едно предимство во однос на работникот: таа е првото човечко суштество кое западнало во ропство.

Постоењето на поделбата на трудот во зависност од полот уште од постанокот на човечкото општество се зема денес како доказ дека потчинетата положба на жената постанала пред да постане класното општество и спрема тоа не е резултат на појавата на класните односи. Дали е ваквата претпоставка точна?

За првата поделба на трудот меѓу половите се смета дека е заснована на несомнени и постојни биолошки разлики меѓу половите: машките имаат поголема мускулна сила, поголема сила во фаќањето почнувајќи некаде од втората година на животот, повисоко ниво на базичен метаболизам, пропорционално земено поширок белодробен капацитет. Сите овие карактеристики укажуваат дека мажите се подобро прилагодени за активности кои бараат поцелосна физичка сила

и енергичност. На ова ќе го додадеме другиот биолошки факт: жената го носи и го раѓа детето, таа му ја дава и првата храна, па според тоа вложува повеќе време и енергија во него. Сето ова условува во првата поделба на трудот на мажите да им припаднат оние активности кои бараат употреба на поголема физичка сила, кои бараат постојана готовност за ангажираност со нив, кои бараат постојано преместување.

Наведените биолошки разлики врз кои се засновува првата самониканата поделба на трудот меѓу половите, на прв поглед, се чинат доволни за да ни го објаснат зачетокот врз кој постепено се воспоставува доминантната општествена положба на мажот и појавата на потчинетата положба на жената. Тука веднаш да го приведеме и нашето сознание дека веќе првата самониканата поделба на трудот според полот (и возраста) во себе ги крие причините за појава на разлики меѓу половите во психолошките карактеристики и токму таа и ги определува односите меѓу половите. Тука лежат и никулците на машката доминација. Но во овој контекст се поставува и прашањето, дали е точно мислењето на извесни автори според кои женското прашање му претходи на класното и уште повеќе од ова, дека потчинетата положба на жената е во основата на класното општество и го овозможува неговото јавување.

Веднаш може да се рече дека постоењето на поделбата на трудот според полот уште од постанокот на човечкото општество се- уште не значи и постоење на зависна положба на жените во односот спрема мажите. Првобитната заедница (матријархатот) се одликува со постоење на рамноправни односи меѓу мажот и жената. Тоа е еднаквост што произлегува од неразвиеноста на средствата за производство, од неопходноста за личното заложување на секого за својот опстанок. Услови за нееднаквост и за експлоатација на туѓа работна сила се создадени дури тогаш кога посовршените средства за производство заедно со поделбата на трудот придонесуваат да се јави вишок од производите. Дури тогаш е можно присвојувањето на туѓ труд и производите од него, а ова е веќе одлика на класното општество. Произлегува дека потчинетата положба на жената не можела да настане пред да се создадат општи услови за појава на класите. Маркс и истакнува дека коебило ропство е последица на производните односи. Значи, потчинетоста на жената е историска категорија поврзана со појавата на приватната сопственост.

Ова не значи дека односите меѓу половите можат да се сведат само во рамките на класните односи. Ниту мажите ниту жените сами за себе не сочинуваат општествена класа. Тие како посебни полови од човечкиот вид постоеле пред да се создадат услови за појава на

класите, а ќе постојат и по нив. Но ваквите констатации не го објаснуваат односот што постои меѓу класното и женското прашање, а кој се разгледува во последно време од повеќе автори во светот[1] и кај нас.

Објаснувањето на односот што постои меѓу женското и класното прашање е значајно не само од теориска гледна страна, туку, уште повеќе, затоа што во него лежат насоките за практичното дејствување: дали треба да постои или не посебна женска организација која би се занимавала со решавањето на женското прашање.

Уште Бебел ги повикуваше жените да работат лично на сопственото ослободување бидејќи малку е веројатно дека мажите, како општествена група која има општествена моќ, ќе се борат за еманципација на жената. Ова не е само заради тоа што во досегашните општества интересите на мажите и на жените не се совпаѓаа, туку и заради тоа што од зависната и потчинетата положба на жените во општеството мажите имаа лична полза.

Извесни искуства и покажуваат дека не е ни марксистички оправдано жените своето ослободување да го очекуваат од мажите кои имаат монопол врз општествената моќ. Тука е битно да се истакне дека политиката, како облик на управување, е една од најстарите "машки" професии, па не е ни чудно што и денес жените сеуште малку се застапени во органите каде се креира политиката. Не само што е жената против машкиот начин на водење на политиката во кој е нагласена тенденцијата на хиерархичност во организирањето, борба за

------------------------

1) Прашањето за односот меѓу женското и класното прашање на повеќе наврати е поставувано во рамките на француските комунистичка и социјалистичка партија. Fields (1982), анализирајќи ги ставовите на овие две партии од француската левица, укажува дека заедничко за двете се сфаќањата дека жените не претставуваат посебна класа и дека движењето за еманципација на жената треба да биде интегрирано во борбата за социјализам.

Но, додека француската комунистичка партија е против какво било самостојно женско движење или на посебни женски групи во рамките на партијата (заради здружување на силите од двата пола во борбата за праведност и рамноправност), водачите на социјалистичката партија - врз основа на плуралистичките и помалу централистичките идеи - сметаат дека може да има одвоено (самостојно) женско движење т.е. феминистичко движење во рамките на социјалистичкото. Тие сметаат дека само професионално оспособени жени и ослободени од одгледувањето на децата, самостојно борејќи се преку сопствените сили за рамноправност, едновремено се и борци за социјализмот.

заземање доминантни општествени позиции и движење на политичката моќ во своите раце, туку уште повеќе од ова: таа во своето секојдневно живеење останува длабоко незадоволна од резултатите на така водената политика која ниту ги поставува, ниту ги застапува, ниту ги решава многубројните прашања кои се од битно значење за нејзиното лично ослободување како и за поинакви односи во семејството и пошироката општествена заедница.

Постоењето на посебни женски движења во светот, како и фактот што и во капиталистичките и во социјалистичките земји жените најчесто сами го поставуваат решавањето на "женското прашање", се должи на нераснатата свест за нечувствителноста од страна на мажите, кои ги држат најзначајните места во политиката, за "женските" потреби и интереси. Сеуште мажите се тие кои ги определуваат примарните потреби и интереси во една општествена заедница и затоа и не е ни чудно што во практиката тоа се најчесто нивните интереси. Оние што ги носат жените за нив се или секундарни или не се во согласност со нивното "машко" сфаќање или наједноставно не одат во нивна полза. Жените сѐ повеќе стануваат свесни дека не може да се очекува од едно раководно тело, исклучително или претежно составено од машки субјекти, да дејствува во правецот на остварувањето на посеопфатните промени во општествено-економските односи, бидејќи како такво во себе не може да ја носи богатата шареноликост од човечки желби и интереси. Тоа, како претежно машко тело, може да застапува само дел од општите интереси кои ги чувствува, а ова, се разбира, претежно можат да бидат машките интереси.

Не само поголем број жени, туку и сѐ поголем број мажи стануваат свесни за положбата на жената и за потребите од нејзино менување. Но кај нас промените на општествената положба на жените денес не се одвива во рамките на посебни женски организации, како што беше тоа Антифашистичкиот форнт на жените порано, туку е во рамките на пошироко сфатеното самоуправно дејствување и тоа во Конференцијата за општествена активност на жените како облик на дејствување на Социјалистичкиот сојуз. Како организациони облици на активност на жените можат да се формираат и посебни активи на жените во Организациите на здружен труд и во месните заедници и тоа тогаш кога се смета дека на таков начин жените од конкретната средина повеќе ќе се активираат и повеќе ќе бидат вклучени во самоуправните процеси. Конференцијата и активите на жените немаат претензии да се оформат и да прераснат во посебни и хиерархиеризирани женски организации кои

жената би ја изолирале, а "женското прашање" би го издвоиле како посебно.

Во нашето општество остварувањето рамноправни односи меѓу половите е замислено во рамките на севкупниот самоуправен развиток. Се стреми сите самоуправни социјалистички сили да дејствуваат свесно во правецот на хуманизацијата на меѓусебните односи како и на оние меѓу половите. Се водат практични акции за еманципација на жената и за решавање на "женските" прашања во најразлични домени, како на пример, на економски план се води сметка за материјалното осамостојување на жената; во областа на правото се донесуваат закони и се менуваат или се надополнуваат постојните во областа на семејството, брачните односи, општествената грижа околу децата, пензионирањете и слично.

За да може да се сфати овој денешен начин на поставување на женското прашање кај нас и неговото разрешување во практиката, треба да се вратиме на поставувањето и начините на решавањето на"женското прашање" во минатото но и на неговата перспектива.

Може да се претпостави дека "женското прашање" почнало да се поставува кога се јавила свеста за различните својства на единките од двата пола од кои оние на жената се вреднувани пониско, односно од кога почнуваат да се бараат причините за потчинетата положба на жената и патиштата и целите во нејзината еманципација, "женското прашање" се издвојува како посебно со цел да се надминат традиционалните односи меѓу половите.

Издвојувањето на "женското прашање" во почетокот може да се земе како стимулативен момент во борбата за еманципација на жената. И кај нас во одреден момент од развитокот АФЖ, како посебна женска организација, успешно ги мобилизираше жените во различни општествени активности. Но во текот на развитокот на самоуправувањето се согледа дека жената треба да биде вклучена секаде каде се донесуваат општествени одлуки. Изјаснувајќи се за засебноста на "женското прашање" кај нас, Деросси-Бјелајац (1982) вели: "Откажувајќи се од посебна организација на жените ние сакавме да го истакнеме фактот дека сите проблеми со кои се занимаваше организацијата на жените - а тоа се прашања кои жените посебно ги чувствуваат, кои нив најмногу ги мачат - се еминентно општествени проблеми и дека тие мора да станат составен дел на акцијата на сите организирани социјалистички сили" (стр.1036). И откако нагласува дека сеуште кај нас жените не учествуваат во самоуправните органи и секаде каде се одлучува во доволна мера, што ја става под прашалник нашата ориентација, истиот

автор вели дека "прашање е дали излезот го гледаме во создавањето посебни организации на жени или во потенцијалните можности кои со себе ги носи развитокот на самоуправувањето... Жените се масовно присутни во работниот процес, и од тоа како ќе се развива самоуправувањето во основните општествени заедници ќе зависи пресудно нивното вистинско влијание врз процесите на одлучување во општеството" (стр.1036).

За одбележување е дека кај нас жените се повеќе подготвени од мажите да ги преземат одговорностите во ООЗТ и во месните заедници, едновремено кај мажите се забележува стремеж кон повисоки општествени положби. Ова значи дека во процесот на децентрализацијата на власта се создаваат можности жените во рамките на слободните асоцијации на производителите и како граѓани да бидат еднакво ангажирани колку и мажите таму каде што се создава доходот и каде што се решаваат животно важните проблеми.

Можеме да речеме дека не се согласуваме со феминистичкиот став за постоење на женска специфичност, посебност на жената и посебно женско прашање што треба да се решава перспективно во посебно организирани женски организации. Ни една организација не ќе биде во состојба успешно да ги решава проблемите за постигнување вистинска рамноправност во односите меѓу половите ако едновремено во неа не бидат непосредно заеднички вклучени и жените и мажите.

Проблемите што се поставуваат во рамките на "женското прашање" се јавиле историски и се условени од односите меѓу половите во процесот на трудот и токму тука треба да се поставуваат и тука можат и да се решат. Потчинетата положба на жената може да се надмине само преку ослободувањето на трудот и човекот од наемната положба. Со други зборови, рамноправните односи меѓу половите нема да се постигнат преку третирањето на жената како припадник на одреден пол, туку како работник. Бидејќи трудот ја определува човековата природа, значаен е односот меѓу производителите во процесот на трудот, нивниот однос кон средствата за производство и распределбата на производите од него. Во ваков случај може да се рече дека "женското прашање" наполно се исцрпува во класното.

Овде на крајот, со право можеме да се запрашаме што е тоа "женско прашање" и кој треба него да го решава.

"Женското прашање" може да се определи како збир од проблеми кои произлегуваа и произлегуваат од улогата на жената во општеството. Тука влегуваат проблеми кои произлегуваат од нејзиното

место во семејните односи, во образованието, во здружениот труд и т.н. Едно вакво расчленување на женското прашање покажува дека тоа не е ниту само едно прашање ниту е само женско прашање. Положбата на жената во општеството не може да се издвои од положбата на човекот воопшто во него. А таа е определена преку трудот и односите во него. Според тоа не се потребни посебни женски организации за решавање на проблем што не е само нивен. Ова да го илустрираме во нашиот случај само преку предучилишните организации на здружен труд. По нив, како еден од облиците на поопштествување на воспитните функции на семејството, се решава дел од комплексот "женски прашања". Но тука е очигледно дека не станува збор само за женски прашања, ниту пак дека нив треба и можат да ги решаваат само жените.

## 2. Историско потекло на половите улоги и нивниот развој во процесот на хуманата онтогенеза

Ставовите на класиците на марксизмот за односите меѓу половите во нашата јавност се изнесувани и толкувани од повеќемина. Меѓутоа, може да се забележи дека во изнесувањето на овие сложени прашања не е доволно искористен или отсуствува самиот марксистички метод како можен приод во понатамошното нивно расветлување. Токму затоа, целта на натамошното изложување не е да им се вратиме на извесни ставови на класиците на марксизмот во врска со положбата на жената, туку, тргнувајќи од марксистичкото учење за човековата природа, ќе се обидеме да ги расветлиме <u>историските</u> услови кои придонесоа да се јават половите разлики во психолошките карактеристики, половиот идентитет и половите улоги. Истите ќе ги поставиме во рамките на историската психологија како научна дисциплина која себе си поставува за цел да ги проучи промените во психичките функции и менталните организации во целина во текот на историскиот развиток во една иста заедница.

Според марксистичкото учење суштината на човековата природа се создава и се присвојува во текот на историскиот процес од самиот човек низ општествено-производната дејност чија цел е да се создаваат производи што ќе ги задоволуваат човековите потреби. Значи, човекот е сфатен како општествено и историско битие и како битие на практиката.

Маркс го истакнува и фактот дека преку трудот, како еден вид дејност што е карактеристична за човекот, "субјектот

минува во објект". Имено, во процесот на менувањето на природата, човекот создава производи во кои тој, како субјект, остава и дел од сопствените психички доживувања. Во произведените предмети внатрешните, менталните активности, добиваат надворешен облик. На тој начин, според Маркс, се создава "неорганско тело" на човекот, односно производи на материјалните и духовните култури. Токму проучувањето на последниве го овозможува согледувањето на историскиот развиток на психичките особености и менталните организации во целина на лицата што биле нивни творци. Зачуваните културно-историски производи се сведоштво за процесите на менувањето на природата и општествената средина, но едновремено укажуваат и на промените во психичките карактеристики на луѓето што ги создавале. Тие се доказ за дијалектичкиот процес што се одвива меѓу субјектот и објектот.

Ако се проследи развитокот на човекот тогаш се забележува дека, од појавата на хомо сапиенс во младиот палеолит до денес, нема докази за промена во големината и структурата на човечкиот мозок. Од друга страна, анализата на производите од материјалната и духовната култура покажуваат забележителен напредок во когнитивните способности и воопшто во појавата на повисоки и посложени општи структури на менталното функционирање или пак сѐ поголемо богатство на содржини што ја сочинуваат менталната организација во целина и личноста како таква. Како да се објасни овој напредок?

Меѓу првите советските психолози Виготски, Леонтјев и Рубинштајн, тргнувајќи од марксистичкото учење за човекот, вниманието го насочија кон согледувањето на заемните односи меѓу практичните и психичките активности и покажаа дека повисоките психички функции се плод на практичните активности и дека воопшто психичкиот развиток на човекот се врши, како што вели Маркс, по пат на "присвојување" на општественото искуство. За разлика од животните, чиј развиток е определен од наследството и индивидуалното искуство што е стекнато по пат на адаптација на вродените можности на дадени животни услови, кај човекот можностите за развој се отворени за еден посебен вид искуство - општественото искуство - што единката има можност да го стекне заради тоа што истото е фиксирано во производите на материјалните и духовните култури што ги создало човештвото.

Виготски го употребува изразот "социогенеза" на повисоките облици на поведение. Тој го формулира општиот генетички закон на културниот развиток според кој, "... сите повисоки психички функции се интериоризирани социјални односи и ја сочинуваат основата на социјалната структура на личноста. Нивниот состав, генетичката

структура, начинот на функционирање, со еден збор целата нивна природа, е социјална и дури и кога се преобразуваат во психички процеси тие остануваат социјални. Човекот и кога е сам со себе ја задржува функцијата на општење" (Виготски, 1972, стр.84).

Овде очигледна е нагласката дека, на пример. личниот идентитет, самосознанието, самоконтролата и другите повисоки и сложени облици на поведенија и ментални функционални системи се подоцнежен плод на културно-историскиот развиток и имаат социјално потекло. Поинаку речено, повисоките ментални функции се изградуваат и нивните конструктивни елементи произлегуваат од заедничките практични активности, од социјалните контакти, од симболичките системи.

Ако се води сметка за погоре реченото произлегува дека половиот идентитет (под кој се подразбира интимно чувство и сознание што го имаме за припадност на определен пол и кој е само еден аспект од личниот идентитет) е скорашен историски производ. Во текот на историскиот развиток на човекот карактеристично е јавувањето на личната свест за другиот и за себе како за припадник на едниот или на другиот пол. Самата пак таа свест за постоење на лица од различни полови е историски променлива категорија. Овде само ќе укажеме дека можат да се издвојат и извесни општи сличности меѓу создавањето и менувањето на свеста за другиот пол во текот на историскиот развиток на човечкиот вид како таков и создавањето на иста таква свест кај секоја човечка единка во текот на нејзиниот индивидуален развиток. Тука, пред сѐ, мислиме на фактот што таа свест се создава и постојано ги збогатува своите содржини, а ова придонесува таа да се изразува како креативен фактор за натамошен развој на човековата личност во тотална личност.

За да можат да се објаснат половите разлики во психолошките карактеристики треба да се рече нешто за тоа како поделбата на трудот меѓу половите во текот на историскиот развиток се одразува врз нивниот психолошки развиток.

Според Марксистичкото сфаќање субјектот ќе ги развие оние потенции што ги вежба во процесот на трудот. Ограниченото изведување само на некои дејствија од страна на субјектот придонесува тој одредени способности да ги развие до совршенство, а ова го овозможува и јавувањето на огромните материјални и културни придобивки во современата цивилизација. Но истата оваа поделба на трудот, од друга страна, е и сопирачка во развитокот на личноста бидејќи лицето кое извршува само ограничени дејствија може да развие и само некои способности, потреби и интереси. И за поделбата на трудот

според полот може да се рече дека создава различни услови за развиток на психолошките поведенија кај машките и женските единки. Ова и го покажуваат бројните емпириски истражувања во кои се констатира постоење на полови разлики во психолошките карактеристики за кои уште се покажува и дека не се трајни својства што се засновани единствено на биолошките моменти, нити се исти во различни култури. Имено, ако се пратат половите разлики во психолошките карактеристики преку производите од материјалната и духовната култура во една иста општествена заедница или ако се прават споредби меѓу различни култури, се забележува нивна променливост. Таму каде извесни карактеристични полови разлики во психолошките карактеристики упорно се одржуваат, може да се види дека и самата поделба на трудот според полот останала суштински иста во две основни сфери: јавната, во која или се вклучени само мажите или тие се повеќе вклучени од жените бидејќи, на последниве, секогаш како значајни им остануваат активностите од другата - приватната сфера. Домот и семејството остануваат, најчесто, како грижа на жената и тогаш кога таа е вклучена во јавниот живот.

Ќе се задржиме сега на културно-историската условеност на половите улоги, сфатени како релативно издиференцирани и организирани системи поведенија зависни од интеракционата целина на машки и женски субјекти. Според оваа определба половите улоги се очекувани и карактеристични поведенија за лицата од определен пол и претпоставуваат постоење на една целосна когнитивна организација на систем од различни улоги кои се во меѓусебен воодност.

Историскиот развиток на половите улоги најдобро може да се согледа ако им се пријде од аспектот на марксистичкото сфаќање за трудот.

Маркс и Енгелс трудот го сметаат за генеричка суштина на човекот. Според нив, со помош на трудот човекот успева да се издигне над природната средина. Значи, настанувањето на човекот и неговиот развиток се неминовно врзани со трудот. Така, на едно место, Маркс (1961) вели дека човечката историја "... не е ништо друго освен производство на човекот со помош на човечки труд". При сето ова значајно е дека Маркс ја истакнува зависноста на човековите поведенија од неговата положба во процесот на трудот и од неговиот однос со другите луѓе во истиот. На ваков начин Маркс всушност ги нагласува значењата што ги имаат улогите на поединците во рамките на заемниот однос во процесот на трудот во обликувањето на нивните психолошки особености.

Се поставува прашање дали веќе со самата појава на трудот, како процес што се одвива меѓу човекот и природата, уште во првобитните заедници, постојат и првите разграничувања на работните активности меѓу луѓето според полова и возрасна припадност.

За првата поделба на трудот Маркс смета дека е самониккната поделба, заснована врз биолошко-физиолошките разлики меѓу единките од двата пола како и на оние на различните возрасти. А кога за прв пат таа се јавува?

Одговорот на погоре поставеното прашање бара да се разгледа накусо постанокот на човекот[1].

Најстарите луѓе чиј заеднички назив е arhantropusi или повеќе познати како pitekantropus од островот Јава и sinantropus или пекиншки човек/ живееле во постариот палеолит (од 800.000 или милион до 50.000 г.п.н.е./. Тие употребувале груби камени и коскени орудија. Sinantropusot веќе го користи огнот за загревање и печење на месото, иако изгледа дека не знаел сеуште сам да го запали. Користел и извесни "прасадови" од обработените черепи на некои животни.

Како битни својства кои првите луѓе ги издвојуваат од животните се правењето груби орудија, користење на огнот и заедничкиот лов. Сето ова им овозможува да се организираат во прво, иако многу примитивно општество, а во него и како такво можат да се надзрат првите можни никулци на поделбата на заедничките активности според некои особености на членовите од заедницата. Така, можно е дека мажите, како физички појаки и спремни за постојани движења и преместувања, повеќе да се занимавале со ловење, додека жените и децата собирале плодови околу живеалиштето, го одржувале огнот, го подготвувале месото и сл.

Според податоците за организираноста на првобитните заедници на архантропусите може да се претпостави дека првата поделба на активностите според полот (и возраста) можела да почне да "самониккнува" веќе во нив и токму таа, заедно со поусовршените производни сили, и го овозможува натамошниот општествен развиток.

Кај неандерталецот, како следна етапа во еволуцијата на човекот (150.000-40.000 г.п.н.е.), се забележува своевидна култура т.н. мустиерска култура на каменото време, што е претходник

---

1) Основни податоци за реконструкција на постанокот на човекот пред сè, гиземавме од книгата "Свет око нас", 1976.

на културата на младиот палеолит и на денешниот човек. Неандерталецот правел прилично добро обработени орудија од камен, коска и дрво, ловел и крупни животни (а последново бара добра организација меѓу повеќе ловци и досетливост). Тогаш се јавува потребата за договор меѓу поединците, па иако неандерталецот не овладеал со артикулираниот говор, веројатно е дека тоа почнал да го прави. Може да се рече дека односите меѓу членовите од заедницата биле одредувани од веќе постоечки непишани морални норми за што е сведоштво обичајот на закопување и правење споменици. Бидејќи се раселиле и во постудените краеви изгледа дека знаеле и да палат оган, а и да ја користат кожата од животните како облекло.

Според сето речено, може да се претпостави дека поделбата на активностите меѓу членовите од заедницата била многу порасчленета и подобро организирана.

Во младиот палеолит (50.000-10.000 г.п.н.е.) веќе се јавува денешниот човек homo sapiens (разумен човек) во чиј развоен ланец кромањонецот е најстар претставник. Овa се "пештерски луѓе" кои оставиле траги дека овладеале со симболичките способности 1) Правеле подобри орудија и оружја, ловот им бил најважно занимање, а бидејќи биле вешти и добро организирани можел да се јави и вишок од уловот на крупните животни. Се чини и дека во овој период се создадени предуслови за појава на доминантна општествена положба на мажите. Имено, бидејќи ловот се смета за главно занимање кое обезбедувало храна и него го изведуваат мажите, тие почнуваат и да го контролираат месото и неговата распределба. Бидејќи ловот на крупни животни бара организација, соработка меѓу поединците, се создаваат услови мажите први да се организираат во машки сојузи во процесот на трудот и за распределба на резултатите од него.

Во неолитот (10-3 илјади г.п.н.е.), кога се јавува меѓу другото и полјоделството, а особено при неговиот крај кога доаѓа до значаен напредок на производните сили, се создава вишок

---

1) Во пештерата La Ferrassie во Француската покраина Périgord на големи камени блокови се вклесани ликови на животни и разни симболи чија старост се проценува на 25.000 г.п.н.е. и е засега најстар датиран примерок според Гинисовата книга на рекорди (1977, стр. 118). Инаку во други извори се споменува пештерата Алтамира во Шпанија. За сликата на бизонот во природна големина во неа во Илустрираната историја на светот (1978) се вели дека веројатно е направена пред 35.000 г.п.н.е.

вишок на производи. Токму последново овозможува да се јави приватната сопственост и нееднаквоста меѓу луѓето бидејќи поединци доаѓаат до средства за живот преку сопствениот труд, а други преку присвојување на туѓ труд и производите од него. Во овој период за нас е битно дека се создаваат нови потреби во самиот човек: да биде сопственик на производните сили и да експлоатира туѓа работна сила. Со самото тоа се јавуваат и нови производни односи и првото класно општество.

Значи дека сè посовршените средства за производство и сè поусложената поделба на трудот меѓу поединците влијаат врз општествено-економскиот развиток и го определуваат типот на општествено-економската формација. Но сеуште не е речено од каде произлегува класните општества да се од патријархален тип т.е. водечката, доминантната улога во нив да ја имаат мажите.

Од каде произлегува првото класно општество едновремено да е и патријархално? Како течел процесот на јавување на доминантна општествена положба на мажот?

За да може ова да се објасни, потребно е да си припомниме за тоа како поделбата на трудот меѓу половите се одразува врз нивните психолошки карактеристики. Основниот извор од кој произлегува доминантната општествена положба на мажите е токму поделбата на трудот во зависност од половата припадност. А последново не толку заради тоа што мажите ги вршеле основните дејности значајни за опстанокот на заедницата, колку заради промените во нивните психолошки карактеристики и потреби до кои тие доведуваат. Имено, во самиот процес на трудот, во текот и заради вршењето на определени дејности, како што се ловењето или бранењето на заедницата, мажот требаше да овозможи победување на некого, издигнување над него, негово уништување или потчинување, за да може на крајот да го употреби за свои цели. А ова е и патот кој го води до јавување на потреба за доминација и над другите членови во потесната заедница, а во неа пред сè над жената и над децата како послаби од него. Едновремено кај жената, активностите со кои таа се занимавала, доведуваат до создавање на други потреби во односите со луѓето - таа требаше да овозможи не само да се роди нешто ново, туку и да израсне (детето, засадениот плод). И додека кај мажите се јавува стремежот за доминација и барање начини да се заземе доминантна општествена положба, жените беа зафатени со активности околу помагањето на другите да се развиваат. Мажите почнуваат да се организираат во машки групи најпрвин во ловот, а потоа и заради војувањето, водење политика, а жените

останувааат во рамките на живеалиштето и семејството.

Значи,потребата за доминација кај мажите се јавува постепено и произлегува од поделбата на трудот според половата припадност. Истата оваа потреба за доминација се зацврснува и станува нагласена и очигледна кога е поткрепена со можност да се располага со вишок од прехранбени производи и со туѓа работна сила. Сè дури нема можност да се создаде вишок од прехранбени производи, сè дури секоја единка мора да работи за голиот секојдневен опстанок, членовите од заедницата се принудени да соработуваат врз рамноправна основа. Но тогаш кога усовршените средства за производство и поделбата на трудот овозможија да се јави вишокот на прехранбени производи, поделбата на трудот според полот станува натамошна поткрепа за зацврснување на веќе започнатиот развиток на потребите за доминација кај машките единки. Дури за овој степен од развитокот т.е. тогаш кога има вишок на средства за живот, може да се рече дека важи Марксовата и Енгелсовата поставка дека "... поделбата на трудот и приватната сопственост се идентични изрази: во едниот случај се зборува во однос на дејноста истото она што во другиот - во однос на производот од дејноста" Маркс и Енгелс, 1961, стр. 411). Инаку, сметаме дека првин се јавила поделбата на трудот и таа заедно со усовршените средства за производство го овозможува јавувањето на приватната сопственост и потребата од експлоатација на туѓа работна сила.

Поделбата на трудот според полот (и возраста) како прва поделба на трудот го овозможува општествено-економскиот развиток на заедницата, но само до определен степен во општиот развој на човечкиот вид и човечкото општество како такво. Во определена етапа од развитокот станува јасно дека едновремено, истата таа поделба, создава услови за јавување на нерамноправни односи меѓу половите и е сопирачка во развитокот на единката бидејќи ја парцијализира, дава можности да се развијат само некои нејзини потенции. Оттука е јасно дека при организираното влијание врз половите улоги битно е да се дејствува врз промената на постоечката поделба на трудот според полот и таа е првиот и основниот фактор што ќе овозможи надминување на денешната состојба на доминантна општествена положба на мажите и сестран оптимален развој на единките независно од половата припадност. Ова не значи дека поделбата на трудот меѓу единките во заедницата нема да постои во иднина, туку само значи дека таа не треба да се заснова на половата припадност. Во тој правец е поправилно да се зборува за општествена поделба на трудот, а не за полова.

Да се задржиме сега на разграничувањето на половите улоги од поделбата на трудот според полот.

Првата природна поделба на трудот според полот само никнува врз биолошките разлики меѓу половите. Но во овој период од развитокот на човечкиот вид нема никаква основа да се зборува за постоење на полови улоги како организирани системи поведенија. Разграничените дејствија меѓу единките во првите човечки заедници постојат како такви во нивните меѓусебни односи во процесот на трудот. Тие се реални, вистински социјални односи меѓу припадниците од различен пол. Но сеуште не може да се зборува за постоење свест за некакви очекувани поведенија, карактеристични за единките од одреден пол. Може да се рече дека различните активности што ги изведуваат машките и женските единки придонесуваат постепено да се формираат разлики меѓу половите во психолошките особености, а дури потоа се јавува и свеста за тие разлики, свест за постоење на машки и женски единки од кои се очекуваат определени поведенија. Оваа свест понатаму се развива во облик на свест за себе, за својот полов идентитет, а таа се изразува како вид социјален контакт со самиот себе.

Денес сеуште се актуелни прашањата за природата на половите разлики во психолошките карактеристики, потеклото на половите улоги како и за правците на нивниот натамошен развој. А тие како такви се само уште едно сведоштво дека личниот идентитет е подоцнежен производ во историскиот развиток на психичките структури. Свесното и организираното влијание од страна на социјалната средина врз формирањето личности кои ќе можат оптимално да ги развијат наследените диспозиции е скорашна тенденција во воспитно-образовниот процес при што, меѓу другите прашања, и она за потеклото на половите разлики во психолошките карактеристики и половите улоги како такви треба да добие јасен одговор.

Од досега реченото произлегува дека половите улоги постепено настануваат во текот на историскиот развиток и дека тие по својата природа се социјални. Ова е значајно теориско сознание бидејќи укажува на правецот во кој треба да се бараат корените на половите улоги во текот на хуманата онтогенеза и можностите за организирано влијание врз нив. Историското потекло на половите улоги укажува и на нивната променливост во зависност од општествено-економските услови на живеење. Ова може да се илустрира преку споредба на извесни сведоштва за односите меѓу половите во минатото на еден народ, како што се, на пример, народните песни и обичаи, со денешни-

те односи меѓу истите. Исто така,можни се и компаративни истражувања на односите меѓу половите во различни современи општества.

Социјалното потекло на половите улоги укажува и на патот на барањето по психолошните процеси со помош на кои можат да се стекнат половите улоги во текот на хуманата онтогенеза. Бидејќи половите улоги, сфатени како организирани системи поведенија, најнапред се реални социјални односи, систем односи што вистински постои во интеракцијата меѓу луѓето, детето нив преку социјалното учење ги усвојува во почетокот како односи што постојат надвор од него, меѓу припадниците од двата пола, а потоа и како дел од себе, како дел од сложената ментална структура, од личноста.

Значи,во определена општествена заедница постојат изградени системи на односи меѓу половите, а детето нив ги усвојува по пат на социјално учење. Прво се тоа односи што постојат надвор од детето, а потоа стануваат дел од него, се повнатрешнуваат и стануваат дел од личноста. Детето учи определени поведенија што се плод на искуството на минатите генерации, ги усвојува како дел од својата ментална структура и понатаму ги развива во текот на заедничките практични активности и воопшто во социјалната интеракција со другите.

Очигледно е дека познавањето на социјализацијата на единката, процесите преку кои таа се врши, како и агенсите на социјализацијата, ќе овозможат да се разберат стекнувањата на половите улоги во текот на индивидуалниот развиток како и можните приоди кон нивното менување.

Половите улоги децата од примитивните општества ги учат во непосредниот контакт со возрасните во процесот на трудот во кој и самите се непосредни производители. Но во определен степен од општествено-економскиот развиток се создаваат предуслови детството да се издвои како посебен период од развитокот на единката во кој децата се оспособуваат за вклучување во светот на возрасните. Посебните детски заедници се создаваат тогаш кога децата не можат да се вклучат во процесот на производството на возрасните бидејќи тоа се одвива со поусложнети орудија чие ракување бара подолго обучување и во услови на поусложнета поделба на трудот.

Во такви услови за половите улоги може да се рече дека се учат преку игрите на улоги, онака како што тоа го изнесува, меѓу другите и Ељкоњин (1981). Но ако доследно се следи општиот генетички закон на културниот развиток на повисоките психички функции што го формулирал Виготски (и за кој се придржува но не и докрај

Елкоњин) тогаш на развојните степени на игрите на улоги што ги изнесува Елкоњин (и тоа развој од конкретни предметни активности спрема воопштени игровни активности и понатаму спрема игри на улоги, а меѓу последниве и игри на полови улоги) треба само да се придодаде и последниот степен во тој развиток: поонатрешнување на социјалните модели на однесување како дел од себе и како регулатори на сопственото однесување.

Изгледа дека прво се јавуваат посебните машки детски заедници. На оваа претпоставка нѐ води самата поделба на трудот според полот во која жената и децата остануваа околу живеалиштето. Девојчињата, на таков начин, имаа можност да ги учат "женските" дејности директно во процесот на заедничките практични активности со возрасните женски модели. Од друга страна, активистите што ги вршеле жените биле поедноставни и се повторувале секојдневно, што исто така го олеснувало нивното учење. Момчињата, од своја страна, биле принудени самостојно да овладуваат со орудијата што ги употребувале татковците. Тие требало да се докажуваат дека можат да прават исто толку добро, дури и подобро од нив. Така, меѓу другото, се јавува и потребата за самодокажување, натпреварување, да се биде подобар, да се доминира.

И подоцна, додека жените остануваат во рамките на исти или слични активности околу одржувањето на семејството и домаќинството, мажите овладуваат со нови, посложени орудија, а на момчињата им треба повеќе време за да овладеат со нивната употреба. Но на таков начин тие стануваат повеќе подготвени за новите,подоходовните занимања, а ова уште повеќе ја зацврснува нивната доминантна општествена положба.

И така, изведувајќи ги истите активности како возрасните од истиот пол, се создаваат услови да се развиваат и слични психолошки особености и способности како кај нив.

Во поразвиените општествено-економски заедници половите улоги се испретплетени во сложената мрежа од улоги и губат од строгата ограниченост само за едниот пол. Во таквите општества е усложнет и процесот на учење на половите улоги како за момчињата така и за девојчињата. Додека во општествата на низок степен во развитокот децата рано се запознаваат со обврските што ги поставува живеењето и рано се осамостојуваат бидејќи и нивниот развиток завршува рано, во развиените општества процесот на израснување се продолжува и сѐ повеќе во текот на воспитно-образовниот процес почнува да се води сметка не само за половата припадност, туку и за

индивидуалните способности, интереси и потреби. Ако некогаш било доволно да се совладеат дејствијата на едноставните практични активности на возрасните од истиот пол и да се стане како нив, во определен степен од развитокот половите улоги почнуваат да бидат со пирачка и нужно го наметнуваат прашањето за правата човекова природа и можностите за нејзиното остварување како тотална личност во марксова смисла на зборот.

## 3. Ослободување од "женскоста" или нејзино остварување

Основните општи поставки на Маркс за суштината на човековата природа и денеска се актуелни и не се надминати. Според него, суштината на човековата природа се создава и се присвојува во текот на историскиот процес од самиот човек со помош на неговиот труд. Менувајќи ја природата и општествената средина, човекот се менува и самиот себеси. Тоа е дијалектички процес, што се одвива меѓу субјектот и објектот. Маркс го нагласува фактот дека во текот на историскиот развиток човекот гради свест за себе како вид и со тоа создава предуслови не само да се согледа себеси каков е, туку и да определува и каков треба да биде.

Во определувањето на суштината на односот меѓу мажот и жената никој не одел подлабоко од Маркс и Енгелс што може да се види, покрај другото, и од следниот мошне често подоцна цитиран текст: "Непосреден, природен, нужен однос на човек спрема човек е <u>односот на мажот спрема жената</u>. Во тој <u>природен</u> однос на видот односот на човекот спрема природата непосредно е и негов однос спрема човекот, неговото сопствено <u>природно</u> определување. Во тој однос се <u>покажува</u>, значи, на <u>сетилен</u> начин, сведено на очигледен <u>факт</u>, колку човечката суштина му станала на човекот човекова суштина. Од тој однос може, значи, да се процени севкупниот степен на човековото формирање. Од карактерот на тој однос следи колку <u>човекот</u> станал за себе и колку себеси се сфатил за <u>суштество од видот</u>, како <u>човек</u>; односот на мажот спрема жената е <u>најприроден</u> однос на човек спрема човек. Во него, значи, се покажува колку е природното однесување на човекот <u>човечко</u> или колку <u>човечката</u> суштина нему му станала <u>природа</u>. Во тој однос, исто така, се покажува колку <u>човечката</u> потреба станала <u>човечка</u> потреба, колку, значи, <u>другиот</u> човек како човек му станал потреба, колку е тој во своето најиндивидуално

постоење едновремено и општествено битие (Маркс и Енгелс, 1972, стр.236).

Од овој цитат јасно произлегува дека, според Маркс и Енгелс, односот на мажот спрема жената, од една страна, го покажува односот што постои меѓу човечките суштества и нивната општествена припадност, а од друга страна, го покажува и односот на човекот спрема сопствената природа, неговото сфаќање за самата суштина на човековата природа.

Според изворното марксистичко учење,а што може да се согледа и од погоре приведениот текст, односот меѓу луѓето треба, пред сè, да биде однос меѓу општествени индивидуи, а односот на мажот спрема жената е сфатен како однос меѓу две суштества кои, пред сè, му припаѓаат на ист животински вид - човечкиот вид.

Кај нас сретнуваме две различни толкувања на марксистичкото сфаќање за еманципацијата на жената. И во двата случаи се тргнува од изворниот марксизам, а се доаѓа до различни теориски заклучоци во сфаќањето на човековата природа, иако приодот кон практично остварување на крајната цел - создавање услови за развој на потенциите што единката ги носи би изгледал исто.

Едното стојалиште накусо е изразено на следниов начин:"...еманципацијата на жената, еманципацијата од полноста како негативно определување на човековата припадност на видот се поставува како прашање на остварување на човечките можности во историскиот процес на општественото движење" (Милиќ, 1981, стр. 5-6).

Другото стојалиште може да се согледа преку следниов основен постулат: "...ослободувањето на жената не се состои во нејзиното ослободување од женскоста, туку во нејзиното остварување, т.е. овозможување таа да стане сестрано човечко суштество, а со тоа да биде жена, женско и женствено без никакви комплекси и чувство на вина " (Ѓорѓевиќ, 1975, стр. 80).

Сметаме дека ако понатаму ја развиеме мислата на авторот од првото гледиште, таа би одела во правецот на потребата од остварување на свој идентитет кој не треба да се гради засновувајќи се врз припадноста на даден пол, туку врз основа на општата заедничка припадност на човечкиот вид. И уште повеќе од ова: постојат извесни ограничувања на можностите на сопствениот развиток од страна на конкретниот развиток на општеството на кое му припаѓа единката. Според тоа, авторот ги определува, од една страна, насоката на движењето кон целта: еманципација од полноста како негативна определба и, од друга страна, ограниченоста, зависноста на таа

еманципација од конкретните општествено-економски услови на живеење.

Второто гледиште го развива самиот автор изнесувајќи три основни фази во развитокот на сфаќањето за женскоста почнувајќи од појавата на првата свест за разликување на суштествата според полот.[1] Во првата фаза женскоста е сфатена како инфериорност, хендикеп, но колку и да ни изгледа денес ова сфаќање сопирачка во остварувањето на правата човекова природа, тоа сепак, гледано историски, е првиот чекор во освестувањето за постоењето на жената како посебен квалитет на животот, како посебен, па макар и потчинет субјект во односот со машките субјекти. Ова е само едно од сфаќањата на човекот за човековата природа во текот на историскиот развиток. И токму оваа свест за различните особености на половите, од кои оние на жената се со помала вредност, ги создаваат можностите за јавување на борбата за еманципација на жената, за јавување на поинаква свест за суштината на човековата природа. Преиспитувањата околу посебностите на жената водат најнапред до втората, а потоа и до третата етапа во сфаќањето на женскоста.

Во втората етапа, во името на еднаквоста меѓу половите, женскоста е изедначена со машкоста, т.е. постои стремеж еманципацијата на жената и формирањето на нејзиниот идентитет да се оствари преку присвојувањето на машки модели, (оваа фаза кај нас, покрај другото, може да се согледа и преку анализата на сликовниците за деца кои прикажуваат женски ликови осиромашени од женски типични особини со цел да се биде како машките).

Третата етапа е обид да ѝ се пријде на жената како различна од мажите, а тие разлики не би требало да значат ниту нејзина супериорност ниту нејзина инфериорност. Разликите се земаат за производ како на специфичната биолошка, така и на специфичната социјална еволуција на жената. Стремежот кон сестрано развиена личност не би требало да значи ослободување од женскоста туку нејзино остварување, т.е. неопходно е да се создаваат услови потенциите што ги носат жените да се развиваат исто толку слободно како и оние што ги носат мажите. Жената би требало да се стреми да ја оствари својата"женскост" како особеност во името на својата специфичност. А

1) Веднаш може да се рече дека сфаќањата за тоа што значи да се биде машко а што женско, не мора да поминат низ фазите што ги изнесува Ѓорѓевиќ. Тие не претставуваат неопходни развојни фази, ниту во текот на филогенезата ниту во онтогенезата. Но за нас е битно дека преку нив авторот ја истакнува развојноста, историската променливост на содржините што во себе ги крие согледувањето на половиот идентитет како таков.

еве што всушност авторот подразбира под терминот "женскост": "...женскоста е израз на специфичноста и идентификување на жената, а со тоа и на нејзиното разликување од суштествата од другиот пол, односно од машкото. Женскоста не воспоставува разлика меѓу жената и мажот како човечки суштества. Оваа разлика е специфична карактеристика меѓу човечки суштества од различен пол". Потоа авторот истакнува дека: "Жената е човек во иста мера колку што е и мажот, што не значи дека меѓу нив нема биолошко-психолошки и социјално-културни разлики кои се условени од природниот развиток на видот и општествениот развиток на човечката индивидуа" (Ѓорѓевиќ, 19 1975, стр. 44-45).

Во двете погоре наведени гледишта заедничко е мислењето дека постојат разлики меѓу половите денес, но нема согласност за насоката кон која треба да се движи еманципацијата на жената: според првото сфаќање треба да дојде до еманципација од полноста како негативни одредба на човековата припадност на видот, а според второто жената би требало да ја оствари својата "женскост" како специфичност[1]. Ако се обидеме организирано да му пристапиме на остварувањето на крајните цели од овие две стојалишта, наидуваме само на едно можно решение: создавање услови за развивање на сестрана личност. А дали последнава, како максимално остварување на сите потенции што човекот ги носи во себе во оптимални срединскиуслови за развој, ќе биде ослободена од полноста како негативна одредба на човечкиот вид, или ќе добие некои психолошки својства кои, покрај другото, можат да се должат и на евентуално постојните различни биолошки потенции кај единките од двата пола? Она што без двоумење веднаш може да се рече е дека"женскоста", онака како што денес е сфатена, означува повеќе "женственост" чиј битен белег се пасивноста, нежноста, таинственоста и слично. А вака сфатената "женскост" е само израз на идејата што ја имаме направено ние луѓето за улогата на жената во досегашните општества. Според тоа "женскоста", како што досега е согледана, не ја изразува вистинската женска природа.

---------------

1) Во последната своја книга (Ѓорѓевиќ, Ј.: Социјализам и слобода, Просвета, Београд, 1982) авторот им се навраќа на "женствени... или женските особености како на "нејасен проблем што збунува" во поглед на факторите што ги условуваат: "Над и надвор од очигледните и неизбежните физиолошки разлики меѓу машкиот и женскиот пол, карактеристиките на жените како такви се последица на општествените односи и структури. Влијанието на оваа вековна условеност довела до тоа тие особености да се јават како еден

Пред нас, уште еднаш, отвореното прашање за вистинската човекова природа се поставува со сета своја загадочност: до каде одат генетичките граници на културното влијание? До каде се протегаат генетичките разлики меѓу половите? Дали постои машка и женска "генетичка неминовност", односно наследено стабилно специфично "фиксно јадро"[1], кое ја предодредува машката и женската судбина? Дали може врз основа на карактеристиките што можат да се посматраат - фенотипите, да се заклучува за скриените особини, за состојбата на гените - генотипите? Ако организмот е плод на меѓусебното влијание на наследството и средината, дали може да се определи уделот на секој од нив? Какво е влијанието на активноста на самата единка во вообликувањето на себе си?

Денес никој не се сомнева дека организмот носи со себе наследени диспозиции, определени наследени фиксни јадра. Прашањето за постоењето на едно специфично фиксно јадро што го поставува Чомски во своите истражувања во рамкита на генеративната граматика, што тој ја разработува во написите околу лингвистичките универзалии, во нашето истражување за разрешувањето на алтернативата "ослободување од женскоста или нејзино остварување", би можело да се постави во обликот: "Дали постои специфично фиксно јадро од кое се развива машка, односно женска единка со свои специфични особености подоцна?".

Ќе се задржиме најпрвин на еден прост факт што го истакнува Changeux[2] а тоа е дека е невозможно гените да ги диктираат специфичностите на сите синапси што ги има во човечкиот мозок околу $10^{14}$ па дури и повеќе. Тој смета дека она што е диктирано од

---

вид "втора" природа "на жената" (стр.168). Ова е точна констатација на основните фактори кои го условиле воспоставувањето на половите разлики во психолошките особености во текот на историскиот развиток. Недостасуваат само алки за објаснување на процесите на воспоставувањето на овие полови разлики како во историскиот така и во индивидуалниот развиток.

1) Го преземаме терминот "фиксно јадро" од дебатата што е водена околу учењата на Ж.Пијаже и Н.Чомски во Франција во 1975 година.

2) J.P. Changeux е специјалист за молекуларна неврбиологија. Тој заедно со Danchin и Courrège ја развил една од најкомплетните теории за развитокот на невронската мрежа. Тој смета дека постои селективна стабилизација на синапсите во текот на нивниот развиток, па токму преку овој поим се овозможува постоење на широка невронска пластичност и на тој начин ги помируваат генетичкиот детерминизам и индивидуалната варијабилност.

гените е "генетичката обвивка", т.е. една целина од можности, една класа од "потенцијално достапни структури", на која и се додава една детална програма која се однесува на сукцесивните степени на поврзаноста на системот во целина. Оваа економична стратегија максимално ќе ги искористи корисните информации, употребувајќи минимална количина гени. Дозволувајќи го едновремено и детерминизмот и пластичноста, моделот на Шанже овозможува да се најде компромис меѓу вроденото и стекнатото, меѓу вроденоста и конструктивизмот. Имено, Шанже истакнува дека селективните механизми се логична последица на еден економичен приод од страна на гените: "...глобалната маса на гени остана постојана и релативно мала во текот на еволуцијата на цицачите. Сепак, сложеноста на нервниот систем продолжи да се зголемува... Учењето може да се смета како резултат на растењето на сложеноста на системот при постојан број гени" (Changeux, 1979, стр. 287)

Покрај другите, и Пијаже ја прифаќа функционалната епигенеза, бидејќи таа води кон економија на гените заради тоа што "активноста воведува дополнителен ред во мрежата на развитокот: Генетичката обвивка нуди мрежа со непостојани рамки, а активноста и ги определува аглите" (Piaget, 1979, стр. 406).

До одговорот на прашањето за постоење на специфично фиксно јадро, врз чија основа се засновуваат единките од двата пола, ќе бидеме, ни се чини, многу поблизу ако прашањето го поставиме повеќе во правецот на пијажеовскиот конструктивизам. Имено, нема сомнение дека постојат извесни генетички дадени нервни структури што му овозможуваат на детето да реагира на срединското влијание, да помни, а потоа да ги комбинира познатите елементи на нов начин. По пат на постојано меѓусебно дејство на биолошките и на срединските фактори, во текот на развитокот се организираат нови нервни структури кои лежат во основата на менталните операции. Очигледна е, според тоа, бесмислицата на барањето да се определи што во тие структури е исклучително резултат на наследството, а што на средината. Подеднакво во областа на половите разлики, нема сомнение дека постои определено фиксно јадро во развитокот на единките од двата пола. Но во самиот почеток на ембрионалниот развиток не постои издиференцираност на структурите на женски и на машки (Jost, 1978). Она што денес се знае е дека основната, базичната програмираност на единката е женска. Ако не постојат индикатори кои ќе го попречат развитокот во женски правец, организамот ќе се развива како женско. За да дојде до развиток на машка единка неопходно е да дојде до маскулинизација

на основната женска програма преку два индикатора и тоа: 1) Присуство на хромозомот У, т.е. генетичкиот пол треба да е генетично машко, и 2) дејство на андрогените хормони од феталниот тестис во критичниот период околу 8-10 недела од пронаталниот развиток. Основно е, тргнувајќи од заедничкиот зачеток на половата жлезда, да дојде до формирање на тестис. Развојот на тестисот е многу порано од развојот на овариумот и, според тоа, очигледно е дека основната женска програма треба да биде осуетена на еден ран стадиум кај единките кои ќе се развиваат како машки. Присуството на хромозомот У наметнува брза маскулинизација на зачетокот кој без тоа ќе се развива во типот на овариум.

Она што е значајно за нас од сето речено е дека првиот генетички детерминизам не е доволен, не е доволно присуството на хромозомот У за да дојде до маскулинизација. Неопходно е и хормоналното влијание. Од друга страна, самите хормони можат да го изменат првиот, генетичкиот детерминизам. Значи вториот, хормоналниот детерминизам, е многу значаен заради двојното дејство: 1) андрогените хормони воведуваат диференцијација на генетичните структури во машка насока и го спречуваат диференцирањето во женска насока и 2) тие ги сексуализираат нервните структури во машка насока. Самите нервни структури, преку хипоталамусот и хипофизата, управуваат со физиолошкото функционирање и со сексуалното поведение. Кај човекот соматскиот пол е строго зависен од хормоните и физиолошкото функционирање на нервните структури. Значи, кај човекот фенотипот зависи од хормоните, а самото пак негово поведение е многу малку зависно од нив. Имено, од раѓањето кај човекот се јавува социоедукативниот детерминизам и тој има понагласено влијание од биолошката предодреденост врз формирањето на половиот идентитет (овде само ќе потсетиме на податоците кои укажуваат дека ако една единка со даден соматски пол е воспитувана во правецот на сфаќањата што постојат за другиот пол, таа себеси ќе се чувствува поблизу до полот во чиј правец е воспитувана, а не според тоа што се очекува од нејзината соматска полова припадност).

Според тоа, сметаме дека и машките и женските единки се развиваат врз основата на едно исто фиксно јадро, а тоа не е стабилно во поглед на специфичноста за машките (женските) единки, туку е специфично воопшто за човечкиот вид. Значи, сметаме дека само видот се темели на цврсто определени биолошка основа, како што вели Јасов[1].

---

1) Делови од предавањата на F.Јасов пренесени во весникот "Политика", 7 ноември, 1981, под наслов: "Сексуалност и људска разноликост".

За да одговориме на некои од погоре поставените прашања ќе се задржиме и на еден многу значаен биолошки факт: раѓањето на детето во незрела форма и неопходноста од други единки од истиот вид за да опстане. Недооформеноста на централниот нервен систем, пред сите други облици незрелост кај детето, овозможува социјалните фактори и активноста на самата единка да се јават како битни за развој или не на наследните деспозиции кај луѓето.

Кај животните дијанцефалонот има основна улога во јавувањето на автоматските механизми на инстинктивниот живот и до колку станува збор за единка која произлегува од понизок животински вид, до толку нивниот нервен систем е во поголема мера оформен при самото раѓање. До колку овие инстинктивни механизми се заменети повеќе со мислењето, како еден од начините за приспособување на околината спрема себе си и себеси спрема околината, до толку сѐ повеќе се развиваат кортикалните делови на мозокот. На тој начин неговиот волумен се зголемува од 500 $см^3$ кај антропоидите на 1500 $см^3$ кај homo sapiens. Овој феномен на зголемување на кортикалните делови на централниот нервен систем низ еволуцијата на homo sapiens е придружен со сѐ понагласената незрелост при раѓањето. Токму оваа недовршеност, незрелост при раѓањето,prematuracijata, придонесува човечките поведенија да не бидат условени од наследната програмираност. Развитокот на кортексот после раѓањето му овозможува на човекот избор на непрограмирани поведенија преку учењето и за сметка на вродените автоматизми се јавуваат културни поведенија, стекнати преку сѐ подолгиот процес на образование и воспитание. До кој степен е човекот незрел при раѓањето и со голема пластичност на централниот нервен систем, да го наведеме како доказ само фактот што во споредба со возрасниот човек, тежината на мозокот на новороденчето изнесува 23%, а кај шимпанзата тој сооднос е 70%.

Значи во текот на еволуцијата вродените автоматизми се заменуваат со стекнати поведенија од кои голем број, ни оддалеку, не се така ригидни како програмираните вродени поведенија кај одделни животински видови од понизок ред. Културните влијанија и пластичноста на централниот нервен систем овозможуваат кај човекот да се јават различни и сложени поведенија. И токму кај подоцна појавените психолошки разлики сме сведоци колку човечките општества и поделбата на трудот во низ се во состојба силно да влијаат врз развитокот на единки со така голема разновидност во однесувањето. Разликата меѓу човечките единки го има своето потекло едновремено и во генетичките и во срединските фактори како и во активното учество на самата

единка во сопственото вообликување на личноста.

Маркс и Енгелс нагласуваат дека човекот преку трудот ја менува природата за да ги задоволи своите потреби, но едновремено во тој процес се менува и самиот себеси, својата сопствена природа. Притоа е значајно да се истакне дека поделбата на трудот му овозможува на човекот да ги развие своите способности во текот на историскиот развиток. Но и покрај тоа што човештвото и цивилизацијата се плод на трудот и неговата поделба, сепак секоја поделба на трудот што ја ограничува единката само на одделни активности, ги затвора можностите за развивање на сестрана личност. За нашето изложување овде е битно да го нагласиме марксистичкото сфаќање според кое единката ќе ги развие оние потенции што има можност да ги вежба во процесот на трудот и поради тоа ќе ги развива само некои способности, интереси и потреби. Од претходно реченото може да се заклучи дека поделбата на трудот според полот е битниот фактор кој придонесува да се јават и половите разлики во психолошките карактеристики. Имено, ако определени активности и занимања се сметаат за карактеристични само за единките од едниот пол, а други за оние од другиот, тогаш и се очекува јасната разграниченост на трудот според половата припадност да придонесе да се јават определени типични машки (женски) психолошки карактеристики, (а токму тоа и го покажуваат бројни емпириски истражувања). Она што испитувањата, исто така, го покажуваат е дека и половите разлики во психолошките карактеристики се променливи во зависност од поделбата на трудот според полот во дадена општествено-економска заедница. Произлегува дека основен предуслов за воспоставување на вистинска рамноправност во односите меѓу половите е подеднаквото учество на припадниците од двата пола во вршењето на сите дејности што постојат во едно општество.

Во последниве десетина години истражувањата покажуваат дека разликите меѓу единките се многу повеќе распространети отколку што се веруваше порано, особено некогаш кога луѓето ги делевме на типови со дадени карактеристики.[1] Денес нема сомнение

---

1) Plomin i Fod истакнуваат дека во скоро сите истражувања на половите разлики вниманието е центрирано на просечните разлики меѓу мажот и жената, а се занемарени разликите меѓу единките во рамките на истиот пол т.е. индивидуалните разлики (Plomin, R. и Fod, T.(1981): Sex differences and Jndividual Differences, Child Development, 1981,52,383-385).

дека секоја единка е единствена, различна од другите. Богатата разновидност меѓу човечките единки, од кои секоја претставува единствен поединец, го овозможува развитокот на човечкиот вид. Токму заради оваа разновидност и постои поимот "рамноправност". Имено, тоа што сметаме дека луѓето меѓу себе треба да се рамноправни, не значи и дека треба да бидат исти. Ако луѓето по своите телесни и ментални одлики беа исти, тогаш ќе немаше потреба да се бара рамноправност во односите меѓу нив. Рамноправноста, всушност, неминовно претпоставува почитување на специфичната единственост на секој поединец.

---

Воопшто, заедничките карактеристики на групата единки (полот, расата, народноста и слично) многу малку можат да кажат за единката со неа. Така, на пример, просечно најдените полови разлики во психолошките особености во емпириските истражувања не можат ни да им се приближат на особеностите на единката како таква.

II ДЕЛ

# ПОЛОВИТЕ УЛОГИ ВО МАКЕДОНИЈА

Целта на овој дел од изложувањето е да направиме емпириска проверка на некои теориски претпоставки изнесени во претходното изложување. Но серијата од емпириски истражувања не само што не мозаичен начин ќе ги провери некои теориски моменти врзани со објаснувањето на потеклото и развојот на половите улоги како во филогенезата така и во онтогенезата, туку треба и да укаже на содржините и начините на организирано дејствување врз половите улоги и тоа, пред се, во рамките на предучилишните организации на здружен труд. При изборот на прашањата од теорискиот дел на изложувањето кои треба да добијат емпириска проверка се водевме од нивната значајност во поглед на можните импликации при практичното влијание врз формирањето и менувањето на половите улоги кај децата од предучилишна возраст. Од друга страна, иако теориските согледувања ги даваат рамките на факторите во кои треба да се бараат корените на половите улоги, како и оние што го условуваат нивниот развој и променливост, тие не можат да укажат на конкретните полови улоги врз кои треба организирано да се дејствува во дадена средина. Значи, сметаме дека треба да ги познаваме половите улоги кај денешните македонски деца, како и некои согледувања што довеле до ваквото нивно манифестирање денес, па дури потоа е можно да се бараат содржините, средствата, методите и облиците на организираното влијание врз нивното формирање и менување кон однапред зацртани теориски цели.

Сознанието за културно-историската променливост и развојност на половите улоги ќе го илустрираме преку анализата на македонските народни песни и обичаи, кои се облици на духовната култура наследена од минатите генерации. Преку ваквата анализа ќе се овозможи согледување на развојноста и променливоста на половите улоги во македонската култура како и корените и континуитетот на извесни денешни нивни изразувања, Тргањето по минатото треба да го овозможи појасното согледување на смислата на современите манифестации во областа на психичкиот живот, да укаже на моментите од некогашните односи меѓу половите како и на оние кои во секојдневието денес сеуште упорно се одржуваат, а исто така и кои се причините за тоа.

Секое организирано влијание во областа на социјализацијата неминовно бара не само да се согледаат корените на одредени состојби, туку и нивно снимање какви се во моментот пред да започне какво било намерно влијание за менување кон напред зацртаната цел.

Направивме само некои анализи на одредени, според нас, значајни состојби, бидејќи тие едновремено ќе ги проследат нашите

теориски поставки и ќе укажат на клучните места каде и како организирано да се влијае врз половите улоги во предучилишниот период.

Најпрвин ќе се задржиме на детското сфаќање за родителството и семејството. Ова затоа што првата поделба на трудот според полот ја издвои жената како прв одгледувач на децата и и ги додели активностите околу одржувањето на семејството и живеалиштето. Поделбата на трудот според полот придонесе, уште од самиот почеток, да се издвојат две големи сфери дејности и тоа оние од јавниот и приватниот домен, а овде лежи непресушниот извор што ги напојува секогаш одново младите генерации кон репродукција на старите традиционални сфаќања за половите улоги.

Од своја страна поделбата на родителството на мајчинството и татковство влијае врз формирањето на личноста - на усвојувањето одредени својства, вежбање поедини способности, преференции само на некои предмети и активности, а сето тоа во зависност од половата припадност на детето.

Направивме и некои испитувања на половиот идентитет, стабилност и константност, како и на преференциите на некои активности, играчки и лица во зависност од половата припадност. Ова затоа што повеќе испитувања покажуваат дека во предучилишниот период тие се во процес на формирање, издиференцирање и токму нив би требало да ги опфатиме како централни места во организираното влијание врз половите улоги.

За да согледаме преку какви средства денес систематски се влијае врз вообликувањето на половите улоги во предучилишниот период направивме анализа на сликовниците, а исто така и на влијанието на продавачките на играчки. Ова колку за опомена на нас, возрасните, за тоа какви модели нудиме и на кои се начини систематски се дејствува врз репродукција на традиционални полови улоги.

Значи, предмет на натамошното изложување ќе биде најнапред променливоста на половите улоги во текот на историскиот развиток на македонскиот народ. Откако ќе стане збор за некои согледувања на половите улоги во минатото на македонскиот народ, ќе бидат дадени некои согледувања на истите во СР Македонија денес. Ова е неопходно да се направи пред какво било организирано дејствување врз половите улоги. Имено, за да се даде одговор на прашањето какви односи и луѓе бараме и на каков начин до нив, треба да се сознае од каде сме тргнале, каде сме сега и на кој начин ќе стигнеме таму каде се стремиме. При тоа треба да се воспостави дијалектика меѓу средствата и целта.

# ГЛАВА 1. ПОЛОВИТЕ УЛОГИ ВО МИНАТОТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

Теориските разгледувања на половите улоги покажуваат дека тие по својата природа се социјални и имаат историско потекло. Ова значи дека тие се менувале во зависност од општествено-економските услови на живеења.

Многу елементи од нерамноправноста во односите меѓу половите, што се битна карактеристика на минатите времиња од историјата на македонскиот народ, за жал ги сретнуваме како факт и денес, како во меѓувреме дојде до радикални промени на социјалната и политичката структура на македонското (југословенското) општество. Оттука и изучувањето на односите меѓу половите и половите улоги на минатото има голема релевантност за нивното изучување денес.

Богатството од македонските народни песни и обичаи ни дава широка слика на односите меѓу половите од времето на турското робување, кога во нашата средина беа нагласени патријархалните односи. Овде ќе стане збор само за некои согледувања на односите меѓу половите тогаш тргнувајќи од народните песни и обичаи изнесени во зборниците на Браќата Миладиновци (1962), Кузман Шапкарев (1976), Марко Цепенков (1972) како и во едицијата Македонско народно творештво.

## 1. Односите меѓу половите изразени во македонските народни песни и обичаи

Во текстот што следи ќе се задржиме само на некои односи меѓу половите од минатото на македонскиот народ.

Преференцијата за децата од машкиот пол, што и денес ја сретнуваме, во минатото била нагласена. Во народните песни децата на кои им наречуваат наречниците, кои мајките ги држат, од кои се опростуваат и слично се скоро секогаш машки. Дека биле преферирани машките деца сведочат и извесни обичаи, како на пример обичајот кога се изнесува чеизот откај момата, треба само момчињата да помагаат за да роделе младоженците само машки деца. Всушност, преференцијата кон определен пол била условена од специфичноста на условите на живеење и од материјалната корист што ја имале родителите и семејството од децата. За ова јасно сведочат изнесувањата на Шапкарев дека во негово време постоела разлика помеѓу селото и градот во поглед на преференцијата на половите. Имено, додека во

градовите желеле кога ќе им се роди женско, бидејќи родителите знаеле за потребата да му подготват чеиз (оттука и произлегол изразот "ќерка-куќоберка), дотогаш во селата повеќе им се радувале на ќерките, бидејќи тие до мажењето им биле бесплатна работна снага на родителите, а исто така зетот за да ја земе морал да ја откупи и да донесе дарови. Во секој случај, очигледно е дека и во селската и во градската средина девојките се тие кои одат во друго семејство, тие се објекти за размена или поточно: жените претставуваат сексуални објекти, сопственост на мажите, а со кои се вршат размени.

Постоела разлика меѓу машките и женските деца и во подготовките за живот. Машките деца на седумгодишна возраст на чисти понеделник ги носеле на училиште и им ги предавале на учителот со зборовите: "Месо ти давам, коски ти барам". Девојчињата на истата возраст ги воделе кај некоја мајсторица неколку години да учат да предат и везат. Значи, женските деца добивале многу помалку образование од машките, зашто во тоа време не се согледувале практичната полза од нивното образование.

По градовите постоела јасна поделба на работата меѓу половите. Жената ги вршела домашните работи и ги одгледувала децата, биле врзана за куќата и за семејните потреби. Ова народот го искажал и во пословиците, како што се: "Машката не стои на земјата, туку на жената", "Без жена, без куќа", "Болна жена, болна и куќата". Мажот ги вршел надворешните работи и ги одржувал надворешните врски. Само сиромашните жени работеле и по туѓи куќи. Во селата, освен домашните работи, жените вршеле и дел од полските работи, заедно со мажите.

Годините на полнолетството се сметале според турскиот закон. Девојчињата се сметале за полнолетни од 14-годишна возраст нагоре, а момчињата од 19 години нагоре. Возраста, пак, на која припадниците од различните полови се сметале зрели да стапат во брачни врски се разликува, варира од едно место до друго, зависно од условите на живеење и потребите на поширокото семејство. Така, на пример, во повеќето села, како и некои градови, се сретнувало постари моми да ги мажат за помлади момчиња

"от дванаесет години
со едно око ќораво
и една нога скршена!"
(Шапк. 742).

или пак да ги сокриваат годините на ќерките и да ги прават помлади со цел да останат уште кај нив и да им поработат. Меѓу другите причини и оваа е една поради која момите бегале во љубениот од родителската куќа, па биле познати како "бегалки".

Годините за стапување во брак се ограничени како за девојките така и за момчињата. Пред одредената возраст, според народните верувања, тие се недозреани, а на д неа се застарени:

"Жени ме, мајко, жени ме,
дури су'младо, зелено,
дури ме моми сакает,
дури ми китки праќает!"
(Црн. 342)

Младите отсекогаш имале потреба да сакаат и да бидат сакани, а за тоа не требало многу. Залудно старите ги оневозможувале средбите меѓу нив - љубовните чувства ги пробивале, ги надлетувале патријархалните оклопи. За да се засакаат двајца млади, доволно било погледот да стрелне:

"... јас да ти кажам, лудо, за љубовта,
од кај се зеваќа, лудо ле, меракот:
тој се заваќа, лудо, од очните,
ај, очките, лудо, од устето,
ај од устето, лудо, во срцето,
ај, во срцето, лудо, корен ваќа!"
(ММф.I,1947, Мариовско)

Колку средбите меѓу вљубените биле поневозможни, толку мечтите биле посилни, зборовите поизбрани, со цел да можат да пренесат една забранета мисла со која се легнувало и со која се станувало:

"Што е јасна месечина,
месечина за двамина!"
(Црн.159, Гевгелија)

или:

"Тихо ветре вееше,
цутон ми го ронеше,
цутон ми го ронеше,
на нас двајца паѓаше!"
(Ѓорѓ.311, Бродско)

Во психологијата е познато дека силните емоционални доживувања како и долготрајните можат да доведат до прави соматски заболувања. Во народните песни често сретнуваме како од љубовен копнеж младите се разболуваат, а се случувало кога ќе се соочат со фактот дека нивната љубов не е возвратена или е заборавена, изневерена,"срцето да им препукне". Од љубов и за љубов можело да се умре,

а тоа го можат само оние кои изградиле умешност, способност да сакаат (како пример да ги наведеме само песните од Зборникот на Браќата Миладиновци под број 329,269, 240 и 241).

Се случувало момите да бидат грабени без нивна согласност и, откако силникот со неа насилно ќе преспиел неколку вечери, ја венчавал, бидејќи друг обесчестената девојка не ја земал за жена. Животот во таква заедница морал да биде вистински пекол. Ваквите насилства и грабежи доста често се правени и од страна на Турците и тоа на убавите моми кои, според народните песни, не сакајќи да ја променат верата, често умираат по тешки измачувања или се самоубиваат (како на пример да ја наведеме песната под број 753) од Избраните дела на Шапкарев, или песните бр. 78 и 107 од Зборникот на Миладиновци).

Постојат многу народни песни во кои е опеана моминската телесна убавина. Причините за ова лежат во самите набуени потреби за љубовен допир на "забранетото овошје" и во неможноста на друг начин, на пример преку непосредни разговори, да се откриваат душевните богатства на оној што привлекува.

Како ни е претставена женската убавина во македонските народни песни?

Изобилотвата од разновидноста во описите на женската убавина сведочат дека секој вљубен на свој начин, зависно од своите чувства, ја гледал убавината. Белината на телото (бело лице, бели раце, бело грло) како својство на избраната со поглед убавица често ја сретнуваме и може да значи, меѓу другото, мечтаење за духовна и телесна невиност (честитост) - едно тело и една душа дури ни од ветерот и сонцето недопрени. "Црните очи" можеби ги сретнуваме почесто во македонските народни песни затоа што и во стварноста Македонските многу почесто се со темни очи, но од друга страна тие можат да значат и еден темен прозорец преку кој се обидувал вљубениот да продре во внатрешната неизвесност и тајните на душевните превривања во момата. Копнежот кон слаткиот скапоцен љубовен напиток народот во народните песни ни го дава преку изразите "медна уста" (Милад. 360), "блага уста" (Шапк. 609), "уста ми чешка сребрена" (Милад.325). Копнежот по спружена убавица често го сретнуваме изразен преку "рам на снага", а копнежот кон вечно млада убавица со нежност недопирлива во височините избива од стихот "т'нка става - как' сељвија" (Шапк.551). Желбата момата да се привие, свитка и прилагоди на момчето во заемен еротски занос избива од стиховите каде таа е опи-

шана со "долга коса - како лоза" (Шапк.551,526). "Црвениот образ" (Милад. 360), "лице червено" (Милад. 325), во контекстот на рамна и тенка става, медна уста, бело грло, танки веѓи како црни гајтани, е израз на барањето на чесност, срамежливост. Тој пред нас открива слика на зарумената мома поради едновременото доживување на срам и задоволство од забранетото љубовно чувство. Не можејќи на поинаков начин да продре до особините кои момчето сака да ги има избраната тоа нив ни ги открива преку описот на нејзината надворешност: нежна, кротка, срамежлива девојка со глава покорно наведена, поглед спуштен надолу и која се витка околу момчето за да му угоди.

Да се биде сакан - од оваа нема поголема желба кај младите. Оттука е и потребата да се докажат, да ја заслужат љубовта. Некои се трудат тоа да го постигнат преку својот надворешен изглед, но народната мудрост повеќе ги цени особините како што се мудроста, вредноста, добирината, скромноста, чесноста, готољубивоста отколку восхитот кон убавината: "Не фали ми лична жена, ами умна"; "Не фали ми убавица, туку работница"; "Убајна леб не дават". Во една песна, на пример, едно момче не сака да се жени за убава мома, бидејќи се вљубило во чесната и скромна вдовица (Милад. 394). Едно момче вака ѝ вели на момата што кај неа бендисува: "К'смет имаш девет оки,/ разум имаш десет оки". (Шапк.677). Старите ги подучувале младите да не ја гледат убавината и богатството при изборот на брачниот другар, туку нивната работливост и интелигенција:

"Да не гледаш к'шта дали је голема,
Но ти гледај, синко, дал' је пометена;
И не гледај дрехи ако мома има,
Обеци и венци, шити р'каве;
Това все не струва сал неколко гроши;
Но ти гледај пемет ако она имат.
Зашт' това је, синко, големо имање,
Големо имање без довршување".
(Милад. 328)

Една мајка вака го теши загрижениот син поради потсмевувањата на неговите другари на неубавината на жена му:

"Ако ни е погрубичко,
ама ни е гостољубио,
ем ни раѓа машки деца".
(Шапк. 774)

Во повеќето народни песни девојките се претставени досетливи, снаодливи, итри, истрајни (Шапк. 449, 459,330 и други), па во својата силна желба да успеат често го постигнуваат и невозможноста:

"... јас ќе ви месам кравајче,
низ клепки ќе го отсејам,
со солзи ќе го замесам,
на гради ќе го испечам!"
(Зб. МНП, с. 85)

Кај девојките се цени и славы и нивната храброст (Милад. 2 201,202, 203, 211, 212 и многу други), но од мажите се очекува права јунаштина (Шапк. 331, 336,326 и други). Момчето морало да ја докажува својата јунаштина преку подвизи кои на прв поглед се чинат апсурдни. Во љубовните народни песни посебно се нагласува брзината, силината и смелоста на мажите. Тие често се претставени со натчовечка сила. Зошто е тоа така?

Љубовта прави да се постигне и невозможното, бидејќи таа му дава посебна сила на оној што сака. Од друга страна, познато е дека, како што за момчето љубовта прави избраната да му се чини убавица, истата љубов кај девојката од саканиот прави јунак над јунаци (Шапк.326,331). Во некои села од момчето се барало да се искачи по исправено лизгаво дрво до неговиот врв и пред очите на сите сватови да го симне набоденото јаболко. Тоа било едно испробување на зрелоста на момчето да стапи во битка со суровиот живот и доказ дека ќе може едновремено да го прехрани семејството и да го брани од надворешните непријатели - арамиите и турските зулуми. Во некои песни во кои мајките не ги даваат ќерките за сиромашните момчиња, последниве им го нудат најголемото богатство што го имаат:

"Ти не гледај куќа, тук' гледај јунака,
јунак куќи правит, тој куќи расипвит".
(Милад. 397,423)

Кај мажите, освен јунаштината, се цени и нивната работливост, чесност, мудрост (Милад. 204).

Иако постоело широко распространето верување дека момите се тие кои треба да бидат бирани, а момчињата способни да ги откријат (Шапк. 117), сепак во народните песни, барем на планот на изјавувањето на љубовта, жените се осмелуваат да тргнат кон рамноправноста - девојката која одамна го љуби момчето, без тоа да знае, во погоден момент му предложува "љуба да ти бидам" (Шапк. 491). Момите кои љубат ги надминуваат сите пречки, па и оние најстрашните кои се дел од внесениот морал во личноста, и први тоа му го изјавуваат на саканиот со сета своја преданост (Милад. 416,417,426,313).

Во сета своја желба љубовта да им биде "вечна", младите се колнеле на верност. Но љубовта не е "вечна". До љубовни разделби

доаѓало од разни причини - одење на печалба, затвор, во планина, смрт, но и поради нејзината поминливост, Неверноста во народните песни секогаш е проследена со страшни клетви од страна на оставениот (Шап.184,511,640).Сретнуваме и самоубиства кај оние чија љубов останала изиграна, но и сурови убиства на неверните жени:

"Па ја стави у рогожа,
запали ја, изгоре ја"
(Шапк.381).

И денес, а тоа особено било нагласено во минатото, многу повеќе се осудува женската неверност од машката.

Стапувањето во брак било голема пресвртница за младите, посебно за девојките, бидејќи тие ја напуштале родителската куќа, често пати не знаејќи за кого и каде. Една мома, везејќи дар за непознатото момче, вели:

"Ако ми се ти за старо,
мало нешќо да отпарам;
ако си ми ти за младо,
ушќе нешќо да привезам!"
(Шапк. 111)

Една ваква помирливост на момите со секаква судбина значела можност да се преживее и да се наджиееве и турското и машкото ропство, а исто така и тиранството од другите жени - свекрва, јатрва, золва. И воопшто, судбината на македонските моми изобилувала со неизвесност, а женската стварност со макотрпност, што јасно избива од порачката на една жена:

"Со маки сум се родило,
со жалости јас ќе си умрам,
Маките да ми ги напишите,
озгора на гробо ми!"
(ММф, I,206, Прилеп)

Моминската судбина други ја кроеле според своите аршини и во неа се мешале стоката и парите: било момата да носи руба или момчето да ја откупува. Иако турскиот закон им давал право, вообичаено било сестрите да не земаат дел од татковиот имот, па на таков начин младата невеста во новото семејство потпаѓа под целосна материјална зависност од момчето и неговите домашни. Во вакви услови јасно е дека младата невеста потпаѓа во новата куќа во полоша материјална состојба, а со тао и во поголема зависност, а нејзиното место во невото семејство е уште поподредено. Додека гласот на синот почнувал да се слуша откако ќе се зафател со некоја поголема работа или откако ќе се оженел, гласот на жените не се слушал, освен оној

на старите мајки. Всушност, ретките случаи во кои сиромашни мажи се жененле за богати жени сведочат дека односите меѓу половите биле во директна зависност од сопственоста над средствата за производство. Во новото богато семејство сиромашниот маж потпаѓал во потчинета и зависна положба во односот спрема жената.

Извесни обреди укажуваат каква треба да биде снаата. На пример, на прагот на вратата се ставале две тегли од кои едната била полна со вода, а другата со мед: "Водата значела: да се води по мажот како водата, да е послушна на неговите заповеди; а медот - да е блага (слатка), како медот, т.е. да е кротка, а не лута". Според некои други обичаи, "во старо време младоженецот во постелата ставал оружје, пушка, пиштоли, нож и секира со двојна цел: прво, да му зема страв невестата уште од првата вечер; а второ, да не се доближуваат до младоженците лошите духови". Всушност, последниов обичај ја крие во себе сета несигурност на мажот и стравот од сексуален неуспех во првата брачна вечер, па оружјето е само една потпирачка на неговата машкост. Уште од првата вечер тој се обидува да го почитува она народното, пословично речено: "Не давај си, мажу, силата на жената","Не давај узда на жената". Мажот има право на сопственост, тој ја има власта и тука се крие неговата "машка чест", а оттука произлегува и потребата од оружје со кое ќе се брани од стравот да не ја изгуби.

Во минатото девојките морале да ја докажуваат својата невиност дури траела свадбата. "Нечесната" девојка ја враќале назад во мајчината куќа, а ако и таа не ја примала, ја носеле на некоја чешма или бара за да ја избањаат гола. Шапкарев го коментира ваквиот обичај со следниве зборови: "Тој обичај, аков и да се смета, но многу помага за запознавање на честа и мудроста на момите". Што да се рече за другите, кога и Шапкарев смета дека застрашувањето, изложувањето на јавен срам е "добар" метод за запазување на "честа" и мудроста"? И тоа каква е само мерката за "чест и мудрост"!

Разводите народот не ги одобрувал и ги презирал. Од жените се очекувало покорност на мажите, скромност и трпеливост на мажовите тиранства, потчинување и дворење на другите домашни. Не само мажите туку и жените го прифаќале молчејќи мислењето дека "воденица не клепана и жена не тепана не работи". Уште од најраната возраст жената е воспитувана на покорност, трпеливост, па, поради срамот од "светот", молчејќи останувала стуткана во новото семејство, во

името на децата и во името на едно безгласно постоење протнаено само со "крпеж и трпеж". Ако жената барала развод, таа имала право со себе да си ја земе само рубата, но не и децата. Во нејзиното поранешно семејство најчесто веќе немало место за неа, па, без средства за живот, не и останувале многу избори за да го продолжи постоењето: да трпи или да ја "фати" планината. Во неколку песни сретнуваме како младите невести го напуштаат и мажот и машкото дете поради домашните на момчето (Шапк. 334,362,385) и одат во планините, а по смртта на свекрвата се враќаат со големо богатство со кое сакаат да го отплатат своето чувство на вина. Да се остави детето значи да се избега од крајно неподносливи услови, а таквото решение можеле да го изберат само најхрабрите жени.

Што се однесува до мажот, ќотекот и грубиот однос спрема жената беа негово "машко право", што не е ретко и денес. Тој можел да побара развод, ако неговата жена е непокорна и нетрпелива. Се случувало мажот да ја остави жената, бидејќи не е веќе млада:

"Марко Елена остава,
остава Марко прошчава,
од три је деца остава,
оти не му е Елена
како првната година".
(Кост. 107)

Во една друга песна мажот е готов да ја остави жената само поради тоа што не може да роди дете (Милад. 169). Широко било распространето верувањето дека немањето на деца во бракот се должи на женината неплодност. Жената од пустиот срам трпела сè,па и импотенцијата на мажот поради која можела да остане без покрив над главата. Во една песна најмалиот девер ѝ соопштува на невестата дека домашните сакаат да ја истераат, бидејќи нема деца, а таа му доверува:

"... девет години как'дојдов,
в постела не сум легнала -
дење е каде овците,
ноќе е каде коњите!"
(Црн.393)

Во многу народни песни сретнуваме како невестата се оплакувала од однесувањето на новите домашни кон неа, а особено од свекрвата. Во повеќето песни свекрвите се многу врзани за своите синови, а синовите, пак, од своја страна, воделе сметка невестата да им се бендиса на мајките.Се случувало свекрвите да не можат да поднесат да го делат синот со невестата (Милад.255). Се случувало и момчето да ја убие невестата поради клеветите на свекрвата дека таа е непослушна, мрзелива, неверна, но, откако ќе ја дознаело вистината, и самото се убивало велејќи:

"... Ти не си каиљ, мамо, два млади да гледиш
а ти си каиљ два гроба да редиш!"
(Шапк.338,283,364) и др.

Сето ова што жената го трпела во својата младост од мажите и постарите жени го пренесувала како одмазда врз помладата снаа.

Во народните песни наидуваме и на промени во односите. Така, на пример, во една народна песна идната свекрва ја покажува својата љубомора спрема идната снаа која нејзиниот син ја сака. Неа момата вака ја советува:

"... На лоши зборои поошо ќе наиш;
сина ти љуба го, а мене кроти ме,
ако сакаш, бабо, век да си поминиш.
Ама ние двата не си се делиме".
(Милад. 308)

И некои народни пословици укажуваат на едно осознавање во правецот: "Ако биеш жената си, ќе си биеш главата си", "Кој си бие невестата, тој си бие снагата".

Во втората половина на XIX век доаѓа до постепено пропаѓање на големите домаќинства, како резултат на повисокиот степен на развиток на производствените сили. Промените во материјалната основа на тогашното општество, односно промените во начинот и средствата за производство доведуваат и до промени во општествените односи, а сето тоа доведува и до промени во општествената положба на жената.

## 2. Мајчинството и татковството во македонските народни песни

Анализата на еден извесен број македонски народни месни и обичаи ќе овозможи, меѓу другото, да се согледа и историската променливост на улогите што им се припишуваат на мајките и на татковците. Мајчината и татковата љубов, и воопшто различните видови љубов меѓу луѓето, а во нашиот случај меѓу родителите и децата и од своја страна, однесувањето на родителите кон децата, согледувањето на детските потреби и интереси, начинот на нивното задоволување, низ различни епохи различно се изразуваат и се остваруваат. Се покажува дека мајчинската и татковската љубов спрема децата е плод на историскиот развиток на самиот човечки вид.

Денес се смета дека е неоправдано да се зборува за постоење на инстинкти кај човекот. Непостоењето на мајчински инстинкт, за кој незасновано се сметаше дека е основен, примарен, биолшки нагон,

го аргументираме на друго место.[1] Овде истото ќе го илустрираме преку некои народни песни во кои станува збор за чедоморство и за избирливост на мајчината љубов.

Најнапред ќе изнесеме неколку песни во кои е извршено или е планирано чедоморство. Во песната "Брат и сестра" (Милад.110) е дадена трагичната судбина на едно семејство. Јанкула и Јаника се заробени како деца и се разделени на различни страни. Во подоцнежната нивна средба тие не се препознаваат и меѓу нив се раѓа љубовта и бракот од кој произлегува раѓањето на машко дете. Детето им го чува "робинчица" од која дознаваат дека е таа нивната мајка, а тие брат и сестра. По откривањето на нивните заемни роднински врски, тие детето го убиваат со секира и го запалуваат.[2]

Во една друга песна, "Корун, Кондофила и син Костадин" (Милад.90), мајката се договара со љубовникот како да го убијат нејзиниот син Костадин. Но синот, откако дознава за ова, со помошта на сестра му, ги убива и мајка му и нејзиниот љубовник.

Во зборникот на Шапкарев сретнуваме две песни со слична меѓусебна содржина (340 и 391). Во едната од нив ("Љубовник и механџика Нина", Шапк.340) мајката меанџика го наговара љубовникот да му ја пресече главата на нејзиното машко дете за да не ги издаде пред татко му дека водат љубов. Откако му ја пресечуваат главата на детето, таткото дознава и ја запалува жена си: "Си ја зави в рогузине/ в рогузине смолосана,/ ја запали во стрет куќи!" Последниве е стихови се сведоштво колку народот строго го осудувал чедоморството и го казнувал најсурово. Токму заради тоа овие песни не одат во прилог на постоењето на мајчинскиот инстинкт, туку укажуваат на влијанието на културниот развиток и личното искуство на самата единка во јавувањето на мајчинскиот однос кон децата. Тие едновремено укажуват и како народот се обидувал преку своите умотворби да влијае врз односите меѓу луѓето, да одредува норми за нивното однесување како и казни за прекршителите.

Избирливоста на мајчинската љубов може да се согледа преку поголемата омиленост на најстарите или на најмалите деца во

1) Во делот со поднаслов: "Мајчинството како биолошка предодреденост".
2) Овде немаме намера да се задржиме на строго забранетите и на најсурово казнуваните родскрвни врски што често се сретнуваат во народните песни и приказни и претставуваат, сами по себе, интересен предмет за проучување.

семејството (за ова има повеќе народни песни и приказни). Исто така постоела преференција на машките деца што може, меѓу другото, веќе јасно да се согледа и од погоре наведените песни за чедоморството. Имено, народниот творец наведувајќи дека станува збор за убивање не на какво било дете, туку на "машко" дете, ја нагласува големината на злосторот како што е чедоморството.

Избирливоста на мајчинската љубов постоела и во поглед на физичките и психичките својства на децата, па според тоа и во зависност од нивната убавина и здравствена состојба. Последново да го илустрираме преку македонската народна балада "Грозен Ѓорѓија".[1] — Мајката го набркува грдиот и болникав Ѓорѓија "да не ѝ грози дворови / и високите сараи/ да не ѝ руга синови / и девет снаи убави". И оваа балада имала за цел да поучи дека должност на мајката е да го сака чедото независно од неговата психофизичка состојба. Таа требало да ја всади во свеста на луѓето, и тоа најнапред кај мајката, потребата од грижата за децата, застрашувајќи ги со најстрашната казна: грижата на совеста од која не може да се избега. Од погоре наведените песни за чедоморството, како и од последнава песна, очигледно е дека народот се обидувал да влијае врз мајките да се грижат за нивните деца. Ова е во согласност со распространетото уверување во матријархалните општества дека е тоа, пред се, нивна должност.

Наместо да се воспитуваат самостојни и емоционално зрели личности што ќе умеат љубовта кон домашните да ја развијат и прошират на поширок круг лица, во наредните песни наидуваме на сведоштво за постоење на нагласени посесивни чувства према детето, што особено се огледува во односот мајка-син. Дека мајчината љубов, ослободена од личната корист што се очекува од децата, е производ на новите, подобрите општествено-економски услови на живеење, сведочат големиот број народни песни во кои е опишана тријадната врска мајка-син-снаа. Не само што синот бара дозвола од мајката кога да се жени (Стоил. 29.Црн.342), туку таа и одредува каква да биде невестата (Милад. 119,328). Колку многу мајката се плашела да не ја

---

1) Токму написот "Совеста и судбината (од Лидија Наневска, Разгледи 1981), беше непосреден повод за ова наше трагање по мајчината и татковата љубов во македонските народни песни. Од авторот на овој напис го добивме и записот на оваа балада од снимката на Радио Скопје.

изгуби љубовта на синот поради невестата, колку таа била љубоморна на младата снаа, да илустрираме само преку дел од песната "Стојане, сину не мајка" од Зборникот на Браќата Миладиновци:"... Лел ти је мила невестата, / лел ти толку срце влегла, / јас ќе се сину отрујам...". Понатаму таа продолжува: "... Невеста се пак наожде, / а мајка не се наожде".

Мајките биле готови на разни интриги набедувајќи ја невината снаа пред синот, а за ова постојат голем број народни песни што најчесто трагично завршуваат: синот ја убива невестата, а откога дознава за сторената неправда ја проколнува или ја убива мајката и на крајот и самиот се убива. Трагичниот крај на овие песни е доказ дека во народот почнува да се јавува сознанието и потребата младите да се осамостојуваат во бирањето на својот брачен другар, а исто така и за ослободување од посесивното родителско чувство спрема децата. Секое грубо попречување на развитокот во овој правец, најтешко се казнува - клетва да жали "до века" или смрт.

Ако го споредиме односот на мајката кон децата и оној на таткото спрема нив, очигледно е дека мајките се тие кои, и покрај својата презафатеност и оптовареност со многу други обврски, наоѓаат сепак време за основни потреби на малото дете (Шапк.151,457,и 444), да ги посоветуваат ќерките и синовите како да се однесуваат (Шапк.190, Милад. 328), покажуваат разбирање за нивните интимни љубовни доживувања (Милад. 438). Во тие секојдневни и непосредни помагања децата да израснат, мајчината љубов прераснува во најголема можна љубов меѓу луѓето. Еве три песни што се обидуваат да ја измерат неизмерната мајчинска тага за загубеното чедо: "Што ми кукат от вечер на вечер, /Таја ми је моја прва љуба; /Та што кукат от утро на утро, / Тајà ми је моја мила сестра; /Та што кукат к'таден, к'таден, /Таја ми је моја мила мајка". (Милад. 239). Во една друга песна оваа иста тага вака е степенувана: "Мајка жалит дур' је жива", "Сестра жалит до година", "Жена жалит дур'сум дома" (Шапк.431). Во друга варијанта на истата песна: "Мајка жалит дур да умрит,/сестра жалит дур' да с' ом'жит`/љубата жалит до шес недељи" (Шапк. 433).

Поголемата мајчинска љубов во однос на татковската, народот пословично ја изразил велејќи: "Секој траже мајката, а не таткото". Едно народно верување што го забележал Цепенков, го констатира истото: "Дете ако се расплачит во сонот, ангелот му велал:

Мајка ти ќе ти ја умрам; а пак ако се насмеит, таткото ќе му го умрел; чунки децата повеќе си ја милуат мајка си одошто татка си" (стр. 26).

Значението на мајката за децата и незаменливоста на нејзината љубов, народот ја испеал преку страдањата на децата сирачиња и в многу оцрнетиот лик на маќеата. Во големиот број народни песни не се сретнува прикажан позитивен лик на маќеа.

Татковското чувство се јавува подоцна во историскиот развиток. Ова не само поради посебната биолошка непосредност на мајката во односот со децата (таа ги носи, раѓа, дои), туку и поради тоа што и во подоцнежниот развиток тие имале помалку непосреден контакт со децата. Според првата поделба на трудот, што е заснована на половите разлики, татковците најчесто имале за обврска да обезбедат храна за семејството и да го штитат од непријателот и други несреќи. Оттука и не трбаа да не изненади значајно помалиот број песни во кои е опеан таткото во некаков однос кон децата. Се случува, дури да е претставен родоскрвен однос кон ќерката. На пример, во песната "Ајде мори Војдано бела промени се", таткото ја бара својата ќерка зажена по смртта на нејзината мајка на која многу наликува. По дадената согласност од страна на стрикото, ќерката се труе. Оваа, и слични песни, не би ги навеле како потврда за "безграничноста на љубовта" и "магнетизмот на убавината", како што обично се изнесува. Изгледа дека само "убаво моме род нема", а нема песни за нарушен генерациски однос во врската мајка-син.

Песните со погорната и слични на нея содржини, за нас се доказ дека татковството се јавува подоцна од мајчинството како непосреден, топол, индивидуализиран и траен однос меѓу две генерации. Ова ќе го илустрираме преку уште две согледувања што, исто така, произлегуваат од народните песни.

Најнапред ќе наведеме дека за мажот многу позначајно било жената да му е убава, а односот, пак, кон децата бил посредуван преку неа: "Марко Елена остава, / остава Марко прочава, /од три је деца остава, /оти не му е Елена / като првната година". (Кост.107).

Од друга страна, ако му се вратиме уште еднаш на поголемото вреднување на машкото дете од женското, очигледно е дека таткото преку него се обидува да ја задржи што подолго сопственоста на концентрираното богатство во класното патријархално општество.

Пренесувајќи им го имотот и презимето на машките деца, таткото се стреми себеси да се надживее. Ова зборува не само за егоизмот на татковската љубов туку и за нејзиното подоцнежно јавување од мајчинската-та.

Ќе изнесеме овде и извесни согледувања за односот на родителите кон децата и нивното воспитание што произлегуваат од анализата на народното творештво.

За тоа што се очекувало да стане од едно новороденче може да се илустрира преку наречувањето на бабите на третата вечер: "Да си живо. Да си вековито. Да си умно. Да си учено преучено.. Даскал да станеш. Да слушаш татко и мајка. Да ти се слушат зборот /т.е. влијателен да биде). Мак. нар. твор. - Благослови, стр. 238.)

Да биде здраво, паметно и учено и денес тежнеат најголем дел од родителите, но за жал и денес премногу се настојува децата да бидат "послушни", да слушаат авторитети и слепо да им се покорууваат и тоа дома на родителите, во градинките на воспитувачите, во училиштето на учителите... Одиме ли преку послушноста до еден свесен самоуправен член на нашето социјалистичко самоуправно општество?

Некои од народните пословици директно укажуваат во кој правец народот сметал дека треба да се воспитува детето:

- Ако му даваш на малото дете се што сакат, ќе те натера да му ја симниш и месечината;
- Крушата под круша падинат (какви се родителите такви ке им бидат и децата);
- Ако се не уче не може да се науче; или
- Детето додека не паѓа не може да науче да оде;
- Дури е младо, дрвото се вие; или
- Дури е топло железото се чукат; или
- Дури си мал оди на даскал; или
- Старото дрво не се вијат (или стар човек не може да се научи на нови навики/. Очигледно е дека народот правилно согледал дека детството преставува најповолен период за учење /она што денес во психологијата е познато како кртичен период за учење). Едновремено народот бил свесен и за напорот и знаењата кои треба да ги поседуваат оние што воспитуваат:
- За дете раѓање колај, за гледање је мака; или
- За дете раѓање и врапците знаат (или можат); или
- На готови деца секој татко бидуе.

Посебна љубов што народот носел према децата и младите ќе ја илустрираме преку следниве пословици:

- Родила жена дете, ја се сторило оти родила царче;
- Од челад послатко и погорко немат;
- На младите светов (веков) останвит;
- Страдна мајка за слепого (или ќелаего) сина - кога една мајка нема никакво дете ее задоволува и со едно недугаво дете.

Во народните песни имаме сведоштво дека да се има дете било значајно дури дотаму што се случувало мажот да ја остави жената која не можела да роди дете, па дури и тогаш кога причините за тоа биле во него. (Милад.169. и Црн. 393).

Народот умеел да ги одбележи извесни значајни моменти во развитокот на децата со цел да им даде стимул во растењето, а едновремено тоа му било и начин да ја изрази својата радост што детето нормално се развива. На пример, проодувањето на детето како значаен момент во развитокот е одблеежувано со мешење постапалки кои им се разделувале на најблиските роднини и пријатели. Кога сакале на детето да му го свртат вниманието на друга страна, кое го одбивале откривале едно симиче и го терале детето да го земе велејќи: "Умот да ти биде во лебо (симидо), а не да ти биде во цицањето" (Цеп.стр. 278-279). Со иста цел "дете кога падне наземи трчаеќум, ќе си најде пари, велат бабите; а кога ќе си поткаса јазико, ќе јадело месо или риба" (Цеп. стр. 27).

И покрај големата љубов кон децата, сиромаштијата и незнаењето придонесувале за појава на голема смртност кај децата. Причините за болестите, на пример, често биле гледани во разни уроци и клетви, а како заштита им служеле пришиените амајлии на капите или изведувањето на извесни ритуали: на пример, му плукнувале во ноктите на детето за да не го фати некој урок. Всушност, самите вакви заштитни акти биле извор на зараза. Наместо да го излечат, се случувало уште повеќе да го трауматизираат детето, како на пример во лечењето на енурезата: "Ако се мочат дете во сонот, лекот му било да ја запалиш металата и да го жижниш кај курето". Цеп.стр. 11).
И денес децата често, особено по селата и малите места, се носат на бајачки и се применуваат разни народни лекови што децата ги доведуваат до смрт или психички ги попречуваат во развитокот.
Тешкиот живот на младите мајки да го искажеме преку пословицата "Клекни - роди го, стани - пови го". Од друга страна суровиот

живот не оставил да им се посвети многу време на децата од возрасните. Младите мајки на кои најмногу им припаѓало да се грижат за децата биле оптоварени со уште многу други обврски. Младата невеста имала последно место во хјиерархијата на светот на возрасните и вообичаено било таа да ги двори сите во новото семејство:

"Сфекрва сакат куќа метена
сфекор ми сакат слатка вечера
девер ми сакат перче чешљано
золви ми сакат коса плетена
момче ми сакат мека постела
машконо дете сакат да цица (Шапк.151)

Сигурно дека ова последно место на детето не е случајно. Наведувањето како последна обврска е успешно изразување и нагласување на мајчинската љубов и одговрност. Во една песна една мајка вака проколнува:

"Да би пуста јостанала,
таја нива на далеко!
Ношја оди, ношја ѓренди.
Заборави м'шко дете,
на нивата пот крушата...." (Шапк. 457).

Во една друга песна невестата толку долго и напорно работела и дома и во полето што наполно заборавила на машкото дете доенче кое го оставила во полето се до моментот додека млекото што ѝ надошло не ја потсетило на него. Кога го донела детето дома, од доенче кое не знаело да оди и зборува, пораснало дете кое само одело и зборувало. (Шапк.444). Еве примери колку време можеле да им посветат родителите на нивните деца, а исто така и за тоа каква била нивната нега. Од друга страна, станува јасна една пословица која вели: "Секој траже мајката, а не таткото". Во сета своја презафатеност мајката наоѓала време за детето. Таткото бил отуѓен од својата непосредна родителска должност. И денес се потребни напори тој да ја добие својата природна улога во процесот на воспитувањето на младите генерации како во семејството така и во организираните општествени облици на образование и воспитување.

Од народните песни, исто така, јасно избива преференцијата кон машки деца, а жените кои раѓале машки деца биле вреднувани повисоко од оние што имале само женски. Нерамноправноста во односите меѓу половите ги имала корените длабоко во најраното детство и со возраста таа санувала сѐ понагласена.

Една голема неправда и нечовечност се огледа и во односите спрема вонбрачните деца. Некои од нив ги задушувале уште при самото раѓање, други ги оставале пред црква и нив ретко се случувало да ги земе некој што нема деца и да ги одгледа како свои, а многу почесто им ги давале на платени сиромашни жени од црковните власти, како доилки. Платените доилки незаконските деца ги презирале и ги гледале без топлина и затоа нивната смртност била голема. Присвојувањето на деца било ретко, во некои места, како Охрид на пример, речиси и ги немало, а објаснувањето се давало преку пословицата "Турчин побратим не фашчај; на жена тајните никогаш не си ги поверувај, и туѓо чедо не посинвај" која произлегла од приказната "Трите таткои насиети" (Шапк. стр. 200). Денес очигледен е напредокот на овој план: бројот на присвоените деца е сè поголем, голем број на млади мајки чии деца татковците не ги признаваат сами ги одгледуваат. Законски сите деца се заштитени со подеднакви права, а во општествената јавност расте свеста за одговорност на секој возрасен спрема секое дете.

Ќе приведеме овде и две песни од кои одекнува морничава слика за стравотните притисоци и зулуми кои морал да ги трпи поробениот македонски народ, а кои не можеле, а да не остават печат и врз начинот на одгледувањето на децата. Во овие две песни, на прв поглед, може да не вчудоневиди "пасивниот" став на родителите пред чии очи нивните деца се измачувани со печење на ражањ. Едната од тие песни завршува со отворено прашање:

..."Оти така, арамии,
арамии, кесеџии?
Зош'ч ова чудо сторите?" (Шапк. 417).

Последниве стихови остануваат да одекнуваат во читателот како немоќ да се најде објаснување за толку големите злодела и излезот од нив.

Во другата песна кога детето ги моли родителите да го спасат од страотните маки на ражањот, тие му велат во крајната безизлезност:

..."Потрпи, сине, потрпи,
дури душа да излезе!"

Вака можел да рече само крајно немоќен човек за да утеши дека тие маки имаат некаков крај. Ова "потрпи" се совпаѓа со широко познатото дека животот на поробениот сиромашен македонски народ бил "крпеж и трпеж".

Очигледно е, дури и преку ова кусо изложување, дека народните песни, како и приказните, легендите и гатанките, едновремено ги одразуваат односите меѓу луѓето и се обидуваат врз нив да дејствуваат. Излевајќи го она што во длабоката интима го носи, испреплетувајќи го емоционалното и рационалното, народот во своето творештво се покажува и како генијален уметник и како поучувач. Самиот термин "умотворби" укажува дека тие се дело на тогашниот степен на развиеност на неговата мисла. Имено, народот своите доживувања и согледувања, што се историјски ограничени од видот на искуството што можело да се стекне во тогашниот степен на општествено-економските односи и во односите спрема природата воопшто, ги синтетизира и ги обопштува во различните видови умотворби. Токму затоа тие за нас претставуваат не само уметнички остварувања, туку се и значаен теориски облик на рационализација на односите меѓу луѓето и човековата практика.

Сметаме дека народното творештво го изразува единството меѓу тогашната теорија и практика. Народните творби се плод на рационализираната практика, а едновремено се материјализираат во натамошната практика. Тие ја водат, исправуваат, надминуваат и ослободуваат практиката од состојбите што се сметаат за надминати. Но паралелно со ова и самите народни умотворби, преку секојдневната практика биле постојано проверувани, исправувани и надминувани.

Претставувајќи синтеза на постоечката теорија и практика, народното творештво има посебно значење за ретроспективни истражувања на психолошката стварност кај претходните генерации. Во нив се дадени, на пример, описи на тогашниот начин на мислење (како биле сфаќани различни аспекти од природните и општествените појави), емоционалните доживувања (меѓу другите може да се согледа љубовта, љубомората, тагата...) како и односите меѓу луѓето, но и правецот на нивната преобразба. Тие обмислено насочуваат кон нови, секогаш попрогресивни меѓучовечни односи.

# ГЛАВА 2. ПОЛОВИТЕ УЛОГИ ВО СР МАКЕДОНИЈА

## 1. Досегашни испитувања на односите меѓу половите во СР Македонија

Што покажуваат некои, во целина малубројни, истражувања на односите меѓу половите во СР Македонија денес?

Најнапред ќе нагласиме дека немаме право да ги воопштуваме за целата република податоците што се добиени на одредени примероци во Републиката. Меѓу другите, се покажуваат нагласени разлики меѓу податоците добиени од градското и селското население како и на оние со различно образовно ниво. Уште повеќе во ова не ограничува и самиот метод што најчесто се користи во овие истражувања - анкета - заради нејзините недостатоци, во кои овде нема да навлегуваме.

Како денес изгледаат некои аспекти од односите меѓу половите што се забележуваат во минатото на македонскиот народ? Дали и денес, на пример, момчињата се повеќе сакани и дали тие имаат попривилегирана положба во однос на девојчињата?

Испитувањата изведени во 1963/64 година во Пол̄ошките села и градови на СР Македонија од Б.Петреска (1978) покажуваат дека 80% од македонците што живеат во полошките села повеќе сакаат машки деца, додека 93% од македонците жители на градовите подеднакво сакаат и машки и женски деца. Се покажало и дека на село 52,6% од македонците постапувале различно со машките и женските деца со тоа што машките деца имале привилегирана положба а дека во градовите само 4% од испитаните македонци наведуваат дека различно постапуваат со машките и женските деца.

Поскорешни податоци, добиени на пообразовна популација, покажуваат поинаква слика. Така, сите анкетирани студенти од II година на Групата за психологија во Скопје во 1978 година изнесуваат дека сакаат да имаат деца и нивниот пол не им е значаен. (Мурџева-Шкариќ, 1979).

Погорните податоци очигледно покажуваат дека специфичните услови на живеење во село и град, а посебно образовното ниво на испитаниците, влијаат врз нивната поголема или помала желба за деца од одреден пол. Така, во селската средина како да едвам малку сме се помрднале од положбата што ја одсликуваат народните песни и обичаи за минатото. Во градот, пак, и тоа особено кај младата и пообразована

популација, се чини, како да сме навлегле длабоко во рамноправни односи меѓу половите, а ова особено ако се остане само во рамките на одговорите на поедини прашања од анкетата. Ако се земат во обзир одговорите од другите прашања, се добива пореална слика за состојбата денес. Имено, на прашањето "Кога би биле во состојба да го бирате својот пол, кој пол би го одбрале и зошто?", повеќето од половината анкетирани студентки изјавија желба да бидат од машкиот пол образложувајќи дека на таков начин би можеле да добијат поголема слобода, да се ослободат од предрасаудите што важат само за женскиот пол, од обврските и оптовареноста што жените денес ја имаат преку двојното работно време: дома и на работното место.

Веќе од половината на XIX век промените во начинот на производството доведуваат до промени во општествените односи, а според тоа и до промени во односите меѓу половите. Постепено доаѓа до пропаѓање на големите домаќинства во Македонија како резултат на повисокиот степен на развитокот на производните сили. Но сеуште, како што покажуваат испитувањата на Б.Петреска од 1963/64 година, во полошките села, на пример, се сретнуваат макросемејства дури и со по четири генерации. Овој податок ги прави поразбирливи сличностите што се покажуваат меѓу некогашните, минатите односи меѓу половите, и оние изнесени во погорното испитување.

Нуклеарниот тип семејство се повеќе е карактеристика на современиот семеен живот во СР Македонија. Но нуклеарното семејство сеуште е патријархално и поделбата на половите улоги во него е комплементарна. Тоа особено е нагласено кога е вработен само мажот и кога само тој ја создава материјалната основа на семејството, а жената ги врши домаќинските работи и одгледувањето на децата.

Податоците од испитувањата покажуваат дека за децаата, пред се, се грижеле и сеуште повеќе се грижат мајките. Така, Петреска, Б. (1978) во испитувањата од 1963/64 година наоѓа дека испитаниците од село во 50% случаи сметале дека мајката повеќе влијае врз воспитувањето на децата, во 31,8% дека мајката и таткото подеднакво влијаат, а во 18,2% случаи дека таткото повеќе влијае. Во едно наше испитување од 1977 година на родители од Скопје кои и двајцата се во работен однос и чии деца се опфатени во предучилишни институции, се покажува дека мајките се тие што наоѓаат повеќе време да бидат со децата и да одговорат на нивните прашања (Мурџева-Шкариќ, 1978). Ова се податоци што сведочат дека на вработената мајка сеуште, спрема

традиционалната поделба на трудот, и припаѓа "честа" повеќе да се грижи за децата. Овие податоци, од своја страна, сведочат и дека самата жена-мајка, во голема мера, влијае врз формирањето и поттоцрувањето на традиционалните полови улоги.

Дека сеуште сме далеку од рамноправноста во односите меѓу половите сведочат и две испитувања од 1978 година изведени врз скопската студентска популација. Од нив произлегува дека нашите студенти поддржуваат двоен морал: еден за машките, а друг за женските. Според едни критериуми се определува што е добро или лошо за машките, а што за женските. На пример, невиноста и верноста се смета дека треба да важат само за жените, а ова е остаток од патријарјалниот морал чии вредности сеуште се сретнуваат и кај нашите студенти. На пример, иако најголем процент на студенти и студентките ги одобруваат предбрачните сексуални односи подеднакво за девојките и момчињата, сепак одговорите на прашањето "Дали невиноста има големо значење при склопувањетона бракот?", кои гласат дека тоа зависи од мажот, се директен прилог на постоен двоен морал (Петреска-Колишевска, 1979). Доказ за последново се и одговорите на други прашања во споменатото истражување од кои се гледа дека 80% од испитаните студентките наведуваат дека сеуште немаат предбрачни сексуални односи, додека 62% од студентите - момчиња велат дека ги имаат. Истите студентките наведуваат дека имаат потреба од постојанен партнер (92,68% од студентките наведуваат дека се забавуваат со едно момче). Положбата кај момчињата е поинаква: 50% од студентите изјавија дека едновремено се забавуваат со повеќе девојки. И податоците од едно наше истраување (Мурџева-Шкариќ,1979) сведочат дека, посебно кај студентките, има значајни остатоци од традиционалниот патријархален морал т.е. тие и покрај тоа што во 95% случаи наведуваат дека би засновале брак со лице што имало предбрачни сексуални односи, сепак, на едно друго прашање, во 27% случаи одговараат дека на своите ќерки нема да им дозволат предбрачни сексуални односи, а само 3% од нив не би им го дозволиле истото на своите синови! Произлегува дека голем дел од нашите студеткињи држат до женската "невиност", а машкото искуство на истиот план го одобруваат.

Според податоците од истражувањето во 1963/64 (Петреска, 1978) се гледа дека машките деца значајно повеќе ги наследуваат родителите, а сестрите, во името на браќата, се откажуваат од

наследството што законски им припаѓа. Дали е тоа и денес така немаме податоци, но некои наши студентки наведоа во испитувањето, после групните дискусии со нив, дека го промениле својот став спрема миразот што дотогаш го сметале за "нормален обичај". (Мурџева-Шкариќ, 1979). Ова се само некои податоци што сведочат дека во свеста на младите, тука меѓу нас, сеуште преовладува патријархалниот морал.

Потчинетата улога на жената и надредената положба на мажот се гледа и во податоците добиени во анализата на влијанието на образовнанието и занимањето на супружниците при изборот на брачниот другар и при склучувањето на брак во СР Македонија и тоа на супрузите родени од 1910 година до браковите склучени до 1975 година (Јовановиќ,1981). Податоците сосема јасно покажуваат дека постои тенденција преку склопувањето на бракот да се подобри општествената положба со помошта на образованието на едниот супружник, посебно преку образованието на мажот. Македонските жени сеуште не се на подеднакво образовно ниво со мажите.[1)]

Во значаен степен мажите се тие што, преку своето образование "ја влечат" жената спрема нагорната скала на општествената моќ. Во општествено-економските услови на СР Македонија жените сеуште не го користат доволно образованието како можност за подобрување на својата вкупна општествена положба, туку, многу често,само

---

1) Кантарџиев (1965) наведува дека до средината на XIX век во Македонијане постоело ни едно специјлано училиште наменето за образование на женски деца. Истиот автор забележува дека и пред отварањето женски училишта во некои градови женските деца добивале извесно образование во текот на првата половина од XIX век, но нивниот број бил многу мал. Прво женско световно училиште во Македонија за кое се знае било отворено во Велес 1850 година, а од 1860 година женски училишта почнале да се отвораат и во други градови во Македонија, но сепак, вратите на училиштата за голем број девојчиња останале затворени и во втората половина на XIX век. Се додека постоеле неразвиени производни и општествени односи не се согледувала потребата од образование на женските деца.

Овде е за издвојување и податокот што го изнесува погорниот автор според кој трудот на учителките бил далеку пониско вреднуван од оној на учителите (додека во 1853 година во сметката на еден учител стои дека за две години примил 5 301 гроша, за истото време во исотото место учителката добила 510 гроша!) (стр. 212).

преку бракот ја остваруваат нагорната општествена подвижност. Очигледно е дека економскиот фактор сеуште значајно влијае при изборот на брачниот другар на жената. Податоците од оваа проучување покажуваат дека кај мажите се јавува спротивна тенденција - преку бракот ја остваруваат надолната општествена подвижност. На пообразовниот маж не му пречи да "земе" жена со пониско образовано ниво, а ова можеби затоа што неа полесно ќе ја убеди дека местото и е во куќата, дека е најдобро таа да биде добра домаќинка и мајка, и дека таа, пред се, е жена, а тој маж во куќата!

Денес се повеќе сме сведоци како постепено умираат традиционалните улоги на мажот и жената и тоа најнапред таму каде се создадени невои основни општествени предуслови за јавување на рамноправни односи: повисоко образовно ниво на жената, нејзино вработување и вклучување во општествено-политичкиот живот, поопштествување на поедини функции на семејството и слично. Сепак, и денес е забележително недоволното учество на жените во процесот на општественото одлучување на сите нивои во СР Македонија, а ова особено е во расчекор со очекувањето таквото учество да биде поголемо кај образованите и вработени жени што со својот труд даваат значаен придонес во вкупниот општествен развиток.

Ако се спореди положбата на македонската жена денес и во минатото, а при тоа не се заборави многу нискиот општествено-економски развиток од кој се тргна, може да се согледа дека ~~денес~~ постојат многу големи промени во општествената положба на жената во СР Македонија. Крупен напредок се забележува посебно во сферата на трудот (30,4% од вкупниот број вработени во 1980 беа жени) и во сферата на образованието (во учебната 1978/79 година во средните училишта околу 44% се ученички, а на високите и вишите школи 40% се студентките; од вкупниот број дипломирани студенти во истата учебна година 42,8% се женски)[1].

Меѓутоа и на планот на вработувањето и на планот на образованието постојат некои многу актуелни проблеми. Бројот на жените што очекуваат вработување е во постојан порест (така, додека во 1970 година од вкупниот број лица што барале вработување 41% биле жени, во 1980 година 54,5% се жени. Она што особено паѓа в очи

---

1 и 2) Некои идејно-политички прашања од општествено-економската положба, учеството и активноста на жените во СРМ (шапилогрaфиран материјал), Комисија за организација и развој на СК при Претседателството на ЦК СКМ, Скопје, март, 1981 год.

е дека меѓу невработените се поголем број се жени со средно - 61%, вишо - 61% и високо образование - 57%). Потоа постои и податокот дека младинките и натаму најмногу ги бираат традиционалните "женски занимања" и само одредени професии. Ова се податоци што опоменуваат дека систематски треба да се дејствува за отворање на сите професии за припадниците од двата пола и тоа од најраната возраст. Имено, тоа што поделбата на трудот сеуште во значајна мерка се заснова на половата припадност и што активностите и понатаму остануваат поделени на оние од јавната и приватната сфера, битно придонесува за постојано кружење на половите улоги од традиционален тип во кои положбата на жената останува потчинета.

Во натамошното изложување ќе го побараме и одговорот на прашањето колку може да им се верува на досегашните наоди и заклучоци од бројните емпириски истражувања во светот во врска со половите улоги, половиот идентитет и половите разлики во психолошките карактеристики. Ова заради две големи причини: една е нивната теориска заснованост, а другата е во врска со употребените методи во истражувањето.

За тоа какви резултати ќе се добијат во едно истражување пресудно значење имаат теориската подготвеност на истражувачот и методите што тој ги користи во истражувањето. Претпоставките што истражувачот ги поставува за проверка се во рамките на дотогашните негови научни сознанија, па според тоа може да се рече дека одговорот на едно поставено прашање едвам да стигнува нешто понапред од истото. Ова може добро да се согледа, на пример, преку првите истражувања на половите улоги кои по својот карактер спаѓаат во рамките на позитивистичката диференцијална психологија. Таа ги потврдува очекуваните полови разлики во психолошките карактеристики, а толкувањата на добиените податоци се движат во рамките на билогистичките сфаќања тогаш. По нив следат истражувања со помош на систематски посматрања во различни култури кои укажуваат на големото значење што го има социјалната средина во јавувањето на психолошките карактеристики на припадниците од двата пола. На нив се надоврзуваат експериментални варирања на социјалните моменти кои ќе овозможат менување и формирање на однапред зацртани психолошки особености и тоа, пред се, оние што им припаѓаат воглавном на припадниците од машкиот пол (Младеновиќ, 1975),. Ова изгледа затоа што последниве се повисоко вреднувани од оние на жените.

Што се однесува до методите што се употребени во голем број истражувава на половите улоги во светот, може да се рече дека тие воглавном се систематското посматрање и методите на самоизвестување.

Кога станува збор за испитување по пат на посматрање, стереотипните верувања влијаат врз појава на селективни перцепции кај оценувачот, а ова ги искривува наодите. Да го наведиме како доказ за погорното само испитувањето на Condry i Condry(1976). Машки и женски возрасни субјекти ги проценувале емоционалните одговори на едно исто деветмесечно дете снимено на магнетоскопска лента; за него на половината проценувачи им е речено дека е момче, а на другата половина дека е девојче. Резултатите покажуваат значајни разлики меѓу двете групи проценувачи во поглед на видот емоција кај детето и нејзиниот интензитет, а ова се покажува во тесна врска со назначениот пол на детето, од полот на оценувачот и од искуството што проценувачот го имал со малите деца. Ова и слични проучувања, не тераат да бидеме доста внимателни во интерпретацијата на резултатите на голем брј студии за половите разлики во кои се применува методот на посматрање, а при кои посматрачите го знаеле полот на детето чии поведенија ги проценувале.

Овде ќе наведиме само некои недостатоци и на методите на самоизвестување (прашалници, скали на процени...) кога станува збор за испитување на половите улоги. Најнапред може да се рече дека она што едно лице го изјавува за себе не го осветлува и она што истото го има или го практикува. Од друга страна, самиот избор на прашањата и класифицирањето на одговорите од страна на истражувачот, се условени од неговите сфаќања и очекувања. Се забележува и дека најчесто изјавите на испитаникот се во согласност со вообичаените верувања за половите разлики т.е. стереотипите влијаат врз искривувањето на одговорите.

Доста чест е и проблемот на недоволно прецизна дефиниција на самиот предмет на испитување: што всушност се мери. Ако, на пример, се испитува постоењето на полови разлики во специјалните способности, најнапред е неопходно да се определи за кој вид просторни способности станува збор во истражувањето: дали за тактилно препознавање на растојанието или за слушна локализација.

На крајот ќе укажеме и на сложеноста во испитувањето на половите улоги кога станува збор за различни возрасни периоди. Можат да се наведат две главни причини за постоењето потешкотии во согледувањето на развојните промени во психолошките поведенија. Најнапред треба да се рече дека последниве со возраста се менуваат, па често истиот назив за определено поведение ве крие во своето значење и исти содржини. Така е тоа, на пример со интелигенцијата која во првите две години се изразува низ сензомоторните активности, а додека во адолесценцијата е карактеристично хипотетичко-дедуктивното мислење. Или, кога станува збор за половите улоги, рековме дека тие во предучилишниот период постојат како реални поведенија меѓу единките, а дури подоцна доаѓа до нивно повнатрешнување како дел од личноста. Понатаму, втората потешкотија произлегува од тоа што не само што се менува она што го мериме, туку се менуваат и самите начини, методи на мерење. Значи ниту е исто она што се мери, ниту методите со кои се мери.

## 2. Половите улоги кај децата од предучилишна возраст во СР Македонија

При разгледувањето на психолошките теории за половите улоги и при објаснувањето на нивното потекло и развој во процесот на хуманата онтогенеза, постојано се јавува некои прашања поврзани со можностите за организирано влијание врз нивното формирање и менување.

Едновремено додека во себе ја градевме теориската концепција за половите улоги, одвреме навреме правевме извесни мали истражувања со цел да согледаме како извесни претпоставки се манифестираат во нашата секојдневна практика.

Може веднаш да се рече дека емпириските истражувања што ќе бидат изнесени во овој дел не се однесуваат ниту само на еден проблем, ниту се направени на исти субјекти. Ние сме свесни дека половите улоги кај предучилишните деца во Македонија ќе ги отсликаме низ делови од "мозаикот" полови улоги кај предучилишните деца од Македонија. Сметаме, сепак, такви какви ќе бидат дадени податоците од истражувањата, тие ќе овозможат да се извлечат извесни конкретни заклучоци во врска со организираното влијание врз половите улоги во иднина.

Со право може да се постави прашањето дали испитаните деца се репрезентативен примерок врз основа на чии испитувања за половите улоги ќе може да се заклучува воопшто за предучилишните деца во Македонија?

Веднаш може да се рече дека примероците на кои се правени истражувањата не се формирани врз основа на почитување на сознанијата за тоа како се прави репрезентативен примерок во едно истражување. За нас беше значајно да има машки и женски деца од село и град, што одат и не одат во предучилишни институции, чии мајки се и не се вработени, чии родители се со различни образовни нивоа, од семејства каде има и каде нема баба и дедо, потоа и такви чии родители се на привремена работа во странство или живеат во домски услови. Со други зборови, субјенти беа деца што потекнуваат од различни средини. Не ни се чинеше значајно бројот на субјектите да биде поголем и ист од овие вака различни средини. Сметавме дека за да се извлечат поточни заклучоци за проблемот што ние го испитуваме овде не е толку битен бројот на испитаните субјекти, колку што се важни теориските рамки кои ќе го водат истражувањето и интерпретацијата на добиените податоци. Имено, ни се чинеше како до "научната" вистина за половите улоги ќе дојдеме и преку такви истражувања какви што ќе бидат изнесени во натамошниот текст.

Основно сознание што ни се наметна додека истражувавме беше дека треба да се испитува секоја конкретна средина, децата за кои се прават воспитно-образовните програми, а последниве треба постојано да се проверуваат и дополнуваат со нови и поефикасни содржини и методи за организирано дејствување. Се покажа дека постојат специфичности кои се однесуваат само на поедини примероци субјекти, но токму од таквите специфичности произлегуваат и некои општи сознанија, како на пример сознанието за неминовност од претходно продлабочено испитување на самите деца за кои се планира организираното дејствување, како и за разработување на специфичен програм за воспитно-образовна работа со нив. Но сепак, произлегуваат и извесни заеднички моменти за сите кои се возрасно и културно условени. И токму нив ќе ги издвоиме кога ќе стане збор за можностите на организирано влијание врз хуманизација на односите меѓу половите во организациите на здружен труд за предучилишно воспитување и образование на децата од СР Македонија.

### 2.1. Детските сфаќања за семејството и за родителството

Во поглед на психичкиот развиток на децата од посебен практичен и теориски интерес е согледувањето на местото и улогата на семејството и родителството посматрани од детското стојалиште. Што децата подразбираат под семејство? Што за нив значат родителите - мајката и таткото? Колку родители - татковци и мајки - може да има едно дете? Дали е оправдано од стојалиштето на детето и од аспектот на неговиот оптимален психички развиток да се зборува и да се дејствува кон поопштествување на улогите на семејството? Што е она што е незаменливо и неопходно за детскиот развиток, а што го овозможува семејството?

На горните, многу сложени и значајни прашања, ќе се обидеме да одговориме низ резултатите од истражувањето што го направивме со цел да ги согледаме содржините што децата од предучилишна возраст ги вклучуваат во објаснувањето на поимите семејство, родителство, мајчинство и татковство.

Зошто е значајно да се испитаат детските сфаќања за родителството и семејството кога станува збор за организирано влијание врз половите улоги во предучилишните институции?

Пред се затоа што мајчинството и татковството, како вид полови улоги, во претходните излежувања се покажаа како непресушен извор на содржини од традиционален тип за новите генерации и формирањето на нивните полови улоги. Ни се чинеше неминовно да се разгледаат можностите и оправданоста за поинаква распределба на родителските должности и тоа тргнувајќи токму од детските согледувања на истите. Понатаму, требаше да се согледа не само можноста за поинакво поставување на мајчинството и татковството во рамките на семејството туку и во она што се подразбира под поопштествена воспитна улога на семејството.

Субјекти: Од пролетта 1982 година беа испитани градски и селски деца од предучилишна возраст(3-7 години) чиј говорен јазик е македонскиот и кои потекнуваат од природни семејства со два родитела. Резултатите се анализирани во зависност од возраста на децата и тоа според поделбата во две возрасни групи. "Малата група" ја сочинуваат 39 деца (15 девојчиња и 24 момчиња) на возраст од 3-4;6 години. Тие се испитани во една скопска градинка. "Средната и големата" група ја сочинуваат 40 деца (23 девојчиња и 17 момчиња) на возраст од

5-7 години и се испитани во истата скопска градинка како и помалите. Во возрасната група од 5-7 години се опфатени и резултатите од 30 деца (15 момчиња и 15 девојчиња) од неколку градови во Македонија (Прилеп, Битола, Гевгелија и Крушево) чии мајки не се вработени, туку се домаќинки. Испитани се и 27 девојчиња и 18 момчиња од две земјоделски села (Градско и Сопот). Според тоа, во возрасната група од 5-7 години се анализирани изјавите и цртежите на 70 градски и 45 селски деца или 65 девојчиња и 50 момчиња (или вкупно 115 деца).

На располагање ни беа и цртежите на семејство и записниците од прашалникот направен по моделот на нашиот што е употребен во ова испитување и со наша помош, а кои служеа за испитување 47 деца од 6-13 години (од кои 10 од 5-7 години) од Центарот за заштита на деца и младинци "11 Октомври" од Скопје.[1]

Методи употребени во испитувањето: најпрвин на децата им е зададен "Цртежот на семејство" со инструкцијата: "Нацртај едно семејство онака како што ти го замислуваш". Ако детето не знаеше што значи зборот семејство беше дозволено да се употребат синонимите фамилија или породица, но не и какви било други објаснувања или барања да се наведат неговите членови или потсетување кои лица го сочинуваат. Бележен е редоследот на цртањето на фигурите, а потоа детето означуваше кого го претставуваат нацртаните фигури и која фигура е самиот тој. За секое дете беше потребно да се знае составот на неговото вистинско семејство за да би можело да се согледа, дали децата од предучилишна возраст како "едно семејство", пред се, го подразбираат своето семејство.

По "Цртежот на семејство" следеше стандардизиран интервју од 27 прашања (Прилог бр. 1) чии одговори требаше да овозможат согледување на детските сфаќања за семејството и родителството, мајчинството и татковството.

Резултати и нивна интерпретација: Иако Цртежот на семејство не се препорачува за децата под пет годишна возраст, ние баравме и од децата меѓу 3 и 4;6 години да нацртаат семејство бидејќи за нас беше интересно како децата од оваа возраст ќе го прикажат графички семејството. Добиени се од нешто повеќе од половина деца графички

1) Испитувањето го вршеше студентнињата Лела Јаковлевска.

прикази на семејство, иако сеуште на ниско графичко ниво.[1] (Имаше деца што беа во развојната фаза на чкртање-цртаа незатворени кругови што не беа вербално означени како членови од семејството и ваквите чкртаници не ги сметавме за Цртеж на семејство; но цртежите во кои човечките фигури едвам и де беа во фазата на полноглавецот ги сметавме за Цртеж на семејство ако детето секој полноглавец го означуваше како одреден член од семејството).

Децата од 3-4;6 години што направија графички приказ на семејството преку него покажаа дека знаат што е семејство и кои се неговите членови. Тие, најчесто, на цртежот ги вбројуваат членовите на потесното семејство (мајка, татко, брат и сестра), но таму каде бабата и дедото се членови од проширеното семејство, исто така, се нацртани и на цртежот.

Од цртежот можат да се издвојат извесни разлики во односот кон мајката и таткото кај децата од различен пол. Така, забележително е дека поголем број девојчиња мајката ја издвојуваат како најзначајна фигура: или ја цртаат како најголема или прва или на централно место или до фигурата што го претставува самиот субјект-цртач. Кај момчињата се забележува дека таткото е тој што има позначајно место: или е нацртан прв, или во близина на самиот субјект или е вербално валоризиран: "Ако сум јас на овој цртеж, ќе бидам таткото!"

За одбележување е дека дури и кај подобро нацртаните човечки фигури од децата меѓу 3-4;6 години не е наведен никаков графички знак со кој би се препознал полот на нацртаната фигура. Но веќе кај децата од 5-7 години машките и женските фигури најчесто се разграничени по облеклото, а помалку по должината на косата. Жените (мајките и бабите) се нацртани во фустани, сукњи и ни една мајка не е нацртана во пантолни иако, доста од нив, во секојдневието ги носат. Мажите (татковците и дедовците) се во пантолони и тоа е основниот белег по кој тие се разграничени од мајките и бабите. Се случува девојчињата да бидат прикажани во панталони (само на неколку цртежи), но ниту едно момче не е прикажано во фустан или

1) Наша намера не е да ги разгледуваме разликите во графичката зрелост меѓу девојчињата и момчињата. Сепак ќе ја одбележиме поголемата графичка зрелост кај девојчињата од сите испитани возрасти. Нацртаните човечки фигури од момчињата се помалу издиференцирани помалку вообличени, со помалку поединости и изгледаат "недоделкани". Се чини како да се момчињата на пониско развојно ниво во графичкото прикажување од девојчињата на истата возраст.

сукња, што сметаме дека е одраз на самата стварност во која сите девојчиња носат панталони (особено кога е постудено) но ниту едно момче не носи фустан или сукња.

Освен облеклото други белези по кои се разликуваат машките и женските нацртани фигури се должината на косата, обетките и топукот на чевелите.

Децата што растат во природното семејство во 45% случаи го цртаат реалното свое семејство, она во кое живеат тие самите, и значајно повеќе се сметаат за член на нацртаното семејство (78% од вкупно 115 испитаници 5-7 год. деца) од оние деца што растат во домски семејства (49% од 47 испитани деца) . Овде истакнуваме дека 2/3 од домските деца нацртаа природно семејство и во него се вклучуваат себе 2/3 од нив. Онаа 1/3 од домските деца што нацртаа домско семејство, знатно помалку се вклучуваат себе во него (1/3). Како да се разбере ова помало вклучување на домските деца во нацртаното семејство и уште помалото нивно вклучување кога е нацртано домското семејство?

За нас овие податоци укажуваат дека децата што растат во нашето нормално семејство себе се сметаат за составен дел од тоа семејство. А на кое семејство му припаѓаат домските деца, како членови на кое семејство се сметаат тие себеси?

Домските деца што цртаат природно семејство и се вклучуваат себе во него, очигледно се стремат и се определиле себе како членови на некое друго, како тие што велат "вистинско" семејство, а не за домот-семејство во кое моментално престојуваат. Ова наше објаснување е поткрепено со податокот дека 2/3 од овие исти домски деца својата иднина ја замислуваат во "свое" семејство т.е. мислат дека тие самите ќе живеат и нивните деца ќе растат во нормално семејство.

Бидејќи за нас се значајни податоците кои ги отвараат можностите да се согледа еден друг тип семејство, отварање на нуклеарното семејство и на негово проширување, во натамошното изложување ќе се задржиме на некои такви податоци што произлегуваат од ова испитување.

25% од 115 деца од природните семејства на возраст од 5-7 години како составни членови на своето семејство ги цртаат и бабата и дедото. Еден дел од децата го нагласува нивното значење со тоа што ги црта како први фигури, или како поиздиференцирани,

поголеми, поблизу до нив. Овие деца наведуваат дека нивните баби се грижат за домаќинството и за нив. Улогата на дедото е да купува храна, да ги шета внуците и да им раскажува приказни. Исклучок претставуваат податоците добиени од децата во едно од испитаните села: нити едно од нив не ги вклучува во Цртежот на семејството и не ги споменува во Прашалникот своите баби и дедовци. Едноставно како да ги немаат! Како да го објасниме овој податок? Се чини дека самата општествена стварност им предодредува на децата кого тие ќе го сметаат за најблизок, за член на своето семејство. Во ова село карактеристично е дека младиот брачен пар веднаш се издвојува во посебно семејство, не живее во заедница со родителите и сам се грижи за децата.

1/3 од домските деца што нацртаа домско семејство во него вклучуваат повеќе деца, но нема никого на местото на родителите. Се случува да цртаат згради, простории, предмети од домаќинството, но без човечки фигури. За овој мал број деца семејство не значи луѓе што живеат во нацртаниот простор, туку самиот простор и предметите во него (вакви цртежи се многу ретки кај децата од природното семејство).

На цртежите на децата од 5-7 г. од природното семејство двата родитела се претставени во 86% од 115 случаи. Кај домските деца двата родители се значајно помалку претставени: во 32% од 47 испитани деца.

Долека незначаен дел од децата од 5-7 год. од природните семејства не ги нацртаа двата родители (8 од 115 или 7%), кај домските деца скоро половината (47%) не нацртаа ни татко ни мајка на Цртежот на семејството.

Ако на овие податоци добиени од Цртежот на семејство ги додадеме и одговорите на прашањето "Што е тоа семејство", ќе бидеме поблизу до определбата на поимот семејство и што тој значи за испитаните деца.

Само две од 115 деца од 5-7 год. од природните семејства наведоа дека семејство тоа е куќа, зграда во која живеат луѓе.(Исти от одговор го даваат 3 од 39 деца од 3-4;6 год.). Останатите 113 деца семејството го одредуваат преку набројување на неговите членови (родители, деца, баби и дедовци и други роднини). И најголем број од помалите деца (3-4;6 г.) семејството го одредуваат преку набројување на членовите што го сочинуваат (14 од 39 или 36%), но голем дел од нив и не знаат да одговорат (12 од 39 или 31%),

40% од 47 домски деца под семејство подразбираат природно семејство, составено од родители и деца 13% од 47 домски деца семејството го одредуваат како домско семејство и тоа наведувајќи дека тоа се повеќе деца што живеат заедно. Воспитувачите ретко се наведувани како членови на домското семејство, а ова е можеби затоа што домските семејства на испитаните деца од домот ги сочинуваат и по 20 деца наместо планираните 12, што ја намалува можноста за воспоставување на поблиска врска меѓу децата и воспитувачите. Последново е отежнато и заради тоа што најголем број од воспитувачите не живеат во домот со децата. Преостанатите 47% од 47 домски деца или имаат нејасен поим за семејството или двоен поим: семејството, според нив, може да биде составено од родители и деца, од една страна, и од деца во домот, од друга страна. Изгледа дека овој двоен поим одговара на самата двојна реалност, реалното двојно семејство: децата живееле одредено време во природното семејство (потполно или непотполно) или и сега повремено ги гледаат своите родители но заради различни причини живеат во домот-семејство (може да се забележи дека немањето средства за живот е многу честа причина за сместување на децата во домот и покрај живи два родитела кои, од одредени причини во кои не навлегуваме, не обезбедуваат материјална основа за опстанок на семејството).

Ќе ги издвоиме сфаќањата, определбите на семејството на некои од десетте домски деца на возраст од 5-7 години. Две од нив велат дека не знаат што е тоа семејство, но дека им е подобро во домот, со луѓе, а не да бидат сами: "Со луѓе сакам, сам ми е страв!". За две други деца семејство претставуваат самите деца: "Братче, сестриче, другарче, сите тие даваат нешто!". Или едно друго дете што вели: "Семејство се нашите дечиња. Да спиеме заедно за да не ни биде страв!" (Цртежот на семејство на ова дете содржи две мајки и повеќе деца.Напоменуваме дека уште едно домско седумгодишно дете црта две мајки, додека тоа не се сретнува кај децата од природните семејства).

Дали после ова ние, возрасните, знаеме што е тоа семејство? Можеби се поблизу до определбата на поимот семејство и на променливоста на содржините што тој во себе ги носи, како во текот на општествено-економскиот развиток така и во поглед на сегашното реално семејство, токму оние деца што искусиле и "вакво" и "такво" семејство: "Да имаш семејство значи да си помогне човек со човека" (12 годишно дете) или "Семејство се коибило луѓе што живеат заедно" (11 годишно дете).

Како децата одговараат на прашањето "Што се тоа родители?".

Од 115 деца на возраст од 5-7 годиниод природните семејства 80 или 70% како одговор ги наведува татkото и мајката, 7 или 6% додава дека освен мајката и татkото тука се и бабата и дедото исто така родители, две велат дека тоа се "оние што не родиле", 6 наведуваат дека се тоа "оние што не чуваат, се грижат за нас, не земаат од градинката", 3 ги наведуваат сите роднини што ги имаат а само 7 изјавуваат дека не знаат.

И кај малите (3-4;6 години) од природните семејства најголем број одговори се во наведувањето на татkото и мајката (17 од 39 или 44%), 4 или 10% ги вклучуваат и бабата и дедото, а голем процент и не знаат да определат што се тоа родители (13 од 39 или 33%).

Ако овие податоци ги споредиме со оние добиени од домските деца, содржината на поимот родителството се проширува. 34% од 47 домски деца смета дека само мајката и таткото се родители, 28% наведуваат дека се тоа мајката и таткото, но дека може и некој друг да ги замени (како замена се наведуваат не само роднините или некоја друга мајка и татко, туку и други деца). И додека 39% од 47 домски деца наведува дека родители се оние што се грижат за децата и ги задоволуваат нивните потреби, само 6 од 115 или 5% деца од 5-7 год. од природните семејства го изјавуваат истото, иако, се чини, дека во овие исти изјави не се кријат и исти содржини. Имено, изгледа дека кај децата од природните семејства тоа "оние" пак ги подразбира татkото и мајката, додека кај домските деца тоа исто "оние" е многу помалку одредено, пошироко, повеќе во смислата "којбило", па дури и како што велат понекои од нив што се на помала возраст:"Родители се други деца" (последнава изјава и е стварност за еден број од децата во домот, особено за помалите за кои најнепосредно се грижат по-возрасните деца и адолесцентите од истото дом-семејство).

На прашањето "Што е тоа мајка?" најчест одговор што се сретнува кај децата од 5-7 г. од природните семејства е "жена", "родила дете", "раѓа". Исклучок прават децата од селото Градско од кое сите ги наведуваат активностите околу одржувањето на домаќинството и подигнувањето на децата (чува, чисти, пере, спрема храна, бања, ги чува и ги сака децата) како содржини со кои го определуваат поимот мајка. Последниот вид одговори доминира и кај

децата од 3-4;6 години ("Тоа е родител што пере", вели едно од нив). И кај домските деца во голема мерка како определба на мајката се наведуваат активносите околу одржувањето на домаќинството и одгледувањето на децата (20 од 47 или 42,55%). Кај домските деца се сретнуваат и одговори "Не знам" (8 од 47 или 17%) како што се следниве: "Не знам, не доаѓа овде!" или "Не знам. Умре... За се знам само за мајка не знам!".

Одговорите на прашањето "Каква е најдобрата мајка на светот?" сведочат дека тоа е онаа што прави нешто за децата. 21 од 115 или 18,26% од децата меѓу 5 и 7 години од природните семејства велат дека тоа е "мојата мајка" додавајќи дека таа ги родила и дека се грижи за нив давајќи им храна, љубов, заштита, ги бања и им купува. Слични образложувања даваат уште 55 од 115 или 47,83% без она "мојата мајка". Вакоите образложувања се најчести и кај домските деца (24 од 47 или 51,06%), и кај оние до 3-4;6 г. (12 од 39 или 31%).

Изгледа дека и децата од природното и оние од домското семејство го пробале ќотекот од родителите за што сведочат одговорите во кои најдобрата мајка или татко се определуваат со "Не тепа" (17% од домските деца тоа го изјавуваат за мајката и исто толку за таткото, а кај децата од 5-7 год. од природните семејства за мајката овој одговор го даваат 12%, а за таткото 11%)

Кај еден мал дел од поголемите (11%) и кај повеќето од помалите деца (27%) физичкиот изглед и убавината служат како мерило при определувањето на добрата мајка.

Како децата го определу-аат таткото? Како и мајката и таткото најчесто се определува врз основа на активностите што децата гледаат дека ги прави, па ако се споредат одговорите на прашањата "Што е тоа мајка" и "Што е тоа татко" можно е да се согледа поделбата на работата во рамките на семејството меѓу мајката и таткото.

Најголем број деца од градот за таткото велат дека е "машко, маж, човек". Но постои разлика меѓу децата на невработените мајки од градот кои додаваат дека "работи и зема пари" и децата од градинките чии мајки се вработени и кои додаваат различни активности што се поврзани со домаќинството и подигнувањето на децата.

Произлегува дека вработените родители повеќе меѓусебно ги делат активностите околу одржувањето на домаќинството и подигнувањето на децата. Сепак, тоа е повеќе од типот "Тате и помогнува на мама, ги мие садовите, чисти", како што вели едно момче од Скопје. Татното може да го прави истото што и мајката, но само ако мора или ако сака: "Кога е болна мајката прави ручек, а кога таа прави ручек тој спие како Дибек"; "Може, кога е уморна мајката"; "таткото пере кога мајката не е тука". Очигледно е дека мајката е главниот организатор и носител на домашните работи и дека сеуште важи она народното, пословично речено: "Куќата стои на жената".

Заслужуваат да бидат издвоени одговори на малите деца (3-4;6 години) од природните семејства од Скопје чии два родители се вработени. Тие наведуваат разновидни активности на таткото поврзани со грижата околу самите деца: ги носат во градинка, праат ручек ако мајката е болна, се играат со децата, ги шетаат, ги чуваат и успиваат. Значи еден дел од татковците преземаат дел од грижите околу одгледувањето на децата кои се вршат во директна интеракција со нив, па не би било чудно, ако децата повеќе ги засакаат татковците од мајките, кои за истото тоа време, се затворени во купатилото, кујната, чистат и слично. Ваквите детски одговори се директно сведоштво дека се создава една нова поделба на трудот меѓу родителите во семејството во која мајките, повторно, добиваат потчинета улога. Но барем ваквата поделба е "помодерна", а некои ја сметаат дури и за модел кон кој треба да се придржуваат идните генерации ( во една сликовница од еден современ македонски автор е отсликана токму ваква поделба на активностите во семејството вер верички). Ваквата поделба е и понапредна, има поголема можност да се приближи до рамноправни односи меѓу половите од онаа во која, пак според изјавите на децата, нивниот татко "дома игра оро" (изгледа детето го презело изразот што се употребува кога некој ништо не работи од некој друг возрасен дома), "Не работи ништо, седи", или "Пие кафе и пуши цигари".

Најдобриот татко децата го определуваат како оној што носи пари, купува и им дава нешто на децата, ги сака, а ваквите одговори се сретнуваат кај 31% од 115 деца на возраст од 5-7 години од природните семејства и кај 47% од 47 домски деца.

Дали децата ги сакаат подеднакво двата родитела или едниот од нив е повеќе сакан?

Додека кај градските 5-7 годишни деца доминира одговорот: "подеднакво" (40 до 70 или во 57% случаи), кај селските девојчиња мајките се многу повеќе сакани од татковците (18 од 27 или во 67% случаи), а селските момчиња во ист дел (по 1/3), изјавуваат дека ги сакаат исто или дека мајката или таткото ги сакаат повеќе.

Децата од 5-7 год. што изјавуваат дека повеќе го сакаат едниот од родителите, почесто ја бираат мајката (47 од 115 или 41%) од таткото (19 од 115 или околу 17%). Како аргументација зошто мајката е повеќе сакана се наведува нејзината работа околу одржувањето на домаќинството и одгледувањето на децата, а таткото е повеќе сакан бидејќи на децата им купува нешто. Децата што наведуваат дека подеднакво ги сакаат двата родитела како аргументација велат дека исто прават за нив, дека и двајцата им се родители и дека и тие нив подеднакво ги сакаат.

На прашањето "Кој е најважниот за да порасне детето големо и зошто?" најголем број од 5-7 г. деца изјавуваат дека е тоа мајката (57 од 115 или 49,57%). Образложението е дека таа им дава храна и се грижи околу подигнувањето на децата и одржувањето на домаќинските работи. Помал процент на деца 21 од 115 или 18,26% одговараат дека таткото е најзначаен затоа што е најсилен, затоа што командува, затоа што им купува, а кај децата чии мајки не се вработени и затоа што "работи" т.е. вработен е. Таткото и мајката се сметаат за подеднакво значајни од само 7 деца.

И кај домските деца мајката е најважна за да порасне детето големо (24 од 47 или 51%). И таткото и мајката се подеднакво значајни кај 6 од 47 или 13% од децата, а само таткото во 2 од 47 или 4% случаи.

Кај домските деца се јавува една нова категорија најважно лице за да порасне детето, а тоа се другите деца или друго дете (6 од 47 или 12,77%). Овие податоци се во склад со самата реалност во која во домските услови едно дете му помогнува да израсне на другото.

Еден дел од селските деца (7 од 45 или 15,56%) сметаат дека самите тие се најзначајни за да пораснат и при тоа го истакнуваат јадењето. Кај градските деца не се сретнуваат вакви одговори.

Јадењето се истакнува на едно друго прашање ("Што му е најважно на едно дете и зошто?") и тоа од децата чии мајки не се вработени и кај оние од 3-4;6 години. Децата од 5-7 години од скопската градинка не даваат ниту еден ваков одговор.

На последново прашање еден дел од децата ги наведуваат двата родителa или само едниот од нив. Но за нас беше интересно што на ова прашање доста често е одговорот "играат", "да играм", а кај децата од С. Градско ова е најчестиот одговор на ова прашање (22 од 26 деца или 84,62%). Можеби возрасните од ова село почесто им го повторуваат на своите деца, кои одат во забавиште што работи во училишните простории и се подготвуваат за некој месец да тргнат на училиште, она што едно девојче вака го изрази: "Да играм дури сум мала, бидејќи кога ќе пораснам треба да учам!".

Еден дел од децата,а посебно оние од забавиштата, го истакнуваат учењето и знаењето како најважни можби затоа што тоа се нагласува и се стимулира во забавиштата што работат во рамките на училиштата како подготовка за тргнување на училиште. И домските деца, оние што веќе одат на училиште го издвојуваат како најважно учењето (14 од 47 или 29,79%).

На прашањето "Кој е најглавниот во семејството и зошто?" се покажуваат разлики меѓу градските и селските деца. Децата од градот го сметаат таткото за најглавниот во семејството во најголем број случаи (48 од 70 или 68,57%) додека за мајката значајно помалку го мислат истото (3 од 70 или 4,29%). Само 8 од 70 или 11,43% ги сметаат подеднакво главни и таткото и мајката. Ни едно од децата на невработените мајки не ја смета неа за најглавна!.

Кај селските деца мајката добива најглавно место во многу поголем број случаи отколку кај градските. Особено кај селските девојчиња мајката е издигната на најглавното место во семејството (13 од 27 или 48,15%), а по неа е таткото во 8 од 27 или 29,53% случаи. И кај селските момчиња мајката добива најглавно место во поголем брј случаи (6 од 18 или 33% отколку кај градските (само 1 од 32 деца). Кај селските момчиња таткото е најглавен за 10 од 18 момчиња или во 55,55% случаи.

Образоложувањата што ги даваат децата од различни средини зошто сметаат дека едниот од родителите е поглавен се различни. Децата на невработените мајки од градот таткото го сметаат за најглавен затоа што оди на рбота, носи пари и купува, а истото го изјавуваат и најголем број од селските девојчиња. Најчести изјави зошто таткото е главниот кај малите и големите деца од градот како и кај селските момчиња е дека е најголем, најсилен, вика, лош е, наредува и ги тепа децата.

Децата што ја сметаат за најглавна мајката, посебно селските, образложението го даваат наведувајќи дека таа дома многу работи и се грижи за нив.

На прашањето "Што е разликата меѓу таткото и мајката" децата од градот на возраст од 5-7 години даваат различни образложенија: 17 од 70 или 24,29% наведуваат дека таткото е машко, а мајката женско; 16 од 70 или 22,86% го наведуваат физичкиот изглед (лицето, косата); 12 од )0 или 17,14% го наведуваат облеклото, а само едно полните органи.

На погорното прашање децата од с.Градско, со исклучок на едно, ги наведуваат активностите од традиционаната поделба на трудот што во нивната средина е стварност со која децата се сретнуваат во секојдневнието. Интересно е што и домските деца во голем број (18 од 47 или 38,30%) ги наведуваат активностите од традиционалната поделба на трудот како разлики меѓу таткото и мајката при што кај нив стереотипиите се понагалесени. Ова можеби се должи на нивната стекната претстава за поделбата на трудот меѓу половите врз основа на половите стереотипии што избиваат од книгите, филмовите. Стереотипите во нив се поригидни и домските деца немаат услови да ги исправат гледајќи секојдневни живи машки и женски модели во непосредна интеракција во која крутоста на поделбата на активностите значајно се намалува во денешните услови на живеење. Другите домски деца како разлики меѓу половите ги наведуваат физичкиот изглед (10 од 47 или 21,28%) и дека таткото е машко, а мајка0 та женско (3 од 47 или 6,38%).

"Дали таткото може да го прави истото за своите деца што и мајката? Зошто?". На ова прашање значајно повеќе деца од 5-7 год. сметаат дека таткото не може да го прави истото за неговото дете што и мајката (81 од 115 или 70,43%) од оние што сметаат дека може (29 од 115 или 25,21%). Најчеста аргументација зошто не може е дека е машко или дека не е женско, а после ова следи аргументацијата поврзана со традиционалната поделба на домаќинските работи и грижата околу децата.

Интересно е дека 18 од 24 или 75% од малите момчиња од скопската градинка сметаат дека таткото може да го прави истото што и мајката. Од нив половината не го аргументираат својот одговор, а другата половина дава одговори што би зборувале за еманципираност на нивните татковци ("И двајцата прават јадење", "И двајцата возат автомобил", "И двајцата работат", "И таткото може да

да пере, ако мајката не е тука"). Дали ваквите одговори се должат на вистинската соработка дома-станува збор за релативно момлади и пообразовани родители - или, пак, момчињата сметаат дека таткото како најглавен и најсилен мора да може да прави и се што прави мајката бидејќи не е помалку способен од неа?

Ако се погледаат одговорите на прашањето "Дали мајката може да го прави истото за своето дете што го прави и неговиот татко? Зошто? кај истите момчиња (3-4;6 години) тогаш се гледа дека тие, исто така, во голем процент сметаат дека може (17 од 24 или 70,83%) наведувајки дека таа "се може" како таткото. Само 5 од 24 или 20,83%) односно 4 од 24 или 16,67% од малите момчиња сметаат дека таткото однсоно мајката не можат да го прават истото затоа што секој си има своја работа.

Ако се споредат одговорите на малите момчиња со оние на малите девојчиња на погорното прашање произлегува дека малите девојчиња во многу помал број сметаат дека родителот од едниот пол може да го прави истото за своето детешто и родителот од другиот пол. Така, само 4 од 15 или 26,66% изјавуваат дека таткото може да го прави истото што и мајката, а 9 од 15 или 60% дека не може заради поделбата на трудот меѓу нив. За мајките поголем дел изјавуваат дека може истото што и таткото (7 од 15 или 46,67%) но сепак, нешто повеќе, сметаат дека не може (8 од 15 или 53,33%) исто така заради постојната поделба на трудот.

Најголем број од селските девојчиња од 5-7 години изјавуваат дека таткото не може да го прави истото што и мајката за децата (23 од 27 или 85,18%). Како образложување тие ја наведуваат традиционалната поделба на трудот која, изгледа, naсело е понагласена. Девојчињата рано учат во директниот контакт да ги вршат истите активности како и нивните мајки и никако не можат да прифатат дека и машките (татковците) можат да го прават истото што и женските.

Ако таткото го прави истото што и мајката најголем број од 5-7 годишните деца сметаат дека пак ќе остане татко (90 од 115 или 78,26%), а вака мислат и најголем дел од малите испитаници (3-4;6 години). Но аргументациите се разликуваат: додека големите од градовите најмногу сметаат дека тоа се должи на фактот што тој е машко, малите не аргументираат или велат дека не зaат.

Кај децата од с. Градско се чини дека нагласената традиционална поделба на трудот меѓу половите е сопирачка децата ... да замислат дека таткото може да прави и други активности. Тие упорно тврдат дека таткото ќе остане татко затоа што "нема да прави женски работи", нема да прифати да ги прави, туку ќе прави како што навикнале да гледаат дотогаш.

Одговорите на прашањето "Дали мајката може да го прави истото за нејзиното дете што и таткото? Зошто? покажуваат дека и во овој случај најголем број деца сметаат дека не може (69 од 115 или 60%). Но сепак повеќе деца сметаат дека мајката може да го прави истото што и таткото отколку обратното (42 од 115 или 36,52%). Најмногу селските момчиња сметаат дека не може (17 од 18 или 94,44%) аргументирајќи преку наведувањена постојната традиционална поделба на трудот, или изјавувајќи дека не може затоа што е женско односно не може да стане машко. Има аргументации од типот "мала е", "Не е така силна како тате", "Не може да прави тешки работи ".

Децата што сметаат дека мајката може да го прави истото што и таткото аргументираат на следниве начини: "И таа работи", "Исто купува", "Родител е", "Човек е". Влијанието на детските списанија да го илустрираме преку одговорот на едно дете од големата група од Скопје: "Братми видел во "Росица", мајката ставала цигли. Може да биде мајстор како таткото".

Во поголем процент мајките ќе останат пак мајки ако го прават истото што и таткото (106 од 115 или 92,17% од 5-7 годишните деца даваат вакви изјави), отколку обратното (90 од 115 или 78,26% од истите го сметаат истото за таткото). На што се должат овие разлики? Изгледа на фактот што во секојдневниот жените ... повеќе навлегоа во доменот на "машките" дејности - се вработија на исти работни места, возат автомобили и слично, додека она што се активности од приватна сфера сеуште примарно е женско царство во кое мажите со тешко срце навлегуваат.

Како аргументации зошто мајката ќе остане пак мајка иако ги прави исти работи што и таткото децата најчесто наведуваат: "Затоа што е женско", "Не може да стане машко". После ваквите одговори, по својата зачестеност, следат наредувањата на активностите околу домаќинството. Имено, според децата, иако мајката ќе го прави истото што и таткото, она што ќе ја разликува од него се домаќинските работи кои и понатаму се нејзин битен белег, и токму

тие, работите околу домаќинството и семејството, ќе овозможат таа пак да си остане мајка. Очигледно е дека децата внеле такви содржини какви што им нуди самата социјална реалност околу нив.

Да ги погледаме сега одговорите на прашањата што се однесуваат на бројот на родителите - мајките - татковците, што можат да ги имаат децата.

Кај малите деца (3-4;6 г.) 23 од 39 или 58,97% велат дека детето може да има една мајка не давајќи аргументација или велејќи: "Не смее многу", "Не даваат многу". Еден чест типичен одговор кај децата од малата група на прашањето "Колку"? е наведувањето на бројки (3,5,4....) или велат "многу". Слични се одговорите и на прашањето колку татковци може да има едно дете.

107 од 115 или 93% од 5-7 г. деца од природните семејства изјавуваат дека можат да имаат едни родители. Само две наведуваат дека можат да имаат многу родители, а 6 дека не знаат колку. Резултатите кај домските деца битно се разликуваат и одат во прилог на збогатувањето на содржините на поимот "родителство" бидејќи за 28% од 47 испитани домски деца мајката и таткото може друг да ги замени, па дури и други деца можат да бидат на местото на родителите. Така, 55,32% од домските деца сметаат дека детето може да има две или повеќе мајки аргументирајќи: "Една те родила, а имаш и друга маќеа" или "Повеќе - ако го родила и не го сака, повеќе можат да го чуваат!".

96% од 115 деца од 5-7 години од природните семејства изјавуваат дека едно дете може да има само една мајка и исто толку велат само еден татко. Најчесто аргументацијата е: "Не треба", "Не сакам" или "Не може" повеќе. Само едно дете изјавува дека некој може да има две мајки како во телевизиската приказна, а три велат два татковца ненаведувајќи аргументации.

Од каде потекнуваат сфаќањата на децата од природните семејства дека можат да имаат само по една мајка и еден татко односно дека нивни родители се само нивната мајка и татко?

Изгледа дека тоа е така не само заради тоа што е таква нивната стварност, туку и заради честите пренагласувања од страна на родителите и другите, како и во приказните и бајките, дека само едни се вистинските родители, а дека другите се лоши (да напомeнеме овде дека наша анализа на македонски народни песни и приказни покажува дека нема ниту една од нив во која маќеата или очувот не се лоши. Слично е и во бајките).

Најголем број од децата на прашањето "Што е тоа воспитувачка?" одговараат учителка, дека ги учи, им дава да цртаат и да играат, кажува приказни, прегледува од вошки и жолтица, ги воспитува да бидат добри, им дава да јадат, ги чува, ги учи да се мијат. "Каква е најдобрата воспитувачка на светот" се определува со "Не тепа, "Не кара", "Не е лоша", "Ги сака и ги гали децата", "Им дава играчки", "Учи и пофалува ако некој знае".

На прашањето "Дали воспитувачката може да ти биде како мајка" најгоелм дел од децата одговараат дека не може бидејќи таа само ги учи децата, а иначе си има свои деца и ним им е мајка. Еве ги ретките одговори од децата кои укажуваат дека и воспитувачката може да ти биде како мајка: "Може оти ни дава да јадеме и не легнува", "Воспитувачката е како мајка и најдобрата може да ти биде мајка", "Може оти е добра", "Може оти ја сакам", "Не не тепа и добра е како мајка".

Што велат децата, каде им е поубаво, дома или во градинката (забавиштето)?

На селските и градските деца на невработените мајки што посетуваат забавиште, според нивните изјави, поубаво им е во забавиштето во (над 80% случаи) заради тоа што има многу играчки, можат да цртаат, учат, имаат другарчиња т.е. постојат разновидни активности и другарчиња.

За разлика од децата од забавиштата, на децата од градинката од Скопје или им е поубаво во градинката (16 од 40 или 40% од 5-7 г. деца) или им е исто како и дома (15 од 40 или 37,50%). Само на еден помал дел од нив им е поубаво дома (9 од 40, или 22,50%) бидејќи можат да гледаат цртани филмови, да играат што сакаат, да не спијат. Слични се изјавите и на помалите деца од градинката.

Ваквите изјави на децата зборуваат позитивно за нашите градинки и забавишта и, од гледна страна на децата, одат во прилог на поопштествување на некои улоги на семејството досега.

Дискусија : Испитувањето покажува дека постои променливост на содржините што децата ги вклучуваат при определувањетона поимите "семејство", "родителство", "мајчинство" и "татковство" и тие се во тесна зависност од самата социјална реалност на децата. Од кои членови се состои семејството, колку родители може да има едно дете, дали некој и кој може да ги замени, што е битно за мајчинството, а што за татковството, децата определуваат врз основа на вистинското семејство во кое живеат и односите што владеат во него.

Содржините што во себе ги крие поимот "семејство" не само што се разликуваат и што се менуваат во текот на историскиот развиток, туку се забележува и нивна променливост во текот на индивидуалниот развиток на секој поединец.

Сепак, постои нешто што е битна карактеристика за коебило семејство кадебило и когабило, а тоа е заедничкото живеење во релативно подолг период, при што се создаваат различни односи меѓу членовите од таа заедница. Основно што секоја човечка заедница треба да го задоволи е примарната потреба на човекот за социјално-емоционално врзување. Значи, суштината на семејството не ја гледаме толку во задоволувањето на материјалните потреби за опстанок на единката, колку во задоволувањето на основната витална потреба да не се биде сам, да му се биде потребен некомму и некој да му е исто толку потребен.

Во семејството можат да се воспостават најразлични односи меѓу возрасните членови, меѓу децата и меѓу децата и возрасните. Коибило од овие односи меѓу членовите од иста или различни генерации значат да се воспостават релативно трајни, идвидуализирани и топли емоционални врски со единки од истиот вид, па на таков начин можат да се задоволат основните потреби за љубов и сигурност.

Секој од нас има потреба од другиот и ова е примарна потреба, дадена со самото тоа што сме ние човечки суштества кои едни без други не би сме станале луѓе. Оваа потреба останува како трајна во текот на целиот живот на единката. Да се биде индивидуа со целото свое душевно богатство за некого, да има некој што ќе ги разбере и ќе ги задоволи нашите најразновидни потреби, мисли, чувства, е можно само ако односот меѓу единките е заемен и индивидуализиран, личен т.е. ако се вклучени личности со целото свое богатство. А ваков однос може да се воспостави само ако се единките заедно, ако имаат повеќе заеднички активности низ кои задоволуваат заеднички потреби и тоа во релативно подолг период.

Разбирањето на детските потреби, нивните психолошки ртења и превривања, се одликува, меѓу другото и со тоа што децата немаат можност, кај нив сеуште не се развиени способности своите потреби, мисли, желби, да ги изразат вербално. Некој треба да се внесе, "да влезе" во нивните внатрешни доживувања. А сигурно е дека тоа најдобро ќе умеат лицата што го пратат нивниот развиток од самиот зачеток и констинуирано.

За децата семејство претставуваат оние луѓе со кои најмногу живеат, со кои спијат во заеднички дом, кои им ги задоволуваат желбите и потребите и за кои и тие можат нешто да направат или барем да согледаат, да почувствуваат дека она што тие го прават за тие луѓе нешто значи, го доживуваат на некаков начин. Оние што најмногу се грижат за децата и што им се најблиски - тоа се нивните родители, тоа е нивното семејство.

Очигледно е дека семејството, сфатено со помош на содржините што децата ни помогнаа да ги внесеме во неговото определување, ќе остане како човечка потреба и неминовсност . Но ова не значи дека патријархалното семејство или современото нуклеарно семејство затворено во себе, треба да бидат наш модел на семејство што ќе овозможи оптимален развиток на децата. Семејството треба да се отвори кон општеството бидејќи и самото е само дел од него. Но и родителите треба да станат свесни за човечката, а кај децата и понагласена, потреба за релативно трајна емоционална и индивидуализирана заемна врска, која тие најдобро ќе можат да ја остварат со самото тоа што свесно донело одлука да имаат дете и затоа што ќе можат да го пратат неговиот развиток од самиот зачеток.

Значи, семејството како примарна човечка заедница од психолошка гледна страна е неминовност. Ова не значи и дека треба да остане такво какво е денес. Неговото отварање, поопштествување на неговите воспитни функции, се наметнува како услов за оптимален психички развиток на децата и на човечките единки воопшто.

## 2.2. Полов идентитет и негова стабилност и константност кај предучилишните деца и нивните сфаќања и преференции на половите улоги

За да може да се влијае врз формирањето на половиот идентитет како и на сфаќањата и преференциите на половите улоги кај децата, најпрвин би било неопходно тие да бидат испитани какви се кај самите деца врз кои сакаме организирано да влијаеме за остварување на теориски зацртаната цел. Имено, треба да се знае какви се тие за да може да се согледа што да се менува и на кој начин во правецот на какви треба да бидат.

Во натамошното изложување ќе стане збор за знаците што ги користат предучилишните деца од Македонија при определувањето

на својот полов идентитет и половата припадност на другите лица. Натаму ќе ги разгледаме проценките за нивната полова стабилност и константност. Исто така, посебно ќе бидат обработени резултатите во врска со сфаќања за половите улоги и преференции за активностите, предметите и личностите кај испитуваните момчиња и девојчиња.

<u>Субјекти</u>: Обработени се податоците од вкупно 158 деца чиј говорен јазик е македонскиот а се испитани во пролетта 1982 година. Од нив 46 деца живеат на село, а 112 во град. Возраста на испитаните предучилишни деца се движи од 5; 0 - 6; 11 г. или со просечна возраст од 6; 0 г. Во секоја од различните мостри субјекти бројот на машките и женските деца е подеднаков. Бројот на децата од поедини места на живеење, нивната просечна возраст како и образовното ниво на нивните родители се дадени во табелата бр. 1.

Што се однесува до образовното ниво на родителите на децата опфатени во ова испитување, може да се рече дека родителите (и мајките и татковците) на децата од градот се наоѓаат на повисоко образовно ниво од оние на децата од селото. Кај испитаните градски деца забележлива е тенденцијата образовното ниво на мајките да се приближува до она на татковците, додека кај селската популација видливо е дека сеуште мајките заостануваат зад татковците во образованието, и тоа барем за едно образовно ниво. Според тоа, најниско е образовното ниво на селските мајки.

За подобро разбирање на добиените резултати од испитувањето да го наведеме и податокот дека сите татковци на испитаните деца се во работен однос, додека домаќинки се 22 од 46 или 48% од мајките на селските деца и 19 од 112 или 17% од мајките на градските деца, а другите мајки се во работен однос.

Пониското образовно ниво на селските мајки, како и поголемиот процент на оние од нив што се домаќинки, очекуваме да се одрази, пред сè, врз детските сфаќања и преференции за половите улоги и тоа во правецот на традиционални односи меѓу половите.

<u>Метод</u>: Основен метод употребен во испитувањето е полустандардизиран интервју составен од повеќе прашања групирани со цел едни да дадат информации за половиот идентитет, други за половата стабилност и константност, трети за детските сфаќања за половите улоги, а четвртата група се однесува на преференциите на активностите, предметите и личностите (види Прилог бр. 2).

Табела бр. 1: Жителство и возраст на субјектите и образовно ниво на нивните родители

| Број на субјенти (и просечна возраст) | | | Образование на родителите | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | основно | | средно | | вишо | | високо | |
| место | женски | машки | м | т | м | т | м | т | м | т |
| Вратница | 5(5;8) | 5(6;4) | 4 | 5 | 6 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Сопот | 5(5;8) | 5(5;7) | 9 | 6 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Градско | 13(6;8) | 13(6;1) | 21 | 11 | 5 | 13 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| вкупно селски | 23(6;0) | 23(6;0) | 34<br>74% | 22<br>48% | 12<br>20% | 21<br>46% | 0<br>0 | 1 | 0<br>0 | 2 |
| Машки и женски селски | 46(6;0 | | 56<br>61% | | 33<br>36% | | 0 | 1<br>1% | 0 | 2<br>2% |
| Тетово | 5(6;3) | 5(6;5) | 5 | 5 | 4 | 3 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| Дебар | 6(5;6) | 6(6;0) | 5 | 4 | 7 | 6 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Битола | 11(6;5) | 11(6;5) | 4 | 2 | 15 | 16 | 0 | 1 | 3 | 3 |
| Штип | 11(5;7) | 11(5;7) | 16 | 10 | 6 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Скопје | 23(5;8) | 23(5;10) | 2 | 3 | 35 | 27 | 4 | 5 | 5 | 11 |
| вкупно градски | 56(5;10) | 56(6;1) | 32<br>29% | 24<br>21% | 67<br>60% | 64<br>57% | 5<br>4% | 6<br>5% | 8<br>7% | 18<br>16 |
| машки и женски градски | 112(6;0) | | 56<br>25% | | 131<br>59% | | 11<br>5% | | 26<br>12% | |
| селски и градски | 79(5;11) | 79(6;05) | 66<br>42% | 46<br>29% | 79<br>50% | 85<br>54% | 5<br>3% | 7<br>4% | 8<br>5% | 20<br>13% |
| Вкупно | 158(6;0) | | 112<br>35% | | 164<br>52% | | 12<br>4% | | 28<br>9% | |

Резултати: Податоците ќе бидат дадени за секоја група прашања од полустандардизираниот интервју посебно и тоа по редоследот како се задавани (а што може да се види во Прилогот бр. 2).

### 2.2.1. Критериуми за разграничување на половиот идентитет

Во текот на развитокот единката го формира својот личен идентитет чија неминовна состојка е и половиот идентитет. За половиот идентитет како интимно чувство и сознание што го имаме за припадност на определен пол, може да се рече дека се создава и менува во текот на развитокот на единката.

Колберг (1966) наведува дека меѓу 2 и 4 година детето научува да го означи својот пол како "момче" или "девојче", а дури меѓу 3 и 5 година учи да го означи друго лице во поглед на неговата полова припадност.

Thompson (1975) изнесува дека 24 месечни деца точно ја идентификувале половата припадност на другите и тоа прво со именки, па потоа со заменки. Но на 24 месеци сеуште половото означување на себе самите овие деца не го правеле точно. Според ова истражување способноста да се употребат половите белези точно за себе и определувањето на својата полова категорија е по научувањето на критериуми за разграничување на половите.

Constantinopole (1979) истакнува дека својата полова категорија како и онаа на другите детето во почетокот ја заснова врз различните вербални означувања на припадниците од двата пола. Но едновремено со ова директно вербално подучување од страна на возрасните се одвива и обсервационото учење и позитивното и негативното поткрепување, па преку овие различни процеси на социјално учење во раното детство детето ги научува првите дистинктивни белези меѓу половите кои се надворешно видливи, како што се, на пример, облеклото, косата и слично. Тргнувајќи од овие белези, преку нагорниот метод на препознавање на различните полови белези, брзо се јавуваат првите рудиментарни полови категории. Од последниве произлегуваат очекувањата на определени поведенија поврзани со нив т.е. се јавува надолниот метод на обработка на когнитивните податоци. Подоцна првите надворешни дистинктивни белези меѓу половите се поврзуваат со другите полови разлики како што се половите улоги и оние во психолошките карактеристики.

Балкин (1982) во написот што се однесува на формирањето на личноста при промената на полот истакнува дека основниот поткрепувачки и формирачки фактор на новиот полов идентитет се реакциите на другите луѓе. Новиот полов идентитет се усвојува во процесот на комуникација со другите и е во согласност со половите улоги што се забележуваат во општествената средина во која се вклучува единката со променетиот пол.

Ние сметаме дека процесот на воспоставувањето на својот полов идентитет како и разграничувањето на половиот идентитет на другите лица се одвива едновремено. Единката својот полов идентитет го гради врз основа на согледувањата, разоткривувањата и разграничувањата на лица со различни полови идентитети во социјалната средина во која живее. Но кога детето почнува да разграни-

чува полови категории надвор од себе, тоа едновремено и себе се вклучува во една од нив. Во самиот почеток, значи, не постои разграниченост на околината, па ни разграниченост на единките според половата припадност. Но не постои ни свое Јас, свој идентитет, кој е разграничен од другите. Може да се рече дека половиот идентитет на другите се диференцира едновремено со развитокот на својот полов идентитет и тие се поврзани процеси кои заемно се условуваат. Ова, меѓу другото, сметаме дека ќе може да се провери и преку испитувањето на содржините што ги подразбираат децата кога го објаснуваат својот полов идентитет како и оној на другите: очекуваме, според претходно реченото, тие да бидат исти.

Од друга страна, како и другите повисоки ментални структури и половиот идентитет се изградува во текот на заедничките практични активности, во социјалните интеракции, со помош на симболичките способности. Значи дека и половиот идентитет, како дел од личниот идентитет, има социјално потекло. Ова очекуваме во нашето испитување кај децата да се покаже преку засновувањето на машкиот и женскиот полов идентитет врз основа на надворешни и културно променливи белези.

Значи, предмет на ова истражување се дистинктивните белези врз чија основа предучилишните деца ги определуваат својот полов идентитет, како и оној на другите лица.

Како постојан, непроменлив, константен белег за препознавање на половата припадност се анатомските одлики, а кај децата, пред сè, разликите во гениталните органи. Колберг (1966) истакнува дека последниве децата меѓу 4 и 5 година многу ретко ги користат како мерило за разликување на единките од двата пола, иако испитаните деца биле поучени од родителите за анатомско-гениталните разлики меѓу половите. Колберг наведува дека како критериуми за разликување на половите децата меѓу 3 и 5 години ги наведувале, пред сè, облеклото и должината на косата (стр.93-94), а исто така истакнува дека децата до 6-7 година покажале потешкотии да ги прифатат како постоечки очигледните природни генитални разлики меѓу половите (стр.103-107).

Во натамошното изложување ќе бидат разгледани критериумите што ги користат испитаните 5-7 годишни деца од Македонија за разграничување на својот полов идентитет и половата припадност на другите.

Проучувањето на дистинктивните белези врз основа на кои децата од предучилишна возраст ја определуваат својата полова припадност како и онаа на другите, треба да овозможи да се разберат содржините кои влегуваат во издвојувањето на половиот идентитет односно согледување на карактеристиките врз чија основа предучилишните македонски деца прават разграничувања меѓу половите категории "машко"-"женско". При организираното влијание врз половите улоги ов е значајно затоа што ќе укаже кон какви дистинктивни белези меѓу половите треба да се насочи вниманието на предучилишните деца за да се овозможи што порано согледување на суштината на половата припадност.

Метод: Како што е речено, субјекти во ова испитување беа 158 деца од предучилишна возраст (5-7 години) со македонски говорен јазик. Бројот на момчињата и девојчињата беше подеднаков. При обработката на податоците сметавме дека не е значајно да се согледаат разликите меѓу децата во поглед на местото на живеење и вработеноста и образовното ниво на нивните родители. За нас беше значајно да видиме кои дистинктивни белези за половата припадност воопшто ги издвојуваат македонските деца од предучилишна возраст.

Постапката од овој дел од испитувањето се состоеше во следново: најнапред од секое дете се бараше да ја определи својата полова припадност, а потоа се бараше да образложи врз основа на што ја определува својата полова категорија. Потоа следеа прашања преку кои требаше да се добијат белезите, критериумите според кои децата ја определуваат воопшто половата припадност на другите како и да ги наведат разликите и сличностите меѓу машките и женските (прашањата за половиот идентитет и половата припадност се дадени во прилогот).

Резултати и нивна интерпретација: Одговорите на први те три прашања кои се однесуваат на согледувањето на дистинктивните белези што ги користат децата од предучилишна возраст за разграничување на својата полова припадност како и онаа на другите се прикажани во табелата бр. 2 и се наведени според редоследот во зачестеноста со која се јавија.

Резултатите покажуваат дека децата од двата пола својот полов идентитет како и оној на другите го определуваат, пред сè, врз основа на облеклото (фустанот и сукњата како женско облекло, а панталоните како машко; оние што велат дека и женските носат панталони, повеќето истакнуваат дека се тоа поинакви, "женски", панталони).

Табела бр. 2: Критериуми за разграничување на својот полов идентитет и оној на другите

| Критериум | Девојчиња од село и град (N=79) | | | Момчиња од село и град (N=79) | | | Сите испитаници (N=158) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Свој полов идентитет | Полов идентитет на машките | Полов идентитет на женските | Свој полов идентитет | Полов идентитет на машките | Полов идентитет на женските | Свој полов идентитет | Полов идентитет на машките | Полов идентитет на женските |
| облекло | 36<br>46% | 49<br>62% | 33<br>42% | 33<br>42 | 49<br>62% | 59<br>75% | 69<br>44% | 98<br>62% | 92<br>58% |
| должина на косата | 27<br>34% | 27<br>34% | 27<br>34% | 14<br>18% | 36<br>46% | 34<br>43% | 41<br>26% | 63<br>40% | 61<br>39% |
| обетки | 20<br>25% | 20<br>25% | 30<br>33% | 5<br>6% | 7<br>9% | 12<br>15% | 25<br>16% | 27<br>17% | 42<br>27% |
| име | 5<br>6% | 4<br>5% | 4<br>5% | 9<br>11% | 9<br>11% | 4<br>5% | 14<br>9% | 13<br>8% | 8<br>5% |
| чевли | 0 | 2<br>2% | 5<br>6% | 3<br>4% | 4<br>5% | 7<br>9% | 3<br>2% | 6<br>4% | 12<br>8% |
| глас | 0 | 0 | 1<br>1% | 2<br>2% | 2<br>2% | 5<br>6% | 2<br>1% | 2<br>1% | 6<br>4% |
| делови од телото | 3 | 0 | 1<br>1% | 3<br>4% | 1<br>1% | 0 | 6<br>4% | 1<br>0,63% | 1<br>0,63% |
| играчки и активности | 1<br>1% | 4<br>5% | 1<br>1% | 0 | 0 | 0 | 1<br>0,63% | 4<br>2% | 1<br>0,63% |
| Карактеристики на поведенијата | 0 | 0 | 0 | 0 | 4<br>5% | 2<br>2% | 0 | 4<br>2% | 2<br>1% |
| накит | 6<br>8% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6<br>4% | 0 | 0 |
| Така сум се родил(а) | 2<br>2% | 1<br>1% | 0 | 5<br>6% | 1<br>1% | 0 | 7<br>4% | 2<br>1% | |
| не знам | 2<br>2% | 0 | 2<br>2% | 3<br>4% | 0 | 1<br>1% | 5<br>3% | 0 | 3<br>1% |

Критериум што се јави на второ место по зачестеноста за определување на својата полова припадност и онаа на другите е <u>должината на косата</u>. Почестото наведување на облеклото како дистинктивен белег меѓу половите од должината на косата може да се должи на самата стварност во која машките лица често носат долги коси, а женските се исто толку со куси коси. Особено кај предучилишните деца се забележуваат слични должини на косите кај момчињата и девојчињата. Овде е за одбележување и појавената тенденција кај испитаните момчиња половата припадност на другите да ја засновауваат врз облеклото и должината на косата повеќе отколку својата полова припадност.

Како трет критериум по зачестеноста за разликување на својата и туѓата полова припадност се јавија <u>обетките</u>: девојчињата носат, а момчињата не носат обетки.

При определбата на својот полов идентитет според носењето или не носењето обетки се послужиле 25% од испитаните девојчиња и само 6% од момчињата. Од овие податоци се гледа дека девојчињата почесто од момчињата својот полов идентитет го определуваат преку носењето обетки. Кај момчињата формулацијата на одговорот е во одречна форма - "немам обетки" т.е. тие својот полов идентитет го определуваат врз основа на она што немаат, а го има другиот пол односно правејќи споредба со другиот пол. Овде да одбележиме дека изјави формулирани во одречна форма за определување на својот полов идентитет сретнавме само кај момчињата: "Немам фустан", "Немам долга коса", "Немам долги нокти", "Немам лак на ноктите", "Не се шминкам", "Не сум женско". Значи почесто момчињата својот полов идентитет го определуваат не според тоа што имаат, туку што немаат, а е карактеристично за женските. Почесто за момчињата да не биде како женските значи да се биде машко, а ова според нас е одраз на непостоењето на јасна претстава за тоа што е она што го издвојува вистинското машко од женските. Изгледа дека момчињата немаат доволно достапни одлики за тоа што треба да имаат како машки карактеристични белези што ќе ги издвојат од женските, особено дури се мали - немаат брада, немаат мустаќи, половиот орган не се гледа, па својот полов идентитет го определуваат со напостоење на некој од белезите што се сметаат за женски. Ова уште повеќе е отежнато заради тоа што децата најчесто растат окружени со женски модели (дома или во градинка), што значи на момчињата особено им недостасуваат машки модели од кои непосредно би можеле да гледаат кои се нивните основни

карактеристики и ова придонесува да се јави протестната машкост т.е. "да не се биде како женските" (последново посебно е истакнато како проблем од страна на гиноцентричната теорија). Ако на ова го придадиме и фактот што во секојдневието е видлив, а може да се согледа и во изјавите на децата од ова испитување, а тоа е дека девојчињата ги присвоија некои основни белези што се мислеа дека се "машки" како свои - носат панталони, имаат потстржени коси исто како и машките - и уште повеќе, најмногу имаат потсечени нелакирани нокти и не се нашминкани, тогаш станува појасно зошто на момчињата им е потешко да најдат белези што ќе ги разликуваат од женските. Но од сето ова за нас се наметнува едно посуштинско прашање: Зошто воопшто на момчињата им е позначајно да не бидат како женските, а девојчињата ги прифатија "машките" карактеристики како свои? Уште повеќе, како што ќе се види во подолното наведување на другите карактеристики врз основа на кои децата ја определуваат својата или туѓата полова припадност, одговорот на ова прашање станува значаен бидејќи испитаните деца половата припадност не ја определуваат според постојаните генитални разлики туку според културно променливите полови белези. Очигледно е, според нас, дека срединските разлики во вреднувањето на половите во нашата култура, каде машките имаат доминантна општествена положба, е клучниот момент што може да придонесе во разбирањето на детските одговори.

Но, да им се вратиме на другите карактеристики што ги наведоа децата за разликување на својот полов идентитет и половата припадност на другите.

Освен обетките како вид накит и <u>други делови од накитот</u> се наведуваат како белег за женскиот пол (ланче, прстенче, белезиче, женско саатче). Вакви карактеристики за определување на својот полов идентитет навеле 6 градски девојчиња, додека ниту едно момче ниту пак девојче од село не дадоа ваков одговор. Само за девојчињата се наведуваат и други белези според кои нивниот физички изглед би требало да биде привлечен т.е. се води сметка за нивната убава надворешност преку носењето на панделки, накити, а подоцна и шминкање и лакирање на ноктите.

Еден дел од децата (и тоа повеќе момчињата) <u>името</u> го наведуваат како белег за определување како за својата полова припадност така и за онаа на другите.

<u>Чевлите</u> како белег за женските (изгледа пред сè заради топуците) ги наведуваат 5 девојчиња и 7 момчиња од вкупно 158

испитани деца, а помалу како одлика на својот полов идентитет (3 момчиња) и како карактеристика на половиот идентитет на машките 12 девојчиња и 4 момчиња).

Само едно девојче од Скопје својот полов идентитет и половата припадност на другите ја определи врз основа на половиот орган. Изгледа дека уште 3 деца мислеа на истото иако вербално тоа не го рекоа преку изјавите: "Знам, но не сакам да кажам", односно "Не знам" пропратено со снебивање, срамежлив осмев, вознемиреност и оддолжување на одговорот.

Се сретнува и одговорот "Така сум се родил-а" при определбата на својот полов идентитет кај 2 девојчиња и 5 момчиња од вкупно испитаните 158 деца, а кај 3 девојчиња и 3 момчиња се наведуваат делови од телото, но не полните органи или градите.

Мал број деца половата припадност ја определуваат врз основа на играчките, игрите и домаќинските дејности (вкупно 6 девојчиња од 158 деца).

Само за мажите од страна на момчињата се издвоени и овие карактеристики: 2 момчиња велат дека се посилни, 2 велат дека се бесни и се тепаат. Едно момче вели дека женските се добри и мирни и едно дека одат бавно. Значи, момчињата се тие што први ги наведуваат како посуптилни белези и некои половосвојствени поведенија.

<u>Гласот</u> како белег за својот полов идентитет и оној на мажите се издвојува од страна на две момчиња, а како белег на женскиот полов идентитет од страна на 1 девојче и 5 момчиња[1].

---

1) Ќе ги наведеме и одговорите на 4 адолесценти родени слепи и 3 што видот го изгубиле во текот на првата година од животот за карактеристиките што ги наведуваат при определувањето на својата полова припадност и она на другите како и за разликите меѓу половите. Како битен белег сите ги издвојуваат полните органи. Инаку знаците што ги добиваат за половата припадност се гласот на лицето (податок добиен преку слухот) и понаквата градба на поедини делови од телото (податоци добиени преку сетилото за допир како "Женските се помеки, машките поцврсти кога ќе ги пипнеш" или "Извинете... ако го пипнеш девојчето, има гради").

На прашањето по што се разликуваат половите меѓу себе, најголем број деца го истакнуваат облекото (34 од 79 девојчиња или 43,04% и 46 од 79 момчиња или 58,23% или вкупно 80 од 158 деца или 50,63%). Должината на косата ја наведуваат 13 од 79 девојчиња или 16,46% и 19 од 79 момчиња или 24,05% или вкупно 32 од 158 деца или 21,05%. Другите одговори на погорното прашање се распределени вака: само едно девојче ги наведе половите органи, а 6 девојчиња и 7 момчиња низ одговорот "Не знам" пропратен со нелагодност, оддолжување, срам, изгледа дека мислеа на истото: едно девојче ги наведе градите, 5 девојчиња дека мажите имаат поголемо тело и со поинаква форма, 2 девојчиња и 1 момче дека мажите се посилни, 3 девојчиња дека машките не се мирни, 2 девојчиња и едно момче дека имаат различни играчки, 2 девојчиња дека обавуваат различни активности, 1 девојче и 5 момчиња дека имаат различни чевли.

По ова следеше прашањето дали има други разлики, што не се гледаат, што се скриени од облеклото. Мал е бројот на децата што на ова прашање ги наведуваат полните органи по име - само 6 девојчиња и 5 момчиња или вкупно 11 од 158 деца или 6,96%. Градите ги наведуваат 3 девојчиња и 1 момче или вкупно 4 од 158 деца или 2,53%. Најголем дел од децата преку "Не знам" или "Нема" и пропратното поведение покажуваат дека знаат за разликите според половите органи но се срамат да ги изговорат. Некои даваат и вакви одговори: "Има, ... не ми текнува"; "Има... но не кажувам..."; "Не сум видел тоа"; "Знам...но ми е срам..."; "Има многу други работи... но јас не ги знам"; "Има ... но не сум учел за тоа". Точно така. Има, но за тоа не се учи, не се зборува отворено ниту дома ниту во градинка или забавиште. Тоа е срамота, останува тајна, а за тајната треба да се молчи.

На прашањето за сличностите меѓу машките и женските најголем број деца ги наведуваат панталоните и блузите (14 девојчиња и 15 момчиња или вкупно 29 од 158 деца или 18,35%). Одговорот "Не знам, "Не се слични", "По ништо" ги даваат 21 девојче и 8 момчиња или вкупно 29 од 158 деца или 18,35%. Набројување поединии делови од телото прават 9 девојчиња и 14 момчиња или вкупно 23 од 158 деца или 14,56%. Другите одговори се следниве: 3

девојчиња и 5 момчиња од 158 деца наведуваат дека косата може да им биде иста, 2 девојчиња и 3 момчиња дека се и едните и другите деца, 1 момче и 2 девојчиња дека и едните и другите се смеат, пеат, играат.

Дискусија: Анализата на прашањата, чија цел беше да се согледаат критериумите врз основа на кои децата од 5-7 години од Македонија ја определуваат својата и туѓата полова припадност и идентитет, покажува дека содржините што ги подразбираат децата под "да се биде машко или женско" не се засновани на постојаните и битни разлики меѓу половите - анатомско-гениталните карактеристики. Напротив, поимите "машко" и "женско" се темелат на културно променливи белези, од кои најчесто се наведуваат облеклото и должината на косата. Заснивувањето на половиот идентитет врз надворешни и културно променливи белези, покажува дека тој, како дел од личниот идентитет има социјално потекло.

Се покажува и дека својот полов идентитет, како и оној на другите, децата го определуваат врз основа на исти белези, а ова значи дека тие меѓу себе се тесно и заемно поврзани, нераздлени.

Тргнувајќи од одговорите на децата, се покажува дека при организираното влијание врз формирањето на половиот идентитет треба да се овозможи половата припадност децата да ја засновуваат врз битните разлики меѓу половите, а тоа се анатомско-гениталните. Но ова не значи дека и половите улоги, односите меѓу половите, треба да бидат засновани на истите. Социјалниот идентитет не треба да се засновува на половата припадност.

## 2.2.2. Стабилност и константност на половиот идентитет кај предучилишните деца

Меѓу другите видови категории во кои единката ги категоризира бројните податоци од социјалната стварност се и половите категории машко-женско. Овој стремеж за когнитивна постојаност кај децата има тенденција да прерасне во константност на половиот идентитет како за другите така и за себе. Така, според Колберг (1966) константноста на половиот идентитет сеуште е несигурна кај 5-6 годишните деца, но затоа кај најголем број од 6-7 годишните таа е воспоставена. Колберг наоѓа и дека постојниот полов идентитет се јавува нешто порано од конзервацијата на физичките предмети и со тоа укажува дека процесот на формирање постојанен полов идентитет е дел од општиот когнитивен развој на единката. Колберт и Улиан (1974) укажуваат дека кај шестгодишните деца половиот идентитет и половите улоги се определени според надворешни белези, но не и гениталните разлики. Имено, какви се и какви треба да бидат половите улоги и психолошките разлики меѓу половите децата од оваа возраст, според овие автори, определуваат врз основа на физичките својства на мажот и жената. Според децата од оваа возраст половиот идентитет се менува ако се променат некои од надворешните белези, како што се косата, облеклото и слично. Исто така, сметаат дека половите улоги не можат да бидат поинакви бидејќи, според нив, тие се зависни од физичките својства.

Kuhn и др. (1978) покажуваат дека и децата меѓу 2-3 годишна возраст имаат знаења за стереотипните полови улоги што се сретнуваат во нивната социјална средина. Но дали ова значи дека кај нив неминовно постои и постојанен полов идентитет? Овде веднаш може да се рече дека не е неопходно постоењето на константен полов идентитет за да дојде до усвојување на поведенија што детето гледа дека ги изведуваат оние со кои е слично според некои надворешни белези по кои половите меѓу себе се разликуваат. Но Kuhn и др. наоѓаат и дека имало предучилишни деца со постојанен полов идентитет, а кај кои отсуствувале стереотипиите за половите улоги односно половите улоги не се покажале ниту универзални ниту неизбежни.

Gouze i Nedelmen (1980) i Marcus i Overton (1978) наоѓаат дека децата од предучилишна возраст покажуваат повисока полова константност за себе отколку за другите.

Во врска со погорните наоди целта на ова истражување е да се согледа воспоставеноста на постојанен полов идентитет кај македонските деца на возраст од 5-7 години.

Во нашето истражување ние тргнуваме од претпоставката дека можат да се издвојат два момента во развитокот на половиот идентитет и тоа, од една страна стабилност на половиот идентитет, а од друга страна константност на половиот идентитет. Овие два поима, иако се многу блиски, сепак се разликуваат.

Стабилноста на половиот идентитет ја издвоивме од константноста на истиот бидејќи сметаме дека е полесно единката да сфати дека во текот на целиот живот ќе остане припадник на еден пол ако не се менуваат некои од основните карактеристики врз кои тие го засновуваат половиот идентитет. Значи, претпоставуваме дека стабилноста на половиот идентитет - под која подразбираме тврдења за непроменливоста на половиот идентитет во текот на индивидуалниот развиток т.е. детето тврди дека било, е и ќе биде припадник на истиот пол - порано се стекнува од константноста на истиот.

Под константност на половиот идентитет подразбираме тврдење дека, и покрај промените во надворешните карактеристики што се културно условени (како облеклото, должината на косата и слично), полот на детето ќе остане непроменет. Сметаме дека е потешко да се стекне константноста на половиот идентитет бидејќи таа подразбира дека детето половата припадност ја оценува врз основа на анатомско-гениталните разлики како постојани карактеристики на даден пол или аргументирањето на постојаноста е од операционален тип (Пример: "Ако едно момче облече фустан, тоа е божемски девојче, а уствари пак си е машко, само се преправа").

Разграничувањето на стабилноста на половиот идентитет од константноста за истиот треба да овозможи да се согледа дека кај децата кај кои нема константност на половиот идентитет можно е други нивни согледувања, како што е стабилноста на половиот идентитет, да придонесат да се јави усвојувањето на половите улоги типични за единките на полот на кој субјектот знае дека му припаѓа и верува дека ќе му припаѓа во иднина. Дури тоа што нема константност на половиот идентитет тогаш кога има стабилност би требало да помогне во објаснувањето на понагласената и покрута потреба детето да се придржува за стереотипните полови улоги тогаш и

да верува дека ако се промени еден дел од надворешниот физички изглед, се променил и половиот идентитет на единката. Затоа децата кај кои нема константност на половиот идентитет би се очекувало да не дозволуваат мешање на половите улоги.

Метод: Кај истите деца од претходно изложеното испитување после прашањата во врска со половиот идентитет и половата припадност следеа шест прашања за определување на половата стабилност и четири за половата константност. Редоследот на нивното задавање е како што се изнесени во Прилог на полустандардизираниот интервју на стр. 2. По секој одгоор се бараше аргументација (образложување) на истиот.

Резултати и нивна интерпретација: одговорите на децата ги распределивме во три категории и тоа:

- нема стабилност на половиот идентитет т.е. детето тврди дека било или ќе биде припадник на другиот пол, а не на оној на кој сега му припаѓа (Пример: "Бев машко, а сега сум женско"). Слична е и проценката за непостоење констатност на половиот идентитет. Тава, ако детето рече дека со промената во облеклото или на должината на косата се менува и неговиот полов идентитет, тогаш нема константноста на истиот;

- преодна фаза кон стабилност и константност на половиот идентитет: детето тврди дека полот останува ист, но аргументите што ги наведува се од категоријата на културно променливите карактеристики, како што се на пример облеклото, должината на косата и слично. (Примери: "И кога бев бебе бев женско. (?) Знам по фустанчето" или "Ако облече панталони, пак ќе биде женско по обетките").

- постои стабилност и константност на половиот идентитет тогаш кога детето тврди дека половата припадност останува иста преку аргументи од операционален тип и наведувајќи ги анатомско-гениталните карактеристики како доказ (Пример: "И кога бев бебе бев женско. Така се родив" или "Ако носе пантолони, девојчето не може да се претвори во машко оти се родило девојче").

Да ги погледаме сега одговорите на прашањата во врска со стабилноста на половиот идентитет кај нашите субјекти (Табела бр.3.

Табела бр. 3. Стабилност на половиот идентитет (Н=158)

| Прашања | нема стабилност | преодна фаза | стабилност |
|---|---|---|---|
| 1)Кога беше мало бебе дали беше момче или девојче? | 1 (0,63%) | 102 (64,57%) | 55 (34,81%) |
| 2)Дали си можел (а) да бидеш бебе од другиот пол? | - | 20 (12,67%) | 138 (87,33%) |
| 3)Кога ќе пораснеш, дали ќе бидеш маж или жена? | - | 7 ( 4,43%) | 151 (95,57%) |
| 4) Дали би можел (а) како возрасен (а) да бидеш од другиот пол? | | 34 (21,52%) | 124 (78,48%) |
| 5) Кога ќе пораснеш, дали ќе бидеш татко или мајка? | 3 ( 1,90%) | 33 (20,89%) | 122 (77,22%) |
| 6) Дали би можел (а) да бидеш родител од спротивниот пол? | - | 17 (10,76%) | 141 (89,24%) |

Табела бр. 4: Константност на половиот идентитет ( Н = 158)

| Прашања | Нема константност | Преодна фаза | Константност |
|---|---|---|---|
| 1) Ако облечеш облекло карактеристично за другиот пол, дали ќе бидеш момче или девојче? | 42 (26,58%) | - | 116 (73,42%) |
| 2) Ако едно дете од спротивниот пол на субјектот облече облекло од другиот пол дали ќе си ја измени половата припадност? | 53 (33,54%) | 40 (25,32) | 65 (41,14%) |
| 3) Ако на едно девојче му ја пресечат косата кусо, дали ќе биде момче или девојче? | 42 (22,58%) | 49 (31,01%) | 67 (42,40%) |
| 4) Ако на едно момче косата му порасне долга, дали ќе биде момче или девојче? | 48 (30,38%) | 44 (27,85%) | 66 (41,77%) |

На прашањето "Кога беше мало бебе,дали беше момче или девојче? По што знаеш?",распределбата на одговорите според погорната класификација на категории изгледа вака:

- нема стабилност на половиот идентитет само кај една близначка (6;8 години) од село која изјавува дека било машко бебе, но не дава никаква аргументација на своето тврдење[1];

- во преодна фаза кон стабилност на половиот идентитет се наоѓаат вкупно 102 од 158 деца или 64,57%. Од нив не дале аргументација 15 девојчиња и 10 момчиња. По неколку карактеристики од културно променлив карактер (наведуваат и облекло и име, на пример) дале 5 деца. Најголем број од децата изјавуваат дека така им рекла мајка им, а на понекои и татко им и баба им (19 девојчиња и 17 момчиња или вкупно 36 од 158 деца или 22,78% итоа од нив само едно е момче од село, а другите се деца од градот). Врз основа на облекото судат 9 девојчиња и 11 момчиња, должината на косата а ја наведуваат 6 девојчиња и 4 момчиња, името 4 девојчиња и 3 момчиња, обетките 6 девојчиња и 1 момче, гласот 1 момче и 1 девојче вели дека женските бебиња се помирни.

- во фазата на стабилен полов идентитет во поглед на она што биле се наоѓаат вкупно 55 од 158 деца или 34,81%. Од нив 3 момчиња од село и 1 девојче од град го наведуваат полниот орган, а другите 51 дете даваат аргументација од операционален тип (Пример, "Така се родив").

---

1) Интересно е колку многу можат да влијаат родителските желби за дете од одреден пол врз формирањето на половиот идентитет на нивното дете. Во селското семејство од кое потекнуваат две испитани близначки, после првите две женски деца се раѓаат близначките на местото на многу очекуваниот син. Двете близначки на Цртежот на семејство цртаат само женски деца, но едното од нив секоја од близначките го означува како "братче", иако и двете го нацртале облечено во фустанче. Неостварената родителска желба за тие се обидуваат преку Цртежот да ја остварат, но неуспешно бидејќи не можат да поминат преку својот полов идентитет определен и нагласен од страна на родителите. Кај едната близначка нема стабилност на половиот идентитет ниту константност: иако изјавува дека го аргументира. Во иднина знае дека ќе биде жена и нема да може да биде маж, но сепак изјавува дека на најмалите деца ќе им биде татко, а може да биде и мајка "ако вари манџа". Ако облече панталони ќе биде машко, но ако едно момче облече фустан пак ќе си биде машко. Очигледно е, од овие одговори, колку ова девојче има потешкотии да се помири со својата полова припадност.

На прашаето дали можеле да бидат од другиот пол кога биле бебиња, 5 девојчиња и 8 момчиња од вкупно 158 деца изјавуваат дека можело, а 9 од нив тоа го образложуваат со "ако се родев така" и 4 не знаат да објаснат. Значи само изјавите на последниве четири деца не се аргументирани во поглед на половата стабилност, а нив ги сврстуваме во преодната фаза кон половa стабилност како и уште 11 одговори на девојчиња и 6 на момчиња чии аргументации се од типот на културно променливите карактеристики (4 девојчиња ги наведуваат обетките, 2 долгите коси, 2 облеклото, 1 името и 1 дека мајка ѝ така и кажала; кај момчиња аргументациите се: кај 2 деца имале куса коса, 2 исто име, 2 дека мама и тате така им рекле, 1 дека имал исечени нокти). Според тоа, во преодната фаза кон стабилен полов идентитет се наоѓа 20 од вкупно 158 деца или 12,67. Останатите 87,33% имаат стабилен полов идентитет во поглед на она што биле и што се сега како пол.

На прашањето "Дали ќе бидеш маж или жена кога ќе пораснеш". сите деца одговараат точно. Само 7 од 158 деца или 4,43% даваат аргументации од предоперационален тип и се наоѓаат во транзитивната фаза кон стабилност на половиот идентитет. Кај девојчињата аргументациите се следниве: "Ќе мијам садови и ќе бањам деца" (1), "Се готвеам, чистам, работам (1). Момчињата даваат вакви аргументации: "Нема да се шминкам и ќе носам плата" (1), "Посилен сум" (1). "Ќе имам пари" (1) и "Ќе одам војска" (2). Кај останатите деца аргументациите се од операционален тип: "И сега сум женско (машко)" или "Се родив женско (машко)", а само кај две девојчиња аргументациите се "И јас ќе имам дете" и "Ќе бидам како мама". Според тоа најголем број од децата (151 од 158 или 95,57%) покажуваат стабилност во поглед на половиот идентитет во иднина.

На прашањето: "Дали би можел да бидеш од другиот пол" сите деца велат дека не. Аргументации од предоперационален тип т.е. наведувајќи културно променливи карактеристики (облекло, коса, накит, име и слично) дававаат 11 девојчиња и 11 момчиња, а не даваат аргументации 4 девојчиња и 8 момчиња. Значи вкупно 34 од 158 деца или 21,52% се наоѓаат во преодната фаза кон стабилен полов идентитет. Останатите 78,48% од децата се со стабилен полов иднетитет во поглед на иднината и аргументациите се од операционален тип, како на пример "Ист ќе останам, нема да се претворам од машко во женско". Само едно градско дете го наведува полниот орган: "Види долу што имам".

На прашањето: "Кога ќе пораснеш, дали ќе им бидеш татко или мајка на твоите деца?" само 2 девојчиња изјавуваат дека ќе бидат татковци (едната не знае зошто, а другата затоа што така сака) и само 1 момче вели дека ќе биде мајка, но не знае зошто. Останатите деца точно предвидуваат дали ќе бидат татковци или мајки. Од нив во преодната фаза кон стабилен полов идентитет се наоѓаат 13 девојчиња и 20 момчиња или вкупно 33 од 158 деца или 20,89%. Нивните аргументации се состојат во наведувањето културно променливи карактеристики и тоа: облеклото го наведуваат 4 девојчиња и 6 момчиња; исти работни активности како родителот од истиот пол 2 девојчиња и 2 момчиња (пример: "Ќе бањам деца и ќе мијам чинии како мама" или "Ќе работам и ке купувам како тате"). Другите деца ги наведуваат обетките, должината на косата, дека така им рекла мајка им. Не дале аргументација 2 девојчиња и 5 момчиња. Најголемиот број од децата (122 од 158 или 77,22%), се во фазата на стабилен полов идентитет во поглед на предвидувањето на својата родителска улога.

На прашањето дали би можеле да бидат спротивниот родител кога ќе пораснат на сите деца одговорот е "Не". Во преодна фаза кон стабилен полов идентитет се наоѓаат 5 девојчиња и 12 момчиња или вкупно 17 од 158 деца или 10,76%. Од нив 6 не дале аргументација, а другите наведуваат културно променливи белези како што е облеклото, косата, шминката, името, традиционални полови активности. Најголемиот дел од децата (89,24%) имаат стабилен полов идентитет во предвидувањето дека нема да бидат родител од другиот пол.

Категориите на одговори што се добиени на прашањата во врска со постојаноста на половиот идентитет и покрај промените во надворешните карактеристики кои се културно променливи - облеклото, должината на косата - се прикажани во табелите број 4 и 5.

1) Ако облечат облекло карактеристично за децата од спротивниот пол, дека ќе ја променат нивната полова припадност сметаат 27% од испитаните деца. Ако се погледаат разликите меѓу различните мостри субјекти, се забележува дека најмногу градските момчиња (и тоа 43% од нив) мислат дека е доволно да облечат женско облекло па да станат припадници на другиот пол (а истото го сметаат 21% од градските девојчиња и само по 13% од селските момчиња и

ТАБЕЛА БР. 5.: Константност на половиот идентитет во зависност од[1] местото на живеење и половата припадност

| ПРАШАЊА | | Нема константност | | Преодна фаза | | Има константност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки |
| 1) Ако облечиш облекло карактеристично за другиот пол, дали ќе бидеш момче или девојче? | село | 3<br>13% | 3<br>13% | - | - | 20<br>87% | 20<br>87% |
| | град | 12<br>21% | 24<br>43% | - | - | 44<br>79% | 32<br>57% |
| 2) Ако едно дете од спротивниот пол на субјектот облече облекло од другиот пол, дали ќе си ја измени половата припадност? | село | 8<br>35% | - | 2<br>9% | 4<br>17% | 13<br>57% | 19<br>83% |
| | град | 23<br>41% | 22<br>39% | 17<br>30% | 17<br>30,5% | 16<br>29% | 17<br>30,5% |
| 4) Ако на едно девојче му ја пресечат косата кусо, дали ќе биде момче или девојче? | село | 5<br>21% | 2<br>9% | 7<br>30% | 8<br>35% | 11<br>48% | 13<br>57% |
| | град | 15<br>27% | 20<br>36% | 18<br>32% | 16<br>29% | 23<br>41% | 20<br>36% |
| 4) Ако на едно момче косата му порасне долга, дали ќе биде момче или девојче? | село | 8<br>35% | 2<br>9% | 5<br>22% | 10<br>43% | 10<br>43% | 11<br>48% |
| | град | 20<br>36% | 18<br>32% | 14<br>25% | 15<br>27% | 22<br>39% | 23<br>41% |

1) Бројот на испитаните машки и женски деца од село изнесува по 23 или вкупно 46, а од град по 56 или вкупно 112.

девојчиња. Претпоставките од каде можат да потекнуваат разликите меѓу градските и селските деца во одговорите на ова прашање ќе ги поврземе со толкувањето на одговорите од прашањето што следи. Но, тоа што градските девојчиња мислат помалку од градските момчиња дека ќе им се промени полот ако облечат панаталони, може да се претпостави дека произелгува од самата стварност нема девојче што не носело панталони. Дури во случајот на девојчињата повеќе изненадуваат одговорите според кои нивниот пол ќе се промени ако облечат панталони. За момчињата не е вообичаено носењето фустан или сукња. Може да се претпостави дека игри со преоблекување во облекло карактеристично за другиот пол ќе придонесат до побрзо воспоставување на константност на половиот идентитет (ова го претпоставуваме од изјавите на 3 момчиња кои велат: "Еднаш облеков сукња, ама пак си бев машко", "Едно дете облече фустан и пак беше машко","Тате за славата облече сукња, но пак си остана тате"). Но сигурно е дека само последново нема да биде доволно за што се сведоштво одговорите на девојчињата кои изјавуваат дека се девојчиња (значи го знаат својот полов идентитет) иако носат панталони, а сепак сметаат дека нивниот пол ќе се промени ако ги облечат (тип на одговори од презентно или опажајно фалсификување на податоците за кои зборува Јовичиќ, 1974). Очигледно е дека на децата им недостасуваат постојани карактеристики врз чија основа ќе заклучуваат и дека сеуште не го достигнале нивото на мислење од операционален тип.

Постојаност на својот полов идентитет, и покрај облекувањето облекло што се смета својствено за спротивниот пол, се забележува кај 81% од девојчињата и кај 66% од момчињата или кај 74% од вкупниот број на испитани деца. Карактеристично е дека ни едно дете не ги наведува гениталниот орган како доказ, туку даваат аргументации од операционален тип.

2) На прашањето <u>дали ако едно дете од спротивниот пол облече облекло што не е својствено за неговиот пол,</u> туку се смета дека им припаѓа на единките од другиот по, ќе ја измени и својата полова припадност, постојат разлики меѓу селските момчиња и другите испитани деца. Имено, сите момчиња од селото сметаат дека девојчињата ќе си останат пак девојчиња иако облечат панталони. Од нив 4 се во преодната фаза кон полова констатност билејќи како доказ наведуваат дека девојчињата носат и панаталнони и фустани, а останатите 19 даваа аргументации од операционален тип.

Одговорите што ги даваат момчињата од градот битно се разликуваат од оние на момчињата од село: кај 39% од градските момчиња нема констатност на половиот идентитет за девојчињата (ако облечат панталони, ќе станат момчиња). Како да се сфатат овие резултати, кога исто толку и градските девојчиња колку и селските носат и фустани и панталони? Што е тоа што на градските момчиња им отежнува да сфатат дека, иако девојчињата носат панталони (што всушност и го гледаат во секојдневнието околу себе), пак ќе останат девојчиња? Непостоењето константност на половиот идентитет во одговорите како на првото, така сега и на второто прашање за испитување на половата константност, може да се должи на поголемата сличност меѓу момчињата и девојчињата од градот во игрите и другите активности, играчките со кои играат, играњето во мешани групи, па сето тоа придонесува момчињата потешко да ги согледуваат разликите меѓу нив и девојчињата, како и да мислат дека промените во облеклото, а како ќе се види и во пострижувањето на косата, лесно ќе придонесат тие да го променат полот, па дури и тогаш кога во секојдневното посматрање не наидуваат на поткрепа на овие свои искази.

Додека 100% од селските момчиња тврдат дека, иако девојчињата облечат панталони, пак ќе си останат девојчиња, истото го изјавуваат 61% од градските момчиња. Од последниве половината се наоѓаат во преодната фаза кон константен полов идентитет (од нив 4 не даваат аргументација, 6 наведуваат дека девојчињата носат и фустан и панталони, 2 ја наведуваат долгата коса, 2 името, а по едно ги наведуваат обетките, шминките и женскиот глас заедно со чевлите. Кај другите 30% момчиња од градот постои константен полов идентитет за девојчињата, а истото го има значајно повеќе кај селските момчиња (83%).

<u>Дека машкото дете ќе стане женско ако облече фустан или сукња</u> сметаат 8 од 23 девојчиња од село или 34,78%. Од градските девојчиња истото го изјавуваат 23 од 56 девојчиња или 41,07%. Останатите девојчиња тврдат дека момчето ќе биде пак момче и покрај тоа што ќе облече фустан. Во преодна фаза кон константен полов идентитет за момчињата се наоѓаат две селски девојчиња (од кои едното не дава аргументација, а другото вели дека иако облече фустан, нема обетки) а од градските 17 (од нив 7 не дале аргументација, 4 наведуваат дек немаат обетки, 1 наведува дека нема обетки и има куса коса, 2 дека има куса коса, а 3 велат дека момчето нема да облече фустан).

Според погорните податоци 8,70% од селските девојчиња и 30,36% од градските девојчиња се наоѓаат во преодната фаза кон константен полов идентитет за момчињата. Во фазата на константен полов идентитет за момчињата се наоѓаат 13 од 23 селски девојчиња или 56,52% и 16 од 56 градски девојчиња или 28,57%.

Од погорните податоци се забележува дека градските девојчиња потешко воспостават контантност на половиот идентитет за момчињата од селските. Според тоа, на градските деца им е потешко да воспостават константност за половиот идентитет на децата од спротив ниот пол отколку на селските, а причините за овие разлики засега може да се претпостави дека извираат од повеќе заеднички активности за градските момчиња и девојчиња и намалувањето на традиционалните полови улоги во градските семејства.

Ако се споредат одговорите на прашањата во врска со константноста на својот полов идентитет и оној на единките од спротивниот пол ипокрај облекувањето на облекло карактеристично за единките од другиот пол, тогаш се забележува дека константноста за својот полов идентитет се стекнува порано (кај 64 од 79 девојчиња или 81,01% и 52 од 79 момчиња или 65,82% или кај вкупно 116 од 158 деца или 73,42%) отколку константноста за половиот идентитет на единките од другиот пол (кај 29 од 79 девојчиња или 36,71% и 36 од 79 момчиња или 45,57% или кај вкупно 65 од 158 деца или 41,4%). Бидејќи не беше поставено прашањето за константност на половиот идентитет и покрај облекувањето на облекло карактерисично за единките од друигот пол за други лица од полот на кој му припаѓа субјектот, не можеме да знаеме дали на детето му е потешко да дојде до константност на половиот идентитет на другите воопшто т.е. независно од нивната полова припадност или пак на потешкотии наидува само кога треба да заклучува за константноста на половиот идентитет на дете од спротивниот пол.

Ако се споредат резултатите меѓу градските и селските деца, тогаш се забележува дека селските деца порано ја постигнуваат константноста за својот полов идентитет од градските (20 од 23 селски девојчиња или 86,96% и исто толку селски момчиња, и 44 од 56 градски девојчиња или 78,57% и 32 од 56 градски момчиња или 57,14%) а истото важи за констатноста на половиниот идентитет за дете од спротивниот пол (19 од 23 или 82,61% од селските момчиња и 13 од

23 или 56,5% од селските девојчиња како и 17 од 56 или 30,36% од градските момчиња и 16 од 56 или 28,57% од градските девојчиња).

3) На прашањето "Ако на едно девојче му ја пресечат косата кусо, дали ќе биде момче или девојче?" Непостоење константност на половиот идентитет има кај 2 од 23 селски момчиња или 8,70 кај 5 селски девојчиња од 23 или 21,47%, потоа кај 20 од 56 градски момчиња или 35,71% и кај 15 од 56 девојчиња или 26,79%. Во преодна фаза кон константност на половиот идентитет се наоѓаат 7 селски девојчиња или 30,43% (од нив 5 не даваат аргументации, едно го наведува името, а едно вели дека сепак косата малку му е подолга и 8 селски момчиња или 34,78% (од нив 5 не дале аргументации, 2 го наведуваат облеклото и 1 дека пак ќе порасне косата), а исто така и 18 градски девојчиња или 32,14% (од нив 8 не дале аргументација, обетките и фустанот ги наведуваат 2, само обетките 3, името и фустанот 1, само името 1, само фустанот 1, дека косата пак ќе порасне 2), како и 16 од 56 градски момчиња или 28,57% (од нив 9 не дале аргументации, 2 ги наведуваат обетките, 2 фустанот, 1 името, 1 дека косата пак ќе порасне и 1 дека и поинакво кусото шишање кај девојчињата од она на машките). Константноста на половиот идентитет има кај 11 од 23 селски девојчиња или 47,83% и кај 13 од 23 селски момчиња или 56,52%, а исто така и кај23 од 56 градски девојчиња или 41,07% и кај 20 од 56 градски момчиња или 35,71% Кај сите нив аргументациите се од операционален тип.

4) На прашањето "Ако на едно момче косата му порасне долга, дали ќе биде момче или девојче?" непостоење на константност на половиот идентитет има кај 8 од 23 селски девојчиња или 34,78% потоа кај 2 од 23 селски момчиња или 8,70%, а исто така и кај 20 од 56 градски девојчиња или 35,72% и кај 18 од 56 момчиња или 32,14%.

Во преодна фаза кон константен полов идентитет се наоѓаат 5 од 23 селски девојчиња или 21,74% и 10 од 23 селски момчиња или 43,48% (а од нив 6 не даваат аргументации, 3 го наведуваат облеклото, дека нема обетки 2, дека пак ќе му ја исечат косата 2, истото име 1, и дека не треба да стане женско 1). Исто така во оваа фаза се наоѓаат и 14 од 56 градски девојчиња или 24% и 15 од 56 градски момчиња или 26,79% (од Нив 12 не даваат аргументации, дека нема обетки наведуваат 6, облеклото го наведуваат 3, името го наведуваат 3, дека пак ќе се потшиша 3 и дека нема алка 1).

Во фазата на константен полов идентитет се наоѓаат 10 од 23 селски девојчиња или 43,48% и 11 од 23 селски момчиња или 47,83%, а исто така 22 од 56 градски девојчиња или 39,29% и 23 од 56 градски момчиња или 41,07%. Сите тие наведуваат аргументации од операционален тип. Вкупно во фазата на константен полов идентитет се наоѓаат 66 од 158 деца или 41,77%.

Дискусија: Врз основа на одговорите на прашањата за стабилност и константност на половиот идентитет (види Табели број 3, 4 и 5 ), можат да се извлечат следниве заклучоци:

- стабилноста на половиот идентитет се стекнува по рано од константноста за истиот;

- во поглед на стабилноста на половиот идентитет на децата им е најтешко да ја согледаат својата полова припадност во минатото и да најдат постојани аргументи или докази од операционален тип врз чија основа би тврделе дека и кога биле бебиња, биле од истиот пол.[1)]

- со исклучок на три деца[2)], другите точно ја предвидуваат својата полова припадност во иднина. Значи, во поглед на иднината постои стабилност на половиот идентитет и во овој случај најмногу се даваат аргументи од операционален тип. Ова е важно сознание бидејќи укажува дека децата знаат како единки од кој пол ќе бидат - маж или жена, татко или мајка - па според тоа и на кого ќе личат, на кого да се угледаат, кои поведенија да ги актуелизираат

- делот на децата кај кои нема константност на половиот идентитет се движи ме-у 1/4 и 1/3. Ако се погледаат одговорите во прашањата се гледа и дека на секое од нив околу 1/4 од децата се наоѓаат во преодната фаза кон константен полов идентитет.

---

1) Само кај една близначка нема стабилност во поглед на минатото. (Со оглед на посебност на случајот, таа може да се смета за исклучок, но исклучок што сепак го потврдува правилото дека социокултурното влијание е битниот фактор што го одредува формирањето на половите улоги и половиот идентитет). Но затоа е голем бројот на оние што се наоѓаат во преодната фаза кон стабилност на половиот идентитет.

2) Едното дете е веќе поменатата близначка и уште едно девојче и едно момче изјавуваат дека кога ќе порснат ќе бидат како родителите од спротивниот пол (изгледа мислејќи повеќе на нивните улоги, а не на нивната физичка сличност, а ова може да се претпостави врз основа на нивните одговори на следното прашање).

Овие податоци укажуваат дека децата имаат нагласени потешкотии да заклучат дека нивната и туѓата полова припадност ќе остане непроменета и покрај промените во надворешните карактеристики, како што се облеклото и должината на косата. Овие нивни потешкотии стануваат разбирливи ако се има во обзир дека најчестите белези врз основа на кои децата ја определуваат својата и туѓата полова припадност, се токму облеклото и должината на косата (види Табела бр. 2). Анатомско-гениталните разлики се наведени само од страна на едно девојче. Можеме да се запрашаме дали неизнесувањето на последниве е заради тоа што се сокриени под облеклото (а децата најмногу судат врз основа на она што е опажајно дадено!) или пак се срамат да ги изнесат иако знаат за нив? Можно е и дека возрасните и другите деца секојдневно нагласуваат на различни начини дека има машки и женски панталони, дека фустанчињата се за девојчињата и дека во нив се како "кукличкм", дека има разлики во должината на косата меѓу машките и женските, а никој и не помислил на синот да му облече сукња или фустан! За анатомско-гениталните разлики скоро и не се зборува како за основни разлики меѓу половите, постојани како такви, а дека другите белези што децата ги користат се културно променливи. Изгледа дека сите овие моменти заедно (половите органи се сокриени од обвлеклото и се табу тема, а и се нагласуваат од страна на средната културно-променливите белези како значајни за разликување меѓу машките и женските) придонесуваат константноста на половиот идентитет да се воспостави подоцна кај испитаните 5-7 годишни деца.

Резултатите покажуваат едно интересно согледување за односот меѓу константноста на половиот идентитет и половите улоги. Имено, би се очекувало децата кај кои постои стабилност на половиот идентитет, но не и константност, да имаат поригидни сфаќања и придржувања за стереотипните полови улоги. Претпоставивме дека децата кај кои нема константност на половиот идентитет повеќе нема да дозволуваат мешања на половите улоги, т.е. ќе ја нагласуваат повеќе нивната посебност во споредба со децата кај кои истата постои. Ова затоа што тие знаат дека, и ако прават активности карактеристични за единки од спротивниот пол, пак ќе останат припадници на својот.

Но ако се навлезе во одговорите на испитаните предучилишни деца, се забележува следнава тенденција: децата кои половиот ~~улоги ги~~ идентитет засноваат на културно-променливи белези (како

што се облеклото, должината на коса и слично) и кои растат во средини каде половите улоги се јасно разграничени, полесно и побрзо доаѓаат до фазата на константен полов идентитет (во нашето испитување тоа се децата од село); од друга страна, за децата кои, исто така, половиот идентитет го засновуваат на истите културно-променливи белези, но растат во средини каде постои поголемо мешање меѓу половите улоги, процесот на стекнување на константен полов идентитет е усложнет и затоа тие нешто подоцна покажуваат константност во половиот идентитет (во нашето испитување децата од градот).

Ваквата тенденција укажува на поврзаноста што постои меѓу содржините кои влегуваат во определувањето на половиот идентитет и половите улоги кај предучилишните деца. Имено, половиот идентитет постепено се гради не само врз основа на надворешните белези, туку и во тесна зависност е од системот на полови улоги што постои во социјалната реалност на детето. Затоа се очекува средините во кои половите улоги се јасно разграничени да му го олеснат на детето стекнувањето на константен полов идентитет. Но ова не значи дека, на пример, селските деца кај кои се сретнува повисок процент на константен полов идентитет, се поблизу до можноста за остварување рамноправни односи меѓу половите. Кај градските деца се отворени можностите да се согледа дека има повеќе начини да се биде право машко или право женско, па тоа и збунува кога когнитивните способности сеуште не го достигнале нивото на конкретни операции, а половиот идентитет не е согледан само засновувајќи се врз анатомско-гениталните разлики.

Забележливо е дека, посебно кај градските 5-7 годишни момчиња, нема стабилни содржини на кои би го засновале својот полов идентитет и затоа кај нив констатниот полов идентитет се јавува поретко отколку кај другите испитани деца.

Погорните сознанија укажуваат на некои моменти во врска со организираното влијание врз половите улоги во предучилишниот период. Неопходно е на децата да им се укаже дека анатомско-гениталните разлики се единствените постојани, непроменливи карактеристики на половите и единствена нивна битна разлика. Овде да истакнеме дека децата знаат за ваквите разлики иако за нив отворено не зборуваат. Но проблемот е во тоа што самите деца нив не ги употребуваат како битен белег при разграничувањето на својата полова

припадност како и онаа на другите, ниту пак врз нивна основа заклучуваат за стабилноста и постојаноста на половиот идентитет. Значи проблемот е како децата она што го знаат да го согледаат како битен момент врз чија основа ќе ги градат своите судови за половиот идентитет.

### 2.2.3. Детските сфаќања за половите улоги

Ако половите улоги се определат како очекувани и карактеристични поведенија за лицата од даден пол, тогаш се очекува тие да се манифестираат низ нивните активности. Оттука сметаме дека е значајно да се согледа како децата ги делат групните дејности меѓу машките и женските единки.

Во ова истражување тргнуваме од претпоставката дека може да се очекува совпаѓање на сфаќањата на испитаните деца за поделбата на "машни и "женски" активности за децата и за возрасните бидејќи децата знаат само за онаа поделба што постои во нивната социјална реалност.

Од друга страна, бидејќи когнитивната структура на половите улоги кај децата се изградува во процесот на секојдневната интеракција меѓу машките и женските субјекти, се очекува содржините што ја сочинуваат когнитивната репрезентација да произлегуваат токму од она што постои како социјална практика. Затоа може да се претпостави дека преку детските сфаќања за половите улоги ќе добиеме слика за постојните полови поделби на активностите, но ова повеќе во облик на карикатура т.е. преку пренагласување на поедини моменти што се наметнуваат, па на тој начин препознатливата стварност ќе ни се чини дури смешна.

<u>Метод</u>: Поставивме осум прашања со цел да ги согледаме сфаќањата за половите улоги кај испитаните предучилишни деца. Преку првото прашање сакавме да согледаме како децата ги распределуваат активностите меѓу машките и женските лица и тоа во зависност од нивната возраст. Потоа следеа прашања чии одговори требаше да овозможат согледување дали децата прават разграничувања на некои својства меѓу половите од кои би можела да зависи поделбата на активностите и компетенциите како што тие ги сфатиле. По нив беа поставени прашања чии одговори требаше да покажат како децата ја распределиле општествената моќ меѓу половите и зошто така. Последното прашање имаше цел да покаже дали сеуште домот и децата, пред се, се "привилегија" на жената.

Резултати и нивна интерпретација: Одговорите на прашањата ќе ги обработиме по редоследот како што беа задавани.

1) а) Одговорите на прашањето "Што треба да умеат да прават девојчињата, а што момчињата дури се мали" ги поделивме во категориите "исто" и "различно" и при тоа ги добивме следните резултати: само 18 од вкупно 158 испитани деца или 11% се определиле за полови разлики во активностите кај децата, а другите 8 % сметаат дека децата од двата пола треба да изведуваат исти активности. При тоа е забележливо дека најмногу селските девојчиња (5 од 23 или 23%) сметаат дека треба да има разлики, а најмалку истото го сметаат градските момчиња (2 од 56 или 4%). Земено во целина повеќе испитаните девојчиња (и тоа особено оние од село) ги нагласуваат разликите во активностите меѓу машките и женските деца. Додека за девојчињата се изјавува, на пример, дека треба да им помагаат на мајките, да играат со куклите, за тоа време момчињата треба да играат со топка, со камиончиња и слично.

Децата што изјавуваат дека малите момчиња и девојчиња треба да прават исто велат дека и едните и другите јадат, учат, читаат, гледаат телевизија, одат во градинка, на училиште, но најголем број од нив наведуваат дека играат. Проблем се јавува кога ќе се разгледа што децата сметаат дека момчињата и девојчињата треба да играат: дали исти игри или посебни за едниот и другиот пол и со исти или различни играчки, со деца од истиот или од двата пола (последниве прашања се разгледани во делот од ова истражување што е даден во поднасловот "Преференции на активности, предмети и лица кај момчињата и девојчињата").

б) Одговорите на погорното прашање но сега како "Што треба дам умеат да прават, момчињата и девојчињата кога ќе пораснат", покажуваат дека нешто повеќе од половината субјекти (87 од 158 испитани или 55%) сметаат дека треба да прават исто, а останатите истакнуваат различни активности.

Во одговорите се забележуваат нагласени разлики меѓу градските и селските деца. Имено, само 5 од 23 селски момчиња и исто толку девојчиња (или 22% од селските деца) се изјаснуваат за исти активности за возрасните машки и женски лица, додека поголемиот преостанат процент смета дека жените треба да седат дома и да ги работат домашните работи и да се грижат околу подигнувањето на децата, а мажите да одат на работа.

Најголем дел на децата од градот сметаат дека мажите и жените треба да работат исти работи 77 од 158 деца или (68,75% а меѓу нив девојчињата се тие што се повеќе застапници на рамноправност, еднаквост во машките и женските активности 48 од 56, или 76,78% девојчиња наспроти на 39 од 56 или 60,71% од градските момчиња). Но и овде не станува збор за вистинска рамноправност бидејќи еден дел од децата од градот кога велат исто, додаваат и по некои различни активности од кои за жените се додаваат работи околу одржување на домаќинството и одгледувањето на децата, а на мажите им се дава можност и да учат, играат фудбал, идат во кафеана, на корзо. Од друга страна, и кога велат дека и мажите и жените треба да одат на работа, тие не подразбираат дека мажите и жените работат исто, дека се со исто занимање, а уште помалку дека имаат подеднаква положба на работното место или во општествената моќ на одлучување (ова може да се согледа од одговорите на други прашања од разговорот со децата).

2) "Кои се посилни, машките или женските? Зошто така мислиш?" На ова прашање само 5 девојчиња (4 од град и едно од село) и едно момче од град одговорија дека се жените посилни, а со најчеста аргументација дека работат повеќе. Останатите 151 дете од 158 испитани или 95,57% сметаат дека мажите се посилни, и најчестите аргументации се: бидејќи повеќе се тепаат (16 девојчиња и 10 момчиња), затоа што повеќе јадат (13 момчиња и 13 девојчиња - а од нив 4 велат "јадат повеќе спанаќ"), затоа што се поголеми (6 момчиња и 6 девојчиња), повеќе вежбаат и трчаат и имаат повеќе мускули велат 4 деца, а 4 деца на невработени мајки велат затоа што мажите работат.

3) Одговорите на прашањето "Кои се поработливи, машките или женските? Зошто така мислиш?" ги поделивме во категории: машките, женските и исто. Произлегува дека мал број на момчиња и девојчиња ги сметаат машките и женските за подеднакво работливи (5,06% од вкупно 158 испитани деца). Најголем број од децата ги сметаат жените за поработливи (96 од 158 деца или 60,76%). Зошто? Изгледа затоа што во секојдневието гледаат дека дома жените постојано нешто работат. Како повредни машките ги сметаат 54 од 158 деца или 34,28% а меѓу нив се забележува дека момчињата многу повеќе даваат вакви изјави од девојчињата, а аргументациите што почесто се сретнуваат се дека се посилни, работат тешки работи, носат пари (децата на невработените мајки) или носат повеќе пари (децата на вработените мајки).

4) Според аргументациите што ги давае децата на прашањето "Кои се поумни (попаметни) машките или женските? Зошто така мислиш?" изгледе дека погоем број од децата "поумни" не го сфат9-ја во правецот на "поинтелигентни" туку како "попослушни". Да се биде "умен, паметен", за испитаните деца се чини дека всушност значи да се слушаат постарите, да се биде послушен. Ова е интересно согледување кое заслужува да биде понатаму проверено во друго истражување (на пример во правецот за да се согледа дали возрасните повеќе ја поткрепуваат позитивно и ја нагласуваат послушноста, а не бистрината во регаирањето). Овде засега може само да се рече дека најголем дел од испитаните градски девојчиња (48 од 56 или 86%) се сметаат себе за "поумни", а исто така и половината од градските момчиња ги сметаат женските за поумни. Интересно е дека нешто повеќе од 1/4 од градските момчиња машките и женските ги сметаат за подеднакво умни.

Кај селските деца има нагласување на "паметноста" на својот пол. Имено, најголем број девојчиња себе се сметаат за поумни (19 од 23 или 83%), но исто така и најголем број од момчињата тоа го сметаат за себе (18 од 23 или 78%).

5) На прашањето "Кој треба да биде на работа шеф - машки или женските? Зошто?", само едно селско девојче смета дека шефови можат да бидат и мажите и жените, "но има помалку жени". Другите деца од село се еднодушни дека мажите треба да бидат шефови. Од градските деца само две девојчиња велат дека жените треба да бидат шефови, а 10 девојчиња и седум момчиња од градот сметаат дека мажите и жените треба подеднакво да бидат шефови. Според тоа, најголем број од децата (138 од вкупно 158 деца или 87,34%)сметаат дека мажите треба да бидат шефови (најмногу аргументираат" заради тоа што се мажи", еден дел не даваат аргументации велејки "Не знам" или "Така", понекои велат затоа што се посилни, а децата на невработените мајки велат дека оди на работа или печали пари.

6) На прашањето "Дали треба да има повеќе мажи директори или жени директорки? Зошто? само две селски девојчиња сметаат дека треба да има повеќе жени директорки (едната не образложува зошто, а другата вели дека таа треба да ги научи децата на се). Останатите селски деца изјавуваат дека треба да има повеќе мажи директори.

Што се однесува до градските деца скоро 3/5 од нив сметаат дека треба да има повеќе мажи директори, а по 1/5 жени директори и подеднакво мажи и жени.

Зошто децата сметаат дека треба да има повеќе директори од шефици? Можеби во тоа придонесува формулацијата на прашањето каде "шеф" се однесува и на мажите и на жените, додека во другото прашање се употребени и двата рода; директор и директорка. Но ни се чини дека повеќето самата реалност на децата им ги диктира одговорите: тие во секојдневието не се сретнуваат со шефови туку со директорки на предучилишните институции или училиштата, па така, на пример, најмногу токму децата во чија институција има директорка - скопската градинка - одговараат дека жените можат да бидат повеќе директорки или исто толку и мажите.

7) На прашањето "Дали <u>треба да има повеќе мажи претседатели или жени претседателки? Зошто?</u> Најголем број од децата се изјаснија за мажи претседатели (75,32% од вкупно испитани 158 деца) Изгледа дека е тоа одраз на самата наша политичка стварност што избива од детските одговори: "Беше Тито, па Крајгер, па Мијатовиќ" (Испитувањето е вршено пред да биде избрана првата жена претседателка кај нас), "Мажи, нели гледаш на телевизија, повеќе од жени"; "И двајцата.... Не... на телевизија се само мажи", "Помалку жени од мажи, оти некој неќе жени да му бидат, а мажи сите сакаат"; "Мажи, а во Германија има и жени".

8) На прашањето "<u>Кој треба да седи дома и да ги чува децата - мажите или жените? Зошто?</u> Само едно селско момче смета дека и таткото и мајката и бабата треба да ги чуваат децата, додека 89,13% од 46 деца од селото сметаат дека жените треба да ги чуваат децата.

И најголем број од градските деца сметаат дека жените треба да ги чуваат децата 86 од 112 или (76,79%), но се сретнуваат и 12,50% од одговори во кои стои дека и мажите и жените треба подеднакво да ги чуваат децата, а во 6,25% случаи децата изјавуваат дека мажите треба повеќе да ги чуваат. Според аргументациите на децата може да се заклучи дека ваквите нивни одговори се одраз на самата стварност во која ~~за нив~~ мајките се тие кои повеќе непосредно ги чуваат и повеќе седат дома.

Дискусија: Нашата претпоставка дека ќе постои совпаѓање во сфаќањето за поделбата на машки и женски активности кои подеднакво се карактеристични за децата како и за возрасните, не се покажа сосема точна. Имено, многу повеќе испитаните субјекти за децата од двата пола сметаат дека треба на детска возраст да умеат да ги прават истите активности, и обратно, кога ќе станат возрасни скоро половината сметаат дека треба да има полови разлики во видовите активности што ќе ги изведуваат лицата од двата пола (последново е особено забележиво кај селските деца). Оттука изгледа дека е поточно да се рече дека децата знаат само за онаа поделба што постои во нивната социјална реалност. А во последнава машките и женските дејности се многу повеќе полово разграничени кај возрасните (и тоа на село) отколку кај децата.

Од друга страна, ако се споредат одговорите на првото прашање, според кои голем број од испитаните деца смета дека жените треба да се грижат околу членовите на семејството и околу домаќинството, а мажите да одат на работа, и уште поголемиот број деца кои на последното прашање нагласуваа дека жените треба да седат дома и да ги чуваат децата, очигледно е дека детските одговори ја отсликуваат нивната општествена средина како поделена на две сфери: јавна (машка сфера) и приватна (женска) сфера.

Жените се прикажани како поработливи од мажите, но и како "поумни" (по смислата попослушни), а мажите како посилни но и како покомпетентни да ја имаат општествената моќ т.е. раководните места (шефови, директори).

На крајот само уште ова: никој помаѓсторски од децата не умее да ги нагласи клучните моменти што вистински постојат во социјалните односи во средината во која детето враснува, а во нашиот случај во односите меѓу половите.

2.2.4. Преференции на активности, предмети и лица кај момчињата и девојчињата од 5-7 години. Често испитувано прашање во литературата што се однесува на половите улоги е преференцијата на определени активенсоти, предмети и лица од страна на единките од даден пол.

За децата посебен карактеристичен облик активност се игрите. Преку нив тие влегуваат во светот на возрасните, присвојуваат определени знаења, стекнуваат определени вештини и способности. Оттука е значајно да се дојде до увид дали има разлики во игровните активности меѓу момчињата и девојчињата. Имено, евентуално постојните разлики во игровните активности меѓу децата од двата пола ќе придонесат да се создадат два посебни света: еден на машките, друг на женските, а едновремено ќе влијае врз формирањето полови разлики во психолошките карактеристики. Значи, ако постојат разлики меѓу половите во игрите уште во предучилишниот период, се очекува тие да доведат до различни ефекти од социјализацијата.

Од друга страна, секоја активност се одвива со определен вид предмети. Предметните операции можат да се определат како "историски формирани општествени начини на нивна употреба, кои се фиксирани во дадениот предмет" (Елкоњин, 1981, стр. 159). Елкоњин ги истакнува дека развитокот на предметните операции, начинот на нивното користење, се стекнува под непосредно раководство на возрасните и преку вклучувањето на предметните операции во системот на меѓучовечките односи. Децата од предучилишна возраст, освен што ги вршат операциите со предметите во секојдневниот живот што им служат за задоволување на основните потреби, играат и со играчки. Играчките можат да се посматраат како предмети и учењето на манипулативните активности со играчките, според тоа, всушност е обучување за употреба на предметите. Не е сеедно со какви играчки децата играат бидејќи секоја од нив има помалку или повеќе ограничен круг дејности во кои се употребува, развива само некои манипулативни спретности и овозможува да се развијат само некои способности и особености на личноста. Со други зборови, не е сеедно дали играчките бараат активна и креативна интеракција со нив или пасивна. Се очекува посложените игри и оние со поголеми когнитивни барања кај оние што ги практикуваат да придонесат за појава на предност над другите деца во подоцнежен развој уште во стартот.

Дали децата играат во мешани полови групи или само со деца од истиот пол е значајно да се согледа бидејќи во заедничките активности децата ги градат односите меѓу себе.

Исто така, бидејќи телевизијата е моќно средство за воспитување на младите генерации, потребна е анализа на моделите што ги нуди детската телевизиска програма и тоа не само да се

согледа какви полови улоги тие нудат, туку и какви нови модели на однесување и пожелни особини тие треба да прикажат. Во тој правец добро е да се знаат омилените телевизиски личности кај децата бидеј ќи тие би можеле најповолно да се искористат во организираното влијание врз половите улоги преку обмислени нови модели на поведение што би ги понудиле. Од друга страна, согледувањето на лицата на кои децата се угледуваат, како кои сакаат да бидат и занимањата кон кои се стремат, ги отвора пред нас моделите со кои децата се идентификуваат.

Анализата на детските одговори на прашањата поврзани за преференцијата на одредени активности, предмети и лица ќе овозможи да се добие слика на состојбите кај нас и од неа ќе се тргне при организираното влијание за создавање преференции не според половата припадност туку според индивидуалните способности и особености.

Метод: На истите 158 деца на возраст од 5-7 години кои беа испитани во врска со нивниот полов идентитет, полова стабилност и константност како и за сфаќањето за половите улоги, им беа зададени и 7 прашања чија цел беше да се согледаат преференциите за половите улоги.

Сакавме да добиеме податоци за преферираните игри и играчки како и другари за играње, омилените личности од телевизиската програма, изборот на идното занимање и личностите со кои децата се идентификуваат.

## Резултати и нивна интерпретација:

Игрите за кои децата изјавија дека сакаат најмногу да ги играат одговорајќи на првото прашање ги поделивме во неколку категории според некои сродности и тоа на: моторни и спортски игри, игри на улоги, игри со правила, драматизации, конструктивни игри, сообраќајни игри и некласифицирани игри.

Во табелата бр. 6 ќе е ја прикажима зачестеноста на јавувањето на поедини моторни и спортски игри кај различните мостри субјекти (редоследот на нивното прикажување е според зачестеноста со која се јавуваат кај сите субјекти. Притоа напоменуваме дека секој субјект може да наведе повеќе вакви игри).

Табела бр. 6: Моторни и спортски игри

| Вид игра | село женски | село машки | град женски | град машки | сите |
|---|---|---|---|---|---|
| брканица | 12 | 16 | 23 | 17 | 68 |
| фудбал | - | 15 | - | 51 | 66 |
| криеница | 12 | 14 | 22 | 4 | 52 |
| ластик | 10 | - | 26 | - | 36 |
| топка | 5 | - | 7 | - | 12 |
| кошарка | - | 1 | 2 | 9 | 12 |
| одбојка | - | - | 7 | 3 | 10 |
| тенис | - | - | 2 | 3 | 5 |
| ракомет | - | - | - | 5 | 5 |
| јаже | - | - | 4 | - | 4 |
| велосипед | 2 | - | - | 1 | 3 |
| скијање | - | - | - | 1 | 1 |
| карате | - | - | - | 1 | 1 |
| бокс | - | - | - | 1 | 1 |
| пинг-понг | - | - | - | 1 | 1 |
| Сите: | 41 | 46 | 93 | 97 | 277 |

Од прикажаните податоци може да се забележи дека постои поголема разновидност во моторните и спортските игри кај градските деца. Се забележува и дека брканицата и криеницата ја играат деца од двата пола. Но постојат и игри што се типични само за едниот пол и тоа фудбалот е очигледно најомилената игра за момчињата, а ластикот за девојчињата.

За фудбалот, како спортска игра, може да се рече дека ги подготвува момчињата за натпреварување преку соработка во групата. Во него не само што единката има можност да се истакне како поединец, туку и тоа единствено може ако научи да соработува со другите од својот тим и ако ја следи нивната игра како и онаа на противниците. Според тоа, преку фидбалот не само што се стекнуваат определени моторни вештини, туку едновремено се учи и вештината на соработка и натпреварување. Кај играчот едновремено постојат потребите како за соработка и договарање, така и за победување и доминирање.

Скокањето со ластик и со јаже (иако последново помалку го наведуваат испитаните девојчиња, а ова некогаш беше омилената игра на нивните мајки) е поинаков тип моторна активност. Ограничен број движења се повторуваат како ритуали за кои девојчињата се стремат да ги изведат до совршенство и во потполн занес. Соработката и натпреварот се сведени на минимум - или се потребни уште две девојчиња или може и без нив. За да се направат добро движењата потребна е, и се стекнува уште подобра, координација на движењата. Ако оваа игра на скокање со јаже или ластик се спореди со играта школица или играње со топка по ѕид (што исто така се сретнуваат само кај девојчињата), се наоѓаат заеднички моменти во нив: не се потребни повеќе деца т.е. може да се играат во помали групи или сама мени, а исто така има повторување на ограничен број движења по строги правила кои многу наликуваат на ритуалите во опсесивните неврози. Што придонесува овие игри да ги играат само девојчињата? Дали може да се рече дека "анатомијата е судбина" (Ериксон, 1976, стр. 241)?

Нас повеќе ни се чини дека недостасуваат стимулации од други видови активности за организмот, па погорните видови игри само го надокнадуваат тоа. Имено, се забележува дека се јавуваат т. н. рокинг-движења или нишања кај децата кои се долго оставени без социоемоционален стимул и без доволно слободни движења во просторот. Кај ваквите деца организмот прави определени ритмични движења на нишање чија цел е автостимулација на централниот нервен систем за да се одржи неговата активност. Извесни ритмички движења, наречени чакри, ги има и во хата јогата при што е интересно дека тие можат да бидат изведени и само на ментален план ако телото и духот останат определено време во статичка положба, за да потоа дојде до стабилизација на положбата на телото, пак на ментален план, од што може да произлезе и извонредно психолошко доживување што ќе го наречеме "илуминација". По аналогија на овие сознанија изгледа може да се претпостави дека наведените, и слично на нив ритмизирани и ритуализирани игри, не се јавуваат почесто кај девојчиња од кои почесто се бара да се покоруваат, да бидат послушни (или како што велат децата "поумни"), помирни, па се спречуваат да вршат движења во интензивни активности како што се трчањето, бркањето, борењето и слично. Според тоа, ритуалното и ритмизираното повторување на определени движења во игрите придонесува да се дојде до стабилна психофизичка состојба кај девојчињата и ова затоа што

други форми активности, што ги користат момчињата, под влијание на средината се смета дека не им доликуваат на девојчињата. Во контекстот на ова можеби може да се разбере зошто балетот како омилена игра го издвојува само девојчињата (и тоа 4 градски девојчиња).

Од погоре реченото може да се согледа како преку моторно-спортските игри машките и женските деца различно се подготвуваат за иднината преку различните резултати до кои доведуваат различните видови игровни активности што децата од двата пола ги практикуваат.

По моторно-спортските игри по зачестеноста со која се јавуваат кај испитаните деца следат игрите на улоги. Значењето на игрите на улоги за социјализацијата на децата е истакнато поподробно во делот од изложувањето за развитокот на способноста за земање улога на другиот и за социјалната децентрација. Овде само ќе ги нагласиме некои моменти кои укажуваат на постоење два света за кои преку игрите на улоги ги подготвуваме момчињата и девојчињата.

Табела бр. 7: Игри на улоги

| Вид игра | село женски | село машки | град женски | град машки | сите |
|---|---|---|---|---|---|
| со кукли | - | - | 23 | - | 23 |
| тетки и гости | 2 | - | 11 | - | 13 |
| семејни игри | | | | | |
| бебиња | - | - | 5 | - | 5 |
| мајки и деца | 2 | - | 2 | - | 4 |
| мајка и татко | - | - | 1 | 2 | 3 |
| мајки | - | - | 1 | | 1 |
| учителки | 2 | - | 8 | - | 10 |
| лекари | 2 | - | 7 | 1 | 10 |
| болничарки | 2 | - | - | - | 2 |
| забарки | - | - | 1 | - | 1 |
| продавачка | - | - | 1 | - | 1 |
| агресивни игри | | | | | |
| партизани | - | 1 | - | 11 | 12 |
| каубојци | - | 5 | - | 11 | 16 |
| војници | - | 1 | - | 2 | 3 |
| милицајци | - | - | - | 2 | 2 |
| со оружје | - | 3 | - | 4 | 7 |
| сите: | 10 | 10 | 60 | 33 | 113 |

Она што во погоре наведената табела на игрите на улоги за кои се определија испитаните деца произлегува е дека игрите на улоги многу помалку се сретнуваат кај селските отколку кај градскит деца. Наметлива е и јасната полова разграниченост на игрите на улоги: за девојчињата се карактеристични игри со кукли и воопшто такви во кои се одразуваат семејниот живот и ограничен број професионални улоги (и тоа професии за кои може да се рече дека се сметаат за типично женски во практиката во која децата живеат), а за момчињата тоа се скоро исклучитлно само агресивните игри на улоги. Очигледно е дека испитаните момчиња и девојчиња се стремат кон две различни социјални реалности од кои она на момчињата не се однесува на социјалната реалност што секојдневно ја живеат туку тоа се само агресивни активности во кои најмногу учествувале или учествуваат мажите. Интересно е дека не играат "политички" или "раководни" улоги бидејќи станува збор за поапстрактни и посложени социјални односи во кои не се употребуваат предмети (играчки) како посредници.

За фудбалот, веќе рековме, од рана возраст ги учи момчињата да создаваат машки тимови и тоа во својот се учат да соработуваат, а со другиот да се натпреваруваат и да го победуваат. И во агресивните игри на улоги очигледно е постоењето на некаков непријател кој треба да се победи, па еве прилики за постепено создавање потреба за машка доминација. Кај девојчињата ориентацијата на социјализацијата преку активностите што ги вршат ги води во друг правец: приватната сфера на живеењето. Ако се вратиме на ритуализираните игри на скокање со ластик и слични на нея игри, се гледа дека и преку нив има подготвување за она што со право може да се нарече, исто така, ритуализирани секојдневни активности за одржување на домаќинството (да ги наведеме само најмонотоните активности како што се чистењето, перењето, пеглањето....)

Значи, девојчињата го играат истото она што гледаат дека нивните мајки и други жени го прават. Затоа преку игрите на девојчињата можат да се согледаат улогите на возрасните жени што ги окружуваат или се дадени во средствата за комуникација, но едновремено може да се види и кој ја предодредува и како се трасира нивната судбина.

Но од каде ги црпат агресивните содржини на игрите на улоги момчињата? И зошто само момчињата се определиле за нив?

Ељкоњин (1981) истакнува дека кај децата од 5-7 години содржините на игрите на улоги се реалните социјални односи меѓу луѓето. Но во развојните степени на играњето улоги најпрвин треба да се совладаат предметните дејствија и да се издвојат возрасните како модели и носители на човечки облици на дејности и односи. А за да се постигне ова неопходно е влијанието на возрасните.

Може да се констатира дека за момчињата најчесто се недостапни улогите што ги играат мажите во рамките на нивните активности бидејќи честите најчесто се одвиваат надвор од домот или пак се сложени облици на дејности и односи и децата нив не можат да ги повторат преку играта на улоги. Од друга страна, играчките што возрасните им ги нудат на момчињата, доста често, се различни видови играчки-оружја (пушки, митролези, пиштоли, стрели....). Тие и ги учат како се употребуваат, кој ги употребува и зошто. Значи, најнапред се учи како се пука, а потоа кои лица пукаат и со каква цел. Децата имаат можност често на телевизиските програми да гледаат филмови со агресивни сцени (а ќе видиме од одговорите на едно подоле наведено прашање дека момчињата нив и ги преферираат). Исто така и во многу приказни обилуваат вакви содржини.

На третото место по зачестенососта се јавуваат <u>игрите со правила</u>. При нивната анализа се покажува дека тие не се од ист вид на структурираност на правилата. Додека за играта со џамлии може да се рече дека постојат правила по кои се игра, за другите игри со праивла кои ги наведуваат децата, како на пример "ринге-ринге раја", не може да се рече дека се прави игри со правила бидејќи ритмичното пеење го раководи поведението и нив можат лесно да ги научат и ги играат и помалите деца.

Табела број 8: игри со правила

| Вид игри | село женски | село машки | град женски | град машки | сите |
|---|---|---|---|---|---|
| Иде мачка, ринге-ринге, балонот се надува и слични | 2 | - | 33 | 24 | 59 |
| џамлии | - | 13 | - | 1 | 14 |
| сите | 2 | 13 | 33 | 25 | 73 |

Драматизациите на приказни се наведени вкупно 47 пати од испитаните 158 деца. Кај селските деца тие се ретки (ги наведуваат само 2 селски девојчиња). Од градските деца почесто ги наведуваат девојчињата (32 пати) отколку момчињата (13 пати).

Конструнтивните игри се наведени само 26 пати од 158 испитани деца како најомилени, и тоа многу помалку од девојчињата (3 пати селски и 3 пати градски девојчиња) отколку од момчињат (9 пати од селските момчиња и 11 пати од градските момчиња).

Сообраќајните игри (игри со намалени сообраќајни средства како што се автомобилчињата, камиончињата, авиончињата), се наведени само од момчињата и тоа 5 пати од селските и 5 пати од градските.

Игри што не можеме да ги класифицираме се наведени 37 пати, а тука спаѓаат најмногу оние што велат дека сакаат да ги играат сите игри со играчки но не наведуваат (а)кви играчки.

Одговорите на прашањето "Со кои играчки сакаш најмногу да си играш" ги поделивме во седум категории и тоа: намалени сообраќајни средства, тематски играчки, дидактично-конструктивни играчки, моторно-спортски играчки, оружје, играчки за групни игри и некласифицирани играчки. Во табелата бр. 9 може да се види зачестеноста со која тие се јавуват кај поедини мостри субјекти.

Табела број 9: Играчки со кои децата сакаат најмногу да си играат

| Вид играчки | село женски | село машки | град женски | град машки | сите |
|---|---|---|---|---|---|
| намалени сообраќајни средства | 5 | 11 | 7 | 68 | 91 |
| тематски играчки | 13 | 0 | 77 | 1 | 91 |
| дидактично-конструктивни | 16 | 21 | 22 | 30 | 89 |
| моторно-спортски | 5 | 6 | 29 | 22 | 62 |
| оружје | 0 | 0 | 0 | 19 | 19 |
| за групни игри | 0 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| некласифицирани | 1 | 3 | 2 | 0 | 6 |

Како што покажува Табелата бр. 9 најчесто (91 пати од вкупно 158 деца) како најомилени се наведуваат намалените сообраќајни средства како играчки. Особено кај градските момчиња тие не само што се наведувани најчесто туку и значајно повеќе од кои било други играчки. Кај селските момчиња тие се на второ место по зачестеноста на наведување според омиленоста.

На исто место по зачестеноста се наоѓаат и тематските играчки. Тие се наведени како најомилени најчесто од градските девојчиња (77 пати кај 56 градски девојчиња). На второ место по зачестеноста се сретнуваат кај селските девојчиња, а само едно градско момче ги наведува истите. Момчето наведува кукла и шприц, додека кај девојчињата (и градски и селски) се наведуваат следниве тематски играчки: кукла (51), кукла и колица (7), мече (12), куче или маче (5), телефон (3), прибор за фризер (1), а најчесто (77 пати) се наведуваат разни елементи од кујнскиот прибор.

Скоро подеднакво често како намалените сообраќајни средства и тематските играчки се наведуваат и дидактичко-конструктивните играчки (89 пати кај 158 деца). Тие се особено омилени кај селските момчиња и девојчиња (пред сите други видови играчки, а сигурно дека во ова придонесува новината што тие ја претставуваат за нив кога почнуват да одат во забавиште). Од сите деца најчесто се наведени коцките (68), потоа се наведуваат и пластелинот (3) боцкалките (2), плочки (2), боици и боенки (8), сликовници (4), пресок (2).

Моторно-спортските играчки се наведени вкупно 62 пати од испитаните 158 деца. Тие многу почесто се наведуваат од страна на момчињата и тоа особено од селските момчиња. Девојчињата најчесто ја наведуваат топката (13), ластикот (12), јаже (7), ролшуи (1), велосипед (1). Од момчињата најчесто се наведуваат: топка (19), велосипед (6), тркало (1), балон (1), џамлии (1).

Разни видови оружје (пушки, пиштоли, митролези) се наведени само од градските момчиња и тоа 19 пати.

Играчки за групни игри се наведени само од четири градски деца и тоа "домино" од едно девојче и две момчиња и "не лути се човече" од едно момче.

Само од едно селско момче е наведен летен прибор за играње (кофична, лопатка), од едно градско девојче музично средство (пијанино) и уште 6 некласифицирани играчки.

Ако се суди според изборот на игрите и играчките што испитаните деца ги наведуваат како омилени, тогаш може да се извлече еден општ заклучок дека меѓу момчињата и девојчињата од предучилишна возраст постојат разлики во преференциите на активностите и предметите. Ако на овие детски изјави ги придодадеме и изјавите според кои истите тие деца најмногу сакаат да играат дома и во градинка со деца од истиот пол, (Табела бр. 10 и 11), а значајно помалку во мешовити групи од двата пола (а ова е особено нагласено кога станува збор за играње во забавиштето или градинката), тогаш станува очигледно дека децата од предучилишна возраст (5-7 години) почнуваат јасно да се издвојуваат во два посебни света: еден за машките и друг за женските.

Табела бр. 10. Со кои деца сакаш најмногу да си играш во градинка.

| | ист пол | | | мешано | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ж | м | сите | ж | м | сите |
| село | 23<br>100% | 21<br>91,30% | 44<br>95,65% | - | 2<br>8,70% | 2<br>4,34% |
| град | 53<br>94,64% | 50<br>89,29% | 103<br>91,96% | 3<br>5,35% | 6<br>10,71% | 9<br>8,03% |
| сите | 76<br>96,20% | 71<br>89,87% | 147<br>93,04% | | 8<br>8,08% | 11<br>6,96% |

Табела бр. 11. Со кои деца сакаш најмногу да си играш дома?

| | ист пол | | | мешано | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ж | м | сите | ж | м | сите |
| село | 20<br>86,96% | 20<br>86,96% | 40<br>86,96% | 3<br>13,04% | 3<br>13,04% | 6<br>13,04% |
| град | 43<br>93,48% | 41<br>73,21% | 84<br>75,00% | 13<br>23,21% | 15<br>26,79% | 28<br>25,00% |
| сите | 63<br>79,75% | 61<br>77,22% | 124<br>78,48% | 16<br>20,25% | 18<br>22,78% | 34<br>21,52% |

На прашањето "Кого сакаш најмногу да го гледаш на телевизија" децата повеќе го наведуваат видот на емисијата, а поретко личностите. Како личности децата ги издвојуваат Бранко од Коцкиц (7), Шурда од хумористична серија (7), Тито (2), пеачот Чолиќ Здравко (1) и комичарот Чкаља (1).

Како најомилени емисии од телевизиската програма децата ги наведуваат цртаните филмови (127 деца од 158 испитани), играните филмови (19), хумористичните емисии (15) и Коцкица или Бранко (13). Омиленоста на овие емисии спореед полот и местото на живеење може да се види на подолните табеларни прикази на детските изјави (Табела бр. 10 и 11). Според изјавите на девојчињата што сакаат да гледаат играни филмови (2) станува збор за Серијата за Гоце Делчев и индијански филмови, додека најголем број од момчињата (15) наведуват дека сакаат да гледаат филмови со кои изобилуваат агресивни сцени (каубојски филмови - 8, со тепање и пукање - 2, партизански - 5). Други емисии што децата сакаат да ги гледаат на телевизијата, а не се дадени табеларно се следниве: музички емисии (4 девојчиња од градот), спортски емисии (6 градски и 2 селски момчиња), куклена претстава (1 градско девојче), детски емисии (1 градско момче).

Табела бр. 12. Кого сакаш најмногу да го гледаш на телевизија

| | цртани филмови | | | играни филмови | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ж | м | сите | ж | м | сите |
| село | 21<br>91,30% | 18<br>78,26% | 39<br>84,78% | 0 | 4<br>17,39% | |
| град | 44<br>78,57% | 44<br>78,57% | 88<br>78,57% | 2<br>3,57% | 13<br>23,21% | 15<br>13,39% |
| сите | 65<br>82,28% | 62<br>78,48% | 127<br>80,38% | 2<br>2,54% | 17<br>21,52% | 19<br>12,02% |

Табела бр. 13: Кого сакаш најмногу да го гледаш на телевизија?

| | Коцкица или Бранко | | | Смешки, Шурда, Чкаља | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ж | м | сите | ж | м | сите |
| село | 3<br>13,04% | 3<br>13,04% | 6<br>13,04% | 0 | 5<br>21,74% | |
| град | 6<br>10,71% | 1<br>1,79% | 7<br>6,25% | 2<br>3,57% | 8<br>14,29% | 10<br>8,93% |
| сите | 9<br>11,39% | 4<br>5,06% | 13<br>8,23% | | 13<br>16,46% | 15<br>9,49% |

Од подоле наведените ранг-листи на занимањата што децата ги наведуваат на прашаето "Што сакаш да бидеш кога ќе пораснеш" може да се согледаат нагласени разлики меѓу момчињата и девојчињата

| ДЕВОЈЧИЊА | | | |
|---|---|---|---|
| занимање | сите | село | град |
| лекарка | 26 | 10 | 16 |
| учителка | 21 | 5 | 16 |
| мед.сестра | 8 | 2 | 6 |
| продавачка | 5 | 2 | 3 |
| домаќинка | 4 | 1 | 3 |
| шивачка | 3 | - | 3 |
| ќилимарка | 2 | 1 | 1 |
| фризерка | 2 | - | 2 |
| службеник | 2 | - | 2 |
| слаткарка | 1 | - | 1 |
| цртач | 1 | - | 1 |
| глумица | 1 | - | 1 |
| учена | 1 | | 1 |
| не знам | 2 | 2 | - |
| | 79 | 23 | 56 |

| МОМЧИЊА | | | |
|---|---|---|---|
| занимање | сите | село | град |
| милиционер | 13 | 3 | 10 |
| шофер | 13 | 4 | 9 |
| лекар | 7 | 3 | 4 |
| инженер | 4 | 1 | 3 |
| учител | 4 | 3 | 1 |
| механичар | 4 | 2 | 2 |
| работник | 3 | 1 | 2 |
| продавач | 3 | 1 | 2 |
| домар | 1 | 1 | - |
| електричар | 1 | 1 | - |
| келнер | 1 | 1 | - |
| фудбалер | 6 | - | 6 |
| војник | 4 | - | 4 |
| пилот | 3 | - | 3 |
| службеник | 3 | - | 3 |
| ѕидар | 1 | - | 1 |
| офицер | 1 | - | 1 |
| научник | 1 | - | 1 |
| техничар | 1 | - | 1 |
| кондуктер | 1 | - | 1 |
| незнам | 4 | 2 | 2 |
| | 79 | 23 | 56 |

Заеднички занимања што ги бираат и момчињата и девојчињата се лекар (ка), учител(ка), службеник во банката. Веќе продавач (ка) не се исти занимања за момчињата и девојчињата бидејќи момчињата нагласуват дека сакаат да бидат продавчи на бензински пумпи, а девојчињата не. Од наведената листа на занимања од страна на децата може да се согледа дека самите деца си бираат уште од предучилишна возраст занимање со кои во самата стварност најмногу гледаат дека се занимаваат истополните возрасни лица.

На прашањето "Како кого сакаш да билеш кога ке пораснеш? се добиени следниве одговори:

| | девојчиња | | |
|---|---|---|---|
| | сите | село | град |
| мама | 48 | 14 | 34 |
| учителка | 5 | 1 | 4 |
| испитувач | 4 | 1 | 3 |
| пос.сестра | 4 | 2 | 2 |
| лекарка | 4 | 1 | 3 |
| тате | 3 | 2 | 1 |
| врсничка | 3 | - | 3 |
| женско | 2 | - | 2 |
| баба | 1 | 1 | - |
| тетин | 1 | 1 | - |
| принцеза | 1 | - | 1 |
| лаборантка | 1 | - | 1 |
| архитект | 1 | - | 1 |
| не знам | 1 | - | 1 |
| | 79 | 23 | 56 |

| | момчиња | | |
|---|---|---|---|
| | сите | село | град |
| тате | 60 | 21 | 39 |
| тетин, вујко, чичко | 5 | 2 | 3 |
| брат(братуч.) | 4 | - | 4 |
| милицаец | 2 | - | 2 |
| сестра | 1 | - | 1 |
| мама | 1 | - | 1 |
| војник | 1 | - | 1 |
| голем | 1 | - | 1 |
| партизан | 1 | - | 1 |
| пилот | 1 | - | 1 |
| фудбалер | 1 | - | 1 |
| најдобар другар | 1 | - | 1 |
| | 79 | 23 | 56 |

Како што може да се види од погорнатата листа, децата од двата пола, пред се, сакаат да бидат како нивниот родител од истиот пол и според тоа тој е нивниот најнепосреден модел за идентификација. Многу ретко се угледуваат, сакаат да бидат како лице од спротивниот пол (4 девојчиња и 2 момчиња).

Дискусија: Од анализата на прашањата чија цел беше да се согледаат преференциите на активностите, предметите и лицата кај машките и женските деца од 5-7 години, за организираното влијание врз половите улоги можат да се извлечат неколку значајни согледувања.

Така, во поглед на моторно-спортските игри не треба да се дозволи кај девојчињата да доминираат само ритуализирани игри како што е скокањето со ластик, а кај момчињата пак само фудбалот.

Посебно загрижува сиромашниот репертоар на игри на улоги кои кај момчињата речиси се сведуваат на агресивни игри, а кај девојчињата на семејни игри на улоги и ограничен број професии. Затоа при организираното влијание врз формирањето и менувањето

на половите улоги посебно внимание сметаме дека треба да им се обрне на создавањето услови за збогатување на репертоарот на игри на улоги кај предучилишните деца. Кај момчињата, пак, вниманието треба да се насочи кон активности и занимања од неагресивни вид.

Во поглед на преференцијата на играчките може да се рече дека само од момчињата е преферирано оружјето, а исто така кај нив доминираат и намалените сообраќајни средства и топката (мислејќи изгледа на автомобилчињата за тркање и на топката како неопходно средство за играње фудбал). Според тоа, кај момчињата се чувствува нагласеност на желбата за натпреварување, победување, доминирање, а тие преку игрите со овие играчки, уште повеќе се нагласуваат.

Од друга страна, кај девојчињата преферирани играчки се т.н. тематски играчки, а меѓу нив посебно се омилени елементите од кујнскиот прибор и куклата. Очигледно е, според тоа, дека девојчињата се определија за наследство на "кујнското царство" од нивните мајки. Исто така, очигледно е колку се тие уште на оваа возраст преокупирани со мајчинството и се подготвуваат за него. Тоа што девојчињата преферираат да играат со кукли не значи дека треба да се забрануваат или ограничуваат во тоа под изговор дека од нив ваквите игри ќе направат жени од традиционалниот калап. Всушност сметаме дека е подобро и момчињата да играат со кукли. Ова затоа што кога децата играат со кукли на самите нив изведуваат активности кои се значајни и за нив лично како деца. Од друга страна, да се играат улогите на родителите може да биде многу активна, ослободувачка и инвентивна игра. Токму преку игрите со кукли може мошне успешно да се влијае врз формирање нови односи меѓу половите.

Дека преферирањето на поедини играчки кај децата од едниот пол не се јавува спонтано, туку е под социјално влијание, ке покажиме овде само преку резултатите од едно испитување во кое е барана врска мегу способноста да се идентификуваат полово својствените играчки и нивната преференција (Blakemore и др. 1979 год. Во ова испитување се покажало дека кај двегодишните девојчиња не постоело познавање на полвата својственост на играчките и кај нив не е забележана преференција на играчките што се сметаат во нивната средина за својствени за нивниот пол. Но кај двегодишните момчиња и покрај тоа што немало разликување на играчките на машки

и женски,сепак постоела нагласена преференција за "машките" играчки.Значи,други фактори влијаат на преференцијата на половосвојствените играчки,а не знаењата кои играчки се сметаат за својствени за определен пол.Изгледа дека понагласениот притисок врз момчињата да играат со "машки" играчки придонесува кај нив порано да се јави преференцијата за истите.Во прилог на ова претпоставка оди и податокот од погорното испитување според кое тригодишните девојчиња,иако знаеле кои играчки се својствени за половите,сепак не покажувале преференција за "женските" играчки.Значи дека ни самото знаење за половата типичност на определени играчки не го насочува спонтано и нивното преферирање.Веќе кај четиригодишните и петгодишните деца се забележува дека знаењето за половата својственост на играчките влијае врз нивната преференција.

Од погоре наведеното испитување може да се согледа дека играчките кои се означуваат како половосвојствени на други места и преку различни начини,во предучилишните институции можат,и треба, да ја изгубат ограниченоста на поедини од нив само за припадниците од едниот пол.

Исто така,загрижува преферирањето на играњето само со деца од истиот пол и тоа што истото многу повеќе е нагласено во предучилишните институции отколку дома.

Се поставува прашањето за настојчивоста во половата сеграгација во игрите меѓу децата од предучилишна возраст. Можеби во тоа придонесува сознанието дека другите деца од истиот пол се "исти како мене",но се чини уште повеќе и тоа што децата на заеднички игри ги привлекуваат сличните активности.

Треба да се влијае децата да играат што повеќе во полово мешани групи.Во тој правец добро е да се изнајдат ефикасни начини за разбивање само на истополните избори во детските игри,како на пример преку поткрепување на играњето во мешани групи. Така Serbin и др.(1977),коментирајќи ги со позитивен тон само игрите во мешани групи,придонеле за кусо време децата значајно повеќе да играат во нив.Но се забележало дека брзо по престанувањето на поткрепувањето децата се вратиле на игрите во истополони групи.Ова може да се должи на кусиот период на изложување на позитивно внимание од страна на воспитувачите, па би можело да се очекува дека подолгорочни слични влијанија би имале и потрајни ефекти.

Од досега реченото произлегува дека градинките и забавиштата се правите места за децата од предучилишна возраст каде може организирано да се влијае преку изборот на ирачките, игрите, играњето во мешани полови групии врз формирањето рамноправни односи мегу половите.

Од одговорите на децата за најомилените емисии што сакаат да ги гледаат на телевизиските програми произелгува дека тоа, пред сè, се цртаните филмови. Ова би значело дека токму преку цртаните филмови со обмислени содржини би можело организирано да се влијае воопшто врз социјализацијата, а во нашиот случај врз развитокот на рамноправни односи мегу половите. Од друга страна и омилената емисија "Коцкица" заедно со водителот Бранко кој за децата е личност што ја сакаат и во која имаат доверба, треба да се искористи повеќе во овој правец.

Можно е и хумористичните емисии да придонесат преку своите карикирани начини на изнесување да се согледа апсурдот на традиционалните полови улоги.

Исто така, насилството што го врши нашиот телевизиски програм нудејќи филмови набиени со агресивни сцени, треба да престане. Ова, уште повеке денес, кога се знае дека моделите што се прикажани во филмовите ја предизвикуваат агресивноста исто толку колку и вистинските модели, а исто така и дека гледањето агресивни филмови како замена за отвореното изразување на агресијата не само што не води до катарза од неа, туку напротив, позитивно ја поткрепува истата и придонесува за зголемување на наклоноста кон агресивни поведенија (Бандура, 1982)

Што се однессува до лицата со кои децата се идентификуваат, како кои сакаат да бидат, пред сè, тоа се нивните родители од истиот пол. Заради тоа би било добро децата да имаат можност преку изложување на други вистински модели или оние прикажани во филмовите, сликовниците, списанијата, да се сретнат со други родители меѓу кои активностите не се поделени како кај нивните т.е. да согледаат дека има бројни начини да се биде добар татко и мајка. Исто така, децата треба да запознаат што повеќе занимања, а не само оние на родителите и неколкуте со кои имаат можност да се соочат во непосредната социјална средина.

## 2.3. Како (не)организирано се влијае врз вообликувањето на традиционалните полови улоги околу нас

За тоа како треба или би можело да се однесуваат машките и женските субјекти во дадено општество постојат релативно фиксирани сфаќања и тие се општо познати како стереотипии за половите улоги. Стереотипиите за половите улоги се детерминирани од културните вреднувања на машкоста и женскоста, па според тоа, постојат разлики меѓу различни општества во поглед на стереотипиите за половите улоги. Во патријархалните општества постојат заеднички вреднувања, сличности во сфаќањата, за постоење на машки и женски посебности кон кои се стремат во процесот на одгледувањето на децата. Ова е потврдено во бројни емпириски истражувања во различни краишта од светот денес.

Иако има бројни истражува за стереотипите за половите улоги, ретко во написите за нив се даваат дефиниции, определби за тоа што се подразбира под полови стереотипии. Често само се наведува дека половите стереотипии се општо прифатени верувања за различните карактеристики на машките и женските субјекти во едно општество. Продлабочените определби за половите стереотипии изостануваат затоа што истражувањата за половите улоги што се сретнуваат најчесто имаат само емпириски карактер без обид за теориски приод.

Едво темелно разгледување на стереотипиите за половите улоги од когнитивно-социјален психолошки аспект е направено од страна на Ashomore i Del Boca (1979). Она што избива како заедничко од повеќе определби на стереотипиите овие автори го издвојуваат следното: 1) *стереотипиите се когнитивни структури* т.е. тие претставуваат обопштувања, очекувања, верувања, перцепција, импресија, поглед, концепт; 2) тие се збир од верувања, сознанија за одредена група единки; 3) станува збор за структуриран збир на верувања на психолошките особености за одредена група единки и 4) постојат во членовите од дадена група единки. Тргнувајќи од овие заеднички белези на повеќе дефиниции погорните автори даваат општа дефиниција на стереотипиите што гласи: стереотипиите се структуриран збир на верувања за личните својства на група луѓе. Од оваа општа дефиниција ја изведуваат определбата на стереотипиите за половите улоги: структуриран збир на верувања за личните својства на жената или мажот.

Погоре наведените автори се свртуваат и кон функционалната вредност на стереотипиите. Тие истакнуваат дека стереотипиите се вид имплицитни теории што единките ги користат за да го организираат своето искуство, односно тие се индивидуална имплицитна теорија за социјалната група. Иако ваквите "теории" се имплицитни (посматрачот е несвесен за нивното постоење и влијание), тие се слични со експлицитните теории за личноста формулирани од поедини психолози. Сличностите се, пред сè, во тоа што и едните и другите се стремат да дадат опис, објаснување и предвидување на одредени појави. Така, стереотипиите на единката ѝ даваат значење со чија помош таа ја организира општествената средина во категории луѓе и ѝ овозможуваат да ги организира различните информации што ги прима за тие социјални групи и да врши предвидувања на поведението на единките од неа. Но за разлика од експлицитните теории за личноста, сметаме дека стеротипиите, како психолошки феномен што се манифестира низ когнитивените конструкти и самото социјално поведение на единката, се помалку или повеќе одраз на одредени вистински, постоечки, односи во групата и тие, пред сè, на единката ѝ даваат податоци за објаснување на постојните односи во групата или меѓу групите, а се далеку од можноста да ги дадат објаснувањата на причините за таквите односи и да укажат на тоа какви тие треба да бидат. Оттука сметаме дека стереотипиите се мојни, иако имплицитни "теории", и го сочинуваат главниот извор за репродукција на истите, постоечките, односи во групата или меѓу групите, а во нашиот случај токму тие се непресушниот извор за постојано напојување на новите генерации со старите традиционални односи меѓу половите.

Веќе низ претходните испитувања на предучилишни деца покажавме дека кај нив постојат стереотипии за половите улоги и дека тие се под влијание на социјалната средина во која децата проникнуваат и израснуваат. Во натамошното изложување ќе покажеме дека стереотипиите за половите улоги, како имплицитни теории за воспитување на младите генерации, постојат кај возрасните кои на раулични начини влијаат врз детскиот развиток. Така, во едно испитување на предучилишни деца (Schau, Kohn i Diepold - 1980) покажуваат дека родителите им нудат на децата полово типизирани играчки што тие самите спонтано не би ги избрале кога би им била оставена слободата сами да бираат. Ние, преку едно мало истражу-

вање на влијанието на продавачките на играчки врз изборот на купувачите, ќе покажеме дека, меѓу другите, и тие придонесуваат во формирањето на изразените преференции кај испитаните деца од 5-7 години во Македонија. Исто така, преку анализата на сликовниците ќе покажеме дека не само недоволно образованите продавачки на играчки, туку и оние што се сметаат за стручни лица и се овластени организирано да влијаат врз социјалистичкото воспитание на младите генерации, длабоко во себе ги носат традиционалните полови улоги и токму нив ги отсликуваат на страниците на литературата за деца.

### 2.3.1. Влијание на продавачките на играчки врз вообликувањето на традиционалните полови улоги кај децата

Секојдневни и несистематски посматрања на игрите на децата дома и во предучилишните институции кај нас укажуваат на постоење на посебни "машки" и посебни "женски" играчки со кои играат децата од двата пола. Со цел да согледаме дали, меѓу другите социјални фактори, продавачите на детски играчки влијаат врз изборот на играчките кај купувачите во правецот на репродукција на полови улоги од традиционален тип, направивме едно мало испитување.

Испитувањето го извршивме во 8 града во Македонија: (Скопје, Струмица, Куманово, Титов, Велес, Прилеп, Битола, Тетово и Гостивар). Истражувачи беа студенти од II година на Групата за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Испитувањето беше изведено во текот на месец март 1981 година. Извршен е разговор со 23 продавачки и 2 продавачи на возраст меѓу 22 и 40 години или со просечна возраст од 31 година. Освен една млада продавачка со тримесечно искуство, другите беа со работен стаж меѓу 3 години и 17 години.

Постапка: Студентот-испитувач влегува во продавница за играчки како обичен купувач и прашува: "Треба да купам поклон за две блиеначиња, братче и сестриче. Тие наскоро ќе полнат 5 години. Кои играчки вие би ни ги препорачале за нив?". (Ја одредивме возраста од пет години бидејќи претпоставуваме дека за помалите деца не се прави така нагласена разлика меѓу играчките, а кај поголемите од училишна возраст можно е насочувањето да биде според училишниот прибор и книги). Ако продавачот прави строга поделба на

играчките според полот, испитувачот треба да го постави прашањето: "Дали мора баш толку строго да се делат играчките едни за девојчињата а други за момчињата? ". Ова со цел да се види колку е продавачот уверен во својата прва изјава кога препорачува строого типизирани полови играчки. Студентот-испитувач требаше да ја добие и возраста на продавачот како и годините на работното искуство. По љубезното заблагодарување и изјавата дека ќе води сметка за препораките, студентот-испитувач ги бележи веднаш добиените изјави.

<u>Резултати</u>: Најнапред ќе се осврнеме на податокот дека од вкупно 25 продавачи, 23 беа од женски пол. Сигурно е дека вака нагласена доминација на продавачи од женскиот пол не е случајна во одделите или продавниците за играчки. Постои званичен податок дека во трговијата на мало како стопанска дејност 41,1% од вработените во 1979 година се жени. Наше уверување (немаме званичен статистички податок за тоа) е дека продавачките се најчесто во продавниците и одделите за текстил, детски оддели и одделите за играчки и слично, додека продавачите се нивни шефови или се во продавници од поинаков асортиман на стока (железарија, месо и слично).

Од анализата можат да се исклучат продавачите од машкиот пол со оглед на тоа дека едниот од нив бил многу нељубезен и не дал одговор на прашањата, а другиот од скоро празниот оддел за играчки и немал што да препорача.

Сите 23 продавачки за девојчињата препорачуваат кукли. За машките 13 продавачки препорачуваат оружје (пиштоли, пушки, митролези, шмајзери), а 12 автомобилчиња и камиончиња. Други играчки што се препорачани за девојчињата се: сервиси за јадење и други делови од домакинството, машини за шиење, количка за бебе, торбичка, чешле и огледалце. За момчињата уште се препорачани: топки, догглед, возови, велосипеди, бицикли, томбола, како и коцки, авиончиња и други машини за склопување. Една од продавачките при препораката играчки за склопување за машки деца изјавила дека тие "служат за развивање на мозокот", па од сето ова излегува дека додека момчињата ќе го "развиваат мозокот" (мисловните способности), девојчињата треба да се оддготвуваат за домашните работи и за чување на децата!

За одбележување е дека продавачките од другите места од Републикат, за разлика од оние од Скопје, забележително повеќе играчките ги сведуваат на кукли за девојчињата и оружје за момчињата.

10 продавачки (5 од Скопје и 5 од другите градови во Републиката) покрај играчките одвоени според полот на детето, препорачуваат и играчки заеднички за децата од двата пола и тоа: телефон, коцки, топки, кофиче со лопатки, електрични играчки, домино, не лути се човече.

Испитаните продавачки изјавуваат дека искуството од работата со купувачите ги учи да препорачуваат различни играчки во звисност од полот на детето: "Сите така купуваат и јас од нив научив да препорачувам обично кукла за девојчињата, а камион или пиштолче за момчињата"; "Купувачите ги делат играчките на машки и женски"; "Самите деца ги делат играчките на машки и женски" и слично.

Од друга страна, општ впечаток од ова испитување е дека продавачките, доста често, ги оставаат купувачите сами да си одберат, имаат индиферентен однос спрема купувачот и својата незаинтересираност ја изразуваат преку првиот одгвор што најчесто им го даваат: "Како што сакате", "Зависи од вашата желба". По извесно настојување најчесто одговорот е строго полово типизиран: кукла за девојчето, а оружје или автомобилче за момчето. Дури на дополнителното прашање за неопходност од специфични играчки за секој пол следи одговорот дека на таков начин обично самите купувачи ги делат играчките, или дека сепак, "донекаде се прави разлика меѓу машките и женските играчки", како што се изјасни една од продавачките.

Друга група студенти направи список на играчките по продавниците и нивните цени од што произлезе дека изборот на играчките е ограничен, а некаде е сведен на минимум (посебно тоа го истакнуваат за Тетово и Гостивар) и дека играчките се со многу високи цени. Исто така се наведува податокот дека селското население помалку купува играчки.

<u>Анализа на податоците и заклучок:</u> Изборот на играчките од страна на родителите и другите купувачи на детски играчки е под влијание на постојните полови стереотипии во даденото општество. И покрај тоа што стручните лица при изработката на

играчките денес предвидуваат и изработуваат играчки пред сè во зависност од возраста на детето, во секојдневната практика (барем што се однесува до ова испитување на продавачките, а спрема нивните изјави се чини дека и родителите) играчките за децата првенствено се избираат врз основа на полот на детето.

Распространето е мислењето меѓу продавачките на играчки дека куклите и другите играчки што се поврзани за играње со нив - колички, лулки, прибор за хигиена и слично, како и приборите за јадење, намештаите и други делови од домаќинството - се женски и дека пред сè, им одговараат за играње на девојчињата. Ова е потврда дека кај нив постои сфаќање дека местото на девојчињата во иднина е во домаќинството и покрај децата. Од ова произлегува дека девојчињата треба да ги припремаме преку играчките и игрите со нив, пред сè да бидат добри домаќинки и мајки, а не и да им развиваме знаења и интереси за некое друго занимање.

Намената на оружјето само за момчињата може веднаш да се поврзе со понагласената агресивност што се сретнува кај нив, но и со претпоставката и стремежот тие да бидат похрабри бидејќи се "машки". Оружјето е вид амплификатор на нивната физичка снага и им дава сила од "ништо" да не се плашат. Од друга страна, на девојчињата не им доликуваат ваквите играчки бидејќи за нив се смета дека треба да бидат понежни, попослушни и зависни од "појаките" мажи.

Препорачувањето на минијатурните сообраќајни средства само за момчињата, и покрај тоа што е голем бројот на жените во секојдневната стварност кои возат автомобили не не загрижува толку колку препорачувањето на различните видови конструктивни играчки само за нив. Карактеристично е дека се ова дидактични играчки при чија изработка е водено сметка за основните психолошки и педагошки барања, па според тоа имаат однапред одредено влијание врз психосоцијалниот развиток на детето, развивајќи кај него одредени способности, знаења и интереси за одредени професии. Имајќи го ова на ум, произлегува, од една страна, дека на таков начин го потрхнуваме когнитивниот развиток само кај момчињата и кај нив развиваме љубов кон одреедени технички занимања, и, од друга страна, дека девојчињата остануваат лишени од еден богат стимулативен извор за натамошниот нивни сестран развиток.

Загрижува и тоа што топките и велосипедите како вид моторно-спортски играчки, повеќе им се препорачуваат на момчињата. Со оглед на тоа дека тие придонесуваат не само за подобар физички развиток туку и во социјализацијата на децата, неоправдано е и во овој домен момчињата да бидат привилегирани, а девојчињата да бидат осиромашени од еден активен извор за нивниот психо-физички развиток.

Вакво делумно вклучување на децата во светот на возрасните преку подвојувањето на играчките на машки и женски се одразува врз детскиот развиток и нѐ оддалечува од нашата основна цел за оформување личности што ќе можат да ја остварат вистинската човекова природа. Очигледно е, дури и од ова мало испитување, дека девојчињата систематски се лишуваат од одредени влијанија и дека многу помалку се стимулирани за нивен сестран развиток. Но и кај момчињата остануваат празнини во поглед на вреднувањето во секојдневните односи со другите лица во семејството и надвор од него, како и во нивната подготовка за родителските улоги.

Од ова мало испитување произлегува дека нашите продавачки на играчки во голема мера влијаат врз вообличувањето на традиционалните полови улоги кај децата. Малиот избор на играчки, нивните високи цени и нестручниот и неодговорниот однос на продавачките спрема купувачите на играчки сведочат дека на овој план во нашата Република треба да се преземаат организирани општествени мерки за подобрување на оваа изразено лоша состојба денес.

### 2.3.2. Машките и женските ликови во сликовниците на македонски јазик

Детето, онакво какво што е претставено во сликовниците и другата детска литература е извонреден тест за согледување на свеста на возрасните. Писателите го претставуваат детството онакво какво го сфаќаат, а тие нивни сфаќања се разликуваат во зависност од личното искуство на писателот, од склопот на нивните личности и од општествено-економските услови во кои тие пораснале и во кои работат.

Ликовите што писателите ги опишуваат за децата претставуваат модели што им покажуваат какви треба да бидат или какви не треба да бидат тие самите. Споредувајќи се со ликот, детето согледува извесна сличност или разлика со него и на таков начин кај него се јавува потреба за надополнување на таа сличност. Спрема тоа, јасно е дека првите книги и ликовите што се прикажани во нив можат да влијаат врз децата кај кои веќе постои извесно рудиментарно Јас, извесна претстава за себе што ја стекнало со првите контакти со лицата што им пружаат прва нега, а најчесто тоа се родителите. Во натамошниот развиток, над ова базично Јас се надградуваат други елементи преку идентификацијата со други модели кои со возраста стануваат се побројни. Меѓу другите, свое влијание имаат и ликовите што се претставени во детската литература, на филмот и на телевизијата.

Кога детето се наоѓа пред книжевниот лик, во него едновремено се одвиваат два психолошки процеси: проекција и идентификација. Преку интроекцијата детето внесува во себе извесни особини на ликовите и на таков начин тоа е во состојба да формира едно идеално Јас. Преку ~~проекцијата~~ интр детето се идентификува со моделот: на своите особини им додава нови својства и нови елементи. И обратно, преку механизмот на проекција, детето го идентификува ликот со себе позајмувајќи му од своите особини и желби. Кога едно дете вели дека одреден лик од книгата личи на него, дека е како него, многу е тешко да се одлели дали детето таа сличност ја гради преку механизмот на проекција или преку интроекција. Она што е сигурно, тоа е дека детето ја става под прашалник сликата за себе и внесува во себе дел од вредностите и особините кои ги поседува ликот.

Имајќи го предвид делувањето на книжевните модели врз формирањето на личноста на детето, ни се наметнува потребата, од една страна, за анализа на машките и женските ликови што ги нудат првите книги и списанија на македонски јазик, а од друга страна и на укажување на некои нивни примени. Побрзото и поцелосното остварување на похумани и порамноправни односи меѓу половите треба да се остварува преку правилниот избор на книжевни дела за деца, како и преку самата нивна разработка со децата.

Најнапред направивме преглед на сите сликовници на македнски јазик со кои располагаше најголемата специјализирана детска библиотека во СР Македонија во месец април 1981 година. Од

македонски автори сретнавме само четири сликовници, повеќе од триесеттина сликовници се преведени од југословенски автори од другите републики и над осумдесет сликовници се преведени од странски автори.

Четирите сликовници од македонските автори, некоја повеќе некоја помалку, ги отсликуваат традиционалните модели на семејните односи. Мајката е таа што најмногу води грижа за децата и за домашните работи. Кога таткото во "современото сложно семејство" се грижи за децата тогаш тоа изгледа според извесна нова поделба на улогите: додека мајката кува, на пример, таткото им раскажува на децата приказни. Само во една сликовница, од вкупно 53 ликови што се сретнуваат во илустрациите, 50 ликови се машки, а само 3 ликови се женски, а во самиот стиховен материјал во истата сликовница од 19 лица само едно лице е женско.

Забележителна е тенденцијата кај авторите од понови датуми и кај самите издавачи да водат сметка за време на изборот на содржините на сликовниците и за машките и за женските ликови што се прикажани во нив. Така, на пример, очигледно е колку двете серии сликовници што се превод од француски автори и во кои главните "јуначки" се две девојчиња, Марина и Биљана, се тенденциозно правени со цел да ни понудат нови модели на девојчиња, многу поактивни и посамостојни, со многу повеќе интересирања. Едновремено преку овие две серии се сака да се надополни празнината на женските ликови што недостасуваат во другите сликовници. Во нив однесувањата и способностите на девојчињата и на момчињата се многу слични, дури се добива впечаток дека рамноправноста меѓу нив може да се оствари преку изоставување на карактеристичните активности за девојчињата, па така тие ги губат своите особености, а ги примаат особините на момчињата. На ваков начин моделите на девојчињата стануваат проста копија на моделите на момчињата па се доаѓа до унисекс што е осиромашен за поголем број својства и активности што се сметаат типични за девојчињата. Друг карактеристичен заеднички белег на овие девојчиња е што се претставени како независни од возрасните и дејствуваат во рамките на врсниците, а без влијание на возрасните. Се добива впечаток дека за формирањето на младите генерации е доволно да бидат со врсниците, дека децата

немаат потреба од возрасните. Можеби на ваков начин авторите само сакаат да ја истакнат потребата од порано осамостојување од инаку карактеристичната долгогодишна зависност на младите генерации од постарите!

Со оглед на малиот број сликовници од македонски автори и заради потребата од натамошно усовршување, за нас посебно беше интересна анализата на македонското списание за деца од предучилишна возраст "Росица"[1]. Преку него, ни се чини, најдиректно можевме да го согледаме сфаќањето на возрасните што го подготвуваат: како самите автори на текстовите и илустрациите, така и членовите на редакцијата на списанието. Овде ќе ги анализираме само машките и женските модели што се претставени во списанието. Ќе се задржиме на разликите меѓу вкупниот број машки и женски ликови, игровните и другите активности во кои се претставени девојчињата и момчињата, како и на занимањата и работните активности на возрасните со кои децата се во интеракција.

Вкупниот број прикажани машки и женски ликови во текстот и во илустрациите укажува дека има значајно повеќе машки ликови од женски.

Игровните активности на прикажаните девојчиња се со многу помал опсег. Дејствието е ограничено во рамките на семејниот простор и околу куќата и се сведува, пред сè, на подготвување на девојчињата за мајчинство од традиционален тип. Ова може да се илустрира со многу честата и за девојчињата типична игра со куклите. Девојчињата се играат со куклите на ист начин како што во секојдневниот живот гледат дека нивните мајки се грижат за нив и за домаќинството: ги бањаат, ги хранат, ги пеглаат, перат, шетаат. Очигледно е колку ги подготвуваме девојчињата да бидат само "добри" мајки! А каде се идните татковци? Дали сакаме и тие да бидат отуѓени од човечката должност на постарите генерации да подигнат млади генерации преку непосредно учество?

Од 38 возрасни со кои децата се во интеракција, 31 се жени и тоа 20 мајки, 7 баби, 2 воспитувачки и 2 жени. Од 7 возрасни мажи 3 се татковци, 2 дедовци, 1 капетан и 1 чувар. Мајките се претставени како домаќинки, со престилки, како ги спростираат алиштата, како одговараат на детските прашања, како ги галат и им

---

1) Ги анализиравме излезените броеви до месец април 1981 година.

помагаат на децата. Постојниот материјархат во областа на воспитувањето на децата, поделбата на работата меѓу татковците и мајките од традиционален вид се отсликани во "Росица". Она што од најголем број деца е доживеано како мајчинство и татковство во односот меѓу нив и родителите, "Росица" дури не го прикажува ни како што е во стварноста, а уште помалку како би требало да биде.

Бројот на песните во кои се слави и се велича љубовта спрема мајката е многу поголем (11) во однос на едната песна во која се пее за таткото кој сади овошје! Ист е и бројот на прикажаните во кои детето е во присна интеракција со мајката (11), во однос на едната приказна во која таткото лично и не е присутен туку само девојчето не сака да оди на гости за да не би го пропуштило моментот кога тој се враќа дома за да му ги подаде пандофлите.

Во однос на занимањата на машките и женските ликови "Росица" не само што не ни кажува како треба да биде во иднина кога ќе бидат остварени рамноправните односи меѓу половите, туку не ни дословикува ни каква е сегашната ситуација. Жените се прикажани само во неколку "женски" занимања: учителка, чистачка, продавачка, дактилографска и здравствена работничка. Само во еден број на списанието, на пример, жените се прикажани во првите четири занимања, а мажите во 14 различни занимања. Многу е добра, иако не е добро разработена идејата на децата да им се прикажат различни занимања и алатки за нивното изведување. Така, на пример, жените се прикажани само во 2 од вкупно 9 прикажани занимања.

Во "Росица" и во сликовниците ги сретнуваме традиционалните машки и женски улоги и во песните и приказните каде главни личности се животните, што очигледно е последица на сфаќањата на самите автори за половите улоги, а не одраз на реалните односи меѓу прикажаните животни.

Кон што треба да го свртат вниманието оние што прават сликовници за деца и оние што ги обработуваат со нив кога станува збор за застапеноста и остварувањето на рамноправност во односите меѓу половите? Пред сè, треба да се има наум дека, дури и во семејствата каде родителите се со високо образование и со "напредни" сфаќања, постои расчекор меѓу нивната идеологија и стварното однесување во секојдневниот живот, во кој нивните семејни улоги во суштина се традиционални. Првите идентификации на детето

со полот на кој му припаѓа се вршат во најраното детство и тоа со родителската слика што децата ја стекнуваат како претстава. А токму во најраното детство децата во семејството сретнуваат машки и женски улоги што се појасно поделени на мајчинство и татковство од традиционален вид. Тие први модели детето ги интегрира и понатаму ги разработува и изградува преку идентификација со други модели од истиот пол, а меѓу нив и со оние од книгите. Дури и тогаш кога машките и женските модели од книгите би биле поинакви, на пример порамноправни од оние што најнапред ги сретнуваат во семејството, од психолошка гледна страна, заради постоењето на селсентигната перцепција, особините и однесувањата на еден ист модел, девојчињата и момчињата го согледуваат, доживуваат и усвојуваат упорно онака како што најнапред во раното детство во семејството тоа го направиле. Од друга страна, самиот механизам на проекција придонесува детето моделот да го гледа според своите очекувања, му придава поинакви својства, поедини од нив ги занемарува, други ги нагласува, па така го гледа она што сака, а не она што всушност е.

Бидејќи има голем број сликовници и книги за деца во кои доминираат традиционалните полови улоги, неопходно е за време на нивната разработка со децата, да им се овозможи тие односите меѓу мажите и жените да ги согледаат во поповолна светлина. Она што недостасува во сликовниците, што не е во согласност со изградувањето рамноправни односи меѓу половите, треба да се поправи, да се дополни и да се нагласи дека може да биде и поинаку. Притоа често нема да бидат доволни само вербални објаснувања, туку би било добро преку драматизација на содржините, на пример, девојчињата и момчињата наизменично да го играат истиот модел, и него да го развиваат и да го дополнуваат со нови својства и вредности.

Сметаме, исто така, дека е неопходно да им се сврти внимание на ликовните илустратори на сликовниците и книгите за деца на постојниот факт дека многу често традиционалните полови стереотипии бликаат токму од ликовните ликовни илустрации, па дури и тогаш кога текстот во тој поглед е неутрален.

# III ДЕЛ

# ОРГАНИЗИРАНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЛОВИТЕ УЛОГИ

Досегашното изложување за половите улоги имаше за цел да се разјаснат нивните корени како во текот на историскиот развиток на човечкиот вид така и во онтогенезата. Разгледувањето на теориските рамки кои би го овозможиле разбирањето на половите улоги и мозаичните емпириски истражувања на истите во Македонија беше со намера не само да се даде нивен појасен опис какви биле и какви се, туку тие требаше и да овозможат да се согледа какви треба да бидат и на кој начин да станат такви какви што однапред може да се планира. Значи, првите два дела од ова изложување беа во функција на третиот: теориските и емпириските сознанија треба да овозможат менување на практиката.

Овде, уште еднаш, истакнуваме дека првиот чекор кон организирано менување на практиката (во нашиот случај постојните полови улоги) е свеста за факторите кои ги условуваат да се јават како такви, како и за оние што влијаат врз нивната променливост и развојност. Значи, организираното влијание не може да се направи без јасни сознанија што и како да се менува и кој сè да менува.

Во овој дел од изложувањето ќе ги издвоиме битните моменти од веќе изнесените сознанија за потеклото на нерамноправните односи меѓу половите со цел да укажеме каде, пред сè, треба да се свртe вниманието при организираното дејствување врз половите улоги во предучилишните установи. Веќе наведените показатели од истражувањата на половите улоги кај предучилишните деца од Македонија треба да укажат врз што треба да се влијае, што да се менува и на каков начин, со какви средства и методи и кој сè да влијае во нашата средина. И за едните и за другите сознанија е неизбежно да се води сметка при подоцнежната изработка на Програма за хуманизација на односите меѓу половите во предучилишното воспитание и образование, како и на прирачници и други помагала за нејзино остварување.

## 1. Културно-историско потекло на половите улоги

При определбата на половите улоги издвоивме две битно различни дефиниции.

Според првата дефиниција, половите улоги се релативно издиференцирани и организирани системи на поведенија зависни од интеракционата целина на машки и женски субјекти.

Битни моменти што ги нагласува оваа дефиниција се дека половите улоги се учат како целосна когнитивна структура и дека машките и женските улоги се комплементарни едни на други. Последното значи дека определена машка улога претпоставува постоење на женска улога што ја надополнува во процесот на интеракција меѓу машки и женски субјекти. Ваквата определба на половите улоги може да помогне при разгледувањето на односите меѓу половите во минатото и денес.

Бидејќи наша основна теориска претпоставка е дека половите улоги во иднина не треба да постојат како посебно издвоени машки и женски улоги, при организираното дејствување врз формирањето на улогите кај децата сметаме дека може да се тргне од дефиниција што се однесува на социјалните улоги воопшто. Според една таква дефиниција улогата претставува организирана целина на поведенија кои се во зависност од положбата што може да се идентификува и кои се активирани тогаш кога таа положба е заземена.

Ќе приведиме подолу некои основни аргументи со цел да покажеме дека во иднина не треба да постојат посебни и комплементарни улоги за единките од двата пола.[1)]

---

1) Овде ќе го наведиме експерименталното влијание што е правено во Нови Сад во врска со прифаќањето на улогата на полот кај шестгодишни деца од предучилишни установи. Основната цел била да се "подгрее" машката улога кај оние деца кои улогата на својот пол ја прифатиле под просекот на својата возраст, а со цел да се усвојат извесни особини кои се сметани како најповолни за момчињата. До "подгревање" на машката улога преку додатен програм за работа со децата дошло само кај момчињата, но не и кај девојчињата. Авторот на овој експеримент (Младеновиќ, 1976) заклучува дека е можно организирано да се влијае врз степенот на прифаќањето на половите улоги во предучилишните институции.

Овде веднаш се наметнува прашањето за оправданос-

Половите разлики во психолошките карактеристики и поведенија,што се констатирани во бројни емпириски испитувања, дури и оние за кои некои сметаат дека се сосема добро утврдени, не се покажуваат како постојан и неминовен белег само за единките од едниот пол.

Со генетичките и хормоналните разлики меѓу единките од двата пола не може да се објасне јавувањето и постоењето на различни полови улоги.Ова не значи дека генетичките и хормоналните фактори не влијаат врз поведенијата на единката како таква.

Половите улоги и доминантната општествена положба на мажите имаат историско потекло и се непосредно врзани со појавата на првата самоникната поделба на трудот што се засновува на природните разлики меѓу половите.

Основата над која во историскиот развиток на човечкиот вид почнува да самоникнуваат никулците на половите улоги е постоењето на половиот диморфизам кој е резултат на биолошката еволуција на видовите,при што на женските единки им припадна да вложуваат повеќе време и енергија во развитокот на плодот.Единките од женскиот пол во определени периоди се спречени слободно и исцело да им се посветат на други активности,а ова особено додека го носат,раѓаат и дојат детето.Затоа на машките единки од заедницата им припаднаа активностите што бараат постојана употреба на поголема физичка сила,подвижност,преместувања и подготвеност за ангажирање со нив на неопределено време.

---

та половите улоги да се"подгреваат".Имено,ние од нашето теориско и емпириско согледување на перспективите на половите улоги, извлекуваме недвосмислен заклучок:децата треба да учат улоги, но не и полови улоги.А ова значи дека секое"подгревање" на половите улоги нѐ враќа назад и не оди во правецот на остварувањето на правата човекова природа.Според тоа,очигледно е колку беше значајно проблемот што се истражува - половите улоги, и уште повеќе,организираното влијание врз нив,најнапред да се разгледа и да се постави во јасни теориски рамки.

Бидејќи единките своите способности,особености и интереси ги изградуваат во процесот на активностите,поделбата на трудот меѓу половите придонесува да се јават различни услови за развој на машките и женските единки и различни и посебни полови психолошки карактеристики и поведенија.Но таа едновремено е и сопирачка за развиток на правата човекова природа и за развиток на општеството во целина.

Вистинска рамноправност во односите меѓу половите ќе се постигне тогаш кога и двата пола ќе имаат можност подеднакво да учествуваат во вршењето на сите дејности што постојат во одредено општество.Само на таков начин ќе се создадат предуслови за оптимален развој на потенциите што единките ги носат.

Едно централно прашање при организираното влијание врз формирањето и менувањето на половите улоги се однесува на содржините кои во себе треба да ги опфати поимот"полови улоги" и неговиот однос спрема "половиот идентитет".

Во текот на развитокот децата треба да го стекнат својот личен идентитет,чиј идеал би требало да се стреми кон остварување на правата човекова природа во облик на тотална личност во марксова смисла на определба на овој поим.Нашето разгледување на теориската основа за општествена еднаквост меѓу половите укажува,меѓу другото,дека машките и женските единки се развиваат врз основа на едно исто "фиксно јадро",заедничко воопшто за единките од човечкиот вид,а кое не е специфично за машките (женските) единки.Со други зборови,може да се рече дека постои цврста биолошка основа за единките што му припаѓаат на човечкиот вид како таков,независно од нивната полова припадност.Исто така, како значајно за можностите на организирано влијание овде,уште еднаш,ќе го нагласиме сознанието дека половиот идентитет,половите улоги и половите разлики во психолошките карактеристики се јавуваат во текот на културно-историскиот развој и имаат, според тоа,социјално потекло.

Половиот идентитет е само дел од личниот идентитет и под чего се подразбира интимно чувство и сознание што ги има едно лице за припадност на определен пол.Свеста за постоење

лица од различни полови се создава во текот на историскиот развиток на човечкиот вид и во текот на индивидуалниот развиток кај секоја единка.Содржините што во себе ги опфаќа половиот идентитет се променливи.Во развитокот на половиот идентитет детето треба најпрвин да стекне критериуми врз чија основа ќе ги разграничи лицата во двете полови категории.Самиот процес на разграничување на својата и туѓата полова категорија е едновремен. Првите белези за полово разграничување детето ги учи преку повеќе облици на социјално учење.Така,кога детето е означено од страна на другите како "девојче",тоа гледа врз основа на другите девојчиња како надворешни модели што значи да се биде девојче и ги споредува заедничките белези меѓу себе и другите девојчиња, а едновремено постои и позитивно и негативно поткрепување од страна на другите тогаш кога точно ја идентификува својата полова припадност и кога се однесува соответно според очекувањата.

Нашите испитувања покажуваат дека децата од предучилишна возраст не ги користат гениталните разлики меѓу двата пола (кои се единствена битна и трајна разлика меѓу нив) како критериуми за разликување меѓу припадниците од двата пола и не ги градат врз нивна основа стереотипиите за половите улоги. За својот и туѓиот полов идентитет испитаните 5-7 годишни деца судат врз основа на културно променливи белези како што се облеклото,должината на косата,обетките и слично.Но ваквите дискриминативни полови карактеристики не се основата врз која се градат стереотипиите за половите улоги.Стереотипните полови улоги децата ги учат во непосредните односи меѓу половите што имаат можност да ги посматраат,а како свои ги сметаат и најчесто ги практикуваат оние што ги манифестираат единките со кои се полово слични.

Испитувањата покажуваат дека има деца од предучилишна возраст што точно ја определуваат својата и туѓата полова припадност,но се идентификуваат со лица од спротивниот пол и не покажуваат стереотипни полови улоги.Значи,детето може да формира постојан полов идентитет надминувајќи ги стереотипните полови улоги.И уште повеќе,при организираното влијание врз половите улоги децата треба половиот идентитет да го засноваат, пред сè,на анатомско-гениталните разлики.

Дали на таков начин ќе се овозможи поголема рамноправност во односите меѓу половите, а половите улоги да се преобразат во социјални улоги?

Одговорот е дека знаењата за анатомско-гениталните разлики меѓу половите не се ниту единствениот ниту најбитниот предуслов за создавање хумани и рамноправни односи меѓу половите. Знаењето за припадност на определена полова категорија што е засновано на телесните разлики не треба да биде факторот што ќе ги определува односите меѓу половите, ниту нивните улоги треба да бидат засновани врз нив. Телесните разлики меѓу половите, како што беше разгледано, не ги определуваат нивните социјални улоги, ниту половите разлики во психолошките карактеристики. Точно е дека децата физичките полови разлики, што се надворешно видливи, ги поврзуваат со постојните социјални односи што ги забележуваат меѓу единките од двата пола, а исто така и со извесни полови разлики во психолошките карактеристики што се присутни кај повеќе единки од ист пол. Но ова никако не значи истото што го велат Колберг и Улиан (1974) кога нагласуваат дека универзалните стереотипии за половите улоги кај децата произлегуваат од постојните телесни разлики меѓу половите. Во нашите испитувања децата многу ретко ги наведуваа физичките разлики меѓу половите како објаснување за своите сфаќања за половите улоги. Всушност, поточно е да се рече дека системот од полови улоги што децата го забележуваат во социјалната реалност е моделот од кој се гради својот полов идентитет како и оној на другите. Затоа не е доволно децата да ги знаат како најпостојани разлики меѓу половите анатомско-гениталните особености за да можат да се градат рамноправни односи. Сепак ваквите знаења се неминовност бидејќи сметаме дека половиот идентитет треба да се сведи само на знаења за анатомско-гениталните разлики и тие треба да ја сочинуваат основната содржина при неговата определба во рамките на личниот идентитет. А половите улоги како содржини треба да бидат проширени и сфатени како социјални улоги кои нема да се засноваат на половата припадност и нив нема истата да ги определува.

Машките и женските единки во иднина треба да бидат ослободени од половата"својственост" при изборот на дејностите што ќе ги вршат.Сметаме дека терминот "психолошка андрогинија" (под кој се подразбира подеднакво вреднување и усвојување на "машките" и "женските" карактеристики од страна на иста индивидуа) може да биде прифатен за означување на "безполниот" психолошки модел на личноста.[1] Психолошката андрогинија е всушност резултат на слободата лицата од различен пол да ги развиваат општочовечките психолошки особености,а не оние што се очекуваат како полово типизирани во дадената култура.

За организираното влијание врз половите улоги основно е сознанието дека нивното потекло е социјално.Тоа,меѓу другото,значи дека половите улоги,сфатени како организирани системи на поведенија,најпрвин се реални односи,систем од односи што вистински постои во интеракцијата меѓу машките и женските единки,. Детето нив преку социјалното учење ги усвојува во почетокот како односи што постојат надвор од него,меѓу припадниците од двата пола,а потоа и како дел од себе,како дел од сложената ментална структура,дел од личноста.

Значи,во определени општествени заедници постојат изградени системи на односи меѓу половите надвор од детето.Преку разни облици на социјално учење детето нив ги усвојува како дел од личниот идентитет.Оттука произлегува дека при организираното

---

1) Терминот "андрогинија" е составен од грчките зборови андро (машко) и гине (женско) и значи единка која ги поседува и машките и женските физички карактеристики (синоним е хермафродит).

Овде напоменуваме дека "психолошката андрогинија" не значи и андрогинија на телесен план (на пример слично на она како е опишана од Легвин Урсула во научнофантастичниот роман "Лева рука таме").

Всушност многу е тешко да се определи какво е вистинското машко и вистинското женско дури и во поглед на надворешниот телесен изглед.Постојат разлики во морфолошките типови меѓу двата пола кај различни народи и раси.Некаде мажите се заокруглени,на друго место жените се со тесни бедра и тоа е нормално. Исто така постојат анатомско-физиолошки полови аномалии како и психосексуални отстапувања,но тие не се јавуваат со исто вреднување во различни општества.Така,на пример,во некои општества може да се рече дека е признато постоење на категоријата,ако може така да се рече "трет пол" (во племето Чаени,според филмот "Големиот мал човек"емитуван на ТВ програмот во септември 1981 г. таквите лица се наречени "химана"),а истите во современите цивилизации се отфрлени како ненормални и самите најчесто доживуваат тешки психолошки конфликти.

влијание врз половите улоги е значајно да се менува самата практика во односите меѓу половите што се засновува на поделба на активностите меѓу нив. Во тој правец сметаме дека е неопходно, пред сè, да се надмине постојната поделба на трудот која ја спротиставува јавната на приватната сфера од човековите активности. При сето тоа се покажува неопходност од создавање услови за формирање поинаков вид мајчинство и татковство од засега распространетиот традиционален вид поделба на родителските грижи околу одгледувањето на децата.

## 2. Кон суштината на родителството

Испитувањата покажуваат дека поведенијата што го сочинуваат мајчинството (мајчинската улога) не се биолошки предодредени. Негата и одгледувањето на децата од најрана возраст можат подеднакво добро да ги вршат и мајката и таткото и други лица, при што не се покажува како битен нивниот пол туку подготвеноста да одговорат на адекватен начин на детските потреби. По-осетливи и поспособни за последново стануваат оние лица што во текот на интеракцијата со детето на тој план стекнуваат поголемо непосредно искуство.

Не само што жената која го раѓа детето не е "по својата природа" повеќе подготвена од другите да му пружи соодветна нега, туку испитувањата покажуваат дека раните социјално-емоционални врски на детето можат, и треба да бидат остварени континуирано од известен број лица. За правилниот развиток на детето мајката не само што не е незаменлива, туку и не треба само жените да ги монополизираат грижите околу подигнувањето на децата. Треба да се овозможи суштината на родителството - непосредниот, емоционално топлиот, индивидуализираниот и релативно трајнист однос со децата - да можат да ја остварат заеднички одреден број лица (мајката, таткото, другите роднини, воспитувачите, учителите, лекарите и другите). Ваквото поопштествување на родителството ќе придонесе за едновремена еманципација на жената и мажот и за создавање услови за остварување на правата човекова при-

рода од најраните денови.

Вклучувањето на мажите во активностите што ги покриваат содржините на "мајчинството", сфатено досега само како женска улога во процесот на одгледувањето на децата, не значи дека со тоа местото и значењето на мајчинската улога во развојот на малите деца се намалува. Напротив, денес е зголемено сознанието за неизмерното значење што го имаат топлите емоционално-индивидуализирани и релативно трајни врски на еден број лица за детското израснување. И токму поради согледувањето на важноста на лицата што го одгледуваат малото дете денес се оди во правецот на професионализација на голем дел од активностите што се подразбираа некогаш како задачи во рамките на мајчинството. Меѓу другите сознанија се наметнува и вклучувањето на мажите во рамките на некогашните и денешните активности што влегуваат како содржини во поимот "мајчинство", а кои се сметаа за женска привилегија.

При организираното влијание за обезбедување услови во предучилишните институции за формирање родителство со реципрочни мајчински и татковски улоги, а не комплементарни и од традиционален вид како до сега, треба да се смета дека многу потешко ќе биде возрасните да ги променат своите ставови, отколку децата. Имено, нашето испитување на детските сфаќања за семејството и за родителството покажуваат дека не само што е оправдано од аспектот на детските согледувања поинаку да се поставаат мајчинството и татковството, туку тие директно и одат во прилог на поопштествување на семејните функции.

Имено, според изјавите на испитаните деца, не само што мајките можат да прават исто што и татковците и пак да си останат мајки, туку важи и обратното: татковците можат да прават сè и исто како мајките, и пак да останат татковци.

Значи, гледано од аспектот на децата, родителите нема да се променат како припадници на својот пол ако ги променат дотогашните традиционални родителски улоги. Ова е сведоштво дека половиот идентитет не мора да се заснова на половите улоги и дека менувањето на последниве во правецот на социјални улоги не значи и губење на половиот идентитет. Последниов само ќе до-

бие поинакви содржини,што можат да се сведат на објективно постојни белези т.е. на гениталните и на другите телесни разлики.

Според тоа,и од теориските разгледувања и од емпириските податоци добиени од детските изјави за сфаќањето на родителството и семејството,оправдано е и треба воспитанието на децата да биде споделено меѓу мајките и татковците,а во предучилишните и други воспитно-образовни институции меѓу подеднаков број машки и женски воспитувачи,и тоа почнувајќи од најраната возраст.

Особено во јаслите,и најнапред во нив,потребно е да се вклучат подеднаков број машки и женски воспитувачи бидејќи,и во рамките на семејството,најнагласена е поделбата на трудот како мајчинство и татковство од традиционален вид токму околу негата на доенчињата и малите деца.Ова и поради тоа што улогите научени како први во семејството потешко се менуваат бидејќи се повеќе се проткаени со емоционални компоненти.

Бидејќи родителите се најчесто оние што им служат како модели на децата за стекнување на идентитетот (а ова го покажуваат не само нашите испитувања што беа претходно изнесени туку и многу други),тогаш е јасно дека пред сите полови улоги, улогите на мајката и на таткото се тие што децата ги издвојуваат како први социјални улоги.Според тоа,самиот вид мајчинство и татковство,сфаќањето за тоа какви тие треба да бидат и особено како тие се изразуваат во конкретниот однос со малите деца,многу влијаат на раното формирање на половите улоги и нивниот натамошен развој.Сегашните состојби се такви да токму во најраното детство,кога се прават првите идентификации со единките од полот на кој му припаѓаат,децата во семејството сретнуваат машки и женски улоги јасно поделени на мајчинство и татковство од традиционален вид.Овие први модели детето ги вградува во себе и понатаму ги зацврснува преку идентификација со други модели од истиот пол,а меѓу нив овде да ги издвоиме оние од првите книги како што се сликовниците и списанијата наменети за децата од предучилишна возраст.

За организираното влијание врз половите улоги е, значајно децата да можат барем во јаслите и градинките да уживаат непосредна грижа од мајчински вид и од машки и од женски лица.Во организираните облици на детска заштита,како дел од поопштествувањето на семејните функции,е можно плански да се започне со развивање современо родителство.Имено,во предучилишните организации на здружен труд,како дел од општествената грижа за децата и составен дел од семејството што добива облик на проширено семејство,неопходно е споделувањето на родителските грижи за децата да биде во рамките на подеднаков број лица од двата пола.Ова кај нас е овозможено,и е во согласност со сфаќањето дека воспитните задачи на семејството и предучилишните институции во нашето општество се заеднички.За правилниот сестран развиток на децата семејството и предучилишните институции се примарно значајни и со улоги кои меѓусебно функционално се дополнуваат,а не се исклучуваат или не се заменуваат (Лукиќ-Хавелка, 1983).Последниов автор со право истакнува дека во рамките на социјалната политика не е оправдано,како што понекои кај нас го прават,нагласката да се става на образовната компонента во соработката меѓу предучилишните организации и родителите.Напротив,треба да се прави размена на информации за детето меѓу воспитувачите и родителите за да се усогласат нивните воспитни цели и непосредни секојдневни улоги и задачи како би се дошло до согледување на индивидуалните способности,потреби и можности за развој на детето,како и да се изнајдат заеднички најадекватни методи и средства за воспитување на истите.Ова токму поради тоа што нема противречност меѓу улогата на семејството и детските институции во воспитувањето на децата,туку само има извесни разлики меѓу нив.Последниве,пред сè, се гледаат во поголемиот степен на плански организираната воспитна дејност во организациите за предучилишно воспитание,и во понепосредното,поспонтаното и потрајното индивидуализирање на емоционалните врски во рамките на секојдневното споделување на заедничките интереси и емоции.

Предложените промени во областа на родителството - поопштествување на родителските и семејните функции - не само што се можни во голема мера веднаш да се остварат,туку се и

можен фактор што ќе придонесе за прераснување на сегашните полови улоги во рамноправни односи меѓу половите. Но таквите промени, на прв поглед, не се движат во рамките на доменот на психологијата како научна дисциплина бидејќи не станува збор само за непосредно влијание врз менувањето на психолошките особености кај припадниците од двата пола. Тие многу повеќе се наметнуваат како општествено-политички проблем. А ова и е во согласност со нашето уверување дека фундаментални промени во социјализацијата на секоја единка се можни само ако с менувањето на постојните полови улоги се согледа како значаен општествено-политички проблем. Само на таков начин и организираното дејствување врз нив ќе го добие своето право значење, но не повеќе како издвоено "женско прашање" и не преку посебни женски организации, туку во рамките на ослободувањето на трудот и човекот од наемната положба.

За организираното влијание врз поинаков вид мајчинство и татковство потребно е, уште еднаш, да им се навратиме на некои сознанија од нашата анализа на сликовниците на македонски јазик и на списанието "Росица". Може да се забележи напор кај писателите и кај членовите на редакциите да одберат адекватни модели за социјализација. Но забележително е дека суштината во остварувањето рамноправни односи меѓу половите сеуште не е согледана. Да се потсетиме само на глорификацијата на мајките во списанието "Росица" и непостоењето на татковци во него. Самите девојчиња во него најчесто се прикажани во игри со кукли за кои се грижат на традиционален мајчински начин, а момчињата во сосема друг вид активности и со поголема разновидност.

Сметаме дека во иднина е неопходно првите сликовници и списанија, како и филмовите за деца, да даваат поинаква слика за мајчинството и татковството. Ова не само поради тоа што современите мајки се многу повеќе од домаќинки, туку и поради тоа што современите татковци треба повеќе да ја вршат основната човечка задача: одгледување на младите генерации преку што и тие самите уште повеќе би се очовечиле. Овде не смее да се занемари ни фактот дека децата, пред сè, му припаѓаат на општеството и дека голем дел на некогашните родителски обврски сега се преземаат од различните општествени институции, па затоа возрасните

кои работат во нив би требало да бидат прикажани како нов,современ вид родителство.Исто така,како што девојчињата сè повеќе им се приближуваат на момчињата со сè поинтересните,авантуристичките и истражувачките активности,подеднакво момчињата би требало да примаат извесни активности што досега се сметаа како типични само за девојчињата: со куклите и те како би можело и треба да се играат и момчињата за да се подготвуваат многу повеќе за нови,поинакви односи спрема другите.Татковците би требало да бидат прикажани многу повеќе во заедничка интеракција со децата и тоа не само како им раскажуваат или како ги шетаат,туку и како ги бањаат,облекуваат,перат,куваат.Татковците и мајките би требало да бидат прикажани и како заеднички ја делат грижата околу одгледувањето на децата со општествените институции во кои,на пример,има подеднакво и машки и женски воспитувачи и други возрасни што се грижат за нив.Основно е да се понуди што поголем репертоар поразновидни занимања,активности, интереси, модели побогати со особини што ги надминуваат традиционалните сфаќања за половите улоги и карактеристики.На таков начин на децата ќе им се овозможи слободен избор од полово неограничени модели и идентификација со оние што се поблизу до нивните индивидуални склоности,можности и слично.

Овде напоменуваме дека не би требало погорните настојувања да се сфатат како да на децата не им е потребна "мајчинска љубов".Денес никој не се сомнева дека љубовта е примарна потреба на човекот,а таа е посебно нагласена во кошку станува збор за пораните возрасти. Она што го истакнуваме е фактот дека таа ќе биде многу поголема и поделотворна ако прерасне во родителска љубов во која и таткото и мајката подеднакво нежно и спретно ќе се грижат за израснувањето на децата при што сите ќе уживаат во среќна заедница од различни генерации.И уште повеќе.Сметаме дека родителството треба да прерасне во грижа на постарите генерации за развивање на младите на таков начин што тие секаде ќе имаат кон нив родителски однос.При тоа треба да им се даде подеднакво место и во реалноста и во книгите и филмовите не само на мајките и на татковците,туку и на воспитувачите и воспитувачките како и на други машки и женски лица.

Добро би било кога на децата би им се овозможило секаде да се чувствуваат како дома.Во тој правец за нас радува податокот што е добиен во нашето испитување според кој дел од нашите деца што посетуваат предучилишни институции изјавуваат дека им е подеднакво убаво дома и во градинка.

Врз промената на традиционалниот вид мајчинство и татковство може да се влијае и преку игрите на улоги.Имено, во нашето испитување се покажа дека игрите на улоги не ги играат момчињата (освен агресивните).Според тоа,значајно е и момчињата и девојчињата да се стимулираат на игри на улоги,меѓу кои и оние со теми од семејниот живот.На пример,во заедничките игри со кукли може да се игра современиот вид родителство т.е. "мајките" и "татковците" да вршат исти активности во зависност од договорот меѓу нив (слично како "Сега јас ќе го избањам бебето,утре ти").Исто така,некакви грижи околу помалите деца треба да им се даваат на поголемите момчиња и девојчиња во подеднаква мера и преку ист вид активности,нагласувајќи и вербално преку куси и јасни објаснувања дека тие им се заеднички на мајките и на татковците.

Заедничките грижи за децата од страна на машки и женски лица како во рамките на семејството,така и во сите облици на општествена грижа за децата,ќе придонесат да се сруши постојниот мит за мајчинството,а со тоа ќе се пресече коренот врз кој израсна доминантната општествена положба на мажот во текот на историскиот развиток.На таков начин ќе пресуши и изворот на мотивите за доминација над женските единки кај момчињата, сфатени онака како што се објаснети од гиноцентричната теорија на половите улоги и потеклото на машката доминација во текот на онтогенезата.

Учењето современи родителски улоги кај момчињата треба да придонесе и да се намали потребата за агресивни игри на улоги.Воопшто,нивната грижа околу помалите дечиња преку игрите или вистински,треба да доведе до намалување на агресивните поведенија кај нив,а ова и го покажуваат некои претходно наведени истражувања.Ова затоа што агресивноста не се совпаѓа со одгледувањето на децата,со помагањето тие да израснат.

## 3. Намалување на агресивноста

Погорните изнесувања нè водат кон разгледување на можностите организирано да се поблијае врз агресивните тенденции. Испитувањата покажуваат дека тие се јавуваат позачестено и дека се значајно понагласени кај момчињата.

Основно сознание од кое треба да се тргне во објаснувањето на агресивноста и манифестирањето на полови разлики во неа е дека појавата на агресивни импулси и агресивни поведенија во една ситуација на интеракција зависи од очекувањата што постојат во врска со улогите на единките во определена група.

Може да се рече дека личното искуство и социјалното учење ги определуваат зачестеноста и интензитетот со кои се јавуваат агресивните поведенија, Оттука треба да се тргне кога се бараат корените на агресивните поведенија кај секоја единка, а исто така и начините на дејствување за намалување на истите.

Почестото јавување на агресивни поведенија кај момчињата не се должи на биолошки фактори, туку тие се културно-историски условени, а во текот на индивидуалниот развиток се стекнуваат диспозиции за агресивни поведенија по пат на социјално учење.

Дека станува збор за културно-историска условеност на половите **разлики** во манифестирањето на зачестеноста и интензитетот на агресивните поведенија може да се заклучи врз основа на претходните сознанија според кои поделбата на трудот меѓу половите ги условува и ги овозможува јавувањата на половите разлики во психолошките карактеристики и поведенија. Имено, машките единки поради почестото изложување на ситуации во кои тие треба да се борат со некаков непријател (животни, други луѓе) имаа и почести и понагласени поведенија од типот на т.н. одбранбена агресивност. Но подоцна, врз основа на активностите како што се ловот, војувањето и слично, се јавуваат внатрешни потреби, диспозиции за агресивни поведенија. Да се победи, да се уништи непријателот, да се загосподари, да се биде доминантен, станува пот-

реба што се проширува на другите членови од заедницата. Значи, најнапред во текот на историскиот развиток од мажите се очекуваше преку агресивни поведенија да ги разрешат определени животни проблеми: да уловат животни, да победат во војувањето, да заземат доминатна општествена улога во политичкиот живот, да бидат јунаци, успешни, непобедиви. И подоцна ова продолжува да се пренесува од генерација на генерација преку разни облици на социјално учење и во суштина истата поделба на трудот.

Кај женските единки секојдневните ситуации бараат да се прати развитокот на другите, да се разберат и задоволат нивните потреби и желби, да се насочи непријателскиот и доминантен однос на мажот кон друг правец.

На ваков начин се доаѓа до она што може да се забележи во секојдневните ситуации на комуникација: мажите почесто реагираат со агресивни поведенија, а жените се повеќе пријателски наклонети. Имено, решението на ист проблем, излезот од иста фрустративна ситуација, непријателскиот однос на едно лице, можат различно да се сфатат од различни субјекти, и барањето излез од непријатните состојби кај нив може да биде преку различни поведенија. Особено реакциите во социјалните ситуации се во голема зависност од различни облици на социјално учење. Меѓу другите реакции и агресивните се во тесна зависност од улогата која се очекува да ја игра едно лице. А улогите, како што видовме, пред сѐ се поделени на полови и генерациски улоги, почнувајќи од најраното детство, а како што беше изнесено претходно истото е карактеристично и во текот на историскиот развиток.

При организирањето услови за учење нови улоги во правецот на похумани и рамноправни односи меѓу половите треба да се води сметка да се овозможи инхибирање на агресивните импулси и поведенија и нивно канализирање во облици поведенија кои се социјално пожелни, како на пример соработка на другарска основа. Децата треба да научат гневот да го смират решавајќи го проблемот конструктивно. А кои се некои од можните начини во секојдневната воспитна практика за да се постигне ова?

Еден начин за намалување на агресивните поведенија,и тоа посебно кај момчињата,е преку погоре споменатото стимулирање на "мајчинско" поведение т.е. преку нагласувањето на одгледувачката улога и кај машките единки.

Поделбата на активностите околу подигнувањето на децата меѓу машките и женските единки ќе доведе до намалување на разликите меѓу половите во агресивните поведенија.Беа наведени испитувања кои покажуваат дека кај првородените деца се сретнуваат помалу агресивни поведенија и поголема нивна контрола.Ова е особено забележливо кај момчињата и може да се должи на поголемиот притисок од страна на возрасните во поглед на изразувањето на нивната агресивност спрема помалите браќа и сестри. Може да се очекува дека поголемата интеракција со малите деца и грижите околу нив кај возрасните мажи да повлијаат врз создавање потреби кои се поинакви од дотогашните,на пример просоцијални,па на таков начин "машкото" поведение (агресивност,доминација и слично) ќе помине кон одгледувачко во односот со децата и во правецот на рамноправни односи со единките од спротивниот пол.Грижите околу децата,задоволувањето на нивните потреби,овозможува да се формира двонасочна топла и трајна емоционална врска што прераснува во љубов,а од неа подоцна произлегуваат пријателски чувства и реакции.Наместо во луѓето да се гледаат непријатели,лица кои треба да се доминираат,тие стануваат наши другари.Но на ваков начин не само што ќе се променат мотивите и поведенијата кај возрасните мажи,туку така тие стануваат и поадекватен модел на кој можат да се угледаат и малите момчиња.

Почестата грижа околу помалите братчиња и сестричиња,или преку игрите на семејни улоги и од страна на момчињата подеднакво како и од девојчињата,ќе овозможи и момчињата да ги научат "женските" поведенија.И момчињата,на таков начин,ќе станат почувствителни за состојбите и потребите на другите и сè повеќе ќе бидат подготвени да им помогнуваат.Така ќе се губи "мажественото" поведение:нема да има груби игри на борење,буткање,тепање,а ќе се развива одговорен однос кон другите,соработка и почитување.Истите активности за момчињата и за девојчињата ќе придонесат да се намалат разликите во психолошките особености

Друг ефикасен начин за намалување на агресивните поведенија е тие да не се поткрепуваат позитивно од страна на возрасните (а ова важи и за сите други негативни видови поведенија, како на пример стравот, љубомората...). Вниманието не треба да се насочува и да се задржува на нив, па дури ни во облик на нивно ограничување или забрана. Треба да се придонесе во разбирањето што нив ги предизвика, кои услови придонеле тие да се јават, и како да не се јават, нудејќи замена од позитивни поведенија на нивно место. Најнепожелно е агресивните поведенија на децата да се сузбиваат со агресивни поведенија од страна на воспитувачот. На ваков начин само се потврдува оправданоста на агресивното поведение и се зголемува гневот во единката. Детето така има поголема можност да се осознае дека и самото во иднина треба да се однесува во слични ситуации исто како што покажува возрасниот модел.

Испитувањето на преферираните игри и играчки кај нашите деца покажува нагласени разлики меѓу момчињата и девојчињата во поглед на агресивните игри на улоги: тие се преферирани само од момчињата и, скоро без исклучок, тие само такви игри и играат. Ова не нè зачудува бидејќи во испитувањето направено на продавачките на играчки се покажа нагласена тенденција тие да им препорачуваат на купувачите најчесто оружје како играчки за момчињата. И уште повеќе : самите продавачки нагласуваат дека токму од самите купувачи се наметнати ваквите нивни препораки.

Погоре изнесените емпириски податоци укажуваат дека врз преференцијата на играчки-оружје од страна на момчињата и врз влијанието на возрасните за создавање на истите, ефикасен начин на организирано влијание е преку нивно непроизведување и заменување со друг вид играчки кои ќе можат позитивно да влијаат врз детскиот развиток.

Да го разгледаме сега влијанието на телевизискиот програм врз појавата на агресивните поведенија, како и можностите истата да се искористи во нивно свртување во правецот на развивање други, пожелни видови поведенија.

Испитувањата покажуваат дека насилството прикажано на телевизиските програми предизвикува агресивни поведенија. Денес нема сомневање дека не е точно некогашното верување според кое само кај децата што се "предиспонирани" за агресија, насилството прикажано на телевизијата има ефекти. Веќе рековме дека не може да се зборува за постоење на латентни агресивни тенденции, "предиспозиции" за агресивни поведенија, што се наследно условени, туку за агресивните поведенија може да се зборува само како за социјален феномен. Предиспозициите за агресивни поведенија можат да се стекнат во процесот на воспитание, меѓу другото [1], токму и преку телевизискиот програм што засега обилува со агресивни сцени. Но овде да забележиме дека и децата што не гледаат ваков ТВ програм имаат шанса да бидат жртва на агресивните поведенија од страна на оние што гледале и на таков начин станале поагресивни. Последново е начин поголем број с од децата да бидат лично погодени од насилството прикажано на телевизиските и филмските програми.

Овде ќе наведиме само некои сознанија што избиваат како значајни од бројните испитувања што ги правел Бандура во различни услови кои придонесуваат да се јават агресивни поведенија кај децата по пат на обсервационо учење. Така, во едно испитување се покажува дека 88% од децата на возраст од 3-5 години по сосема кусо изложување на агресивни телевизиски програми, покажале имитација на посматраните агресивни модели и во ситуации на слободни игри со атрактивни неагресивни играчки.

Вакви и слични сознанија добиени од испитувањата за влијанието на насилството прикажано на телевизиските програми врз детските поведенија се загрижувачки. Ова особено бидејќи

---

1) Кога велиме "меѓу другите" мислиме дека не е доволно само по себе насилството прикажано на филмот и не само тоа, за да дојде до појава на агресивни поведенија. Во последново удел имаат и други агенси на социјализацијата (семејството, училиштето и други), но ни еден од нив не влијае сам по себе. Со ова сакаме да укажеме дека тоа што и други моменти влијаат врз изградувањето предиспозиции за агресивни поведенија, не го намалува уделот на насилството прикажано на телевизијата во тоа.

и самите деца во нашето испитување ( и тоа особено момчињата) покажаа дека нивни омилени филмови се цртаните од типот на "Том и Цери","Попај" и "Пинк-пантер" - токму оние набиени со агресивност - а исто така и од играните филмови ги преферираат токму оние што изобилуваат со агресивни сцени.Сигурно е дека ваквите преференции кај момчињата не се случајни ниту биолошки условени. Тие се плод на социјалното учење.

Погорните сознанија го наложуваат итното намалување на филмовите со агресивни содржини како на телевизиските програми така и во рамките на кино-репертоарите,како и нивно насочување во друг правец.

Телевизијата е моќно средство за влијание врз детскиот развиток.Таа е отворен "прозорец кон светот" од најраното детство.Затоа може да се очекува аспектите од животот што повеќе ќе се прикажуваат децата и да ги усвојат.Со други зборови,што децата ќе научат во многу зависи од она што низ тој "прозорец" влегло.А самиот процес на учење е преку моделирање т.е. преку посматрањето на поведенијата на другите,а за ова ќе стане збор нешто подоле.

Значи,во наши услови се наметнува потребата "ТВ воспитувачката" да биде "превоспитана".На програмот не смее да се дава филм заради тоа што е ефтино купен и за да се исполни обврската спрема телевизиските претплатници.Ова затоа што неговата "распродаја" подоцна прескапо ќе биде наплатена преку осакатувањето на младите генерации.Програмот треба да овозможи да се реализираат некои од целите што се зацртани во поглед на воспитувањето на младите генерации.А во тој поглед е јасно дека треба да се редуцираат агресивните поведенија и што повеќе да се стимулира развитокот на просоцијалните:соработка, другарување,помагање,љубов,разбирање и објаснување на внатрешните поттикнувачи на активност кај себе и другите,одложување на непосредното задоволство поради други подалечни и повисоки задоволства.Децата треба да дојдат до сознание дека проблемите можат да се постават од различни аспекти и да се решаваат на различни начини.Исто така треба да се нагласува заедничката сопственост,а не создавање на посесивни тенденции.

4. Поинакви полови улоги преку процесите на моделирање, поткрепување и самосоцијализација

Социјалното потекло на половите улоги укажува на потребата од добро познавање на процесите и агенсите на социјализација преку кои половите улоги можат организирано да се формираат и да се менуваат.

Половите улоги децата ги учат по пат на директно поткрепување од страна на родителите и други лица со кои се во интеракција, преку имитацијата и идентификацијата на моделите што ги окружуваат и преку процесот на самосоцијализација.

Различните поткрепувања на единката за полово својствените поведенија од страна на родителите и други лица на децата многу повеќе им даваат информации и ги мотивираат за определени поведенија, отколку што механички влијаат врз нив. Детето преку искуството ги учи последиците до кои доведуваат одредени поведенија. Различните поткрепувања на полово својствените поведенија на детето му служат како извор на содржини од кои се формира поимот полови улоги. На таков начин знаењата за последиците до кои доведуваат одредени активности служат како регулатор на поведенијата на единката.

Психолошките процеси преку кои, без посебно обучување и наградување од страна на моделот и други лица, се врши или усвојување на специфични и изолирани облици поведенија по пат на посматрање на модел (имитација) или усвојување на сложени поведенија што ги поседува одреден модел како дел од себе за релативно подолг период (идентификација), се значајни за разбирање и организирано влијание врз формирањето и менувањето на половите улоги.

Имитацијата на одделни поведенија е средство преку кое може да се оствари потребата за идентификација со определен модел. Според тоа, мотив за имитација станува самата идентификација. Некаде околу 18 месец од развитокот се создадени предуслови да се јави нов вид имитација што ја нарекуваме "обмислена имитација". Во овој сложен и единствен психолошки процес едновремено постојат и имитацијата и мислењето како пси-

холошки процеси.Субјектот почнува да го имитира она што го разбира на свој начин.Обмислената имитација претпоставува дека детето сака да биде,да прави како некој модел и ги имитира односите меѓу луѓето што се барем делумно сфатени.Детето ги имитира поведенијата што ги сретнува во секојдневната општествена средина во која расте и се идентификува со модели што ги сретнува во неа.Тоа може да измисли и нови модели,но и тие како такви се комбинација од поведенија што субјектот ги согледал кај повеќе различни постојни модели.

Дали децата ги учат само поведенијата на истополните модели и на таков начин стануваат единки со полово типизирани поведенија?

Сознанијата покажуваат дека оној што ги знае поведенијата што се карактеристични за едниот пол,ги знае и оние на другиот,но како свои ги прифаќа и ги манифестира оние што се својствени за полот на кој му припаѓа во неговото општество.

Меѓу психоаналитичарите,теоретичарите на социјалното учење и когнитивистите постои согласност во истакнувањето на значењето што го има учењето по пат на посматрање машки и женски модели за стекнување на половотипизирани поведенија.Од тие причини претходно беше направена анализа на самиот процес на учење по пат на моделирање.Она што ќе биде повеќе разгледано во натамошното изложување е какви треба да бидат моделите на кои децата би биле изложени во процесот на организирано влијание врз формирање рамноправни односи меѓу половите.

Основните видови модели на кои децата можат да бидат изложени се реалните (живите) модели од секојдневните животни ситуации и модели кои се дадени во системите за претставување.

Живите или реалните модели произлегуваат од самата практика и најчесто тоа се родителите,родниниите,воспитувачите и врсниците.Децата преку секојдневната практика (во заедничките практични активности и други облици интеракција)

ги усвојува токму моделите на однесување што ги гледа во социјалната реалност.Во тој правец пожелно е децата да имаат можност да се соочат со разновидни живи модели во различни социјални средини.Така,на пример,добро е да се организираат посети на лица кои се занимаваат со спротивни од традиционалните машки или женски занимања.

Моделите можат да бидат отсликани во системите за претставување и тоа во сликовниците,книгите и детските списанија,од една страна, и преку филмски модели (прикажани на телевизискиот и кино програмот),од друга страна.

Испитувањата покажуваат дека нема сомнение во значајната улога што ја имаат филмовите,приказните,сликовниците и другите симболички медиуми во пренесувањето информации за половотипизираните поведенија,како и во доведувањето до различни последици во зависност дали се тие пренесени од машки или женски ликови.

Пренесувањето информации кои се значајни за да може да се одвива процесот на моделирање е преку живо (физичко)присуство на моделите,преку вербален опис и преку сликовито претставување.

Да изнесеме сега некои сознанија во врска со влијанието на извесни карактеристики на моделите врз појавата на половите улоги.

Во САД се правени испитувања според кои прикажаните машки и женски ликови на нивниот ТВ програм за деца се со традиционални полови улоги кои се слични на оние од секојдневниот живот ( Strenglanz и Serbin,1974 ).Тргнувајќи од овие сознанија други автори ( Frueh и McGhee,1975 ) ја докажуваат претпоставката дека времето минато во гледање на ваквиот ТВ програм е во значајна позитивна корелација со застапеноста на традиционалните полови улоги кај децата гледачи.Надоврзувајќи се на ова,во последниве години се прават обиди преку однапред плански пробран ТВ програм да се влијае на надминување на половите стереотипии кај децата ( Davidson i dr,1979).Последниве

покажуваат дека незнатно стереотипизиран програм довел до намалување на претходноо измерените полови стереотипии кај девојчињата од 5-6 годишна возраст. Од друга страна, неутралниот програм и високо половостереотипизираниот програм довеле во подеднаква мера до поголема полова стереотипизација. На таков начин од овие наоди изненадува податокот што и "неутралниот" програм довел до подеднакво влијание како и високо полово стереотипизираниот програм. Овој момент самите автори го објаснуваат укажувајќи дека "неутралниот" програм всушност не бил неутрален. Последниов податок предупредува на претпазливост при изборот на новите програми и модели [1]. Може да се случи нешто слично како што покажа нашата анализа на сликовниците и списанието "Росица": знаењето дека дотогашните модели не се соодветни не е доволно за изнаоѓање на нови подобри модели. Имено, како што одговорите на поставените прашања одат едвам нешто понапред од нив бидејќи се ограничени од сознајните можности на лицето што ги поставува, и воопшто од достигнатиот степен на науката, така и новите модели се едвам нешто "понапредни" и поблизу до можностите да се дојде до вистински рамноправни односи меѓу половите. Ова е така поради тоа што свеста на оние кои треба да креираат нови модели едвам да е нешто повисока од дотогашните сознанија. Доволен пример за претходното се направените анализи на сериите сликовници "Марика" и "Билјана", списанието "Росица" како и оние на неколкуте добиени несексистички сликовници од New Seed Press . Значи, кога возрасните создаваат нови модели за детето, тогаш тие ги проецираат своите сфаќања за него и од нив произлегува неуспехот да се создадат нови машки и женски ликови.

Во поглед на можностите за организирано менување на половите улоги преку изложување на машки и женски модели ќе ги наведеме сознанијата на Kenneth и Gaebelein ,(1979).

---

1)Може да се забележи дека во женскиот печат на запад е создаден нов женски модел :женскиот лик имитира машки услови и е копија на машките модели. Нагласена е тенденцијата да се прави како мажите и да не се промени ништо во основа. Се добива впечаток како битката да е насочена против мажите, а не против еден социјален систем и за суштинска промена во односите меѓу луѓето преку менување на општествено-економските односи.

Овие автори констатираат дека телевизиските гледачи ги проценувале машките предмети како помалку машки кога биле изнесени од женски лица и женските предмети како помалку женски кога биле изнесени од машки лица.Според тоа предрасудите за половата својственост на поведенијата ќе се намалат ако,поведенијата за кои обично се смета дека им се својствени на единките од едниот пол,ги практикуваат модели од спротивниот пол.

При организираното влијание врз половите улоги преку однапред обмислени модели треба да се води сметка за сознанијата во врска со елементарните процеси кои се неопходни за да дојде до обсервационо учење и тоа вниманието,запомнувањето, моторната репродукција и мотивацијата.

Во поглед на моделите кои влегуваат во фокусот на вниманието кај децата,меѓу другото,треба да се истакне следното:

- вниманието на децата кај кои нема константност на половиот идентитет кон истополни модели го насочуваат другите (возрасните) преку различни облици поткрепување.Во тој правец не е значајно дали возрасните се или не се свесни дека различно поткрепуваат т.е. дека различно постапуваат спрема децата од двата пола[1].Доста често разликите во нивните постапки се суптилни,на прв поглед незабележителни или занемарливи,но последиците се далекусежни и видливи преку разликите во поведенијата меѓу момчињата и девојчињата.

Ова значи дека во пораните возрасти учењето на половите улоги од страна на детето е релативно пасивно бидејќи тоа е активно водено од возрасните;

- кај децата со полова константност постои релативно активно учење на половите улоги и свесно подготвување за соодветни полови улоги:децата го задржуваат вниманието на поведенијата што се типични за нивниот пол и се свесни дека нив

---

1) Претходно наведовме некои испитувања кои покажуваат дека и тогаш кога возрасните мислат дека подеднакво ги воспитуваат децата од двата пола,тие суштински несвесно постапуваат според традиционалните полови улоги.

треба да ги научат. На другите поведенија помалку го задржуваат вниманието бидејќи знаат дека не се соодветни за нивниот пол. Според тоа, постои активна селекција на новите информации од страна на детето при изборот кон кои од нив да го насочи вниманието, а таа е зависна од претходните сознанија за нивната полова својственост. Исто така и дејствувањето е во согласност со истото.

Во натамошното изложување ќе укажеме на што треба да се внимава при организираното влијание врз половите улоги за да дојде до запомнување и репродукција на нови улоги. При тоа не треба да се заборави дека посматрачот е активен агент кој ги менува, ги класифицира и ги организира стимул-моделите во полесно запомнливи шеми. Тој не е магнетофонска лента ниту филмска камера која дава изоморфни претстави за самиот модел.

-За да дојде до учење по пат на моделирање неопходно е постоење и активирање на иконичките и вербалните способности за претставување на поведенијата. Имено, обсервационото учење активира два система на репрезентација: сликовит и вербален код на посматраните поведенија. Менталниот код за реалните поведенија се токму овие два вида симболички способности кај децата. Иконичкото претставување е позастапено во раната возраст, и особено е значајно кога сеуште не се развиени вербалните способности, но исто така и подоцна кога определени поведенија е тешко да се изразат вербално. Оттука може да се заклучи дека прикажувањето на определени нови поведенија во слики или преку цртани филмови го олеснува нивното учење.

Полесно запомнување на моделираното поведение е овозможено преку пробање на истото. Како кодирањето така и повторувањето на моделираното поведение е активен процес. Во практиката за ова се погодни да се применат игрите на улоги. Така, добро е преку драматизација на одредени односи децата преку наизменично играње различни улоги од ликови од двата пола да ги испроба истите.

Кај децата со полова константност и кои веќе се стекнале со содржини од традиционални полови улоги се очекува да дојде полесно до запомнување и до поголемо репродуцирање

од содржините кои се обоени со традиционални стереотипни полови улоги.Овие деца потешко ќе ги помнат новите облици на однесување кои отстапуваат од дотогашните нивни сфаќања и поведенија што сакаме да ги менуваме.И уште повеќе:кај нив ќе постои тенденција новите податоци да ги стават во стари калапи т.е. ќе постои тенденција за повторно објаснување на новите податоци во рамките на дотогашните нивни сфаќања.Со други зборови, новите податоци ќе се асимилираат во старите шеми на однесување.

Значи,не е доволно да се уфрлат содржини со додатни својства и поведенија,или со спротивни од вообичаените и веќе прифатените половотипизирани својства и поведенија.Треба да се дејствува директно врз првите очекувања и веќе стекнатите знаења што влијаат врз примањето нови информации преку порazработени приоди како би дошло до усвојување на зацртаните содржини кои за субјектите се невообичаени.Треба,значи,да се изнајдат начини да се намали отпорот за примање нови содржини кои не се во согласност со веќе формираните традиционални сфаќања за половите улоги.Во тој поглед се очекува преку разни игри на улоги да дојде до полова децентрација и воопшто до социјална децентрација.

Во поглед на детските перцепции на извесни професии што се сметаат типични за едниот од половите интересно е испитувањето на Cordua и др.(1979).Овие автори барале 5-6 годишни момчиња и девојчиња да препознаат во претходно гледани филмови кој бил медицинска сестра,а кој лекар и тоа во четири можни комбинации:лекар-медицинска сестра,лекар-медицински брат, лекарка-медицински брат,лекарка-медицинска сестра.Во случајот на медицински брат и лекарка,нешто што е спротивно од секојдневните очекувања за доминантна положба на мажот,постоела тенденција да се свртат улогите.Жените полесно биле прифатени како лекарки,но не и мажите како медицински браќа.Децата гледале онака како што сретнувале во секојдневието околу себе,а не како што било прикажано на филмот.Во прилог на ова оди и податокот според кој децата кои претходно имале контакт со медицински браќа полесно го идентификувале истиот и на филмот како таков.

Произлегува дека најуспешно менување на традиционалните полови улоги ќе може да се оствари преку менување на самата практика. На пример, децата нема да грешат во идентификувањето на разни медицински лица тогаш кога во секојдневието ќе сретнуваат во различните медицински професии подеднаков број лица од двата пола.

Во практиката жените многу повеќе навлегоа во доменот на "машките" активности отколку обратно - мажите во "женските". Едновремено постои построга забрана за момчињата да ги манифестираат женските својства и поведенија (возрасните помалку го поднесуваат "женски Петко" од "Машкоданка", а за последнава дури понекогаш се зборува и со наклоност). Оттука може да се очекува не само момчињата да покажуваат повеќе стереотипни полови улоги и на порана возраст, туку и поголем отпор во нивното менување. Исто така може да се очекува дека девојчињата полесно ќе ги усвојуваат машките полови улоги, а дека момчињата ќе пројават поголем отпор за прифаќање на женските (ова и го покажуваат повеќе испитувања меѓу кои и она на Flerx и др., 1976)[1]. Во тој правец се очекува и дека момчињата ќе вршат понагласени реинтерпретации на моделите што нудат нови и рамноправни полови улоги во правецот на постојните традиционални и веќе прифатени. Меѓу другото и за овој момент треба да се води сметка кога се нудат нови модели поведенија за децата од двата пола.

Може да се очекува дека децата ќе ги помнат повеќе новите облици поведенија што ќе ги нудат моделите отколку особините на истите. Ова затоа што децата повеќе ги помнат конкретните содржини, а во овој случај својствата се поапстрактни од поведенијата. Исто така и затоа што во детскиот речник придавките преку кои се опишуваат својствата не се толку застапени како глаголските облици преку кои се изразуваат поведенијата.

---

1) Ваквите очекувања и наоди во некои испитувања стануваат јасни ако не се заборави дека да се оди кон рамноправни полови улоги нема подеднакво значење за машките и за женските субјекти: за девојчињата и жените тоа значи поголема слобода и самопочитување, а за момчињата и мажите одрекнување од дотогашната супериорност и лична полза.

Всушност,определени својства на личноста постепено се градат преку поведенијата,преку практиката.Исто така, кај децата сеуште нема издиференцирано личност,ниту пак другите се видени како такви.Другите постојат преку нивните конкретни поведенија што децата ги гледаат во секојдневната интеракција меѓу луѓето.Оттука е значајно да се одмеруваат поведенијата на новите модели во функција на својствата за кои се очекува да придонесат да се формираат.

Да видиме сега на каков начин може да се придонесе за создавање мотивација определени нови модели поведенија да бидат усвоени од детето.

Пред сè тука треба да се согледа местото на поткрепувањето во учењето по пат на моделирање.За практичното дејствување прифатливо е сознанието на теоријата на социјалното учење според кое поткрепувањето треба да им претходи на изведувањето на определено поведение што сакаме да биде усвоено. Шематски прикажано тоа би изгледало вака : стимул поткрепувач како претходник ⟶ внимание ⟶ стимул кој моделира ⟶

[когнитивна организација<br>ментално претставување<br>симболичко кодирање] ⟶ реакција.

Возрасните треба да ги поткрепуваат поведенијата кои мислат дека треба да се развијат преку свртување на, ако може така да се рече,"позитивно" внимание (пример,преку пофалба на поведението што е пожелно,а во нашиот случај тоа може,меѓу другото да биде играњето во мешани полови групи).Преку поведенија што се непожелни се минува не свртувајќи го,ниту задржувајќи го вниманието.Во практиката е вообичаено да се куди негативното поведение и на таков начин децата се центрираат токму на него бидејќи е нагласено,па макар и во негативен правец.Ако на момчињата,на пример,постојано им се повторува дека се страшно немирни,тогаш може да се случи тие да го изберат немирлукот како најефикасен начин да се сврте вниманието кон себе,а исто така сметаат дека е тоа пожелно и дека им доликува како на машки.Вакви грешки често се прават од страна на воспитувачите во практиката.Нивната намера е да ги смират момчињата

а всушност ефектите се поголем немир т.е. спротивно од намерата и од планираното.Ова ... опоменува дека треба внимателно да се бираат начините и средствата со кои ќе се оди до определена цел бидејќи,во противно,може да се случи исходот да биде противен од планираниот.

Кај предучилишните деца сеуште не е оправдано да се зборува за самопоткрепување или лична мотивација бидејќи личноста и не е формирана.Кај децата од ова возраст треба да постојат надворешни фактори кои ќе ја мотивираат единката.Така,за најмалите се значајни примарните и елементарните мотивациони фактори и затоа кај нив определено поведение ќе се јави тогаш кога детето од него ќе има непосредни материјални задоволства. Кај нешто поголемите деца социјалните реакции на нивните поведенија служат како мотивационен фактор.Со развитокот на симболичките способности когнитивната врска меѓу поведението и последиците од него стануваат силен мотивационен фактор.

Во поглед на организираното влијание врз половите улоги значајно е да се разгледаат факторите што влијаат врз моделирањето.Општо може да се рече дека успешноста на обсервационото учење зависи од:1)карактеристики на моделот (статус, компетентност,моќ ...);2)карактеристики на посматрачот (без самодоверба,зависни,наградени често за имитативно поведение;но и поинтелигентните повеќе имитираат идеализирани модели и користи,како на пример што студентот по хирургија го имитира професорот хирург и слично).

Во рамките на нашето излокување посебно се интересни карактеристиките на самиот модел и нивното влијание врз обсервационото учење.

Повеќе автори покажуваат дека децата,пред сè, го имитираат моделот што има нежен и одгледувачки однос кон нив;но исто така и оној што го контролира имотот е повеќе имитиран од децата отколку оној што наградува т.е. се покажува дека моќната и доминантна положба на моделот е значајна детерминанта во изборот на моделот со кој децата се идентификуваат.

За организираното влијание врз моделирањето на половите улоги интересни се сознанијата до кои дошле Masters и др. (1979). Овие автори покажуваат дека кај 4-5;6 годишни деца врбалното означување на првично неутрални објекти и активности поврзани со нив како својствени за еден од половите, е помоќен фактор за подоцнежното нивно имитирање и преферирање од страна на децата од истиот пол, отколку само посматрањето на нивната изведба од страна на моделот со ист пол како нивниот. Како моќен фактор во преференцијата особено се покажало означувањето како полово својствено на поведението кое всушност тоа не било. Како можно објаснување на овие резултати авторите го предлагаат усвојувањето највна "теорија на примерок" според која за децата полот на осамениот модел има помала вредност од вербалното означување како својствено за дадениот пол на моделот бидејќи вербалното означување може да значи сумирани и обопштени правила на однесување.

Со други зборови, може да се очекува дека ако детето има повеќе пати можност да го посматра еден модел или ако со прикажувањето на моделот едновремено се употребуваат и вербални означувања за половата својственост на неговите поведенија и предметите со кои манипулира, истите ќе бидат полесно и побрзо усвоени. Слично нешто покажуваат испитувањата на Franzini и др. (1978) во кои кога на деца од 4-5 годишна возраст им биле прикажани определени поведенија повеќе пати преку различни играчки, полесно дошло до генерализација на истите.[1]

Овде е добро да си припомниме дека половите улоги претставуваат организирани ситеми поведенија кои како такви единката не може да ги види туку ги согледува како односи, ги гради како когнитивни структури ангажирајќи ги симболичките способности. Според тоа моделирањето е можно ако добие когни-

1) Ова сознание може да се примени при обмислувањето на сликите на кутиите за полово неутрални играчки: на нив треба да бидат прикажани деца од двата пола во заедничка игра или и момче и девојче кои посебно играат. За децата сликата на дете од само едниот пол е резимирана и очигледна полова препорака, јасен полов модел кому играчката му е наменета.

тивна обработка (информативна функција),тоа претпоставува активно вклучување на сознајните процеси,а не претставува пасивен феномен.Оттука за да може полесно и за подолго да се запомни определено поведение се препорачува тоа да биде интерпретирано преку вербален код.Затоа при организираното влијание врз социјалните поведенија преку процесот на обсервационо учење е потребно моделите на поведенијата да бидат пропратени со вербални објаснувања,но последниве во вид на концизни етикетирања,а не преку конкретни вербални описи на секое движење или преку жива фантазија (Бандура,1977).Испитувањата покажуваат дека најдобар систем на кодирање за поголема ефикасност во помнењето е концизното објаснување во вид на наслов што го резимира поведението изведено од моделот.

Треба да се истакне дека која било информација што е различна од сознанието на определена единка за резултатите од дадено поведение може да повлијае врз неговото изменување.Овие информации за последиците од поведението можат да бидат посредувани преку симболичките и когнитивните процеси воопшто и тие не зависат само од моменталното посматрање на конкретното поведение.Така,единката може да ги промени своите ставови или преференции откако ќе прочита или ќе слушне за други поведенија.За одбележување е дека нови модели на однесување и креативни поведенија ќе произлезат ако единката е изложена на повеќе различни модели (Бандура,1980).Детето што е изложено на различни модели прави нова рекомбинација од различните аспекти на посматраните поведенија и ова нова синтеза добиена од исти модели се разликува од едно до друго дете бидејќи секое од нив може да избере различни елементи за конструкција на својот модел за однесување.Тука треба да се истакне дека новите поведенија влијаат врз старите збогатувајќи ги со нови содржини,а ова може да доведе до нивно менување во нов квалитет на поведенија.

Каква е можноста по пат на моделирање да се создадат нови поведенија кај единките и тоа токму онакви како што ќе се планира однапред?

Сметаме дека извесни нови идеи,нови модели на однесување можат да бидат реализирани преку симболичното моделирање.Имено,одредено пожелно поведение преку средствата за јавно информирање може да биде прифатено од повеќемина ако претходно добро се обмислат моделите преку кои тоа ќе биде прикажано.Меѓу другото,стимулот модел треба да е омилена личност меѓу децата и да е општо прифатена од нив.Така,од нашите испитувања на децата во Македонија може да се претпостави дека водителот Бранко од телевизиската серија за деца "Коцкица",е токму таква личност која би можела да биде успешен модел и за разбивањето на традиционалните полови улоги.Исто така произлегува дека и цртаните филмови со јунаците во нив можат да бидат искористени успешно во тој правец како и хумористичните емисии и некои познати комичари.При сето тоа може да се очекува дека, откако определена новина во однесувањето ќе биде пренесена преку симболичното моделирање во средствата за јавно информирање, таа понатаму ќе се пренесува преку личните контакти на децата што биле изложени на таквите модели врз другите деца.

Значајно е децата да се активни учесници во правењето анализа на содржините на приказните и филмовите,да укажуваат што би менувале и кои содржини како нови би требало да влезат во пожелното поведение,како на пример во нашиот случај рамноправни односи меѓу половите.

Преку литературата за деца и во филмовите позитивни промени во односите меѓу половите би се постигнале повеќе преку подеднаков број машки и женски ликови во нив,неподвојување на дејностите што тие ги вршат како карактеристични само за едниот пол,со меѓусебни дијалози во кои и двата пола се подеднакво активни во разговорот и внимателни слушатели на соговорникот,а исто така ако нема издвојување на психолошките карактеристики на личностите како својствени за едниот или за другиот пол.

Овде треба да се каже дека меѓу средствата за претставување модели на поведение телевизијата е најефикасно поради тоа што -- таа на жив и сликовит начин ги внесува истите

во домот на детето во моменти на понагласена емоционална интеракција со најблиските.Исто така,вниманието полесно се насочува кон моделите повоеденија изнесени на телевизијата отколку ако истите се изнесуваат вербално или само преку илустрации.Сепак, ефектот би бил најголем ако се здружат различни средства за пренесување на несексистички модели на поведенија,односно ако се употребат неколку од нив.

Треба да се истакне дека само информирањето за нови стилови на однесување преку сликовно или вербално дадени демонстрации или преку сценска изведба на истите не е доволно за да се стекнат способности и мотивација тие да се изведат.Не се доволни знаењата за нови поведенија за да истите се практикуваат.Во нашиот случај конкретно,не е доволно на децата да им се дадат информации за тоа какви можат да бидат половите улоги и дека е можна индивидуална слобода во изборот на активностите.Неопходно е детето само да согледа дека половите улоги можат да бидат ослободени од половата својственост.Децата за тоа треба "со свои очи" да се осведочат повеќе пати.

Значи,не е доволно да се мине низ "курс" или "семинар" за рамноправни односи меѓу половите преку специјален програм со ограничено времетраење.Личното повеќегодишно искуство и посматрањето на поинаквата социјална реалност,брзо ќе ги избришат ефектите,ако воопшто се јават,кај децата од двата пола врз основа на таков програм.

Овде уште да го разгледаме прашањето каков треба да биде телесниот изглед на моделите.Ова затоа што,меѓу другите,и Колберг смета дека децата токму од него тргнуваат кога ги градат стереотипиите за половите улоги.Но на ваков начин половите улоги само судбински се врзуваат за телесниот изглед.Имено,во нашето испитување се покажа дека децата не секогаш го мешаат половиот идентитет што е заснован на надворешни белези со половите улоги (пример,мајката и таткото можат да вршат исти дејности,да имаат исти полови улоги,и пак заради половата телесна припадност да го носат називот и да си бидат татко и мајка).

Што се однесува до вербалното или сликовното претставување на надворешниот изглед,треба да се избегне досегашниот начин на претставување на телото на момчињата и на девојчињата.Ова не во правецот тие воопшто да не се разликуваат,туку најмногу во следново:

- обично досега телото на момчињата беше прикажано преку атрибути кои требаше да го издвојат како ефикасно средство за акција:силно,цврсто,со дигната глава,со одлучни движења,јако,раздвижено;

- телото на девојчињата најчесто беше прикажано: а) како средство за воспоставување врски со другите и приемливо на нивните расположенија (мирно,кротко,во положба на внимателно слушање и посматрање што прават момчињата; б) како објект за восхитување со својот надворешен изглед ("како кукле","убаво", "слатко") и в)како лице што треба да биде заштитено (слабо, нежно).

Во нашата анализа на сликовниците,списанието "Росица" и учебниците за I одделение се покажа дека момчињата најчесто се прикажани во акција т.е. како нешто прават,а девојчињата како посматрачи т.е. гледаат што прават момчињата и како корисници на објектите што ги прават момчињата.Ваквото претставување на телото на момчињата и девојчињата (првите како актори, вторите како пасивни посматрачи) води кон поинакво користење на физичките способности и различно нивно вежбање од страна на децата од двата пола.Всушност треба да бидат прикажани интеракции меѓу две рамноправни и активни тела комптетентни за извршување исти видови дејности од секојдневието.

Во поглед на говорот,и воопшто вербалната комуникација меѓу единките од двата пола,забележливо е дека за опишување на психолошките карактеристики на девојчињата повеќе се употребуваат придавките "слатко","кротко","убаво",а за момчињата "бистро","упорно","силно".Всушност би требало да се стимулираат исти позитивни особини на личноста кај децата од двата пола како и мотив за влијаење врз својата судбина и вежбање на способностите,а не да се поттикнува постигнување на целта преку физичкиот шарм или "на среќа".

Карактеристично за македонскиот јазик е што именките "маж" и "човек" се употребуваат како синоними,а именки од машки род тогаш кога треба да се укаже дека под нив се подразбираат лица од двата пола.Ова и не е,можеби,толку загрижувачко за формирањето на половите улоги кај децата од предучилишна возраст како што е непостоењето женски род за голем број занимања (не можеме да се сетиме ниту на едно занимање што се употребува само во женски род!).Загрижува и нивната употреба во машки род кога треба да се укаже дека и машките и женските можат да имаат исто занимање.Затоа во обработката на книгите и на филмовите воспитувачите треба да се трудат секое занимање да го употребат во двата рода (тука треба да помогнат и лингвистите) и да го поврзат за припадниците од двата пола.Најдобро би било кога децата би имале околу себе лица од двата пола што можат да се видат како вршат исти дејности подеднакво компетентно и за нив да се употребуваат соодветни вербални изрази.

5.Полова децентрација преку игрите на улоги

Основен извор за учење на социјалните поведенија се односите меѓу возрасните што детето ги среќнува во својата социјална средина.Децата го имитираат начинот на кој возрасните соработуваат.Особено игрите на улоги се покажуваат како посебен облик на социјално учење бидејќи преку нив децата навлегуваат во светот на дејностите на возрасните и нивните меѓусебни односи.

За игрите на полови улоги може да се рече дека се само еден вид од игрите на улоги,па оттука за нив важат истите сознанија што во литературата можат да се најдат под различни називи,како на пример социјална децентрација,земање улога или социодрамски игри.

Веќе кај децата од 18 месеци се јавуваат,меѓу другите симболички способности и способностите на земање улога на другиот,се разбира во рамките на тогашните искуства и можности на детето.

Основен предуслов детето да го прифати играњето улога на некое лице е издвојувањето посебни белези на надворешните предметни дејствија што тоа лице ги врши.Такви и се содржините на игрите на улоги кај децата од 3-5 години.Дури потоа доаѓа до издвојување односи на тоа лице со другите луѓе т.е. содржини на игрите на улоги од 5-7 година стануваат реалните социјални односи меѓу луѓето и општествената смисла на нивните дејности.

Влијанието на возрасните е неопходно не само за да се јават првите елементарни игри на улоги,туку и за да се помине од пониска во повисока развојна фаза т.е. од изолирани предметни дејствија во нивно обединување во улога.

Врз способноста на земање улога на другиот,или која поинаку се нарекува и социјална децентрација,може и треба организирано да се влијае.Во рамките на организираното влијание врз половите улоги развивањето на способноста за социјална децентрација е особено значајна.

На децата треба да им се овозможат интеракции со врсниците и со возрасните и во рамките на нивните заеднички активности,повеќе пати и на различни начини,да се ставаат на точката на посматрањето на другиот.Возрасните треба да изнаоѓаат специфична практика на социјализација преку која ќе влијаат врз развивањето на способноста на земањето улога на другиот.Се покажува дека вежбањето на социјалната децентрација ја подобрува истата.Од друга страна,се покажува и дека играњето улога на другиот овозможува да се јават психолошки процеси кои се спротивни на сознајниот егоцентризам.Игрите на улоги,всушност,се непрекинат процес на социјална децентрација.

За нас е битно сознанието дека може организирано од страна на возрасните да се влијае децата да учат улоги,сфатени како поврзување на определени дејствија во една целина што се издвојува и има значење во односите меѓу луѓето.Но ова не значи и дека треба да се учат посебни полови улоги.Улогите на возрасните што децата ги учат не треба да бидат поделени како машки и женски улоги,туку како улоги неопходни за одвивање на социјалните односи меѓу единките во дадена заедница т.е. како социјални улоги.

Од теориска гледна страна во поглед на содржините на социјалните улоги што децата треба да ги усвојат јасно можат да се издвојат моралните принципи "рамноправност во односите меѓу половите" и "индивидуална слобода во изборот на лицата,предметите и активностите" без нивно поврзување со полова својственост.Но од гледна страна на нивно усвојување како дел од себе од страна на децата од предучилишна возраст се јавуваат проблеми во изнаоѓањето конкретни практични решенија за тоа.Најдобар и најефикасен начин е менувањето на самата практика на односите меѓу половите т.е. рамноправните односи меѓу половите децата да ги гледаат како секојдневна стварност.Но бидејќи токму социјалната реалност е таа што сакаме да ја менуваме, потребно е да се изнајдат други начини на соочување со поинакви од постојните традиционални полови модели и односи.

Што се однесува до можностите за остварување на принципот индивидуална слобода во изборот на лица,предмети и активности без какво било врзување за половата припадност,исто така,како најефикасен начин е вистинското постоење во секојдневната практика на нивна неподвоеност за единките од едниот или другиот пол,но и едновремено што поголем,побогат и поразновиден репертоар на истите.

Вредноста на предложените појдовни теориски основи може да се одмери преку ефикасноста на постапките што ги предлага за да се влијае врз формирањето на личноста и односите меѓу луѓето.Затоа во натамошното излагување ќе се задржиме на можностите плански да се влијае врз половите улоги преку игрите на улоги со цел да се овозможи да се дојде до "полова децентрација" т.е. до надминување на детската насоченост кон практикување активности што во социјалната средина во која децата враснуваат се сметаат како адекватни за единките од нивниот пол.Значи,основното сознание на кое не треба да се заборави при организираното влијание врз половата децентрација преку игрите на улоги е дека децата треба да учат социјални улоги што не се центрирани како својствени само за едниот или за другиот пол.

Ќе приведиме понатаму некои можни насоки на планско влијание врз формирање и менување на социјалните улоги воопшто преку игрите на улоги.

За да можат игрите на улоги да се користат како ефикасно средство за запознавање со социјалните улоги (меѓу нив и половите) и за нивно менување, неминовен предуслов се постоења на основни знаења за нив. Игрите на улоги не би се јавиле ако децата не се запознати со дејностите на возрасните, нивните постапки и односи. Ова од своја страна значи дека ако сакаме новите модели на односи да бидат усвоени од децата преку играње улоги, тие треба некаде нив да ги видат, а последново може да е или во рамките на секојдневните односи или преку средствата за претставување. Така, една книга или филм ќе предизвика желба за играње нови улоги ако децата нив ги согледаат опишани и сликовно претставени како лица со дејности и односи со другите луѓе. Поинаку речено, треба да бидат претставени некакви организирани ситеми поведенија (социјални улоги) за да се јават игри на улоги како реконструкција на истите. При тоа е значајно да се истакнат основните моменти кои ги даваат битните карактеристики на односите меѓу луѓето во процесот на заедничките активности.

Кога станува збор за прикажување на дотогаш невообичаени односи, она што е ново треба да се издвои и да се нагласи за да се насочи вниманието кон него. Исто така треба да се влијае и на создавање мотивација за вклучување на новите поведенија во сопствениот репертоар.

Да наведиме некои можни стратешки приоди од страна на возрасните при организирањето услови за учење нови улоги:

-давање проблем-ситуација во вид на нови и невообичаени улоги за да се доведе детето до нерамнотежа, до несогласност меѓу она што низ искуството го научило и новиот модел на однесување;

-соочување на детето со нелогичност и неоправданост на неговото дотогашно однесување и уверување;

-нагласување на несогласноста меѓу неговто гледиште и она на другите и поттикнување на активно барање излез од тоа.

За да може детето да игра една улога истата треба да биде разбрана, детето треба да има свест, јасна претстава за неа. Сето тоа е поврзано со когнитивниот развиток на детето. Всушност, самата улога е дел од комплексот симболички способности. Се покажува дека говорот го олеснува перципирањето, идентификацијата и помнењето на улоги како и градењето систем од улоги. Но при тоа е важно да се истакне дека и самиот говор е стекнат благодарејќи на способноста за социјална децентрација.

При организираното влијание врз формирањето улоги вербалното објаснување на истите треба да стане вообичаена практика при игрите на улоги. Тоа може да се постигне, меѓу другото и на следниве начини:

-од детето може да се бара да ја преформулира една порака на друг начин, со други зборови што повеќе ја одразуваат суштината. Но исто така треба да се укаже и на можноста една иста порака различни лица различно да ја разберат, како и зошто тоа може да биде така;

-да се бара од детето што повеќе да ги вербализира "кобајаги" активностите;

-воспитувачите и другите возрасни треба да ги опишуваат и објаснуваат не само присутните феномени, туку вербално треба да се опишат и да се продискутираат и некои можности, желби... Така, преку читањето и раскажувањето приказни за минати случаи или преку замислување на иднината, треба да се овозможи надминување на конкретното.

Ќе приведиме подолу и неколку начини како би можеле да се користат драмските игри:

-можат да се драматизираат познати приказни со полови стереотипии, при што истите можат натаму да бидат разработени и прикажани во ново светло, во облик на рамноправни односи меѓу половите. При тоа е добро да се направат попривлечни новите односи;

-да се драматизираат приказни со неколку личности чии улоги треба да бидат анализирани и нив да ги играат а)онолку деца колку што има личности и б) само едно дете да се обиде сукцесивно да ги игра сите личности;

-добро е исти улоги да бидат наизменично прикажани како својствени и за машки и за женски личности,како и истите да ги прикажат и машки и женски актери;

-да има играње со различни актери поради тоа што така може да се согледаат варирањата што постојат во играњето на иста улога;

-да се овозможи играње на иста улога со исти актери но преку варирање на ситуациите,што треба да придонесе децата да ги прилагодуваат улогите преку нови содржини во рамките на новиот контекст.На таков начин тие ќе бидат сфатени како пофлексибилни,а не како крути,а исто така ќе дојде и до збогатување на содржините.

Позади секоја игра на улоги се кријат правила на дејствување или на општествено однесување.Со други зборови, играњето улоги треба да се сфати како игри со правила,но правила што произлегуваат од самиот живот,и како такви тие се и променливи.Детето треба да ја сфати слободата за нивното дополнување,менување во зависност од ситуацијата.Еве неколку сугестии како би можело да се оствари погорното:

-на детето треба да му се укаже на односите меѓу улогите,тие да се поврзат во систем во кој се меѓусебно поврзани и заемно условени,но и јасно разграничени во поглед на содржините;

-може да се бара детето да предвиди како би изгледала друга улога,ако однапред е дадена некоја претпоставена или стварна улога,со цел да се покаже дека една улога е неминовно поврзана со друга од ситемот улоги кои со неа се реципрочни или пак се комплементарни;

-во тој поглед добри се игрите со стратешка децентрација во смисол како следнава:"Детето мисли дека татко му мисли дека тоа мисли..."

За да се игра нечија улога потребно е детето да има воспоставено нормални емоционални врски т.е. за да игра детето нечија улога тоа треба да има определен емоционален однос кон лицето чија улога ја игра.Во тој правец веќе е ис-

такнато дека врската меѓу улогата и со неа поврзаните дејствија не настанува спонтано и дека истата на детето треба да му ја откријат возрасните.Игрите на улоги бараат директна соработка меѓу децата и возрасните,често дури и нивно директно водење.Ова може да биде преку различни облици,меѓу кои и следниве:

-вниманието на детето треба да се насочува кон пожелни улоги;

-да му се укажува на детето да води сметка за мислите и чувствата на другите;

-да се стимулира играње во возрасно мешани групи Така,децата од поголемата возраст (5-7 годишни) објаснувајќи им на помалите и помагајќи им ќе согледаат дека другите не мислат како нив;

-возрасните на детето треба да му ги објаснат причините поради кои се одвиваат определени улоги и во каков меѓусебен однос се луѓето што ги играат;

-треба да се одговара на детските прашања кои се однесуваат на односите меѓу луѓето,објаснувајќи на достапен и содржаен начин кои се мотивите и битните моменти во тоа;

-некогаш детето треба директно да се поучува на некои поведенија на кои возрасните им придаваат специјално значење,а истите треба да бидат повторени почесто со малу или без промени .

Да укажеме и дека улогите ќе се учат полесно ако сложените дејствија се разложат на едноставни составни делови што детето може да ги изведе.При тоа возрасниот треба да учествува во нивната изведба.На таков начин детето најнапред ќе ги совлада поединечните акции,а дури потоа нив ќе може да ги вклучи во целина што ја разбрало,односно ги поврзува како својствени за лица на определена положба.

Добро е пред да се мине на темата која е предмет на играње да се издвојат централните карактеристики на секоја улога.Со други зборови,треба да се укаже на битните моменти што ја сочинуваат улогата.За да се прикаже динамиката во односите и промените и новините во нив,како и за да се согледаат значајните етапи во процесот на менување,како корисно средство може да се употреби фланелографот,.

Да го издвоиме и сознанието дека улогите потешко ќе се учат ако поведенијата што се поврзани за определена положба се нејасно издвоени и неопределени.Ова значи дека полесно ќе се учат улогите ако има јасно определени поведенија што се врзуваат за определена положба.Но токму учењето на нови улоги, кои се разликуваат од половите улоги,е противно на погорново сознание бидејќи тие како такви се во бурен процес на преиспитување и менување,па тоа и ќе го отежнува нивното учење.Но тоа е единствениот начин децата да учат социјални,а не полови улоги.

Да укажеме на крајот и дека погодни услови за игра на улоги можат да се обезбедат ако на децата им се дадат тематски играчки т.е. играчки во минијатура на предмети од секојдневниот живот.Се очекува тие да поттикнуваат теми за играње определени улоги од социјалната реалност од која се земени.

Самите играчки предизвикуваат потреба за имитација на поведенијата на возрасните.При тоа возрасните треба да му покажат на детето како се игра со играчките,инаку тоа може нив само да ги манипулира.Исто така возрасните треба да прават вербализација на улогите бидејќи играчките предизвикуваат само имитативни реакции,но не и вербално изразување на улогите.Со други зборови,играта треба да прерасне од манипулирање со игровен материјал во улога која претставува обопштена шема на поведенијата на возрасните.

Добро е да се направат катчиња за играње со алиштата за преоблекување кои би давале и можност за драматизација. Преоблекувањето ќе овозможи да се согледа дека облеклото е небитен,променлив белег,кога станува збор за определување на половата категорија на луѓето.

За да играат децата игри на улоги не се доволни во никој случај само играчките.Потребни се и повикувања на игра, охрабрувања од страна на возрасните,давање теми за игра и нивно објаснување на улогите како и мотивирање истите да се играат.

Се забележува и се очекува децата од иста средина да играат игри на улоги со слични теми.Ова затоа што темата или сижето за играта на улоги децата го добиваат од сферата

на реалните социјални односи. Но содржините т.е. она што се изразува во игрите на улоги од таа сфера, се разликуваат и можат да се менуваат плански. На пример, темата може да биде односот меѓу мајката и таткото, но содржините можат да бидат од типот комплементарни или реципрочни улоги. Самото збогатување на содржините во игрите на улоги може да биде преку збогатување на претставите што ги имаат децата за социјалната реалност. Во конкретниот пример со родителските улоги тоа е можно преку соочувања со разновидни мајчински и татковски улоги.

Овој кус преглед на можностите организирано да се влијае врз формирањето и менувањето на половите улоги во правецот на рамноправни односи меѓу половите ќе го завршиме нагласувајќи го нашето сознание дека всушност само го отворивме проблемот чие решение е можно само преку натамошно негово разработување во конкретната секојдневна практика.

# ЗАКЛУЧОК

Основните прашања на кои требаше да се даде одговор во овој труд беа:какви полови улоги и на кој начин се доаѓа до нив посматрано од аспектот на минатото,сегашноста и иднината.

Во нашето изложување тргнавме од две битно различни определби на половите улоги.

Според првата дефиниција,половите улоги се релативно издиференцирани и организирани системи на поведенија, зависни од интеракционата целина на машки и женски субјекти.

Во погорната определба половите улоги се сфатени како посебно издвоени и комплементарни машки и женски улоги.Ваквата определба на половите улоги овозможи разбирање на минатите и сегашните односи меѓу половите.

Основна претпоставка во ова изложување беше дека во иднина рамноправните и хуманите односи меѓу половите кон кои се стремиме не треба да бидат засновани на посебни и комплементарни машки и женски улоги.Поради тоа при организираното влијание врз формирањето на улогите кај децата треба да се тргне од дефиниција што се однесува на социјалните улоги воопшто.Една таква дефиниција улогата ја определува како организирана целина на поведенија кои се во зависност од положбата што може да се идентификува и кои се активирани тогаш кога таа положба е заземена.

Половите разлики во психолошките карактеристики и поведенија,како и половиот идентитет,половите улоги и доминантната општествена положба на мажите имаат културно-историско потекло.Нивните корени лежат во појавата на првата самоникната поделба на трудот по пол (и возраст) што се засновува врз природните разлики меѓу половите.

Половата диференцијација во текот на еволуцијата на видовите на женскиот организам му определи вложување на повеќе време и енергија околу развојот на ембрионот,а истите машките единки ги инвестираат во други активности.Токму ова е основниот биолошки момент кој ја определува и првата поделба на трудот.Инаку за биолошката основа,врз која се изградуваат половиот идентитет,половите улоги и половите разлики во психолошките карактеристики, може да се рече дека не е специфична и различна за машките и женските единки,туку е заедничка и иста за сите припадници на човечкиот вид,независно од нивната полова припадност.

Значи,поделбата на трудот меѓу половите е битниот фактор кој придонесува да се јават различни услови за развој на машките и женските единки и различни и посебни полови психолошки карактеристики и поведенија.Ова поради тоа што единките своите способности,особености и интереси ги изградуваат во текот на заедничките практични активности.

Освен погоре изнесените сознанија,за организираното влијание врз половите улоги основно е и сознанието дека нивното потекло е социјално.Половите улоги најпрвин постојат како реални односи,систем од односи што се создаваат во заедничките практични активности на машките и женските лица.Детето нив постепено ги усвојува преку различни облици на социјално учење и тоа најнапред како односи што постојат меѓу припадниците од двата пола надвор од негота потоа ги повнатрешнува како нераздвлен дел од личноста.

Од погоре реченото произлегува дека при организираното влијание врз половите улоги треба да се менува самата практика во односите меѓу половите што е заснована на половата поделба на активностите.При тоа е битно да се надмине поделбата на трудот на оној од јавниот и од приватниот живот.

Значајно е плански да се влијае врз создавање современи родителски улоги при што ќе се надмине нивниот традиционален облик во посебно издвоени мајчински и татковски улоги.

Едновремено треба да се работи и на поопштествување на семејните функции.Во тој правец во предучилишните организации на здружен труд,кои се дел од општествената грижа за децата и составен дел од семејството,грижите околу воспитувањето на младите генерации треба да бидат споделени меѓу подеднаков број вработени лица од двата пола.На ваков начин ќе се пресуши изворот од кој потече доминантната општествена положба на мажите во текот на историскиот развиток како и оној од кој кај момчињата извираат мотивите за доминација на женските единки во текот на нивниот индивидуален развиток.Исто така ова ќе придонесе за намалување на агресивните поведенија кај момчињата бидејќи одгледувањето на децата е противно на агресивните поведенија.

Анализата покажува дека,меѓу другите реакции, агресивните се во тесна зависност од улогите што се очекува да ги има едно лице.Според тоа и за констатираните почести јавувања на агресивни поведенија кај момчињата може да се рече дека се културно-историски условени.При организирањето услови за учење нови улоги треба да се овозможи децата да научат гневот да го смират решавајќи го проблемот конструктивно.

Основниот извор на содржини за учење на социјалните поведенија лежи во односите меѓу возрасните што го окружуваат детето. Основните пак психолошки процеси преку кои децата ги учат половите улоги,и воопшто улогите, се по пат на директно поткрепување,преку имитација и идентификација на моделите што се наоѓаат околу нив и преку процесот на самосоцијализација.

Посебен облик на социјално учење се игрите на улоги преку кои децата навлегуваат во дејностите што ги вршат возрасните и нивните односи.

Во текот на социјализацијата на децата треба да се овозможи тие да учат улоги т.е. повеќе дејствија да ги поврзат во целина што се издвојува и има значење за одвивање на интеракцијата меѓу луѓето.Но ова не значи улогите на возрас-

ните што ги учат децата да бидат поделени на посебни машки и женски улоги.Основно е да се овозможи полова децентрација т.е. децата не треба да учат посебни полови улоги туку треба да учат социјални улоги кои не се полово издиференцирани.

Содржините на социјалните улоги што ги усвојуваат децата треба да се засновани на моралните принципи рамноправност во односите меѓу половите и индивидуална слобода во изборот на лицата,предметите и активностите.

На крајот истакнуваме дека планското влијание врз менувањето на половите улоги и нивното формирање во правецот на рамноправни и хумани односи меѓу половите почнува со развивањето свест и потреба за нив.Согледувањето на природата на односите меѓу половите,свеста за целите и начините како се доаѓа до нив,е првиот,но едновремено и најзначајниот чекор во организираното влијание врз формирањето и менувањето на половите улоги.

# ЛИТЕРАТУРА


1.Alzon,C./1978/:Femme mythifiée,femme mystifiée,Paris,PUF.

2.Ashomore,R. and DelBoca,F./1979/:"Sex Stereotypes and Implicit Personality Theory:Toward a Cognitive-Social Psychological Conceptualization",Sex Roles,vol.5,No.2,219-245.

3.Badinter,E./1980/:L`amour en plus,Paris,Flammarion.

4.Bandura,A. and Walters,R./1963/:Social learning and personality developement,New York,Holt,Rinehart and Winston.

5.Bandura,A./1977/:"Analysis of modeling prossees"/in:Hetherington, M. and Parke,R./Eds/ /1977/:Contemporary readings in child psychology,New York,McGrow-Hill Book Company/.

6.Bandura,A./1980/:L`apprentissage social,Bruxelles,Pierre Mardaga

7.Bandura,A./1982/:"Uloga procesa učenja po modelu u razvoju ličnosti"/in:Ivić,I. i Havelka,N. /Red/ /1982/:Proces socijalizacije kod dece,Beograd,Zavod za udžbenike i nastavna sredstva,str.37-58/.

8.Barkley,R.,Ullman,D.,Otto,L. and Brecht,J./1977/:"The effects of sex-typing and sex appropriateness of modeled behavior on children`s imitation",Ch.Dev.,48,721-725.

9.Baulieu,E. et Haour,F. /1978/:"Les différences psychologiques et pathologiques entre l`homme et la femme" /in: Sullerot,E./Ed/ /1978/: Le fait feminin,Paris,Fayard/.

10.Beaudichon,J./1977/:Caracteristiques et efficacité de la communication chez l`enfant,Thèse,Université Paris V.

11.Beaudichon,J. et Bideaud,J./1979/:"De l`utilité des notions d`égocentrisme,de décentration et de prise de rôle dans l`étude du dévelopement",L`Année Psychologique,79,589-622.

12.Beauvoir,de S./1978/:Le deuxième sexe,Paris,Gallimard /prvo izdanie 1949/.

13.Bebel,A./1964/:Žena i socijalizam,Beograd,Rad.

14.Белкин,А.И./1982/:"Формирование личности при смене пола"/во: Гиппенрейтер,Ю.Н. и Пузыіа,А.А./ред/:Психология личности.Тексы, Москва,Издателство московского университета.

15.Benedek,T./1970/:"The psychobiology of pregnancy" /in:Benesek,T. and Anthony,J. /Eds./ /1970/:Parenthood,its psychology and psychopathology,Boston,Little,Brown and Company,str.137-156/.

16.Belotti,E.G./1978/: Du côté des petites filles,Paris,Des femmes /originalno izdanie na italijanski 1973/

17.Berman,Ph.,Monda,L. and Myerscough,R./1977/:"Sex differences in young children`s responses to an infant:an observation within a day-care setting",Ch.Dev.,48,711-715.

18.Birns,B./1977/:"The emergence and socialization of sex differences in the earliest years",Annual progress in Child Psychiatry and Child Development,1977,261-288.

19.Bischof,N./1978/:"De la signification biologique du bisexualisme" /in:Sullerot,E. /Ed/ /1978/:Le fait feminin,Paris,Fayard/.

20.Bjelajac-Derossi,E./1982/:"O žasebnosti ženskog pitanja",Naše teme, 6,1035-1036.

21.Blakemore,J.,LaRue,A. and Olejnik,A./1979/:"Sex appropriate toy preference and the ability to conceptualize toys as sex-role related", Dev. Psychol.,vol.15,No 3,339-340.

22.Blakemore,J./1981/:"Age and sex differences in interaction with a human infent",Ch.Dev.,52,386-388.

23.Borke,H./1971/:"Interpersonal perception of young children:egocentrism of empathy?",Dev.Psychol.,vol.5,No 2,263-269.

24.Borke,H./1975/:"Piaget`s monntains revisited:changes in the egocentric landscape",Dev.Psychol.,vol.11,No 2,240-243.

25.Borke,H./1978/:"Piaget`s view of social interaction and the theoretical construct of Empathy"/ in: Siegal,L. and Brainerd,Ch. /Eds/ /1978/:Alternatives to Piaget:critical essays on the theory, New York,Academic Press/

26.Brodzinsky,S.,Masser,S. and Tew,J./1979/:"Sex differences in children`s expression and control of fantasy and overt aggression", Ch.Dev.,50,372-379.

27.Bronfrenbrenner,U./196o/:"Freudian theories of identification and their derivatives,Ch.Dev.,3.

28.Bryan,J. and.Luria,Z./1978/:"Sex-role learning:a test of the selective attention hypothesis,Ch.Dev.,49,12-23.

29.Цепенков,М./1972/:Македонски народни умотворби,Скопје,Македонска книга.

30.Chateau,J./1979/:Le jeu de l`enfant après trois ans,sa nature, sa discipline,Paris, Joseph Floch/prvo izdanie 1948,vtoro dopolneto izdanie 1955/.

32.Condry,J. and Condry,S./1976/:"Sex differences:a study of the eye of the beholder",Ch.Dev.,47,812-819.

31.Changeux,J.P./1979/:od izložuvanjata preneseni vo knigata: " Théories du language - théories du l`apprentissage,le débat entre Jean Piaget et Noam Chomsky,Paris,Edition du Seuil,"

32.Connor-Marantz,J.,Schackman,M. and Serbin,L./1978/:"Sex-related differences in response to practice on a visual-spatial test and generalization to a related test,Ch.Dev.,49,24-29.

33.Constantinopole,A./1979/:"Sex role acquisition:in search of the elephant",Sex Roles,vol.5,No 2,121-132.

34.Cordua,G.,McGraw,K. and Drabman,R./1979/:"Doctor or nurse:children`s perception of sex typed occupations", Ch.Dev.,50,590-593.

35.Дарвин,Ч. /1978/:Потеклото на видовите,Скопје,Мисла(прво и оригинално издание 1859).

36.Дарвин,Ч./1977/:Човеково порекло,Београд,Матица српска (прво и оригинално издание 1871).

37.Davidson,E.,Yasuna,A. and Tower,A.:"The effects of television cartoons on sex.role stereotyping in young girls",Ch.Dev.,50,597-600.

38.Deutsch,H./1973/:La psychologie des femmes,Paris,PUF.

39.Đorđević,J./1975/:Žensko pitanje,Beograd,Radnička štampa.

40.Đorđević,J./1982/:Socijalizam i sloboda,Beograd,Prosveta.

41.Džonson,M./1975/:"Očevi,majke i usvajanje uloge vezane za pol" / vo:Ivić,I. i Havelka,N. /Red./ /1982/ :Proces socijalizacije kod dece,Beograd,Zavod za udžbenike i nastavna sredstva/.

42. Ehrhard,R. and Baker,S. /1974/:"Prenatal androgen,intiligence and cognitive sex differences" /in: Friedman,R.,Richard,R. and Vande Wiele,R./Eds./ /1974/:Sex differences in behavior,New York,

43.Ekermen,N./1966/:Psihodinamika porodičnog života,Titograd,Grafički zavod.

44.Eljkonjin,D.B./1981/:Psihologija dečje igre,Beograd,Zavod za udžbenike i nastavna sredstva /prvo originalno izdanie 1978/.

45.Emmerich,W.,Goldman,K.,Kirsh,B. and Sharabany,R. /1977/ :"Evidence for a transitional phase in the development of gender constancy",Ch.Dev.,48,930-936.

46.Engels,F./1976/:Poteklo porodice,privatne svojine i države, Beograd,Grafički zavod.

47.Enciklopedija samoupravljanja /1979/,Beograd,Savremena administracija i izdavački centar "Komunist".

48.Erikson,E. /1976/:Omladina,kriza identifikacija,Titograd,Pobjeda.

49.Fagot,B./1974/:"Sex differences in todlers`behavior and parental reaction,Dev.Psichol.,vol.10,No 4,554-558.

50.Fagot,B./1978/:"The influence of sex of child on parental reaction to toodler children",Ch.Dev.,49,459-465.

51.Feldman,Sh. and Nash,Sh./1979/:"Sex differences in responsiveness to babies among mature adults",Dev.Psichol.,vol.15,No 4, 430.446.

52.Feshbach,S./1970/:"Aggression" /in: Mussen,P. /Ed/ /1970/: Carmichael's manual of child development,New York,J.Wiley and sons/

53.Fields,B./1982/:"Liberté,égalité,et surtout,fraternité? - The logic of dialectical discourse on women and socialism in the French communist and Socialist parties",XII kongres na IPSA, Rio de Janeiro,avgust1982 .

54.Flanders,J.P./1968/:"A review of research in imitative behavoir",Psychol.Bull.,69,316-337.

55.Flavell,J. et al./1968/: The development of role-taking and communication skills on children,New York,J.Wiley.

56.Flerx,V.,Fidler,D. and Rogers,R./1976/:"Sex role stereotipes: developmental aspects and early intervention",Ch.Dev.,47,998-1007.

57.Фрај,С./1978/:Илустрована историја света,Београд,Вук Караџић.

58.Franzini,L.,Litrownik,A. and Blanchard,F./1978/:"Modeling of sex-typid behaviors:effects on boys and Girls",Dev.Psychol., vol.14,No 3,313-314.

59.Friedan,B./1977/:Ma vie a changé,Paris,Fayard.

60.Frodi,A. and Lamb,M./1978/:"Sex differences in responsiveness to infants: a developmental studi of psychophysiological and behavioral responses",Ch.Dev.,49,1182-1188.

61.Фројд,А./1962/:Его и механизми одбране,Београд,Психолошки билтен (превод за интерна употреба).

62.Fromm,E./1975/:Anatomija ljudske destruktivnosti,Zagreb, Naprijed.

63.Frueh,T. and McGhee,P./1975/:"Traditional sex role development and amount of time spent watching television",Dev.Psychol., vol.11,No 1,109.

64.Galenson,E. and Roiphe,H./1974/:"The emergence of genital awareness during the second year of life"/in: Fridman,R. et al./Eds./ /1974/:Sex differences in behavior,New York,J.Wiley/.

65.Gouze,K. and Nadelman,L./1980/:"Constancy of gender identity for self and others in children between the ages of three and seven",Ch.Dev.,51,275-278.

66.Greif,E.B./1976/:"Sex role playing in pre-school children" /in:Bruner,J. et al. /Eds./ /1976/:Play-its role in development and evolution,New York,Basic books.

67.Gruber,K. and Gaebelein,J./1979/:"Sex differences in listening comprehension",Sex Roles,vol. 5,No 3,299-310.

68.Guinnessova knjiga rekorda /1977/,Zagreb,Prosvjeta.

69.Hartup,W./1977/:"Aggression in childhood:developmental perspedtives",/in:Hatherington,M. and Parke,R./Eds/ /1977/:Contemporary reedings in child psychology,New York,McGraw-Hill book Company/.

70.Havelka,N./1972/:"Socijalizacija ličnosti"/vo:Rot,N. /Red./ /1972/:Socijalna psihologija,Beograd,Rad/.

71.Havelka,N./1980/:Psihološke osnove grupnog rada,Beograd,Naučna knjiga.

72.Hollos,M./1975/:"Logical operations and role-taking abilities in two cultures:Norway and Hugary",Ch.Dev.,46,636-649.

73. Хрипкова,А.Г. и Колесов,Д.В./1981/:Девочка - подросток - девушка,Москва,Просвещение.

74. Хрипкова,А.Г. и Колесов,Д.В./1982/:Мальчик - подросток - юноша,Москва,Просвещение.

75.Iannotti,R./1978/:"Effect of role-taking experiences on role toking,empathy,altruism,and aggression", Dev.Pscichol.,vol.14, No 2,119-124.

76.Istria,H. et Breton,J.J./1978/Les relations parents-enfants, Paris,Pierre Belfond.

77.Ivić,I./1978/:Čovek kao animal symbolicum,Beograd,Nolit.

78.Jennings,S. /1975/:"Effects of sex typing in children`s stories on preference and recall",Ch.Dev.,46,220-223.

79.Jerotić,V./1976/:Psihoanaliza i kultura,Beograd,BIGZ.

80.Jost,A./1978/:"Le dévelоppment sexuel prénatal" /in:Sullerot, E. /Ed./ /1978/:Le fait feminin,Paris,Fayard.

81. Јовановиќ,А./1981/:Брачната подвижност во СР Македонија, Скопје,Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

82. Јовичиќ,М./1974/:Развитак схватања каузалних односа код деце, Београд,Завод за уџбенике и наставна средства.

83. Кантарџиев,Р./1965/:Македонското преродбенско училиште, Скопје,Култура.

64.Kapor-Stanulović,N./1975/:Ponašanje i regulacija humane reprodukcije,Beograd,Doktorska disertacija,Filozofski fakultet.

65.Katz,Ph./1979/:"The development of famele identity", Sex Roles,vol.5,No 2,155-176.

66.Kenneth,G. and Gaebelein,J./1979/:"Sex differences in listening comprehension",Sex Role,vol.5,299-310.

67.Keramičieva,R./1979/:Longitudinalno ispitivanje govora kod dece do 30 meseci",magistarski rad,Filozofski fakultet,Beograd.

68.Klein,M./1969/:La psychamalyse des enfants,Paris,PUF.

69.Koblinsky,S.,Cruse,D. and Sugawara,A./1978/:"Sex role stereotypes and children`s memory for story content",Ch.Dev.,49, 452-458.

70.Kohlberg,L./1966/:"A cognitive-developmental analyses of children`s sex role concepts and attitudes"/ in:Maccoby,E./Ed/ /1966/:The development of sex differences,California,Stanfords University Press/.

71.Kohlberg,L. and Ullian,D. /1974/:"Stages in the development of psychosexual concepts and attitudes"/in:Friedman,R.,Richart, R. and Vande Wiele,R./Eds./:Sex differences in behavior,New York,J.Wiley.

72.Кон,И.С./1981/:"Психологија половых различий", Вопросы психологии,Но 2,47-57.

73.Korner,A./1974/:"Methodological considerations in studing sex differences in the behavioral functioning of newborns", /in:Friedman,R. et al./Eds/ /1974/:Sex differences in behavior, New York,J.Viley.

74.Kuhn,D.,Nash,Sh. and Brucken,L./1978/:"Sex role concepts of two-and three-year-olds",Ch.Dev.,49,445-451.

75.Lamb,M./1976/:The role of the father in child development, New York,J.Viley.

76.Larsen,R./1978/:"Les fondements évolutionnistes des différences entre les sexes"/in:Sullerot,E. /Ed./ /1978/:Le fait feminin,Paris,Fayard.

77.Legvin,U./1978/:Leva ruka tame,Beograd,Izdavački zavod "Jugoslavija".

78.Легуве,Э. /1362/: История нараственнаго положения женщинъ , Москва,Сочинение (3 издания)

79.Lezin,I./1978/:"Premières differences lièes en sexe chez les nourissons et influence des modeles sociaux"/in:La condition féminine-ouvrage collectif sous la direction du CERM,Paris, Editions sociales/.

80.Lewis,M. and Weinraub,M./1974/:"Sex of parent x sex of child: socioemotional development"/in:Friedman,R. et al./Eds./ /1974/: Sex differences in behavior,New York,J. Wiley/.

81.Lewis,M. and Weinraub,M./1979/:"Origins of early sex-role development",Sex Roles,vol.5,No 2.

82.Liben,L. and Signorella,M./1980/:"Gender-related schemata and constructive memory in children",Ch.dev.,51,11-18.

83. Lifkić,Č./1975/:Prihvatanje uloge sopstvenog pola kod mentalno zaostale dece,Magistarski rad,Filozofski fakultet,Beograd.

84.Lorenz,K./1966/:On aggression,London.

85.Lukić-Havelka,D./1982/:Podruštvljavanje vaspitne uloge porodice i značaj saradnje porodice i predškolske institucije u toku vaspitanja dece,magistarski rad,Fakultet političkih nauka, Beograd.

86.Lynn,D./1974/:The father:His role in child development, California,Brooks/Cole publisching company.

87.Љубовни народни песни /1971/,Скопје,Македонска книга.

88.Maccoby,E./1966//Ed/:The development of sex differences, California,Stanford University Press.

89.Maccoby,E. and Jacklin,C./1973/:"Stress,activity and proximity seeking:sex differences in the year-old child",Ch.Dev., 44,34-42.

90.Maccoby,E. and Jacklin,C./1974/:The psychology of sex differences,Stanford University Press,California,

91. Maccoby,E./1978/:"La psychologie des sexes:implication pour les rôles adultes" /in:Sullerot,E./Ed./ /1978/:Le fait feminin, Paris,Fayard/.

92.Marcos,H./1980/:Devenir mère.Une étude sur des femmes enceintes primipares,thèse,Université Paris V.

93.Marcus,D. and Overton,W./1978/:"The development of cognitive gender constansy and sex role preferances",Ch.Dev.49,434-444.

94. Маркс,К./1977/:КапиталI,Дела,том 21,Београд,Просвета.

95.Маркс,К./1961/:Економско-филозофски ракописи /во:Маркс-Енгелс:Од раните трудови,Скопје,Култура/.

96.Маркс,К. и Енгелс,Ф./1961/:Германската идеологија /во:Маркс-Енгелс:Од раните трудови,Скопје,Култура/.

96.Masangkay et al./1974/:"The early development of inferences about the visual percepts of other",Ch.Dev.,45,357-366.

97.Masters,J. et al./1979/:"Modeling and labeling as intergrated determinants of children`s sex-typed imitative behavior",Ch.Dev., 50,364-371.

98.Mead,G.H./1963/:L`esprit,le Soi et la Société,Paris,PUF /prvo originalno izdanie 1934/.

99.Mead,M./1979/:L`un et l`autre sex,Paris,Denoel/Gonthier /prvo originalno izdanie 1949/.

100. Миладиновци /1962/:Зборник 1861-1961,Скопје,Кочо Рацин.

101.Minturn,L. and Lambert,W./1964/:Mothers of six cultures: antecedents of child rearing,New York,J.Wiley.

102.Milić,A./1981/:"Društvena jednakost polova:savremena teorijska preispitivanja",Marksistička misao,4,3-15.

103.Mishel,W./1970/:"Sex-typing and socialization" /in:Mussen,P. /Ed./ /1970/:Carmicael`s manuel of child psychology,New York, J.Wiley and sons/.

104.Mladenović,U./1976/:Uloga pola kome dete pripada i prihvatanje te uloge,magistarski rad,Filozofski fakultet,Beograd.

105.Money,J. and Ehrhard,A./1972/:Man and woman:boy and girl, Baltimore,John Hopkins University Press.

106.Money,J. and Dalery,J./1977/:"Iatrogenic homosexuality ", Annual progress in child psychiatry and child development, New York,Bruner/Mazer Publishers,215-229.

107.Money,J./1978/:"Le transsexualisme et les principes d`une féminologie"/in Sullerot,E. /Ed./ /1978/:Le fait feminin,Paris, Fayard.

108.Morgan,E./1978/:Porijeklo žene,Zagreb,A.Cesarec.

109.Moss,H.A./1967/:"Sex,age,and state as determinants of mother-infant interaction",Merrill-Palmer Quarterly,13,19-36.

110.Moss,H.A./1974/:"Early sex differences and mother-infant interaction" /in:Friedman et al./Eds./ /1974/:Sex differences in behavior,New York,J.Wiley.

111.Mussen,P. and Distler,L./1969/:"Masculinity,identification and father-son relations",Jornal of abnormal and social psychology,3,350-356.

112.Murdževa-Škarić,O./1979/:"Na koji ćemo način graditi nove odnose",materijali sa savetovanja,Savezna konferencija SSRNJ, Beograd.

113.Musatti,T./1979/:"Modalités d`echanges et organisation des action de "faire semblant" dans une situation de jeux symboliques", /in:S.R.E.S.A.S.,No 19,Paris,INRP/.

114. Nadelman, L./1974/:"Sex identity in american children:memory,knowldge,and preference test",Dev.Psychol.,vol.10.No 3,413-417.

115. Наневска,Л./1981/:"Совеста и судбината",Разгледи

116. Некои идејно-политички прашања од општествено-економската положба,учеството и активноста на жените во СРМ,Комисија за организација и развој на СК при претседателството на ЦКСКМ, Скопје,1981.

117. Ohno,S./1978/:"La base biologique des différences sexuelles" /in:Sullerot,E./Ed./ /1978/:Le fait feminin,Paris,Fayard/.

118. Parke,R. and Savin,D./1977/:"Father-infant interaction in the newborn period:a re-evaluation of some current myths"/in: Hetherington,M. and Parke,R./Eds/ /1977/:Contemporary readingy in child psychology,New York,MecGraw-Hill Book Company/.

119. Parke,R.,O'leary,S. and West,S./1972/:"Mother-father-newborn interaction:effects of maternal medication,labor and sex of infant",Procedings of the American psychological association.

120. Parton,D./1976/:"Learning to imitate in infancy",Ch.Dev., 47,14-31.

121. Петреска,Б./1978/:Односот меѓу родителите и децата во Полог",Годишен зборник на Филозофскиот факултет на универзитетот во Скопје.

122. Petreska,V. iKolišeska,K./1979/:"Neki stavovi studenata Pedagoške akademije o odnosima među polovima",materijali sa savetovanja,Savezna konferencija SSRNJ,Beograd.

123. Петрик,Н./1983/:"Хуманизација на односите меѓу половите и одговорното родителство-дел од борбата за ослободување на човекот",Погледи,1,41-56.

124. Piaget,J./1978/:La formation du symbole chez l'enfant,Paris, Delachaux et niestlé /prvo izdanie 1945/.

125. Piaget,J. et Inhelder,B./1977/:La représentation de l'espace chez l'enfant,Paris,PUF./prvo izdanie 1947/.

126. Phillips,Sh.,King,S. and DuBois,L./1978/:"Spontaneus activities of female versus male newborns",Ch.Dev.,49,590-597.

127. Phoenix,Ch.,Goy,R. and Resko,J./1974/:"Psychosexual differentiation as a function of androgenic stimulation" /in:Bee,H. /Ed./ /1974/:Social issues in developmental psychology,New York, Harper and Row/.

128. Pleck,J./1975/:"Masculinity-feminity.Curent and alternative paradigms",Sex roles,vol.1,No 2.

129. Plomin,R. and Fod,T/1981/:"Sex differences and individual differences",Ch.Dev.,52,383-385.

130. Пословици и гатанки/1969/,Скопје,Македонска книга.

131.Pregled odabranih dokumenata Organizacije ujedinjenih nacija u dekadi OUN za žene 1976-1985:ravnopravnost,razvoj i mir, Međuresorska radna grupa za koordinaciju rada saveznih organa i Organizacija na realizaciji odluka svetske konferencije međunarodne godine žena tokom dekade UN za žene,Lubljana,1980.

132.Rocheblave-Spenlé,A.M./1969/:La notion de role en psychologie social,Paris,PUF.

133.Rocheblave-Spenlé,A.M./1970/:Les rôles masculins et féminins, Paris,Edition Universitaires.

134.Rot,N./1972/:Osnovi socijalne psihologije-Socijalizacija, Beograd,Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

135.Royer,P./1978/:"Les différences sexuelles dans la croissance postnatale et le développement pubertaire" /in:Sullerot,E./Ed./ /1978/:Le fait feminin,Paris,Fayard/.

136.Ruble,D.Balaban,T. and Cooper,J./1981/:"Gender constancy and the Effects of sex-typed televised Toy commercials",Ch. Dev.,52,667-673.

137.Румянцева,Т.Г./1982/: Критический анализ концепций "человеческой агресивности",Минск.

138.Schaffer,R./1977/:Mathering,Fontana/Open Books Origina.

139.Schau,C.,Kuhn,L.,Diepold,J. and Cherry,F./1980/:"The relationships of parental expectations and preschool children`s verbal sex typing to their sex-typed toy play behavior",Ch. Dev.,51,266-270.

140.Serbin,T. and Allen,V./1968/:"Role theory" /in:Lindzey,G. and Aronson,E./Eds./ /1968/:Handbook of spcial psychology, Massachusetta,Addision and Wesley/.

141.Serbin,L.,O`Leary,D.,Kent,R. and Tonick,I./1973/:"A comparison of teacher response to the preacademic and problem behavior of boys and Girls",Ch.Dev.,44,796-804.

142.Slaby,R. and Frey,K./1975/"Development of gender constansy and selective attention to same-sex models",Ch.Dev.,46,849-856.

143.Smilansky,S./1968/:The effects of sociodramatic play on disadvantaged preschool children,New York,J.Wiley and Sons.

144.Smith,P. and Green,M./1975/:"Agressive behavior in english nurseries and play groups:sex differences and response of adults", Ch.Dev.,46,211-214.

145.Spitz,R./1965/:De la naissance à la parole,Paris,PUF.

146.S.R.E.S.A.S./1979/:Les enfants dans les crèches,Les cahiers No 19,INRP,Paris.

147.Serbin,L.,Tonick,I. and Sternglanz,S/1977/:"Shaping cooperative cross-sex play",Ch.Dev.,48,924-929.

147.Stambuk,M./1963/:Tonus et psychomotricité chez le jeune enfant,Paris,Delachaux et Niestlé.

148.Старогрчки митови /1978/,Скопје,Детска радост.

149.Steinmann,A./1976/:"Vingt ans de recherches sur les rôle des sexes" /in:Michel,A./Ed./ /1976/:Femme,sexisme et societès, Paris,PUF/.

150.Sternglanz,S. and Serbin,L./1974/:"Sex role stereotyping in children`s television programs", Dev.Psychol.,vol.10,No 5, 510-515.

160.Stockard,J. and Johnson,M./1979/:"The social origins of male dominance",Sex roles,vol.5,No 2,199-218.

161. Шапкарев,А./1976/:Избрани дела,Скопје,Мисла.

162.Šuić,M./1966/:"Iz mediteranske baštine jadranskih Ilira", Radovi,Sveučilište u Zagrebu-Filozofski fakultet,Zadar.

163.Théories du language - théories du l`apprentissage,le débat entre Jean Piaget et Noam Chomsky,Paris,Editions du Seuil,1979.

164.Thompson,S./1975/:"Gender labels and early sex role develo-pement",Ch.Dev.,46,339-347.

165.Tavris,C. and Offir,C./1977/:The longest war.Sex differences in perspective,New York,Harcourt Brace Jovanovich.

166.Tomšič,V./1977/:"Unapređivanje društvenog položaja žena-integralni deo bitke za ravnopravnost,ljudska prava,ekonomsko-socijalni razvoj i mir u svetu" /in:Žena i razvoj - X međunarodni seminar,Bled,1977,Savezna konferencija SSRNJ,Beograd, 1978,str.19-44/.

167.Tomšič,V./1978/:"O globalnom,svetskom značenju borbe za ravnopravnost žena",Međunarodna tribina socijalizam u svetu.

168.Трудови.Семејни.Хумористични песни,Скопје,Македонска книга,1973.

169.Turnure,C./1975/:"Cognitive development and role-toking ability in boys and girl's from 7-12",Dev.Psychol.,vol.11,No 2, 202-209.

170. Vigotski,L. /1972/:"Istorijski razvoj ponašanja",Psihologija,1-2,77-84.

171.Vigotski,L./1977/:Mišlenje i govor,Beograd,Nolit.

172.Wallon,H./1970/:De l`acte à la pensée,Paris,Flammarion.

173.Witelson,S./1978/:"Les différences sexuelles dans la neurologie de la cognition:implications psychologiques,sociales, éducatives et ckiniques" /in:Sullerot,E./Ed./:Le fait feminin, Paris,Fayard/.

174.Whiting,B./ 1963/ /Ed./:Six cultures:studies of child rearing,New York,Wiley.

175.Whiting,B. and Edwards,C./1974/:"A cross-cultural analysis of sex differences on the behavior of children aged three through 11",Annual progress in child psychiatry and child development.

176.Zazzo,R./1978/:"Quelques constats sur la psychologie diffférentielle des sexe"/in:Sulerot,E./Ed./:Le fait feminin, Paris,Fayard/.

177. Zazzo,R./ Ed / /1979/:L`attachement,Paris,Delachaux et Niestlé /prvo izdanie 1974/.

# П Р И Л О Г

Прилог бр. 1

## ПРАШАЛНИК ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ДЕТСКИТЕ СФАЌАЊА ЗА РОДИТЕЛСТВОТО И ЗА СЕМЕЈСТВОТО

1.Што е тоа семејство (фамилија,породица)?

2.Кој го сочинува семејството?

3.Што значи тоа да имаш свое семејство?

4.Какво е едно среќно семејство?

5.Кој е најглавниот во семејството?Зошто?

6.Што се тоа родители?

7.Колку родители може да има едно дете?Како тоа го мислиш,објасни?

8.Какви се најдобрите родители?Објасни?

9.Што е тоа мајка?

10.Колку мајки може да има едно дете?Објасни како тоа го мислиш?

11.Каква е најдобрата мајка на светот?Објасни?

12.Што е тоа татко?

13.Колку татковци може да има едно дете?Објасни?

14.Каков е најдобриот татко на светот?Објасни?

15.Што е разликата меѓу таткото и мајката?

16.Дали таткото може да го прави истото за неговото дете што го прави и неговата мајка?Зошто?

17.Ако таткото го прави истото што го прави и мајката,дали ќе си остане пак татко,или ќе стане мајка?Зошто така мислиш?

18.Дали мајката може да го прави истото за своето дете што го прави и неговиот татко?Зошто?

19.Ако мајката го прави истото што го прави и таткото,дали ќе си остане пак мајка,или ќе стане татко?Зошто така мислиш?

20.Дали ти мајка ти и татко ти ги сакаш :
исто (подеднакво)
или мајка ти ја сакаш повеќе
или,пак,татко ти го сакаш повеќе?
Зошто?

21.Кој е најважниот за да порасне детето големо?Зошто?

22.Дали татковците и мајките ги сакаат децата:
исто (подеднакво)
или мајките повеќе ги сакаат децата
или,пак,татковците повеќе ги сакаат децата?Зошто?

23.Што му е најважно на едно дете?Зошто?

24.Дали во твојата градинка ти е исто (подеднакво) убаво и добро како дома?
или во градинката ти е подобро и поубаво ?
или,пак,дома ти е поубаво и подобро?Зошто?

25.Што е тоа воспитувачка?

26.Каква е најдобрата воспитувачка на светот?Објасни?Зошто?

27.Дали воспитувачката може да ти биде како мајка?Зошто?

Прилог бр.2

ПРАШАЛНИК ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЛОВИОТ ИДЕНТИТЕТ,СТАБИЛНОСТ, КОНСТАНТНОСТ, СФАЌАЊА ЗА ПОЛОВИТЕ УЛОГИ и ПРЕФЕРЕНЦИИ

Прашања за половиот идентитет

1.Дали си ти машко дете (момче) или си женско дете (девојче)? По што знаеш?Дали има уште нешто?

2.По што знаеш ти дека некој е машко?Дали има уште нешто?

3.По што знаеш ти дека некој е женско?Дали има уште нешто?

4.Кажи ми по што се разликуваат машките од женските?Има ли уште нешто?

5.Ако ги наведе само разликите како што се облеклото и косата, се прашува:Дали има други разлики,што не се гледаат,што се сокриени од облеклото,од алиштата?Кои се тие?Има ли уште некои други?

6.Кажи ми по што се слични машките и женските?Има ли уште некои други сличности?

Прашања за испитување на половата стабилност

1. Кога беше мало бебе, дали беше машко дете (момче) или женско дете (девојче)? По што знаеш?

2. Дали си можел(а) да бидеш (се прашува обратното од она што го рече детето)? Зошто така мислиш? По што знаеш?

3. Кога ќе пораснеш дали ќе бидеш маж или жена? Зошто така мислиш? По што знаеш?

4. Дали би можел(а) да бидеш (се прашува обратното од она што ќе го рече детето на претходното прашање)? Зошто така мислиш? По што знаеш?

5. Кога ќе пораснеш, дали ќе им бидеш татко или мајка на твоите деца? Зошто така мислиш? По што знаеш?

6. Дали би можел(а) да бидеш (се прашува обратното од она што ќе го рече детето за претходното прашање)? Зошто така мислиш? По што знаеш?

Прашања за испитување на половата константност

1. Ако облечеш (спротивно од полот на субјектот облекло и тоа за девојчињата панталони, а за момчињата фустан) како облекло, дали ќе бидеш момче или девојче? Зошто така мислиш?

2. Ако едно детет (од спротивниот пол на субјектот) облече (облекло карактеристично за спротивниот пол на субјектот) како облекло, дали ќе биде момче или девојче? Зошто така мислиш?

3. Ако на едно девојче му ја пресечат (потрижат, потшишаат) косата кусо, дали ќе биде момче или девојче? Зошто така мислиш?

4. Ако на едно машко дете (момче) косата му порасне долга, дали ќе биде момче (машко дете) или девојче? Зошто така мислиш?

Детските сфаќања за половите улоги

1.Што треба да знаат и да умеат да прават девојчињата,а што момчињата додека се уште мали и кога ќе порасnат?

2.Кои се посилни,машките или женските?Зошто така мислиш?

3.Кои се поработливи,машките или женските?Зошто така мислиш?

4.Кои се поумни (попаметни) машките или женските?Зошто така мислиш?

5.Кој треба да биде на работа шеф,мажите или жените?Зошто?

6.Дали треба да има повеќе мажи директори или жени директорки? Зошто?

7.Дали треба да има повеќе мажи претседатели или жени претседателки?Зошто?

8.Кој треба повеќе да седи дома и да ги чува децата,мажите или жените?Зошто?

Прашања за преференција на половите улоги

1. Кои игри сакаш најмногу да ги играш? ( се стимулира детето да наведе до 5 игри, а може и повеќе ако самото ги наведе). Зошто најмногу сакаш да играш...(она што детето ќе го наведе како најмногу од сè било како прво или самото нагласувајќи)?

2. Со кои играчки сакаш најмногу да си играш? Зошто ?(стимулирање како во првото прашање).

3. Кого сакаш најмногу да го гледаш на телевизија? Зошто?

4. Со кои деца сакаш најмногу да си играш во градинка? Зошто?
(се бележи пол и возраст на наведените деца)

5. Со кои деца сакаш најмногу да си играш дома? Зошто?
(се бележи пол и возраст на наведеното дете)

6. Што сакаш да бидеш кога ќе пораснеш? (се забележува она што ќе го рече детето, но ако тоа не е занимање, се прашува: "Што сакаш да биде твоето занимање, професија, што сакаш да работиш кога ќе бидеш голем? Зошто?").

7. Како кого сакаш да бидеш кога ќе пораснеш? Зошто? Каков е тој (таа)?